Ванчо Ѓорѓиев

# ПОДЗЕМНАТА РЕПУБЛИКА

## Дамјан Груев и македонското револуционерно движење



Ванчо Ѓорѓиев

Подземната Република
– Дамјан Груев и македонското револуционерно движење –



ВАНЧОЃОРЃИЕВ

# *ПОДЗЕМНАТА РЕПУБЛИКА*

## *ДАМЈАН ГРУЕВ И МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ*

ТРИМАКС

Филозофски Факултет – Скопје

2010

*Рецензенти*

проф. д-р Михајло Миновски

проф. д-р Далибор Јовановски

*Идејно решение*

Дејан Бошков

*Лектура*

Нада Костова

*Коректура*

Славомир Маринковиќ

*Техничка обработка*

ТРИМАКС

*Издавач*

ТРИМАКС

Филозофски Факултет – Скопје

*Печати*

ВЕП-ПРИНТ

© 2010 Сите права се заштитени. За користење на книгава во целина или делови од неа потребна е дозвола од авторот и издавачите.

# Предговор

Одлуката во мојата нова книга да ги обработам ликот, делото и времето на Дамјан (Даме) Груев ја донесов во 2006 година. Поводот беше единствен – 100 години од загинувањето на Груев. Токму тогаш забележав дека ниту една релевантна и компетентна институција не пројави иницијатива за одбележување на стогодишнината од загинувањето на Даме Груев. Во таа смисла исклучок и исчекор напред направи Општината Берово, која по тој повод организираше дводневен научен собир, а материјалите од него беа објавени во одделен зборник. Независно од скромноста на зборникот, Општината Берово направи голем гест, притоа манифестирајќи силно чувство кон минатото на сопствениот народ и земја.

Од друга страна, истата 2006 година, во соседна Бугарија, издателството „Анико“ во рамките на библиотеката „Сите българи заедно“ објави двотомен зборник под наслов „Даме Груев – живот и дело“. Корицата на зборникот е обрабена со бугарското национално знаме. Тоа, како и насловот на едицијата во која е објавен зборникот, не бараат посебен коментар за неговата сугестија и тенденција. Небаре Д. Груев се борел под бугарската тробојка за оживотворување на Санстефанскиот идеал. Меѓутоа, при потемелна анализа на понудениот материјал, дури и малку упатените

во историјата на македонското револуционерно ослободително движење ќе се најдат пред дилема за „оправданоста“ на видливата сугестија уште на корицата на зборникот и насловот на едицијата во која е поместен. Независно од тоа, зборникот на едно место нуди значаен материјал за проучување не само на личноста и делото на Даме Груев, туку и на македонското револуционерно ослободително движење воопшто. Составувач на предметниот зборник и автор на предговорот и белешките е Цочо Билјарски. Всушност, споменатиот зборник претставува дополнето и проширено издание на зборникот „Даме Груев. Спомени. Кореспонденција“, објавен во 1999 година од истиот составувач.

Сепак, независно од поводот, одлуката поради која се зафатив со Даме Груев е неговото круцијално место во историјата на македонското револуционерно ослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век. Даме Груев е целосно вграден во историјата на Македонската револуционерна организација (МРО), која за време на неговиот живот и активност опстојувала уште и под имињата ТМОРО и ВМОРО. Тој е нејзин основоположник и најекспониран организатор и раководител. Оттука, проследувањето на неговата активност истовремено претставува и проучување на историјата на македонското револуционерно ослободително дело.

МРО на историската сцена се појавила во последната деценија на XIX век во услови кога македонското население во суверената османлиска држава, поради отсуство на каква било македонска институција, било изложено на силно политичко, културно и духовно влијание однадвор. Од друга страна, сложената меѓународна и балканска констелација на испреплетени и конфронтирани интереси не отворала перспектива за блиско позитивно решавање на македонското прашање. Во таква атмосфера, МРО станала вистински изразител на македонскиот стремеж за слобо-

да и човекови правдини под форма на автономија во рамките на османлиската држава. Впрочем, таков бил патот кон слободата и независноста речиси на сите балкански држави, при што пресудна улога одиграле надворешните воени и дипломатски интервенции на големите сили.

За една деценија (1893-1903), МРО израснала во масовна организација со јасна политичка програма и цел, со изграден систем на комуникации, со сопствени боеви сили, судство, задгранично претставништво итн. Едноставно, таа функционирала како „држава во држава“ или како една „подземна република“. Преку Илинденското востание, Организацијата го наметнала македонското прашање пред меѓународниот фактор како одделно политичко прашање, за разлика од неговиот дотогашен третман во глобалното Источно прашање. Меѓутоа, Организацијата не пројавила дипломатски капацитет да ја искористи новонастанатата ситуација.

Напротив, по неуспешното Востание, Организацијата западнала во криза и се нашла на крстопат. Обидите за нејзино реформирање не успеале да ја вратат предвостаничката монолитност. Постигнатото единство на Рилскиот конгрес во 1905 година било со краток век и привиден карактер. Спротивставените тенденции водеа кон продлабочување на кризата и расцеп во Организацијата. Тоа станало евидентно по неодржувањето на вториот општ конгрес, веднаш по убиството на Даме Груев.

Имајќи ја предвид улогата на личноста во настаните воопшто, а особено примарната улогата на Даме Груев во македонското ослободително движење, пред мене, како проучувач на историјата на споменатово движење, сама по себе и неизбежно ми се наметна личноста на Даме Груев. Професионалната научна ориентација и професорското искуство ми сугерираа дека личноста на Д. Груев, и покрај неговата застапеност (без исклучок) во

сите трудови кои го третираат македонското ослободително движење, бара дополнително проучување, препрочитување и преоценување. Кога го велам ова, не мислам на некаков ревизионизам, туку на сестрано и објективно проучување на личноста и делото на Д. Груев и неговото севкупно влијание во македонското ослободително движење. Потребата за едно такво навраќање кон Д. Груев беше поттикната и стимулирана од новооткриените материјали и документи кои во последно време стануваат побројни и подостапни. Се разбира немам намера да ги маргинализирам досегашните трудови во македонската и во другата историографија кои се посветени на македонското ослободително движење и особено на Д. Груев.

Се надевам дека трудот нема апологетски карактер. Напротив, интенцијата е ова да биде книга на доблести и недостатоци. Притоа, настојував да ги избегнам вообичаените стереотипи и слепото верување на научните авторитети. Се обидов да ги доловам причинско-последичните врски, влијанието на објективните и субјективните фактори, како и влијанието на личноста врз настаните и обратно. Истовремено настојував да ја доловам психологијата на личноста, оставајќи простор личноста сама да проговори низ документи. Оттука, се надевам дека книгата нема да биде доживеана како биографија од низа сувопарни факти, туку како обид за едно покомплексно претставување на Даме Груев. Сепак, книгава изобилува со бројни факти кои првенствено се преземени од автентична документација, а делумно од мемоарската и од научната литература. Многу од нив се вградени во цитати, а некои посуштински делови се дадени во курзив.

При подготовката на книгава се судрив со бројни проблеми, како фактографски грешки, противречности и контрадикторности во изворите и литературата, субјективност, пристрасност и тенденциозност. Многу од овие проблеми се обидов да ги разре-

шам низ дополнителните белешки, притоа отстапувајќи нужен простор за спротивставените гледишта и противречните факти. Сепак, многу прашања и натаму остануваат отворени, други само се поставени, а некои, можеби, воопшто не се допрени. Мојата сатисфакција од повеќегодишната работа на оваа книга ќе биде поголема доколку низ нејзините страници успеав да одговорам на поставената задача, да го задржам вниманието на читателот и да ја предизвикам критиката на научната јавност. Книгава можеби ќе биде добредојдена за разните дескриптори, квазиисторичари и неповикани интерпретатори на народни песни и приказни.

На крај, користам прилика да се заблагодарам на членовите на семејството, синовите Гоце и Андон и сопругата Катерина за нивната толеранција и поддршка. Благодарност до рецензентите: проф. д-р Михајло Миноски и проф. д-р Далибор Јовановски, како и до сите поединци и институции што на своевиден начин ми помогнаа при реализацијата на овој потфат.

# I
# Потекло

Триесетина километри на северозапад од Битола се наоѓа Смилево – родното село на Дамјан Груев. Селото е вгнездено во југоисточните падини на планината Бигла, која му дава извонреден живописен изглед.

Најстарите документарни податоци за Смилево се среќаваат во еден опширен пописен дефтер од 1468 година. Смилево тогаш имало 68 домаќинства како полни даночни обврзници, едно домаќинство на чело со вдовица и тројца неженети. Доходите од смилевските даночни обврзници биле поделени помеѓу два тимара. Доходот од даноците од 13 домаќинства му припаѓал на еден дефтердар (финансиски чиновник). Додека доходот од даноците на останатите 55 домаќинства, едната вдовица и тројцата неженети им припаѓал на двајца муслимани кои уживале заеднички тимар. Во однос на социјалната структура на населението, во дефтерот е регистриран еден свештеник, неколкумина го носат прекарот „ковач“, еден е запишан како син на „кожувар“, а тројца се евидентирани како „син на калуѓер“.[1] Релативно раната еви-

[1] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XV век, II, Скопје, 1973, 146, 231; Бистра А. Цветкова, Се-

денција на Смилево во османлиските пописни дефтери ја допушта претпоставката дека селото постоело пред османлиските завојувања.[2]

Смилево се среќава во пописните дефтери и во наредниот период. Во нив се евидентирани даночните обврски на населението.[3] Поради бројните даноци и слабите земјоделски приноси смилевчани западнале економски. Токму затоа, во 1608 година целото село се задолжило со 1 500 акчи од вакафот на Ахмет паша од Битола. За овој заем смилевчани се обврзале со лихва од 225 акчи.[4] Во изворната документација постојат податоци и за поединечно задолжување на смилевчани кај лихварите.[5] Воопшто, феудалната зависност, како и зависноста од лихварите придонеле за имотно раслојување на населението.

Во средината на XVIII век во Смилево се доселиле повеќе мијачки семејства од Галичник, Лазарополе, Тресонче и Гари.[6] Причина за нивното преселување во Смилево најверојатно била засилената исламизација и теророт од арнаутските банди во пределите на Река. Оттогаш Смилево добило доминантен мијачки карактер. Додека, староседелците – Брсјаци останале во одделно маало, познато како Старо Смилево.[7]

Во меѓувреме, османлискиот тимарско-спахиски систем западнал во криза. Покрај постојниот систем, паралелно започнал да егзистира и чифлигарскиот систем кој сè уште не бил пра-

ло Смилево – Битолско во национално революционерното движение, София, 1979, 7-8.

2 Б. А. Цветкова, Село Смилево..., 8.

3 Види: Турски документи за историјата на македонскиот народ, т. I – IV.

4 Б. А. Цветкова, Село Смилево..., 8.

5 Исто.

6 Исто, 9.

7 Исто, 23, белешка, 7.

вно верификуван. Во времето на мијачкото доселување Смилево со пошироката околина било чифлиг на некој бег, кој имал кула над црквата. Оваа месност смилевчани ја именувале „Кулата“. Меѓутоа, по смртта на бегот, анамата го продала имотот на новодојдените Мијаци.[8] На тој начин смилевчани станале сопственици на горите, ливадите и малкуте ниви по ридовите околу Смилево. Бидејќи селото било планинско, не постоеле услови за земјоделско стопанство. Поради тоа, селото веќе не било интересно за новите земјосопственици (чифлигсајбии). Во наредниот период Смилево останало рајатско – слободно село.[9] Поинаку кажано, селаните биле полни сопственици на своите имоти. Тие имале даночни обврски само кон државата.

Според османлиската административно-територијална организација од крајот на XIX век, Смилево како рајатско село припаѓа кон Битолската каза.[10] Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, Смилево се состоело од две маала (Старо и Ново Смилево). Центарот на селото и најголемиот дел од куќите (околу 400) се наоѓале во Ново Смилево, а Старо Смилево имало десетина куќи.[11] Во селото имало егзархиска црква и училиште.[12] Смилевча-

---

[8] Исто; Душан Константинов, Даме Груев – Детство и училишни денови, Зб. Даме Груев 1871-1906, (истражување и материјали), Битола, 1981, 124.

[9] Васил Кънчов, Избрани произведения, София, 1970, т. I, 393.

[10] Исто, т. I, 393; т. II, 538.

[11] Според В. К’нчов, во почетокот на деведесеттите години на XIX век, Ново Смилево имало 200 куќи со 2 200 жители, додека во Старо Смилево имало 15 куќи со 70 жители. (В. Кънчов, Избрани произведения... т. I, 393; т. II, 339). Меѓутоа, според Густав Вајган, Смилево имало 400 куќи. (Густавъ Вайганъ, Аромѫне. Етнографическо-филологическо–историческо издирвания на тъй наречения народъ македоно-ромѣне или цинцаре, Варна 1899, 114). Според еден турски документ од 1903 г., Ново Смилево имало 410 куќи од кои дури 400 изгореле за време на Востанието. Старо Смилево броело 7 куќи од кои сите изгореле. (Турски документи за Илинденското востание, избор, превод, редакција и коментар: Александар Стојановски, Скопје,

ни се занимавале со сточарство, производство на ќумур, караванџиство и копаничарство. Сепак, најголемиот дел од работоспособните мажи биле печалбари. Притоа, најмногу од нив биле ѕидари.[13]



*Панорама на Смилево*

Обработката на земјата не била императив. Како планинци и слободољубиви луѓе смилевчани не сакале да работат по беговските чифлици. Мнозинството мажи биле мајстори – ѕидари,[14]

1993, 156). Според еден документ од српска провениенција, во 1903 г. Ново Смилево имало 380 куќи од кои дури 378 изгореле, а Старо Смилево имало 13 куќи од кои 10 изгореле. (Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, трето дополнето и проширено издание, Скопје, 1975, 516). Истите податоци се среќаваат и во документите од руско потекло. (види: Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том, 442).

[12] В. Кънчов, Избрани произведения..., т. I, 393.

[13] Душан Константинов, Даме Груев – Детство и училишни денови..., 124.

[14] Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ..., 17.

кои добро заработувале.[15] Тие во текот на градежната сезона скитале од град до град, од село до село, а понекогаш и надвор од границите на Османлиското царство. Така доаѓале во контакт со тогашниот современ свет, од кој впивале значајно искуство. Смилевчани биле вистински мајстори на каменот. За тоа сведочат куќите во Смилево кои се одликуваат по својот надворешен изглед, но и по внатрешното устројство. Повеќето од нив биле двокатни.[16]

Жените во Смилево биле посветени околу домашните работи и одгледувањето и воспитувањето на децата. Тие особено внимание ѝ посветувале на својата носија,[17] која била изработена со вкус, богата и од фини платна.[18] Затоа смилевската носија ги импресионирала и странските посетители.[19]

---

15 Густавъ Вайганъ, Аромѫне... , 115.
16 Исто, 114.
17 Б. А. Цветкова, Село Смилево..., 10.
18 Густавъ Вайганъ, Аромѫне..., 115.
19 Во врска со тоа Г. Вајган пишува: „Добрата клима, зафатеноста на луѓето и удобниот живот во Смилево многу придонесуваат за телесната убавина. Јас не сум видел никогаш толку убави, свежи и полни лица како тука. Освен тоа, тука и носијата е полна со вкус, дури и доста скапа, а не груба како кај Бугарките. Таа носија тука се состои од ленена кошула чијшто долен крај е извезен и достига до глуждовите. Врз неа се носи една подебела кошула која што достига до колената. Врз нив се носи едно кожувче, кое е потшиено со бела јагнешка кожа, а краиштата, исто така, му се опшиени со црни кожи. Тоа кожувче е најубавиот дел на целиот костум зашто целиот преден дел е извезан со коприна. А, таа работа бара време и умешност. Иста грижа е посветена и на футата и шамијата на главата. Од темето назад по грбот висат две долги широки и исплетени плетенки, а тркалезното и црвеникаво лице е забрадено со многу бела како снег шамија. За жалење е само тоа што девојчињата побегнаа штом ние се приближивме. Ние успеавме да погледаме лица и алишта само тогаш кога ни ги донесоа од многу фамилии гостољубивите луѓе.“ (Густавъ Вайганъ, Аромѫне ..., 115).



*Смилевчанка*

Смилевчани релативно рано ја сфатиле потребата за образование на своите деца. Првото училиште во Смилево било ќелијно и под елинско влијание, а првиот учител бил познат како дедо Даскал.[20] По појавата на Бугарската егзархија (во 1870 г.) во Македонија забрзано почнале да се отвораат егзархиски училишта во кои наставата се изведувала на бугарски јазик. Во осумдесеттите години во Смилево било отворено основно егзархиско училиште,[21] а како прв учител во него се споменува Атанас Башев од Ресен.[22]

Отворањето на егзархиското училиште било причина за судир помеѓу патријаршистите и егзархистите во селото. Жртва на судирот станал Павле Чуранов, кој бил иницијатор за отворањето на егзархиското училиште.[23] Со тек на времето, елинското патријаршиско влијание исчезнало, а Смилево станало компактно егзархиско село. Пресудна улога за тоа одиграл фактот што наставата и богослужбата во егзархиските цркви

[20] Б. А. Цветкова, Село Смилево..., 25. Според Б. Цветкова, носители на елинското влијание во Смилево биле мајсторите кои оделе на работа во Воденско и Катерини. Меѓу нив доминирале членовите на семејството Танасковци, од кое произлегол и еден учител на грчки јазик. Меѓутоа, кога тие се обиделе да влијаат кај нивниот татко (Јован Танасков), тој им одговорил: „Земете една вреќа гиритски сапун (од островот Крит) и еден арапин, откако ќе го измиете со сапунот, ако можете да го направите бел, јас ќе станам Грк“. (Исто).

и училишта се изведувала на словенски јазик, наспроти патријаршиските каде што се практикувал грчкиот јазик. Првобитно егзархиското училиште се наоѓало во дуќанот на Георги Чуранов. Подоцна смилевчани изградиле ново пространо училиште на местото каде што се наоѓал параклисот „Свети Георги“.[24] Смилевчани биле бистри луѓе и кај нив постоел интерес за образование. Не случајно од Смилево излегле повеќе учители кои учителствувале по разни места.[25]

* * * * *

Во такви околности, во Смилево опстојувало мијачкото семејство на Лавдовци, од кое потекнува Дамјан Груев. Куќата на Лавдовци се наоѓала во Долно маало. Семејството го славело зимскиот празник Св. Никола.[26] Дедо му на Дамјан се викал Грујо, а татко му Јован. Тој по занимање бил ѕидар.[27] Мајка му на Дамјан се викала Тула и потекнувала од родот на Кузмановци.[28] Јован и Тула имале 4 деца: Дола, Фидан, Ѓорѓи и Дамјан.[29]

---

21 Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ..., 19.

22 Исто; Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев. Личноста на револуционерот, неговата улога и неговото место во нашето револуционерно и националноослободително движење, Смилево, 1984, 16; 169, белешка 42.

23 Б. А. Цветкова, Село Смилево..., 25.

24 Исто, 26.

25 Меѓу нив се вбројуваат: Дамјан Груев, Дамјан Наумов, Димитар Трпков, Атанас Дељов, Петар Гурцев, Веле Илиев Чипуров (Пенчо војвода), Иван Делев и други. (Б. А. Цветкова, Село Смилево..., 26.).

26 Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев..., 15.

27 Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, сообщава: Љ. Милетичъ, София, 1927, 7.

28 Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев..., 15.

29 Исто; Даме Груев – Спомени. Кореспонденција, Предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски, София, 1999, 5.

Дамјан Груев е роден на 6/18 јануари[30] 1871 година во Смилево. Мајка му на Дамјан починала рано, па затоа обврските за него ги презела постарата сестра Дола.[31] Дамјан (нагалено наречен Даме) раното детство го поминал во вообичаени детски игри во своето маало. Притоа, од домашните бил воспитуван во патријархален мијачки дух.

---

[30] Д. Груев во своите спомени ја посочува само годината на раѓањето – 1871. (Спомени на Дамянъ Груевъ ..., 7). Засега единствен документ во кој е наведен датумот на раѓањето 6. I 1871 г., на Дамјан Груев е свидетелството за завршен VI клас гимназија во Белград. Факсимил од него е објавен од Д. Константинов. (Види: Душан Константинов, Даме Груев – Детство и училишни денови, Зб. Даме Груев 1871-1906, истражување и материјали, Битола, 1981, 134). Меѓутоа, Д. Константинов при трансформирањето на овој датум од Јулијански во Грегоријански календар направил грешка од еден ден и навел дека Дамјан Груев е роден на 19 јануари 1871 година. (Види: Душан Константинов, Даме Груев – Детство и училишни денови ..., 124). Истата грешка Д. Константинов ја пренел и во својата монографија посветена на Дамјан Груев. (Види: Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев..., 15). Веројатно поведувајќи се по Константинов, оваа грешка ја презел и Цочо Билјарски. (Види: Даме Груев – Спомени. Кореспонденција..., 5; Даме Груев – живот и дело, сборник, I част, предговор, съставителство и бележки Цочо Билярски, София, 2006, 5). По инерција, оваа грешка е пренесена и во Македонскиот историски речник (МИР), ИНИ, Скопје, 2000, 135. Меѓутоа, датумот наведен во свидетелството на Д. Груев 6 јануари ст. стил (Јулијански календар) всушност, според новиот (Грегоријански) календар, е 18 јануари 1871. Оттука, како датум на раѓање на Д. Груев според новиот – Грегоријански календар треба да се смета 18. I 1871, а не 19 јануари како што досега се пишувало. Според Веселин Трајков, Дамјан Груев е роден на 17 декември 1871. Но, овој податок е непроверлив бидејќи авторот не се повикува на никаков изворен материјал. (Види: Веселин Трайков, Безсмъртния Даме Груев, Македонски преглед, г. XIX, кн. 4, София, 1996, 7).

[31] Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев ..., 15. Дола починала во 1930 година во Битола. (Исто, 168, белешка 32).

# II
# Образовна одисеја

## 1. | *Смилево*

Дамјан (Даме) Груев основното образование го започнал во учебната 1878/79 година во родното Смилево во егзархиското училиште „Св. Кирил и Методиј“.[1] Негов учител бил Атанас Башев од Ресен.[2] На крајот од секоја учебна година, на Петровден (селскиот сведен), учителот Башев пред собраните селани свечено го соопштувал успехот на учениците. Притоа Дамјан Груев редовно бил истакнуван како одличен ученик. На овие пригодни свечености малиот Даме настапувал со рецитирање стихотворби и пеење на народни песни, бидејќи имал убав глас.[3] Во учебната 1881/82 година, Даме го завршил основното четиригодишно образование со одличен успех.[4]

Учителот А. Башев, забележувајќи ја дарбата на Дамјан, го посоветувал Јован Груев да му овозможи на својот најмал син да

---

[1] Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев..., 16.
[2] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 7.
[3] Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев...,17.
[4] Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ..., 19.

го продолжи образованието. Сличен совет дал и селскиот првенец Павле Чуранов.[5]

## 2. *Битола*

Со лично заземање на учителот Башев, во учебната 1882/83 година Дамјан Груев бил запишан во I клас (прогимназија) во Ресен. Притоа бил сместен во куќата на учителот А. Башев. Меѓутоа, токму тогаш егзархиската црковно-училишна општина од Битола се обратила до црковно-училишната општина во Смилево, од која побарала да предложи еден стипендијант за школување во Битола. Смилевската црковно-училишната општина го избрала Дамјан Груев.[6] Поради тоа, Даме го напуштил Ресен и заминал во Битола, каде што се запишал во I клас во егзархиската прогимназија „Св. Кирил и Методиј". Во почетокот Д. Груев бил сместен кај свои роднини во Смилевскиот Баир, а потоа во училишниот пансион (интернат).[7]

Битола била административен, политички, економски и културен центар на истоимениот вилает. Битола била сосема нова средина за Д. Груев. Покрај бројната администрација, во градот биле сместени значајни воени и жандармериски ефективи. Етничката[8] и верската[9] измешаност на населението во Битола давала

[5] Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев..., 17.

[6] Исто, 17-18.

[7] Исто, 18.

[8] Од етнички аспект, во Битола живееле: Македонци, Турци, Евреи, Власи, Грци, Албанци, Роми и други.

[9] Во верски поглед, населението се делело на Муслимани, Христијани и Евреи. Мнозинството христијани биле православни, кои зависно од припадноста на соодветната црква се делеле на егзархисти и патријаршисти. Меѓу овие две групации постоел отворен антагонизам.

можност полесно да се согледа и разбере различниот социјален, политички и културен статус на секоја група во османлиското општество во Македонија. Социјалната, верската и политичката диференција била евидентна насекаде. Изостсениот контраст помеѓу административно-политичкиот и економскиот естаблишмент од една и ниските општествени слоеви од друга страна бил очигледен. Блесокот, раскошот, бедата и очајот, привилегираните и обесправените биле на едно место, едни до други, толку блиску, а сепак далеку. Тоа повлекувало соодветна дискриминација од секаков вид.



*Битола*

Сепак, урбаната средина нудела можности за поширoко запознавање со културните, образовните, политичките и другите достигања на современиот свет. Секако, новина за Груев претставувале и бројните дипломатски претставници и претставниците на разни странски компании. Нивниот статус неизбежно го привлекувал вниманието и интересот за нивните земји и за тамошната општествена положба.

Во интернатот каде што престојувал Даме Груев постоела цврста дисциплина како во сите егзархиски институции од овој тип во Македонија. Контролата била перманентна како за училишните, така и за слободните активности. Пансионерите организирано биле водени на богослужба на православните верски празници, но и при прославите на османлиските државни празници.[10] Во интернатот и училиштето Д. Груев имал можност да се запознае со повеќе врсници од пошироката околина на Битолскиот вилает. Училишната и интернатската библиотека нуделе можности за консумација на поширока литература од вообичаените школски книги. За време на ваканциите Даме се враќал во родното Смилево. Кога малку потпораснал, неговите постари браќа и татко му го воделе со себе за да им носи вода и да помага при месењето на калта. Таква била судбината на повеќето деца на смилевските ѕидари.[11]

Во такви околности, во учебната 1885/86 година, Дамјан Груев го завршил IV клас[12] на Битолската егзархиска прогимназија со одличен успех[13].

## 3. | *Солун*

Во учебната 1886/87 година Дамјан Груев се запишал во V клас во Солунската егзархиска гимназија „Св. Кирил и Методиј“.[14] Солун, како општествено-економски и културен центар на

---

[10]Душан Константинов, Даме Груев - Детство и училишни денови..., 128.

[11] Исто, 129.

[12] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 7.

[13] Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ..., 19.

[14] Солунската егзархиска гимназија „Св. Кирил и Методиј“ била основана на 5. XI 1881 година. Види: Ил. Ивановъ, Македонската Almamater, Сб. Илинденъ, София, 1927, 91-101.

Македонија и директна врска со светот, одиграл значајна улога врз проширувањето на мирогледот на многумина Македонци дојдени од внатрешноста на земјата. Меѓу нив се вбројува и Даме Груев.



*Солун*

Солунската егзархиска машка гимназија, и покрај „језуитскиот режим, била вистински расадник на револуционерни идеи“.[15] Револуционерните бранувања во оваа просветна институција особено дошле до израз со појавата на македонското револуционерно ослободително движење чии протагонисти биле нејзини поранешни ученици. Низ ученичките клупи на оваа гимназија поминале повеќе македонски револуционери. Меѓу нив се

[15] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), II издание, Скопје, 1982, 117.

вбројуваат: Ѓорче Петров, Пере Тошев, Дамјан Груев, Петар Поп Арсов, Гоце Делчев, Борис Сарафов и многу други.[16]



*Солунската егзархиска гимназија*

Речиси од основањето (1881 г.) гимназијата се нашла во „фокусот на револуционерните пулсации".[17] Всушност, бранувањата започнале во 1882/83 учебна година. Тогашниот директор Божил Рајнов и професорот Трајко Китанчев барале поголема автономност за училиштето и се спротивставувале на „карактерот на образованието и методите на наставата".[18] Од друга страна, Трајко Китанчев го подгревал револуционерното настроение кај населението. Тој во црквата „Св. Кирил и Методиј" во празничните денови држел проповед на „чист македонски дијалект", секогаш завршувајќи со зборовите „Браќа, има крај на теглото, на

[16] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје, 2003, 110.
[17] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 116-117.
[18] Исто, 116.

неволите. Амин"![19] Настапот на Т. Китанчев и на директорот Б. Рајнов повлијаеле врз Ѓорче Петров, како ученик во IV клас, да се зафати со пишување анонимни писма за весникот „Балкан".[20] Тие биле критички насочени против просветната егзархиска политика. Поради својата активност, директорот Б. Рајнов и професорот Т. Китанчев следната година биле отстранети од гимназијата. За нов директор во учебната 1883/84 година бил поставен Георги Кандиларов.[21] Тој бил вистински претставник на Егзархијата. Неговото однесување предизвикало ученички бунт од пошироки размери. Во текот на овие настани, Ѓорче Петров не само што пишувал дописки против директорот, туку се зафатил и со подготовка на една брошура против гимназијата. Дел од овие материјали паднале во рацете на директорот.[22] Поради тоа, и општата бунтовна атмосфера, во 1885 година од гимназијата биле исклучени 14 ученици, меѓу кои Ѓорче Петров и Пере Тошев.[23] Таквата ригорозна мерка времено ги смирила духовите. Притоа, директорот Кандиларов ја зацврстил позицијата, но не за долго, бидејќи приказните за ученичките бунтови се пренесувале на генерациите кои доаѓале.

Независно од строгиот режим, Солунската егзархиска гимназија нудела солидна образовна перспектива бидејќи во неа предавале „еминентни македонски и странски наставници".[24] Гимназијата располагала со опремени кабинети. Во нејзината библио-

---

[19] Исто, 117.

[20] Исто, белешка 40, 118-120.

[21] Исто, 117.

[22] Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, (вовед, коментар и редакција: Љубен Лапе), Скопје, 1984, 40.

[23] Славко Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје, 1960, 22-24; Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција..., 40.

[24] Димитар Димески, Гоце Делчев, Скопје, 1994, 19.

тека се наоѓала разновидна литература, меѓу која и делата на Шекспир, Писарев, Љермонтов, Пушкин, Гогољ, Виктор Иго и други.[25] Истовремено меѓу учениците циркулирала забранета литература.

Реномето и престижот на Солунската егзархиска гимназија бил евидентен не само пред другите егзархиски училишта, туку и пред образовните институции на другите пропаганди. Не случајно во неа се школувал цветот на македонската интелигенција од егзархиска провениенција.

Во такви околности, во 1886/87 година Дамјан Груев се запишал во V клас. Притоа бил сместен во пансион (интернат). Според неговиот соученик Никола Дејков, Даме од другарите бил наречен „Смилевчето".[26] Според Дејков: „Даме беше повеќе низок, отколку среден на бој. Лице лесно мургаво. Коси и веѓи костенови. Често долната усна од лево конвулсивно се свиткуваше на лево и со тоа неговото лице – инаку доста симетрично – станувaше мило".[27] Н. Дејков и Д. Груев брзо се спријателиле. Тие повремено разменувале мисли за „Записките по българското въстание" од Захариј Стојанов и „Минало" од Стојан Зајмов. Меѓутоа, директорот Георги Кандиларов не толерирал дополнителна литература доколку таа не била со „религиозна православна содржина".[28]

За време на школувањето во Солун, Даме Груев се запознал и се зближил со многу ученици од другите краишта на Македонија. Еден од нив бил Петар Поп Арсов, кој бил очевидец на

[25] Христо А. Полјански, Гоце Делчев и неговото време, Скопје, 1972, т. I, 78.
[26] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 62.
[27] Исто.
[28] Исто.

последниот ученички бунт во гимназијата.[29] Поп Арсов и Груев формирале ученички кружок во кој се разгледувале разни прашања за минатото, но и за современите настани. Активноста на овој кружок особено дошла до израз во учебната 1887/88 година, кога во гимназијата избиле нереди и нов ученички бунт. Тогаш Даме Груев го добил првото бунтовно крштевање.

Според директорот на гимназијата, Георги Кандиларов, бунтот бил иницирал од тројца учители,[30] кои „пројавија дрска претенциозност..., некоректно държање и нередовно изпълнуване на должностите“.[31] Меѓутоа, според други, причината за бунтот била „клерикалноста на Кандиларов... којшто мнозина го сметаа за језуит и нетактичките интриги на споменатите учители родум бесарабци“.[32] Повеќе светлина врз овој настан фрла еден извештај на српскиот конзул во Солун од 21. I. 1888 година.[33] Според извештајот, се добива впечаток дека бунтот бил последица на политичката ситуација во Бугарија – поточно од политиката на премиерот Стефан Стамболов (1887-1894) кој настојувал да го намет-

[29] Петар Поп Арсов во Солунската егзархиска гимназија се запишал во 1884/85 година во IV клас. Кога пристигнал Даме Груев во Солун, Поп Арсов бил во VI клас со двегодишен стаж во Солунската гимназија. Види: Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје, 1997; Петар Стојанов, Петар Поп Арсов во национално револуционерното движење на македонскиот народ (1868-1919), Скопје, 1963.

[30] Тоа се Александар Кулев, Коста Шахинов и Георги Попов.

[31] Георги Ст. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии и основни училища въ Солунъ, София, 1930, 49.

[32] П. Динековъ, Македония въ преписката на професор М. Дриновъ, Македонски прегледъ, XIII/2, София, 1942, 77.

[33] ДАРМ, ф. Политичко просветно одделение (натаму ППО), мф. 439, пов. бр. 2.

не својот режим и во црковно-училишното дело во Македонија[34] преку Училишниот оддел при Егзархијата во Цариград.[35] Во споменатиот извештај, меѓу другото, стои: „Во сите бугарски гимназии по Македонија, дотичните професорски совети се делат на русофилски и русофобски партии. Секоја од овие две партии гледа на своја страна да ги поведе и децата. Русофилите се држат до Русија и Егзархијата, русофобите до бугарската влада. Последните овде во Солун ја постигнаа својата цел".[36] Во извештајот се подвлекува дека Г. Кандиларов бил директор на гимназијата со помош на русофобите.[37] Оттука се гледа дека бунтот бил насочен против директорот Г. Кандиларов, а индиректно против Стамболовата црковно-училишна политика во Македонија, чија крајна цел била „да создадат во Македонија Бугари".[38] Според тоа, тврдењето на Кандиларов дека причина за бунтот била „злобата и зависта... подбуцнати од некаде", нема реална основа.

Политичките пресметки во Бугарија помеѓу премиерот Стамболов и неговите противници преку црковно-училишното дело биле пренесени во Македонија. Овие пресметки со себе ги повлекле Солунската егзархиска црковно-училишна општина[39] и

[34] Повеќе за односот на С. Стамболов кон црковно-училишното дело во Македонија види: Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници, (превод, редакција, коментар и предговор: д-р Ванчо Ѓорѓиев), Скопје, 2006.

[35] ДАРМ, ф. ППО, мф. 439, пов. бр. 2.

[36] Исто.

[37] Исто.

[38] Вардарски, Стамболовщината въ Македония и нѣйнитѣ прѣтставители, Виена,1894, 26.

[39] С. Димески, Просветната политика..., 27; П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 42.

учениците од гимназијата.[40] Последните почувствувале дека настапил погоден момент за истакнување на своите барања.



*Професорите од Солунската егзархиска гимназија*

Учениците зеле учество во нередите затоа што *„не можеле да работат на бугарски јазик, туку сакале да им се предава на нивниот домашен македонски дијалект"*.[41] Поттикнувачки врз учениците влијаел економот во гимназијата, Темко Попов,[42] кој одржувал блиски врски со српскиот конзул во Солун, Петар Карастојано-

---

[40] ДАРМ, ф. ППО, мф. 439, пов. бр. 2.

[41] ДАРМ, ф. ППО, мф. 439, пов бр. 32; Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960, 191; Блаже Ристовски, Крсте П. Мисирков, Скопје, 1966, 57.

[42] Б. Ристовски, Идејно-политичката подготовка на Даме Груев (1887-1892), Зб. Даме Груев во македонското националноослободително движење, Скопје, 1989, 42.

виќ.[43] Темко Попов со својата програма од 1887 г.,[44] во која е разработена прилично силна македонска национална идеологија, успеал да го разбранува и така постојниот бунтовен дух кај младите Македонци.[45]

Бунтот започнал поради спротивставувањето на учителите: Александар Кулев, Коста Шахинов и Георги Попов[46] на „еволуционата... воспитувачка задача... за која држеше и директорот по барање на егзархот".[47] За нивното поведение Кандиларов го известил егзархот, кој за овој настан имал информации и од друго место. За испитување и расчистување на случајот, егзархот,[48] од

---

[43] Климент Џамбазовски, Нови прилози за македонското сепаратистичко движење, ГИНИ, VIII/2, Скопје, 1964, 242.

[44] Исто, 243-244.

[45] Темко Попов уште во 1887 година дејствувал меѓу учениците во корист на српската пропаганда, притоа мавтајќи им со нивниот посебен македонски белег. Види: Граѓа за историјата на македонскиот народ од архивот на Србија, т. IV, кн. II, приредил: Д-р Климент Џамбазовски, Београд 1987, 202, 223, 2-19-220.

[46] П. Динековъ, Македония въ преписката на професор М. Дриновъ..., 77.

[47] Г. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии..., 49.

[48] За овој случај егзархот Јосиф во својот дневник на 4. XII (ст. стил) 1887 г., запишал: „Работите во Солун не одат добро. Директорот Кандиларов ги обвинува Г. Попов, Кулев и Шахинов, како учители кои бунтувале сè против него со цел да предизвикаат некаков си преврат. Прашани оттука Попов и Кулев одговорија на долго и широко, едниот како член на училишниот совет, другиот како член на стопанската комисија, а и тројцата заедно со едно барање, со кое си поднесуват оставка и накратко ги изнесуват своите оплакувања против директорот: 1. Директорот сам не бил кадарен да управува со гимназијата и пансионот, ниту ги почитувал мненијата на учителскиот совет; 2. Училишниот оддел нема никаква доверба во мерките на учителскиот совет во однос на подобрување на воспитнообразовното дело во гимназијата; 3. Недовербата на директорот кон сè што предлагаат учителите за доброто на институцијата, и неговото толкување дека тоа произлегувало од лоши намери; 4. Не можело да се работи со директорот, бидејќи

своја страна, во Солун го испратил секретарот Хранов.[49] Во меѓувреме, тројцата учители си поднеле оставка.[50] Тоа било сигнал да се побунат учениците.

Најпрво се побунил целиот VI клас (во кој бил и Даме Груев) и петмина од VII клас. Учениците побарале егзархот да го смени директорот Кандиларов, во спротивно се заканиле со напуштање на училиштето.[51] Поради ултимативното барање на учениците и вмешувањето на црковно-училишната општина, Кандиларов бил разрешен од директорската должност, а за привремен управник бил назначен Стателов.[52] По ова, тројцата споменати учители се вратиле на работа и го презеле раководство на гимназијата и училишниот совет.[53] Тогаш настапило подвојување помеѓу членовите на општината и помеѓу самите ученици. Поттикнати од тројцата наставници, 18 ученици од VII клас кон крајот на јануари се побуниле и го напуштиле пансионот.[54] Поради

---

се служел со лаги, клевета, лицемерие и сл. Против желбата на директорот оставката не им се прифати. Се реши деловодителот да отиде на местото, во Солун, да ги проучи од близу оплакувањата на двете страни и да се обиде да ги помири. (Български екзарх Йосиф I, Дневник (текст, коментар и бележки ст.н.с. к.и.н. Христо Темелковски, под редакторство на проф. д-р Тодор Събев), София, 1992), 216.

[49] Г. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии..., 50.

[50] Исто; Меѓутоа, според извештајот на српскиот конзулат во Солун, тројцата учители си поднеле оставка откако се вмешале учениците. ДАРМ,ф. ППО, мф. 439, пов. бр.32.

[51] ДАРМ,ф. ППО, мф. 439, пов. бр.32.

[52] Исто; Г. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии..., 50.

[53] Г. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии..., 50.

[54] Од извештајот на српскиот конзул се добива впечаток дека учениците се побуниле против постапката на нивните петмина сокласници кои му телеграфирале на егзархот за смена на директорот и од нивно име. Поради тоа тројцата учители поднеле оставка. Меѓутоа, оваа информација е неточна, бидејќи тие поднеле оставка пред да започне бунтот. Напротив, оваа побуна

тоа егзархот го повикал во Цариград Радивоев, кој бил претседател на пансионската комисија и главен воспитувач, но и близок човек на Кандиларов.

Привидните отстапки од страна на егзархот набрзо биле заменети со репресивни мерки. На 11. IV 1888 г. за нов директор бил испратен Никола А. Начев, а истовремено за главен воспитувач во пансионот бил вратен Радивоев.[55] Новото раководство во гимназијата и пансионот на еден совет во неполн состав донело одлука да се исклучат осуммина ученици, на некои да им се намали поведението, на други да им се одземат стипендиите и да им се забрани секакво излегување од пансионот.[56] Во знак на протест против таквата одлука, повеќе од половината од VII клас ја напуштиле гимназијата.[57] Ова постапка била последувана од повеќе ученици од пониските класови. За време на овие мешаници во учебната 1887/88 учебна година од вкупно запишаните 217 ученици, само 179 ја завршиле годината. Истата година во VII клас биле запишани 25 ученици, од кои завршиле само 11, а 14 биле исклучени. Според тоа, во текот на нередите биле исклучени 38 ученици.[58]

Како и да е, нередите во Солунската егзархиска гимназија кои првобитно претставувале пресметка помеѓу приврзаниците и противниците на Стамболовиот режим, прераснале во ученички бунт. Македонските ученици во тоа виделе можност за осло-

---

била инспирирана токму од нив против главниот воспитувач во пансионот – Радивоев, кој бил близок човек на Кандиларов и истовремено претседател на пансионската комисија.

[55] Г. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии..., 50.

[56] Исто.

[57] Исто, 51-52.

[58] Погледъ върху дѣятелноста на българската егзархия (1877-1902), Leipzig, 1902, 62-63. Според Кандиларов, во текот на овие нереди биле исклучени 36 ученици. Г. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии..., 52.

бодување од строгиот режим што владеел во гимназијата и пансионот и можност за изведување на наставата на нивниот мајчин јазик. Поради тоа, 38 од нив биле исклучени од училиштето. Тие биле принудени да бараат нов начин за продолжување на своето образование. Меѓу исклучените се вбројува и Даме Груев (VI клас), кој заедно со Петар Поп Арсов (VII клас) имал предводничка улога меѓу учениците. Двајцата бунтации судбината ги поврзала од школските клупи. По исклучувањето од Солунската егзархиска гимназија ним им претстоело да го пробаат вкусот на српската пропаганда.

## 4. *Белград*

Настаните во Солунската егзархиска гимназија од првата половина на 1888 година биле внимателно следени од српскиот конзул Петар Карастојановиќ. Тој редовно бил информиран за настаните преку Темко Попов. Впрочем, интересот на српската пропаганда за Солунската егзархиска гимназија датира од порано. Стојан Новаковиќ уште во ноември 1886 година, на поминување за Цариград, ја посетил гимназијата и се запознал со начинот на нејзината работа. Тогаш сфатил дека „за српската пропаганда многу би значело кога би се парализирала работата“ на оваа просветна институција.[59] Бунтот од 1888 година бил идеална прилика за тоа. Сега, српската пропаганда добила шанса да се добере до „лесен плен“ кој, според нејзините сфаќања, лесно можел да се обработи и отпосле да се стави во функција на српските интереси во Македонија. Во тоа време српската пропаганда тактички го протежирала „македонизмот“ кој требало да послужи како „тро-

[59] Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960, 190.

јански коњ" за нејзина легализација во Македонија,[60] но и како ефикасно средство против бугарската пропаганда.[61]

Исклучените ученици од Солунската егзархиска гимназија, па и оние што напуштиле доброволно, преку Темко Попов стапиле во контакт со српскиот конзул во Солун. Тој им ветил дека ќе им овозможи да го продолжат образованието во Србија.[62] На овие ученици, освен морална им била ветена и финансиска

[60] Климент Џамбазовски, Влијанието на престојот на Даме Груев во Белград врз неговото национално формирање и револуционерен развиток, Зб. Даме Груев во македонското националноослободително движење, Скопје, 1989, 60; Блаже Ристовски, Идејно-политичката подготовка на Даме Груев, Зб. Даме Груев во македонското националноослободително движење..., 48 - 50.

[61] Во врска со тоа, Стојан Новаковиќ резимира: „Колку повеќе мислам за начините со кои може да се поткопат и срушат резултатите на Егзархатот и бугарската пропаганда во Македонија... сѐ повеќе ми се чини, дека тоа најлесно може да се постигне со негување на *македонизмот,* т.е. *одвојување на македонската идеја и македонската словенска народност од србизмот и од бугаризмот*... Бидејќи бугарската идеја, како што на сите им е познато, фатила длабоки корени во Македонија, јас сметам дека скоро е невозможно сосема да се расколеба, изнесувајќи ѝ ја во спротивност само српската идеја. Таа идеја, се плашам, не би била во состојба, како чиста и гола спротивставеност да ја потисне бугарската идеја и поради тоа на српската идеја од помош ќе ѝ биде некаков сојузник што остро би бил против бугаризмот, а кој во себе би имал и елементи што народот и народните чувства може да го повлече со себе, отцепувајќи го од бугаризмот. Тој сојузник јас го гледам во македонизмот или во извесно мудро обележани граници, *негување на македонскиот дијалект и македонските засебности*. Нема ништо толку спротивно на бугарските тенденции како тоа; со никого Бугарите не можат да дојдат во понепомирлива состојба одошто со македонизмот". Според Б. Ристовски, Идејно-политичката подготовка на Даме Груев..., 49-50; К. Џамбазовски, Културно-општествените врски...,178.

[62] К. Џамбазовски, Културно-општествените врски..., 191.

поддршка доколку го продолжат образованието во Белград.[63] П. Карастојановиќ за тоа го известил Стојан Новаковиќ (српски дипломатски застапник во Цариград), кај кого го пратил исклучениот ученик Панта Кондов.[64] Последниот пред С. Новаковиќ истакнал дека тие „*не можеле да работат на бугарски јазик и сакаат да работат и да им се предава на нивниот домашен македонски дијалект*“.[65] С. Новаковиќ за споменатиот настан побарал официјално образложение од конзулатот во Солун, а истовремено побарал за тоа да се извести Министерството за надворешни работи на Србија.[66] На тој начин започнала опсежна преписка помеѓу српскиот конзул во Солун, дипломатскиот претставник во Цариград, Министерството за надворешни работи и Министерството за просвета и вероисповест на Србија. Министерството покажало подготвеност да ги прифати исклучените ученици и да им одобри стипендии, но под услов по завршувањето на образованието во Србија, да се вратат во своите родни места и таму да дејствуват во полза на српската идеја.[67]

Најпосле се пристапило кон префрлање на учениците во Србија. За таа цел, летото во Солун допатувал претседателот на Друштвото „Свети Сава“, Светомир Николаевиќ. Тој во јуни успешно ја префрлил првата група од 13 ученици.[68] Во средината на

---

[63] Б. Ристовски, Крсте П. Мисирков..., 57.

[64] К. Џамбазовски, Културно-општествените врски..., 191.

[65] ДАРМ. ППО, мф. 439, пов. бр. 32.

[66] Исто.

[67] Б. Ристовски, Крсте П. Мисирков..., 58-59.

[68] Групата ја сочинувале: Михаил Питов (Битола), Димитрија Михов (Горни Пороj, Демирхисарско), Андреј Христов (Велес), Иван Трифунов (Воден), Дијамандиј Колев (Штип), Петар П. Арсов (Богомила, Велешко), Димитрија Ѓорѓиев (Криворечка Паланка), Ефтим Попов (Косоврасти, Дебарско), Пантелија Шалаганов, Никола Симанов и Михаил Питов (тројцата од Скопје), Симеон Димитров и Магдалена Михајлова (двајцата од Тетово).

септември 1888 година била префрлена втората група од десет ученици од страна на Петар Тодоровиќ, кој во тоа време престојувал во Солун во својство на владин комесар при Народната банка.[69] Во оваа група[70] особено се истакнувал Даме Груев. До крајот на 1888 година во Србија, поединечно или во групи, пристигнале уште десетина ученици од Македонија. На еден или на друг начин, тогаш во Србија се нашле 33 ученици од Македонија.[71]

Два дена по пристигањето во Белград, на 21.IX (ст. стил) 1888 г., Даме Груев со уште деветмина од групата со која пристигнал писмено се обратиле до министерот за просвета и црковни работи – Владан Ѓорѓевиќ. Притоа, го замолиле да им одобри да се запишат во соодветни класови согласно нивните свидетелства, кои останале во Солун кај трговецот Новак Јовановиќ. Истовремено побарале да им се одреди нужната издршка. За возврат тие ветуваат: „а ние со својата сила ќе поработиме, што порано да стекнеме толку знаења, како би ѝ биле од корист на нашата околина, *а со тоа и за целото Српство, па нас веќе да не нè мачат Бугарите и останатите туѓинци*".[72]

---

Граѓа за историјата на македонскиот народ од архивот на Србија, том IV, книга III (1888-1889), приредил: д-р Климент Џамбазовски, Београд, 1987, 203-204.

[69] Љубиша Доклестиќ, Српско-македонските односи во 19 век, Скопје, 1973, 322.

[70] Во групата влегувале: Димитрија Илиев (Врбјаци, Дебарско), Димитрија Пирузев, Владимир Бојаџиев, Никола Герасимов (тројцата од Охрид), Дамјан Груев (Смилево, Битолско), Иван Велинов (Бистрица, Велешко), Иван Велев (Дебар), Христо П. Коцев (Штип), Димитар Мирчев (Прилеп) и Петар Паскалов (Еницe Вардар). К. Џамбазовски, Културно-општествените врски..., 192.

[71] Љ. Доклестиќ, Српско Македонските односи..., 323.

[72] Граѓа..., т. IV, книга III, 219-220.



Стојан Новаковиќ

Со оглед на фактот дека Д. Груев поради исклучувањето во Солун не го завршил VI клас, во учебната 1888/89 година повторно бил запишан во VI клас во I Белградска гимназија како вонреден ученик.[73] Од пристигањето во Белград, па сѐ до основањето на пансионот на друштвото „Свети Сава", Д. Груев бил сместен во домот на П. Тодоровиќ.[74] Овој српски книжевник и публицист своевремено бил протагонист на социјалистичките идеи на Светозар Марковиќ, но одржувал и блиски врски со кралот Милан Обреновиќ.[75]

Несомнено, Д. Груев оставил силен впечаток врз својот домаќин. Не случајно П. Тодоровиќ на својата печатница ѝ го дал името „Смилево", според родното место на Д. Груев.[76]

---

[73] Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград, Зб. Прилози за Даме Груев (материјали од тркалезната маса за Даме Груев одржана во Битола на 23 декември 1982 година по повод 75-годишницата од неговото загинување), Битола, 1983, 31; Види: Даме Груев 1871-1906, истражувања и материјали..., 134.

[74] К. Џамбазовски, Влијанието на престојот на Даме Груев во Белград..., 63. Констатацијата на Б. Ристовски дека Груев кај П. Тодоровиќ останал сѐ до заминувањето на летен распуст изгледа неиздржана. (Види: Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 32). Во прилог на нашиот и ставот на К. Џамбазовски оди фактот што на крајот на учебната година Груев е забележан во два списока како питомец на друштвото „Св. Сава". Види: Граѓа..., т. IV, книга III, 461-462.

[75] К. Џамбазовски, Влијанието на престојот на Даме Груев во Белград..., 62.

[76] Исто; Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 32.

По пристигањето во Белград, Д. Груев како и поголемата група ученици од Македонија биле издржувани од Друштвото „Св. Сава“. Поради тоа, Д. Груев заедно со уште 16-мина ученици на 31. X (ст. стил) 1888 г. се обратиле до Министерството за просвета и вероисповест.[77] Притоа го замолиле министерот да им „одреди благодејание како на останатите“[78] ученици од Македонија кои биле питомци на Министерството за надворешни работи на Србија.[79] Од своја страна за возврат ветуват: „ние ќе се трудиме... да се оправдаме со учење и да се оддолжиме на нашите слободни браќа за издржувањето со нашата идна работа *на светата нам*

[77] Во молбата пишуваат: „Кога слушнавме во Солун и на други места во Македонија и Стара Србија, дека нашите другари и земјаци се примени овде да го продолжат школувањето, ние едвај го дочекавме тој посакуван глас, а особено нашите родители, а *освен тоа нас нѐ охрабрија и извесни Срби во Солун и нам ни дадоа патни трошоци*, та пред месец дена дојдовме овде да продолжиме на својот мајчин јазик, како би можеле *по враќањето да бидеме од помош на великата нам и најголемата идеја на Србите и Србија, па и нам самите и на нашата родбина*. Кога дојдовме овде, нас нѐ прифати Друштвото ‚Св. Сава‘ и ние се запишавме во соодветните класови и училишни институции; но откако помина месец дена, а ние сме на терет на Друштвото ‚Св. Сава‘, затоа најучтиво го молиме господинот министер да ни одобри благодејание како на останатите, а ние ќе се трудиме под надзор и упатствата на Друштвото ‚Св. Сава‘ да се оправдаме со учење и да се оддолжиме на нашите слободни браќа за издржувањето со нашата идна работа на *светата нам идеја за Српството, бидејќи досега бевме во мракот на пропагандните школи*“. Молбата ја потпишале: Димитрија Миховиќ, Ристо Поповиќ, Димитрије Мирчевиќ, Дамјан Груевиќ, Владимир Бојациќ, Никола Наумовиќ, Иван Велиќ, Димитрије Пирузовиќ, Тома Каранцуловиќ, Петар Паскаловиќ, Ристо Ј. Поповиќ, Антоније Гропинац, Димитрије Илијиќ, Иван Велиновиќ, Никола Герасимовиќ, Антоније Ристиќ, Танасија Иониќ. (Граѓа..., т. IV, книга III, Прилози).

[78] Исто.

[79] Види: Граѓа..., т. I, книга III, 203-204; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 21.

*идеја за Српството, бидејќи досега бевме во мракот на пропагандните школи“.*[80]

За подобра контрола врз македонските ученици и перманентно всадување на српската идеја во нивните срца, претседателот на Друштвото „Св. Сава“, Светомир Николаевиќ поднел барање до Министерството за просвета и црковни работи да се подготви еден пансион (интернат) за сите ученици.[81] Предлогот бил прифатен и брзо реализиран. На 1. XI (ст. стил) 1888 г., во куќата на владиката Виќентие бил отворен „Светосавскиот пансион“.[82] Во него биле сместени 32 питомци.[83] Меѓутоа, поради лошите услови и некоректниот однос на претпоставените, кај пансионерите се јавило незадоволство кое резултирало со жалба до Министерството за просвета.[84]


Господину
Министру Просвете и Црквених послова
Кад смо били у Солуну и другим местима Маћедоније и Старе Србије, да су наши другови и земљаци примљени овде да продуже школовање, и ми смо једва дочекали тај жељени глас, а нарочито наши родитељи, а међу њима охрабрили су нас извесни Срби у Солуну и дали нам путна трошка, те смо дошли пре месец дана овде да наставимо на своме матерњем језику, како би по повратку могли бити од помоћи и великој нам и највећој идеји – Срба и Србије, па и нама самима и нашој родбини.
Одмах сте дошли прихватило нас је Друштво „Св. Саве“ и ми смо се уписали у школу у одговарајуће разреде и заводе; но како је већ прошло месец дана, а ми смо на терету Друштва „Св. Саве“, то најпокорније молимо господина министра, да нам изволи одредити благодејање као и осталима, а ми ћемо се трудити под надзором и упутством Друштва „Св. Саве“ да справљамо учење и одужимо се слободној нашој држави за издржавање, будућим нашим радом на светој нам идеји Српства, јер до сада бесмо у мраку пропагандских школа.
31 Октобар 1888 г.
Београд
Потписани:

*Факсимил од барањето на македонските ученици*

[80] Граѓа..., т. I, книга III, Прилози.

[81] Исто, 203-204; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 21.

[82] К. Џамбазовски, Културно-општествените врски..., 193.

[83] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 326.

[84] Види: Граѓа..., т. I, книга III, 276-277. Во жалбата, меѓу другото, се вели: „Друштвото Св. Сава со своето старање нѐ доведе во незгодна состојба, во такви околности ние не можеме да го продолжиме натамошното образование... Да спиеме на сламарици и перници наполнети со слама, да се покриваме со ќебиња кои, покрај тоа што се тенки, уште полни со гној и крв од ранениците, да работиме по четворица на едно асталче, ние не можеме и не сме навикнати“. Меѓутоа, сепак, главна причина за нивното незадоволс-

Набрзо потоа дошло до судир помеѓу пансионерите од Високата школа и претпоставените. Во врска со тоа, В. Кариќ, секретар на Министерството за просвета и црковни работи, пишува: „Десетина од тие ученици слушатели на Великата школа... се бунат и закануват дека ќе се вратат (во Македонија б.н.)... сега не знам како ќе се заврши, *но не верувам дека ќе биде добро за нашиот образ*".[85] Инцидентот завршил со привремено исклучување на Димитар Попов, како бунтаџија.[86]

Привременото затишје не значело помирување со судбината. Тоа го забележал претседателот на Друштвото „Св. Сава" Светомир Николаевиќ. Тој, на крајот од учебната година, во извештајот до Министерството за надворешни работи пишува дека оние ученици што биле родум поблизу до Србија, како од Скопје, Тетово и Куманово, ќе бидат добри *„за нашата народна мисла, т.е. за мислата на српското единство"*.[87] Но, за оние од внатрешноста на Македонија, пишува: *„нив нешто ги мачи"*, потоа дека тие немат решителност како првите и дека „уште се сомневат во можноста од блиското српско ослободување".[88] Без сомнение Даме Груев припаѓал на оние што „нешто ги мачи", но сигурно тоа не било поради сомнежот во „блиското српско ослободување",

тво бил неразбирливиот српски јазик. Во врска со тоа, во жалбата стои: „Во интернатот *не сме во состојба да го научиме српскиот јазик,... како би можеле да ги разбереме нашите наставници во школото*".

Жалбата е поднесена на 22. XI 1888 г. од страна на Димитар Михов, Петар Поп Арсов, Андреја Христов, Михајло Питов, Дијамандиј Колев, Димитар Попов и Ристо Попов, сите студенти во I година на Филозофскиот факултет.

[85] К. Џамбазовски, Културно-општествените врски..., 194.

[86] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 22.

[87] К. Џамбазовски, Културно-општествените врски..., 195.

[88] Исто.

туку настојувањето од нив да се направат „вистински Срби“.[89] Во таква атмосфера во учебната 1888/89 година Даме Груев го завршил шестиот клас како вонреден ученик на Првата Белградска гимназија.

По завршување на испитите,[90] Д. Груев изразил желба летниот распуст да го помине кај своите домашни во Македонија. Поради тоа, управникот на пансионот Милојко Веселиновиќ, на 23. VI (ст. стил) 1888 г., предлага на Д. Груев да му се дадат 80 динари за патни трошоци и бесплатна карта за железницата во двата правци.[91] Од писмото на Д. Груев до Милојко Веселиновиќ дознаваме дека летниот распуст го поминал „весело, приготвувајќи го патот за идната идеја, за која секој родољуб треба да го посвети и својот живот, а не само својот труд и знаење“.[92]

---

[89] К. П. Мисирков, За македонцките работи. (јубилејно издание по повод стогодишнината од раѓањето на авторот), Предговор на Блаже Конески, Прилози на Тодор Димитриоски, Скопје, 1974, 87-88.

[90] Во тоа време Д. Груев немал положено латински јазик. Бидејќи во Солунската егзархиска гимназија не се изучувал латинскиот јазик, Професорскиот совет на I Белградска гимназија по молба на Дамјан Груев, Димитар Мирчев, Владимир Бојаџиев и Никола Наумов им одобрил на крајот на мај да полагаат испит по латински јазик прво за V, а потоа за VI клас. Меѓутоа, по првиот испитен рок само Д. Мирчев покажал добар успех. Поради тоа, Професорскиот совет на 20 јуни (ст. стил) 1888 г. донел одлука Д. Груев, Н. Наумов и В. Бојаџиев кон крајот на август повторно да полагаат латински јазик прво за V, а потоа за VI клас, додека Д. Мирчев само за VI клас. (Даме Груев, Спомени. Кореспонденција..., 99).

[91] Граѓа..., т. IV, книга III, 461. Следниот ден, С. Николаевиќ се обратил до министерот за градежништво со барање да се издадат бесплатни карти. Притоа, потенцирал дека тоа е од материјална корист за друштвото, бидејќи „за време на феријата ќе имаат помали издатоци“ (Исто, 462).

[92] Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 32; Граѓа..., т. IV, книга III, 580. Груев водел кореспонденција со управникот на пансионот на М. Веселиновиќ, со кого бил во добри односи. М. Весели-

На 30 август (ст. стил) 1889 година Д. Груев се вратил во Белград.[93] Главниот одбор на Друштвото „Св. Сава" на повеќемина, меѓу кои и Д. Груев, им одобрил со завршен VI клас да се запишат на Великата школа. Тоа било сторено со цел побрзо да го завршат образованието *„та што порано да бидат од корист за татковината, и да ѝ послужат на српската народна идеј*а".[94] Искористувајќи ја таа можност, Даме Груев, Димитар Мирчев и Владимир Бојаџиев „раководејќи се од својата наклонетост" се запишале на Правниот факултет.[95] Меѓутоа, Друштвото „Св. Сава" претпочитало тие да се запишат на Филозофскиот факултет, сметајќи дека на тој начин би биле покорисни за српската пропаганда во Македонија. Оттука произлегле извесни недоразбирања. Поради тоа, Даме Груев, Димитар Мирчев и Владимир Бојаџиев на 25 септември (ст. стил) 1889 г. писмено се обратиле до Главниот одбор на друштвото. Во молбата тие образлагаат: „Потребата изискува... да се подигне просветата како основа *за понатамошно развивање на народната свест*. Но, не треба да се заборави... дека ние при ширењето на народната просвета ќе наидуваме на отпор: *ќе доаѓаме во судир со бугарската и грчката пропаганда*, а уште повеќе со турските власти... За да може да се шири просветата... треба да се брани од непријателските напади... Поради тоа би било потребно помеѓу нас *покрај толку философи да има и по некој правник*... напоменуваме... би било доста пробивно кога правниците по две години српско право третата година би слушале турско право во Цариград за да го научат турскиот јазик и да стекнат појма од

---

новиќ по своите политички убедувања бил конзервативец, а својата политичка кариера ја градел врз основа на српската пропагандна активност во Македонија. (К. Џамбазовски, Влијанието на престојот на Даме Груев во Белград..., 63).

[93] Граѓа..., т. IV, книга III, 580.

[94] Исто, 578.

[95] Исто.

правото на турската држава и тогаш со турските свидетелства би имале прилично авторитет и кај самите турски власти во Македонија и Стара Србија“.[96] На крајот замолуваат „нека нè остават нас да продолжиме на право, кога веќе на него сме се запишале“.[97] Истиот ден надлежниот на молбата запишал барањето „да се одбие“.[98] Без оглед на таквиот одговор, Даме Груев продолжил да студира право.[99] Можеби во тоа му помогнал М. Веселиновиќ!?

Во меѓувреме, меѓу надлежните српски фактори не постоел единствен став по прашањето за образовниот профил на учениците од Македонија. Така, на 22. IX (ст. стил) 1889 г., министерот за надворешни работи го известил министерот за просвета дека учениците што завршиле IV, V и VI клас во бугарските гимназии, како питомци на Министерството за надворешни работи треба да слушаат скратен едногодишен курс на Учителската школа, а потоа да се вратат во Македонија како учители. Со оваа одлука бил запознат управникот на


СВЕДОЧАНСТВО

*Училишно свидетелство од школувањето во Белград*

[96] Исто, 578-579.

[97] Исто, 579.

[98] Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 33.

[99] Тоа го потврдува самиот Груев во писмото до Милојко Веселениовиќ од 13 октомври (ст. стил) 1889 година. Во него, меѓу другото, вели: „Имам чест да ви соопштам дека веќе *постапив во Великата школа и се запишав на право – потпирајќи се на својата желба и мислејќи дека со тоа ќе ѝ принесам поголема корист на својата татковина*“. (Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 33; Граѓа..., т. IV, книга III, 580.)

Учителската школа, кој на 5. X (ст. стил) 1889 г.,[100] одговорил дека тие одлучиле вонредните ученици да се запишат во соодветни класови зависно од нивната подготовка според свидетелствата. Во одговорот се потенцира дека „некои од овие ученици *не говорат добро српски, бидејќи учеле средно школо на бугарски јазик; па затоа неопходно е потребно, барем две години да поминат како ученици во српски школи*".[101] Министерот за просвета го прифатил ова решение и го препратил до претседателот на Министерскиот совет и министер за надворешни работи, до претседателот на Главниот одбор на Друштвото „Св. Сава" и до управникот на Учителската школа.[102] На таквата одлука остро реагирал министер-претседателот, С. Груиќ. Тој инсистирал да се организира едногодишен учителски курс бидејќи тоа го налагале „вонредните прилики и итноста со која засега мора да работиме во Македонија". Според него, една година била доволна за да се научи српскиот јазик, историја и по нешто од практичната работа.[103] По оваа реакција, Советот на Учителската школа решил овие ученици да ги изучуваат само предметите: 1. српски јазик и книжевност, 2. српска историја и земјопис, 3. методика и школска работа, 4. хигиена, 5. црковно пеење.[104] Овие предлози биле одобрени од Министерството за просвета.

Имајќи го предвид изнесеното, очигледно е дека прокламираниот српски „македонизам" претставува демагошка стапица која вешто се лансирала во Османлиска Македонија, меѓутоа во Србија се применувала чиста асимилаторска политика. Тоа добро го почувствувале македонските ученици. Перманентниот

---

[100] Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 39.
[101] Исто.
[102] Исто.
[103] Исто.
[104] Исто, 41.

притисок од нив да се направат „вистински Срби" уште повеќе ги вознемирил духовите. Даме Груев во врска со тоа вели: „*Ние сами го бевме пробале дејството на таа пропаганда... Ни се вети стипендија и ни се даде. И тогаш јас со уште неколку македончиња отидовме во Белград. Тука можевме да ги согледаме српските намери бидејќи силно се грижеа да ни ја внушат српската идеја и да ни го наложат српскиот јазик, кое уште повеќе нè раздразнуваше*".[105] Во тоа време Д. Груев се исповедал пред Петар Поп Арсов: „На волкот во устата дојдовме, Петре, ама да видиме што ќе излезе од сето тоа. Татко ми арно ми велеше, *Србинот едно дава, потоа две сака*'. Има нешто нечисто во таа работа".[106]

Во меѓувреме, Петар Поп Арсов и Димитар Попов започнале агитација против српската пропаганда, убедувајќи ги своите сотатковинци дека тие не се Срби.[107] Незадоволството и немирите во пансионот кулминирале во декември. Главни организатори биле Петар Поп Арсов, Христо Поп Коцев и Никола Наумов.[108] Поради тоа, тројцата биле истерани од пансионот на Друштвото „Св. Сава". Тие кон крајот на декември се обратиле до Министерството за надворешни работи, барајќи да им овозможи продолжување на образованието.[109] Оттаму им било одговорено дека ќе бидат прифатени откако за нив ќе добијат информација од друштвото „Св. Сава".[110] Споменатите тројца, за да не губат време, на 2. I (ст. стил) 1890 г. писмено се обратиле до Министерството за

---

105 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 8.

106 В. Траийков, Безсмртния Даме Груев..., 8.

107 Изјава на Дамјан Груев при неговото сослушување во Белград на 4. II (ст. стил) 1890 година. ( Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 49-50).

108 Исто, 43.

109 Граѓа..., т. V, кн. I, (1890), Београд, 1988, 1-2; Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 43.

110 В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 24.

надворешни работи и побарале да не бидат оставени да ја загубат годината, а со тоа и својата иднина.[111] Притоа, истакнале дека на Петар Поп Арсов дома му се случила несреќа поради што морал да си замине, со намера повторно да се врати.[112] Нивното барање на 6. I (ст. стил) 1890 г., било одбиено заради *„лошо однесување и што покажале голема неблагодарност спрема земјата и друштвото што ги примиле"*.[113] Веднаш по Божиќ, Петар Поп Арсов го напуштил Белград.[114] Набрзо по него заминал и Никола Наумов.[115]

Споменатите исклучувања не придонеле за смирување на тензиите. Напротив, страстите се разгореле повеќе. Во врска со тоа на 25. I (ст. стил) 1890 г. ректорот на Великата школа го известува Савамалскиот полициски кварт во Белград дека Иван Трифунов, Димитар Мирчев и Ристо Попов се исклучени од пансионот на Друштвото „Св. Сава" и од Великата школа поради ширење на бугарска пропаганда.[116] Истовремено побарал полицијата да им ги одземе ученичките карти и да ги прати на поништување во Великата школа. Набрзо потоа, на 31. I (ст. стил), Христо Поп Коцев го напуштил Белград и отпатувал за Софија.[117]

Во меѓувреме, силна активност развил бугарскиот дипломатски претставник во Белград - Минчович. Овој пат нему му се дала можност за реванш. Минчович започнал преговори со побу-

---

[111] Граѓа..., т. V, кн. I, 1.

[112] Исто. Според искажувањето на Д. Груев, тогаш починал татко му на Петар Поп Арсов. (Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 49).

[113] Исто, 43; Граѓа..., т. V, кн. I, 2.

[114] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 24.

[115] Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 44.

[116] Исто.

[117] Исто.

нетите македонски ученици за нивно префрлање во Бугарија.[118] Поради тоа, во бугарското претставништво повеќепати доаѓале: Томо Каранџулов, Христо Поп Коцев, Никола Наумов, Димитар Мирчев, Гоно Ковачев и Дамјан Груев, а по сѐ изгледа и Панта Кондов.[119] Освен морална и материјална поддршка, според Даме Груев, Минчович им ветил дека во Софија ќе им биде дозволено да се организираат врз македонска основа.[120]

По негова инструкција, македонските ученици на 1. II (ст. стил) 1890 г. поднеле „Адреса" до Српското народно собрание.[121] Даме Груев е третопотпишан на „Адресата".[122]

---

[118] Б. Ристовски, Македонскиот народ и македонската нација, т. I, Скопје, 1982, 534-535; За активноста на Минчович види: Христо Андонов – Полјански, Британски сведоштва за дипломатскиот спор околу прашањето за престојот на Даме Груев и другите македонски младинци во Белград, Прилози за Даме Груев..., 55-59.

[119] Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 44.

[120] Славко Димевски, Даме Груев и македонското национално прашање до создавањето на ТМОРО, Прилози за Даме Груев..., 66.

[121] Грaѓа..., т. V, кн. I, 84-87; Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 45-47. Според приложениот список од К. Џамбазовски, „Адресата" е потпишана од 28 питомци на Друштвото „Св. Сава". (Види: Граѓа..., т. V, кн. I, 86-87); Веројатно оттука овој документ е преземен од Ц. Билјарски, па и таму фигурираат 28 потписници. (Види: Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 106-107). Меѓутоа, во приложениот список од страна на Б. Ристовски фигурираат 30 потписници. (Види: Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 45-47). Очигледно имињата на Григор Х. Ташков и Анастас П. Илиев се испуштени во двата претходно посочени трудови. Меѓутоа, во претходно посочени трудови, покрај имињата на потписниците се наведени имињата на 11 ученици кои веќе заминале за Софија. Овие имиња, пак, недостасуваат во приложениот список од Б. Ристовски.

Во неа, меѓу другото, стои: „На секој му е познато, дека тоа е земја (Македонија, б.н.) *населена со мнозинство словени, и тоа – Бугари*. Меѓутоа, од пред неколку време српското јавно мнение толку се зазело со пишување *за да ги посрби Македонците*, така што тоа заземање постана вистинска страст, како за сите српски журналисти, така и за државниците, книжевниците, па и за поедини приватни луѓе. Не слушајќи ги толку авторитетите на образованиот свет, тие сакаат насила *да го уверат целиот свет дека во Македонија живеат чисти, овејани Срби*!

Меѓу таквите грешки спаѓа и основањето на друштвото ,Св. Сава' со задача *да го шири српството во несрпските краишта*. Ние, кои до вчера бевме благодејанци на тоа друштво... Мислевме, дека нашите браќа Срби ќе нè издржуват нас без задни цели; но, за жал, *ние луто се излагавме*. Да знаевме, дека нашето доаѓање овде ќе имаше такви последици, *ние никако не би ни дошле*... Но, што гледаме сега? Гледаме дека се врши некаква политичка цел; гледаме дека ние веќе постанавме оружје против својата народност, со еден збор дека *ние сме – изиграни*.

Во последно време... ние видовме како друштвото ,Св. Сава' истера тројца питомци од општествениот пансион, а полицијата двајца од нив ги протера надвор од земјата само затоа што се осмелија гласно да ја кажат својата народност. Овој неодамнашен настан, нас нè жегна до срце, бидејќи *нив ги истераа како Бугари*, следува дека ние не сме тоа што и тие биле, *значи не сме Бугари, тогаш, нормално - Срби. Зарем ние Срби?!* Ние, со кои овде секаде се постапуваше како со Бугари, ние кои овде и *од малите деца сме нарекувани ,Бугари'*?! ... Ние можеме само да се восхитуваме на толкавата дрскост на оние, кои *нас нè нарекуват ,Срби'*, кога тие со

[122] Според признанијата на Нако Силјанов, „Адресата" била напишана од Ристо Попов, а Н. Силјанов ја препишал. (Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 45, белешка 72.).

тоа не прават ништо друго, освен, ранување на срцето, како на нас, *така и на секој родољуб Македонец*. Тоа се причините, кои нам ни дадоа повод малку сериозно да се замислиме и што е можно порано *да престанеме да бидеме оружје за подигање на нова пропаганда во нашата мила татковина...“*.[123]

При анализа на „Адресата“ се забележува дека потпишаните ученици се декларирале како Македонци, но и како Бугари, дека Македонија е нивна татковина и дека тие биле подложени на српска пропаганда. Нивното декларирање како „Бугари“ има иста тежина колку и нивното претходно изјаснување како „Срби“. Дека е така потврдува фактот што веднаш по нивното заминување во Бугарија еден дел од нив веднаш побарале да се вратат назад во Србија, притоа изјавувајќи: *„ние сега гледаме колку сме сродни со Бугарите“*, и подобро *„да бидеме уште толку години под Турците, отколку под Татари“*.[124] Во врска со изјаснувањето на овие македонски ученици, српскиот министер-претседател Сава Груиќ на 8. II (ст. стил) 1890 г. пишува: „Сите коишто имале допир со школувањето на македонската младина и кои се бавеле со таканаречената ‚пропаганда‘ во ова земја, им паднала во очи таа *жална појава*, дека овде сразмерно далеку е поголем бројот на луѓето кои *се предават на оној кој дава повеќе... Главната причина за сето тоа е соперништвото и натпреварот на разните балкански народности да го прошират што повеќе своето влијание во Македонија“*.[125] Поради тоа, Македонците се изјаснувале *„час за Срби, час за Бугари, па што повеќе и за Грци и Романци“*.[126] Оттука е очигледно дека изјаснувањето кај Македонците било компромисна и тактички про-

---

[123] Граѓа..., т. V, кн. I, 84-85.

[124] Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 51.

[125] Исто.

[126] Исто.

менлива категорија во зависност од моменталните интереси. Според тоа, таквото декларирање не треба да се сфаќа како израз на вистински чувства, а уште помалку тоа да се користи како аргумент за утврдување на националната припадност.



*Сава Груиќ*

Веднаш по предавањето на „Адресата", нејзините потписници биле исклучени од пансионот и од училишните институции. Тогаш настанале нереди, при што била употребена и полиција. Под притисок на власта, тројца потписници на „Адресата" дале писмени изјави дека тие не ја потпишале своерачно. Во меѓувреме, бугарското дипломатско претставништво во Белград ги завршило пасошките формалности за префрлање на побунетите ученици во Бугарија.[127]

Веднаш потоа, на 3. II (ст. стил) 1890 г., 17 ученици, меѓу кои и Даме Груев, пред претседателот на Друштвото „Св. Сава" изјавиле дека сакаат да си заминат дома.[128] Нивното барање веднаш било одобрено. Истата ноќ, тие се настаниле во гостилницата „Код Европе". Притоа, од бугарското дипломатско претставништво добиле по 35 динари за патни трошоци. Следното утро се вратиле во пансионот, со намера да се пресметаат со оние македонски ученици кои се изјасниле како „Срби" и што не сакале да им се придружат. Затоа, С. Николаевиќ побарал од С. Груиќ

[127] Исто, 48; Граѓа..., т. V, кн. I, 125-126.
[128] Граѓа..., т. V, кн. I, 91.

(министер-претседател) да се преземат мерки за заштита на пансионот. [129]

На 4. II (ст. стил) 1890 г., Управата на Белград наредила веднаш да се сослушаат испишаните ученици од Светосавскиот пансион по следниве прашања: 1. Дали тие се потпишале на изјавата до Народното собрание; 2. Кој им ја подготвил изјавата или ги упатил да ја подготват и поднесат; 3. Зошто на истата ставиле потписи на други ученици кои не потпишале своерачно; 4. За која цел ја составиле и поднеле изјавата; 5. Кој ги поттикнал да ги напуштат училиштата и да се вратат дома за да не се школуваат во Светосавското училиште во кое се запишани по нивна добра волја поради што и дошле од Македонија во Белград; 6. Кој им дал патни трошоци за враќање дома на така далечен пат; 7. Дали од своите родители или од кој било роднина добиле писма да ги напуштат училиштата, доколку добиле, да ги покажат; 8. Зошто им се заканувале на другите ученици дека ќе ги тепаат доколку и тие не ги напуштат училиштата.[130]

Истиот ден во три групи биле сослушани 15 ученици. Во првата група како петти по ред бил сослушан Даме Груев. Тој притоа изјавил:

„Јас се потпишав на изјавата од 1 февруари оваа година. Петар Арсов од Велес, филолог од II година, ни зборуваше и докажуваше дека ние сме Бугари. Тој после Божиќ си замина од овде, кога умре татко му. Не знам кој е потпишан на изјавата, а јас сам се потпишав.

Јас никој друг не потпишав ,ниту знам дали некој така направил. Таа изјава ја поднесовме до Народното собрание единствено со цел да покажеме дека сме Бугари. Јас мислам дека е чес-

---

[129] Исто.

[130] Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград..., 48-49.

но да се каже вистината, а не како некој Димитрије Поповиќ, филолог II година, од Охрид, кој што многу нè шпионираше нас, а меѓутоа и тој пред тоа мислеше дека е Бугарин и ни го докажуваше тоа и нам со Петар Арсов со кој што го преведе на бугарски јазик „Бездушник" од Л. Комарциќ кој го однесе Арсов и кој таму ќе го печатат. Може овде кај себе да го има ракописот. Тој е уште во пансионот.

Никој нас не нè наговори да се вратиме дома, но како што јас мислам се решивме да одиме *поради тоа што Бугарите се истерани, и тогаш кога ние би останале би значело, дека ние сме Срби, а јас тоа не сум*.

Мене ми донесе 50 динари од дома некој Коста Н., кираџија.

Никој од дома не ми пишуваше да го напуштам училиштето.

Никому не претев дека ќе го тепам".[131]

Од изјавата на Груев се забележува дека тој опстојува на напишаното во „Адресата". Притоа настојува да докаже дека не е „Србин" и да покаже дека е „Бугарин". Меѓутоа, само неколку месеци пред тоа, тој и другите како него се изјаснувале за „Срби", ветувајќи дека ќе работат за „српската идеја" против „бугарската пропаганда". Како и да е, очигледно е дека Даме Груев и неговата генерација, во услови кога не постоела ниедна македонска институција, вешто лавирале изјаснувајќи се еднаш како „Срби", друг пат како „Бугари", зависно од моменталните интереси, но притоа редовно го потенцирале своето македонско потекло и татковината Македонија. Токму поради тоа, К. Шахов, кој во Белград имал средба со водачите на побунетите македонски ученици, резимира: „кога човек има желба да се учи, тој бара севозможни средст-

[131] Исто, 49-50.

ва за да ја постигне својата цел, како што се вели и со ѓаволот станува другар додека го мине мостот, зашто инаку ризикува да се удави, бидејќи реката е голема“.[132]

Веднаш по сослушувањето, Дамјан Груев со една група од 34 ученици[133] го напуштил Белград и заминал за Софија, каде што претстоеле нови искушенија од сличен тип.

## 5. | *Софија*

Во Софија, Даме Груев се запишал на историја на тамошниот универзитет „Свети Климент Охридски“.[134] За време на престојот во Софија, Даме живеел заедно со својот дотогашен другар Димитар Мирчев.[135]

Во тоа време на чело на бугарската влада стоел премиерот Стефан Стамболов,[136] кој бил антируски настроен и протурски

---

[132] Исто, 34-35.

[133] Љ. Доклестиќ, Српско-македонските односи..., 327.

[134] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 7.

[135] Димитър Мирчев, Велика душа, Македонско слово, год. I, бр. 4, София, 13. X. 1934, 3.

[136] Стефан Стамболов (1854-1895), бугарски премиер, општественик и политичар. Неколку пати бил народен пратеник. Од 1880 до 1884 г. бил претседател на Народното собрание, а од 1887 до 1894 бил министер-претседател на Кнежевството Бугарија. Бил избувлив по природа и со диктаторски манири. На надворешнополитички план бил антируски настроен и протурски ориентиран. Благодарение на туркофилската политика добил значајни концесии за бугарската пропаганда во Македонија. Неговата еволуционистичка политика спрема Македонија не била прифатлива за бугарските шовинисти и за македонската емиграција, кои биле за порадикална политика. Поради својата туркофилска политика, остро се спротивставувал на македонските револуционерни активности. Поради тоа станал мета на разни заговори. Во 1891 година врз него бил извршен безуспешен обид за

ориентиран. Со својата протурска политика Стамболов сметал на поголеми концесии во интерес на бугарската пропаганда во Македонија. Затоа не дозволувал никакви провокации од бугарска страна против Османлиската Империја. Во тој контекст, остро се спротивставувал на сите македонски појави на македонската емиграција во Бугарија.[137]



*Стефан Стамболов*

Додека Д. Груев се школувал во Солун, Белград, па и за време на неговиот престој во Софија, повеќе слависти и етнолози се зафатиле со проучување на јазикот и народноста на македонското население. Во тоа време Иван Аксаков ја лансирал вистината дека Македонците не се ниту Срби, ниту Бугари, ниту пак Грци, туку посебен народ кој своето *„македонско наречје"* треба да го издигне на степен на *литературен јазик*.[138] Истовремено, написи за етнографијата и јазикот на македонските Словени почнал да објавува Петар Данилович Драганов.[139]

атентат, при што загинал министерот за финансии Христо Белчев. Истата година бил спречен уште еден заговор против Стамболов и кнезот Фердинанд. Во 1894 година Стамболов паднал од власт. Бил убиен во јуни 1895 година. (Данкан Пери, Политиката на теророт. Македонското револуционерно движење 1893-1903), Скопје, 2001, 34-36, (превод: Ферид Мухиќ и Здравко Ќорвезироски).

[137] История на България. Том втори, София, 1955, 122-123; Светозар Тошев, По крвав път. Очерк за живота и дейноста на Пере Тошев, Пловдив, 1969, 70.

Во 1890 година Карл Хрон ја објавил студијата „Народноста на Македонските Словени“.[140] Сето тоа, дополнето со дејноста на скопскиот егзархиски митрополит Теодосиј Гологанов за обнова на Охридската архиепископија,[141] како и весникот „Македонија“ што во тоа време го издавал Коста Шахов во Софија,[142] извршило големо влијание врз погледите на Дамјан Груев и неговите другари во врска со македонските работи.

Загрижени за иднината на татковината Македонија, македонските студенти што пребегале од Белград во Софија, кон крајот на 1890 година се организирале во тајно друштво. Впрочем организирањето врз македонска основа ним им било ветено уште во Белград од бугарскиот дипломатски претставник Минчович. Во врска со тоа, Даме Груев при полициското сослушување во Софија изјавил: „*Ние го напуштивме школувањето во Белград и дојдовме во Софија, оти ни беше ветено од страна на бугарскиот дипломатски агент во Белград, г. Минчович дека ќе имаме полна слобода за здружување на нас Македонците*“.[143]

При организирањето на Друштвото особена улога одиграл Коста Шахов.[144] Меѓу главните протагонисти на Македонско-

---

[138] Блаже Ристовски, Македонскиот народ и македонската нација, т. I, Скопје, 1982, 473.

[139] Исто, 408-466.

[140] Карл Хрон, Народноста на Македонските Словени. (избор и редакција Цветан Станоевски), Скопје, 1990.

[141] Славко Димевски, Митрополитот скопски Теодосиј, живот и дејност (1846-1926), Скопје, 1965.

[142] Гане Тодоровски, Весникот „Македония“ на Коста Шахов 1888-1891, Разгледи VII/10, Скопје, 1965, 996-1023.

[143] С. Димевски, Даме Груев и македонското национално прашање..., 66.

[144] Едно освѣтление на нашитѣ работи. Гласъ македонски, II/51, София, 3. XII 1895, 3; П. п. Арсовъ, Произходъ на революционното движение въ Македония и първитѣ стѫпки на солунския „Комитетъ за придобиване на политическитѣ права на Македония, дадени и отъ Берлинския договоръ“,

то студентско друштво[145] (МСД) се вбројуваат: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Христо Поп Коцев, Димитар Мирчев, Никола Дејков и Никола Наумов.[146] Според Петар Поп Арсов, посебна комисија изработила Устав и Правилник за Друштвото. Тие биле однесени да се печатат во Романија, каде што изгореле заедно со печатницата.[147] За Правилникот на Друштвото си споменува и Даме Груев,[148] додека пак Коста Шахов споменува само Устав.[149]

Според искажувањата на повеќето протагонисти, МСД ги имало следниве цели:

1. Ослободување на Македонија од османлиска власт;[150]

2. Формирање на револуционерна организација во Македонија;[151]

3. Врбување на сомисленици и нивно препраќање во Македонија;[152]

4. Издавање на едно списание што ќе се спротивстави *„не само на турскиот терор, туку и на туѓите пропаганди што го цепат народот на Срби, Грци и Бугари“*.[153]

---

Бюлетинъ на врѣменното прѣдставителство на обединената бивша вѫтрешна Македонска революционна организация. No 8, София, 1919, 3.

145 Д. Груев го именува како „Студентско друштво“, и како „Дружба“. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9). Додека пак, Д. Мирчев го именува како „Македонско студентско друштво“. (Д. Мирчевъ, Даме Груевъ - Един величав жестъ, Ил. Илинденъ, I/1, София, 1927, 7-8).

146 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.

147 П. п. Арсовъ, Произходъ на революционното движение въ Македония, 3.

148 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.

149 Едно освѣтление на нашитѣ работи..., 3.

150 Исто.

151 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9; Д. Мирчевъ, Даме Груевъ..., 7-8; П. п. Арсовъ, Произходъ на революционното движение въ Македония..., 3.

152 П. п. Арсовъ, Произходъ на революционното движение въ Македония..., 3.



*Коста Шахов*

Груев во своите спомени за МСД вели: „се зафативме студентите *Македонци* во Вишето училиште да се организираме во име на идејата за самообразование и заемно влијание. Целта беше: по завршување на своето образование *сите да се прибереме внатре во Македонија, каде имаше голема потреба од интелигентни сили*. Во тој наш тесен, интимен круг *веќе се беше зародила идејата да се подземе революционерна организација во Македонија*... Во Софија повеќе заемно се изучувавме. Кога се токмевме да го устроиме друштвото (се изработуваше правилник), се предвидуваше целите на друштвото да бидат научни, а всушност *се подготвувавме да се зафатиме за идната революционерна работа*... Сметавме да дејствуваме главно во правец *да се бара прилагање на Берлинскиот договор*. Мислевме да создадеме организација по образец на револуционерната организација во Бугарија пред ослободувањето, да дејствуваме по примерот на Ботев, Левски, Бенковски и сл. Ја бевме изучиле таа организација... Се бевме запознале и со историјата на српските движења“.[154]

МСД имало конспиративен карактер. Заседанијата се одржувале по становите на студентите, а со вистинските цели на Друштвото биле запознати само неколкумина.[155] Оттука не треба да зачудува што Уставот на Друштвото требало да се отпечати во Романија. МСД своите идеи настојувало да ги прошири помеѓу македонската емиграција во Бугарија. За таа цел, Даме Груев и

[153] Според записникот од сослушувањето на Дамјан Груев во Софија. (С. Димевски, Даме Груев и македонското национално прашање..., 67).

[154] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9-10.

[155] Според Д. Мирчев, тоа биле двајца или тројца.

Димитар Мирчев држеле часови во вечерното училиште кое било организирано од социјалистичкото друштво „Нов живот". Негови слушатели биле претежно печалбари од Македонија.[156] Преку проектираното списание, МСД планирало да ја легализира својата дејност во Бугарија.

Меѓутоа, плановите на Друштвото биле прекинати по убиството на бугарскиот министер за финансии Христо Белчев на 15. III (ст. стил) 1891 г. Всушност, атентатот бил устроен против премиерот Стамболов, но наместо него загинал министерот Белчев. Поради атентатот, власта започнала со апсења. Притоа, први на удар биле македонските средини, особено „студентите социјалисти".[157] Во тој контекст биле уапсени Никола Наумов и Дамјан Груев, пред сè поради нивниот ангажман во вечерното училиште на социјалистичкото друштво „Нов живот", иако самиот Груев не бил социјалист.[158] Д. Груев бил притворен петнаесетина дена во V полициски участок.[159]

---

[156] Д. Мирчевъ, Даме Груевъ..., 8.

[157] Како студенти социјалисти биле уапсени: Рачо Ќосев, Д. Бојкинов, Крум Мутафов, Г. Богоев и други. Од нив бил поштеден само Кирил Попов. (Димитър Мирчевъ, Велика душа..., 3.).

[158] Во врска со тоа Д. Груев во своите спомени вели: „Ме арестуваа мене и Никола Наумов поради нашето учество во социјалистичката група; тоа се состоеше главно во тоа, што подржувавме вечерно училиште". (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.); Додека пак, Д. Мирчев за тоа вели: „Арестуван беше и Даме, без да е социјалист, исто така и Јордан Иванов, сегашниот многупочитуван професор при Софискиот универзитет. Како Даме, така и јас само ги посетувавме сказките на социјалистичкото друштво Нов живот, основано од Никола Габровски. А, Јордан Иванов и не стапнуваше на тие собранија. Јавно беше дека и двајцата се арестувани по грешка". (Димитър Мирчевъ, Велика душа..., 3.) Даме и подоцна бил етикетиран како социјалист, иако самиот вели дека никогаш не бил социјалист.

[159] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.

Според Димитар Мирчев, Д. Груев, кој немал никаква врска со атентатот на министерот Белчев, бил уапсен по грешка наместо Димитар Груев, родум од Прилеп, инаку чиновник во Дирекцијата на поштата. Откако сфатил дека се работи за грешка, Д. Мирчев го посетил Груев и му соопштил дека тој ќе побара интервенција од Ректорот на универзитетот за негово ослободување. Меѓутоа, Д. Груев одговорил: „Не, нема да правиш никакви постапки. Не сакам. Ти сакаш јас да бидам ослободен, за да го арестуваат Димитар Груев, чиновник и поткрепа на стар татко и болен брат? Ќе останам во затвор, не сакам такво ослободување“.

Во почетокот, истрагата била насочена кон врските на Груев со социјалистичкото друштво „Нов живот“. Д. Груев одговорил дека тој е само симпатизер на социјалистите, бидејќи тие имале поправилен поглед кон неговото „отечество“ Македонија.[160] Веднаш потоа истрагата е насочена кон МСД, каде што припаѓал Груев. На прашањето зошто е потребно здружување на македонските студенти во Софија во посебно друштво? Д. Груев одговорил дека на Македонија ѝ недостасува интелигенција која ќе ги брани нејзините интереси по враќањето во „отечеството“.[161] На следното прашање – дали смета дека тоа води кон „сепаратизам“ и ѝ нанесува штета на бугарштината во Македонија – Д. Груев одговорил: *„Досегашното искуство на нас Македонците ни покажа дека само со сопствени сили можеме да се избориме за ослободувањето на Македонија“*.[162]

Оттука иследникот прашал: „Кој ви пречи тука во Софија да се школувате и како чесни Бугари да заминете за Македонија да работите заедно со нас на ослободувањето на Македонија“? На тоа Д. Груев одговорил: *„Ние го напуштивме школувањето во Бел-*

[160] С. Димевски, Даме Груев и македонското национално прашање..., 66.
[161] Исто.
[162] Исто.

*град и дојдовме во Софија, оти ни беше ветено од бугарскиот дипломатски агент во Белград, г. Минчович, дека ќе имаме полна слобода за здружување на нас Македонците...* Нашето друштво не е политичка организација... Ние со ништо не згрешивме со бугарските закони. Нашиот грев е во тоа што го сакаме нашето отечество. Кога дојдовме тука, се надевавме братски да нè помогнете да создаваме своја интелигенција, која ќе го поведе отечеството во борба за ослободување. *Како што изгледа ние сме измамени*".[163]

Веднаш потоа иследникот потенцирал дека тие ги прекршиле бугарските закони бидејќи без знаење на власта свикале собрание и основале студентско друштво. На тоа Д. Груев одговорил: „Нашето друштво не е политичка организација, туку студентска книжовна дружина, па не сметавме дека за такво здружување треба дозвола од полицијата. Впрочем, такво здружување ни е ветено во Белград и ние постапивме според него. Ако сметате дека е потребна дозвола ќе ја побараме".[164]

На крај иследникот подвлекол: „Велиш дека вашето студентско друштво не е политичка организација, а самиот изјавуваш дека ќе се борите за ослободување на Македонија. Не е ли тоа политичко прашање, револуција"? Во врска со оваа прашање, Д. Груев истакнал: „Тоа не е управено против Бугарија, туку против Турција. Во тоа треба и вие братски да нè помогнете, ако нè сметате за браќа".[165]

Едно од сослушувањата на Груев било насочено кон причините за неговото напуштање на Солунската гимназија, за школувањето во Белград и за заминувањето во Софија. Груев ја препишал вината за тоа на строгиот режим во Солунската гимназија

---

[163] Исто.
[164] Исто.
[165] Исто.

и на Друштвото „Св. Сава“, кое настојувало да ги посрби Македонците.[166]

При последното сослушување интересот на истрагата бил насочен кон МСД и особено кон планираното списание. На прашањето „Зошто ви е такво списание кога во Бугарија има такви во кои можат слободно да пишуват сите, *па и Македонците*“? Д. Груев одговорил: „Тукашните списанија не можат да обезбедат доволен простор за македонските проблеми, а положбата во Македонија е таква што бара посебно гласило. *Нам ни претстои долга и макотрпна борба за обединување на народот во Македонија за да се спротивставиме не само на турскиот терор, туку и на туѓите пропаганди, кои го цепат народот на Срби, Грци и Бугари*“.[167]

Иследникот: „Значи ли тоа дека списанието ќе биде и против Бугарија?“

Д. Груев: „Списанието ќе излегува тука во Софија и вие секогаш ќе имате можност да го цензурирате. Ќе излегува јавно. Тоа е и доказ дека нашето студентско друштво не е илегално, како што нè обвинувате“.[168]

Понатамошната истрага зела друг тек. Наместо П. Рачев, истрагата ја презел И. Тошев. Тој го започнува испрашувањето со основните генералии, притоа именувајќи го Дамјан како Димитар Груев. На тоа Дамјан одговорил дека тој не е Димитар Груев и дека не е од Прилеп, туку Дамјан од Смилево. По ова, иследникот започнал да го прашува за личноста на Димитар Груев и неговата поврзаност со социјалистите, на што Дамјан одговорил дека немал можност да се сретне со него, и дека не го познава доволно. Тоа било, всушност, последното сослушување.

---

166 Исто, 66-67.

167 Исто, 67.

168 Исто.

Во извештајот од сослушувањата Дамјан Груев е окарактеризиран како охол и лукав човек кој со својата тврдоглавост им создава непријатности на бугарската влада и нејзината политика по македонското прашање.[169] Затоа полицијата предложила Д. Груев по ослободувањето да биде исклучен од Вишото училиште, да се отстрани од Софија и да се испрати на отслужување на воениот рок.[170]

Додека бил во притвор (21. III – 4. IV ст. стил), Д. Груев бил исклучен од Вишото училиште. Веднаш по ослободувањето, Д. Груев добил покана за отслужување на воениот рок, иако тој не бил бугарски граѓанин.[171] Поради тоа, Даме Груев и Никола Наумов веднаш ја напуштиле Бугарија и заминале за Македонија.[172] Од друга страна, бугарската власт формално-правно не можела да го спречи нивното заминување и да ги упати на отслужување на воениот рок, бидејќи тие биле османлиски поданици.[173]

Притворањето на Д. Груев и Н. Наумов директно влијаело за растурање на МСД. За да се избегне ризикот пред власта и „предвремените жртви“, МСД ја прекинало сопствената активност.[174] Само неколку месеци по заминувањето на Даме Груев, во Софија од остатоците на МСД израсна Младата македонска книжевна дружина (ММКД).[175] Освен нив, ММКД апсорбирала зна-

---

169 Исто.

170 Исто, 68.

171 Исто.

172 Во врска со тоа, Д. Груев во своите спомени вели: „Престојавме 15 дена затворени во V полициски участок. Нè иследија и нè пуштија. Дружбата ни се растури поради тоа, јас и Наумов, за да ја избегнеме воената служба неколку дена по нашето ослободување од затворот заминавме за Македонија. Јас заминав во Битола“. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.).

173 С. Димевски, Даме Груев и македонското национално прашање..., 68.

174 Едно освѣтление на нашитѣ работи..., 3; Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.

175 В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 27-28.

чаен дел од македонските интелектуалци во Софија. Во редовите на ММКД влегле: Петар Поп Арсов, Георги Баласчев, Георги Белев, Климент Караѓулов, Ефтим Спространов, Никола Дејков, Коста Шахов, Иван Хаџи Николов, Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Христо Матов, Наум Туфекчиев, Ангел Наумов и други.[176]

ММКД, всушност, продолжила да ги негува и да ги развива идеите и целите на МСД кон кое припаѓал Д. Груев. За да го избегне прогонот на власта, Дружината си го придодала епитетот „книжевна".[177] Во јануари 1892 г., ММКД го објавила првиот број на списанието „Лоза". Оттука, припадниците на Дружината биле наречени „Лозари". Редактор на списанието бил Петар Поп Арсов. Во првиот број на списанието е објавен Уставот на ММКД, кој целосно е растоварен од македонската програма за која се залагала Дружината.[178] Преку таквата конципираност на Уставот, всушност, се настојувало да се камуфлира македонската определба на ММКД.

Сепак, вистинските намери на ММКД се обелоденети во Предговорот на списанието.[179] Во него ММКД предупредува на опасноста од странските пропаганди во Македонија. Во врска со тоа се вели: „Само еден поглед е доста да се видат *насушните потреби на нашата родина*. Благодарение на последните политички настани на нашиот полуостров и географската положба на *Македонија*, денес таму се собрале севозможни *надворешни елементи*, кои, воодушевени од своите сосипувачки планови и интереси за нашата иднина, слободно и со трескава енергија *го засилуват ан-*

---

[176] Исто, 28.

[177] П. п. Арсовъ, Произходъ на революционното движение въ Македония..., 3.

[178] Види: Устав на младата македонска книжовна дружина во Софийа, *Лоза* I/1, 1892, Софіа, 47-48.

[179] Предговор, *Лоза* I/1, - III.

*тагонизмот* кој што и така постои во земјата“.[180] Поради тоа, ММКД апелира: „*Само еден силен отпор од наша страна може да не зачува од незаситените посегања..., затоа ни се потребни сили, а нашите се разнебитени, раздробени, значи, треба да ги соединиме, да ги собереме во една општа моќна сила, сила - народна, ако сакаме да ја зачуваме иднината на нашата татковина. Тоа треба да биде стремежот на секој што годе чувствителен Македонец, каде и да се наоѓа тој*“.[181]


ГОДИНА I. IАНУАРИ
ЛОЗА
МЕСЕЧНО СПИСАНИЕ
Съдържание:
Издава
Младата Македонска Книжовна Дружина
СОФИЯ
Печатница на Ив. П. Дъвкалов и С-ие
1892

*Насловната страна на „Лоза“*

„*Лоза*“ низ своите страници на мошне вешт начин настојува да го прикаже посебниот историски, културен и етнографски карактер на Македонија, притоа водејќи сметка да го задоволи вкусот на бугарското општество.[182] Освен тоа, *Лозарите* прифатиле еден нов правопис и јазик на кој што го печателе списанието, со тенденција тој да послужи како основа за идниот литературен јазик на Македонија.[183]

По излегувањето на „*Лоза*“, бугарското општество и владата остро се нафрлиле врз *Лозарите*. Во тој контекст, предводничка улога имал официјалниот владин весник „Свобода“.[184] Во своето настојување да ги дискредитира *Лозарите*, „Свобода“, всушност ги отслика потполно, дури подобро отколку што тоа го сториле самите *Лозари*. Во врска со тоа Д. Т. Левов пишува дека ММКД „Полека лека ќе го подготвува бугарското општествено мнение *за одделување на Македо-*

[180] Исто, II.
[181] Исто, III.
[182] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 30-31.

*нија од Бугарија* и полека лека *ќе воведува зборови од охридскoто поднаречје што ќе биде литературен јазик на идната Голема Македонија,* на чело на која ќе дојде некој од редакторите на *Лоза* во својство на *Филип или Александар!?!...* Како што гледате *Македонската дружина смета дека нивната татковина е Македонија, дека последната е населена со одделно словенско племе наречено Македонци,* дека таму се собрале севозможни надворешни елементи, т.е. *Бугари, Грци, Срби... дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се зачуват од нашите разбојнички посегања и дека Лоза ќе ѝ служи на истата цел!!"*.[185]

Во средината на 1892 година, бугарската влада го забранила списанието „*Лоза*", а ММКД била растурена. Таквата мерка не претставува забрана на едно списание и на една дружина, туку забрана на едно македонско движење, што било прогласено за „сепаратистичко".

Даме Груев, поради апсењето и исклучувањето од Вишото училиште, не се вброил меѓу директните протагонисти на ММКД и не го дочекал излегувањето на списанието „*Лоза*" во Софија. Но, треба да се има предвид фактот дека тој бил во центарот на групата која ги поставила неговите основи. Сепак, и по враќањето во Македонија, Д. Груев одржувал контакти со Лозарите. Најдобра илустрација за тоа претставува неговата преписка со Никола Дејков.

За време на образовната одисеја на релација Солун – Белград – Софија, Даме Груев и неговата генерација Македонци ги прозреле „ослободителните" планови на „браќата" во Белград и во Софија. Оттука тие сфатиле дека ослободувањето на Македонија е задача на самите Македонци.

---

[183] Исто, 31.

[184] Исто, 31-33.

[185] Д. Т. Левовъ, „Лоза", Свобода, VI/786, София, 13. IV 1892, 3.

К. П. Мисирков, десетина години подоцна, за значењето на оваа македонска појава и за местото на Груев во неа пишува: *„Мислата за национално обiединеiн'е на македонците,* и ако под маската бугарцка, се зафати во 1890 г.... (кога б.н.) се префрлиiа во Бугариiа 30-40 души ученици и студенти *македонци* од Белград во Софиiа. Тиiе ученици *сет душата на сите собитиiа од тогаiі до сега.* Оние беа запознаiани со Србиiа и Бугариiа, со нивните култури и цели во Македониiа. *Они и осознаа опасноста за дележ на Македониiа меѓу тие две држаи, ако да бидит македонците сами да не се вооражаат, за да си извоiуват сами, со свои собствени сили и средства слободиiа, и со тоа да предупредат дележот на Македониiа.*

По нивна инициiатива првен се образува во зафатоко на деведесетите години iедно *национално сепаратистичко движеiн'е со цел'а да се оддел'ат интересите на македонците од бугарцките со возведуаiн'е на iедно од македонцките наречиiа на степен на литературен iазик за сите македонци...* Но тоа дуовно движеiн'е не се ареса на бугарцкото стамболовцко праител'ство, коiе забрани да се издават ,*Лоза*' и зафати *да гони македонците сепаратисти.* От тоа време ушче побегна *Дамiан Груев, коi шчо беше во броiот на македонските ученици, шчо поминаа од Белград во Софiа и во броiот на сепаратистите.*

*Немаiк'и во Бугариiа почва за национален сепаратизам – македонците,* шчо пребегаа од Белград во Софiа се зафатиiа со *образуаiн'е на револ'уциони организациiи* во Бугариiа и Македониiа. *Видните македонци револ'уционери сепаратисти, како Дел'чев, беа само ученици на првото поколiн'е македонци, ученици србцки и бугарцки".*[186]

[186] К. П. Мисирков, За македонцките работи..., 71-72.

# III
# Со крената глава по патот кон идеалот

## 1. | *Учителствувањето во Смилево*

Во април 1891 година Даме Груев, заедно со Никола Наумов, минувајќи ја турско-бугарската граница кај Деве Баир, се вратил во родната Македонија.[1] Притоа се настанил во Битола. Таму се поврзал со помладите учители: Лука Ѓеров, Неделко Дамјанов, Никола Дуртанчев и Никола Кочов.[2] По иницијатива на Д. Груев тие формирале „Учителски сојуз“,[3] со чисто „револуционерни цели“.[4] Всушност, преку „Учителскиот сојуз“, Д. Груев планирал да ја оживотвори идејата за револуционерна организација замислена уште во Софија. За таа цел пристапиле кон изра-

---

[1] Даме Груев - Спомени - Кореспонденция..., 6.

[2] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9; Д. Димески, Македонското национално-ослободително движење..., 134-135.

[3] Към борбитѣ въ Югозападна Македония (Кичевско, Битолско, Леринско, Преспанско, Дебърско). По спомени на Лука Джеровъ, Г. П. Христовъ, А. Андреевъ, Г. Папанчевъ, и Л. Димитровъ, София, 1926, 5.

[4] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.

ботка на Устав.[5] Освен тоа, за популаризирање на идејата и зацврстување на врските меѓу интелигенцијата било планирано основање на подвижна околиска библиотека.[6] Меѓутоа, овие намери биле осуетени од претседателот на егзархиската црковно-училишна општина во Битола, архимандритот Козма Пречистански.[7]

Во меѓувреме, во почетокот на јули 1891 г., Даме Груев поднел молба до егзархиската црковно-училишна општина во Битола за да биде назначен за учител.[8] Со оглед на минатото на Груев, особено исклучувањето од Вишото училиште во Софија, како и плеткањето со „Учителскиот сојуз“, назначувањето не одело глатко. Сепак, благодарение на настојувањето на другите членови на комисијата, архимандритот Козма прифатил Груев да биде назначен за учител во Смилево.[9] На тој начин, во учебната 1891/92 година, Даме станал егзархиски учител во родното село со годишна плата од 30 турски лири.[10] Покрај редовната учителска дејност, Груев поддржувал вечерно училиште, што претставувало новина во Смилево. Вечерното училиште било поставено на чисто просветни основи.[11] Д. Груев, имајќи го предвид горкото искуство при своето назначување, како и конзервативната средина, овојпат се воздржал од револуционерната проповед. Несомнено, родното Смилево било мало за големите планови на Груев.

---

[5] Исто, 10; Спомени на Лука Джеровъ..., 5.

[6] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 10.

[7] Исто.

[8] Во врска со тоа Д. Груев во своето писмо до Никола Дејков од 6 VIII (ст. стил) 1891 година пишува: „досега никаде не сум назначен. Веќе има еден месец откако испратив барање до Егзархијата, а одговор уште нема“. (Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 108).

[9] Д. Константинов, Дамјан Груев..., 37.

[10] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 180.

[11] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 10.

## 2. | *Прилеп: созревање на идеалот*

Во учебната 1892/93 година, Дамјан Груев бил назначен за егзархиски учител во Прилеп со годишна плата од 40 турски лири.[12] Во Прилеп, Д. Груев се настанил кај Коне Браилоецот до Васил Крапче спроти билјардото на Чичовци.[13] Повеќе информации за престојот на Груев во Прилеп дознаваме од преписката со неговиот поранешен другар во Софија, прилепчанецот Никола Дејков.



*Панорама на Прилеп*

Така, од писмо на Д. Груев до Н. Дејков од 18. XI (ст. стил) 1892 г., дознаваме дека назначувањето во Прилеп не одело лесно, бидејќи претходно требало да помине низ разни митарства со

[12] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 180.
[13] Исто, 112.

„владици и комисии". По назначувањето, Груев бил подложен под надзор. Во врска со тоа, Груев иронично пишува: „се насладувам со едно прилично спокојство од виш надзор. Но да видиме пак и тоа до кога ќе трае, бидејќи Прилеп е, како што сведочат, каде ‚*мајмунот не играл*'".[14] За релативно кусо време Д. Груев сфатил дека во Прилеп нема простор за поширока дејност врз револуционерни начела. Затоа пишува: „Токму сега јас се уверив дека човек не треба да тежнее за полна среќа, бидејќи тоа било далеку од нашата планета".[15] На крај од писмото Даме се потпишал со псевдонимот *Лавда*.[16]

Во меѓувреме Груев се активирал во аматерската драмска група, која во текот на декември за претстојните празници ја подготвувала драмата „Вера, надеж и љубов", при што Д. Груев ја играл улогата на Луција.[17]

Поведението на амбициозниот Груев брзо станало предмет на озборување во прилепската средина. Веројатно тоа се должи на Груевата револуционерна настроеност, неговото минато и секако на проширените гласини дека тој бил исклучен од Вишото училиште во Софија поради врски со социјалистичките средини. Оттука, во прилепската конзервативна средина Груев бил озборуван и обвинуван за атеизам. Во врска со тоа, Д. Груев во своите спомени вели: „Сетне во Прилеп поминав пак во чисто учителска работа. Немаше почва таму. *Учителите беа со конзервативни идеи*. Дури ништо не можеше да се стори по идејата со нив. Учителите, дури странеа од мене, кога се беше расчуло, дека сум исклучен од

[14] Исто, 109.
[15] Исто, 110.
[16] Овој псевдоним Груев го користи во повеќе писма до Никола Дејков. Веројатно, псевдонимот произлегува од родот Лавдовци на кој припаѓало семејството на Груев.
[17] Исто, 110. Писмо на Д. Груев до Н. Дејков од 13. XII (ст. стил) 1892 година.

Вишото училиште во Софија и дека сум заразен од социјалистички идеи. Во суштина социјализмот го должам на социјалистичката средина во Софија. *Сериозно не бев го изучувал социјализмот, ниту некогаш сум бил предаден со фанатизам на тоа учење. Во Македонија ме дразнеа како социјалист*, и јас, предизвикан сум го заштитувал тоа учење, *но активен социјалист не сум бил и ниту сум мислел, дека за него има почва во Македонија“.*[18]

Таквите гласини со негативна конотација за Д. Груев го надминале локалниот провинцијализам и стасале до неговиот другар Никола Дејков во Софија. Поради тоа, Н. Дејков му обрнал другарско внимание на Груев. Предизвикан од тоа, на 9. I (ст. стил) 1893 година Даме одговара:

„1. Како што ти пишувале, дека црквата не ја посетувам никако, знај, дека со тоа те излагале, бидејќи ако не друг пат, тогаш барем на Св. Димитрија и Св. Василија не сум испуштил. Но, и никако да не сум отишол, тоа не значи дека ги заслужувам изблуените гуштери од твојот известувач, бидејќи живеам во ‚Македонскиот Берлин‘, каде што досега речиси не само директна, туку

[18] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 10. Оваа исповед на Груев треба да се респектира. Неспорен е фактот дека Груев имал врски со социјалистичкото друштво „Нов живот“ во Софија. Д. Груев и за време на престојот во Прилеп читал некои „социјалистички брошури“ (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 112. Писмо до Н. Дејков, 9. I 1893 г ст. стил,) и оттаму испраќал поздрав до српскиот социјалист Васа Пелагиќ, кој во тоа време се наоѓал во Софија. (Исто, 110, Писмо до Н. Дејков, 18. XI 1892г. ст. стил). Но, исто така факт е дека подоцна самиот Д. Груев се појавил како пречка за вклучување на социјалистите во МРО. (Види Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 347-348). Со оглед на изнесеното треба да се респектира исповедта на Груев за неговиот однос кон социјализмот. Оттука сите тврдења во постарата историографија дека Груев бил приврзаник на социјалистичките идеи се пренагласени, нереални, и идеолошки оптоварени.

и индиректна забелешка не сум претрпел по повод моето отклонување од црквата.

2. Дека *поседувам кренатa глава* и дека освен власта не сум сакал да ги почитувам незаконските насилства на одредени поединци, *тоа си е вистина... Да ја наведнувам главата*, иако сум немал никакво познанство, и на последниот ,Беломаре',[19] или на каков и да бил самозванец... за да не се лишам од нивната благонаклонетост или слично сѐ едно, за да не настрадаат моите интереси во иднина, *тоа би било голем удар за мојата чесна совест*, којашто ми диктира, *додека ме служат мускулите, да не наведнувам глава на подлостите коишто иако ми ветуват отворени врати на рајот* - се разбира, *додека можам ќе се претпазувам*, но не и кога неволно ги применувам. Така што, кратко кажано и доставувачот... имало зошто да ми забележува, но тоа не значи дека сум достоен за ешафота, бидејќи само од него за прв пат сум обвинет за обид против озаконетиот обичај. Сето тоа пак погледнато низ мое око, а уште и при денешната насоченост на мојот дух, та дури и таа отстапка, која ја покажувам кон нивното господство, ја сметам за ,излишна'...".[20]

Во истото писмо, Д. Груев истакнува дека во училиштето поминува добро, со „исклучок во време на заседанијата, било на Советот, било на Друштвото, кога *не можам да се воздржам, дури и при најништожни предизвикувања или молчење од страна на моите колеги*".[21]

Имајќи ја предвид средината, Д. Груев свесно избегнувал да се движи низ чаршијата и да оди на визита. Слободното време го минувал дома, во кореспонденција со пријателите и читање на

[19] Станува збор за Најдо Беломаре.
[20] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 111.
[21] Исто, 112.

„некои социјалистички брошурки".[22] Како што вели самиот, тоа го правел растревожен од мислата бидејќи *„апсолутна среќа во светот нема, сè е суета, и бидејќи самиот човек толку лошо создаден не може да биде плод на вишата разумна сила"*.[23] Како блиски другари во тоа време, Груев ги наведува: Пере Тошев, Ил. Самарџиев, Сотир Хаџиилиев, Г. Х. Панов, Ицко Х. Ангелов, Јован на Димка и други.[24]

Даме Груев, иако привидно манифестирал „незаинтересираност" и стоел на дистанца од прилепската јавност, интимно, со интерес ги следел општествените збиднувања. Оттука, Д. Груев со посебен интерес ги следел настаните при изборот на советници за егзархиската црковно-училишна општина. Токму во тоа време, дотогашниот егзархиски општинар К. Бомболов ја свршил постарата ќерка за едно „влахо-гркоманче", поради што неговото име било прецртано од листата, а наместо него бил внесен друг.[25] За прилепската јавност, која доминантно била егзархиска, било крајно неприфатлива свршувачка на девојка од етаблирана егзархиска провениенција со момче „влахо-гркоманче", т.е. патријаршиска провениенција. Овој „настан" одиграл клучна улога за персонални промени во егзархиската црковно-училишна општина во

[22] Исто.

[23] Исто.

[24] Во писмото Груев вели: „Ме прашуваш кои ми се другари. Одговорот е речиси никој. Причина е, не затоа што не сум достоен да се користам со почитта и на најпоследниот, но затоа што своеволно го избегнувам тоа благоволение, кое потоа се покажува како многу злотворно, бидејќи ме принудува во крајно задолжување кон новиот пријател. Сепак се наоѓа по некој; ти ги наведувам: П. Тошев, Ил. Самарџиев, Сотир Хаџиилиев, Г. Х. Панов, Ицко Х. Ангелов, Јован на Димка, брат му и неколку други". (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 112. ).

[25] Даме Груев - Спомени - Кореспонденция..., 112.

Прилеп.[26] Сепак, овој факт е само една случајна, но секојдневна слика за поделеноста во македонското општество како резултат на верско-пропагандната конфронтираност во Македонија.



*Учителскиот персонал во прилепската гимназија, 1892/93*

Персоналните промени во егзархиската црковно-училишна општина во Прилеп, ако за некои претставувале крупен настан, сепак за Д. Груев тоа било само замена на „алвациите" со „бозациите", речиси „кој од кол, кој од ортома".[27] Според Д. Груев, овие општински избори толку ја обзеле прилепската јавност, така што се развила „жестока борба на литературно поле" која ги полнела колоните на локалните хумористични весници „Шебек" и „Кикиригу".[28] За време на овие настани Д. Груев претпочитал „неутралност". Тој смета дека преку таквите изборни превирања *„злото не се лекува"*, но дека преку ова раздвижување и бранување

[26] Новоизбрани општинари биле: Н. Крапчев, Аце Трпев, татко му на Дудев, Јов. Фукара, Богдан, Тоде Х. Попов и уште неколку други. (Исто, 113).

[27] Исто, 113.

[28] Исто, 114.

на толпата се откриваат пробудените граѓани, а тоа пак „*дава надеж на просветителите*“, дека порано или подоцна нивниот труд ќе биде награден.[29]



*Даме Груев и Пере Тошев од претходната снимка*

Објавувајќи се како „неутрален“, Д. Груев низ овие општински избори, всушност, ја согледал движечката сила на обичниот народ, која може да се канализира во конкретни насоки. Не случајно веднаш по формирањето на Македонската револуционерна организација, Груев и неговите привзаници ќе преземат иницијатива за завладување на егзархиските црковно-училишни општини.

За време на престојот во Прилеп, Д. Груев бил бескрајно опседнат со идејата за револуционерна организација. За тоа сведочи неговата преписка со Никола Дејков. Последниот, како прилепчанец и близок другар на Груев, настојувал за приближување на Д. Груев со прилепчани за да може да се формира организација. Меѓутоа, Груев, имајќи ги предвид приликите во Прилеп, останал песимист во поглед на какво било организирање. Во таа смисла во писмото од 20 мај (ст. стил) 1893 година, Д. Груев му пишува на Н. Дејков: „Без сомнение, дека првенството ќе го оддадеме на Прилеп како на светилник, како што го епитетизираат учените луѓе. По мое пак, не вреди трудот да се говори за него, зашто ако во нашиот вилает има убиено место, за да покрене *иницијатива* (толкувана со нашиот речник) и *утешение на просветителите* за полезноста на нивниот труд, тоа навистина ќе е

[29] Исто.

Прилеп. Никаде на друго место не сум забележал дека високомерието, меѓусебната прекриена омраза и поклонииштвото кон парата нашле почва за виреење како во нашата ,Германија'. Водени од нивната жед за лична благосостојба не би направил грев ако ги вбројам кон живите претставници на семитското колено. Нивната *општествена дезорганизација* најдобро се гледа во секоегодишното опаѓање на училишниот буџет. Ако има некој, кој го претпочитал општото добро пред своето, тоа е или по грешка, или од жедноста за ознаменување на епохата на своето управување во споредба со неговиот омразен претходник, а не зашто е трогнат од полезноста на добродетелство... Ете тоа се резултатите од нашите пожртвувани во дополнение на расположението на масата кон *новите учења*. Само немој да си составам исто мнение и за другите места, кои сепак се утешителни во споредба со очекувањата од Прилеп... Да не одиме до крајности. И тука *сепак се наоѓа по некоја чувствителна единица*, само што нивната расеаност помага да се види шупливоста на целиот град. Меѓутоа, верувам, дека сè ќе биде опростено, кога ќе се земе предвид жалниот факт дека учителскиот персонал, кому девиза му станала меѓусебната завист, ја зазема главата на летаргијата".[30]

Несомнено, прилепската средина во тоа време сè уште не била подготвена за самоиницијатива и организирано прифаќање на револуционерните идеи со кои бил опседнат Д. Груев. Прилепските состојби воопшто не го поколебале Груев, иако често го бранувале неговото „*мозочно куферче*",[31] како што вели самиот. Тој не сакал да прави отстапки и компромиси да се додворува и доближува кон конзервативните прилепчани за реализирање на општиот идеал. Во врска со тоа, Д. Груев пишува: „Да бидам предострожен, недопуслив, внимателен и строг судија и кон најочиг-

[30] Исто, 116.
[31] Исто, 115.

ледната прединицијатива, за да не би можело да се фрли противречна сенка во моето верују, и најпосле да испаднам до таква глупост? О, ако и доцна, доволно што сум свесен да признаам, дека таа несакана прибрзаност, за мене барем, повеќе е и неопростлива. Така, да!... *Да се стремам да бидам образец на поведението, олицетворение на идеалот, надеж на незадоволството, бич на телесното сладострастие и што ли уште не*, та и по сето тоа да искажам готовност за да се вбројам во пионерите на развратот! Та со слично отстапништво да гаиме надеж *за осуштествување на идеалот*, или се гледа, се сакало да се создаде предлог за возобновување на моето одвраќање кон светот, од кое уште при првиот обид да отстапам се гледам пропаднат во бездна. Без соменение, дека тоа повеќе оди на помош на второто, отколку на првото: бидејќи ако таа непријатност ми помогна да го оценам песимизмот како најпрактичен за мене со кој не би требало уште веднаш да се разделувам, та од тоа не излегува, дека со тоа *ослабува преданоста на идеалот. Напротив, тоа само ги прикрива останите мечти во полза на последната*".[32]

Во такви околности, Д. Груев како едвај да чекал да заврши учебната година за да го напушти Прилеп. Така, на 21. VI (ст. стил) 1893 г., истиот ден кога завршиле испитите, Д. Груев му пишува на Н. Дејков дека следниот ден ќе замине за родното Смилево. Притоа информира дека „*е изгубена секоја надеж*" да остане во Прилеп за претстојната учебна година. Истовремено, Д. Груев соопштува дека нема да остане без работа и дека најверојатно ќе замине за Солун. [33]

По пристигнувањето во Солун, Д. Груев му пишува на Н. Дејков дека главна причина за неговото напуштање на Прилеп била неможноста за тајно работење во прилепската средина. Во таа

---

[32] Исто.

[33] Исто, 117.

смисла, Груев пишува: „*Трудот, постојаноста, умереноста, а најмногу верата во идеалот карпи разрушува.* Може да ми се приговори? Сѐ може да се приведе кон исполнување, но малку да се награди на крајот. При таа преданост на парата, ропска потчинетост на модата и разнежнетост... и при содејство на слични соработници, те уверувам сосема слаб успех може да се постигне. На човека би му претстоело прво *да ги привлече симпатиите на своите идни колеги*, со чија помош би му претстоело да работи, но како ќе може тој да ги трогне, кога со предупредување го пресретнуваат. Секоја независност од нив и отворена постапка, без сомнение, макар и света, нивното его ќе знае да ја бламира пред грубото општествено мнение. *Би останало да се пригграби таинственоста, а за жалост, само во Прилеп слично нешто не може да постои...* Кратко кажано, бескорисна проповед таму мачно си го пробива патот“.[34]

Како и да е, престојот на Д. Груев во Прилеп придонел за негово објективно согледување на македонските состојби и поделби. Независно од својата младост (22-годишна возраст), тој со неверојатен критички интерес ги следи, анализира и резимира општествените процеси. Неговата интенција е сето тоа да се стави во функција на општиот идеал. По патот кон него, тој оди со крената глава и цврста волја. Патем тактизира, но не прави компромиси за сметка на идеалот, дури ни со себе.

[34] Исто, 118.

# IV
# Оживотворување на идеалот

## 1. *Формирањето на МРО*

1.1. Солун бил космополитски град во вистинска смисла на зборот.[1] Поради своето геостратешко значење, Солун влегувал

---

[1] Расположивите податоци не даваат прецизна слика за бројот и составот на населението во Солун во тоа време. Според англискиот генерален конзул во 1882 г., Солун имал 104 000 жители. Од нив 20 000 Бугари, Власи и Грци, 30 000 муслимани, вклучително и Евреите муслимани, 45 000 Евреи, 4 000 странци и 5 000 мухаџири. Но, според статистиката на рускиот генерален конзул од истата година, Солун имал 100 000 жители од кои 13 000 Грци, Бугари и Ерменци, 63 000 Евреи, 22 000 муслимани со Евреите муслимани и 2 000 католици. Според австроунгарскиот конзул, Солун имал 106 400 жители. Од нив 20 000 Грци, 14 000 Бугари, 46 000 Евреи, 1 000 Власи, 30 000 Турци, 4 000 странци и 4 000 мухаџири. Во последниот извештај има евидентна грешка. Доколку се соберат сите наведени според етничката припадност, тогаш се добива бројка од 119 000 жители, а не 106 400 жители. Очигледно, графата Бугари првин е додадена на графата Грци, а потоа одделно. (А. Матковски и П. Ангеловска, Извештаи на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година, ГИНИ, XVI/1, Скопје, 1972). Наспроти овие бројки, според османлиските салнамиња од 1307 г. и 1315 г. (по хиџра) т.е. 1890 и 1898 година, Солун имал 88 000 жители. Според Васил К'нчов, кон крајот на XIX век, Солун имал 118 000 жители. Од нив 10 000 Бугари, 26 000 Турци, 16 000 Грци, 55 000 Евреи, 2 500 Цигани и 8 500 разни други. (Ва-

во интересните сфери не само на соседните балкански држави, туку и на големите сили. Оттука, Солун бил вистински предизвик. Според согледувањата на Амфитеатров од 1901 година, во Солун живееле „Словено-Македонци", Срби, Бугари, Грци, Албанци, Турци, Цигани и Евреи. Притоа, три четвртини од населението било еврејско.[2] Според истиот автор, „Грците фантазираат дека Солун е грчки, Бугарите – бугарски, Србите – српски. *Македонците – националисти се надеваат да видат во Солун нов Белград, нова Софија – престолнина на својата идна автономија.* Албанците застрашуват со велика Албанија до Салоники. Кога генијалниот Маргарити го разбуди националното движење среде Куцовласите, дури и овој ништожен народец го потегна кон Салоники, како кон незабидлив политички магнет на сите балкански племиња и држави. Згора на сѐ и жалните Цигани, дури и кај нив живее легендата божем циганскиот цар – таинствен, познат само на не многу старешини на скитнички табори, потомок на египетските фараони – велат дека живее некаде во запустени места, близу до Солун".[3]

Поради сето тоа, Амфитеатров констатира: „*Освен Евреите и Турците, ниту во самиот Солун, ниту во неговата околина, нема ниеден човек, цврсто уверен дека тој ѝ припаѓа токму на таа националност, кон која се вбројува. Во селата и градовите околу Салоники вие ќе сретнете мноштво Бугари, бивши Грци кога било угодно да се биде Грк и готови да станат Срби, ако скоро стане угодно да се прет-*

сил Кънчов, Избрани произведения..., т. II, 443, 440. Според секретарот на бугарскиот конзулат во Солун, во 1911 година градот броел 128 000 жители, од нив 64 000 Евреи или 50%; Турци 25 000 (19,5%); Грци 22 000 (17,2%); Бугари 10 500 (8,2%); и 6 500 разни други (5,1%). (Проф. А. Иширков, Градъ Солунъ, Съборник Солунъ, София, 1934, 12.)

[2] А. В. Амфитеатров, Земја на раздорот, (избор, превод и редакција Цветан Станоевски), Скопје, 1990, 69.

[3] Исто.

*ворат во Срби"*.[4] На крај, Амфитеатров резимира: „*Сите го сакаат Солун, кој ја бара Македонија во иднина. А денеска, господар на Солун ... се оние што и не мислат за Македонија* и за кои Солун е само – Салоники, сами по себе се надвор од секакви односи спрема каква и да е националност, спрема која и да е држава. Таквите незаинтересирани кон политичките бранувања на земјата, како делнички филозофи овде се јавуват *Евреите ... во Турција, и посебно во Солун – тие се конзервативен принцип – сила обезбедувачка"*.[5]

Овие согледувања на Амфитеатров во висок степен претставуваат реален одраз на конфузната реалност не само во Солун, туку и пошироко во Македонија. Независно од сето тоа, Солун како административен центар на истоимениот вилает, а истовремено како економски, политички и културен центар на Македонија, апсорбирал значаен дел од македонското граѓанство. Перспективите што се отвoрале оттука биле примамливи за младата македонска интелигенција од егзархиска провениенција, особено за революционерно настроената, која се надевала во Солун да види престолнина на идната автономија.

1.2. Претприемчивиот Даме Груев, по напуштањето на Прилеп, во јули 1893 година заминал во метрополата Солун. Таму се вработил како коректор во печатницата на Коне Самарџиев за годишна плата од 50 турски лири под услов да не му се мешаат во работата.[6] Во писмото од 28 јули (ст. стил) 1893 година, Груев вели дека мајсторот кон него се однесувал коректно, „*но дип, дип не е пак птица, за да му се плашам и ропски потчинувам"*.[7]

---

[4] Исто, 70.

[5] Исто.

[6] Писмо на Дамјан Груев до Никола Дејков од 28 јули (ст. стил) 1893 година. ДАРМ, ф. Даме Груев, 1, 1241.1.42, оп. 1, ае, 5, л. 139-142; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 118 .

[7] Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 119.



*Коне Самарџиев*

По неполн месец, на 21 август (ст. стил) Груев за својот работодавач пишува: „Тука со Самарџиев ја тераме речиси кучешката... Човек себичен, неопитен, интригант и интересџија... Ќе се трпи, па макар и олицетворение на ѓаволот да е... Рацете ми се врзани од секаде, секоја надеж е одземена, но сепак се надевам, дека од толку посуров и не може да ми се претстави, та ако остане само на тоа ниво, јас нема зошто многу да му ја мислам...“.[8] Евидентно е дека Даме Груев е критички настроен кон својот работодавач Коне Самарџиев. Секако, причината за тоа лежи во различните ставови во поглед на егзархиската црковно-просветна политика во Македонија.[9] Самарџиев, како трговец и издавач, бил длабоко поврзан со егзархиските финансиски трансакции. Поради тоа тој бил во спрега со егзархиската црковно-училишна администрација. Во неа особено се истакнувале директорот на солунската егзархиска гимназија, Михаил Сарафов[10] и училишниот инспектор, Васил К’нчов.[11] Оваа групација проповедала сплотување на маке-

[8] Исто, 121.

[9] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 149-156.

[10] Михаил Сарафов (1854-1924). Бугарски политички деец. Бил министер за просвета (1880-1881); министер за финансии (1884 и 1902-1903); министер за внатрешни работи (1901-1902); бугарски дипломатски претставник во Цариград (1904-1909) и во Виена (1909-1912). Во 1913 е претставник на бугарската влада во Солун, а во 1919 член на делегацијата при потпишувањето на Нејскиот договор. Во периодот од 1893-1896 бил директор на машката егзархиска гимназија во Солун, а во 1895-1896 година и на женската гимназија. Имајќи ги предвид сите овие факти, може само да замислиме каква образовна политика спроведувал Сарафов како директор во Солун.

[11] Васил К’нчов (1862-1902). Бугарски општествен и државен деец. Се пројавил како историчар, етнограф и географ. Бил учител во Солунската егзар-

донското население околу Егзархијата и поддршка за егзархиското црковно-училишно дело, а другото „кога ќе дојде време ќе го сврши Бугарија со своите 200 000 штика".[12] Според нив, „крупните работи" не биле „за коректори и учители".[13]

Меѓутоа, Даме Груев и неговите истомисленици не мислеле така. За нив, интересите на татковината Македонија биле поинакви од оние на Бугарија и на Егзархијата. Оттука, Груев со особен интерес ги анализира егзархиското црковно-просветно дело и неговите претставници во Македонија. За тоа најдобро сведочат информациите од неговите писма.



*Михаил Сарафов*

Така, во писмото од 5. X (ст. стил) 1893 г. Д. Груев пишува: „*Каде ќе излезе крајот, не се знае, но дека и оваа година во гимназијата претстои да се создадат бури, тоа уште од сега можам да го претскажам*. Директорот (М. Сарафов, б.н.) бил со неограниче-

хиска гимназија, а потоа директор на егзархиските гимназии со Сер и Солун. Од 1893-1897 година бил егзархиски инспектор на бугарските училишта во Македонија. Притоа, жестоко се пресметувал со македонските просветни работници кои се дрзнувале да ја критикуваат егзархиската црковно-просветна дејност. Бил типичен претставник на бугарската пропаганда во Македонија. Собрал значајни, историски, етнографски и статистички податоци за Македонија од кои произлегле повеќе дела. На 22 декември (ст. стил) е именуван за министер за народната просвета во владата на Стојан Данев. По еден месец, на 29. I 1902 година бил убиен во својот кабинет од отпуштен чиновник.

[12] Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, т.1, София, 1983 (фототипно издание), 123.

[13] Д-р Христо Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация като митологична и реална същност, София, 1995, 32.

ни права, а поради егоизмот станува неподнослив".[14] Оваа информација, напишана само 18 дена пред формирањето на Македонската револуционерна организација, претставува сериозно навестување на претстојните настани.

Директорот на Солунската егзархиска гимназија Михаил Сарафов е предмет на опсервација и во писмото на Д. Груев од 2 XI 1893 година. Во него, меѓу другото, пишува: „Берекатврсн (благодарение, б.н.), што Сарафов појде таму (Бугарија б.н.), за да си ја земе фамилијата, та учителите здивнаа. Совршено им ги игнорира правата и од најсилниот до најслабиот не се ништо друго освен орудија на неговата волја. Зборот заседание се чувствува за излишен во нивниот гимназиски речник. Никаков предметен час не зема и исклучиво се занимава со администрација, а не е чудо и само со пишување на статии во Бугарија – 500 наполеони!!! (годишната плата на директорот, б.н.)".[15]



*Иван Хаџи Николов*

За разлика од Прилеп, Даме Груев во Солун нашол повеќемина истомисленици кои биле критички настроени кон егзархиската црковно-просветна политика и, воопшто, кон другите пропаганди во Македонија.

Во 1892 година, прибежиште во Солун нашол Иван Хаџи Николов, кој бил револуционерно ориентиран уште од младешки години. Тој на 11. IX (ст. стил) 1893 година отворил сопствена книжарница.[16] Кај Хаџи Николов веќе била зацврстена идејата дека *„само со една тајна револуционерна организација ќе може да се пресече патот на*

[14] Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 124.
[15] ДАРМ, ф. 1953, Даме Груев... л. 151-152; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 126; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 150.

*туѓите пропаганди во Македонија“.*[17] Затоа, тој сондирал личности кои имале децентралистички погледи во однос на егзархиското црковно-училишно дело. Во прво време такви нашол во лицата на Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Димитар Цонев и Христо Батанџиев. Меѓутоа, помислата дека се малкумина ја одложило акцијата, но не и намерата. Во јули 1903 година,[18] во потрага по авторитетна личност, Хаџи Николов заминал за Софија каде што преку Коста Шахов се сретнал со Гоце Делчев. Последниот, начелно ги прифатил принципите на Хаџи Николов,[19] меѓутоа, својот пристап во Организација го условил со завршување на Военото училиште.

Есента 1892 година како училишен лекар во Солунската егзархиска гимназија се вработил д-р Христо Татарчев.[20] Тој во текот на летната ваканција во 1893 година обиколил повеќе македонски градови за да се запознае со состојбите во земјата.[21] Есента 1893 година, како професор во Солунската гимназија се вработил Петар Поп Арсов.[22] Д. Груев и Поп Арсов биле стари познаници

---

[16] Основането на ВМРО (Изъ запискитѣ на Иванъ Х. Николовъ), собщава Хр. Шалдевъ, Ил. Илинденъ, VIII/1 (71), София, 1936, 5.

[17] Исто.

[18] Д. Димески, Гоце Делчев..., 40. Искажувањето на Хаџи Николов дека средбата меѓу него и Делчев се одржала во јули 1892 година е неточно.

[19] Види: Г. Тодоровски, Можно ли е, нужно ли е датирање на раѓањето на македонската нација (Уште еднаш над мемоарите на Иван Хаџи Николов), Зб. Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, Скопје, 1994, 289-294; Спомени на И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, (редакција Иван Катарџиев), Скопје, 1995. 76-77. Христо Андонов Полјански, Гоце Делчев, Скопје, 1972, т.1, 110.

[20] Първиятъ централенъ комитетъ на ВМРО, Спомени на д-р Христо Татарчевъ, сообщава: Љ. Милетичъ, София, 1928, 95.

[21] Исто, 95-100.

[22] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 41.

и сподвижници на младешкиот револуционерен дух. Нивната улога во Македонското студентско друштво најрелјефно го илустрира тоа. Од друга страна, блискоста на Иван Хаџи Николов со Лозарите му дала можност да се запознае со идејните определби на Поп Арсов. Оттука, не случајно Поп Арсов се нашол во комбинациите на Хаџи Николов. Во плановите на Хаџи Николов бил Димитар Цонев, кој во 1893/94 година веќе не бил учител во Солунската гимназија.[23] Блиски до идеите на Хаџи Николов, Д. Груев и П. Поп Арсов биле уште Христо Батанџиев – секретар на Солунската егзархиска црковно-училишна општина, и наставникот по турски јазик Андон Димитров.[24]


*Христо Татарчев*

Несомнено, Даме Груев, Иван Хаџи Николов и Петар Поп Арсов подолго време биле опфатени од револуционерната плима. Д. Груев и И. Хаџи Николов во тој поглед биле претприемчиви. Сепак, се чини дека кај Хаџи Николов постоела доза на колебливост, па затоа барал повеќе авторитетни личности. За разлика од него, Даме Груев бил личност од акција без двоумење. Како и да е, за своите идеи двајцата стекнале искрени приврзаници. Алката меѓу нив бил Петар Поп Арсов.

Во август 1893 година Даме Груев, барајќи медицинска помош, се запознал со д-р Христо Татарчев. Веќе на третата средба Даме ги отворил картите. Двајцата разговарале за подобрување

[23] Основованието на ВМРО..., 6.

[24] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 30.

на *„политичката положба на нашиот народ“*.[25] Притоа Груев зел обврска за споменатата идеја да сондира други лица. Несомнено, Татарчев со „својата тогаш ретка, необично ценета професија ... го импресионирал Груева“.[26] Во меѓувреме, Даме Груев се зближил и со Андон Димитров.[27]

На 21.X/2.XI 1893 г., крај солунскиот брег се сретнале Иван Хаџи Николов, Даме Груев и Андон Димитров. Тема на разговорот било ослободувањето на Македонија. Тогаш никнал предлогот тројцата да формират Револуционерна организација.[28] Хаџи Николов истакнал дека тој од своја страна ги има на располагање Петар Поп Арсов, Христо Батанџиев и Христо Татарчев. Тие закажале заедничка средба по два дена. Всушност, тогаш бил закажан основачкиот состанок на МРО. Главен иницијатор за сето тоа бил Даме Груев.



*Петар Поп Арсов*

1.3. Основачкиот состанок на Македонската револуционерна организација (МРО) се одржал во саботата навечер на 23. X / 4. XI 1893 година во станот на Христо Батанџиев.[29] На него присуствувале: Даме Груев, Иван Хаџи Николов, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Андон Димитров и домаќинот Христо Батанџиев. Притоа се разговарало за идната *„политичка работа“*.[30] Истовремено била разгледана општата ситуација во Македонија. Во таа

---

[25] Първиятъ централенъ комитетъ..., 100-101.

[26] Д. Димески, Гоце Делчев..., 42.

[27] Исто, 41.

[28] Основоването на ВМРО..., 6.

[29] Д. Димески, Гоце Делчев..., 42.

[30] Първиятъ централенъ комитетъ..., 100.

смисла било констатирано дека положбата на населението е неподнослива и дека за нејзино подобрување е потребна „една планомерна и сериозна акција, и тоа колку побрзо, толку поголем изглед за успех ќе има".[31] Во тој контекст била разгледана опцијата за самоиницијативно преземање мерки од страна на Османлиската Империја за подобрување на положбата на христијанското население, бидејќи тоа била меѓународна обврска која произлегувала од чл. 9 од Парискиот договор од 1856 година и чл. 23 од Берлинскиот договор. Меѓутоа, со оглед на поранешните неуспешни обиди за реформи во Империјата, било заклучено дека сите реформи ќе бидат безуспешни сè додека теократскиот режим се темели врз принципите на Куранот и додека не се извршат суштествени промени во душите на муслиманското население и неговите традиции.[32]



*Андон Димитров*

Корифеите на МРО, откако констатирале дека е залудно да се надеваат на каква било можност за подобрување на положбата преку легални средства, едногласно ја прифатиле идејата да се конституираат како Револуционерна организација. Тогаш Хаџи Николов изјавил: *„Од сега натаму треба да бидеме готови на секој ризик, дури и на бесилка да одиме"*.[33] Во тој контекст се и зборовите на Д. Груев во неговото писмо од 31. III (ст. стил) 1894 година во кое пишува: „се гледа дека *со јажето или куршумот рано или касно ќе тре-*

[31] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 23.
[32] Исто.

*ба да се бакнувам, но нека се погрижиме барем малку од малку да биде за цел“.*[34]

Несомнено, основоположниците на МРО свесно презеле личен ризик со оглед на фактот што како илегална организација биле надвор од постојните закони.

Спомнатава шесторка тогаш се конституирала „како друштво без писмен протокол и без да се изберат раководители како претседател и слично. На таа средба не се утврди никаква формалност, клетва или нешто слично, за да се сметаат членовите за лично обврзани да дејствуват за делото“.[35] Сите биле убедени дека им претстои сериозна и тешка задача. Секој одделно бил обврзан да размисли за формата и дејноста на Организацијата. По неколку дена била одржана нова средба, но и тогаш немало конкретни решенија.



*Христо Батанџиев*

1. 4. Конкретното конституирање на МРО било на 5. I 1894 година, пред Богојавление, за време на Коледната ваканција.[36] Тогаш на дневен ред било поставено прашањето за целта, името и поставеноста на Организацијата. Појдовна основа претставувал член 23 од Берлинскиот договор. При дефинирањето на целта посебна тешкотија претставувал обидот за *„синтеза на идеализ-*

[33] Исто.

[34] Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 132; ДАРМ, ф. 1953, Даме Груев..., писмо бр. 14, л. 153-157.

[35] Първиятъ централенъ комитетъ..., 101-102.

[36] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 130.

*мот и реалноста*".[37] Веројатно поради тоа, Петар Поп Арсов подоцна пишува дека формирале „Комитет за придобивање на политичките права за Македонија дадени ѝ од Берлинскиот договор".[38] Слично на него, Даме Груев вели: „Девизата беше: спроведување на решенијата на Берлинскиот договор".[39]

Меѓутоа, според Х. Татарчев, откако чл. 23 од Берлинскиот договор им се видел „како апстрактен за народот, прифатиле да се замени со една попластична фигуративна формула – *автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници*", а тоа да се впише во Уставот на Организацијата.[40]

Согледувајќи ја комплексноста на македонскиот проблем во тогашната балканска и европска констелација, корифеите на Организацијата се задржале на автономниот принцип,[41] кој „лебдел пред очите на сите",[42] како најпогодно решение во моментот.

Со таквиот пристап кон решавањето на македонското прашање, сметале дека праведно ќе ги задоволат етничките групи во земјата, дека ќе ги амортизираат аспирациите на соседните држави и на големите сили, а истовремено бил менажиран суверенитетот на Османлиската Империја.[43] Минималната слобода што би се постигнала на тој начин би гарантирала доволно материјален и културен развој на сите националности во Македонија. Во врска со тоа, првиот претседател на ЦК на МРО, Х. Татарчев, пи-

[37] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 24.
[38] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.
[39] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 11.
[40] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 25.
[41] Хр. Татарчев, Спомени отъ миналото, Сб. Илинденъ, София, 1922, 12.
[42] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 141.
[43] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 25.

шува: „*Ние не можевме да дејствуваме поинаку и да ја предрешаваме судбината на македонскиот народ и му оставивме нему, подоцна да си ја кова судбината* ... Тоа кое би му се диктирало подоцна од неговите интереси, тој е слободен да прави како што сака".[44]

При определувањето на целите на Организацијата, основоположниците ја имале предвид сложеноста на македонскиот проблем во тогашната балканска и европска констелација. Ним им биле познати меѓународните обврски на Османлиската Империја, а го знаеле и ставот на големите сили за зачувување на постојното status-quo на Балканот. Тие истовремено ги знаеле претензиите на соседните балкански држави спрема Македонија, а притоа ја чувствувале длабоката поделеност меѓу македонското население поради дејствувањето на пропагандите, како и конфузната состојба што произлегувала од сето тоа.[45]

Иако формулата политичка автономија на Македонија не добила поширока елаборација во официјалните акти на Организацијата, несомнено, таа била прифатена од повеќе тактички причини: 1. Оваа формула имала меѓународна поткрепа во чл. 23 од Берлинскиот договор; 2. Со барањето автономија на Македонија формално-правно не се нарушувал територијалниот интегритет и суверенитет на Османлиската Империја; 3. Со девизата автономија на Македонија полесно можел да се привлече поголемиот дел од македонското население, кое било разединето од пропагандите на соседните држави; и 4. Автономијата давала можност

[44] Исто.

[45] Поопширно за автономниот принцип на МРО види: Ванчо Ѓорѓиев, Автономијата – тактика или цел на МРО, Зб. 100 години Илинден 1903-2003, прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003, том I, МАНУ, Скопје 2005, 257-264.

да се бара морална и материјална поддршка за ослободителното дело од соседните држави и тамошната македонска емиграција.[46]

Меѓутоа, зад автономниот принцип се криела повисока цел за создавање на самостојна македонска држава. Оттука, декларираната политичка автономија треба да се сфати како преодна етапа кон остварувањето на конечната цел – слободна независна македонска држава. Оваа идеја во почетокот била навестувана внимателно и тивко, но подоцна добила поширока афирмација.[47]

Во тој контекст, прво посериозно јавно афирмирање на поимањето на автономијата среќаваме во еден напис од 1902 година во весникот „Право" кој во тоа време минувал како неофицијален орган на Организацијата. Во него, меѓу другото, се вели: „*Внатрешната организација ќе му даде на секој да разбере дека работи за единството и независноста на Македонија како слободна држава на Балканскиот Полуостров. Таа организација давала и во иднина ќе дава докази дека не е агент на ниту една од соседните држави, туку агент само на македонската слобода и независност. Со таквите докази таа постепено ќе ги отстранува племенските разлики во Македонија и ќе го организира идниот, иако и разнобоен, но способен да се самоуправува мирно и тивко, македонски народ*".[48] Набрзо потоа, Организацијата изјавува: „*Внатрешната револуционерна организација не може и не треба да се солидаризира со погледите на патриоти надвор од сферата на Македонија, зашто таа не може и не треба да го смета македонскиот народ за кал, од кој може да се прави денес едно, утре друго, без да се плаши дека ќе се претвори во пепел и прав*".[49] Конечно, во 1905 година, Организацијата во својот официјален орган „Революционерен лист", ќе истакне: „*Автономна Македонија од Организација-*

[46] Исто, 259.
[47] Исто, 259-263.
[48] Вътрешната революционна организация, Право, II/31 (39), 22.09.1902, 3.
[49] Право, II/36 (44), 1.11.1902.

*та се сфаќа како самостојна држава"*.[50] Истата 1905 година Даме Груев истакнал дека Организацијата дејствува самостојно издигајќи ја девизата *„Македонија на Македонците"*, дека Организацијата *„не сака за ништо судбината на Македонија да ја потчини на интересите на Кнежеството* (Бугарија, б.н.)" и дека главната цел е автономија на Македонија, а никакво присоединување кон Бугарија.[51] Како и да е, прашањето за автономија на Македонија не добило толкување во официјалните акти на Организацијата. Оттука, ова прашање, честопати некритички и пристрасно се толкува како етапа за присоединување на Македонија кон Бугарија.

На јануарската средба од 1894 година било утврдено името на Организацијата – *„Македонска револуционерна организација"* (МРО), на чело со *„Централен македонски револуционерен комитет"* (ЦМРК).[52] За седиште на ЦМРК бил определен *Солун*, кој требало *„да одигра голема историска улога за македонскиот народ"*. [53]



*Факсимил од печатот на ЦК со потписите на Груев и Татарчев*

Истовремено, бил конституиран Централниот комитет, во кој влегле шестемина основоположници на МРО. За претседател на ЦК бил избран Христо Татарчев (со псевдоним „Светимиров"), а за *секретар и благајник Даме Груев* (со псевдоним „Брајан Митрев"). На истата средба било разгледано прашањето за устројството на МРО. Притоа, при рака имале еден од томовите на Захариј Стојанов, од каде за образец бил земен „Уста-

---

50 Официялна притурка, Революционнен листъ, 2 юни 1905, 3.

51 Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, IV том, 57.

52 Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 26.

53 Исто.

вот на бугарските револуционерни комитети“. Врз таа основа Петар Поп Арсов бил задолжен да подготви нацрт-устав за МРО.[54] Истовремено Поп Арсов бил задолжен да напише брошура под наслов „Стамболовштината во Македонија“.[55] Во поглед на зачленувањето во Организацијата бил прифатен предлогот на Иван Хаџи Николов: „Оние што ќе се изјаснат за децентрализација на црковно-училишното дело во Македонија (да се сметаат б.н.) за погодни и да се посветат во револуционерната идеја“.[56]




*„Стамболовштината“, факсимил од насловната страна*

Одринско првобитно не влегувало во програмата на МРО. Идејата за Одринско била прифатена подоцна. Тоа било сторено од причини што *„положбата на христијанското население таму, особено на бугарското, не се разликува во ништо од онаа на македонскиот народ“*.[57]

Како и да е, конституирањето на МРО претставува нов, квалитативен момент во нагорниот развој на македонското ослободително движење. Тоа е почеток на едно континуирано, организирано, револуционерно ослободително движење со јасна определена цел и политичка програма.

---

[54] Първиятъ централенъ комитетъ..., 103.

[55] Мѣрки за засилване на революционната организация (Из запискитѣ на Ив. Х. Николовъ), Ил. Илинденъ, 2 (72), София, 1936, 6; Види: Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници (превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев), Скопје, 2006.

[56] Мѣрки за засилване на революционната организация..., 6.

## 2. Првиот Устав и Правилник

2.1. Поради отсуство на изворна протоколарна документација која во прво време не била создавана, останува простор за извесни недоречености, а понекогаш и контрадикторности во поглед на донесувањето на првите акти на МРО, пред сè Уставот и Правилникот. Оттука, не може да се прецизира кога точно бил прифатен Уставот на МРО.[58] Според Х. Татарчев, тоа било на една од наредните седници.[59] Од преписката на Даме Груев со Никола Дејков се добива впечаток дека во март 1894 година Уставот егзистирал. Така, во писмото од 9. III (ст. стил) 1894 г., Груев пишува дека во внатрешноста „се образуваат тајни кружоци од месни луѓе ... Кружоците се потчинуват на извесна Организација и се наоѓаат во взаемни односи. Во случај на потреба ќе се поткрепуваат еден со друг против општиот непријател. Инструкциите се уважуваат само откако ќе станат решение на Централниот кој исто така е во внатрешноста".[60] Понатаму, во писмото од 31. III (ст. стил) 1894 г., Груев пишува: „За членовите задолжително е да внесуваат по извесна сума во фондот сообразно својата положба",

---

57 Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 26.

58 За нас се неприфатливи ставовите на Константин Пандев околу датирањето на уставите и правилниците на МРО. (Види: Константин Ст. Пандев, Устави и правилници на ВМОРО преди Илинденско-преображенското въстание, Исторически преглед, год. XXV, кн. 1, София, 1969, 68-80). Наспроти приведените аргументи од К. Пандев, види: Иван Катарџиев, Даме Груев и некои прашања за уставите на ВМОРО до Илинденскиот период, Зб. Даме Груев во македонското националноослободително движење..., 69-78; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 44, белешка 64; Марија Пандевска, На патот кон Илинден: Уставот на ТМОРО и неговото датирање, 100 години Илинден 1903-2003..., т. II, 141-154.

59 Първиятъ централенъ комитетъ..., 103.

60 ДАРМ, ф. 1953, Даме Груев, оп. 1, а.е. 5, 158-159.

како и „Не е неопходно членовите меѓу себе да се знаат, туку само претседателите контактираат“.[61] Согласно конспиративните начела на Организацијата, Груев во првото писмо се потпишал со псевдонимот Дамко, а во второто како Д. Богој.[62] Посочениве фрагменти од писмата на Груев во висок степен коинцидираат со прокламираните начела во Уставот.

Првиот Устав на МРО бил изработен врз база на „Уставот на Бугарскиот централен револуционерен комитет“,[63] публикуван во записките на Захариј Стојанов.[64] Засега не може да се утврди дали поднесениот нацрт-устав од Петар Поп Арсов бил прифатен целосно или претрпел некакви промени. На таква помисла упатува искажувањето на Д. Груев: „Се групиравме меѓу себе и заеднички изработивме правилник-устав“.[65]

Полниот наслов на Уставот гласи: „Устав на бугарските македонско-одрински револуционерни комитети“.[66] Оттука произлегува уште една контрадикторност. Имено, Х. Татарчев пишува дека името „бугарска“ било изоставено како во името на Организацијата, така и за Централниот комитет.[67] Несомнено, Х. Татарчев изнесува вистина. Тоа го потврдува официјалната документација, според која Организацијата била наречена *Македонска революционерна организација*, на чело со *Македонски централен револу-*

[61] Исто, л. 161-164.

[62] Види: Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 131; 134.

[63] Види: Уставъ на Българския централни революционии комитети, Записки по българскитѣ въстания (расказъ на очевидци) 1870-1876 отъ Захарий Стояновъ, (I изд., т. I, Пловдивъ, 1884), томъ I, II и III, V изд., София, 1942, 74-80.

[64] Първиятъ централенъ комитетъ..., 103.

[65] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 11.

[66] Види: Уставъ на Бълг. Македон. – Одр. Револ. комитети (АО, ИНИ, сл. I,).

[67] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 26.

*ционерен комитет.*[68] Меѓутоа, префиксот „бугарска“ сепак нашол место во првиот Устав на Организацијата. Оваа недоследност и конфузност може да се објасни единствено ако се има предвид фактот дека основоположниците на МРО произлегувале од егзархиските средини и дека во прво време тие им се обраќаат токму на овие средини. Нивното ослободување од бугарското влијание, кое систематски било наметнувано преку образовниот процес, одело постепено, а не наеднаш. Според османлискиот милет систем како „Бугари“ во тоа време биле третирани сите Македонци – егзархисти, исто како што Македонците – патријаршисти биле третирани за Грци, или пак како што сите муслимани биле третирани за Турци. Најпосле, треба да се има предвид фактот дека, во прво време, ширењето на МРО било насочено сред македонското егзархиско население, па оттука би било нетактички секакво реско пресекување. Сосема природно, МРО прво требало да се вовлече меѓу македонското егзархиско население, да се зацврсти меѓу него, а потоа да го поведе по сопствениот пат. По две години, откако МРО ја поставила базичната мрежа, ја напуштила оваа практика, што е евидентно во терминологијата во новиот Устав и Правилник.

Дополнителна конфузија околу првиот Устав на МРО предизвикува тоа што во него е вклучено и Одринско. Х. Татарчев категорично тврди дека Одринско првобитно не влегувало во програмата. Вниманието било насочено кон Македонија. „Подоцна се прифати идејата за него, бидејќи *положбата на христијанското население таму, особено на бугарското, не се разликуваше во ништо од*

[68] Види: Михајло Миноски, Прилог кон прашањето за името на Македонската револуционерна организација во почетниот период од нејзиното дејствување (1893-1896), МАНУ, Прилози. Одделение за општествени науки, XXVI/2, Скопје, 1996, 71-82.

*онаа на македонскиот народ“*.[69] Всушност, првиот комитет на МРО во Одринско бил формиран во 1895 година од страна на Христо Поп Коцев, по налог на Д. Груев.[70] Јасно е дека на првите средби (вклучително и јануарската), кога се осмислувала физиономијата на МРО, не станало збор за Одринско. Меѓутоа, Уставот на МРО бил донесен по јануарската средба, веројатно до март 1894 година. Можеби во овој меѓупериод основоположниците на МРО ја разгледале можноста за вклучување на Одринско во Организацијата?! Доколку е така, поради тоа Одринско било внесено во Уставот, што во тој момент претставувало прејудицирање, бидејќи таму сè уште не постоел организиран комитет.

Уставот содржи 14 члена, распоредени во 4 глави. Во нив се опфатени: целта, составот, устројството, материјалните средства и казните. Според чл. 1, целта била *„придобивање на полна политичка автономија на Македонија и Одринско“*,[71] со што квалитетно е надраснат чл. 23 од Берлинскиот договор.[72] Според чл. 2, за реализација на целта МРО била должна да го „разбуди сознанието за самозаштита“ кај населението во Македонија и Одринско „да шири меѓу него революционерни идеи преку печатот или усно и *да подготви и подигне едно општо востание“*.[73]

Составот и устројството на Организацијата се регулирани во втората глава (чл. 3-11). Според чл. 3, член на Организацијата можел да биде секој „Бугарин“ (Македонец – егзархист, б.н.) „што не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред оп-

[69] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 26.

[70] Ламби Данилов – Стилиян Нойков, Националноослободителното движение в Тракия 1878-1903, София, 1971, 83.

[71] Уставъ на Бълг. Македон. – Одр. Револ. комитети..., 1.

[72] Д. Димески, Гоце Делчев..., 44.

[73] Уставъ на Бълг. Македон. – Одр. Револ. комитети..., 1.

штеството".[74] МРО била поставена врз строго конспиративни начела. Во врска со тоа, во чл. 4 се вели: „Членовите на секој комитет се делат на групи со по еден началник, определен од раководителот. Секој член на групата како и началникот носат по еден број даден од надлежниот комитет. Секој работник ги знае само членовите на неговата група и началникот, а последниот го знае само раководителот на Комитетот или посредникот".[75] Според член 5, Организацијата е поставена врз хиерархиско централистички принцип. Таа се состои од селски, околиски и окружни комитети. Над нив стоел Централниот комитет. Назначувањето на управните тела одело хиерархиски од горе надолу. Така, управните тела на окружните комитети се назначувале од Централниот, на околиските се определувале од окружните и се потврдувале од Централниот, а на селските се назначувале од околиските комитети (чл. 6). Од безбедносни причини, секој член на управните тела има псевдоним (чл. 7). За потпечатување на важната кореспонденција ЦК имал свој печат. Според чл. 9, секој комитет е обврзан да има тајна пошта. Мерките за самозаштита се предвидени во чл. 10, каде што се вели: „За следење на делата на внатрешните и надворешните непријатели и за претпазување од нив, секој комитет има своја тајна полиција".

Финансирањето на Организацијата е регулирано во третата глава. Според чл. 12, Комитетите ќе се снабдуваат со пари: 1. од доброволни прилози; 2 од редовни членски вносови; 3. од пари собрани на начин каков што ЦК ќе најде за целесообразен, или пак месниот, со претходна согласност на Централниот.

Секој што ќе се огрешел кон револуционерното дело, без оглед дали е или не е член на Организацијата, се казнувал. „Накажувањето му се определува од месниот комитет и се извршува во

---

[74] Исто, 2.

[75] Исто.

согласност со Централниот“ (чл. 13). Во последниот чл. 14 се вели: „Врз основа на овој устав е изработен детален внатрешен правилник“. Очигледно станува збор за прејудицирање.[76]

2.2. Врз основа на последната одредба од Уставот бил изработен Правилник. Поради отсуство на првостепена изворна документација, како и поради одредени контрадикторности во мемоарската литература не може да се определи кога точно бил усвоен Правилникот. Сигурно е само дека тоа било една уставна (статутарна) обврска. Тоа, од своја страна, ги демантира тврдењата на Х. Татарчев и И. Хаџи Николов дека практиката ја наметнала потребата од изработка на Правилник.[77]

Правилникот содржи 50 членови, кои се распоредени во 11 глави. Во нив се разработени: 1. составот, устројството и должностите на револуционерните комитети; 2. должностите на управните тела на месните револуционерни комитети; 3. должностите на членовите на управните тела; 4. должностите на началниците на групите; 5. должности на членовите – работници; 6. кореспонденција; 7. тајна пошта; 8. тајна полиција; 9. казни; 10. вооружување; 11. материјални средства.[78]

Според чл. 1, ЦК и управните тела на месните комитети се состојат од претседател, секретар, касиер и неколку советници. Членовите на ЦК биле изборни. Тие се избирале секоја година со

---

[76] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 143.
[77] Според Х. Татарчев, потребата од Правилник, ЦК ја почувствувал по Ресенското советување. Оваа задача му ја доверил на И. Хаџи Николов, а ЦК го прифатил Правилникот до крајот на 1894 година. (Първиятъ централенъ комитетъ...,104). И. Хаџи Николов истакнува дека подготовката на Правилникот му била доверена во 1895 година. (Мѣрки за засилване на революционната организация..., 7). Овие контрадикторности по кој знае кој пат ја потврдуваат општата констатација дека хронологијата е прва жртва во мемоарската литература.
[78] Правилникъ на бълг. Македон.-одр. Револ. комитетъ, АО, ИНИ, сл. I, 355.

мнозинство гласови од раководителите на окружните комитети или нивни полномошници (чл. 2). Изборното начело било предвидено само за членовите на ЦК. Во другите случаи назначувањето оди строго централистички – од горе надолу. Меѓутоа, треба да се има предвид дека изборното начело за ЦК во практика не било применувано. Работите се одвивале пред сѐ врз другарски начела со договарање. Според чл. 3, за време на изборот на ЦК се определувало и неговото седиште, кое им било познато само на раководителите на окружните комитети. Според алинеја 5 од чл. 4, ЦК „одржува контакти со надворешните македонски револуционерни комитети, доколку има такви, и во договор со нив и окружните комитети го прогласува денот на востанието, го утврдува планот на дејствата, го раководи движењето директно или преку посебна комисија формирана од него во договор со надворешните комитети“.[79] Надежите на МРО за помош од евентуалните надворешни македонски комитети брзо се оладиле по појавата на Македонскиот комитет во Софија и неговата прва акција во Македонија.[80]

Според член 5 од Правилникот, членовите на управните тела сносат подеднаква одговорност за извршување на задачите. Потчинетите комитети, на крајот на секој месец, биле должни да даваат извештај за извршените задачи и за положбата во својот

---

[79] Според Д. Димески, „авторите на Правилникот... се носеле со илузии, за надворешна помош, со очи свртени првенствено кон македонската емиграција во Бугарија. Затоа тие ги изедначиле евентуалните надворешни македонски комитети со рангот на внатрешните окружни комитети, задржувајќи му го, сепак, правото на ЦК на главен фактор координатор на идното востание“. (Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 144). Оваа претпоставка се потврдува од писмата на Д. Груев, кој во овој ран период се залага за формирање на клон на МРО сред македонската емиграција во Бугарија. (Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 140).

[80] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 140.

реон. На крајот од годината тие биле должни да поднесат детален извештај: 1. за бројот на членовите и колку од нив се способни да се борат со оружје; 2. за бројот на оружјето и уште колку им е потребно; 3. за активноста на тајната полиција и нејзиниот квалитет; 4. за тајната пошта; 5. за финансиската положба; 6. за духот на членството и противниците; 7. за бројот на османлиските сили (војска, полиција, башибозук), (чл. 6).

Месните комитети не смеат да влегуваат во врска со други внатрешни или надворешни комитети без дозвола на ЦК. Во тој контекст исклучок постои само за соседните комитети и тоа за „ненадејни работи, и за потреби кои не трпат одлагање“. Во таков случај раководство било должно да го извести ЦК (чл. 7). Најнизок раководен орган биле началниците на групите. Нивните обврски се регулирани во чл. 13. Приемот на нови членови во групите бил дозволен само со препорака на некој постар член и со дозвола на претседателот (чл. 14). Новите кандидати за членови пред добивањето на препораката за прием биле сондирани преку револуционерна литература и разговор за положбата во земјата и претстојната дејност (чл. 16). Во чл. 15 е предвидена заклетвата.

Секој член бил должен да плаќа членски внос, зависно од неговата положба, и да се грижи за набавка на сопствено оружје. Комитетот се грижел за вооружување на сиромашните членови (чл. 17).

Конспиративниот карактер на Организацијата доаѓа до израз во чл. 18 од Правилникот, каде што се вели: „Секој член ги знае само другарите и членовите на неговата група... работниците треба да бидат трезвени, чесни, тајни и непоткупливи, тие не треба да пијат ниту да му зборуват некому што било за революционерното дело, не исклучувајќи ги и блиските пријатели, домашни и роднини. Тие кон никого не смеат да имаат заканувачко

држење и систематски треба да одбегнуват сѐ што може да создаде сомнеж кај луѓето дека се членови на Комитетот. На работниците им се забранува пеење на бунтовнички песни и изливи на патриотски чувства, не само пред луѓе неодредени за делото, туку и пред другари по делото“. Членот 19 предвидува дека ниеден работник на МРО не смее да откаже извршување на поставена задача. За сѐ што ќе разберат за делото, членовите биле должни да ги известуваат своите началници (чл. 20). Без дозвола на раководителот, членовите немале право на своја глава да преземаат никакви активности. Спротивната постапка била казнива, особено ако била штетна по делото (чл. 24). Членовите на Организацијата немале право да го критикуваат и напаѓаат управното тело и, воопшто, делото. Таквите се сметале за пакосници (чл. 26).

Комитетот бил должен да им помага на своите членови кога ќе се најдат во непожелна ситуација поради извршување на комитетска работа. На тоа биле обврзани и членовите меѓусебно (чл. 22-23).

Според чл. 27, кореспонденцијата требало да се врши со хемиско мастило и шифра. Истото се однесува и за архивата. Нејзината шифра била позната само на претседателот и секретарот (чл. 28). Функционирањето на тајната пошта е регулирано во членовите 29 – 33 од Правилникот.

Обврските на тајната полиција, која е предвидена со чл. 10 од Уставот, подробно се разработени во чл. 34 од Правилникот. Таа се состои од две одделенија: истражно и казнено. Началниците на двете одделенија ги избираат раководителите на месните комитети. Началникот на истражната комисија си избира тројца помошници, кои не треба да се познаваат меѓусебно. Според чл. 35, истражната полиција била должна да го следи поведението на членовите на Комитетот, на христијанското и турското население, но и на османлиската јавна и тајна полиција, и за тоа да го из-

вестува Комитетот. На сличен начин била организирана и казнената полиција. Нејзиниот началник полагал заклетва пред раководителот на Комитетот за беспрекорно извршување на поставените задачи. Помошниците давале таква заклетва пред началникот (чл. 36). Казнената полиција ги извршувала одлуките на месниот комитет, а првенствено ги спроведувала казните за лица кои се огрешиле кон делото (чл. 37). Извршителите на казните се избирале со ждрепка (чл. 38-40).

Поради можноста од провали доминира смртната казна (чл. 41-43). За нејзино извршување била потребна согласност од ЦК. Таа можела да се изврши од специјални пратеници на ЦК (чл. 44). Терористите и членовите на тајната полиција вообичаено требало да бидат вооружени со кама и револвер, а за време на акција со 2 револвера (чл. 39). Обичните членови требало да бидат вооружени со „пушка, а таму каде е можно и со револвер и кама“ (чл. 45). Членот 46 предвидува и соодветна опрема, како облека, обувки и друго (чл. 46).

Во врска со финансирањето, покрај другото, Правилникот предвидува собирање средства и со „заплашување или насила, од луѓе, кои можат, но не сакаат да помогнат“ (чл. 48). За добиената сума се издава расписка потпечатена со печат на ЦК (чл. 49). Последниот, 50 член предвидува дека во касата на ЦК треба да влезат „третина од собраните пари, заедно со сметките“, но кога ќе се побара – и „останатиот дел од парите“.

# V
# Вкоренување

## 1. *Просевање на семето*

1.1. МРО на историската сцена се појавила во последната деценија на XIX век, кога Османлиската Империја го допрела дното на општествено-економската и политичката криза која длабоко ја засегнала Македонија како составен дел на Империјата. Во тоа време македонското население било политички, економски, културно и духовно обесправено. Неговото национално обособување било попречено од разгранетиот систем на црковно-просветните пропаганди на соседните балкански држави. Тоа е време кога сложената балканска и европска констелација на испреплетени и конфронтирани интереси не отворала перспектива за блиско позитивно решавање на македонското прашање.

Во такви околности не постоела ниту една автохтона македонска институција која би послужила како легална обединувачка алка меѓу македонското население врз основа на неговите интереси. Оттука, појавата на МРО била неминовна. Општествените претпоставки за нејзиното егзистирање биле евидентни. При така сложена констелација, вкоренувањето на револуционерната идеја помеѓу потиштеното македонско население претставувало сизифовска работа. Тоа налагало да се продре во душата на насе-

лението, да се искорени неговиот поданички менталитет, да му воскреснат духот и самодовербата и, најпосле, да се канализира кон посакуваната цел.

1.2. *Личните, квалитативните и професионалните особини на корифеите на МРО* претставувале солидна гаранција за нејзиниот подем. Секој од нив на своевиден начин дал значаен придонес при воспоставувањето на базичната мрежа на МРО.[1] Сепак, првичното разгранување на МРО било внимателно и постепено, но затоа, пак, сигурно и без потреси.[2] Притоа примарното место му припаѓа на Даме Груев. Образован и комуникативен, со челична волја и вроден реалистички осет, Д. Груев „се пројавил како сјаен агитатор и неуморен организатор".[3] Тој бил вешт говорник „слаткодумен и авторитетен",[4] со убедлива моќ. Груев во своите проповеди „секогаш тргнуваше од основната мисла дека економ-

---

[1] Според Х. Татарчев, Дамјан Груев, сновејќи по хотелите и ановите во Солун, врбувал учители и трговци. И. Хаџи Николов, во својство на книжар, со своите книги освен учителите ги заразувал и учениците. Христо Батанџиев, како секретар на Солунската егзархиска црковно-училишна општина привлекувал учители и свештеници. Петар Поп Арсов со својата цврстина опстојувал во борбата со идејните противници. Андон Димитров, познавајќи ги месните услови, придонесувал за избегнување на ризичните револуционерни потфати. Претседателот на ЦК, Х. Татарчев, како лекар создавал врски со народот. (Хр. Татарчев, Спомени отъ миналото, 13).

[2] Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, (фототипно издание), София, 1983, 42.

[3] Д. Димески, Даме Груев – Основоположник и организатор на македонското револуционерно движење, Зб. Даме Груев во македонското национално-ослободително движење..., 87.

[4] Вл. Д. Карамфиловъ, Единъ споменъ отъ Солунската гимназия, Сб. Илинденъ, София, 1926, 78.

ската положба се наоѓа во тесна врска со политичката слобода“.[5] Сепак, Груев во агитацијата бил мошне претпазлив, пристапувајќи им само на луѓето кои влевале доверба.[6] Понекогаш настапувал сосема директно со зборовите *„Готов ли си да умреш за Македонија“*?[7]

За квалитативните особини на Д. Груев, претседателот на ЦК, Христо Татарчев пишува: *„Д. Груев беше еластичен, прониклив и практичен ум, помалку на теорија, отколку на дело. Во практика тој имаше нешто сократско по иронијата и методот на пропагирањето на ослободителната идеја*. Секогаш почнуваше со вообичаени нешта од животот, кои го засегаа собеседникот, додека најпосле го воведе во гонетата цел. Тој вообичаено се однесуваше со извесен сомнеж кон собеседникот, обично прикриен со иронија и смев, кои го издаваа неговиот внатрешен немир. Неговиот индуктивен манир и вера во народните сили многу му олеснуваа во пропагандата. Тие квалитети, од него создадоа еден редок организатор – апостол“.[8]

Првите чекори на МРО се директно поврзани со Даме Груев. Центарот на Организацијата бил Солун. Оттука, првите активности се сведуваат на Солун и неговата потесна околина. Првите латентни огништа од каде што се ширела револуционерната идеја биле Солунската машка егзархиска гимназија, книжар-

---

[5] Боянъ Мирчевъ, Спомени на някои активни дейци в Македонското революционно движение, II, Спомени на Григор Стефанов Попев, Известия на БАН, София, 1956, т. 6, 498.

[6] Исто.

[7] Спомени на Иванъ Граванов..., 111.

[8] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 29.

ницата на И. Хаџи Николов, Вардарската црква и Бошњак ан на прилепчанецот Васил Мончев.[9]


*Александар Хаџи Панов*

Даме Груев ги покрстил првите членови на МРО. Меѓу нив се вбројуваат: Алексо Келешов (часовничар, прилепчанец), Васил Панчев (слуга, велешанец), Атанас Мурџев (книговодител, прилепчанец), Куситасе, како и учениците од Солунската гимназија: Александар Хаџи Панов (прилепчанец), Славејко Стрезов (ресенчанец) и Тодор Станков (прилепчанец).[10] Набрзо потоа, во редовите на МРО бил вклучен сопственикот на Бошњак ан прилепчанецот Васил Мончев. Неговиот хотел бил претворен во „револуционерен клуб за агитација и дискусија".[11] По него бил вклучен Поп Стамат од солунското село Бугариево. Со негова помош Организацијата почнала да се шири кон солунските села. Особено корисно се покажало неговото настанување во Вардарската црква во Солун, која *„од храм на богомолци се претвори во револуционерно свърталище"*.[12] Во тоа време во МРО биле посветени Стефан Матлиев од Охрид – комисионер во солунската царина, Туше Делииванов од Кукуш (по препорака на И. Хаџи Николов и Д. Гру-

[9] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 146-147.

[10] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 33; Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото..., 12; Д. Димески, Даме Груев – Основоположник и организатор..., 88-89.

[11] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 33.

[12] Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото..., 13.

ев), потоа ученикот Минчев од Кавадарци, а по негова препорака и кавадаречкиот трговец со вина во Солун – Иван Велков.[13]

П. Поп Арсов, И. Хаџи Николов и Андон Димитров го сондирале теренот за прием во МРО на Лазар Димитров. Сепак, поради резервираност, неговиот прием бил извршен нешто подоцна, со посредство на Даме Груев.[14]

На револуционерна агитација биле подложени и учениците од погорните класови на Солунската егзархиска гимназија. Во неа бил формиран кружок со кој раководеле Даме Груев и Петар Поп Арсов.[15] Интересно сведоштво за функционирањето на една таква група ни оставил Тодор Станков.[16] Врска помеѓу групата ученици и Д. Груев бил ученикот Александар Хаџи Панов. Секоја недела групата имала директна средба со Груев, кој им доставувал револуционерна литература.[17] При секоја нова средба прво се разговарало за претходно прочитаното. Потоа следело прашањето: Дали народот во Македонија може да се организира за ослободување од Турците преку револуционерна борба? Груев ги подготвувал седмокласниците по завршувањето на последниот клас да останат учители во Македонија, а истовремено и агитатори на револуционерната идеја. Нивното место во кружокот требало да го пополнат шестокласниците. Груев настојувал завршените ученици по секоја цена да останат во Македонија, макар со пониско образование, отколку да заминат за Бугарија, каде што ќе

---

[13] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 33-34.

[14] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 144, белешка, 90; Д. Димески, Даме Груев – Основоположник и организатор..., 88.

[15] Владо Картов, Сава Михајлов, Скопје, 1977, 34.

[16] Тодоръ Станковъ, Македонската революционна организация, Ил. Илиндень, г. IV, 4 (43), София, 1931, 6-7.

[17] Исто, 6.

се оддадат на кариеризам, наука или пак расипништво.[18] Една недела пред крајот на учебната година, групата била повикана во станот на Петар Поп Арсов, каде што во присуство на Д. Груев, А. Келешов, А. Мурџев и еден свештеник, формално положиле клетва. Тие биле заколнати од свештеникот пред кандило, евангелие, кама и револвер. Истовремено добиле инструкции за идната работа.[19]

1.3. Револуционерната агитација не наидувала секогаш на поволен прием. Понекогаш дури и многу блиски познаници на Д. Груев, плашејќи се за својата кариера пред егзархиските црковно-училишни власти, манифестирале дволичност и воздржаност. Типичен пример за тоа бил Димитар Мирчев, другар на Груев од студентските денови и активен учесник во Македонското студентско друштво. Тој се кичел пред Д. Груев дека „го движат старите идеали“, а од друга страна се претставувал како добар со сите, иако на „сите би им подготвил бездна“, доволно само ако му се укаже можност тоа да биде без жртви.[20] Оттука, Д. Мирчев подоцна ќе се најде во спротивниот проегзархиски табор олицетворен во опуртунистичкото „Бугарско тајно револуционерно братство“.

За време на велигденската ваканција (1894 г.), Д. Груев и И. Хаџи Николов во Сер го сондирале Христо Матов. Меѓутоа, тогаш неговиот одговор бил: „ќе си помислам“.[21] Навистина, Матов бил покрстен следната година од Д. Груев.

Димитар Мирчев и Христо Матов не биле единствени што го одбиле првиот револуционерен повик. За тоа најдобро сведочат зборовите на Груев во писмото до Н. Дејков од 31. III (ст. стил)

---

[18] Исто, 7.

[19] Исто.

[20] Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 127-128.

[21] Мѣрки за засилване на революционната организация...,6.

1894 г.: *„Нашиот народ е затапел, своето го презира, а за верба во себе тешко сака и да слушне. Црковно-училишните работи од пред неколку години се во владение на неколцина... Народот се отеглил целосно, малку ги согледува и цени своите интереси. Затоа барањето сега на негово содејство честопати удира на камен, како да се кани за поход на Кина"*.[22] Во тој контекст се и зборовите на Груев во писмото од 9. III (ст. стил) 1894 г., во кое вели: „Што може да очекуваш од таков народ и може ли најпосле да се нарече народ, кога нема ништо што би го поврзало со поттикнување".[23]

1.4. МРО, иако била внимателна, претендирала за брзо ширење на сопствената мрежа. Врските со внатрешноста на Македонија и со македонската емиграција во Бугарија биле брзо воспоставени. Скромните податоци од малкуте зачувани писма на Д. Груев од најраниот период на МРО фрлаат дополнителна светлина за првичниот развоен период на Организацијата. Тие ги дополнуваат досегашните сознанија кои се засновани исклучиво врз база на мемоарската литература.

Во писмото од 7/19. II 1894 г., Груев со задоволство му пишува на Н. Дејков дека во Солун најзначајна партија е *„горе – долу титулираната ‚Сепаратистичка', на која ѝ претстои успех. Ти, не е чудо, од високо да гледаш на тоа движење, но треба да знаеш, дека Исус бил од Назарет"*.[24] Понатаму, Груев пишува: *„Пред сѐ, сепаратистичкиот стрмеж не треба да го сметаме за утопија*. Тој не ги обзема крајностите на вистинскиот сепаратизам, како што си претставуваат крајните шовинисти. *Тој е плод (разбирам нашиот нов сепаратистички правец), та имено плод на настојувањето на Бугарија да спомогне на кај нас. Тоа* (сепаратистичко движење б.н.) *го наоѓа излезот само во завземањето на едно друго поведение од страна на Ма-*

[22] Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 132.

[23] Исто, 130.

[24] ДАРМ, ф. 1953, Даме Груев, оп. 1, ае. 5, л. 153-157.

*кедонците спрема соседите*“.[25] Во продолжение, Груев истакнува дека училиштата во Македонија при постојната егзархиска управа биле „*сосема штетни за земјата*“, бидејќи тие можеле „*само да ја исцедат земјата од нашите млади сили и да го погубат духот меѓу задржаното население*“.[26] МРО, откако ги согледала последиците од таквата образовна политика, си поставила за цел помеѓу населението да ја вкорени „*мислата за самостојно работење*“. Според Груев, МРО своето внимание го насочила кон училиштата, бидејќи сè почнувало оттаму, а таа тема може да биде „достапна за секого“.[27] Меѓутоа, Груев истакнува: „*Но, тоа не значи уште од сега да проповедаме со бајрак. Се стремиме некое време тајно да проповедаме, додека се подзасилиме, а и за да не му дадеме можност на непријателот да се варди и да ни пречи*“.[28] Поради тоа, МРО настојувала својата активност да ја усогласи со месните услови. Од тие причини во прво време, според Груев, биле пренебрегнати „послабо пробудените места“, како Костур и Сер, бидејќи таму веќе се работело со пари, а МРО се чувствувала „слаба за таков дуел“.[29]

Во истото писмо од 7/19. II 1894 г. Д. Груев, со задоволство пишува дека во Солун „*добро прогресираат*“. За прво успешно дело на МРО го смета успешното отворање на Неделното училиште, како продолжение на Вечерното. Д. Груев потенцира дека директорот на Солунската егзархиска гимназија, Михаил Сарафов, настојувал да го потчини Вечерното училиште под своја контрола „за да би можело и тоа да цвета и напредува под неговиот ретрограден режим“, но неговата намера удрила „на камен“.[30] На крај, Груев истакнува дека проегзархиските кругови сè уште не ја сфа-

[25] Исто.
[26] Исто.
[27] Исто.
[28] Исто.
[29] Исто.
[30] Исто.

тиле нивната „крајна цел, но ишала (дај боже б.н.) *ќе дојде ред да ја почувствуваат*".[31]

Кога точно МРО го отворила Неделното училиште не може да се утврди. Но, факт е дека тоа во почетокот на февруари функционирало, заменувајќи го дотогашното Вечерно училиште, кое, исто така, било дело на МРО.[32] Според И. Хаџи Николов, одлуката за основање на Неделното училиште била донесена од шестемина членови на ЦК на МРО. Всушност, преку Неделното училиште требало да се опипа духот кај населението и да се влијае во корист на МРО. Раководители на Неделното училиште биле Даме Груев и Лазар Димитров.[33] Училиштето било сместено во поткровната просторија на една зграда која била прилепена до црквата „Св. Димитрија". Занимањата ги водел Иван Ачков, инаку учител во централното основно училиште.[34] Директорот на Солунската егзархиска гимназија М. Сарафов, за да ја парализира работата на Неделното училиште, им забранил на учителите од основните училишта да земаат учество во неговата работа. За време на првите лекции во Неделното училиште имало околу 60 слушатели.[35] За нив биле организирани скратени курсеви по елементарно читање и сметање. Меѓутоа, тоа било само параван. Таму првенствено се држеле предавања за Француската револуција, италијанското обединување, за Гарибалди и, воопшто, за востанија и ослободителни движења. МРО, откако констатирала дека

---

[31] Исто.

[32] Според тоа, отпаѓа тврдењето на Лазар Димитров дека Неделното училиште било отворено по Велигден. (Види: Димитровъ Лазаръ, Презъ време на учителствуването ми въ Солунъ, Ил. Илинденъ, XIV/10 (140), София, 1942, 5.)

[33] Мѣрки за засилване на революционната организация..., 6.

[34] Л. Димитровъ, Презъ време на учителствуването ми въ Солунъ..., 5.

[35] Исто.

во Солун има поволна почва за агитација и успех, по двомесечна работа го затворила Неделното училиште.[36]

1.5. Влијанието и авторитетот на штотуку формираната МРО набрзо се потврдиле на изборите за советници при егзархиската црковно-училишна општина во Солун. Притоа, листата која била поддржана од МРО однела победа со 90% освоени гласови, наспроти проегзархиската групација.[37] Не можејќи да се помират со катастрофалниот пораз, проегзархиските средини ги оспориле резултатите и побарале од Егзархијата да не ги потврди изборите. Поради тоа, новоизбраната општинска управа, која била под влијание и контрола на МРО, не била потврдена во наредните 10 месеци. Подоцна, наместо потврда, Егзархијата донела нов Правилник, според кој биле организирани нови избори. Меѓутоа, и тоа не помогнало. На повторените избори, листата што била поддржана од МРО, повторно победила.[38] Овој факт јасно укажува колку брзо нараснале авторитетот и довербата на солунското егзархиско граѓанство спрема МРО за сметка на конзервативните проегзархиски кругови. Се разбира, МРО на овие општински избори не настапила со револуционерна агенда. Напротив, таа се прикривала под плаштот на својата критичка настроеност спрема егзархиската црковно-просветна политика.

Новоизбраната општина, иако не била потврдена, ги презела своите ингеренции во црковно-училишното дело. Поради тоа, директорот на Солунската егзархиска гимназија, Михаил Сарафов, одбил да ја признае новоименуваната пансионска (интернатска) комисија. Како одговор на тоа, Општината донела *„решение да ги прекине сите односи со Училишниот оддел* (во Цариград б.н.), *па на крај и со Егзархијата“*, бидејќи последната била наклонета да

[36] Мѣрки за засилване на революционната организация..., 6.
[37] Исто.
[38] Исто.

ја одобри постапката на М. Сарафов.[39] Истовремено за Цариград заминал општинскиот претседател Козма Пречистански за да даде усно образложение за настаните во Солун. Тој, најверојатно, ја избегнал одговорноста пред егзархот. Меѓутоа, според Д. Груев, МРО успеала да ја разниша неговата положба пред К. Самарциев. Поради тоа, на К. Пречистански не му останувало друго, освен да ѝ угодува на Организацијата, бидејќи тоа бил единствениот начин за неговото опстојување во Солун. Всушност, тој не ги знаел целите на групацијата што го поддржала, па оттука сметал дека поддршката што му била укажана од протагонистите на МРО преку општината била заради негова милост.[40]

Со предизвиканиот конфликт помеѓу општината и директорот М. Сарафов, Д. Груев смета дека тие успеале да предизвикаат *„љубов и интерес меѓу масата, која се беше преобрнала во едноставен набљудувач... а и тоа за сега не е малку. Назад се уште суштинските ѓурултии, но тие се неизбежни за да се посоживи народот. Ептен го убија со тие пусти помошти“*.[41] Според Д. Груев, причина за дотогашната незаинтересираност на населението за црковно-училишните работи било тоа што *„на многу места сме допуштиле националното сознание и единство, само со пари да се добива“*. Затоа тој го поставува прашањето: *„Што може да очекуваш од таков народ и може ли најпосле да се нарече народ, кога нема ништо што би го поврзало со поттикнување“*.[42]

Токму затоа, МРО повела иницијатива за преземање на контролата врз егзархиските црковно-училишни општини. Со борбата за завладување на општините, МРО настојувала да ги разоткрие и придобие револуционерно настроените сили. Притоа

---

[39] ДАРМ, ф. 1953, Даме Груев, оп. 1, ае. 5, л. 158.

[40] Исто.

[41] Исто.

[42] Исто.

се настапувало претпазливо, без да се откриваат крајните цели на Организацијата бидејќи, според Груев, „народот бил крајно плашлив и не би се решил дури да има односи, доволно ако подозира некој дека сосема остро работи против законот“.[43] Во продолжение Д. Груев вели: „*Нека некое време навикнат на тајно работење, нека се увериме во пракса дека е возможно да се занимаваме и со поделикатни работи; нека се оддела поблагонадежните уште од сега и нека им воскресне духот, а потоа ќе правиме како што времето и искуството ќе ни свири... Треба прво со секој град и село да добиеме превез во управата, за да може непогодните да ги искорениме и од нашата секта да установиме*“.[44]

Резултатите од таквиот пристап на МРО првобитно биле повеќе од очигледни. Борбата со проегзархиските кругови допрва се разгорела, а Солун станал центар на таа борба.[45] Се чини дека ако таквиот пристап во прво време дал позитивни ефекти, подоцна одвлекол драгоцено време и енергија. Во целиот случај посебно е интересен фактот, дка основоположниците на МРО, иако произлегувале од егзархиските средини и нивниот професионален ангажман и материјална егзистенција била во зависност од егзархиските црковно-училишни институции, тие бескрупулозно ја критикувале црковно-просветната политика на Бугарската егзархија во Македонија. Нивната крајна цел била преземање на општините бидејќи тие биле „единствената народна институција, која што ја зачувала нашата национална и човечка физиономија, низ петстогодишниот период“.[46]

---

[43] Исто, л. 162.

[44] Исто.

[45] Види: Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници (превод, редакција, коментар и предговор, д-р Ванчо Ѓорѓиев), Скопје, 2006.

[46] Исто, 92-93.

1.6. По неколкумесечна работа, Даме Груев е задоволен од постигнатите резултати. Во врска со тоа Груев на 9/21. III 1894 г., на Н. Дејков му пишува: *„Работите кај нас земаат добар тек... на ред почнаа да се образуваат тајни кружоци од месни луѓе, коишто ќе работат за самостојни подвизи... Кружоците се потчинуваат на извесна организација и се наоѓат во взаемни односи. Во случај на потреба ќе се поткрепуваат еден со друг против општиот непријател. Инструкциите се уважуват само откако ќе станат решение на Централниот кој, исто така, е во внатрешноста. Слично преземање беше нужно од прв степен, за да се увериме колку нашинецот е подготвен тајно да работи“.*[47]

Груевиот оптимизам се гледа и од писмото од 31. III. / 12. IV. 1894 г.: *„Ние натаму доста прогресираме... основањето кружоци следува доста прогресивно, макар ограничувајќи се со малку членови... Крајната цел засега останува во бездејство меѓу приватните; дури на мнозина од главниот уште не им е откриена, па и уште ќе се држи во тајност, додека не се искалат претпазливи, карактерни и тајни да станат... За членовите задолжително е да внесуваат по извесна сума во фондот сообразно положбата, а подобро – добрата волја. Кој по лира, кој по половина турска лира внесуваме ете секој месец. Од внатрешноста има некои, коишто и помалку внесуват, но има пак и надеж поголема сума да вложиле“.*[48]

Во овој период Д. Груев дури размислува за формирање на комитет на МРО *„зад границата“*, бидејќи се чувствувала потреба за издавање на сопствен Орган.[49] Во тој контекст, во писмото до Н. Дејков од 31.III/12.IV 1894 г., Груев пишува: „Надежта повеќе е таму (Бугарија б.н.) другар, таму е најболното место, кое малку по малку треба да се лекува. Се сеќаваш каде ми сечат мислите

[47] ДАРМ, ф. 1953, Даме Груев, оп. 1, ае. 5, л. 158-159.
[48] Исто, 160-164.
[49] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 148.

нели?... *И без еден може да биде, но и со еден честопати многу бидува.* Оттаму има и други, кои земаат учество, а не би било лошо и таму со таква цел да се формира група“.[50] Притоа, Груев го предупредува Дејков: „Ако ти откриваш нешто по тоа прашање, тоа е само со претходно одобрување на главата, кон која припаѓам и јас и на која твоето име не сум го открил, ниту пак би го открил без твоја согласност“.[51] И во оваа пригода Груев уште еднаш потенцира дека *„Ќе треба и свој орган да превземеме, но тоа е лесно, а пред сè треба да се создаде кој да го чита“*.[52]

Иако во писмата на Груев станува збор за формирање на кружоци во внатрешноста на Македонија уште во февруари – март 1894 година, засега не може да се утврди нивното егзистирање. Без сомнение, веројатно станува збор за помали кружоци и групи, кои сè уште не биле организирани како комитети во вистинска смисла на зборот. Веројатно тоа се првите изолирани јадра, а можеби и поединци, околу кои се развиле подоцнежните комитети.

## 2. *Големата обиколка*

2.1. Летото 1894 г. Д. Груев ја напуштил коректорската работа кај К. Самарџиев во Солун[53] и во согласност со ЦК на МРО[54] презел опширна обиколка во Македонија. Во врска со тоа, Груев

[50] ДАРМ, ф. 1953, Даме Груев, оп. 1, ае. 5, л. 162-164.

[51] Исто, 164.

[52] Исто.

[53] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 11.

[54] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 34.

во спомените вели: *„Намерата ми беше да обиколам неколку места во Македонија, за да подготвам почва“.*[55]



*Тодор Лазаров*

Својата двомесечната обиколка (јули - август 1894 г.) Д. Груев ја започнал од Штип. Неговата намера била да се запознае со „тамошните луѓе“.[56] Во Штип, Груев забележал дека „некои граѓани“ биле благонаклонети кон него, дури му предложиле да им стане учител.[57] Веројатно во групата „некои граѓани“, меѓу другите, се вбројува штипјанецот Тодор Лазаров, кој во тоа време бил претседател на училишното настојателство во градот.[58] Само тој можел да му понуди учителско место. Д. Груев, иако почувствувал благонаклонетост, сепак сметал дека е „прерано да зборуваме за идејата“.[59] Веројатно, за време на овој престој во Штип, Груев договорил учителско место за себе за претстојната учебна година.[60] Во спротивно, по завршувањето на обиколката не би се вратил во Штип.

2.2. Од Штип, Д. Груев заминал за Кавадарци. Таму, во јули 1894 година, Груев ги поставил темелите на првиот комитет на МРО во внатрешноста на Македонија.[61] Работата во Кавадарци била олеснета преку ученикот Иван Минчев, кој претходно во Со-

---

[55] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 11.

[56] Исто.

[57] Исто, 12.

[58] Штип низ вековите, книга прва, Штип, 1986, 401.

[59] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 11.

[60] На таков заклучок упатуваат зборовите на Груев „Ме повикаа за учител во Штип“. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13).

[61] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 156-157.



*Иван Минчев*

лун бил покрстен во МРО. Преку него, Д. Груев се сретнал со Јанаќи Илиев – трговец со кожи.[62] Тие ги препорачале главниот учител Пане Иванов и трговецот Иванче Велков, кој бил член на црковно-училишната општина.[63] Картите биле отворени со помош на ученикот И. Минчев. Тогаш, Груев ги запознал со Организацијата, им дал препис од Уставот што го носел со себе и формално ги заколнал.[64] Претседател на комитетот станал учителот Пане Иванов.[65] Во Кавадарци, Груев се задржал неколку дена. Од таму, заедно со членовите на месниот комитет, заминале за Ваташа, каде што во Организацијата биле вклучени неколкумина.[66]

2.3. На 17/29 јули 1894 г., Д. Груев заминал за Прилеп.[67] Таму престојувал во почетокот на август.[68] Во Прилеп, со посредство на веќе покрстените од Солун: Александар Хаџи Панов и Тодор Станков, бил формиран месен комитет. Во него влегле: Александар Хаџи Панов (претседател), Тодор Станков, Иван Гагалев,

---

62 Петре Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до Балканските војни, Кавадарци, 1995, 35-36.

63 Исто, 36; Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 34.

64 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12.

65 П. Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата..., 38.

66 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 157.

67 За датумот на поаѓање на Д. Груев за Прилеп дознаваме од дописната картичка што ја пратил на 17. VII (ст. стил) 1894 г., до Н. Дејков. На картичката Груев пишува дека заминува за Прилеп, без да го наведе местото од каде ја испраќа истата. (Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 134).

68 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12.

П. Саратинов, Атанас Иванов, Јордан Поп Костадинов (учител), Јордан Гавазов и други.[69]

2.4. Од Прилеп, Д. Груев заминал за Битола. Таму најпрво се сретнал со Пере Тошев – негов интимен познаник по ослободителната идеја од време на учителствувањето во Прилеп (1892).[70] По иницијатива на Д. Груев,[71] во Битола бил формиран комитет на МРО.[72] Во него влегле: Пере Тошев (претседател), Анастас Лозанчев (секретар), Глигор Попев (касиер) и Георги Пешков (советник).[73] Според Д. Груев, тогаш во Организацијата бил вклучен селскиот учител Неделко Дамјанов и други (вкупно десетина лу-

---

[69] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 170; Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12.

[70] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12.

[71] Анастас Лозанчев во своите спомени тенденциозно, дури дрско, настојува да ја маргинализира улогата на Д. Груев при формирањето на Комитетот во Битола. Види: Спомени на Анастас Лозанчев, Македония в пламци. Спомени на Андон Къосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кръсто Лазаров, Екатерина Паница, Записал Боянъ Мирчев, Съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София, 2003, 98-99.

[72] Во мемоарската литература постојат противречности за времето кога бил формиран Комитетот на МРО во Битола. Проблемот е околу тоа дали овој Комитет бил формиран пред или по Ресенското советување. Според спомените на Д. Груев, Х. Татарчев и Ѓорче Петров, се добива впечаток дека Комитетот во Битола бил формиран пред Ресенското советување на МРО. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12-13; Първиятъ централенъ комитетъ..., 104; Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, вовед, коментар и редакција: Љубен Лапе, Скопје, 1984, 50-51). Меѓутоа, според Григор Попев и Анастас Лозанчев, Комитетот во Битола бил формиран по Ресенското советување (Спомени на Гр. Ст. Попев, Спомени на някои дейци..., 499; Спомени на Ан. Лозанчев, Спомени на някои дейци..., 484). Види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 170, белешка 157, 174-175.

[73] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 175.

ѓе).[74] Неделко Дамјанов за краткотрајната Груева мисија во Битола си спомнува: *„Груев имаше некаква внатрешна сила која му придаваше незаменлива власт на апостол.* Вообичаено започнуваше со шеги, коишто ги расмеваа малку собраните и создаваа атмосфера на срдечност и доверба. Како првата задача да му беше од душата на секого да ја протера бојазноста, а потоа неговата приказна постепено добиваше сила на незаменлива сугестија. Самиот тој беше толку убеден во вистините, кои ни ги соопштуваше, и тој многу веруваше во успехот на започнатото, што во неговото кротко и достапно слово не можеше да се долови ниту сенка од колебливост. И можеби бидејќи самиот веруваше толку искрено, му поверувавме веднаш и ние само по две или три средби му го прифативме предлогот, го образувавме месниот комитет“.[75]

За време на престојот во Битола, Д. Груев го поканил во Организацијата својот познаник од студентските денови Никола Наумов (тогаш инспектор на селските училишта). Меѓутоа, Н. Наумов бил скептик и одбил да се вклучи во МРО.[76] Тогаш Трајче Доревски од Ресен (тогашен учител во Битола), како мечтател за „perpetuum mobile“,[77] се занесувал со идејата прво да се обучи за летање со балон, па потоа да се вклучи во ослободителното дело.[78] Таквите идеи не му биле далечни ниту на скромниот Пере Тошев. Тој, при разговорот со Д. Груев, покренал некои принципиелни прашања околу средствата за постигање на целта. П. Тошев како индувидуалист секогаш ги боготворел личните подвизи и не можел да се помири со мислата за народно востание.

[74] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13.

[75] Цитирано според: Йорданъ Бадевъ, Даме Груев..., 44-45.

[76] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12. Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоноодринска революционна организация..., 35.

[77] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 35.

[78] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13.

„За него само личноста воопшто има значење, бидејќи таа ја твори историјата, а не масите. Анархичните дејства – бомбацилакот, ја беа завладеале неговата душа. Секое друго средство за него беше неефикасно за борба против Турција и поради таа причина тој беше настојувал час поскоро да се пратат луѓе во странство за да се изучат на тоа искуство“.[79]

2.5. На 15/27 август 1894 година, за време на верскиот празник Успение на Пресвета Богородица, во Ресен било закажано осветување на новоизградената егзархиска црква „Св. Кирил и Методиј“. Со осветувањето чиноначалствувал охридскиот егзархиски митрополит Григориј.[80] Традиционално, на таквите несекојдневни настани се случуваат големи народни собири. Токму овој настан, ЦК на МРО го искористил како превез за организирање на едно пошироко советување на МРО во Битолскиот вилает, инаку познато како Ресенско советување.[81]

---

[79] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 34-35.

[80] Тодоръ Станковъ, Нѣкога и сѣга (спомени на преживъци), Съборътъ въ гр. Ресенъ, по случай освещаването на новата черква „Св. Кирилъ и Методий“ на 15 августъ 1894 г. Първа сбирка на революционната организация, Ил. Илинденъ, г. 3/7 (27), София, 1930, 1-3.

[81] Во мемоарската литература само Христо Татарчев овој собир го именува како прв конгрес на Организацијата. Види: Д-р Х. Татарчев, Спомени отъ миналото..., 14; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 35.

Меѓутоа, според А. Лозанчев „во Ресен немало никаков конгрес зашто дотогаш немаше Организација, а само одделно организирани лица и може да се каже дека таа започна од тогаш“. (Спомени на Ан. Лозанчев, Спомени на някои активни дейци..., 484). Слично на него, Григор Попев вели: „Тврдењето на некои дека при осветувањето на црквата во Ресен се одржал конгрес не одговара на вистината, зашто ниту во Охрид, ниту во Струга, Ресен и Битола во тоа време немаше револуционерни комитети“. (Спомени на Гр. Попевъ, Спомени на някои активни дейци..., 498). Според И. Х. Ни-



*Црквата „Св. Кирил и Методиј“во Ресен*

Организатори на Советувањето биле Д. Груев и Христо Татарчев. Григор Попев соопштува дека тој и Александар Хаџи Панов во Ресен биле поканети лично од Д. Груев.[82] За таа цел Александар Хаџи Панов од Прилеп допатувал во Битола, а оттаму заедно со Г. Попев и Анастас Лозанчев заминале за Ресен. Д. Груев допатувал во Ресен преку родното Смилево.[83]

Ресенското советување започнало на 15/27 август 1894 година и траело три дена. Советувањето се одржало во куќата на Татарчеви во Ресен.[84] На него учествувале: Христо Татарчев, Дамјан Груев, Анастас Лозанчев, Георги Пешков, Александар Чакаров, Григор Попев, Александар Хаџи Панов, Тодор Станков, Ата-

колов „собранието во Ресен имаше карактер на собир на посветени и непосветени и не може да се таксува како собир – конгрес“. (Мѣрки за засилване на революционната организация..., 7). За собир зборува и Т. Станков. (Т. Станковъ, Нѣкога и сѣга..., 3). Д. Груев спомнува дека во Ресен заминал по повод „осветувањето на црквата“. Тој дури не го спомнува ниту собирот. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13) Оттука тврдењето на Татарчев дека тогаш бил одржан Првиот конгрес на МРО е неиздржано. Веројатно, Татарчев го глорифицира Советувањето како Конгрес, бидејќи истото се одржало во нивната куќа.

[82] Спомени на Григор Стефанов Попев, Даме Груев 1871-1906 (истражување и материјали)..., 103.

[83] Исто.

[84] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 171.

нас Мурцев, Славејко Стрезов и Трајко Доревски,[85] а можеби и други.[86]

Според имињата на присутните, Советувањето има „привидно регионален карактер“ (за Битолскиот вилает), меѓутоа, усвоените одлуки „ги надминуваат регионалните рамки и се однесуваат на МРО во целина“.[87] Релевантноста на Советувањето и неговите одлуки ги засилува фактот што на него присуствувале Христо Татарчев и Дамјан Груев, всушност претседателот и секретарот – благајник на ЦК на МРО. Тоа, пак, што двајцата биле родум од Битолскиот вилает, претставува дополнителна погодност.[88]

По тридневна дебата, според Х. Татарчев, Советувањето ги донело следниве одлуки: 1. Македонија да се подели на револуционерни реони и во секој од нив да се постави соодветно авторитетно лице; 2. Материјални средства да се собираат не само од членовите на Организацијата, туку и од симпатизерите на делото; 3. Во црковно-училишните институции: општини и училишта (било егзархиски, било општински) да се провлечат колку што

[85] Исто, 172-173.

[86] Покрај наведените, низ мемоарската литература се провлекуваат и имињата: Никола Наумов, Пере Тошев, Андреј Љапчев, Петар Поп Арсов и Андон Димитров. (Види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 172, ф. 166). Меѓутоа, ако за првите тројца во тоа време постоела реална можност да присуствуваат во Ресен и на Советувањето, тогаш за последните двајца: Петар Поп Арсов и Андон Димитров таквата можност речиси е исклучена.

[87] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 172.

[88] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 159.

може свои луѓе, или симпатизери на делото; 4. Засилување на пропагандата со месни весници и револуционерна литература.[89]

Покрај тоа, на Советувањето станало збор за зацврстување на месните комитети и проширување на нивната активност и за вооружувањето, барем со револвери.[90]

Ресенското советување реафирмирало некои од веќе воспоставените принципи на МРО, но исфрлило и нови. Меѓу старите реафирмирани принципи секако е одлуката за инфилтрирање на повеќе привrзаници на делото во црковно-училишните институции. Тоа само по себе говори колку Организацијата полагала на тој план. Новина претставува одлуката за поделба на земјата на револуционерни реони. Иако од достапните материјали не може да се утврди конкретното распределување на реони (окрузи) и имплементацијата на оваа одлука, факт е дека по Советувањето на територијата на Македонија се издигнале три револуционерни центри: Солун, Битола и Штип. Тие како такви егзистирале до Солунскиот конгрес (1896), кога била извршена нова административно-територијална поделба на организационата територија на револуционерни окрузи. Ресенското советување дало силен импулс врз натамошниот развој на МРО. Притоа, Дамјан Груев одиграл круцијална улога.

Иако во Ресен бил одржан така значаен собир, по сè изгледа, тогаш во Ресен не бил формиран месен комитет на МРО.[91] Во

[89] Д-р Хр. Татарчев, Спомени отъ миналото..., 15; Първиятъ централенъ комитетъ...,104; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 173-174.

[90] Първиятъ централенъ комитетъ...,104; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 35.

[91] Д. Груев во спомените вели дека не можел да се сети дали во тоа време таму бил формиран комитет. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13); додека пак, Х. Татарчев истакнува дека комитетот во Ресен бил формиран дури во 1895 година. (Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революци-

секој случај, таму револуционерната идеја била пропагирана помеѓу помладите членови на семејствата Стрезови, Љапчеви и Татарчеви од страна на ученикот Славејко Стрезов, кој бил покрстен уште во Солун.[92] Д. Груев, како првопокрстени во Ресен ги споменува имињата на Никола Костадинов, Петар Стрезов и Т. Доревски.[93] Како и да е, прашањето за времеформирањето на месниот комитет во Ресен е ирелевантно во споредба со самото Ресенско советување. [94]

2.6. По завршувањето на Ресенското советување, Дамјан Груев заминал за Охрид.[95] Патем бил придружуван од Григор Попев и Александар Хаџи Панов.[96] За да ѝ дадат посилен „блесок“ на својата мисија, тројцата се облекле во арнаутски алишта кои ги набавиле од ресенчани. Така облечени, со револвери во појасите, тргнале за Охрид. Со тоа сакале да покажат: „ете, гле-

онна организация..., 36). Види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 175.

[92] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 36.

[93] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13.

[94] По формирањето на месниот комитет на МРО во Ресен во него влегле: Петар Стрезов, Никола Љапчев, Михаил Татарчев и Костадија Стрезов. (Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 175.)

[95] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 36. Меѓутоа од спомените на Григор Попев се добива поинаков впечаток. Според него, Д. Груев, А. Хаџи Панов и тој (Г. Попев) заминале за Охрид по дводневен престој во Ресен, но пред осветувањето на црквата, и дека по обиколката на Охрид и Струга тие повторно се вратиле во Ресен за осветување на црквата, каде што се сретнале со Х. Татарчев кој дошол од Солун. Види: Спомени на Григор Стефанов Попев, Даме Груев (истражувања и материјали)..., 103 -105.

[96] Спомени на Григор Стефанов Попев, Даме Груев (истражувања и материјали)..., 103-104.

дајте нè, ние станавме четници".[97] За оддаденото значење на овој чин, доволно илустративно зборува заедничката фотографија со чифтиња.[98]



*Д. Груев, А. Хаџи Панов и Г. Попев*

Во Охрид се сретнале со Кирил Прличев, Лев Огненов, Никола Филипчев и стружанецот Александар Чакаров. Со секого од нив Груев зборувал одделно за целта на мисијата.[99] Притоа во Охрид бил формиран месен комитет на МРО, во кој влегле: д-р Георги Николов, Лев Огненов, Никола С. Филипчев и Александар Чакаров.[100]

2.7. Следниот ден тројката Груев, А. Хаџи Панов и Г. Попев, во придружба на Александар Чакаров, заминала за Струга. Вечерта престојувале кај Александар Чакаров, каде се собрале неколку учители. Христо Матов, со кого се сретнале преку ден, вечерта не се појавил на средбата кај А. Чакаров.[101] Главен збор на средбата имал Д. Груев. Во врска со тоа, Г. Попев вели: „Во Струга за прв пат го видов Даме Груев да агитира. *Тој зборуваше за економската положба, откако истакна дека таа може да се подобри само при политичка слобода.* Даме можеше да зборува со часови без да почувствува умор... При спроведувањето

[97] Исто, 104.

[98] Исто.

[99] Исто, 105.

[100] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 175. Д. Груев ги споменува само имињата на Александар Чакаров и Лев Огненов. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13). Х. Татарчев ги споменува имињата на Александар Чакаров, Лев Огненов, Ив. Лимончев и Н. Филипчев. (Д-р Х.

на своите агитации, Даме секогаш тргнуваше од основната мисла дека *економската положба се наоѓа во тесна врска со политичката слобода.* Својата мисија Даме ја откриваше само на лица во кои има доверба“.[102]

Според востановената практика, тогаш и во Струга бил формиран месен комитет. Според Г. Попев, во него влегле: Александар Чакаров, Хаџов и Шајнов.[103]

Веднаш потоа, Д. Груев со своите придружници по обратна релација: Струга – Охрид – Ресен се вратил во Битола.[104] Најверојатно, тогаш, во согласност со одлуките на Ресенското советување, постојниот месен комитет на МРО во Битола бил утврден на ранг на Окружен комитет.



*Д. Груев од претходната снимка*

Без сомнение, за време на својата двомесечна обиколка (јули-август), Д. Груев постигнал солидни организациони резултати.

---

Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 36). Меѓутоа, според Григор Попев, Александар Чакаров членувал во струшкиот, а не во охридскиот комитет на МРО. Спомени на Григор Стефанов Попев, Даме Груев (истражувања и материјали)..., 106.

[101] Спомени на Григор Стефанов Попев, Даме Груев (истражувања и материјали)..., 105.

[102] Исто.

[103] Исто, 106.

[104] Г. Попев истакнува дека за време на обиколката до Ресен, Охрид и Струга, речиси од сите лица со кои се сретнале одговорот бил: „Ќе видиме“. Поради тоа, Г. Попев и А. Хаџи Панов, на враќање го гибале Груев за неуспехот на мисијата. На тоа Даме возвратил: „Трајте бре чавчиња едни (така нѐ нарекуваше тој), ќе видите што ќе направам“. Спомени на Григор Стефанов Попев, Даме Груев (истражувања и материјали)..., 105.

Иако првооснованите организациони јадра биле мали, се чини дека тоа е ирелевантно, ако се има предвид дека тие биле организирани во месни комитети со што била воспоставена базичната мрежа на Битолскиот окружен комитет. На тој начин, дотогашните изолирани групи и поединци на МРО во Битолскиот вилает биле поврзани во единствена организациона мрежа. Истовремено биле привлечени и нови приврзаници кон делото. Круна на двомесечната турнеја претставува Ресенското советување.

## 3. *Дамјан Груев во Штип*

3.1. Во почетокот на учебната 1894/95 година, Дамјан Груев бил поканет за учител во Штип во „чисто општинско трикласно училиште“.[105] Тогаш во Штип и слеаното со него Ново Село имало околу 18 учители и учителки. Општинското училишно настојателство го поставило Д. Груев за главен учител, должност што ќе ја исполнува до ноември 1894 година.[106] Меѓутоа, на таквата општинска одлука се спротивставил Скопскиот егзархиски владика Максим, кој во тоа време престојувал во Штип.[107] Во меѓувреме, од страна на Егзархијата на истото место бил назначен Туше Делииванов. За надминување на спорот, во присуство на владиката Максим, Д. Груев се откажал од должноста главен учител во интерес на Туше Делииванов.[108] Со оваа прагматична отстапка од страна на општината, а со тоа и на Д. Груев, освен задоволувањето на егото на митрополитот Максим, суштински ништо не

[105] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13.

[106] Исто; Т. Делииванов, Спомени за Гоце – учителствувањето во Штип, Гоце Делчев во спомени на современиците, избор редакција и коментар: Христо Андонов Полјански, Скопје, 1963, 38-39.

[107] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 38.

[108] Исто, 38-39.

било променето, бидејќи новоименуваниот главен учител (Т. Делииванов), всушност бил човек на МРО, а не на Егзархијата.

Доаѓањето на Д. Груев во Штип било договорено уште во јули истата година, при неговиот прв престој во градот. Тогаш му било понудено учителско место и бил испланиран неговиот иден ангажман. Секако, Груевото доаѓање во Штип е во корелација со првата одлука од Ресенското советување за поделба на Македонија на револуционерни реони. Во тоа време во Солун и неговата поширока околина дејствувал ЦК на МРО, во југозападниот дел на Македонија по Ресенското советување профункционирал Битолскиот окружен комитет. Североисточниот дел на Македонија кадровски и организационо сè уште не бил соодветно покриен и не постоел раководен центар. Историјата ќе потврди дека во почетниот развоен период на МРО оваа улога му припаднала на Штип.



*Ново Село, штипско*

Д. Груев во Штип се сместил кај Мите Теранцелиев, стар учител по селата. Неговата куќа се наоѓала во близина на училиштето и црквата „Св. Богородица“.[109] Груев за кусо време во редовите на МРО во Штип ги вклучил: Тодор Лазаров (трговец и претседател на училишното настојателство), Димитар Мирасчиев, Коце Дончев и Мане Муфтиски.[110] Набрзо по првите покрстувања, во станот на Д. Груев бил формиран и месниот комитет, во кој влегле: Тодор Лазаров (претседател), Михаил Арсов (брат на војводата Славејко Арсов), Александар Малински, Мише Развигоров, Мите Теранцелиев и Ефрем Чучков.[111] По конституирањето на месниот комитет, Организацијата во Штип почнала побрзо да се шири со прием на нови членови, а покрстувањето го вршел лично Д. Груев.[112]

Д. Груев, потпирајќи се на селските учители, направил обид за пробив на МРО по селата. Меѓутоа, самиот констатира дека „*почетокот беше горчлив*“.[113] Тогаш, Груев се соочил со првите непријатности. Најверојатно поради тоа, во своите лаконски спомени, Груев во подробности зборува во врска со тоа, иако во својата револуционерна кариера поминал низ многу потешки премрежиња, за кои воопшто не спомнува.

---

[109] Исто, 38.

[110] Штип низ вековите, кн. прва..., 401; свештеник Влатко Мирасчиев, Димитар Мирасчиев – живот и дело, Штип, 2006, 30-31.

[111] Штип низ вековите, кн. прва..., 401-402; Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 38.

[112] Тогаш во редовите на МРО биле примени: Славе Велев, Ѓоше Гочев, Трајко Калајџиев, Славе Кантарџиски, Панче Кангалов, Ванче Поп Ефремов, Ване Балов, Мите Судиклиски и други. (Штип низ вековите, кн. прва..., 402).

[113] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 14.

По покана од учителот Кралев (кумановец), Д. Груев заедно со Трајко Калајџиев, заминале за с. Горни Балван.[114] Груев го сметал Кралев за надежен и пред него зборувал отворено.[115] Тој како „остроумно момче" дури си сочинил сопствена шифра, бидејќи Груев претходно му зборувал дека „кореспонденцијата ќе ја водат со шифра".[116] На средбата кај Кралев се затекнал и неговиот брат, инаку турски заптија, наводно во оставка. Груев се опуштил и почнал да зборува пред него сметајќи дека ќе можат да ги користат неговите услуги. Меѓутоа, внимателниот Груев овој пат се излагал. Заптијата во оставка наредните денови наминал во Штип кај Груев, а оттаму во с. Немањци, каде што подметнал едно компромитирачко писмо во црковните книги. Веднаш потоа власта извршила претрес и ги привела селскиот свештеник и учителот. По една недела, провокаторот се вратил во Штип со двајца Турци, кои биле преоблечени во „востанички алишта, всушност арамиски", со тенденција да остават впечаток при претставувањето пред Груев.[117] Д. Груев, во прво време, им поверувал па ги поканил дома. На средбата присуствувал и учителот Т. Калајџиев. Но, токму тогаш, кај него пристигнале селани од с. Немањци за да му се пожалат што ги снашло[118] по откривањето на подметнатото писмо.[119] Во исто време, во штипската управа бил приведен учителот Кралев. Дури тогаш Груев сфатил дека се работи за клопка, па побрзал да ги скрие сите компромитирачки материјали (весници, револуционерна литература и кореспонденци-

---

[114] Исто, 14-15.
[115] Исто, 14.
[116] Исто, 16.
[117] Исто,14.
[118] Најверојатно Д. Груев претходно имал воспоставено контакт со некои селани од с. Немањци, а можеби постоел и организиран селски комитет. Во спротивно, зошто селаните би дошле кај него?
[119] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 15.

ја).[120] Веднаш потоа, Д. Груев се дистанцирал од наводните „востаници", дискретно ставајќи им до знаење дека ја проѕрел играта. Благодарение на задоцнетата внимателност на Груев, сета работа се завршила „без никакви последици".[121] Како и да е, овој настан му послужил на Груев како добра лекција. Не случајно, во наредниот период, тој ќе се однесува многу повнимателно, за разлика од новопристигнатиот фронтмен – Гоце Делчев.

3.2. Нов позитивен импулс во развојот на МРО во Штип и во Македонија воопшто настапил со вклучувањето на Гоце Делчев во нејзините редови. Случајност или судбина, сплет на околности наложил приемот на Делчев во МРО да биде извршен од нејзиниот првоосновач и дотогаш најагилен агитатор и организатор – Дамјан Груев. Така, волјата и срцето на револуционерна Македонија се нашле на едно место како идеален тандем.


*Туше Делииванов*

Се чини, посредничката улога при воспоставувањето на овој тандем ја одиграл Туше Делииванов.[122] Имено, Т. Делииванов, познаник на Груев од Солун и раководител на месниот комитет во Кукуш, поради недоразбирање со училишното настојателство, а и поради здодевност, поднел оставка на учителската должност во Кукуш и заминал за Софија каде што се сретнал со Г. Делчев. Веројатно средбата помеѓу Делииванов и Делчев била режирана по кукушка линија преку Иван Хаџи Николов, кој уште летото 1893 година го сондирал Делчев.[123]

---

[120] Исто, 16.
[121] Исто, 17.
[122] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 161-162.
[123] Исто, 162.

Тогаш, Делчевата визија била јасна: „*Нашата ропска положба во Македонија определува јасно што треба да правам... Неопростимо е за нас, издигнати духовно повисоко, да трпиме и да тегнеме и да чекаме други да нè ослободуваат*“.[124] Делчев и Делииванов поднеле молби до Егзархијата да бидат назначени за учители во Македонија. По десетина дена двајцата биле назначени за учители во Штип. Притоа, Т. Делииванов бил назначен од Егзархијата, а Г. Делчев од училишното настојателство во Штип.[125] Несомнено при назначувањето на Делчев проработила уште една релација, овој пат со посредство на Д. Груев преку претседателот на училишното настојателство, Тодор Лазаров, кој во меѓувреме станал претседател на месниот комитет на МРО во Штип. На таков заклучок упатува и срдечниот пречек од Д. Груев. Впрочем, третата одлука од Ресенското советување налагала да се провлечат што повеќе членови и симпатизери на ослободителното дело во црковно-училишните институции.

Како и да е, Г. Делчев и Т. Делииванов кон крајот на октомври или во почетокот на ноември се нашле во Штип.[126] Новодојдените во градот „уште не слезени од коњите“ ги пречекал Д. Груев и ги повел кај себе во куќата на Мите Теранцелиев.[127] Тогаш Груев им ја отстапил сопствената соба, а тој се преместил во помала која се исполнувала со „едно легло“.[128]

---

[124] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 36.

[125] Исто, 38.

[126] Според Д. Груев, Делчев и Делииванов пристигнале во Штип во почетокот на ноември 1894 година. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13). Но, според Т. Делииванов, тоа било кон крајот на октомври. (Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 38).

[127] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 38.

[128] Исто.



*Гоце Делчев*

Уште првата вечер, Груев провокативно ги прашал зошто не останале во Бугарија? На тоа Делчев одговара: „*Зарем може да има друго место за еден Македонец, освен во Македонија? Зарем има народ понесреќен од македонскиот? И дали има некаде поширoко поле за работа отколку во Македонија*?"[129] Гоце ги развил своите планови на долго и широко. Восхитен од чуеното, Д. Груев извикал со радост „Добро сте ми дошле!" при што им врачил еден устав на МРО.[130] Веќе следната вечер Г. Делчев „положил заклетва пред првенецот на Организацијата".[131] Несомнено, Груев бил импресиониран од Делчев. За тоа најдобро сведочат неговите зборови: „*Делчев веднаш ми направи впечаток со својата отвореност и чесност*".[132]

Истата вечер тројцата си ја поделиле меѓу себе организационата работа. Д. Груев и Т. Делииванов го зеле градот и селата откај неговата страна, а Делчев Ново Село со селата што гравитираат кон него.[133]

По едномесечна работа, тројцата заклучиле дека напреднале повеќе отколку што реално можело. „Околу Божиќ, веќе целиот град и Ново Село беа опфатени од револуционерна треска".[134] Според Д. Груев, биле организирани „собранија на посветените, кои беа означени со броеви и никакви имиња не се пишу-

[129] Крум Христов, Гоце Делчев, София, 1955, 85.
[130] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 38.
[131] Д. Димески, Гоце Делчев..., 50.
[132] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 18.
[133] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 39.
[134] Исто.

ваа. Бевме започнале со фалшив број – најмалку од No. 80, за секој да мисли дека задоцнил“.[135] Организираните членови биле поделени во групи со кои раководеле десетари. На собранијата се воделе поттикнувачки разговори, се делеле весници, книги и се давале упатства за должностите.[136] Според Груев, Делчев при првите обиди за зачленување бил „дури и прекалено отворен, та мораше да го контролираме, за да не ја издаде нашата слабост, слабоста на Организацијата. Тој постојано се стремеше да си ја каже вистината, мислејќи дека секој треба да ја восприми идејата така, како што тој ја прифатил. Беше многу пргав“.[137]

Во меѓувреме, Делчев се зафатил со организирање на канали за комуникација со Бугарија и околните градови. Оваа трескава дејност била завршена за два месеца. Околу Водици, Делчев самозадоволно истакнал дека можат „и карвани да праќаат за Бугарија и од Бугарија дури до Радовиш и Струмица“.[138] Несомнено, Делчев имал круцијална улога при ширењето на МРО во селата и при воспоставувањето на првите организациони канали.

Од друга страна, во Штип било отворено Неделно училиште за возрасни кое работело од Божиќните до Велигденските празници.[139] Тенденцијата на училиштето била чисто револуционерна.[140] Искуството на Д. Груев од Неделното училиште во Солун овде дошло до полн израз. Во него се зборувало за обединувањето на Италија, американското востание, се разработувале биографиите на Гарибалди, Мацини и слично.[141] Во работата на Не-

---

[135] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 18.
[136] Исто, 19.
[137] Исто, 18.
[138] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 40.
[139] Исто, 41.
[140] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 19.
[141] Исто.

делното училиште учествувале повеќе учители. Но, најдобро од сите предавал Д. Груев. Кога тој предавал „повеќето од граѓаните ги напуштаа другите часови или предавања и се трупаа да го слушаат него".[142] Впрочем, Груев студирал историја, па таквите теми му биле познати и блиски. Освен тоа, пред штипската публика биле изведени театарската претстава „Иванко" и слични револуционерни пиеси во кои како актери се појавувале: Груев, Делчев, Делииванов, Ѓурков и други.[143]

За контакти со селаните биле користени пазарните денови. Средбите се одржувале во општинската канцеларија која била во училишниот двор. Притоа, како изговор се користеле разни легални поводи, како на пример за вули, разводи, поплаки од учители, набавка на свеќи и слично.[144]

Откако Д. Груев заминал од ЦК во Солун, работата таму подзастанала, дури ретко кореспондирале.[145] Таквата оценка на Груев за работата на ЦК во Солун е одраз на реалните околности. Додека тој и Делчев на терен ја плетеле организационата мрежа во Североисточна Македонија, членовите на ЦК се оддале на организационо администрирање и идејниот судир со проегзархиската групација во Солун. ЦК поради оскудност од пари не можел да развие никаква организациона активност, дури немал пари ни за писма.[146] Финансиската положба била слична и во Штип. Неколкуте обиди на Д. Груев и Т. Делииванов за добивање пари од поимотните граѓани биле поразителни. Оттука, Д. Груев ги препорачал Делчев и Делииванов за време на Велигденската ваканција да наминат во Солун за да проверат „каква дејност вршат

[142] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 41.
[143] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 19.
[144] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 41.
[145] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 18.
[146] Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 42.

другарите“.[147] Тие во Солун се сретнале со претседателот на ЦК, Х. Татарчев. Оттаму се вратиле „разочарани“, бидејќи „работата подзаспала“.[148] Меѓутоа, Делчев и Делииванов во Кукуш успеале да соберат околу 300 турски лири, кои ги предале на ЦК во Солун.[149] Патем, на враќање за Штип биле формирани месни комитети во Дојран, Гевгелија, Струмица итн.[150]

Десетина дена пред завршувањето на учебната година, Груев, Делчев и Делииванов во близина на бањата Кежовица организирале проштално собрание со раководното тело и десетниците. Притоа била извршена рекапитулација на стореното и биле дадени упатства за идната дејност.[151]

Како резултат на заедничката дејност за неполна година во Штип и Ново Село имало околу 400 заколнати членови на МРО. Речиси сите околни села биле организирани негде со по 4-5, а негде и по 20-тина души со уредени канали за пренос на оружје, литература, кореспонденција и слично.[152] Три-четири дена пред официјалното завршување на учебната година (Петровден), Д. Груев го напуштил Штип.[153]

Даме Груев заминал „спокоен, бидејќи таму го оставил Гоце Делчев, кој веќе ги пројавил своите високи организациони квалитети“.[154] Потребите налагале Груев да се врати во Солун.

---

147 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 18;
148 Исто.
149 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 166.
150 Исто.
151 Т. Делииванов, Спомени за Гоце..., 45.
152 Исто, 46.
153 Исто.
154 Исто, 53.

# VI
# Воздигнување

## 1. *Првите контакти со Македонскиот комитет*

1.1. По падот на Стамболовиот режим (1894 г.) во Бугарија се создале поволни услови за организирање на македонската емиграција. Со разгорувањето на ерменската криза[1] и вмешувањето на европската дипломатија, македонската емиграција во Бугарија се обидела да ја искористи ситуацијата за да изврши притисок врз дипломатијата за спроведување реформи во Македонија. За таа цел, македонските братства во Бугарија во март 1895 година се обединиле во Македонски комитет (МК), кој подоцна бил преименуван во Врховен македонски комитет (ВМК).[2] Негов прв претседател бил ресенчанецот Трајко Китанчев, тогаш актуелен пратеник во бугарскиот парламент.

МК е организација на македонската емиграција во Бугарија. Во МК, пред сѐ, членувале Македонци, а помалку Бугари. Повеќето од нив биле искрени македонски патриоти. Покрај нив, во

[1] Види: Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, (фототипно издание), София, 1983, 47-53.
[2] Поопширно за формирањето на МК, неговата прва акција во Македонија и првичните односи со МРО види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 181-212.

МК се вовлекле доверливи луѓе на бугарската политика, разни профитери, кариеристи, авантуристи, случајни сопатници, квазипатриоти, па дури и арамии. Инволвирањето на таквиот профил во МК директно се одразило врз неговата активност, а посебно врз развојот на македонското ослободително дело.[3]

МК официјално се декларирал за *„политичка автономија“* на Македонија *„приложена и гарантирана од големите сили“*, преку дипломатски притисоци и други мерки зависно од условите. За таа цел, веднаш по формирањето МК започнал да праќа чети во Македонија со намера да испровоцира востание, кое подоцна било наречено „Мелничко востание“. Активноста на МК добила поддршка од бугарската влада и кнезот Фердинанд. Стимулирајќи ја активноста на МК, Бугарија вршела притисок врз Османлиската Империја и европската дипломатија за меѓународно признавање на кнезот Фердинанд и стекнување на нови бенефиции за бугарската пропаганда во Македонија. На тој начин, МК несвесно ја проголтал јадицата, со што станал инструмент во рацете на бугарската влада и кнезот. Тие вешто си поиграле со патриотските чувства на македонската емиграција, манипулирајќи со нив во интерес на бугарските дневнополитички интереси.

1.2. Алинеја 5 од член 4 од Правилникот на МРО допушта постоење на македонски комитети надвор од Македонија, но ЦК на МРО го задржува правото да има главен збор по прашањето за востание.[4] Во тој контекст, Дамјан Груев, уште во почетокот на

---

[3] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,187.

[4] Алинеја 5 од чл. 4 од Правилникот гласи дека ЦК „одржува контакти со надворешните македонски револуционерни комитети, доколку има такви, и во договор со нив и окружните комитети го прогласува денот на востанието, го утврдува планот на дејствата, го раководи движењето директно или преку посебна комисија формирана од него во договор со надворешните

1894 година мечтаел за формирање на Задграничен комитет на МРО во Бугарија. Оттука, формирањето на МК во Софија од страна на МРО било проследено со интерес. За тоа најдобро сведочи дописот од Солун објавен во в. „Право", каде се вели: „Ракоплескаме на нашите браќа од Македонија во Кнежеството за нивните досегашни дејства. Сакаме за напред да продолжат и уште потрескаво да работат. Но, се бара повеќе согласие, братство и еднодушност. Тогаш ќе сметаме на добивка и тука, во самата измачена татковина Македонија, каде ќе најдат силна поддршка. Во многу места копнеат и чекаат час за извојување на човечки права по каков и да е начин".[5]

МК, како легална организација, со поддршка на бугарската влада, неверојатно брзо се подготвувал за акција во Македонија. ЦК на МРО, „незадоволен од иницијативата на македонските емигранти во Софија",[6] таму го пратил Иван Хаџи Николов. Тој при средбата со претседателот на МК Трајко Китанчев ги изнел ставовите на МРО во врска со постоењето на двата комитета, притоа инсистирајќи МК да има морално-материјална и спомагателна улога во македонското ослободително дело, а не решавачко влијание.[7]

Непосредно пред четничката акција на МК во Македонија, во Солун пристигнал Никола Наумов, со намера да го покани ЦК

комитети". Види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 144; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 140.

[5] Право, I/20, 31. III 1895, София, 1. Оваа дописка од Солун е потпишана со псевдонимот „Патник", зад кој најверојатно стои личност од МРО.

[6] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 111.

[7] Хр. Шалдев, Из запискитѣ на Ив. Х. Николовъ..., Ил. Илинденъ, 1936, кн. 5 (75), 7.

на МРО да земе учество во движењето.[8] Во врска со тоа прашање, Н. Наумов претходно се сретнал во Виена со претседателот на ЦК на МРО, Христо Татарчев. Меѓутоа, ЦК на МРО ја одбил поканата, бидејќи Организацијата сè уште била во „пелени“, а една таква акција би била „блефирање“.[9] По сè изгледа, во врска со тоа во Солун престојувал и Георги Баласчев.[10]



*Трајко Китанчев*

Во тој контекст, во согласност со ЦК на МРО, некаде околу 10 јули 1895 година,[11] Дамјан Груев престојувал во Софија, во време кога четите на МК почнале да ја минуваат границата.[12] Во врска со овој престој во Софија, Д. Груев вели: *„заминав за Софија да проучам што се гони со четите, кои беа започнале да ја минуват границата, - се готвеше востанието во 1895 год. До тогаш ние внатре немавме никакви врски со надворешната организација во Кнежеството“*.[13] Груев во Софија се сретнал со главните протагонисти на МК: Трајко Китанчев, Наум Туфекчиев и Андреј Љапчев.[14] Притоа ги информирал за МРО и побарал од МК морална и материјална помош. Д. Груев истакнува дека со Т. Китанчев не разговарале за „востанието“, иако тоа „многу ни пречеше на нашиот план“.[15] Од овие контакти Груев разбрал „со какви средства се започнало“, па затоа не очекувал „особени резултати“.[16] За него и за МРО било

---

[8] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 76.

[9] Исто.

[10] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 206.

[11] Д. Димески, Гоце Делчев..., 54.

[12] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 19.

утешително што македонската емиграција во Бугарија „почнала да работи во истиот дух, како и ние и што пристапува кон делото“.[17] Заминувајќи од Софија, преку Пловдив – Одрин – Дедеагач Груев се вратил во Солун.[18]

За време на престојот во Бугарија, при контактите со протагонистите на МК и другите личности со кои се сретнал, Д. Груев успеал да излобира поддршка пред Училишниот оддел при Егзархијата за негово назначување за училишен инспектор за Солунската каза. За таа цел Груев поднел молба до Училишниот оддел при Егзархијата. Оваа должност била најпогодна за легализирање на престојот во Солун и непречено движење во пошироката околина. На тој начин, Д. Груев можел да ја преземе работата на ЦК на МРО во свои раце, која претходната година „подзаспала“.

Набрзо по „Мелничкото востание“, во Солун пристигнал офицерот Харалампие Луков (учесник во акцијата на МК) за да се запознае со состојбите во МРО. Тој се сретнал со Х. Татарчев и Д. Груев. Притоа, не станало збор за заемните односи помеѓу двете организации (МРО и МК). Од Солун Луков заминал за Битола, каде што се сретнал со Пере Тошев.[19] За неговиот престој таму, Ѓ. Петров телеграфски соопштува дека тој дошол за да се запознае со состојбите во Македонија.[20] Во тоа време МРО сè уште немала

---

13 Исто.

14 Исто.

15 Исто.

16 Исто.

17 Исто, 20.

18 Исто, 19.

19 Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 78.

20 Ѓ. Петров вели дека го дочекале како „господ“. (Ѓ. Петров, Спомени Кореспонденција..., 58).

јасна слика како стојат работите во МК, па затоа само се интересирала.[21]

Ставот на МРО кон МК конечно бил определен на едно советување во Солун, кое се одржало летото 1895 година под превезот на Учителски собир. Советувањето било одржано по иницијатива на Дамјан Груев. Покрај него, на собирот учествувале: Пере Тошев, Гоце Делчев, Иван Хаџи Николов и други.[22] Одлуките од Советувањето, преку Коста Кондов, кон крајот на август 1895 година му биле доставени на МК во Софија. Тие се содржани во 4 точки: 1. МК во Софија да дејствува во хармонија со целите и задачите на МРО и заемно да ги почитуваат респективните територии; 2. МК во иднина да не испраќа чети во Македонија, ниту вооружени поединци; 3. МК да не влегува во врска со самонаречени претставници на МРО, кои немаат полномоштво, ниту пак да им дава средства и материјали во нејзино име; и 4. МРО предупредува дека ќе биде беспоштедна кон сите што не ги почитуваат нејзините закони и правилници и кон оние што без нејзина согласност вооружени навлегуваат на нејзината територија.[23]

## 2. *Враќањето на Даме Груев во ЦК во Солун*

2.1. На 19. VIII (ст. стил) 1895 година, Училишниот оддел при Бугарската егзархија го известил претседателот на Солунската црковноучилишна општина – Иван Маџаров, дека Дамјан Гру-

---

[21] Исто, 74.

[22] К. Кондовъ, Гоце Делчевъ и другаритѣ му, сб. Илинденъ (1903-1926), София, 1926, 142-143; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 199; Д. Димески, Гоце Делчев..., 54-55.

[23] Страници отъ миналото (Извлечения отъ дневника на К. Кондовъ), Ил. Илинденъ, II, 4 (14), 3-4.

ев е назначен за училишен инспектор за Солунската каза.[24] Притоа на должноста требало да стапи од 1 септември со годишна плата од 70 турски лири.[25] Должноста му налагала на Д. Груев да ги надгледува егзархиските училишта во Солунска каза, да се грижи за реализацијата на наставните програми и да дава сведенија за дејноста на учителите. Истовремено нему му била доверена преписката за назначувањето на учителите и училишните прашања. Своите извештаи Груев бил должен да ги доставува до Училишниот оддел при Егзархијата во Цариград преку Солунската црковно-училишна општина, каде што се наоѓале неговата канцеларија и архива. Инспекциските надзори Груев требало да ги изведува по претходен договор со претседателот на Солунската црковно-училишна општина.[26]

Од посоченото известување за назначувањето на Д. Груев се гледа дека функцијата училишен инспектор за Солунската каза се воведува за прв пат. Нејзиното востановување, Училишниот оддел го правда со фактот што дотогашните извештаи за училишното дело во спомената каза биле пишувани од самите учители кои, како „заинтересирани", не ја прикажувале реалната положба. Од друга страна, според Училишниот оддел, со воспоставувањето на должноста училишен инспектор за Солунската каза се олеснувала работата на Солунската општина која дотогаш често се занимавала со овие прашања.[27]

Несомнено, востановувањето на оваа должност е резултат на силни лобирања од надвор, исклучиво наменски за Д. Груев за да се легализира неговиот престој во Солун. Во врска со тоа, Груев во своето писмо до Н. Дејков од 20. IX (ст. стил) 1895 пишува: „За

---

[24] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 135.

[25] Исто.

[26] Исто.

[27] Исто.

оваа година предвиден сум како училишен инспектор за Солунско со 70 л.т. (лири турски б.н.)... *Тоа е нова служба за тука и моето назначување не е баш угодно и за самото началство, но требаше да ми се даде леб во Солунско бидејќи моето физичко растројство го изискува тоа. И да знаеш, друже, сега колку сум здрав и бодар! Авансирам со восхит“.*[28] Евидентно, Груев пишува со алегорија. Оттука „моето физичко растројство“ се однесува на дотогашната „подзаспаност“ во ЦК на МРО. Додека зборовите „да знаеш... сега колку сум здрав и бодар! Авансирам со восхит“ се одраз на неговото задоволство од раздвижувањето на работите. Д. Груев во своите спомени потенцира дека станал инспектор за да се задржи во Солун со цел „да се соживи работата на Централниот комитет“.[29]

Според Атанас Шопов, бугарскиот трговски агент во Солун, назначувањето на Д. Груев за училишен инспектор на Солунската каза било по препорака на воениот министер Рачо Петров. Всушност, неговото инспекторување било само параван за прикривање на револуционерната активност.[30]

Новата должност на Д. Груев му давала широки можности за целосно посветување на организационата работа. Професијата инспектор овозможувала слободно и легално движење по солунските села и давала можност за контакти и влијание врз учителскиот персонал, од кој претежно се регрутирале кадрите на МРО. Од друга страна, со оглед на фактот што неговата канцеларија била сместена во зградата на Солунската егзархиска црковно-учи-

---

[28] Исто, 136.
[29] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 20.
[30] Исто, 145; К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 179; Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства в освободителните борби на Македония и Одринско 1897-1912, Военно издателство, ЕООД, 2002, 25.

лишна општина се пружала широка можност за непречени контакти со луѓето на МРО од внатрешноста на Македонија.

2. 2. Враќањето на Д. Груев во метрополата Солун претставува пресвртница во активноста на ЦК на МРО. Во претходниот период, активноста на ЦК на МРО претежно се исцрпувала во идејната борба со проегзархиската групација во Солун и едноставно администрирање. Вистинската организациона дејност била запоставена. Оваа состојба коренито се променила по враќањето на Груев.

Во врска со тоа, Д. Груев во своите спомени вели: „Се зафатив та наредивме комитети во сите градови. За време на секоја ваканција, божиќна, велигденска, обиколував по градовите и посветував. Тогаш Централниот комитет започна поредовно да функционира, тогаш тој го доби суштинското значење на ‚централен'... Комитетот веќе започна редовно да функционира како Централен. Мрежата на месните комитети се зголемуваше. Започнавме и да повикуваме од некои подалечни места доверени лица за да ги посветиме".[31]



*Христо Матов*

Така, на пример, Д. Груев на 25 август 1895 година во МРО го посветил Христо Матов, кој на пат кон Скопје за преземање на должноста директор на егзархиската гимназија поминал низ Солун.[32] Едновремено со него, во тајните на МРО го посветил својот поранешен соученик – штипјанецот Христо Поп Коцев,[33] кој веднаш потоа го основал првиот комитет на МРО во Одрин. Имајќи

---

[31] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 20.

[32] Д. Димески, Даме Груев - Основоположник и организатор..., 89.

[33] Исто.

делумно увид во егзархиската црковно-училишна администрација, Д. Груев настојувал на слободните места да се назначат луѓе блиски до македонската ослободителна идеја. Во тој контекст, во октомври 1895 година, тој го сондирал теренот за назначување на неговиот другар Никола Дејков за секретар на Скопската егзархиска митрополија.[34] Меѓутоа, до тоа не дошло.

Д. Груев во МРО ги вклучил градските чорбации и поугледните првенци во Воден. Нивното формално посветување било извршено лично од Груев во домот на Ване Занешев во Воден. Покрај домаќинот Ване, тогаш биле посветени и неговите браќа Зано и Ичо, потоа Ване Лажев и стариот свештеник Димитар (поп Туше).[35]

Во тоа време, 1895/96 учебна година, ЦК под редакција на Д. Груев започнува да го издава хектографираниот лист „Востаник".[36] За него Ѓ. Петров вели: „Солунскиот весник на Дамета врвеше за потежок по содржина и по издржан стил, а нашиот (битолскиот ‚На оружје' б.н.) беше побуен, пожив".[37]

---

[34] Во писмото од 8/20. X 1895 г., Д. Груев го известува Н. Дејков дека, согласно неговата поранешна желба и ветување да работи во „*татковината*", се отворило слободно секретарско место при Скопската егзархиска митрополија. Притоа, потенцира дека таму: „Најпосле работите се влезени во еден задоволително правилен ред. Момент најблагопогоден и има голема шанса за да успееш, за што едновремено ги предизвестувам моите пријатели таму за да подготват почва да ги подготват условите". (Даме Груев – Спомени. Кореспонденција..., 136).

[35] 36 години във ВМРО, Спомени на Кирил Пърличев, съставител и редактор Кирил Пърличев, София, 1999, 12.

[36] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 20; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 53-54.

[37] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 54.

Идниот развој на настаните ќе потврди дека враќањето на Дамјан Груев во Солун одиграло пресудна улога за севкупниот натамошен развој на МРО.

## 3. | *Комуникацијата со ВМК: симнување на маските*

По неуспехот на „востаничката акција“ на МК од летото 1895 година и по ненадејната смрт на неговиот претседател Трајко Китанчев,[38] дошло до битни промени на состојбите во МК. Бугарската влада ја откажала поддршката на Комитетот, а кај членството настапиле разочарување, подвоеност и меѓусебно обвинување.[39]

Независно од тоа и од претходното предупредување од страна на МРО, во МК, сè уште постоеле групации кои настојувале да провоцираат на востание во Македонија. Во тој контекст, поручникот Александар Чакаров есента 1895 година се обидел да испровоцира востание во Виничко.[40] Меѓутоа, МРО ја осуетила неговата намера. Поради оваа провокација, Г. Делчев писмено протестирал кај Ефрем Каранов – претседател на македонското друштво во Ќустендил. Во писмото Делчев, меѓу другото, предупредува: „*Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешно востание. Оној што мисли дека Македонија ќе се ослободи поинаку, тој се*

---

[38] Трајко Китанчев (1858-1895) починал на 1 август 1895 година од срцев удар. Според некои, смртта била предизвикана од неговото сознание дека македонското дело со кое раководел тој било злоупотребено и изманипулирано од бугарската влада и дворот. Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 187, белешка 26.

[39] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 204.

[40] Види: Гоце Делчев, Писма и други материјали, издирил и подготвил за печат Дино Кьосев, София, 1967, 273-277; Документи за борбата на македонскиот народ..., том први, 324-328.

*лаже и себеси и другите...* Ако не стане така и ако се прогласи востание, жално ќе биде за народот, а тешко и горко за виновникот".[41] На крај, Делчев појаснува: *„Во Македонија се одвива систематска агитација за едно општо внатрешно востание, којашто има заземено големи размери и нема катче од Македонија што не е опфатено"*.[42]

Независно од спротивставените ставови и недоразбирања, контактите помеѓу МРО и МК продолжиле. Најдобра илустрација за тоа е поканата на МК до МРО за учество на Вториот вонреден конгрес.[43] Токму оваа покана предизвикала расправа на самиот конгрес во смисла дали МРО има право да праќа делегати на конгрес на МК.[44] Притоа, некои делегати наполно негирале дека „во Македонија постои некаква Организација".[45]

---

[41] Документи за борбата на македонскиот народ..., том први, 325-326.

[42] Исто, 327.

[43] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 112.

[44] Во врска со тоа, во Протоколот No. 1 на Вториот вонреден македонски конгрес од 3. XII (ст. стил) 1895 година стои: „Согласно Решенијата на I Македонски конгрес, делегати можат да испраќат само македонските друштва во Кнежеството Бугарија и Романија. Меѓутоа, подигнатото по тој случај принципелно прашање за правото на револуционерните комитети во Турција да испраќат делегати се одложи да се разгледа по конституирањето на конгресот". Според Протоколот No. 2 од 4. XII (ст. стил) 1895 г., во врска со тоа прашање се зело следново решение: „Револуционерните комитети во Македонија не се организирани сообразно Решенијата на I Македонски конгрес, дека тие не ја претставуваат истата јавна организација како што се друштвата во Кнежеството, туку тајна; дека со доаѓањето делегати од Македонија во Конгресот се ризикува како со самото дело, така и со самите делегати коишто турската власт ќе ги дознае, и најпосле, за да се премавне за во иднина каква било нередовност од страна на бирото на Комитетот коешто е во најблиски односи со тие комитети, со поимено гласање се зеде решение Македонските револуционерни комитети да не се претста-

На II конгрес, МК бил преименуван во Врховен македонски комитет (ВМК). Истовремено, биле извршени некои статутарни промени,[46] а за претседател на ВМК бил избран генералот Данаил Николаев. Наспроти тоа, незадоволните офицери се конституирале во одделен комитет задржувајќи го старото име, Македонски комитет (МК) на чело со Наум Туфекчиев. Овој дисидентски комитет, иако првобитно уживал поддршка од бугарската влада со тек на времето постепено згаснал.[47]



*Данаил Николаев*

Фактот што МК ја поканил МРО на својот Конгрес зборува за неговиот стремеж да ја сведе МРО на ниво на македонските друштва во Бугарија и да ја стави под свое покровителство. Од друга страна, МРО со тоа што не испратила делегат на Конгресот, демонстрирала игнорантски однос кон таквите тенденции и воопшто кон внатрешните работи во МК.

Независно од тоа, ВМК на 28. XII (ст. стил) 1895 г., пратил опширно писмо до ЦК на МРО, со кое го информира за работата

вуваат во конгресот, бидејќи се дава право на Комитетот само тој да раководи со Внатрешната револуционерна организација на Македонија". (Княжеството България и македонският въпрос, т. 1, Върховен македоно-одрински комитет 1895-1905 г. Протоколи од конгресите, съставител: Цочо В. Билярски, София, 2002, 55-56).

[45] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 113.

[46] Види: Протоколи на Втория извънреден македонски конгрес 1895 г., Княжеството България и македонският въпрос..., 53-78.

[47] За II вонреден македонски конгрес види: К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 96-105.

на Конгресот, донесените одлуки, настанатиот расцеп и т.н.[48] Истовремено се истакнува дека Конгресот бил согласен ЦК на МРО да одржува тајни контакти со ВМК.[49] Во споменатово писмото проличува силна тенденција за подредување на МРО како дел од „општата организација" во Софија на чело со ВМК, кому му припаѓа врховното право на одлучување по македонското ослободително дело. ВМК за себе го задржува правото на дипломатија во врска со македонското прашање, а МРО требало да послужи само како средство за притисок.[50]

На споменатово писмо од ВМК, МРО одговорила на 20. I (ст. стил) 1896 година.[51] Писмото е потпишано од А. Светимиров (Х. Татарчев) и Брајан Митрев (Д. Груев). Копија од истото писмо е испратена и до дисидентскиот комитет на Наум Туфекчиев.[52] Во него МРО искажува жалење поради настанатиот расцеп во МК, бидејќи тоа воопшто може да „повлијае погубно" и „деморализирачки" на македонското ослободителното дело.[53] Од тоа МРО не „гледа никаква сериозна помош за делото".[54] Во продолжение на одговорот се вели: „*Независно од тоа, ние продолжуваме да го под-*

---

[48] Даме Груев - живот и дело, (сборник), II част, Предговор, съставителство и бележки: Цочо В. Биляраски, София, 2006, 488-497; К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 113-115.

[49] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 114.

[50] Исто, 114-115.

[51] Документи и материали за историята на българския народ, София, 1969, 268; Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978, 393-394; К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 115-116; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 137; М. Миноски, Прилог кон прашањето за името..., 77-80; Даме Груев - живот и дело..., II част, 499.

[52] Документи и материали..., 268.

[53] Исто.

[54] Исто.

*готвуваме народот во духот на нашата зацртана програма и остануваме согласни со сите, кои ја споделуваат нашата девиза“.*[55]

Очигледно, одговорот на МРО е дипломатски. Таа вешто ги игнорира тенденциите на ВМК, истовремено потенцира дека има своја програма во чиј дух го подготвува населението, независно од надворешните влијанија. Со таквиот пристап МРО манифестирала автономност, без да влегува во аранжмани, но притоа изразува подготвеност за соработка со сите што ја споделуваат нејзината девиза.

Во одговорот не станува збор за меѓусебните односи. Тие биле третирани во директни разговори на две одделни средби. За таа цел, во почетокот на февруари 1896 година, Г. Делчев во Софија разговарал со претседателот на ВМК - Данаил Николаев.[56] Генералот Николаев потенцирал дека МРО може да смета на помош од ВМК само под услов ВМК да го претставува револуционерното дело и да има решавачки глас по прашањето за востание.[57]

На тоа, Делчев остро протестирал: *„Но, ние не сме согласни со тоа што Вие мислите за Македонија... Ние не можеме да правиме политика, ниту да дозволиме други да прават политика со Македонија... Ние нема да дозволиме други да решават дали да живееме или да умреме и кога. Кога да се прави востание, ќе реши народот. Нема да дозволиме да командувате од тука, за да нè внесете во игра на востание како што се обидовте лани... Но, знајте, ние не бараме покровители, а уште помалку господари“.*[58]

---

[55] Исто.

[56] Х. А. Полјански, Гоце Делчев, Скопје 1972, т.1, 136; Д. Димески, Гоце Делчев..., 58-59.

[57] П. К. Яворовъ, Хайдушки копнения. Гоце Делчевъ, София, 1939, 177-178.

[58] Крум Христов, Гоце Делчев, София, 1955, 125.



*Факсимил од писмото на ЦК до ВМК*

Во врска со таквиот став на Делчев, ВМК на своето заседание од 10. II (ст. стил) 1896 г. констатира: *„од зборовите на пратеникот (Г. Делчев б.н.) на Солунскиот комитет се гледа дека тој комитет си присвојува права, кои не му припаѓаат и можат да бидат гибелни за делото“*.[59] Поради тоа, ВМК решил: „1. Да се пише на тој комитет и да се напомнат условите на нашата организација, неговите права и задолженија спрема Врховниот комитет, последиците што произлегуват оттука по однос на определувањето на датумот за подигање востание во Македонија, и 2. Да се пишува преку Д. Матов и В. К'нчов за преместување од Битола во Солун на П. Тошев, којшто во интерес на делото ќе треба да го преземе раководство на работите во тој град“.[60]

Односот на ВМК предизвикал силно оладување кај Г. Делчев. Во врска со тоа, во едно писмо до Никола Зографов, Делчев пишува: *„Тој комитет, таков впечаток ми направи, такво силно оладување предизвика кај мене, што јас не гледам дали ќе помага, туку се плашам да не му нанесе голема штета на делото... рибата смрди од главата, така е и со Врховниот“*.[61]

Бидејќи надежта згаснува последна, односите помеѓу МРО и ВМК се обидел да ги испегла Даме Груев. За таа цел, во почетокот на март 1896 година, Груев се нашол во Софија како претставник на ЦК на МРО. Тој на 7/19. III 1896 учествувал на заседанието на ВМК, каде што ги претставил условите на ЦК на МРО.[62] Според Протокол No. 14 од 7 март (ст. стил) 1896 г., Груев ги претста-

---

[59] Протокол No. 11, Заседание на 10 февруари 1896 г., Княжеството България и македонският въпрос..., 79.
[60] Исто, 79-80.
[61] Гоце Делчев, Писма и други материали, (издирил и подготвил за печат Дино Къосев), София, 1967, 54.
[62] Протокол No. 14, Заседание на 7 март 1896 г., Княжеството България и македонският въпрос..., 81.

вил следниве услови: „*ЦРМК* (б.н.) *да ги запази за себе не само внатрешната автономија по однос на пропагандата и подготовката во Македонија, но и уште да остане наполно независен спрема ВМК во дејствата како: избирање на датуми за востание, негово прогласување и водење на преговори по делото како со приватни и официјални лица и институции, така и со некои влади*“.[63]

ВМК „решително ги отфрли“ ставовите на Груев.[64] Наспроти тоа, ВМК ги поднел следниве услови:

„1. Само со решение на ВМК ќе бидат преземени какви и да се дејства во Македонија; тој е единствено компетентен за определување датум за подигање востание.

2. Решенијата на ВМК ќе бидат ставени во исполнување преку ЦРМК; но последниот, ако го наоѓа за невозможно и неугодно исполнувањето на тие решенија, тој тоа го соопштува на ВМК заедно со мотивите; ако последниот и по повторното изучување и разгледување на земеното решение и претставените мотиви, настојува за своето прво решение, ЦРМК се задолжува безусловно да го исполни.

3. ЦРМК без знаење и согласност на ВМК не треба да влегува во спогодби ниту со приватни и официјални лица и установи, ниту со какви и да се влади; тој не треба од нив да добива каква и да е помош во пари, оружје или совети“.[65]

Според Протоколот на ВМК Д. Груев наводно се обврзал дека ќе ги претстави ставовите на ВМК пред ЦК на МРО, и дека повратно ќе го информира ВМК.[66] Меѓутоа, според Ѓ. Петров,

[63] Исто.
[64] Исто.
[65] Исто.
[66] Исто, 82.

„Даме иронично само слушал и се потсмевал, та затоа генералот, па и Јосиф Ковачев, не можеа да го трпат Дамета“.[67]

Бидејќи Груев не прифатил никаква обврска спрема презентираните ставови од страна на ВМК, последниот истите ставови во форма на решенија ги пратил до ЦК на МРО на 20. III (ст. стил) 1896.[68] Притоа, ВМК со цел да предизвика раздор во ЦК, дрско се послужил со една невистина, истакнувајќи дека со овие решенија бил согласен пратеникот на ЦК (Д. Груев).[69] Со тоа писмо, ВМК отворено ја демонстрирал својата тенденција за наметнување над МРО.[70] И покрај тоа, МРО, сепак не отишла до крај и прекинување на односите. Таа цврсто опстојувала на „автономниот принцип“. Притоа на претензиите на ВМК гледала ладнокрвно, без прекинување на преговорите, плашејќи се дека ќе биде опасно, ако ги предизвика на борба.[71]

Меѓутоа, Д. Груев остро реагирал на конструкцијата од ВМК дека предложените решенија се донесени со негова согласност. Во врска со тоа, во своето писмо до А. Љапчев од 10. IV (ст. стил) 1896 г., Груев истакнува дека во „дадениот случај немало потреба од слично *изопачување*, но тоа нека остане за сметка на составувачот (на писмото б.н.)“.[72] Истовремено, Груев протестира пред ВМК поради начинот на кореспонденција, бидејќи писмата од Софија биле праќани по обична пошта, без шифра, со редење на сите титули на ЦК на МРО и точната адреса. Поради тоа Груев

[67] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 78.

[68] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 117.

[69] Исто.

[70] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация...,79.

[71] Исто.

[72] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 140.

пишува: „*Зошто не користите шифрирана азбука, или сметате дека ние живееме во Швајцарија?... Ние се криеме од ѓаволот, а вие нè вадите на пазар*“.[73]

Од кореспонденцијата меѓу Дамјан Груев и ВМК, особен впечаток и изненадување предизвикува фактот што неговите писма од Солун пристигале во Софија веќе следниот ден по испраќањето.[74] Тоа зборува дека тајната пошта на МРО преку нејзините канали функционирала беспрекорно.

Како и да е, кореспонденцијата меѓу МРО и ВМК продолжила. Меѓутоа, МРО вешто ги игнорирала тенденциите на ВМК, притоа потенцирајќи ја својата независност без да ги прекине односите. Несомнено, комуникацијата и соработката со македонската емиграција во Бугарија била неминовна за да може да се користат нејзините морални и материјални ресурси за потребите на македонското ослободително дело. Меѓутоа, уште при зародишот на овие контакти на површина испливале непомирливите разидувања меѓу МРО и ВМК.

## 4. | *Солунскиот конгрес 1896 година*

4.1. Развојот на МРО исфрлил на површина повеќе прашања и внатрешни потреби. Првите нормативни акти се покажале тесни за натамошниот растеж. Од друга страна, засилениот продор на странските пропаганди во Македонија станал заканувачки фактор и за самата Организација.[75] Како нова сериозна опасност се покажала тенденцијата на ВМК да се наметне над ЦК на МРО

---

[73] Исто.

[74] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 121.

[75] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 70.

за да ја „претвори во послушно орудие“ за реализирање на своите цели.[76] Тоа било сосема евидентно по писмото од 20. III (ст. стил) 1896 година.

Споменативе проблеми и редица други прашања биле предмет на расправа на Првиот конгрес на МРО што се одржал во Солун. Поради тоа, Х. Татарчев го квалификува како „основачки и законодавен“.[77] Конгресот се одржал за време на велигденската ваканција, 1896 година.[78] Според Ѓ. Петров во неговата работа учествувале 15-16 души.[79] Меѓу нив познати се следниве имиња: Христо Татарчев, Даме Груев, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров, Христо Батанџиев и Ѓорче Петров. Потоа: Гоце Делчев (претставник од Штип), Христо Матов (Скопје), Пере Тошев (Би-

---

[76] Д. Димески, Солунскиот конгрес на МРО (1896), Историја, XXI/1-2, Скопје, 1986, 91.

[77] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 41.

[78] Велигден бил на 23.III/5.IV. Според тоа, Д. Димески посочува дека Конгресот се одржал во периодот помеѓу 5 и 12 април (н. стил). (Д. Димески, Солунскиот конгрес на МРО 1896..., 92). Р. Пасков пишува дека, според традицијата во Солунската гимназија, велигденската ваканција започнувала една недела пред Велигден, т.е. од Цветници, кој бил на 17. III (ст. стил). Следствено, Конгресот се одржал во тој период. (Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, том 2, София, 1995, 109).

[79] Меѓутоа, Ѓ. Петров ги наведува имињата на 10 души. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 82); А. Димитров спомнува 8-мина, (Андон Димитров, Спомени, - Борбите в Македония и Одринско 1878-1912, Спомени, редактор Константин Пандев, София, 1981, 105); Додека Х. Татарчев споменува 11 имиња. (Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 41); Д. Димески наведува 13 учесници и допушта можност како 14 учесник да бил Христо Батанџиев, како член на ЦК. (Д. Димески, Солунскиот конгрес на МРО..., 93); Ваквата претпоставка на Д. Димески се потврдува од спомените на Татарчев.

тола), Петар Поп Арсов (Прилеп), Кирил Прличев (Воден), Христо Поп Коцев (Одрин), Велко Думев (Велес), Благоја Калејчев (Сер),[80] и Димитар Љапов (како петнаесетти учесник) од Цариград.[81] Со Конгресот претседавал Христо Татарчев.[82] Заседанијата траеле три дена.

На Конгресот најпрво биле разгледани извештаите од раководителите на реоните.[83] Покрај тоа, биле претресени повеќе прашања, меѓу кои: начинот на кореспонденција; прашањето за централизација или децентрализација; односот кон другите етнички групи и другите конфесионални заедници; статусот на Одринско и Цариград; прием на жени во Организацијата; односите со ВМК; односот со проегзархиските кругови во Македонија; односот кон пропагандите. На крај, донесена е одлука за преточување на конгресните решенија во нов Устав и Правилник.

Од овој Конгрес МРО излегла со ново име *„Тајна македонско-одринска револуционерна организација“* (ТМОРО). Организационата територија била поделена на нови револуционерни окрузи.[84] По извесни преструктурирања по Солунскиот конгрес се из-

---

[80]Д. Димески, Солунскиот конгрес на МРО..., 93; Националноосвободителното движение..., т. 2, 111.

[81] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 216, белешка 7.

[82] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 41.

[83] Исто.

[84] Според Ѓ. Петров, било предвидено организационата територија да се подели на 7 окрузи и тоа: Солунски, Битолски, Скопски, Штипски, Струмичко-Џумајски, Велешко-Тиквешки и Одрински. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 82); Меѓутоа, Х. Татарчев не споменува Велешко-Тиквешки округ. Освен тоа, тој Струмичкиот и Џумајскиот (Серскиот) округ ги споменува како одделни окрузи. (Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 41). Меѓутоа, Велешко-Тиквешки округ воопшто не егзистирал, а Велес се стекнал со право директно да ко-

диференцирале следниве окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички, Серски и Одринскиот надвор од Македонија.[85] Прилеп и Цариград се стекнале со право директно да комуницираат со ЦК во Солун.[86]



Пере Тошев

Во поглед на кореспонденцијата, било решено внатрешноста со ЦК да комуницира преку соодветните окрузи. За тоа биле предвидени посебни шифри за комуникација помеѓу окрузите и ЦК, помеѓу ЦК и ВМК во Софија и одделна за окрузите.[87] П. Тошев го поставил прашањето за децентрализација, барајќи окрузите да имаат посебен печат од ЦК. На тоа остро се спротивставил Д. Груев. Предлогот не бил прифатен.[88]

Конгресот го разгледал прашањето за вклучување во МРО на другите етнички и конфесионални групи *„без разлика на вера и народност“*.[89]

---

респондира со ЦК. Со тек на времето, пред сѐ поради Виничката провала Штипскиот округ згаснал, а неговата територија била поделена помеѓу Струмичкиот и Скопскиот револуционерен округ. Од предвидениот Струмичко-Џумајски округ, во пракса произлегле два одделни округа: Струмичкиот и Серскиот.

[85] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 137.

[86] Исто, 136; Д. Димески, Солунскиот конгрес на МРО..., 93.

[87] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 83.

[88] Исто; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 42.

[89] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 42.

Притоа, според Х. Татарчев се поаѓало од становиштето дека „*делото ќе има чисто македонски карактер и на тој начин ќе придонесе за премавнување на пропагандите и националните раздори, како и за создавање на мир, согласност и заемна соработка, за напредокот и благото на заедничката татковина*".[90] Со тоа се надраснати одредбите од претходниот Устав. Со таквиот граѓански концепт, МРО прагматично се издигнала над реалната состојба. Со тоа се создале претпоставки за брз продор помеѓу поделеното население и негово обединување околу единствената цел – автономија на Македонија.

За Одринско било решено тоа да се „третира одделно од Македонија", но двете области да сочинуваат единствена кауза. Според Татарчев, поради тоа било одлучено да се извршат измени во Уставот и да се допушти член на Организацијата да може да биде „*секој Македонец и Одринец, без разлика на народност и вера, но кој не е компромитиран во ништо и може да биде корисен за делото*".[91]

Во врска со прашањето за прием на жени во Организацијата, било решено тоа да се остави во надлежност на реонските комитети. Ѓ. Петров бил категорично против.[92] Меѓутоа, нивното членство и дотогаш било реален факт.

На Конгресот било прочитано писмото од ВМК од 20. III (ст. стил) 1896 година. Несомнено, во врска со тоа прашање Д. Груев и Г. Делчев информирале за нивните преговори со ВМК. Конгресот ја оценил тенденцијата на ВМК „како многу опасна за

---

[90] Исто.

[91] Исто. Ова тврдење на Татарчев претставува уште еден демант за тезите во бугарската историографија дека Уставот на ТМОРО е од 1902 година.

[92] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 43; Ѓ. Петров не се сеќава каков став зазеле по тоа прашање. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 84).

делото“.[93] Притоа, се зазел став да се разубеди ВМК да се откаже од својата тенденција, но да не се предизвика раздор, бидејќи Организацијата би се лишила од значајна материјална помош.[94] Затоа, Конгресот одлучил ТМОРО да не се меша во внатрешните работи на ВМК, ниту во партиското живот во Бугарија. Со ВМК, бугарското општество и македонската емиграција да се одржуваат добри односи.[95] Од тие причини била донесена одлука да се отвори Задгранично претставништво.[96] Тоа требало да ја претставува ТМОРО и да ги одбие надворешните посегања, без да се меша во работата на ВМК и политичкиот живот во Бугарија. Кон крајот на 1896 г., со оваа сложена и деликатна задача бил натоварен Г. Делчев. Во март 1897 г., нему му се придружил Ѓ. Петров.[97]

Пере Тошев го информирал Конгресот за преговорите со проегзархиската групација околу Коне Самарџиев.[98] Конгресот ги задолжил П. Тошев и Х. Матов да најдат начин за зближување со нив на начин погоден за делото.[99] П. Тошев, кој бил голем ентузијаст во поглед на зближувањето, откако ги исцрпил сите можности, остро се разделил со споменатава групација. Таа условува-

[93] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 42.
[94] Исто.
[95] Исто.
[96] Исто, 46.
[97] При заминувањето од Солун, Ѓорче се простил со зборовите: „Вие ме жртвувавте во името на идеалот, јас уште од сега претчувствувам дека еден ден ќе бидам изоставен од сите, но јас одам со длабоко сознание да исполнам еден долг кон својата родина“. (Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 46). Подоцнежниот развој на настаните ја потврдил проникливоста на Ѓорчевиот ум и во тој контекст.
[98] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 84.
[99] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 44.

ла да биде еднакво застапена како во ЦК, така и во другите комитети. На последното заседание П. Тошев го информирал Конгресот дека со нив нема разбирање. Поради тоа било решено да се прекинат преговорите, но, сепак да им се соопшти дека вратите на ТМОРО се отворени за секој што ги прифаќа општите начела.[100]



*Ѓорче Петров*

На Конгресот било разгледано и прашањето за односот кон пропагандите на соседните балкански држави во Македонија.[101] Ставот на ТМОРО по тоа прашање е изразен во чл. 2 од Уставот на ТМОРО кој гласи: „Организацијата се стреми да ги премавне шовинистичките пропаганди и националните расправи, кои го цепат и ослабнуваат македонското и одринското население во борбата против општиот непријател".[102] На крај, Г. Делчев и Ѓ. Петров биле задолжени да ги преточат конгресните решенија во нов Устав и Правилник на ТМОРО.[103]

Солунскиот конгрес од 1896 година отворил нови перспективи за натамошниот развој на македонското революционерно ослободително движење. Со отворањето на Организацијата за

[100] Исто.

[101] Првата реакција на ТМОРО против српската пропаганда датира од октомври 1894 година во Ваташа, кога биле протерани српските учители. (П. Камчевски, цит. дело, 23); Во почетокот на 1895 година Петар Поп Арсов се обидел да ја попречи српската пропаганда во Азот. (В. Ѓорѓиев, Обидот на Петар Поп Арсов да го попречи продорот на српската пропаганда во Азот 1895 година, Историја XXVIII/1-2, Скопје, 1991); Додека, пак, Ѓ. Петров се обидел да го попречи пропагандното дејствување во Битола на тамошниот српски конзул - Боди. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 46).

„сите незадоволни елементи“ се создале претпоставки за брзо масовизирање на движењето. Организацијата цврсто застанала на патот на надворешните влијанија, манифестирајќи го принципот на автономност, автохтоност и независност.

4. 2. Новиот Устав и Правилник на ТМОРО биле изработени од Г. Делчев и Ѓ. Петров. Тие се конципирани врз база на претходниот Устав и Правилник, со прифаќање на конгресните одлуки. Новиот Устав на ТМОРО содржи 19 членови кои се распоредени во четири глави. Според чл. 1. ТМОРО *„има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области“*.[104] Во врска со тоа, во чл. 2 од Уставот се вели:


УСТАВЪ

на

ТАЙНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛЮЦИОННА ОРГАНИЗАЦИЯ

ГЛАВА I.

ЦѢЛЬ.

Чл. 1. Тайната Македоно-Одринска Революционна Организация има за цѣль да сплоти въ едно цѣло всички недоволни елементи въ Македония и Одринско, безъ разлика на народность, за извоюване чрѣзъ революция пълна политическа автономия за тия двѣ области.

Чл. 2. За постигание на тая цѣль организацията се бори за прѣмахвани-

*Факсимил од Уставот на ТМОРО*

*„За постигање на таа цел Организацијата се бори да ги премавне шовинистичките пропаганди и националните расправии, кои го цепат и ослабнуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател; дејствува за внесување на револуционерен дух и сознание меѓу населението и ги употребува сите средства и*

---

[102] Уставъ на Тайната Македоно-Одринска революционна организация, 1-2.

[103] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 84.

[104] Уставъ на Тайната Македоно-Одринска революционна организация, 1. Оттука, евидентно е дека Македонија и Одринско во Уставот експлицитно се третираат како две одделни области. Таквата формулација го поткрепува тврдењето на Татарчев дека Одринско е третирано одделно од Македонија. Види: Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 42.

*напори за поскорешно и своевремено вооружување на населението со сè што е неопходно за едно општо и посемесно присутно востание"*.[105]

Во II глава од Уставот се разработени составот и устројството на Организацијата. Според чл. 4, *„Член на ТМОРО може да биде секој Македонец и Одринец*, кој не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството и кој ветува и се задолжува да биде корисен за революционерното ослободително дело".[106] Според чл. 3, ТМОРО се состои од „месни революционерни организации (дружини)" во секој град и село. Според чл. 6 месните организации се делат на групи на чело со началник (десетник). Месните организации ги раководи „месен комитет (управно тело)". Комитетите се делат на селски, околиски и окружни (чл. 5) над кои стои ЦК (чл. 7). Тој директно ги назначува раководителите на окружните комитети. Во вонредни околности, ЦК има право раководството во окрузите или околиите да го довери на едно внатрешно или однадвор назначено лице. Окружните комитети го потврдуваат раководството на околиските комитети, а тие на селските (чл. 8).

Новина претставува чл. 11, според кој секој околиски реон има своја чета, чија задача ќе се определи со специјален Правилник.[107] Со тоа се создадени претпоставки за појавата на првите чети и четничкиот институт. Тајната пошта и полиција биле задолжителни за секој комитет (чл. 14 и 15).

Во чл. 19 се вели: „врз основа на овој Устав е изработен детален внатрешен Правилник". Тој содржи 48 члена, кои се распоредени во 10 глави. Во нив се разработени правата и обврските на I. Централниот комитет; II. Селските, околиските и окружните комитети; III. Должностите на началниците на групите; IV. Дол-

[105] Уставъ на Тайната Македоно-Одринска революционна организация, 1-2.
[106] Исто, 3.
[107] Исто, 5.

жностите на членовите-работници; V. Кореспонденцијата; VI. Тајната пошта; VII. Тајната полиција; VIII. Казните; IX. Вооружувањето и X. Материјалните средства на комитетот.[108] Правилникот е заснован на претходниот, а измените во него се во духот на Солунскиот конгрес и во согласност со Уставот.[109]

## 5. *Даме Груев и Доневата афера*

Силната преокупација на Битолскиот окружен комитет за набавка на оружје и муниција, а првенствено бомби,[110] ја предизвикала познатата Донева афера.[111] Аферата избила на 7/19 април 1896 година, кога колџиите од Режијата за тутун, кај црквата „Св. Недела" на влезот во Битола, во товарите со ориз на кирацијата Доне Тошев Стојанов пронашле 10 празни бомби, 150 набои за револвер и нешто барут.[112] Тоа е прва афера во историјата на МРО, директно предизвикана од нејзината активност.

Со Доневата афера Организацијата „за првпат поради својата активност се нашла соочена со крупна опасност од разграну-

---

[108] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 205.

[109] Види: И. Катарџиев, Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период, Историја I/1, Скопје, 1965; И. Катарџиев, Некои прашања за уставите и правилниците на ВМРО до Илинденскиот период, ГИНИ V/1, Скопје, 1961.

[110] Ѓ. Петров во врска со тоа вели: „Бевме посакале бомби од Делчева да ни прати неколку да ги видиме како изгледаат, да се поокуражиме, да им се порадуваме... Бевме уште во неопределеност. Уште не се надевавме во народната сила, туку баравме спас во бомбите". (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 59-60).

[111] Поопширно за Доневата афера види: Димитар Димески, Аферите во Битолскиот вилает 1895-1903, Скопје, 1993, 25-32.

[112] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 26.

вање на нејзината конспиративна наметка. Само навремените превентивни мерки... и Доневата цврстина ги ограничиле размерите на аферата и го спречиле нејзиното метаморфозирање во провала од пошироки димензии“.[113]

Покрај превентивните мерки преземени од страна на Битолскиот окружен комитет,[114] такви мерки биле преземени и од страна на ЦК на ТМОРО во Солун, првенствено од Даме Груев. Во тој контекст, два дена по аферата, на 9/21 април 1896 година, Д. Груев за овој настан го информира членот на ВМК Андреј Љапчев.[115] Веќе следниот ден, 10/22 април, во своето ново писмо до А.

---

[113] Д. Димески, Гоце Делчев..., 68.

[114] Битолскиот окружен комитет презел редица превентивни мерки за еластично да го дочека ударот при евентуално проширување на аферата. Во тој контекст било донесено решение: доколку Доне Стојанов почне да предава, да се ликвидира во затворот преку свои луѓе; Пере Тошев и Ѓорче Петров привремено се засолниле, а Григор Попев и Анастас Лозанчев кои во тој момент се затекнале во Прилеп, го продолжиле својот престој таму, притоа од дистанца чекајќи го натамошниот развој на настаните. Притоа била воспоставена комуникација и координација со Петар Поп Арсов, тогашен претседател на Прилепскиот комитет. Благовремено бил предупреден Гоце Делчев во Штип, а директниот испраќач на бомбите Коце Ефремов за секој случај заминал за Бугарија. Истовремено била предупредена и „даскалосана“ сопругата на куририот Доне Тошев од с. Ерцелија. Види: Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 29-30.

[115] Во ова писмо Д. Груев пишува: „Во недела вечерта колциите на тутунот при Св. Недела во Битола го фатија кираџијата штипјанецот Доне со 10 празни бомби во вреќи со ориз по силно спротивставување и обиди да се измакне. Во продолжение на две денонокја бил тепан до онесвестување. Досега ништо друго не кажувал освен фразата: ‚Оризот го купив во Виница и го носам на пазар, без да знам што друго содржел‘. Турското население е во паника и мисли дека и други (бомби б.н.) се внесувани од порано. Претресувања уште нема никаде“. (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 138).

Лљапчев, Д. Груев предлага конкретни превентивни мерки.[116] Груев, имајќи предвид дека Г. Делчев непосредно пред аферата се токмел да замине за Ќустендил за средба со тамошниот околиски началник на ВМК, го замолува Љапчев доколку се утврди дека Делчев е во Ќустендил, неодложно да преземат мерки за негово задржување зад границата додека не се утврди непостоењето на евентуална опасност за него.[117]

Истовремено, Д. Груев информира за мерките што ги презела османлиската власт и за вознемиреноста меѓу турските средини поради откривањето на бомбите. Наспроти османлиската вознемиреност, според Груев, откривањето на бомбите во Битола кај македонското население имало дури „плодотворен" ефект, бидејќи тоа „послужи како поткрепа на самата пропаганда на делото".[118]



*Доне Стојанов Тошев*

Доневата афера е главен предмет и во писмото на Д. Груев до А. Љапчев од 17/29 април 1896 година.[119] Притоа, Груев соопштува дека затворениот Доне не признал ништо што би го компромитирало делото и дека османлиските претреси во Битола и Прилеп останале јалови. Поради тоа, во османлиските средини почнале да се шират гласини дека во интерес на истрагата ќе доведат лекар „хипнотизер" дури од Цариград за да извлече признанија од Доне.[120]

[116] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 139.

[117] Исто.

[118] Исто.

[119] Исто, 141.

[120] Исто.

Оттука, Груев иронизира: „Владата (османлиска, б.н.) е надвор од себе од јад поради неуспехот во својот поход“ и додава „пустите аги си ја изгубиле совеста“.[121]

Со оглед дека Г. Делчев бил главна алка на Организацијата во Штип, од каде што биле испратени „трите товари ориз“ по куририот Доне, Груевата претпазливост за евентуална опасност за Делчев во врска со Доневата афера била реална. Покрај предупредувањето од Груев, такво предупредување било пратено и од Битолскиот окружен комитет.[122] Меѓутоа, веста за аферата го затекнала Делчев во Виница на пат за Ќустендил, поради што тој веднаш се вратил назад во Штип.[123] Сепак, таму бил повикан пред турскиот кајмакам, но „бидејќи не постоеле никакви докази веднаш бил ослободен“.[124] Нешто подоцна, во врска со тоа Делчев бил спроведен во скопскиот затвор Куршумли ан, но поради отсуство на докази повторно бил ослободен, со сугестија да не се враќа повеќе во Штип.[125]

Благодарение пред сè на Доневата цврстина и истрајност од оваа афера не произлегле конкретни и сериозни последици за Организацијата. Меѓутоа, оваа афера го исфрлила на површина фактот за постоење на заговор во Битола и Штип, и го свртела вниманието на власта кон Делчев.[126] Од друга страна, „Доневата случка“ ги окуражила сите. Доне станал синоним за нескршли-

---

121 Исто.

122 Д. Димески, Гоце Делчев..., 68; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 29-30.

123 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 303, белешка, 42.

124 Д. Димески, Гоце Делчев..., 68.

125 Исто.

126 Исто, 68-69.

воста на револуционерната волја на потчинетото македонско население.[127]

Всушност, аферите и провалите допрва ќе доаѓаат. Тие биле логична и неизбежна последица во развојот на македонското револуционерно ослободително движење. Впрочем, Д. Груев „беше предвидел дека ќе има афери, дека е невозможно да се избегнат, дека тие дури се потребни". За него тие претставувале „удари врз меко железо",[128] кое по секој удар станува поцврсто.

## 6. | *Обидот на ВМК да го дискредитира Груев*

6.1. Хроничната беспарица и незаситната потреба за оружје биле слабата точка поради која ТМОРО често запаѓала во разни искушенија. ВМК, познавајќи ги материјалните потреби на ТМОРО, бескрупулозно настојувал да ја искористи состојбата за сопствено наметнување во македонското ослободително движење и потчинување на ТМОРО. Во почетокот на летото 1896 година, ВМК побарал од ЦК на ТМОРО да испрати свој човек во Софија, наводно за организирање на канал за испорака на 3 000 англиски

---

[127] Во врска со тоа Ѓ. Петров пишува: „Цврстината на Доне ни направи силен впечаток и многу нè окуражи... Примерот на Донета изигра голема охрабрувачка улога... Доне си создаде име во Организацијата како праотец на цврстината во најголеми страданија. Така се создаде традиција - еден друг да не поткажува, да не се издава ништо. Се натпреваруваа кој повеќе маки да истрае. Претензијата на Доне беше само да им се дава по една вреќа брашно на неговите деца и тоа го правевме... Кога излезе Доне од затворот, со смеа раскажуваше за своите маки како за нешто обично". (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 60-61).

[128] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 206, белешка 36.

пушки.[129] Предлогот за неколку илјади пушки ја опијанил ТМОРО до „самозаборавање“.[130] Бидејќи Д. Груев не сакал да замине за Софија поради нарушените односи со ВМК, ЦК одлучил за таа цел таму да го испрати Ѓорче Петров.[131] Истовремено Васил К'нчов од Цариград го повикал Пере Тошев од Битола.[132] Додека Ѓ. Петров и П. Тошев престојувале во Цариград и Софија, Д. Груев и поп Стамат во ѓолот близу Солунскиот Залив се зафатиле да го уредат приемот на наводните „англиски пушки“.[133]

Ѓ. Петров во Софија се сретнал со претседателот на ВМК, Д. Николаев, како и со останатите членови на ВМК: А. Љапчев, Д. Ризов, Т. Карајовов и други. Тие го убедувале дека Англија му отпуштила на ВМК нешто пари и 3 000 пушки за Македонија; дека пушките се натоварени на англиски пароброд кој се наоѓа во Средоземното Море и дека треба да се истовари во Македонија. Целата информација била полусериозна и мистериозна. Притоа, ВМК не посочил никаков конкретен доказ. Едноставно од ТМОРО се барало да прими 3 000 пушки и во една до две околии да подигне востание за да се убеди Англија дека во Македонија постои сериозна револуционерна организација. Со тоа, ВМК можел да потврди дека располага со сериозна сила во Македонија. Ѓ. Петров со задоволство го прифатил предлогот за пушките, но категорично го одбил оној за востание. Во исто време за тоа го информирал ЦК во Солун. Во меѓувреме, Д. Груев 3-4 дена ги чекал ан-

---

[129] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 80; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 75-76.

[130] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 80.

[131] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 75.

[132] Исто, 75-76.

[133] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 80.

глиските пушки во ѓолот, каде дури се разболел.[134] ТМОРО сметала дека „англиската помош" е резултат на крахот на англиската дипломатија во врска со ерменското движење, па дека сега, на тој начин, бара можност за воспоставување на својот престиж на Ориентот.[135] Егзалтирани од помислата за оружје, луѓето на Организацијата се впуштиле во акција за прием на „англиските пушки" без да побарат конкретен доказ за тоа. Набрзо работата излегла блеф. Не се појавил ниту паробродот, ниту пушките.[136]

Во меѓувреме, Д. Ризов и А. Љапчев во Софија го обработувале Ѓорче Петров. Притоа потенцирале дека само ВМК е сериозен раководен фактор на македонското ослободително дело и дека по неуспехот да се „разберат" со Д. Груев, тие сметале да се спогодат со него, ласкајќи му дека е „умен и разбран човек".[137] Од друга страна, претседателот на ВМК - генералот Д. Николаев, истакнал дека не верува во способноста на македонското население бидејќи „со селани ништо не може да се врши" и дека тој не прифаќа „детински планови". Според него, ВМК имал соодветен авторитет, а тој како генерал можел да поведе 20 000 до 30 000 резервни бугарски војници и да подигне востание во Македонија.[138] ВМК отворено му ласкал на Ѓ. Петров дека само тој и П. Тошев се сериозни луѓе и го наговарале *„да се мавне Даме од Солун"*, за да може да работат заеднички.[139]

6.2. По враќањето на Ѓ. Петров од Софија и на П. Тошев од Цариград се утврдило дека ниеден од нив не знаел дека се пови-

---

[134] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 76.

[135] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 80.

[136] Исто.

[137] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 77.

[138] Исто.

[139] Исто, 79.

кани за иста работа. Меѓутоа, тие сфатиле дека станува збор за координирана акција од еден центар со исти мотиви. Така, Д. Николаев и Т. Карајовов го советувале Ѓорче доверените тајни од нивна страна да не ги кажува на Д. Груев. Од друга страна, В. К'нчов го предупредил П. Тошев да не им ја кажува тајната на Д. Груев и Ѓ. Петров. Оттука, Ѓ. Петров и П. Тошев сфатиле дека се жртви на иста „мистификација“.[140]

Бездруго, ВМК врз основа на дотогашните искуства утврдил дека Даме Груев претставува најсериозна пречка за реализација на нивните планови спрема ТМОРО. Оттука кај нив проникнала идејата за отстранување на Д. Груев од ЦК во Солун преку врбување на Ѓ. Петров и П. Тошев. За ВМК, Д. Груев бил еден „*гамен*“ што „*игра важна улога во Солун*“ во кој што тие „*немале никаква доверба*“.[141] Навистина, непосредно пред овие настани, во ЦК на ТМОРО размислувале за кадровско прераспоредување во смисла Д. Груев да замине за Серес. Но, откако била обелоденета намерата на ВМК за отстранување на Д. Груев од Солун и негова замена со Ѓ. Петров или П. Тошев,[142] тогаш ЦК се откажал од намерата и одлучил Д. Груев да остане во Солун.[143] Наместо него во Сер бил пратен Велко Думев, кој на заминување од Солун добил директни инструкции од Д. Груев.[144]

6.3. Настојувањата на ВМК да го дискредитира Д. Груев пред другите членови на ЦК започнале уште по неговата средба

---

140 Исто, 77.

141 Исто, 79.

142 Идејата на ВМК за префрлање на Пере Тошев од Битола во Солун, притоа сметајќи на негова „кооперативност“ била разработена во почетокот на 1896 година по острото разидување меѓу Г. Делчев и генералот Д. Николаев. Види: Протокол No. 11, Заседание на 10 февруари 1896 г., Княжеството България и македонският въпрос..., 79.

143 Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 79.

144 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 232-233.

со претседателот на ВМК - Данаил Николаев. Најдобар показател за тоа е писмото на ВМК до ЦК од 20. III (ст. стил) 1896 во кое е исконструирана невистина дека предложените услови од ВМК биле донесени со согласност на Д. Груев.[145] На тоа, Груев остро протестирал поради таквото *„изопачување"* на фактите.[146] Набрзо потоа, околу Велигден, ВМК се обидел да го дискредитира Д. Груев преку Божидар Татарчев, кој по наговор од Софија му пишувал на својот брат Х. Татарчев дека тој во Солун е опкружен од *„најниски суштества"*, притоа очигледно алудирајќи на Д. Груев.[147] Ваквата тенденција на ВМК станала сосема евидентна при престојот на Ѓ. Петров и Х. Матов во Софија, летото 1896 година.

Поради сето тоа, на 27. VIII (ст. стил) 1896 г., Д. Груев остро протестира до Андреј Љапчев.[148] Писмото е исполнето со висока доза на иронија - типична за Д. Груев. Во тој контекст Груев, меѓу другото, пишува: *„Јас останувам смаен, но затоа пак и задоволен, би-*

[145] Види: К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 117; Протокол No. 14, Заседание на 7 март 1896 г., Княжеството България и македонският въпрос..., 81.
[146] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 140.
[147] Во врска со тоа Д. Груев во своето писмо до А. Љапчев од 27 август (ст. стил) 1896 г., пишува: „по Велигден - Христо (Татарчев б.н.) доби едно писмо од Божидар (Татарчев б.н), со кое последниот, го искажува своето сожалување дека докторот во Солун бил обиколен со ‚најниски суштества', според неговото соопштение од Софија. Судејќи според укажувањето на градот од каде му бил укажан тој еремиев плач, без сомнение, дека авторството на предметното сожалувачко известување се должи на вас, или барем на вашето коло. Се гледа дека од скромност, горкиот пропуштил да ги изреди поименично лицата што ги подразбира, но и без тоа може да се подразбере дека мојата милост треба да е почетокот". (Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 142).
[148] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 142-143.

*дејќи ми се даде можност да проверам, што се мислело и прифатило надвор, макар за мене непријатно“.*[149]



Андреј Љапчев

Со оглед на „неоснованите обвинувања“ и бројните „епитети“ на адреса на Груев, тој иронизира дека во ВМК „не случајно“ биле собрани „повеќето адвокати“.[150] Во продолжение Груев пишува: „дека сум син на ‚селанец‘ и дека можеби страдам од ‚селска простота‘ и јас не одрекувам, но дека уште сум и *гамен*, тоа прв пат го слушам сега по вашето предавање. *Без сомнение од тоа јас не треба да се вознемирувам,* бидејќи декорацијата ми се прави од луѓе како г.г. Ризов, Карајовов и сл., коишто малку ме познаваат, а првиот дури никако!“.[151]

Во продолжение на писмото, Д. Груев пишува: „После овие и многу други ваши успеси и слични потфати и празнословија, *јас не можам да не ве сожалам, бидејќи со вашето врховенство го убивате своето призвание,* кога пак вам местото ви било подготвено во некоја порнографска академија“.[152]

Понатаму, Груев иронично потенцира дека ВМК со настојувањето за негова дискредитација и „обиди за ориентирање“ на претставниците на ТМОРО што престојувале во Софија, всушност, постигнал спротивен ефект бидејќи тие се вратиле со „поголемо разочарување за спасителната мисија“ на ВМК.[153] Во таа смисла, Груев додава: „*Со оние, коишто досега ве посетиле, не сакај-*

[149] Исто, 142.
[150] Исто.

*ќи ни направивте доволна услуга, бидејќи им го закрепнавте сознанието за неопходноста од нашето внатрешно единство...“*.[154] Истовремено, Груев сожалува што целото население од Македонија не можело да проврви низ ВМК та побрзо да ги разбере неговите намери.

Д. Груев во писмото потенцира дека Организацијата нема намера посебно да се занимава со ВМК бидејќи „нашето гаменско воспитание и јогуртчиски сталеж не ни дозволувало со вас да бидеме еднакво строги. Е, како луѓе од долен слој и со ограничена претензија сме гледале и ќе гледаме да се движиме во границите на дозволеното, *та малку ни значи кој како нè разбирал“*.[155]



*Полковник Атанас Јанков*

Со оглед на отворените закани на ВМК дека за напред нема да го прими Груев како ополномоштен претставник на ЦК на ТМОРО, тој им порачува дека поради тоа може да дојде до прекинување на меѓусебните соопштенија.

Евидентно, посоченово писмо од Д. Груев колку е остро, уште повеќе е иронично и цинично. Несомнено, тоа е соодветниот одговор на бескрупулозните обиди на ВМК за дискредитација на Груев, пред сè поради неговото спротивставување на тенденциите на ВМК за потчинување на

[151] Исто, 143.

[152] Исто.

[153] Исто.

[154] Исто.

[155] Исто.

ТМОРО и негово етаблирање како врховен и единствен раководен фактор во македонското ослободително движење.

6.4.Таквиот однос на ВМК на Д. Николаев ја турнало Организацијата кон дисидентскиот Македонски комитет, а преку него пред портите на бугарската влада.[156] Согледувајќи го тоа, ВМК, за да ги подзапегла односите со ЦК на ТМОРО, во Солун го испратил полковникот А. Јанков.[157] Тој дошол со нова програма за договор. А. Јанков имал инструкции да не се состанува со Ѓ. Петров, со Д. Груев да биде внимателен, а П. Тошев да го убедува. Меѓутоа, предлогот на Јанков бил отфрлен од ЦК.[158] А. Јанков ги убедувал Груев и Татарчев дека ВМК и ТМОРО треба да претставуваат единствена организација. Истовремено ветувал пари и оружје. Дрскоста на А. Јанков отишла дури дотаму што побарал Груев да му ги претстави сметките на Организацијата и дотогашните постигања. На тоа Груев одговорил: *„Јас имам место каде да давам такви сметки"*.[159] Од Солун, А. Јанков заминал за Битола за да се сретне со П. Тошев. Секако, А. Јанков ја преминал границата на толеранција. Набрзо потоа, ТМОРО „тацитно" ги прекинала преговорите со ВМК.[160]

По враќањето во Софија, А. Јанков се сретнал со кнезот Фердинанд при што го запознал со состојбите во Македонија. Несомнено, полковникот А. Јанков настојувал да игра посредничка

---

[156] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 227-228.

[157] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 79; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 104.

[158] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 104.

[159] Спомени на Хр. Куслевъ, Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, По спомени на Яне Сандански, Черньо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, Сообщава: Л. Милетичъ, София, 1927, 107.

[160] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 79

улога помеѓу кнезот, ВМК и ТМОРО.[161] Истовремено, тој настојувал да извлече личен бенефит, препорачувајќи се пред кнезот Фердинанд.[162]

## 7. Улогата на Даме Груев во ЦК на ТМОРО

7.1. Изгледа во текот на летото 1896 година Дамјан Груев, во согласност со ЦК на ТМОРО, престојувал во Белгија за да се запознае со експлозивните материјали.[163] Меѓутоа, во недостиг на

161 Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 104.

162 Во писмото до кнезот Фердинанд од 28. I (ст. стил) 1897 г., А. Јанков пишува дека постои опасност некои „бујни глави" на ТМОРО да преземат вооружени акции по примерот на грчката андартска провокација во јужна Македонија летото 1896 година. Затоа, Јанков истакнува дека за „татковината (Бугарија б.н) и за круната" би било корисно лично тој да замине за Солун за да ги одврати „бујните глави" од слични авантури. Јанков ветува дека ќе му биде „најверен" на кнезот и дека зборувал со премиерот К. Стоилов за да биде пратен легално во таква мисија. На крај потенцира: „Мислам дека ќе биде корисно за Круната, во Македонија да биде едно верно лице, кое ќе ве држи во тек со сè што се случува таму". (Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи..., т.2, 169.).

163 Престојот на Д. Груев во Белгија засега останува енигматичен. Груев во своите спомени не спомнува за тоа. Меѓутоа, според Борис Сарафов Д. Груев во текот на јуни - јули 1896 г. престојувал во Белгија и на враќање од таму поминал низ Софија. Притоа, Сарафов му организирал средба со воениот министер Рачо Петров. (Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 45.); Во тој контекст Ѓорче Петров посочува дека во 1895 г. по препорака од ЦК Груев престојувал во Белгија и дека на враќање од таму во Софија се сретнал со Данаил Николаев (претседател на ВМК) и претставниците на дисидентскиот Македонски комитет. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 73). Ако се следат логиката и посочените факти во искажувањата на Ѓ. Петров евидентно е дека Груевиот престој во Белгија никако не можел да биде пред или во текот на 1895 година, туку најрано во текот на 1896 година. Поведу-

посериозна аргументација, Груевиот престој во Белгија засега останува под превезот на таинственоста. Најверојатно при заминувањето или на враќањето од Белгија, Борис Сарафов и Антон Бозуков го претставиле Д. Груев пред бугарскиот воен министер Рачо Петров.[164] Тој на „своја лична одговорност“ му ветил 2 000 пушки „Мартинки“.[165] По сè изгледа, при овој престој на Д. Груев во Софија, офицерите од дисидентскиот Македонски комитет за него организирале показна демонстрација за ракување со бомби и динамит во околината на Витоша.[166]

Како и да е, по оваа недорасветлена епизода, Д. Груев кон крајот на август 1896 година се наоѓа на својот пост во ЦК во Солун. Во претстојната 1896/97 учебна година тој останал егзархиски училишен инспектор за Солунската каза. Функцијата инспектор

вајќи се по спомените на Ѓ. Петров, Д. Константинов пишува дека Груев во Белгија престојувал во 1895 година. (Види: Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев..., 64). Истиот автор понатаму се впушта во слободна елаборација на Груевиот престој во Белгија, притоа на едно место дури се повикува на спомените на Груев иако во нив не станува збор за тоа. (Исто, 64-65). Таквите интерпретации во отсуство на сериозни аргументи се недопустливи. Петар Скопаков Груевиот престој во Лиеж - Белгија го споменува во три наврати. Во првиот текст, Скопаков овој настан го датира кон крајот на 1897 година. (Види: Даме Груев, живот и дело..., I част, 234). Во вториот текст Скопаков овој настан прво го датира во 1894/95 година, а потоа кон крајот на 1897 година. Тоа само ја потврдува недоследноста и површната информираност. (Исто, 337, 340).

164 Спомени на Борисъ Срафовъ..., 45; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 84; К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 127.

165 Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 84.

166 Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства в освободителните борби на Македония и Одринско 1897-1912, Военo издателство, ЕООД, 2002, 14.

и понатаму претставувала одлична камуфлажа за неговата организациона активност.[167]

7.2. По Солунскиот конгрес, во ЦК на ТМОРО биле вклучени: Христо Татарчев, Даме Груев, Андон Димитров, Иван Хаџи Николов, Христо Батанџиев и Ѓорче Петров. Во март 1897 година Ѓ. Петров станал втор задграничен претставник, па на негово место во ЦК бил кооптиран Григор Попев. Во втората половина на 1897 година ЦК го напуштил и Андон Димитров поради заминување на работа во Битола. По интернацијата на Д. Груев во Битола, ЦК на ТМОРО бил дополнет со Пере Тошев и Христо Матов.[168]

Во овој период Д. Груев останал главна алка во ЦК на ТМОРО. Лаконскиот Груев, овој период од својата дејност во спомените го покрива со зборовите: „Ја продолживме дејноста“.[169] Меѓутоа, времето покриено само со една реченица е исполнето со разновидни активности. За местото, улогата и значењето на Груев во тоа време во ЦК и воопшто во ТМОРО најдобро сведочат искажувањата од неговите соработници – современици.



*Рачо Петров*

Според Велко Думев, Даме Груев „фактички ја раководеше целата работа на Организацијата - ги пречекуваше и испраќаше сите пратеници од провинцијата, како

[167] Најдобра потврда за тоа е неговото писмо од 27. VIII (ст. стил) 1896 г. до Андреј Љапчев. (Види: Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 142-143.).

[168] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 225.

[169] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 20.

и сите видни *Македонци* коишто доаѓаа во Солун, и со ретка умешност ги изучуваше и привлекуваше за идејата, притоа приспособувајќи се по најчуден начин кон професијата, интересот и карактерот на секој еден; тој пишуваше, распоредуваше, го заведуваше и вооружувањето...; тој лично даваше директиви на сите раководители од провинцијата кога доаѓаа во Солун воопшто. *Даме ги држеше сите нишки на Организацијата, којашто живееше, растеше и се пројавуваше главно под негово директно и силно влијание*".[170]

Според Ѓ. Петров, Д. Груев бил целосно предаден на делото, притоа ги вршел „практичните работи, особено за градот Солун".[171] Тој ја водел обемната кореспонденција на ТМОРО.[172] Претседателот Х. Татарчев ги потпишувал само поважните писма.[173] Преписката претежно имала карактер на известување. Директивите биле со другарски карактер, а многу ретко во форма на заповед.[174]

Истовремено, Д. Груев раководел и со ученичкиот кружок во Солунската егзархиска гимназија.[175] Осветлените ученици ги покрстувал поп Стамат.[176] На тој начин, во учебната 1896/97 година биле покрстени 21 ученик. Кружокот собирал парични прилози зависно од имотната положба на учениците. Тие се снабдиле дури и со револвери. Членовите на кружокот украле 6 лири од еден побогат ученик и ги внеле во касата на Организацијата.[177] Григор Попев (член на ЦК) за тогашната активност на Груев крат-

---

[170] Даме Груев, живот и дело..., I част, 200-201.

[171] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 64-65.

[172] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 39; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 65.

[173] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 65.

[174] Исто.

[175] Исто, 68.

[176] Спомени на Христо Куслевъ..., 103.

[177] Исто, 106.

ко резимира: „*тогаш Даме вршеше сè: агитација, кореспонденција и сл.*“.[178]

Во овој период Д. Груев бил целосно сраснат со Организацијата и со македонското ослободително дело. Во март 1897 година, кога И. Х. Николов и Х. Татарчев на еден состанок во ЦК предложиле Д. Груев да замине за втор задграничен претставник во Софија, тој се почувствувал „како попарен и изјавил дека, *побрзо ќе се откаже од борбата, од сè, од себеси, отколку да ја напушти Македонија*“.[179] Оттука за втор задграничен претставник бил именуван Ѓорче Петров.[180]



Андон Ќосето

7.3. Д. Груев лично се ангажирал за воспоставување на боевите структури на Организацијата. Со тоа ослободителната идеја од апстрактна форма добива конкретен практичен израз. Во таа смисла, тој лично го ангажирал и го имал под сопствена контрола прочуениот терорист, а потоа војвода - Андон Ќосето.[181]

Со лично залагање на Д. Груев, во 1897 година била формирана првата чета на ТМОРО во рамките на Солунскиот револуционерен округ. Со тоа практично бил реализиран чл. 11 од Уставот на ТМОРО. Во првата половина на 1897 година, при една обиколка во областа Бојмија,[182] Д. Груев се сретнал со стариот ајду-

[178] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 116.
[179] Исто.
[180] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 46.
[181] Македония в пламъци. Спомени на Андон Къосето..., 14-20.
[182] Крсте Битоски, Апостол Петков Терзиев, Битола, 1988, 18.



*Апостол Петков*

дучки војвода[183] Апостол Петков Терзиев и со Иван Органциев Карасулијата, кои со чета крстареле низ Бојмија и Пајак Планина.[184] Тогаш Груев ги поканил да ѝ се покорат на ТМОРО и да ги почитуваат нејзините правила. Тие во Организацијата биле посветени од поп Стамат Тончев.[185]

Појавата на четата на Апостол Петков[186] значела силен поттикнувачки фактор за населението во овој крај. Кај него се зацврстила самодовербата, а во голем степен била олеснета работата на легалните дејци.

## 8. | *Односите меѓу ТМОРО и бугарската влада*

8.1. Во потрага по материјални средства (пред сѐ оружје), ТМОРО најпрво преку Дамјан Груев, а потоа преку Ѓорче Петров и Христо Матов летото 1896 година воспоставила контакти со бугарската влада.[187] Оттука, кон крајот на 1896 година, бугарската

[183] Потребата од ангажирањето на стариот арамиски кадар била неминовна. Во прво време тие биле единствените преплашени луѓе, кои биле погодни за егзекутори, курири, пренесување на оружје и други работи. (Х. Силяновъ, цит. дело, т.1, 98.).

[184] Христо Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина, Ил. Илинденъ, IV (34), София, 1931, 14.

[185] Исто, 14-15.

[186] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 238-239; 274-281.

[187] За првичните односи меѓу ТМОРО и бугарската влада види: В. Ѓорѓиев, Односите помеѓу ТМОРО и бугарската влада на Константин Стоилов, (1896

влада преку Задграничното претставништво на ТМОРО започнала да ги пушта првите количества на оружје. Станува збор за застарени пушки „кримки“, исфрлени од употреба во бугарската армија. Оружјето било дистрибуирано преку трговската куќа на браќата Иванови, кои го откупиле по симболична цена. Меѓутоа, бугарската влада, за да ја задржи контролата за подареното оружје не дала патрони. Во врска со тоа воениот министер Иванов на Ѓ. Петров експлицитно му рекол: *„Не сме будали да ви дадеме фишеци, така силата ја држиме во своите раце, инаку вие ќе се одметнете од нас“*.[188] Откако биле примени 4 000 пушки, испораката била прекината поради заладување на односите. Причината за тоа лежела во настојувањето на бугарската влада да го контролира распоредувањето на оружјето и да се меша во внатрешните работи на Организацијата.[189] Бугарскиот премиер К. Стоилов сметал дека ТМОРО не треба да испраќа оружје во Одринско „за да не настрада бугарскиот елемент таму“.[190] По тоа прашање Ѓорче Петров имал личен спор со К. Стоилов.

Прекинот на испораката на оружје и заладувањето на односите помеѓу ТМОРО и бугарската влада коинцидира со отворањето на бугарските трговски агентства во Македонија и појавата на Бугарското тајно револуционерно братство во Солун во почетокот на 1897 година.[191] Бугарската влада, заобиколувајќи го Задграничното претставништво во Софија, преку своите агентства во Македонија воспоставила директна комуникација со ЦК во Со-

-1898), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, бр. 60, Скопје, 2007, 293-295.

188 Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 92.

189 Исто, 89.

190 К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 173.

191 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 246.

лун. Притоа постоела отворена тенденција активноста на ТМОРО да се насочи согласно бугарските политички интереси во Македонија. Како механизам за притисок врз ЦК на ТМОРО, бугарската влада го користела „Тајното бугарско револуционерно братство", кое било под непосредна контрола на бугарскиот трговски агент Атанас Шопов.[192]

Со именувањето на секретари во агентствата на луѓе блиски до македонското дело (ВМК), владата од една страна ги поткопувала позициите на ВМК во Софија, а од друга, преку нив настојувала да го зацврсти своето влијание врз македонското ослободително дело предводено од ТМОРО.[193]

8.2. За водење на преговорите со ТМОРО од страна на бугарската влада бил задолжен Димитар Ризов којшто во почетокот на јуни 1897 година стапил на должноста бугарски трговски агент во Скопје.[194] На пат за Скопје, Д. Ризов поминал низ Цариград и Солун. Во Цариград се сретнал со егзархот Јосиф I кого го запознал со ставовите на премиерот К. Стоилов во врска со Организацијата. Притоа потенцирал дека духовенството, училишното дело и Револуционерната организација треба да бидат независни едни од други. Освен тоа, Д. Ризов истакнал дека Организацијата *„треба да биде во помош на официјалната бугарска политика"*.[195]

---

[192] Исто, 247.

[193] Така, Т. Карајовов бил именуван за секретар во бугарското трговско агентство во Битола, Н. Наумов во Скопје и Стаматов во Солун. Во комбинациите на Стоилов се нашол и Ѓ. Петров, кому му било понудено секретарско место во Солун. Меѓутоа, на тој пост се нашол Стаматов кој бил близок со Ѓ. Петров. Сепак, тој набрзо бил отстранет поради судир со трговскиот агент Атанас Шопов. (К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско...,173-174.).

[194] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 174.

[195] Исто.

Во Солун Д. Ризов се сретнал со раководителите на Организацијата. Нив ги убедувал да не брзаат со револуционерни активности додека не се разреши прашањето за нови берати за егзархиските владици во Македонија и прашањето за реформи.[196]



*Димитар Ризов*

Освен Д. Ризов, во преговорите и односите со ЦК на ТМОРО бил инволвиран и бугарскиот трговски агент во Солун – Атанас Шопов. Тој на 29. IX (ст. стил) 1897 г. од Министерството за надворешни работи и вероисповест ја добил следнава инструкција: „Кнежевската влада е на мнение дека *не е благовремено и во интерес на нашите дела во Македонија,* Кнежевското трговско агентство по каков било начин *да благопријатствува и да дејствува врз тамошните револуционерни комитети,* особено на секакво собирање на пари во корист на внатрешните комитети".[197] А. Шопов на 14. XI (ст. стил) 1897 г. го информирал премиерот К. Стоилов дека тој лично ќе се потруди да ги парализира дејствата на ТМОРО, кои биле во спротивност со интересите на бугарската влада, но притоа потенцира дека раководителите на Организацијата изјавиле дека нема да се откажат од собирањето на пари бидејќи тие биле неопходни за нејзиното функционирање.[198]

Во секој случај, приматот во преговорите го имал Д. Ризов. Тој на 24. XI (ст. стил) 1897 г. го известил премиерот Стоилов за

---

[196] Исто.

[197] ДАРМ, ф. Бугарски генерален конзулат (БГК) - Солун 1896-1915, мф. 4274, Софија, 24. IX 1897, No. 30.

[198] А. Шопов, Дневник..., 71.

текот на преговорите и за неговите настојувања за воспоставување на хармонија во односите помеѓу Организацијата и бугарската влада.[199] На 12. XII (ст. стил) 1897 г., К. Стоилов побарал Д. Ризов да посочи конкретен начин како „би можело да се постигне воспоставување на круг, се разбира по можност и безопасност - на една таква хармонија меѓу револуционерната организација и кнежевските агенти, која би можела да послужи како громоспроводник на секакви изненадувања и катастрофи; да ја оттргне таа организација од севозможните експлоатации на коишто е изложена во овој момент и коишто претставуваат најголема опасност за неа и истовремено *да ја насочи нејзината дејност исклучиво во корист на нашето црковно-училишно дело во Македонија и против очајните усилби на српската пропаганда*“.[200]

Д. Ризов, откако ги сондирал членовите на ЦК на ТМОРО, на 20. I (ст. стил) 1898 година го известил премиерот К. Стоилов дека тие се „согласни да врват рака за рака со бугарската влада и нејзините агенти во Македонија“,[201] при следниве услови:

1. Бугарската влада да ја почитува самостојноста на Организацијата и да не се меша во нејзините дела *„ниту непосредно, ниту преку своите агенти“*.

2. Бугарската влада да преземе мерки против преминувањето на разбојнички банди од Бугарија во Македонија.

3. Бугарската влада „да ја преземе врз себе грижата за назначување како егзархиски учители на оние членови на револуционерната организација, кои биле, сѐ, или може да бидат учители

---

[199] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 175.
[200] Исто, 175.
[201] Исто.

во Македонија", кои ќе бидат посочени од раководителите на Организацијата.

4. Бугарската влада да ѝ наложи на Егзархијата да постави тројца раководители на Организацијата за училишни инспектори во Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает.

5. Бугарската влада „да даде строги и категорични упатства" на своите агенти во Солун и Битола за да се отстрани недовербата помеѓу нив и раководителите на Организацијата. Контактите да се остваруваат преку секретарите во агентствата. На испразнетото секретарско место во Солун да се назначи лице во кое Организацијата има доверба.



*Атанас Шопов*

6. Бугарската влада да даде оружје за пограничните области на Солунскиот и Скопскиот вилает, а за Битолскиот и за дел од Солунскиот да даде пари за набавка на оружје од Грција.[202]

Овие услови на ТМОРО, агентот Д. Ризов ги оценил како „целесообразни, прифатливи и неминовни".[203] Според Ризов, откако ќе се воспостави хармонија помеѓу бугарската влада и ТМОРО, последната *„ќе стане еден вид тајна бугарска влада во Македонија"*.[204]

За разлика од Д. Ризов, трговскиот агент во Солун - А. Шопов, размислувал сосема поинаку. Тој на 28. I (ст. стил) 1898 г. на премиерот К. Стоилов му пишува дека за бугарската влада би би-

[202] Исто, 175-176.
[203] Исто, 176.
[204] Исто, 177.

ло многу покорисно доколку дејноста на Организацијата е насочена против другите пропаганди. „Тоа е нејзиното поле, за нејзина корисна дејност. *Прашањето за ослободување на Македонија не треба да стои во рацете на комитети и Организацијата, туку во рацете на бугарската влада* која треба да диктира, а диктатите буквално да се исполнуваат... Собирањето пари преку заплашување и убиства, пренесувањето оружје, пропуштањето чети и сл. се бескорисни работи и многу штетни. Сите тие оружја, пари и чети... не се против Турците, туку против самата бугарска влада... Кога ќе дојде време тие оружја да бидат потребни, тие многу лесно и многу брзо може да се пренесат и раздадат... *Впрочем, Организација, но Организација против пропагандите, најмногу против српската*".[205]


*Константин Стоилов*

Премиерот К. Стоилов ги изложил своите ставови во врска со шесте поставени услови од страна на ТМОРО во доверливото писмо од 31. I (ст. стил) 1898 г., до Д. Ризов. Во врска со првиот услов, К. Стоилов забележал дека Организацијата треба да биде „внимателна при изборот на лица", бидејќи „некои лица што минуваат пред Револуционерната организација за апостоли се тајни агенти".[206] Во врска со вториот услов, Стоилов се согласил дека преминувањето на чети од Бугарија во Македонија било штетно. Стоилов начелно ги прифатил третиот и четвртиот услов, но изразил сомнеж дека тие може да се исполнат поради спротивставување на Егзархијата, која била самостојна во одлучувањето.[207] Петтото барање за Стоилов било „многу природно", меѓутоа, според неговите разбирања. Затоа

[205] А. Шопов, Дневник..., 72-73.

испратил писмени инструкции до трговските агентства во Македонија за нивниот однос кон Организацијата. Притоа потенцирал дека Организацијата треба да биде „еден од факторите за развојот на бугарската политика во Македонија“, поради што таа „*треба да се наоѓа во искрени односи спрема бугарската влада, да биде под нејзина контрола и во постојана хармонија со неа*“.[208] Трговските агенти требало да влијаат врз раководителите на Организацијата во смисла нејзината дејност да се доведе во „*хармонија со погледите и програмата на кнежевската влада*“.[209] Во практика, тоа значело потчинување на Организацијата на политичките интереси на бугарската влада и игнорирање на првиот услов на ТМОРО за почитување на нејзината самостојност.

Во врска со шестото барање на ТМОРО, Стоилов истакнал дека бугарската влада во тој момент не располага со пари за набавка на оружје од Грција. Наводно, тоа било полесно да се внесе од Бугарија, но тоа, пак, било опасно бидејќи при евентуални афери можело да се открие, слично како во Виничката афера.

---

[206] Овде се алудира на Ѓ. Петров со кого биле нарушени односите. Во писмото до А. Шопов од истиот ден, К. Стоилов истакнува дека „Прочуениот патриот Ѓорче Петров е турски шпион“. (К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 177, белешка 198).

[207] Во врска со тоа К. Стоилов пишува дека Егзархијата „во последно време покажува големи стремежи кон самостојност, таа се стреми да го монополизира македонското дело и да го отстрани колку што може учеството на бугарската влада во него“. Оттука, Егзархијата тешко би прифатила бугарската влада да ѝ ги налага барањата на Револуционерната организација за назначување на учители и инспектори. (К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 177).

[208] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 178.

[209] Исто.

Според него, на населението можело да му се подели оружје од страна на Бугарија, но кога ќе дојде време за тоа.[210]

Евидентно, премиерот К. Стоилов не прифатил ниту еден од условите на Организацијата. Но, од друга страна, настојува да ја стави Организацијата под сопствена контрола и во функција на бугарската политика спрема Македонија, особено во борбата против српската пропаганда.

8.3. И покрај спротивставените принципи кои заемно се исклучувале, К. Стоилов, сепак побарал директни разговори со некој од раководителите на ТМОРО. Трговскиот агент во Солун А. Шопов во извештајот од 11. II (ст. стил) 1897 г. како најистакнат претставник - раководител на ТМОРО го посочил Даме Груев. А. Шопов потенцирал дека Д. Груев бил училишен инспектор во Солун по препорака на поранешниот воен министер Рачо Петров, дека неговото инспекторување било само параван за прикривање на револуционерната дејност, бидејќи цело време всушност раководел со Организацијата, а негов главен кореспондент во Софија бил Ѓорче Петров.[211]

---

[210] Исто.

[211] А. Шопов во писмото до К. Стоилов пишува: „За Груев лично ги знам следниве податоци: Родум е од битолското село Смилево. До петти клас учел во Солунската гимназија, а потоа бил учител во Штип. По едногодишното учителствување, заминал во Србија и пристапил во Белградската велика школа. Знаете дека во времето на Стамболов десет-петнаесет души бугарчиња демонстративно ја напуштија Белградската велика школа и се прибраа во Софија. Во нивниот број бил и Груев. Тој следел само една година во Вишото софиско училиште, по што заминал учител во Штип, каде учителствувал две години. Од пред 4 години навака, тој е во Солун. Три години бил инспектор во Солунската каза, назначуван од Егзархијата. Тековната година е без работа. *Неговото назначување како инспектор во Солун станало по препорака на тогашниот воен министер полковник Петров. Сето време во Солун тој бил претседател на Комитетот и се занимавал со Организацијата.*

Набрзо потоа, на 27. II (ст. стил) 1897 г. А. Шопов го информира К. Стоилов дека Организацијата тешко може да се одврати од ризични дејства како присилно собирање пари и вооружување. Оттука, Шопов го предупредува премиерот доколку Организацијата „не се стави во ред и дисциплина преку Софија", дека претстојат катастрофи како во Македонија, така и во Бугарија.[212]

Во март 1898 година, Даме Груев преку Цариград заминал за Софија за средба со бугарскиот премиер К. Стоилов. Патем, во Цариград се сретнал со бугарскиот егзарх Јосиф I. А. Шопов на 16. III (ст. стил) 1898 г. го информирал премиерот К. Стоилов дека Д. Груев се наоѓа во Цариград.[213] Истовремено, А. Шопов бара премиерот да телеграфира до бугарскиот претставник во Цариград Д. Марков да го повика Груев на разговор и да го предупреди да престанат со убиствата и насилното собирање пари бидејќи бугарската влада била строго против тоа, па дури и дека ќе биде принудена да преземе нужни мерки против тоа.[214] На крај А. Шопов истакнува дека во врска со тоа прашање тој неколкупати разговарал со Д. Груев и останатите водачи на Организацијата.[215] Засега не е познато дали Д. Марков се сретнал со Д. Груев и дали разговарал за тоа прашање. Меѓутоа, неспорен е фактот дека Организацијата продолжила да ги применува востановените мето-

---

*Неговото инспекторување и учителствување било само за лице.* Негови кореспонденти во Софија се Ѓорче Петров и Стаматов, поранешен секретар на солунското трговско агентство, којшто беше човек на офицерскиот комитет и работеше според неговите напатствија". (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 145). Евидентно, некои од наведените податоци од страна на А. Шопов не се точни.

[212] А. Шопов, Дневник..., 75.

[213] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 146.

[214] Исто.

[215] Исто.

ди на насилство, воопшто не земајќи ги предвид укажувањата од официјалните бугарски фактори.

Во Софија, Д. Груев имал долг разговор со бугарскиот премиер К. Стоилов.[216] Од достапните информации и од подоцнежниот развој на настаните е евидентно дека разговорот помеѓу Д. Груев и К. Стоилов протекол врз база на претходно поставените услови, изградените принципи и интереси од двете страни.

За средбата со Д. Груев, премиерот К. Стоилов во доверливото писмо до А. Шопов од 25. IV (ст. стил) 1898 година пишува: „Мојата цел беше да видам што гонат тие господа, *да им дадам да разберат дека тие не можат да ни ги налагаат нам, на владата, нивните погледи и дека ако сакаат да работат корисно тие треба да се во хармонија со нас. Сакав да ги ангажирам водачите на Организацијата да работат со нас,* бидејќи јас мислам дека постоењето на Организацијата како средство за пробудување на народното чувство и *како средство против нелојалните дејства на спротивставените нам пропаганди е нешто корисно*. Наместо таа пропаганда да стои под влијанието на неодговорни луѓе со сомнителен патриотизам и уште посомнителен здрав разум, *подобро е да се наоѓа под контрола на владата*“.[217]

---

216 Датумот на разговорот помеѓу Д. Груев и премиерот Стоилов засега не ни е познат. К. Стоилов на 23. III (ст. стил) 1898 г., го известил Д. Ризов за средбата со Д. Груев. (К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 179). Оттука, средбата помеѓу Груев и К. Стоилов треба да се лоцира во периодот помеѓу 16 и 23 март 1898 г. (ст. стил). Поконкретни информации за содржината на разговорот помеѓу К. Стоилов и Д. Груев дознаваме од доверливото писмото на К. Стоилов до трговскиот агент во Солун А. Шопов од 25. IV (ст. стил) 1898 година. Види: А. Шопов, Дневник..., 78-79.

217 А. Шопов, Дневник..., 78.



*Даме Груев*

Според К. Стоилов, Д. Груев „многу отворено" ги изложил погледите на Организацијата и „положбата на работите во Македонија". Од своја страна, К. Стоилов „многу категорички и јасно" ги изложил сопствените погледи и ставови.[218]

Според К. Стоилов, Д. Груев побарал бугарската влада да даде оружје за пограничните македонски области со Бугарија и пари за набавка на оружје од Грција за пограничните области кон неа. Во врска со оваа барање, К. Стоилов го повторил поранешниот став дека е опасно да се дава бугарско оружје и дека владата нема пари за набавка на оружје од Грција. Што се однесува до барањето бугарско оружје, Стоилов истакнал „кога ќе настапи часот за дејство и кога нашите војски ќе стапат во дејство и ако се најде за корисно населението во Македонија да се стави во дејство, тогаш нашата влада ќе ја има грижата да го снабди населението со потребното оружје".[219]

На крајот на разговорот Д. Груев побарал да им се даде една мала сума, колку за поттик. Следниот ден секретарот на владата го информирал Д. Груев дека конечниот одговор ќе го добие преку трговскиот агент во Скопје - Д. Ризов.

Очигледно, К. Стоилов не ветил ништо конкретно. Всушност, тој планирал прво да го повика на консултации во Софија Д. Ризов, па дури потоа да донесе конечна одлука.[220] На 23. III (ст. стил) 1898 г., К. Стоилов го информирал Д. Ризов за реализираната средба и истакнал дека погледите на Д. Груев за помош од бугарската влада биле „многу правилни и умерени".[221] Истовремено, К. Стоилов го информира Д. Ризов дека има потреба да се

---

218 Исто.
219 Исто.
220 Исто.
221 К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 180.

види со него, но му сугерирал да остане во Скопје, бидејќи поради незадоволството на Груев постоела опасност од преземање на некакви дејства од страна на Организацијата.[222] Според Д. Ризов, Д. Груев од средбата со К. Стоилов бил *„разочаран и едвај ли не навреден"*, па затоа настојувал да ја втера Организацијата во „акција".[223]

Во меѓувреме, ТМОРО продолжила да собира средства по старата практика. Поради тоа, на 30. VI (ст. стил) 1898 г., А. Шопов имал средба со Д. Груев во Солун.[224] Тој настојувал да го убеди Груев дека собирањето средства со заплашување и убиства е опасно и штетно, притоа уште еднаш му ги потенцирал ставовите на бугарската влада во врска со тоа прашање. Д. Груев истакнал дека тие биле свесни за опасноста по Организацијата, но истовремено истакнал дека доколку „имале други извори, немало да собираат пари со сила и убивање". Освен тоа, Груев укажал дека бугарската влада *„не си стоела на зборовите и дека не била искрена спрема Организацијата"*, туку напротив, правела пречки со интернирање на нејзини луѓе и слично. Меѓу другото, Д. Груев пред А. Шопов изјавил: *„Ние не можеме да се сообразуваме со политиката и желбите на кнежевската влада, туку ќе работиме самостојно и со неа ќе се бориме, така, како што се бориме со сите наши противници"*.[225]

8.4. Очигледно, по средбата Груев - Стоилов дошло до затегнување на односите. Причината за тоа е неискреноста на бугарската влада и нејзиното настојување за потчинување на Организацијата и нејзина експлоатација за бугарските пропагандни интереси во Македонија. Затегнатите односи не биле променети

---

[222] Исто.

[223] Исто.

[224] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 149.

[225] Исто.

ниту по средбата на Д. Ризов со К. Стоилов во почетокот на јуни 1898 година. Тогаш Д. Ризов предложил Владата да отпушти извесна сума за тековна издршка на Организацијата и да влијае врз Егзархијата за назначување на одредени лица од ТМОРО за учители.[226] Меѓутоа, А. Шопов смета дека настојувањето на Д. Ризов за посредство на Владата при назначување на македонските учители биле опасни, штетни и спротивни на интересите на бугарската влада.[227]

Најпосле, на 3. IX (ст. стил) 1898 г., К. Стоилов издал специјално Окружно, во кое го определува односот на Бугарија и нејзините трговски агенти спрема ТМОРО.[228] Според Окружното: а) Организацијата е еден факт, кој може да има влијание врз развојот на самосознанието кај Бугарите во Македонија и врз бугарската надворешна политика; б) Должност на трговските агентства е да се запознаат со Организацијата и со нејзините активности и над неа да стекнат такво влијание „*такашто не ќе може да прави ништо спротивно од погледите на бугарската влада*“.[229] Меѓутоа, Стоилов со жал констатира дека „во последно време, *таа Организација е падната во нечисти раце* и од една институција која треба да има патриотска цел, *таа станала една банда од разбојници*, која на овој начин нашла можност да се прехранува и обогатува... Тоа во моите очи е чисто разбојништво и *ако кнежевската влада успее да фати некои од тие разбојници*, бидете сигурни дека тој *ќе ги почувствува сите строгости на законот за разбојници... Бугарската вла-*

[226] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 181.
[227] А. Шопов, Дневник..., 82-83.
[228] Исто, 83-85; Величко Георгиев - Стайко Трифонов, История на българите 1878-1944 в документи, том I, 1878-1912, част втора, София, 1996, 343-344.
[229] В. Георгиев - С. Трифонов, Историја на Българите..., 343.

*да во иднина нема да се застапува за оние што дејствуваат против нејзините погледи“.*[230]

Поаѓајќи од тоа, премиерот Стоилов на трговските агенти во Македонија им порачува: 1. Агентите да ја следат Организацијата и нејзините дејства, но „строго да внимаваат да не земат учество“. Тие да бидат „објективни набљудувачи“, а не „соучесници... уште помалку интелектуални раководители“. Да ги спроведуваат ставовите на Владата. 2. Учебното дело да се чува подалеку од Организацијата. Нејзиното мешање во тоа ќе има компромитирачки карактер, бидејќи турската влада добро ги знае нишките на Организацијата, но чека погоден момент со еден удар да постигне голем ефект. 3. Организацијата да не се меша во работата на духовенството и во црковните општини. На крајот се потенцира: *„Организацијата денес се наоѓа во сомнителни раце и досегашните резултати се само штетни. Тоа ни налага кон неа да бидеме сомнителни и скептици.“*[231]

Евидентно, премиерот К. Стоилов, откако не успеал да ја потчини Организацијата, радикално го променил ставот кон неа. Притоа ја нарекол разбојничка банда и отворено се заканил со затворање на нејзините раководители, иако дотогаш водел директни преговори со нив. Секако, за тоа влијаела и отворената изјава на Д. Груев дека Организацијата нема да се сообрази со политиката и желбите на бугарската влада и дека со неа ќе се бори како со другите противници.

Кога пристигнало Окружното на К. Стоилов во Солун, Д. Груев веќе бил интерниран во Битола од страна на османлиските власти. А. Шопов со содржината на Окружното го запознал Христо Татарчев.[232] Провокацијата за ЦК била уште поголема би-

---

[230] Исто.

[231] Исто, 343-344.

[232] А. Шопов, Дневник..., 87.

дејќи А. Шопов го прочитал Окружното пред трговците во Солун.[233] Поради тоа, ЦК на ТМОРО на 27. IX (ст. стил) 1898 година упатил остар протест до премиерот Стоилов.[234] Во него се потенцира дека Организацијата, која си поставила за цел ослободување на *„македоно-одринското население“* е изненадена од изречените квалификации по нејзина адреса од страна на еден „високопоставен Бугарин... којшто до пред една седмица... не само што го одобрувал постоењето на Организацијата, туку и се допишувал со неа и со нејзините луѓе, водел преговори, ветувал поддршка“.[235]

Понатаму во протестот се истакнува: *„Организацијата еднаш родена, по никој начин не може да се уништи. Нејзините работници нема да се откажат од својата зацртана цел; тие нема да се стреснат од никакви заплашувања и од никакви заткулисни подземни дејства.* Тие можат да се судат во кнежеството по законите за разбојниците, но тогаш правосудство ќе биде г-н Стоилов, а не бугарското правосудство... И ако, најсетне, некои раководители паднале или ќе паднат под ударите на страшната судба... *Организацијата пак не ќе загине, како што не ќе загине ниту нејзиниот извор – самото население.* Населението преку својата Организација ќе се мачи *да не остави неговата судбина да зависи од благонаклонетоста на Европа и уште помалку од соображенијата на одделни лица* (како К. Стоилов, б.н.), коишто под притисок (или од нејасно

---

[233] Исто.

[234] Архив Христо Матов. (Към историята на културно-просветните и революционните борби на македонските и тракийските българи в края на XIX и началото на XX век), Документален сборник, Съставител Цочо Билярски, София, 2004, 37-40

[235] Исто, 38.

сфаќање) можат да му повлечат разни 'надворешни сфери на влијанија'".[236]

Истовремено, ЦК на ТМОРО наредил бојкот на бугарските трговски агентства во Македонија.[237] Освен тоа, ЦК започнал контраагитација, во смисла: доколку бугарската влада преку своите агентства не се мешала во работите на Организација „Македонија одамна ќе беше слободна".[238]

За ублажување на конфликтот Владата го задолжила Д. Ризов, преку кого отпуштила 10 000 лева за Организацијата. Меѓутоа, ТМОРО не сакала да ги прими парите „бидејќи не сака да стане орудие на бугарската влада".[239] На тоа К. Стоилов одгово-

---

[236] Исто, 40. Забелешката „надворешни сфери на влијанија" се однесува на српско-бугарската спогодба од 1897 година за поделба на Македонија на сфери на влијанија. Според Христо Татарчев, оваа забелешка всушност била лична опомена кон Стоилов како на „*министер, дека Македонија не е една колонија која може да се третира на сфери на влијанија и дека македонскиот народ не може да трпи слични комбинации за дележот на неговата родна земја*". (Др Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революциона организация..., 94). Во врска со тоа Ѓ. Петров вели: „Рачо (Петров б.н.) се опушти да ми каже дека се воделе преговори за поделба на сфери на влијание. Овој и слични признаци ни вдахна увереност дека има опасност да се прават политички комбинации на наш грб и без наше знаење. Тоа нè натера да бидеме уште попретпазливи и посамостојни во своите акции, да не даваме можност да се прават политички комбинации за сметка на Македонија". (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 94).

[237] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционна организация..., 94.

[238] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 117.

[239] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 184. Григор Попев во врска со тоа пишува: „*Централниот комитет не сакајќи да потпадне под влијание на бугарската влада, одби да ја прими предлаганата сума*". (Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 117).

рил дека Владата немала намера да ја претвора Организацијата во орудие за спроведување на своите цели, туку дека само сака да бидат во една хармонија. Сепак, Д. Ризов со парите отпатувал за Солун. Меѓутоа, Х. Татарчев одбил да ги прими. Поради тоа, Д. Ризов ги убедувал во смисла: „Земете ги парите и пак пазете си ја вашата самостојност“.[240] На заминување, Д. Ризов ги оставил парите на маса, со зборовите: „Вие сега можете да ги фрлите во морето“.[241] На 24. XI 1898 г., ЦК на ТМОРО издал расписка No. 266 на име Димитар Ризов, со што потврдил дека примил 500 наполеони.[242]

Оваа скромна парична помош од 10 000 лева (500 наполеона) не променила ништо во односите помеѓу бугарската влада и ТМОРО. Во почетокот на наредната година Владата на К. Стоилов паднала, а ТМОРО останала понастрана од официјалните бугарски кругови. Играта во преговорите придонела ТМОРО да го промени „почетното мислење за општата искреност на бугарската влада кон ослободителното дело што било проста наивност“.[243] Секое зло за добро. Оттука, Организацијата разбрала дека „*Бугарија се однесува егоистички*“.[244] Тоа ја насочило Организацијата на „самостоен пат“.[245]

---

[240] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 117.

[241] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революционa организация..., 94.

[242] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 151.

[243] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 94.

[244] Исто, 95.

[245] Исто.

## 9. *Втерување на волкот во трлото*

Во март 1897 година во Солун било формирано Бугарското тајно револуционерно братство на чело со Иван Гарванов.[246] Братството во себе ги апсорбирало главните протагонисти на проегзархиската групација во Солун кои „поради своите големобугарски политички сфаќања“[247] биле во конфликт со ТМОРО. Споменатава групација, забележувајќи го падот на сопственото влијание во Македонија, се метаморфозирала во Братство со наводен револуционерен карактер. Притоа, тенденцијата била да се преземат раководните позиции во ТМОРО, а нејзината активност да се насочи во корист на бугарската пропаганда во Македонија наспроти другите.

Меѓу главните протагонисти на Братството се вбројуваат: Иван Гарванов (претседател), Христо Тенчев, Јосиф Кондов, Димитар Мирчев, Делчо Колушев, Атанас Наумов, Христо Ганов, Коне Самарџиев и други.[248] Братството одржувало тесни врски со Бугарската егзархија, ВМК и бугарската влада.[249] Најдобра илустрација за тоа е формирањето на Бугарското благотворително братство „Милосрдие“[250] во ноември 1897 година во Солун, во кое влегувале сите членови на Братството. „Милосрдие“ било под директно покровителство на бугарскиот трговски агент Атанас Шопов, а негов почесен член бил и бугарскиот премиер Константин

[246] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 256-265.

[247] Пречки и опасности (Из запискитѣ на Ив. Х. Николовъ), Ил. Илинденъ, 2 (82), София, 1937, 6.

[248] Спомени на Иванъ Гарвановъ..., 116.

[249] Д. Димески, Гоце Делчев..., 81-82; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 256-265.

[250] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 143.

Стоилов.[251] Со директната поддршка на Братството, бугарската влада во најмала мера располагала со уште еден инструмент за директен притисок врз ТМОРО и мешање во македонското ослободително движење. Како и да е, Братството претставува уште една алка во континуитетот на бугарската политика за канализирање на македонското ослободително движење според потребите на бугарските политички намери.

Сепак, и покрај наклонетоста на Егзархијата и поддршката од бугарската влада, Братството не успеало да фати подлабоки корени во Македонија. Освен централата во Солун и слабите клонови во Прилеп, Кавадарци, Сер и Велес, „Братството не успеало да се вгнезди во другите градови во Македонија".[252] За своето двоиполгодишно постоење, Братството манифестирало само „признаци на организација, но не и дисциплинирана организација".[253]

Независно од фактот што Братството не успеало да воспостави сопствена мрежа по примерот на ТМОРО, ниту пак да се наметне или да ја преземе Организацијата одвнатре, истото со својата тенденција продуцирало бројни непријатности и непријателства.

Набрзо по формирањето, Братството влегло во отворен судир со протагонистите на српската пропаганда во Солун. При еден таков инцидент, на 3. VI (ст. стил) 1897 г., загинал Христо Ганов, а Иван Гарванов бил ранет.[254] Во тој момент челниците на ТМОРО притекнале на помош. Така, И. Хаџи Николов го придружувал Гарванов до болница, Х. Татарчев му предложил бес-

[251] Исто, 144-145.

[252] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 216-217.

[253] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 147.

[254] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 258-259.

платно лекување, а Х. Матов му испратил писмо од Скопје.[255] Додека Д. Груев, пак, го организирал ликвидирањето на српскиот ренегат Пејчиновски.[256] Овие епизодни услуги Братството брзо ги погазило.



*Васил К'нчов*

Односите помеѓу ТМОРО и Братството особено се заостриле поради некоректната агитација од страна на Братството.[257] Со тоа Братството присвојувало туѓи заслуги, а истовремено продуцирало подвојување и заблуди меѓу населението. Првото предупредување за Братството дошло летото 1897 година при обидот за ликвидација на Васил К'нчов во Цариград, кого Организацијата го сметала за интелектуален водач на конзервативните егзархисти и за идеен творец на Братството.[258] Поголем ефект бил постигнат пролетта 1899 година, кога терористи на ТМОРО се обиделе да го ликвидираат Анастас Наумов (тогашен инспектор на егзархиските училишта) во Сер.[259]

Од своја страна, Братството донело одлука за ликвидација на Даме Груев (во тоа време бил во Битола), како и на членовите на ЦК: Иван Хаџи Николов, Пере Тошев и Христо Матов.[260] Иван Гарванов во своите спомени експлицитно наведува дека за ликви-

[255] Спомени на Иванъ Гарвановъ..., 118.
[256] Исто, 119.
[257] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 260-261.
[258] Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи..., т. 2, 124.
[259] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 261.
[260] Спомени на Иванъ Гарвановъ..., 121.

дацијата на Д. Груев бил задолжен Димитар Мирчев (поранешен другар на Д. Груев). Меѓутоа, тој задоцнил во извршувањето на задачата поради задржување во Прилеп.[261] Григор Попев, член на ЦК и близок привrзаник на Д. Груев, во врска со изјавата на Гарванов за ликвидација на Груев вели: „Ако го направеа тоа, ние со заби ќе ги раскиневме, а најпрво јас ќе го убиев својот зет Коне (Самарџиев б.н.)“.[262] Понатаму, И. Гарванов истакнува дека лично сакал да стрела во Х. Матов, И. Хаџи Николов и П. Тошев, но дека тие побегнале, бидејќи биле предупредени.[263] Според Гарванов, Братството било решено „да оди до крај“. Меѓутоа, поради заплашувањата од ЦК на ТМОРО и заминувањето на А. Наумов од Серес, Братството се откажало од намерите и почнало да бара друг излез.[264] Објективно гледано, Братството немало капацитет за пресметка со ТМОРО.


*Иван Гарванов*

ЦК на ТМОРО за намерите на Братството благовремено дознавал преку Григор Попев, кој бил шура на Коне Самарџиев, а И. Хаџи Николов преку Иван Велков, член на Братството.[265] Со оглед на информациите со кои располагал, ЦК на ТМОРО имал аргументи, но и потенцијал да преземе мерки за ликвидација на членовите на Братството, но сепак, се воздржал од крајни чекори.[266]

[261] Исто.
[262] Македония в пламци. Спомени на Григор Попев..., 119.
[263] Спомени на Иванъ Гарвановъ..., 121.
[264] Исто.

Иван Гарванов, согледувајќи ја минорната улога на Братството, се обратил за поткрепа кај ВМК, бугарската влада и Егзархијата.[267] Речиси секаде бил пресретнат ладно, без конкретни ветувања за поддршка и со сугестија да прифати помирување со ЦК на ТМОРО. Со посредничката улога се награбил ВМК на Борис Сарафов преку поручникот Иван Камбуров.[268] Во септември 1899 година, Братството било принудено да ги прифати ултимативните услови на ЦК на ТМОРО за негово саморастурање и вклучување на неговите членови во редовите на ТМОРО.[269] Како резултат на спогодбата, во ЦК на ТМОРО бил кооптиран Јосиф Кондов кој бил сметан за поумерен, а агилниот Иван Гарванов бил вклучен во Солунскиот окружен комитет.[270]

Оваа навидум „капитулација" на Братството,[271] според Ѓ. Петров, всушност, претставувала „*втерување на волкот во трлото*".[272] Настаните по Солунската провала од 1901 година, кога И. Гарванов застанал на чело на ЦК на ТМОРО, претставуваат најдобра потврда за тоа.

Д. Груев бил решителен непријател на Братството.[273] Не случајно Груев се нашол на црната листа за ликвидација. Имајќи

---

[265] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 261.

[266] Пречки и опасности..., 7.

[267] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 262-263.

[268] Исто, 263.

[269] Исто, 263-264.

[270] Исто, 264.

[271] Х. Силянов, цит. дело, т. 1, 128.

[272] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 150.

[273] Во спомените на Груев приредени од Љ. Милетич и објавени во „Македоно-одрински преглед" од 1907 г., во врска со Братството, Груев вели: „Почетокот на новата организација, која се нарече ‚Братство', се совпаѓа со последното време на моето престојување на служба таму (Солун б.н.) и со моето отпуштање. *Јас решително се искажав против ‚Братство'*, бидејќи секој

го предвид последново, оттука се отвора дилемата за подоцнежната наклонетост на Груев кон Гарванов?!

## 10. *Отстранувањето на Даме Груев од Солун*

Во комплотот на односи помеѓу Братството, Егзархијата и бугарската влада од една, и ТМОРО од друга страна, треба да се смести и отпуштањето на Д. Груев од должноста инспектор на егзархиските училишта во Солунската каза за учебната 1897/98 уче-

---

расцеп го сметав за штетен за делото, а освен тоа длабоко бев убеден дека Организацијата го избрала најправиот пат. ,Братство' како свој главен принцип истакнуваше да не се брза со револуција, а постепено да се советува народот - да се врви по еволуционен пат. Но, имено, во тоа се состоеше недоразбирањето меѓу ,Братство' и нас, бидејќи Организацијата не мислеше да ризикува, со една неподготвена револуција, да изгуби сѐ и да го погуби народот; и таа сметаше да ги употреби сите средства за да го забрза освестувањето на народот, само што за неопходно сметаше да ги организира народните маси во името на идната револуција, вдахнувајќи му секому од самиот почеток вера во себеси и истакнувајќи му ја како најглавна крајната цел на организацијата - ослободувањето преку револуција. ,Братство' со својата нејасна програма само ја разнишуваше Организацијата и *затоа јас предвидував само големи штети а никаква полза од таа нова организација и се искажав како нејзин решителен и безогледен непријател*". (Даме Груев, Спомени. Кореспонденция..., 44) Меѓутоа, Љ. Милетич во втората верзија од спомените на Груев, објавени во 1927 година, ни ја дава само првата реченица, притоа изоставајќи го натамошниот текст во кој доаѓа до израз ставот на Груев во однос на Братството. (Види: Спомени на Дамянъ Груевъ..., 21). Поопширно за манипулацијата на Милетич со спомените на Д. Груев види: Ванчо Ѓорѓиев, Нови моменти од животот и дејноста на Дамјан Груев, Даме Груев (1871-1906). Сто години од неговата смрт (1906-2006), Прилози од научниот собир одржан во Берово на 16 и 17 декември 2006, Скопје, 2007, 32-34.

бна година.[274] Несомнено, тоа претставува смислен начин за отстранување на Д. Груев од Солун како најекспониран раководител на ТМОРО. Впрочем, тоа не било ништо ново. Таквиот план против Д. Груев се приготвувал отпорано во повеќе бугарски кујни.

Д. Груев, иако останал без работа, не го напуштил Солун, ниту постот во ЦК на ТМОРО. Тој ќе остане таму речиси уште цела година сè до неговото интернирање во Битола од страна на османлиските власти.[275]

Во меѓувреме, задграничните претставници Г. Делчев и Ѓ. Петров воспоставиле соработка со „офицерите од 1895 година" што останале надвор од ВМК и ги поставиле основите на „Тајните офицерски братства" на чело со Иван Цончев.[276] Тие во прво време пружале значајна материјална помош на Организацијата.[277] Истовремено, преку офицерските братства биле врбувани и испраќани првите кадри за потребите на организациските чети во Македонија.[278]

Во знак на соработката помеѓу офицерските братства и ТМОРО, летото 1897 година Иван Цончев во Солун се сретнал со членовите на ЦК.[279] Средбата се одржала во книжарницата на И.

---

[274] Спомени на Даянянъ Груевъ..., 20.

[275] Исто, 21.

[276] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 266-26; Повеќе за Тајните офицерски братства види: Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства в освободителните борби на Македония и Одринско 1897-1912, Военно издателство, ЕООД, 2002.

[277] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 102.

[278] Г. Ив. Бѣлевъ, Въстанието въ Североизточна Македония презъ 1895, Ил. Илинденъ, г. VIII/2-3 (62-63), София, 1935, 13.

[279] Споменатата посета Белев ја лоцира пролетта 1897 година. (Г. Ив. Бѣлевъ, Въстанието въ Североизточна Македония..., 13). Меѓутоа, според Атанас Шопов, Цончев престојувал во Солун во почетокот на јули 1897 година. Очигледно, поради дискретноста на посетата, А. Шопов не успеал да го до-

Хаџи Николов, а на неа, покрај домаќинот, присуствувале и Х. Татарчев и Дамјан Груев. Цончев од нив изворно се запознал за состојбите во Организацијата и воопшто во Македонија. Тогаш Цончев искажал подготвеност за морална и материјална поткрепа на Организацијата од страна на офицерските братства.[280] Истовремено, Цончев направил безуспешен обид за помирување помеѓу ЦК и Бугарското тајно револуционерно братство.[281] По враќањето во Софија, Цончев бил импресиониран и восхитен како од луѓето на ТМОРО, така и од положбата.[282] Во врска со тоа Иван Цончев во својот дневник запишал: „при средбата со членовите на ЦК... Даме Груев, Х. Татарчев, Ив. Х. Николов и други, најдобар впечаток ми направи Д. Груев со својот ум, позитивност и смелост“.[283] Набрзо потоа, соработката помеѓу ТМОРО и офицерските братства била продлабочена.[284] Додека бугарската влада преку Бугарското тајно револуционерно братство во Солун вршела притисок врз ЦК на ТМОРО, на друга страна, Организацијата во лицето на Тајните офицерските братства нашла сојузник за поткрепа во Бугарија, од каде што добивала значајна морална и материјална помош.[285]

---

знае името на офицерот. (ДАРМ, ф. БГК „Солун“, мф. 4274, No. 173, 8. VII 1897; No. 183, 11. VII 1897). За оваа мисија на Цончев во Солун види: Светлозар Елдъров, Генерал Иван Цончев 1859-1910, биография на два живота, Военно издателство, ЕООД, 2003,78.

280 Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революциона организация..., 82.

281 Г. Ив. Бѣлевъ, Въстанието въ Североизточна Македония..., 13.

282 Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 103.

283 Г. Ив. Бѣлевъ, Въстанието въ Североизточна Македония..., 13.

284 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 267-268.

285 Во врска со тоа трговскиот агент А. Шопов во својот извештај од 14. XI (ст. стил) 1897 до бугарскиот премиер К. Стоилов пишува: „тукашниот комитет (ЦК б.н.) има свои раководители во Софија. Главен раководител им

Во почетокот на 1898 година, за време на изборите за Солунската црковно-училишна општина, листата која била поддржана од ТМОРО повторно однела полна победа наспроти проегзархиската групација која била обединета околу Тајното бугарско револуционерно братство. Тоа потврдува дека Организацијата продолжила да го одржува курсот за преземање на контролата врз егзархиските црковно-училишни општини кој бил зацртан уште при нејзиното формирање. Оттука, оваа победа на изборите претставува само потврда на влијанието и авторитетот на Организацијата кај солунското граѓанство под црковна јурисдикција на Бугарската егзархија.

Во врска со овие избори, трговскиот агент Атанас Шопов во својот доверлив извештај од 16. X (ст. стил) 1898 г. до бугарското Министерство за надворешни работи и вероисповест пишува:

---

е Офицерскиот комитет, на чие чело стојат поранешниот воен министер Рачо Петров и поранешниот македонски учител Ѓорче Петров. Членови на тој комитет се повеќето резервни офицери, *сите офицери родум од Македонија, и многу офицери родум од Бугарија...* Владата треба да обрне сериозно внимание на организацијата на офицерските комитети, зашто тие може да приготват сериозни изненадувања за Бугарија. Не сметате ли за можно, дека еден ден, една погранична дружина... може без знаење на владата да тргне за Македонија и да ја вовлече Бугарија во војна? Ако не тоа, не допуштате ли дека може да се случи нешто во минијатура, слично на тоа“. (А. Шопов, Дневник..., 71). До слично сознание дошол и трговскиот агент Д. Ризов од Скопје. Во врска со тоа, во извештајот од 18. III (ст. стил) 1898 г., Д. Ризов пишува: „поранешниот воен министер Рачо Петров во компанија со еден голем македонски нeранимајко, наречен Ѓорче Петров... составиле некаков си таен македонски комитет, во кој сакале да ги ангажираат бугарските офицери... (слично б.н.) на Етники Етерија“. (К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 171-172). Оттука Ризов смета дека Ѓ. Петров имал достап до целокупната кореспонденција на Министерството за надворешни работи на Бугарија што се однесувала за Македонија. (Исто, 168).

„Како минатата, така и ова година *на изборите победи т.н. Народна партија предводена од д-р Татарчев и Груев*. Другата партија, во која влегуваат речиси сите видни трговци и учители и која го има за водач книжарот Самарџиев (Коне б.н.) и банкарот Кондов (Јосиф б.н.), речиси не зеде учество во изборите“.[286] Во продолжение, А. Шопов истакнува: „*Партијата на Груев - Татарчев се смета за партија крајно либерална и противегзархиска* и спротивставена на партијата Самарџиев - Кондов“.[287] Според резултатите од изборите, во Солунската егзархиска општина влегле: свештениците Христо и Стамат, д-р Татарчев, М. Х. Мишев, Ил. П. Стефанов, Д. Петров, Хр. Пиперов и И. Јанушев. За претседател на општината од страна Егзархијата бил назначен Иван Маџаров.[288]

Последните општински избори, вклучително и севкупната активност на Д. Груев биле причина егзархот Јосиф I да побара средба со Груев наводно бидејќи бил обвинуван за „безбожништво“ од страна на општинскиот претседател.[289] Поради тоа, во март 1898 година Д. Груев отпатувал за Цариград, а оттаму за Софија на средба со бугарскиот премиер К. Стоилов. При средбата со егзархот, Д. Груев отворено му ставил до знаење дека обвинувањата против него не се поради некакво „безбожништво“, туку поради неговата револуционерна активност и улогата во Организацијата, за која му објаснил опширно.[290] Според Д. Груев, егзархот се однесувал „благонаклонето“, но укажал на опасноста од „австриска окупација на Македонија“ што можела да се предизвика со прибрзаните дејства.[291] Д. Груев смета дека со егзархот се раз-

---

[286] ДАРМ, ф. БГК „Солун“ 1896-1915, мф. 4275, No. 57., 16. X 1898.
[287] Исто.
[288] Исто.
[289] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 20.
[290] Исто.
[291] Исто.

делиле „добро".[292] Меѓутоа, егзархот не мислел така. Тој на 17. III (ст. стил) 1898 година се обратил со писмо до кнезот Фердинанд, а препис од него бил испратен и до бугарскиот премиер К. Стоилов.[293] Притоа, егзархот се пожалил на постапките на ТМОРО и искажал „стравување за бугарското дело, ако таа дејност продолжи".[294] Егзархот истовремено потенцирал дека доколку бугарската влада не била подготвена за активно вмешување при евентуално востание во Македонија, тогаш на Организацијата јасно да ѝ се даде до знаење да прекрати со „агитацијата за востание".[295] Меѓутоа, кнезот и Владата го успокоиле егзархот.

Д. Груев со својата севкупна дејност во овој период го привлекол вниманието и на османлиските власти. На 1. V (ст. стил) 1898 година Дворската канцеларија го известила Великото везирство дека Д. Груев, според извештаите на османлиското комесарство од Софија, под превезот на училишен инспектор *„обиколувал насекаде"*, поради што *„треба да се следи неговото поведение"*.[296] Мошне впечатлив и симптоматичен е податокот дека денунцирањето на Груев дошло од Софија. На 10. V (ст. стил) 1898 г. Дворската канцеларија го известува Великото везирство дека Д. Груев е помилуван со високо ираде.[297] Од достапната документација не може да се утврди ништо конкретно за „осомничувањето" и „амнестирањето" на Д. Груев. Меѓутоа, едно е сигурно: Д. Груев го свртел вниманието на османлиската власт врз себе. По неколку

[292] Исто, 21.
[293] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 179.
[294] Исто.
[295] Исто.
[296] Документи и материали за историята на българския народ, София, 1969, 276; Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978, 403; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 148.
[297] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 148.

месеци (но, не порано од крајот на август 1898 г.), власта го интернирала Д. Груев во Битола.[298]



*Егзархот Јосиф I*

На тој начин, Д. Груев бил отстранет од Солун, а со тоа и од ЦК на ТМОРО. Неговиот тригодишен престој во Солун (1895-1898) бил од пресудно значење за развојот на македонското ослободително движење. Во овој период, ТМОРО влегла во нов, повисок стадиум од својот развој. Таа се наметнала како единствен значаен внатрешен фактор во македонското ослободително движење. Истовремено ТМОРО, со детерминирањето на односите спрема надворешниот (бугарски) фактор, кој бескрупулозно настојувал да се инволвира во македонското ослободително движење а со тоа на македонското прашање да му даде бугарски колорит, настојувала да ја одбегне стапицата. Со тоа бил апострофиран автохтониот карактер на македонското ослободително движење и воопшто на македонското прашање.

[298] Последниот извештај на бугарскиот трговски агент од Солун А. Шопов во кој се споменува присуството на Д. Груев во Солун е од 21. VIII (ст. стил) 1898 година. (Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 149-151; Даме Груев. Живот и дело... II част..., 521-522.). Оттука, најверојатно интернирањето на Д. Груев во Битола треба да следува по овој датум.

# VII
# Од Битола до Подрум Кале

## 1. *Даме Груев во Битолскиот револуционерен округ*

1.1. По интернирањето од Солун во почетокот на септември 1898 година, Дамјан Груев се нашол во Битола.[1] Со оглед на претходниот развој на настаните, Д. Груев не можел да се надева на работа во егзархиските црковно-училишни институции во Македонија. Впрочем, бугарскиот премиер К. Стоилов во своите укажувања до трговските агентства во Македонија јасно потенцирал дека учебното дело и црковно-училишните општини во Македонија треба да се чуваат настрана од Организацијата. Поради тоа, Д. Груев, уште претходната (1897/98) учебна година останал без работа во Солун. Тоа прашање, навидум од егзистенцијална природа, за Д. Груев повлекува поинакви импликации, бидејќи биле ограничени неговите адути за непречено движење. Така, ризикот пред власта бил поголем. Од друга страна, останувањето на Д. Груев без работа треба да се сфати како демонстрација на моќ како од Егзархијата, така и од бугарските политички кругови поради неговиот бескомпромисен став за зачувување на автохтониот карактер на македонското ослободително дело.

[1] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 21.

Независно од тоа, Д. Груев не потклекнал пред неформалните притисоци. По интернирањето во Битола, тој развил широка револуционерна активност. Тоа „овозможило не само брзо консолидирање на организационите редови, туку и извесен полет" во Битолскиот револуционерен округ.[2]

Даме Груев, со помош на ѓакон Тома Николов, Ѓорѓи Пешков и Аце Дорев, успеал да ги стабилизира организационите редови не само во Битола, туку и пошироко во округот.[3] Во тој контекст, Груев ги посетил околиските комитети во Прилеп, Охрид и Лерин.[4] Во јануари 1899 година во куќата на Владимир Карамфилов во Прилеп, Д. Груев одржал средба со „сите десетници и раководители".[5] Според Георги Поп Христов, тогаш Груев „разјасни за нас многу тешки работи за Организацијата, повторно нѐ охрабри, ни ја стегна Организацијата".[6]

Пролетта 1899 година, во куќата на Анастас Лозанчев во Битола, под претседателство на Д. Груев, било одржано окружно советување.[7] На него се расправало за вооружување на реоните и била изработена шифра со грчки букви за комуникација помеѓу Окружниот и околиските комитети. Истовремено биле утврдени псевдоними за градовите и селата.[8] Според Л. Киселинчев, спо-

---

[2] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 284.
[3] Исто, 285; Спомени на Дамянъ Груевъ..., 21.
[4] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 286.
[5] Исто.
[6] Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония (Кичевско, Битолско, Леринско, Преспанско, Дебърско). По спомени на Л. Джеровъ, Г. п. Христовъ, А. Андреевъ, Г. Папанчевъ и Л. Димитровъ, София, 1926. Спомени на Г. п. Христовъ..., 31.
[7] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 286.
[8] Исто.

менатава шифра во Битолскиот округ се користела од 1899 до 1903 година.[9]

Во согласност со определбите од Солунскиот конгрес (1896), Д. Груев се залагал за прием во Организацијата на сето македонско население без разлика на неговата етничка и конфесионална припадност. Оттука, кога еден Влав прашал: „Арно, господине Груев, да се запишеме во Комитетот, ама дали ќе сакате да се запишеме и како Бугари (егзархисти)“? Груев одговорил: *„ние не се интересираме кој каков е, ние сакаме да се работи за ослободувањето на Македонија. Кога таа ќе се ослободи делете се како што сакате. Дотогаш сите имаме една вера, една идеја, една народност - а тоа е да бидеме борци за Македонија“*.[10] Впрочем, со посредство на Д. Груев претходно во редовите на Организацијата бил вклучен и битолскиот Евреин - Рафаел Камхи.[11]

## 2. *Бунтот во Битолската егзархиска гимназија*

Во 1898/1899 учебна година, во Битолската машка неполна егзархиска гимназија кулминирало нетрпението помеѓу двете издиференцирани групации (проегзархиската, обединета околу Егзархијата и Бугарското револуционерно братство и антиегзархиската, револуционерно ориентирана група сплотена околу ТМОРО). Предводник на проегзархиската групација бил в.д. директо-

[9] Лазо Т. Киселинчевъ, Тайнописътъ на Вѫтрѣшната македонска рев. Организация преди „Илинденъ“, Ил. Илинденъ, XI/9 (109), София, 1936.

[10] Според Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т. I, Скопје, 1987, 180, ф. 191.

[11] Исто, 241; Види: Петар Карајанов, Рафаел Моше Камхи, Скопје, 2003, 77-78. Сепак од расположивите материјали не може да се утврди кога Р. Камхи бил примен во Организацијата.

рот А. Стоилов, зад кој стоел битолскиот егзархиски митрополит Григориј.[12] Споменатава група била малцинство.[13] Наспроти нив, мнозинството наставници биле револуционерно ориентирани. Нив ги предводел Андон Димитров (еден од основачите на МРО) - тогаш наставник во Битолската егзархиска гимназија.[14]

Односите меѓу двете групации особено се заостриле откако директорот се обидел да го растури револуционерниот ученички кружок во гимназијата и пансионот. Иницијалната каписла креснала во почетокот на 1899 година кога од гимназијата бил исклучен ученикот Пандо Димитров поради закана со кама.[15] Во одбрана на ученикот интервенирале револуционерно ориентираните наставници под водство на Андон Димитров. Меѓутоа, и покрај тоа, ученикот бил исклучен, а дисциплински биле казнети уште двајца ученици од VI клас.[16]

Судирот меѓу двете спротивставени групации кулминирал при прославата на празникот „Св. Кирил и Методиј" на 11/23 мај 1899 година.[17] По тој повод, митрополитот Григориј одржал беседа за значењето на браќата Кирил и Методиј, а по него наста-

---

[12] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 287.

[13] Во неа, покрај в.д. директорот А. Стоилов, влегувале: Константин Стојанов, Атанас Шапарданов, Иван Василев и Славчо Паскалев. (Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 288).

[14] Групата ја сочинувале 7 наставници: Андон Димитров, свештеникот Анастас Крстев, Иван Васков, Иван Цоков, Константин Антонов, Иван Дорев и Антон Кецкаров. (Исто, 277-278).

[15] ДАРМ, фонд: Пелагонийска българска митрополия, к - I, До неговото Блаженство г-н г-н Йосиф, Български Екзарх въ Цариградъ, Битоля, 31 май 1899, к - I, 1899, Дело 2ж, 80.

[16] Исто.

[17] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 290.

пил в.д. директорот А. Стоилов.[18] Меѓутоа, тој бил насилно прекинат од учителот по историја Иван Цоков,[19] кој го зазел местото на говорницата. Цоков во своето обраќање ги искритикувал претходните говорници и предложил *„црковните книги да се преведат од црковнословенски на месниот дијалект“*[20] и побарал негово воведување во училиштата и во црквите на местото на бугарскиот јазик.[21] Таквите македонски истапи не претставувале новина за Егзархијата и нејзините претставници во Македонија. Впрочем, тие во извесни кризни моменти за постигање на одредени демагошки ефекти и самите манипулирале со таквите барања од македонска страна. Така митрополитот Григориј при заземањето на својот трон во Пелагониската епархија, поради бојкотот од битолското граѓанство, за да го привлече нивното внимание, „ја одржа својата прва пастирска реч на тукашното наречје, што мошне многу ги зарадува сите и направи одличен впечаток“.[22]

Меѓутоа, кога Иван Цоков побарал месниот (македонски) дијалект да се воведе во егзархиските цркви и училишта во Македонија, митрополитот Григориј реагирал жестоко. Следниот ден, Егзархијата телеграфски го отпуштила Цоков од служба. Сега на потег била Организацијата. Д. Груев веднаш го повикал ученикот

---

[18] С. Димевски, Просветната политика на Егзархијата..., 48.

[19] Иван Цоков бил родум од Скопје. Тогаш бил на 27-годишна возраст. Бил женет и татко на едно дете. Во Битолската гимназија предавал и во претходната 1897/98 учебна година. (Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 288, ф. 465).

[20] Милан Матов, Спомен за Даме Груев , Даме Груев - живот и дело... I част, 182.

[21] С. Димевски, Просветната политика на Егзархијата..., 48-49; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 290.

[22] Извештај на бугарскиот трговски агент Стојчев, No. 293, Битоля, 24 декември 1897. ЦДИА - София, ф. 321. оп. 1, ае. 1, л. 8,113. Цитирано според Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 290).

Милан Матов (брат на Христо Матов), кој раководел со ученичкиот кружок во гимназијата.[23] По инструкциите од Д. Груев, М. Матов ги организирал учениците од пансионот и гимназијата, кои започнале бунт за заштита на учителот Иван Цоков.[24] Бунтот започнал на 14/26 мај 1899 година.[25] Поради бунтот Битолската егзархиска гимназија привремено била затворена.

Според егзархиската документација, најголем протагонист на бунтот од учителскиот персонал бил Андон Димитров.[26] Од учениците најагилни биле Милан Матов и Нестор Поповски од Дебар.[27] Во официјалната егзархиска документација Д. Груев не се споменува. Тоа е нормално бидејќи тој не бил директно инволвиран во бунтот, ниту пак бил дел од учителскиот персонал. Меѓутоа, Д. Груев ги влечел конците од страна.

Одлучноста на учениците и нивната истрајност во бунтот довела до целосна блокада на сите активности во гимназијата и пансионот.[28] Поради тоа, митрополитот Григориј на двапати преку битолскиот валија побарал интервенција од полицијата во ученичкиот пансион. Сепак, до тоа не дошло благодарение на застапувањето на една делегација од битолски граѓани на чело со

---

[23] Милан Матов, Спомен за Даме Груев , Даме Груев - живот и дело... I част, 182.

[24] Исто.

[25] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 290.

[26] ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия, к - I, До неговото Блаженство... г-н г-н Йосиф, Български Екзарх въ Цариградъ, Битоля, 31 май 1899, к - I, 1899, Дело 2ж, 79-86; Ваше Блаженство..., Исх. бр. 722/2, 24 май 1899, 41-48.

[27] Исто.

[28] Милан Матов, Спомен за Даме Груев , Даме Груев - живот и дело... I част, 182.

Никола Робев, кои застанале на страната на учениците.[29] Во меѓувреме, по сугестија на Андон Димитров тројца ученици се обратиле до моарифмудирот, барајќи содејство да им се врачат свидетелствата и да им се вратат преостанатите пари што ги уплатиле за пансионот.[30] Училишната управа и понатаму одбивала да им издаде свидетелства на учениците. Оттука, на 29.V/10.VI 1899 свештеникот Анастас Крстев (наставник, привrзаник на револуционерното крило) лично му се заканил на в.д. директорот доколку на учениците не им бидат издадени свидетелства.[31]

Во такви околности, Егзархијата го суспендирала целиот наставнички персонал во Битолската машка егзархиска гимназија.[32] Изгледа тоа бил единствениот начин, Егзархијата наеднаш да се ослободи од револуционерно ориентираните наставници во гимназијата, кои биле во мнозинство. Од нив единствено Антон Кецкаров поднел жалба, но таа била одбиена.[33] Наспроти тоа претставниците од малцинската проегзархиска група поднеле колективна жалба.[34]

Покрај тоа, со посебен циркулар бр. 2784 од 24 август (ст. стил) 1899 година, Егзархијата исклучила за секогаш од сите егзархиски училишта 18-мина ученици кои биле вмешани во бун-

[29] ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия, к - I, Извештај на Григориј до Егзархот, Исх. бр. 722/2, 24 май 1899, 44-46; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 291.

[30] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 291

[31] ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия, к - I, До неговото Блаженство..., 31 май 1899, 83, 86; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 291.

[32] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 291-292.

[33] Исто, 292.

[34] Исто.

тот.[35] Од нив двајца биле шестокласници, деветмина – петокласници, шестмина – четворокласници и еден – третокласник.

Таквата мерка влијаела за натамошно заострување на односите помеѓу ТМОРО и бугарските егзархиски владици во Македонија. Оттука, не случајно битолскиот егзархиски митрополит Григориј во август 1899 година се нашол на дневен ред на едно советување на ЦК на ТМОРО во Солун.[36] Тогаш била предложена смртна казна за егзархиските митрополити Григориј (Битолски) и Герасим (Струмички). Предлогот бил поддржан од сите околиски делагати, додека членовите на ЦК биле воздржани. ЦК, сфаќајќи ја деликатноста од евентуалното исполнување на смртните пресуди врз двајцата владици, побарал пресудата да се остави во негова надлежност.[37]

---

[35] Во нив спаѓаат: Милан Матов од Струга - V клас; Ил. Мушмов од Струга - V клас; Теодоси Нинков од Охрид - V клас; Методи Сантов од Охрид - IVклас; Климент Кочовски од Ресен - IV клас; Влад. Милошев од Ресен - IVклас; Велјан Спасов од Дебар – V клас; Илија Алексиев од Дебар - V клас; Алекс. Настев од с. Церово (Леринско) - VI клас; Тего Зисов од Лерин - V клас; Симеон Трајков од с. Цапари (Биолско) - IV клас; Никола Киров од Крушево - V клас; Петар Талев од Прилеп - VI клас; Хр. Грабулов од Прилеп - V клас; Ангел Корабаров од Велес - III клас; Ангел Сидов од с. Бобишта (Костурско) - IV клас; Драган Зографов од Битола - IV клас; Нестор Поповски од Дебар – V клас. (ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия, к - I, Българска Екзархия, Учил. одд'лъ, No. 2784, 24 августъ 1899 Цариградъ. До г-да управителитѣ на срѣднитѣ учебни заведения и главнитѣ учители на трикласнитѣ и четирикласнитѣ училища, Дело 2к., прѣписъ; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 293).

[36] Из запискитѣ nна Ив. Х. Николовъ, Ил. Илинденъ, 1936, 6 (76), 8.

[37] Исто.

## 3. | Каков учител, такви ученици



Васил Пасков

Во учебната 1899/1900 година Битолската егзархиска машка гимназија прераснала во полна класична седмокласна гимназија. Тогаш била укината класичната насока во Солунската гимназија и таа останала реална гимназија. Така, учениците кои завршиле VI клас од класичната насока во Солунската гимназија во претстојната година се префрлиле во Битолската гимназија за да го следат завршниот VII клас.[38] Меѓутоа, само неколку месеци пред тоа, поради училишниот бунт, Егзархијата го суспендирала целиот наставнички персонал. Оттука, за претстојната 1899/1900 учебна година, Егзархијата назначила 12 нови наставници, меѓу кои и Даме Груев.[39]

Покрај Д. Груев, како членови на ТМОРО во гимназијата како наставници биле ангажирани уште Васил Пасков, Петар Мартулков, Тодор Луканов (alias Михаил Герџиков). Интересен е фактот дека во оваа учебна година од 12 наставници барем 10 мина

---

[38] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 294.

[39] Во нив влегуваат: Ат. Ченгелов (управник); Лука Димитров; Ѓорѓи Ангелов; Т. Рајков, меѓутоа набрзо место него бил поставен Божил Ангелов; Васил Пасков, Петар Мартулков, Климент Бојаџиев, Наум Темчев, Тодор Луканов (Михаил Герџиков); Васил Шанов и М. П. Тодоров. За училишен инспектор при Пелагониската митрополија бил именуван Сп. Милчев. (Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 294; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 152-156; Даме Груев - живот и дело... II част, 524-528.).

биле Македонци,[40] повеќето членови на ТМОРО. Несомнено, нивното назначување дошло под силен притисок. Едноставно е неверојатно како Егзархијата по мајскиот ученички бунт така наеднаш го омекнала крутиот став спрема наставниот кадар со револуционерна ориентација. Впрочем, повеќе околности оделе во прилог на ТМОРО и на омекнување на Егзархијата. Ѓорче Петров, уште во август 1898 година со својот ултимативен настап ефектно го заплашил егзархот во Цариград за назначување учители од страна на Егзархијата по барање и потреба на Организацијата.[41] Набрзо потоа, во почетокот на 1899 година во Бугарија паднала владата на Константин Стоилов, кој настојувал да стави рака врз Организацијата, а притоа нејзините протагонисти да ги држи настрана од црковно-училишното дело во Македонија. Во мај 1899 г., на VI конгрес на македонските друштва во Бугарија, со поддршка на ТМОРО, за претседател на ВМК бил избран Борис Сарафов. Овој состав на ВМК давал значајна морална и материјална поддршка на Организацијата. Во таа смисла, ВМК извршил притисок врз Егзархијата за назначување учители според потребите и барањата на ТМОРО. Во септември истата 1899 година било саморастурено Бугарското тајно революционерно братство, а неговите членови инкорпорирани во ТМОРО. По сѐ изгледа, Егзархијата ги насетила и условните смртни казни за битолскиот и струмичкиот митрополит од август 1899 година. Несомнено, само при такви околности била можна таква брза промена во ставот на Егзархијата и нејзино помирување со фактот еден Дамјан Груев да се најде во Битолската гимназија.

Според извештајот од управникот на гимназијата А. Ченгелов од 16. XII (ст. стил) 1899 г., Д. Груев бил ангажиран за изве-

[40] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 295-296.

[41] Види: Български екзарх Јосиф I, Дневник..., 432-436; 447-448.

дување настава по предметите: географија (за I, II, III и VII клас, 8 часа); аритметика (II клас, 4 часа); геометрија (III клас, 2 часа); цртање (I, II и III клас, 6 часа), или вкупно 20 часа. Притоа, годишната плата на Д. Груев изнесувала 90 турски лири.[42]

Даме Груев во тоа време во Битола живеел заедно со Тодор Луканов (М. Герџиков) на улица „Курт Дереси" (Волчја Река), во домот на Мичо.[43]


БЪЛГАРСКА МЪЖКА
КЛАСИЧЕСКА ГИМНАЗИЯ
СВИДѢТЕЛСТВО
Успѣхи въ предметитѣ

*Факсимил од свидетелство, на кое Груев е потпишан како наставник*

Со назначувањето на Д. Груев, Т. Луканов (М. Герџиков) и П. Мартулков за наставници во Битолската егзархиска гимназија била отворена широка можност за непречена революционерна агитација меѓу учениците. Најдобра илустрација за револуционерната атмосфера во Битолската машка егзархиска гимназија дава Х. Силјанов, тогаш ученик во завршниот VII клас и член на револуционерниот ученички кружок. Во врска со тоа, Силјанов пишува: „Дваесет и четири младичи ја поминуваме во Битола последната година од школувањето. Повеќето од половината сме покрстени... Ние постојано се среќаваме со нашите учители. Ние сме нивни другари. Одиме кај нив секоја недела на гости, збору-

[42] Управникот на гимназијата А. Ченгелов имал годишна плата од 220 т. лири, учителот Л. Димитров, 145 т. лири. Учителите: В. Пасков, П. Мартулков, Кл. Бојаџиев, Т. Луканов (М. Герџиков), Б. Ангелов и М. П. Тодоров имале по 98 т. лири, додека учителите: Г. Ангелов, Н. Темчев и Д. Груев, како и инспекторот Сп. Милчев, имале по 90 т. лири годишна плата. Најниска плата од 42 т. лири имал учителот В. Шанов. (Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 155; Даме Груев - живот и дело... II част, 527-528.)

[43] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 177; Милан Матов, Спомен за Даме Груев , Даме Груев - живот и дело... I част, 182.

ваме со нив на ти, пушиме со нив, дури ги полниме табакерите со нивниот тутун. И сме горди, горди, што нѐ третираат како зрели мажи, како револуционери, соборци... Ние знаеме дека револуционер значи нешто како аскет, одрекувач на сите удопства и на секоја лична среќа. Затоа никој од нас нема да се ожени и да заврти дом и куќа. Никој нема да ја напушти Македонија, никој нема да замине за да го продолжи своето образование. Кој ќе се ожени или ќе ја напушти Македонија, или ќе постапи во универзитет, тој ќе биде подлец, предавник. *Македонија не може да чека*; таа нема потреба од помошта на оние кои ја ставаат универзитетската диплома погоре од потребата за нејзина слобода; таа ги одбива и проколнува оние коишто ја заменуваат со друга љубовница. *Нашиот учител Даме Груев за нас е пример на самоодречен жрец за Македонија, олицетворение за револуционерен аскетизам*".



*Михаил Герџиков*

Таквиот пристап кон учениците под раководство на Д. Груев придонел поголемиот дел од нив уште во текот на школувањето да се изградат како револуционери.[44] Оттука, не случајно следната учебна година од 24 матуранти само 3-4 заминале да го продолжат образованието во Бугарија. Останатите станале активни дејци на Организацијата. Меѓу нив се вбројуваат: Ал. Станоев, Трпен Марков, Манол Розов, Ѓорѓи Баждаров, Пандо Кљашев, Ѓорѓи Динев, Андреј Кезепов, Ѓорѓи Христов, Тале Христов, Ив. Бинев, Христо Силјанов и други.[45]

[44] Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, фототипно издание, София, 1983, 110.
[45] Исто, 111.



*Христо Силјанов*

Револуционерната клима во Битолската гимназија ја констатира и управникот А. Ченгелов во својот дополнителен извештај до егзархот Јосиф I од 14 јули (ст. стил) 1899 година.[46] Овој дополнителен извештај, според Ченгелов, бил неопходен за егзархот да може „да си состави јасна претстава" за сето она што не било опфатено во официјалниот годишен извештај.[47] Во него А. Ченгелов изразува незадоволство од работата на наставниците.

Тој констатира дека листата на учители во учебната 1899/1900 година била составена без никакви критериуми, бидејќи Училишниот оддел при Егзархијата при назначувањето на наставниците не водел сметка за нивното минато.[48] А. Ченгелов резимира дека учителското тело во гимназијата се состоело од две групи, од кои доминирала првата, а втората била во подредена положба на првата. Доминантната група била со многу „*либерални погледи*" во секој однос. Во неа влегувале: Г. Ангелов, В. Пасков, Д. Груев, Т. Луканов (М. Герџиков) и П. Мартулков.[49] Тие се вообразувале дека се „*спасители на човештвото од секакви несреќи*" и се стремеле „да привлечат колку што може повеќе приврзаници меѓу учениците на коишто им се претставуваат овие учења... та учениците многу лесно стануваат нивни последователи".[50] Споменатите наставници меѓу учениците ширеле: „анархија, безбож-

[46] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 162-167; Даме Груев - живот и дело... II част, 536-542.

[47] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 162.

[48] Исто.

[49] Исто, 163-165.

[50] Исто, 163-164.

ништво, непочитување на правата и мнението на секој којшто не мисли како нив".[51] Тие успеале да го наметнат своето влијание врз учениците „благодарение на другите учители", кои биле „една бездушна... група, која секогаш служела на интересите на првата".[52] Според управникот, споменативе наставници не почитувале никаков ред и укажување бидејќи биле убедени дека *„никој не може да им направи ништо"*.[53]

Анализирајќи ги успехот и поведението на учениците, А. Ченгелов констатира дека тој воопшто не одговара на реалната состојба.[54] Во таа смисла, тој иронично го приведува фактот дека просечната оценка за поведението на учениците била 4,9 за целата гимназија од 5-то балниот систем.[55] На сличен начин бил надуен и успехот на учениците. А. Ченгелов искажува огромен сомнеж за успехот по предметите што ги предавале Г. Ангелов, В. Пасков, Д. Груев и Т. Луканов (М. Герџиков). Притоа, за првиот посочува дека на учениците воопшто не им попречил да ги препишуваат писмените работи, а другите тројца го протежирале принципот „да не се убива иднината на учениците".[56] А. Ченгелов се чуди како Д. Груев и В. Пасков успеале да ги оценат учениците бидејќи ги испрашувале само по 5 минути.[57] Д. Груев, Т. Луканов и В. Пасков слично постапиле и при изведувањето на матурскиот испит како на писмениот, така и на усниот дел.

Освен тоа, А. Ченгелов истакнува дека наставата била тенденциозно злоупотребувана во прилог на револуционерната аги-

[51] Исто, 164.
[52] Исто.
[53] Исто.
[54] Исто, 162.
[55] Исто, 163.
[56] Исто.
[57] Исто.

тација. Така, наставникот по историја В. Пасков за одредени настани се впуштал во подробности што биле значајни „само за вишите училишта", а за сметка на тоа, другите прашања воопшто не ги обработувал. Така, во VII клас целото полугодие била предавана „Историјата на Француската револуција".[58]

Од дополнителниот извештај на Ченгелов јасно се гледа дека воспитно-образовниот процес во Битолската егзархиска гимназија, особено во горните класови, бил подреден на револуционерната идеја и на македонското ослободително дело.

Имајќи предвид дека предводничката улога за таквата состојба во гимназијата ја имале Д. Груев, Т. Луканов, Г. Ангелов, В. Пасков и П. Мартулков, управникот Ченгелов пред егзархот го поставува прашањето дали тие во иднина треба да бидат учители,[59] а за останатите, пак, дали воопшто „заслужуваат да го носат тоа име".[60] А. Ченгелов истовремено информира дека тој бил повикан кај исарифмудирот, каде што му соопштиле дека Д. Груев во иднина „по никој начин" не може да биде учител.[61]

## 4. *Револуционерната активност на Даме Груев во Битолскиот округ*

4.1. За време на престојот во Битола, Даме Груев целосно бил посветен на ослободителното дело. Тогаш, освен учениците, преку Неделното училиште за возрасни на револуционерна агитација било изложено и битолското граѓанство. Сказните на Д.

[58] Исто, 165.
[59] Исто, 164
[60] Исто, 165.
[61] Исто.

Груев,[62] М. Герциков и В. Пасков – со „прозрачни револуционерно-воспитни тенденции" – масовно го привлекувале битолското граѓанство.[63] Така, на пример, В. Пасков одржал предавање на библиска тема „Распрснувањето на Евреите и плачот на пророкот Еремија". Заклучокот од приказната бил „Да не бидеме Еремиевци".[64]

Истовремено наставниците и учениците биле ангажирани за изведување на аматерски претстави, навидум „беспредметни за македонската театарска сцена пиеси", како „Благородник" и Гетевиот „Егмонт".[65] Последнава претстава ја обработувала борбата на Холанѓаните на чело со Егмонт против шпанскиот крал Филип II. Алегоријата била евидентна. „Егмонт е безимениот македонски Егмонт или Гарибалди, којш во блиска иднина ќе рако-

[62] Васил Пасков, за начинот на агитација на Д. Груев вели: „Кога говореше со својот сладок глас во неделното училиште, во собранијата, кога агитираше седнат меѓу занаетчии или селани... тој влеваше тих ентузијазам, влеваше боречки дух во сите срца и од нерешителни, плашливи и неверни во себе робови, тој неосетно создаваше совесни граѓани, создаваше борци; тој ги омајуваше сите и ги завлекуваше во Револуционерната организација... *Друг агитатор сличен на него Македонија не родила.* Тој имаше чудна способност при првата средба да препознае со кого си има работа и да определи кој за што е погоден... Ум широк, јасен и еластичен, тој беше способен лесно да ги сфаќа новите факти, да проникнува во сложеното, во темното, да ја определи вистинската вредност на секое туѓо мислење... Кога зборуваше за некое спорно прашање, тој никогаш не го разгледуваше одделно, а умееше да го поврзе со сето она од кое зависи, и со сè што можеше да произлезе од него... Тој едвај ли не е единствениот од највидните дејци на Организацијата, којшто никогаш не се вовлече во бесполезни теоретски мудрувања, којшто оддаваше значење само на практичните резултати и којшто никогаш не го промени своето гледиште кон ослободителното дело. (Даме Груев – живот и дело, I част..., 93).

[63] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I,... 110.

[64] Исто, белешка 1.

[65] Х. Силянов, Писма и изповеди на един македонски четник..., 26.

води со разрушувањето на турското царство", додека Шпанците против кои се бори Егмонт „се нашите сопствени тирани – Турците".[66] Значајна улога во ширењето на револуционерните идеи во Битолскиот округ одиграл и локалниот хектографиран весник „На Оружје", кој излегувал под редакторство на Васил Пасков.[67]

Во тоа време Д. Груев како свои блиски соработници во Битола ги имал Васил Пасков и Михаил Герџиков. Истовремено негови блиски приврзаници држеле клучни раководни позиции во Леринско (Ѓорѓи Поп Христов), Костурско (Павел Христов) и во Кичевско (ѓакон Тома Николов).[68] Од друга страна, кон крајот на 1899 година, поради лично несогласување со Д. Груев, а веројатно и „поради повредена суета" од активната организациона дејност се повлекол Анастас Лозанчев.[69]

4.2. Д. Груев во Битола развил жива организациска дејност во секој поглед. Притоа одржувал контакти со раководителите на Организацијата од целиот Битолски револуционерен округ. Кон крајот на 1899 година Д. Груев во Битола имал средба со Петар Ацев - секретар на Крушевскиот околиски комитет. Тој му реферирал на Груев за положбата во Крушевско и Демирхисарско, а воедно станало збор за четничкиот институт во Округот.[70] Во почетокот на јануари 1900 г., Д. Груев и М. Герџиков извршиле ревизија на околиските комитети во Крушево и Прилеп.[71]

---

[66] Исто.

[67] Х. Силянов, Освободителните борби... том I, 110; Василъ Пасковъ, Ил. Илинденъ, VI, 9 (59), София, 1934, 5.

[68] Д. Димески, Револуционерната дејност на Даме Груев во Битолскиот округ на МРО (1898-1902) г., Прилози за Даме Груев..., 92.

[69] Исто.

[70] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 314-315.

[71] Въстаническото движение въ Югозападна Македония (до 1904). По спомени на Славейко Арсовъ, София, 1925, 13.


*Петар Ацев*

Секако, најобемниот дел од организациските активности се одвивале преку тајната кореспонденција. Оттука на Д. Груев „често му се случуваше за една ноќ да прочита повеќе од дваесет шифрирани писма и да им одговори“.[72] Најдобра илустрација за тоа претставува делот од зачуваната преписка на Д. Груев со Охридскиот околиски комитет.[73] Притоа, Д. Груев ги користи псевдонимите: Богдан Ариматејски, Јосиф и Јосиф Ариматејски. Вреди да одбележиме дека сите писма се пишувани неколку дена подоцна од назначениот датум во почетокот на писмата. Таквото датирање претставува превентивна безбедносна мерка при евентуално фаќање на писмата од страна на власта. Така, на пример, првото зачувано писмо што Д. Груев го пишува од Прилеп (псевдоним Кажани) до Охридскиот околиски комитет (псевдоним Белград), стои датум 25. I 1900 г., меѓутоа писмото е пишувано на 1. II 1900 (ст. стил).[74] Во него станува збор за праќање весници, за забрзување на подготовките, собирање пари, но и за обидот на Организацијата за ослободување на Методија Патчев од затвор со поткуп на власта.[75] Во другите писма се говори за подготвување на населението за самовооружување; подготовка на

---

[72] Даме Груев - живот и дело, I част..., 94; П. Скопаковъ, Свѣтлия образъ на Даме, Ил. Илинденъ, VII, 1 (61), София, 1934, 7.

[73] Види: Никола Целаковски, Охридскиот револуционерен реон низ писмата од Даме Груев во 1900 година, Прилози за Илинден, IX, Илинден 1903-Илинден 2003, Крушево, 2003, 69-81; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 156-151; Даме Груев - живот и дело, II част..., 529-535.

[74] Н. Целаковски, Охридскиот револуционерен реон низ писмата на Даме Груев..., 69.

[75] Исто, 70-71.

кадри за чети; за собирање пари; агитација; кореспонденција; воспоставување канали; набавка на оружје и слично.[76]

Посебно интересни се инструкциите што ги дава Даме Груев за начинот на собирање на пари со Расписки. Во таа смисла, на предметното лице најпрвин му се поднесува писмен предлог, со датум седум дена порано од денот на поднесувањето на предлогот. Износот што се бара од него е означен со бројки и букви. За учителите тоа е 6% од годишната плата, со забелешка дека определената висина е во согласност со решението на *„Централниот македоно-одрински револуционерен комитет за помош на чиновниците“*.[77] Во случај лицето да одбие, Околискиот комитет за тоа го известува Окружниот, кој, од своја страна, праќа заплашувачко писмо. Расписка се издава дури откако лицето ќе вети дека ќе ја внесе определената сума. Притоа, во расписката се внесува поранешен датум, додека редниот број вообичаено е поголем.[78] Таквото нумерирање на расписките е од пропаганден карактер за да се мисли дека претходно многумина веќе внеле пари во касата на Организацијата.



*Шифрирано писмо до Охридскиот комитет*

4.3. Агилниот Д. Груев брзо го свртел вниманието на османлиската власт и во Битола. При крајот на март 1900 година локалните османлиски власти одбиле да го потврдат училишното свидетелство на Дамјан Груев, со забелешка дека, според нив-

[76] Исто, 72-77.
[77] Исто, 76.
[78] Исто.

ните иследувања, *„тој не бил од чесните луѓе“*.[79] Истовремено, власта ја информирала Битолската егзархиска митрополија дека Груев не може да биде учител.[80] Во таа смисла, исарифмудирот лично го предупредил управникот на Битолската гимназија - А. Ченгелов.[81] Поради тоа, Ченгелов го замолил егзархот Јосиф I да преземе нужни постапки Груев да остане учител барем до крајот на учебната година, за да не трпи наставата по предметите што ги предавал тој.[82] Меѓутоа, Егзархијата не презела ништо во тој поглед.[83] Независно од тоа, факт е дека Д. Груев останал наставник до крајот на учебната година. Веднаш потоа, битолската полициска управа го повикала Груев и му соопштила дека по решение на власта ќе биде интерниран во неговото родно Смилево.[84] Тогаш учителот Лука Димитров побарал митрополитот Григориј да интервенира пред власта против таквата одлука. Меѓутоа, митрополитот Григориј во писмото до егзархот од 19 јули (ст. стил) 1900 г., пишува: „ние не се осмеливме да преземеме никаква постапка, дотолку повеќе, бидејќи не ја знаеме целта на интернирањето и причините кои што го предизвикале“.[85]

Д. Груев, не чекајќи застапништво од никого, на 18 јули (ст. стил) 1900 година сам заминал за Смилево за да не биде спроведен од власта.[86] Неполн месец пред тоа Д. Груев престојувал во Прилеп.[87]

---

[79] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 158.
[80] Исто, 159.
[81] Исто, 165.
[82] Исто, 159.
[83] Исто, 168.
[84] Исто, 167.
[85] Исто, 168.
[86] Исто.
[87] Потврда за тоа претставува писмото на Д. Груев од 8. VI (ст. стил) 1900 испратено од Кажани (псевдоним за Прилеп) до браќата во Белград (псевдо-

Со интернирањето на Груев во Смилево од страна на власта, Егзархијата се ослободила од него на безболен начин. Тоа што го планирала Егзархијата, во случајот со Груев, всушност го завршила власта. Меѓутоа, на Егзархијата ѝ останало да расчисти со другите учители - револуционери. Веднаш по завршувањето на учебната година, Егзархијата ги отпуштила најблиските соработници на Даме Груев: В. Пасков, Т. Луканов (М. Герџиков) и П. Мартулков.[88] Слични отпуштања на револуционери - учители биле извршени и на други места.[89] Поради тоа, Окружниот комитет во Битола донел одлука ЦК во Солун и ВМК од Софија да извршат енергичен протест пред Егзархијата за враќање на отпуштените учители. Притоа се предлага, доколку Егзархијата не сака да отстапи, *„да се преземе и последното средство: терор“*.[90]

## 5. *Даме Груев и Поп-Ставревата провала*

5.1. По интернирањето на Даме Груев во Смилево на чело на Битолскиот окружен комитет застанал Васил Пасков. Покрај него, во Окружниот комитет влегле: Ѓорѓи Поп Христов,[91] Аце Дорев, Неделко Дамјанов и Ѓорѓи Пешков.[92]

---

ним за Охрид). Види: Н. Целаковски, Охридскиот револуционерен реон низ писмата на Даме Груев..., 75.

[88] Н. Целаковски, Охридскиот револуционерен реон низ писмата на Даме Груев..., 78.

[89] Така, во Лерин Егзархијата ги отпуштила од работа учителите - револуционери: Ѓорѓи Поп Христов и Христо Спиров, додека во Сер биле отпуштени учителите Младен и Манолев. (Н. Целаковски, Охридскиот револуционерен реон низ писмата на Даме Груев..., 78).

[90] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 168.

[91] Г. П. Христов во врска со тоа вели: „Тогаш го интернираа Груев во неговото родно село Смилево. Тој, еден ден пред да тргне успеа да ми ја довери

Со оглед на нараснатите финансиски и други материјални потреби на ослободителното дело, особено поради изградувањето на четничкиот институт,[93] Битолскиот окружен комитет го форсирал собирањето пари од поимотните граѓани. Особено охрабрувачки делувала постапката на Михаил Алтипармаков, кој откако ја внел во касата на Организацијата побараната сума од 15 турски лири, изјавил: „*Ако стане потреба готов сум и со поголеми суми да му помогнам на таквото свето дело*“.[94]

Понесен од таквите патриотски изјави, Битолскиот окружен комитет се чини ја поминал црвената линија. Притоа, почнал да бара средства од лица што не биле благонаклонети кон македонското ослободителното дело, или барем поинаку гледале кон него. Така, на 27 јули (ст. стил) 1900 г. Битолскиот окружен комитет побарал од бугарскиот трговски агент во Битола, П. Михајлов, во рок од три дена да даде 40 т. лири за касата на Комитетот. Притоа го предупредува: „*Вие ја знаете целта што ја проследува Револуционерната организација, како и несаканите последици за оние,*

---

својата работа во Битола“. (Г. п. Христов, Революционната борба въ битолския окрѫг, София, 1933, 33).

[92] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 348-349.

[93] Од преписката на Д. Груев со Охридскиот комитет проличуваат инструкции за подготвување на „момчиња за чета, особено учители, бидејќи од другите нема голема полза“. ( Н. Целаковски, Охридскиот револуционерен реон низ писмата на Даме Груев..., 72). Во таа смисла е и укажувањето „приготвувајте го народот и селата за прифаќање на чета“, (Исто, 74). Д. Груев е уште поконкретен во писмото од 8. VI (ст. стил) 1900 г. во кое вели: „Со намера сме наскоро да ви испратиме една мала чета за обиколка од 5-6 души... уште од сега преземете мерки каде ќе се засолнува. Затоа уште од сега подготвувајте го народот за тоа на кого ќе падне изборот за јатаци, курири и така натаму“. (Исто, 76-77).

[94] Г. п. Христов, Революционната борба въ битолския окрѫг..., 24; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 34.

*коишто би откажале да ѝ помогнат“*.[95] Во врска со тоа, П. Михајлов ги известил своите претпоставени дека евентуалното прифаќање на таквата уцена би претставувало потчинување на агентството на Комитетот и негово компромитирање.[96]

Таквите високоризични постапки понекогаш завршувале со катастрофални последици. Класичен пример за тоа е случајот со поп Ставре.

5.2. Летото 1900 година, Битолскиот окружен комитет побарал од Пелагонискиот егзархиски архиерејски заменик, попот Ставре, да внесе извесна сума (веројатно 15 т. лири) во касата на комитетот. Меѓутоа, поп Ставре одбил, па сумата му била зголемена на 30 т. лири.[97] Но, бидејќи поп Ставре повторно одбил, Окружниот комитет му ја зголемил сумата на 50 т. лири.[98]

Поп Ставре, како и поголемиот дел од егзархиските великодостојници, бил антагонистички настроен кон Организацијата. Впрочем, Ставре бил во лоши релации со Д. Груев уште пред неговото интернирање во Смилево.[99] Од друга страна, уценувачката

---

[95] Величко Георгиев и Стайко Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX и началото на XX век) - Нови документи, София, 1995, 37.

[96] П. Михајлов за тоа пишува: „со такви заплашувачки писма нивните автори нема да ме отклонат од мојата должност да внимавам да не се компромитира агентството и од исполнувањето на Вашите инструкции... Додека бидам на постот кој што ми е доверен јас не можам да примам заповед освен од почитуваното Министерство... начинот на кој ми се бара односната сума, ако се бев подал, би имала за агентството последици да го потчини на комитетот и да го компромитира“. (В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода..., 37).

[97] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I,..., 111; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 34.

[98] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 34.

[99] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 169; 178.

постапка на Окружниот комитет ја повредила неговата суета, поради што ја известил власта.[100] Посредничката улога при информирањето на власта ја одиграл Влавот Таки Чона, инаку сват на поп Ставре и познат османлиски шпион.[101] Власта, откако дознала за времето кога Трифун Иванов (емисар на Окружниот комитет) ќе дојде кај поп Ставре по пари, поставила заседа. Со полициската операција раководел битолскиот баш полицаец – Саид Ефенди.[102] Кога Трифун Иванов дошол во куќата на Ставре за да ја наплати расписката, поп Ставре не бил дома. Веројатно се криел или смислено бил отсутен за да обезбеди алиби пред Организацијата.[103] Поради тоа Трифун Иванов си заминал. Меѓутоа, тој извесно време бил следен, а потоа бил подгонет од полицијата. Во меѓувреме, бегајќи, тој успеал да се ослободи од расписката. Кога бил фатен, кај него била пронајдена само кама.[104] Веднаш потоа, Т. Иванов бил притворен.

Најверојатно поп Ставре за уцената од страна на Организацијата пред власта го посочил и името на Даме Груев.[105]

Оттука, во почетокот на август (најдоцна до 5 август, ст. стил) 1900 г.,[106] Даме Груев бил приведен од Смилево и спроведен

---

[100] Исто, 173; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 34.
[101] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I,..., 111, ф. 1.
[102] Г. п. Христов, Революционната борба въ битолския окръг..., 24-25.
[103] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 34.
[104] Исто, 35.
[105] На таков заклучок упатуваат изнесените аргументи од претседателот на судот за време на судскиот процес. Тој потенцирал дека заплашувањата против поп Ставре пред неговото убиство полицијата му ги припишува на Груев и дека зборувал против поп Ставре во бугарската црква и доколку не бил попречен, ќе предизвикал голем скандал. Како доказ било прочитано едно заплашувачко писмо со кое населението се повикувало да не го трпи поп Ставре. (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 178).

во Битолскиот истражен затвор. Истовремено, власта во Смилево го побарала и Нале Павлев,[107] братучед на Д. Груев и анџија во Битола, бидејќи во неговиот ан 40 дена престојувал изнудувачот

[106] Околу датумот на затворањето на Д. Груев постојат низа непрецизности. Д. Груев во спомените вели дека бил затворен на 6 август (ст. стил) 1900 година (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22); Според С. Арсов, Груев бил уапсен на 5 август (ст. стил) 1900 г., (Въстаническото движение въ Югозападна Македония до 1904. По спомени на Славейко Арсовъ, София, 1925, 16.); Според Г. П. Христов, Груев бил затворен на 18 август (Г. п. Христов, Революционната борба въ битолския окръг..., 25) Во извештајот на бугарскиот трговски агент од Битола П. Михајлов од 17 март (ст. стил) 1901 г., стои дека Груев бил затворен на 7 август (ст. стил) 1900. (Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 183); Меѓутоа, Васил Чекаларов во својот Дневник бележи дека на 5 август (ст. стил) 1900 г. посакал да го посети Груев во затворот, но до тоа не дошло поради некаков скандал. На 6 август (ст. стил) В. Чекаларов бележи дека заедно со Иван Дренски го посетиле Даме во затворот, но средбата била краткотрајна. На 7 август (ст. стил) Чекаларов бележи дека повторно се сретнал со Груев во затворот, притоа зборувале по прашањето за отворање на канал за пренос на оружје од Грција. (Васил Чекаларов, Дневник, Съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София, 2001, 24) Според тоа евидентно е дека Д. Груев веќе на 5 август (ст. стил) бил во затвор. Поради недоследноста во претходните датирања во историографијата се наметнало становиштето дека затворањето на Даме Груев е последица на убиството на поп Ставре. Види: Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., том I, 11.; Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ..., 76; Д. Димески, Поп Ставревата провала (1900 г.) и судскиот процес во Битола (1901 г). Прилози за Даме Груев..., 166; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 351; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 35; Душан Хр. Константинов, Дамјан Груев..., 94-95. Со оглед на фактот дека Д. Груев веќе на 5 август (ст. стил) 1900 година бил во затвор, а убиството на поп Ставре се случило на 17 август (ст. стил), несомнено е дека приведувањето на Груев, не било последица од убиството на поп Ставре, туку напротив, тоа било причина Битолскиот окружен комитет да донесе смртна пресуда за поп Ставре.

[107] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 183.

Трифун Иванов.[108] Меѓутоа, Нале Павлев не бил пронајден во Смилево, наводно бил по работа во Цапари.[109]

Спроведувањето на Груев го предводел коњаничкиот заптија Мехмед-чауш.[110] Кога на Даме му било пренесено дека во селото дошле Турци кои го бараат него, тој на потсмев одговорил: „Веројатно, тие Турци треба да се мои добри пријатели - штом прашуваат за мене“.[111] При средбата со заптиите во селската крчма, Даме насмеано се обратил со зборовите: „Машала, царски луѓе ми дошле на гости“.[112] Груевата ладнокрвност и иронија наполно дошле до израз при заминувањето од селото. Тој пред насобраните селани што излегле да го испратат се обратил со зборовите: „Не плашете се, уште утре ќе се вратам и ѓевреци од Битола ќе ви донесам“.[113] На тој начин „комитата над комитите“ се простил со своите соселани и заминал во Битолскиот истражен затвор.

---

108 Трифун Иванов бил обвинет дека ги извршувал наредбите на Даме Груев. (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 183). Полицајците Саид ефенди и Шефкет ефенди сведочеле дека го виделе Трифун како разговара со Д. Груев и Т. Луканов (М. Герџиков) во кафеаната „Солун“ во Битола. (Исто, 185).

109 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 183. Според сведочењето, на Мехмед чауш, тие кога отишле во Смилево по Груев, имале наредба за приведување и на неговиот братучед - Нале Павлев, меѓутоа селаните му рекле дека тој бил по работа во с. Цапари. Но, самиот Нале за време на судскиот претрес истакнал дека сведокот лажел бидејќи тој речиси една седмица пред затворањето на Груев бил во затвор. (Исто, 186). Во таква ситуација е тешко да се утврди вистината. Треба да се има предвид дека за време на судскиот процес сите обвинети го отфрлале обвинението и претходните признанија притоа често служејќи се со лаги.

110 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 183.

111 Даме Груев - живот и дело, I част..., 160.

112 Исто.

113 Исто.

Битолскиот окружен комитет, кога дознал за предавството од страна на поп Ставре, истиов на вонредна седница го осудил на смрт. Несомнено, за таквата ригорозна одлука и за нејзиното брзо исполнување, освен фаќањето на Трифун Иванов, пресудна улога одиграло приведувањето на Даме Груев. За извршување на пресудата биле определени терористите: Трајко Петров, Глигор Димев, Петар Димев и Петар Георгиев.[114]

Атентатот врз поп Ставре бил извршен утрото во четвртокот на 17 август (ст. стил) 1900 г., во тремот на егзархиската црква „Св. Богородица", со револверски истрел, при што Ставре бил тешко ранет.[115] Атентатот бил извршен од Трајко Петров од Баир – Битола со помош на Глигор Димев, Петар (Перо) Димев и Петар (Петруш, Пецо) Георгиев.[116]

По неколку дена поп Ставре им подлегнал на повредите.[117] Претходно ранетиот поп Ставре при распрашувањето од страна на власта како „морални убијци" ги посочил Даме Груев и Тодор Луканов (alias Михаил Герџиков).[118]

Според поткажувањата на поп Ставре,[119] кругот на приведените брзо се проширил. Во периодот од 17 до 21 август (ст.

---

114 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 35.

115 ДАРМ, мф. 643, ПП, 492, Извештај на М. Г. Ристиќ, 21. VIII 1900; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 35.

116 ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия, к - II, 1901, г., Дело 5 д, ае. 6, 79; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 173-175, 179-186, 187; Даме Груев - живот и дело... II част..., 550-552, 556-564, 565. Меѓутоа, според Георги Поп Христов, Ставре бил убиен од Пецо (Петруш, Петар б.н.) Георгиев кој успеал да избега. (Г. п. Христов, Революционната борба въ битолския окръг..., 25).

117 ДАРМ, мф. 643, ПП. 545, Извештај на М. Г. Ристиќ, 3. IX 1900.

118 Въ Македония и Одринско. По спомени на Михаил Герджиковъ, 20; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 169.

119 Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ..., 75.

стил) 1900 г., биле приведени 42 осомничени лица. Тие биле затворени во истражниот затвор во Битола, во т.н. долапи.[120] Меѓу првите бил уапсен Нале Павлев, братучед на Д. Груев,[121] кого власта го барала од порано бидејќи во неговиот ан претходно престојувал Трифун Иванов.[122] Интересно, меѓу уапсените се нашол двојниот агент - учителот Христо Иванов, кој до јуни 1899 г., примал плата од Егзархијата и од српскиот конзулат во Битола.[123] Меѓу осомничените бил и Тодор Луканов (М. Герџиков), но тој претходно ја напуштил Битола. Навреме побегнал и Петар (Петруш) Георгиев, соучесник во убиството на поп Ставре.[124] Во тој период, за време на ноќните часови во Јени маало и Баир маало во Битола од безбедносни причини било засилено присуството на аскерот.[125] Покрај Битола, приведувања се вршеле во Прилеп, Ресен и Охрид.

5.3. Истражната постапка во врска со убиството на поп Ставре траела релативно долго. Во текот на истрагата биле откриени компромитирачки материјали, па така убиството добило политички карактер. Оттука, власта во текот на истрагата првенствено се зафатила со разоткривање на конспиративната мрежа на Организацијата.

За време на истрагата повеќе од половината приведени биле ослободени, така што во притвор биле задржани само 19 лица.[126] Врз основа на иследувањата од страна на II битолски ис-

---

120 ДАРМ, мф. 643, ПП. 492, Извештај на М. Г. Ристиќ, 21. VIII 1900; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 35

121 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 35; Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 175.

122 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 175.

123 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 35

124 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 175.

125 ДАРМ, мф. 643, ПП. 492, Извештај на М. Г. Ристиќ, 21. VIII 1900.

126 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 36.

ледник,[127] Обвинителната комора при Битолскиот првостепен суд во состав: Хасан Фехми-ефенди (претседател) и членовите Мехмед-ефенди и Тодор-ефенди, како и Џевдет-ефенди (прокурор во Битолскиот апелационен суд) покренала обвинение.[128]

Притоа обвинетите биле поделени во две групи:

1. Трајко Петров од Баир дека со помош на Глигор Димев, Перо (Петар) Димев и Петруш (Петар Геогриев) со револверски куршум го убил главниот свештеник во бугарската црква во Битола поп Ставре, бидејќи одбил да им даде пари, и за сето тоа ја известил власта.[129]

2. Ристе Талев, Боше Нечов, Ристе Талев, Лазар Јовчев, Никола Стојков, Спиро Костов, браќата Попеви (Петар и Ѓорѓи), Михаил Наумов, Ѓорѓи Најдов (Најденов) Песанџиев, Васил Поп Димитров, Стефан Илиев, Дамјан Груев, Трифун Иванов, Нале Павлев, Јанаки (Иван) Штерјов, Ефрем Хр. Ризов и побегнатиот Тодор Луканов (М. Герџиков) се обвинети бидејќи *„сочинувале револуционерен комитет, кој имал за цел подигање на внатрешна револуција и кој го казнувал со смрт секој што ќе му се спротивставел“*.[130]

Во обвинението е споменат и бугарскиот трговски агент П. Михајлов, кој наводно на убиецот му дал револвер и 8 турски лири, но прашањето за него требало да се реши согласно законските прописи и инструкциите од Цариград.

Според обвинението, за првите 4 лица се бара казна според чл. 45 и 170 од Османлискиот кривичен закон, а за останатите според чл. 56 од истиот закон.[131]

---

[127] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 173.

[128] Исто; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 36-37.

[129] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 173; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 37.

[130] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 173 - 174.

[131] Даме Груев - живот и дело, II част..., 550; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 174; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 37.

Обвинението главно се базира на признанијата на Глигор Димев и Трајко Петров, како и запленетата документација при приведувањето на некои од осомничените.[132] Покрај тоа, обвинението се повикува на еден препис од наводен Устав - Правилник во кој се споменувало името на Даме Груев како претседател на Комитетот во Битола.[133] Меѓутоа, треба да потенцираме дека во ниеден од официјалните акти (Устави и Правилници) не стојат имиња на раководители на Организацијата. Очигледно, станува збор за несоодветна конструкција од страна на власта.[134] Освен тоа, Даме Груев го засегала и роднинската врска со анџијата Нале Павлев, блискоста со Тодор Луканов (М. Герџиков),[135] како и неговите контакти со поголемиот дел од обвинетите.[136] Оттука, обвинението изгледа прилично лабилно, бидејќи не било засновано врз цврсти докази.

По седуммесечна истражна постапка и исто толку држење на осомничените во притвор, јавниот претрес во врска со убиството на поп Ставре се одржал пред Битолскиот апелационен суд

---

[132] Види: Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 173-175; Даме Груев – живот и дело, II част..., 550-552.

[133] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 175, Во наводниот Правилник-Устав божем се споменувало името на Даме Груев како претседател на комитетот во Битола, Христо Татарчев претседател на Комитетот во Солун, а Иван Хаџи Николов во Кукуш. (Исто, 178).

[134] Според бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, споменатиот Правилник како доказ се користел и при Солунската провала. А. Шопов на „таен начин“ успеал да стаса до предметниот Правилник од кој пратил копија до својата влада. Од него се гледа дека не станува збор за автентичен документ. А. Шопов заклучува дека се работи за *„буквален превод“* од објавени статии за македонскиот комитет во весникот „Пастер Лоид“ од 18. X 1900 година и грчкиот весник „Имера“ од 13. X 1901 г. (Види: Даме Груев – живот и дело, II част..., 567-572).

[135] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 175.

[136] Исто, 181-186.

на 14/27 и 15/28 март 1901 година.[137] Притоа, како куриозитет, треба да се одбележи фактот дека судењето било одржано во *голем циркуски шатор* кој бил специјално изнајмен од некој битолски анција. Тоа било направено за да се потенцира важноста на процесот и поради големиот интерес на јавноста. Оттука, бидејќи во Битола немало поголема сала, власта се одлучила на таков потфат.[138]



*Судскиот процес во Битола*

Првиот ден од судењето од дипломатскиот кор во Битола лично учествувал само грчкиот конзул - Пезос, а другите ги ис-

[137] ДАРМ, мф. 643, ПП. 194, Извештај на М. Г. Ристиќ, 16. III 1901; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 176, 179; Даме Груев - живот и дело, II част..., 553, 556; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 38.

[138] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 38; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 176.

пратиле своите драгомани.[139] Покрај тоа, на процесот присуствувале вилаетскиот преведувач, претседателите на другите судови, многу судски и други чиновници.[140] Всушност, на процесот биле допуштени сите што пројавиле интерес. Меѓутоа, поради големиот интерес (според некои над 1 500 луѓе), мнозина се вратиле поради немање место.[141]

Судскиот процес го отворил претседателот на Битолскиот апелационен суд – Решид-бег.[142] Во својство на аза при Апелациониот суд бил и Никола Робев.[143] Некои од обвинетите имале свои адвокати, но бил назначен и официјален службен адвокат.[144] Ним пред судот им било дозволено своите одбрани да ги предадат во писмена форма.[145] Обвинетите биле внесени во салата врзани по двајца со железа на рацете под силно воено-полициско обезбедување.[146]

По вообичаените процедурални постапки, судскиот процес против 19-темина обвинети започнал со читање на обвинителниот акт. Притоа се потенцирало дека тие се обвинуваат „*бидејќи сакале да прават бунтови во државата*; а тоа обвинение се дока-

---

139 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 38; ДАРМ, мф. 643, ПП. 194, Извештај на М. Г. Ристиќ, 16. III 1901; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 176; Даме Груев - живот и дело, II част..., 553.

140 Даме Груев - живот и дело, II част..., 553.

141 Исто, 556.

142 Исто, 553.

143 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 38.

144 „Претседателот на судот го прозва Н. Цангара и го определи за бранител на обвинетите Кичо и Перо. Еден адвокат беше назначен официјално и дополнет со Исак ефенди, Субхи ефенди, Серафим ефенди и соодветен број адвокати за одбрана“. (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 176-177).

145 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 39.

146 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 179.

жува: од самопризнанијата на некои од обвинетите, од нивните противречности, од книжината и оружјето најдени кај нив, од изјавите на сведоците и други докази".[147] Веднаш потоа прокуророт изнел кратка реч во која го парафразирал обвинителниот акт. Во однос на обвинетите, тој потенцирал дека, меѓу другите докази, нивниот престап бил потврден со тоа што при апсењето „биле извонредно збунети и дека при претресот во нивните соби било пронајдено многу пепел од изгорени книги, кои сигурно содржеле компромотирачки работи, дури рацете на еден од обвинетите биле изгорени, кога ги горел книгите".[148] Кој бил со изгорени раце, прокуророт не кажал. Од друга страна, пепелот од изгорените книги не претставува никаков доказ. Прокуророт не ја пропуштил можноста да ја потенцира вмешаноста на бугарскиот трговски агент, и дека со него ќе се постапи сообразно инструкциите од Цариград.[149]

Јавниот претрес по делото започнал со испрашување на обвинетите.[150] Прв бил испрашан Трајко Петров - убиецот на поп Ставре. Тој за време на истражната постапка го признал убиството пред полициските иследници и пред истражниот судија.[151] Меѓутоа, за време на јавниот претрес Трајко „убиецот на поп Ставре, одрекувал сѐ, иако кога бил фатен... според сведочењето на лекарот и раката му мирисала на барут, па дури и самиот поп Ставре го означил како свој убиец. Со него заедно одрекуват сѐ и

[147] Исто, 177.
[148] Исто, 179.
[149] Исто.
[150] Повеќе за текот на јавниот претрес види: Поверителен рапорт No. 100 от българския агент в Битоля П. Михайлов до д-р Стоян Данев, министер на външните работи и изповедания, Битоля, 17 март 1901 г. ( Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 178 -186; Даме Груев - живот и дело, II част..., 556-564); ДАРМ, мф. 643, ПП. 194, Извештај на М. Г. Ристиќ, 16. III 1901.
[151] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 180.

оние кои се обвинети како негови соучесници".[152] Видоизменети искази (различни од оние во истражната постапка) дале и сведоците на убиството: црковната прислужничка Тофа и туларот Андон Димев.[153] Сите обвинети во текот на претресот се однесувале достоинствено и ладнокрвно, негирајќи ги обвиненијата и претходните искази за време на истрагата.

Даме Груев за време на процесот најпрво бил прашан за неговата биографија, на што дал прецизен одговор за местата на учителствување и годишната плата.[154] Веднаш потоа уследиле прашања за неговите релации со Тодор Луканов (М. Герџиков), браќата Попеви, поп Ставре и други. Освен тоа, било потенцирано дека, според документите со кои располага Судот, Груев бил член на Комитетот во Битола. Во прилог на тоа бил прочитан еден извештај на скопскиот валија.[155] Како докази биле понудени: наводниот Правилник-Устав во кој божем стоело неговото име; едно писмо фатено во Скопје, без да се предочи од кого и до кого било адресирано; извештај на полицијата за неговите односи со Јани (Иван) Штерјов и Луканов (М. Герџиков), во кој се зборувало дека тројцата решавале од кого и колку пари да се земат и воопшто за дејствата на Комитетот.[156] Д. Груев одговрил дека сето тоа е

152 ДАРМ, мф. 643, ПП. 194, Извештај на М. Г. Ристиќ, 16. III 1901.

153 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 180.

154 Во врска со тоа Д. Груев истакнал: „Кога го завршив своето образование бев назначен учител во Смилево со 30 лири годишно. После се условив во Прилеп со 40 лири. Потоа работев во печатницата на Муратори во Солун со 45 лири. После бев учител во Штип, после тоа две години инспектор на бугарските училишта со 70 лири годишно, најсетне учител во бугарската гимназија во Битола со 90 лири годишна плата". (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 180).

155 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 180.

156 Исто, 183.

клевета и дека тој не може да одговара за тоа што пишувале луѓето.[157]

Пресудата во врска со убиството на поп Ставре била изречена на 17/30 март 1901 година.[158] Од 22 обвинети биле осудени 12 души (двајца во отсуство), а 10-мина биле ослободени.[159] Притоа биле изречени следниве казни:

1. Трајко Петров - осуден на смрт;
2. Глигор Димев - доживотен затвор во крепост;
3. Петар Димев - доживотен затвор во крепост;
4. Петар Георгиев (во отсуство) - доживотен затвор во крепост;
5. *Даме Груев - 10 години затвор во крепост;*
6. Т. Луканов (М. Герџиков, во отсуство) - 10 години затвор во крепост;
7. Ѓорѓи Најдов -10 години затвор во крепост;
8. Трифун Иванов - 10 години затвор во окови;
9. Јанаки Стерјов (Иван Штерјов Јанакиев) - 3 години затвор во окови;
10. Нале Павлев - 3 години затвор во окови;
11. Васил Поп Димитриев - 2 години обичен затвор;
12. Стефан Илиев - 2 години обичен затвор.[160]

Повеќето од осудените „пресудата ја сослушале сосема рамнодушно; им пристапиле на своите ослободени[161] другари и

[157] Исто. Во врска со наводниот Правилник, Груев одговорил: „Ве молам проучете добро каде бил фатен тој Правилник, дали тој го носи мојот потпис и дали место мене не е некој друг Дамјан Груев". На тоа претседателот на судот му возвратил: „Според законот, ти немаш право да го учиш судот што да прави". (Исто, 178).

[158] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 39-40.

[159] Исто, 40.

[160] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 187; Даме Груев - живот и дело, II част..., 565; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 40.

им го честитале ослободувањето и ги нуделе со цигари".[162] Трифун Иванов (убиецот на поп Ставре) на претседателот на судот иронично му се обратил со зборовите: „ослободените од судот се мали луѓе - *‚ние ќе бидеме ослободени со ираде'*".[163]

Во врска со судскиот процес, бугарскиот трговски агент во Битола П. Михајлов во извештајот од 9/22. IV 1901 година пишува: „*сите конзули се произнесоа дека тоа е пародија на судот*. Сите рекоа дека е можно меѓу обвинетите да има некои виновни, но дека немало докази против никого. На сите извонреден лош впечаток им направија скроените сведоштва од полицијата против обвинетите, а особено неизведувањето пред судот на полицаецот Шефкет ефенди и коњаничкиот стражар Мехмед чауш кои беа фатени во лажно сведочење".[164]

Слична констатација дава и српскиот конзул во Битола, М. Ристиќ: „Паѓа силно во очи строгоста на пресудата според недоволното обвинение. Моето лично мислење е дека обвинетите не се без вина, дури и повеќе, таа им е голема, но доказите изнесени против нив, особено против обвинетите за врската со комитетите, не се речиси никакви... Има две можности: власта или не сакала да собере доволно докази, или втората: собраните докази да не се изнесени на јавниот претрес. Во секој случај, ова се турски работи и јавноста во *ова судење беше една проста комедија*".[165]

---

161 Од обвинението биле ослободени: Ристе Талев (гаваз), Ристе Талев (анција), Боше Нечов, Никола Стојков, Спиро Костов, браќата Петар и Ѓорѓи Попеви, Лазар Хр. Светиовчев, Ефрем Ризев и Михаил Наумов. (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 187).

162 ДАРМ, мф. 643, ПП. 173, Извештај на М. Г. Ристиќ, 24. III 1901; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 40.

163 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 187.

164 Исто, 190.

165 ДАРМ, мф. 643, ПП. 173, Извештај на М. Г. Ристиќ, 24. III 1901; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 40.

Пародија или комедија, сеедно. Впрочем, судскиот процес се одржал во циркуски шатор. Друг коментар не е потребен.

## 6. Битолскиот затвор – комитска резиденција

Поп Ставревата провала предизвикала кадровски потреси во Битолскиот окружен комитет на ТМОРО. Во врска со провалата, власта го интернирала Васил Пасков (претседател на Окружниот комитет), додека Ѓорѓи Пешков побегнал во Бугарија, а Аце Дорев заминал за Виена, наводно поради трговски зделки.[166] Така, во прво време во Битолскиот окружен комитет останале само Ѓорѓи Поп Христов и Неделко Дамјанов. Покрај тоа, на помош се нашол и Александар Евтимов. Есента се вратил Ѓорѓи Пешков, па работите зеле понормален тек. Со знаење и благослов на Даме Груев раководител на Битолскиот окружен комитет станал Ѓорѓи Поп Христов.[167] Тој бил близок соработник и голем приврзаник на Д. Груев, поради што безрезервно ги исполнувал неговите инструкции.[168] На тој начин, Даме Груев од затворот ја диригирал дејноста на Битолскиот окружен комитет, а неговиот номинален раководител Ѓ. Поп Христов бил послушен исполнител.[169]

Во тоа критично време Д. Груев од битолскиот затвор одиграл значајна улога за брза консолидацијата на Организацијата по провалата и натамошниот развој на ослободителното дело во Битолскиот револуционерен округ. Оттука, иако Поп Ставревата провала предизвикала значајни последици, од друга страна се

---

[166] Димитар Димески, Револуционерната дејност на Даме Груев во Битолскиот округ на МРО (1898-1902), Прилози за Даме Груев..., 93.
[167] Исто, 93-94.
[168] Исто, 95.
[169] Исто, 94.

чини дека Груев од битолскиот затвор поефикасно раководел со организационите активности, отколку во времето на кратката интернација во Смилево, кога речиси бил изолиран.[170] Благодарение на корумпираноста на затворските стражари, битолскиот затвор станал еден вид револуционерен штаб или комитска резиденција од каде што Д. Груев непречено раководел со ослободителното движење во Битолскиот револуционерен округ.[171]



*Даме Груев, 1902*

По апсењето во август 1900, Д. Груев најпрво бил затворен во Зандан Куле, а набрзо потоа бил префрлен во Централниот вилаетски затвор во Битола.[172] Таму останал до мај 1902 г., кога бил упатен на заточение во Подрум Кале (Мала Азија). За престојот во битолскиот затвор Груев во своите спомени вели: „Во битолскиот затвор имав право да се гледам со посетители и бев во тек со сè што се правеше. Имав можност да пишувам со шифра. Бев во голема соба заедно со 40-50 секакви затвореници. Јас и од затворот го раководев Битолскиот санџак".[173]

Комотното однесување на Д. Груев во затворот било олеснето преку услугите на затворскиот стражар Реџо-ага.[174] Покрај тоа, Груев воспоставил добра комуникација со затворениците – Турци, особено со поинтелигентните.[175] Некои од нив дури барале

---

[170] Исто, 95.

[171] Исто.

[172] Д. Константинов, Даме Груев..., 95.

[173] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22.

[174] Даме Груев - живот и дело, I част..., 102-105.

[175] Исто, 104-105.

да бидат запишани во списокот на Организацијата, надевајќи се притоа дека ќе стекнат статус на политички затвореници за да можат да се извлечат од затвор при евентуална амнестија.[176]

Д. Груев во затворот се зближил со Мицко Крстевиќ, стариот ајдучки војвода од с. Латово (Кичевско) кој веќе 19 години лежел во затвор поради учество во Брсјачката буна. Мицко бил просрпски ориентиран, па Груев се обидел да влијае врз него. Кога Мицко излегол од затвор, му ветил на Груев дека ќе влезе во организационите чети, меѓутоа тоа не го сторил под влијание на српските конзули и учители.[177] Груевото пријателство со Мицко подоцна предизвикало големи непријатности за самиот Груев.

Благодарение на комуникацијата со надворешниот свет и бројните посети од активисти и раководители на Организацијата, Д. Груев редовно бил информиран за тековните настани, а истовремено давал и соодветни инструкции. Меѓу другите, Даме во затворот го посетиле: Васил Чекаларов,[178] Христо Силјанов,[179] Милан Матов,[180] Иван Димитров Строгов,[181] Никола Петров Русински[182] и многу други. Во затворот често доаѓале и смилевчани кои Даме го нарекувале „нашиот кнез“.[183]

---

[176] Исто, 105. Така, на пример, со амнестија од затвор се извлекол Саид ага од с. Молараи (Кајларско). Тој со своите 5 сина криумчарел грчко оружје за потребите на Организацијата во Битолскиот округ. Кога бил затворен, не посочил никого од луѓето на Организацијата. (Исто, 105).

[177] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22.

[178] Васил Чекаларов, Дневник..., 24.

[179] Даме Груев - живот и дело, I част..., 97.

[180] Исто, 187.

[181] Исто, 76.

[182] Никола Петров Русински, Спомени, предговор, редакција и коментар: проф. д-р Даринка Петреска-Пачемска и проф. д-р Војо Кушевски, Скопје, 1997, 144-145.

[183] Даме Груев - живот и дело, I част...,75-76.

Во меѓувреме, пред Битолскиот окружен комитет подолго време стоело отворено прашањето за инкорпорирање на социјалистичката група на Никола Петров Русински и Веле Марков во македонското ослободително движење.[184] Најверојатно, Д. Груев бил главната сопирачка за нивното вклучување во ослободителното движење.[185] Главната причина за одбивноста на Груев кон социјалистите (без оглед на неговото поранешно движење во социјалистичките кругови), лежела во нивниот негативен став кон централистичката поставеност на Организацијата, а Груев бил чувствителен на тоа.[186] Груевата одбојност, граѓанското убедување на некои окружни раководители, како и нееластичноста во барањето на социјалистите го пролонгирале нивното инкорпорирање во ТМОРО до март 1901 година.[187]

Корумпираноста и небрежноста во битолскиот затвор дошле до полн израз во ноември 1901 година, кога Гоце Делчев (најбараната личност во Македонија од страна на власта) на два пати го посетил Даме Груев.[188] Средбите се одржале пред очите на стражарите во кругот на затворот. Каква иронија! Каква храброст, самоувереност и дрскост на едната страна, и каква корумпираност или небрежност на другата!?

Првиот пат, Делчев влегол во затворот како богат трговец, а вториот како окапан селски даскал. Груев и Делчев размениле

---

[184] Види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 343-349.

[185] Исто, 347.

[186] Исто.

[187] Исто, 347-348.

[188] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 398-399; Х. А. Полјански, Гоце Делчев во спомени на современиците..., 113, 121; истиот, Гоце Делчев, Пула, 1985, 111; Въстаническото движение... по спомени на Славейко Арсовъ..., 18-19; Даме Груев - живот и дело, I част..., 102. Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 100.

мислења по повеќе круцијални прашања што го тангирале не само Битолскиот округ, туку и Организацијата воопшто. Набрзо потоа во присуство на Делчев, а секако со одобрение и благослов на Д. Груев, бил реорганизиран Битолскиот окружен комитет. Во неговиот состав влегле: Ѓорѓи Поп Христов, Ѓорѓи Сугарев, Аце Дорев, Анастас Лозанчев,[189] Ѓорѓи Пешков и Неделко Дамјанов. Во Битолскиот околиски комитет влегле: Александар Евтимов, Кирил Лозанчев и Лука Ѓеров.[190]

Најголемиот дел од Груевата организациска активност во битолскиот затвор се одвивала преку тајната кореспонденција. Најдобра илустрација за тоа претставува зачуваната кореспонденција со Охридскиот околиски комитет. Од тоа време (август 1900 - почетокот на јуни 1902 г.) додека Груев престојувал во битолскиот затвор се сочувани 29 негови писма до Охридскиот комитет.[191] Во нив Груев го користи псевдонимот Јосиф Ариматејски или само Јосиф. Во сите писма доминира препознатливата терминологија: оружје, пари, чети, четници, курири, канали, агитација, подготовка, назначување на учители, војводи и сл. Вреди да одбележиме дека во писмото од 8. X (ст. стил) 1901 г., Груев го информира Охридскиот комитет дека што се однесува за четите треба да се сообразуваат со инструкциите од Делчев.[192]

Од друга страна, во споменатава преписка Груев не споменува речиси ништо за положбата во затворот, ниту пак за судс-

---

[189] Рективирањето на А. Лозанчев (претходно се повлекол од Окружниот комитет поради недоразбирање со Груев) претставува компромисно решение што било постигнато со посредство на Г. Делчев. Види: Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 100.

[190] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 399.

[191] Види: Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 169-203; Даме Груев – живот и дело, II част..., 545-589.

[192] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 198.

киот процес.[193] Несомнено, тоа зборува за индиферентноста на Д. Груев спрема пресудата и затворот.

Интересно е да одбележиме дека во писмото од 14 јули (ст. стил) 1901 г., Д. Груев пишува дека Организацијата делумно го свртела меѓународното внимание, а тоа може да се одрази позитивно по прашањето за амнестија и реформи. Меѓутоа, тој додава *„но, сепак нека се надеваме на нашите реформи - нашата дејност, ми се чини дека во тоа ние најмногу можеме да ја најдеме автономијата, а не во друго“*.[194] Груев смета дека само со сопствена дејност може „да се свртат очите на алчните Европејци, како што делумно се свртени, особено на Австрија и Германија“.[195]

## 7. *Заточението во Подрум Кале*

По 21 месечен престој во битолскиот затвор, на 22. V/ 4. VI 1902 г.,[196] Даме Груев, со уште 52 затвореници (од кои 27 муслимани),[197] со воз бил спроведен за Солун. При заминување од Битола,

[193] Така, во писмото од 12 март (ст. стил) 1901 г., кое е пишувано два дена пред почетокот на јавниот судски претрес, Д. Груев не споменува ништо во врска со тоа . (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция...,176). Никакви коментари во врска со пресудата нема ниту во писмото од 20 март (ст. стил) 1901 г., кое е пишувано 5 дена по изрекувањето на пресудата. (Исто, 188). Напротив, во него како куриозитет Груев препорачува дека при агитацијата може да се користи фактот дека оние што евентуално ќе се предадат ќе бидат осудени на 101 година, додека другите како во неговиот случај се судат по 10 години. (Исто, 188).

[194] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 193.

[195] Исто.

[196] Исто, 203.

[197] Исто, 204.

полицијата не допуштила Даме да се поздрави со брат му.[198] Посебно внимание заслужува фактот што од осудените во врска со Поп Ставревата провала, тогаш само Д. Груев бил упатен на заточение.[199] По петдневен престој во Солунскиот затвор, Д. Груев и другите битолски затвореници на 27.V/9.VI 1902 г., оковани во железа, биле спроведени до солунското пристаниште, каде биле качени на пароброд за Мала Азија.[200] Притоа, многу граѓани, активисти и симпатизери на македонското ослободително движење излегле да го испратат својот водач.

Во врска со транспортирањето на Груев од Битола за Подрум Кале постојат две неверојатни идеи за наводно ослободување. Првата идеја, според Данаил Крапчев, предвидувала напад на возот во воденските теснини на денот на пренесувањето на Груев од Битола за Солун.[201] Втората идеја, според Христо Матов, се зародила кај самиот Груев за време на пловидбата со паробродот. Тогаш Груев, наводно, размислувал за киднапирање на бродот од страна на заточениците и негово насочување кон слободните брегови како, на пример, Самос или Крит.[202] Во двата случаја станува збор за илузорни идеи.

Затворот Подрум Кале се наоѓа во градот Акија, во Аданскиот вилает. Оваа дива месност, која од југозапад била заплисну-

---

[198] Поради своето инсистирање, брат му на Груев и неговиот придружник биле приведени од полицијата. (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 193).

[199] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 204.

[200] Исто, 204 - 205. Д. Константинов погрешно тврди дека Груев од Солун за Подрум Кале бил спроведен на денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј. Види: (Д. Константинов, Даме Груев..., 98).

[201] Данаил Крапчев, Дамянъ Груевъ. Спомен, в. Илинденъ, г. I, No. 6, София, 15. XII 1907, 1.

[202] Христо Матовъ, За своята революционна дейность, лични бѣлешки, София, 1928, 75.

вана од морето, а на североисток оградена со високи планини, нерастителна, каменлива и ретко населена,[203] е позната дестинација во македонската мартирологија.

Во Подрум Кале се наоѓале затвореници од различна етничка и верска припадност. Таму се наоѓале осуденици по разни основи: од дрски разбојници и криминалци до водачи на национални ослободителни движења. Контраста помеѓу културните и морални вредности била повеќе од евидентна. Меѓу затворениците владеела голема сиромаштија. Тоа, пак, ги поттикнувало и најниските инстинкти кон секакви одвратни дела. Во таква шаренолика средина меѓучовечките односи биле на најниско ниво.

Гладувањето во затворот било вообичаена појава. Секојдневно главно јадење било „леб и праз“.[204] Поради тоа, „таму, коските се толчат во прав и се јадат со апетит, а се јаде и тревата што се наоѓа таму“.[205] Тоа, пак, го уништува и „најкорпулентниот организам“.[206] Покрај тоа, суровите климатски услови, како и отвореноста на затворските ќелии преку цел ден предизвикувале опасни болести. Оттука, смртноста во Подрум Кале била 30 пати поголема отколку при нормални услови.[207]

Низ Подрум Кале поминале многу знајни и незнајни македонски синови - борци за човекови правдини. Многу од нив та-

[203] Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978, 404.

[204] Исто.

[205] Миноски Михајло и Стојчевски Ѓорѓи, Австриски документи за Виничката афера 1897/1898, ГИНИ XXV/2-3, Скопје, 1981, 354.

[206] Исто.

[207] Исто. Во 1894 година од Битолскиот вилает во Подрум Кале биле испратени 50 затвореници, но од нив во 1899 г. останале само 24. Од останатите 26-мина, 3 излегле живи, 6-мина биле убиени, а 17 умреле. Од вкупно 400 затвореници во 1894 година дури 83 умреле. Во текот на 1899 година се зборувало дека од 500 затвореници до средината на годината дури 81 умреле. (В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 84).

му ги оставиле своите коски засекогаш. Во 1898 година во Подрум Кале биле доведени 8-мина македонски затвореници во врска со Виничката провала, кои биле осудени на по 101 година заточение.[208] Петмина од ова група во 1899 година биле преместени на островот Родос.[209] Така, од групата во Подрум Кале останале: Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Александар Икономов. Во јули 1901 година, бројот на македонските затвореници во Подрум Кале значително се зголемил. По Солунската провала,[210] од вкупно 101 осудени, 38 души на 6/19. VII 1901 г. биле спроведени за Подрум Кале.[211] Меѓу нив се нашле членовите на ЦК на ТМОРО: Христо Татарчев, Христо Матов, Пере Тошев и Иван Хаџи Николов. Оттогаш македонските политички затвореници во Подрум Кале ги зацврстиле врските со ЦК во Солун, кореспонденцијата станала поредовна, а притоа им биле праќани и пари за издршка.[212]

Во јуни 1902 година ним им се придружил и Даме Груев.

Очигледно, турската недосетливост го собрала на едно место поголемиот дел од најистакнатите дејци на македонското ослободително движење. Така, од шестемина основоположници на Организацијата дури четворица (Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Иван Х. Николов и Даме Груев) се нашле во Подрум Кале. Кога кон нив ќе се вбројат Пере Тошев и Христо Матов, евидентно е пак дека шестмина дотогашни членови на ЦК на ТМОРО се нашле во споменатиов затвор. Со тоа, надвор од Македонија, во ср-

---

[208] Види: В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 73-90.

[209] Исто, 86. Тоа се: Димитар Мирасчиев, Јосиф Даскалов, јеромонах Козма, Александар Белчев и Ангел Пандуров.

[210] Опширно за Солунската провала види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 318-344.

[211] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 335.

[212] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 89.

цето на Османлиската Империја, можел да егзистира паралелен Централен комитет!?

Меѓутоа, за жал, се покажало дека концентрацијата на толку авторитети на едно место, а притоа без можности за конкретна реализација, повеќе создава услови за бесполезна меѓусебна теоретска расправија, отколку за конструктивни и прагматични потфати. Разногласијата довеле дури до заладување на меѓусебните односи. Оваа поларизација помеѓу македонските дејци во Подрум Кале била сосема евидентна по пристигањето на Даме Груев.[213] Христо Поп Коцев во врска со тоа пишува: „било среќа во несреќата - да бидат на едно место, Даме со своите први другари, но радоста му била наскоро отруена, своите другари ги нашол раскарани и во многу неубави односи. На една страна: Матов, Татарчев, Развигоров и други, а на друга: Поп Арсов, Мирасчиев, Хаџи Николов и други“.[214] Во таква атмосфера не останал имун ниту Даме Груев. Ѓорче Петров во врска со тоа вели: „Тие во Подрум се беа зајале меѓу себе, Пере и докторот (Татарчев б.н) веќе не можеа да се трпат. Даме и со Матов и со докторот беше оладен до голем степен... во затворот веќе нема општо дело и таму се раздробуваат“.[215] Д. Груев во спомените не вели ништо за разидувањето,[216] додека Х. Татарчев елегантно ги маргинализира причините за раздорот.[217]

---

[213] Исто, 90.

[214] Хр. Коцевъ, Раздорницитѣ на македонското освободително дело, в. „Устрем“, бр. 25, София, 1925, 2.

[215] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 162.

[216] За престојот во Подрум Кале Д. Груев вели: „Во месец мај ме испратија во Подрум. Таму ги затекнав докторот Татарчев и Хр. Матов та заедно поминавме“. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22).

[217] Според Х. Татарчев, меѓусебното разидување настанало наводно поради блиските односи на некои од македонските заточеници со останатите затвореници со криминално досие. Поради тоа, во групата било одржано сове-

За среќа, Д. Груев во таква атмосфера останал кусо време. Понатамошните расправии ги прекинал султанот. На 19. VIII (ст. стил) 1902 година, по повод денот на стапувањето на престолот, султанот Абдул Хамид II амнестирал 36 македонски затвореници.[218] Амнестијата ги опфатила затворениците во врска со Виничката и Солунската провала. Меѓу амнестираните биле и Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Христо Матов, Иван Хаџи Николов и Пере Тошев. Сите тие на 1/14. IX 1902 г. се вратиле во Солун.[219]

Даме Груев останал да ја чека следната амнестија.

Д. Груев во своите спомени за престојот во Подрум Кале накусо вели: „И во Подрум знаев како врват работите. Со хемиско мастило водев кореспонденција со Солун, Битола, Софија. Писмата за лице беа пишувани на турски. Добро поминав во затворот - како во Битола, така и во Подрум“.[220]

Од кореспонденцијата за која зборува Груев засега се познати само неколку писма што ги разменил со Никола Дејков.[221] Тие заслужуваат особен интерес поради специфичниот алегоричен стил за да се избегне цензурата во затворот. Во нив најчесто се среќаваат зборовите: „домашни работи“, „браќа“, „братучеди“, „Дедо“, „роднини“ и слично. На тој начин Груев се информира

---

тување на кое Д. Груев и П. Тошев не се искажале, а со нив се солидаризирале повеќето, што довело до извесно заладување на меѓусебните односи. Очигледно, Татарчев ги релативизира работите. Види: Д-р Христо Татарчев, Спомени, Документи, Материали, съставител: Цочо Билярски, София, 1989, 106-107.

[218] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 90.

[219] Исто.

[220] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22-23.

[221] Всушност, станува збор за 5 писма. Од нив три се од Д. Груев, а две се одговор од Н. Дејков. Види: Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 206-209; Даме Груев - живот и дело, II част..., 593-597

за состојбите во македонското ослободително движење (домашните работи).

Во првото писмо од 1/14 август 1902 година, Д. Груев пишува: „Мислев, дека кога сум настрана, ќе станам поспокоен, но сум се лагал: мислата постојано бега кон родината".[222] Груев пишува дека ги оставил своите „многу добро во куќата", но дека „уште нема писмо", а освен тоа сака да дознае „сè за браќата и чичовото дете Ѓоре".[223] Груев потенцира дека за него во тоа далечно место би немало поголема новина од „една средба со Ѓоре" (можеби Гоце Делчев). Меѓутоа, при сета желба Груев заклучува дека тоа нема да биде толку брзо и неочекувано бидејќи Ѓоре „станал трговец и е многу зафатен, а и на Дедо (веројатно ЦК на чело со Гарванов) едвај ли можеме да се ослониме за искрена поддршка и при сите уверувања на неговите приврзаници".[224] Поради тоа, Даме резимира: „Секој треба да смета првенствено на себеси".[225] Во тој контекст за себе вели: „Впрочем, еднаш поставен да бидам бесполезен, мојата сопствена кожа веќе престана да ме интересира".[226]

Во писмото од 20 ноември (ст. стил) 1902 г., Груев му пишува на Дејков дека тие од затворот можат да пишуваат само на турски. Истовремено истакнува дека „физички и духовно е многу добар".[227]

На 4/27 декември 1902 г. Н. Дејков го информира Груев: „Што се однесува до твоите домашни работи, каде што кавгите продолжуваат, ти јавувам, дека најпосле земаат добар тек. Дедо

[222] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 206.
[223] Исто.
[224] Исто.
[225] Исто.
[226] Исто.
[227] Исто, 207.

настојчиво се зафатил да стави ред во куќата,[228] за да може секој еден од членовите на семејството да се ползува подеднакво. Постапката на дедо ти се поздравува од сите роднини и некои пријатели. Така што има можност да чуеш дека кавгите меѓу твоите браќа да прекинат и во вашето семејство да има спокојство, како во сите благоустроени куќи".[229] Несомнено, Н. Дејков го информира Груев за иницијативата за помирување помеѓу двата врховни комитета (ВМК на Цончев – Михајловски и ВМК на Христо Станишев) и ЦК на ТМОРО.[230]

Во меѓувреме, како резултат на Горноџумајското врховистичко востание, како и развојот на автохтоното македонско ослободително движење, Високата порта и големите сили (првенствено Русија и Австро-Унгарија) кон крајот на 1902 година презеле иницијатива за реформи во Македонија.[231] Резултатот од тоа биле т.н. Падарски, т.е. Февруарски реформи од 1903 година. Меѓу другото, реформите предвидуват општа амнестија за политичките затвореници од македонските вилаети.[232]

Д. Груев од затворот ги следел дипломатските активности околу македонското прашање и бил запознат со можноста за политичка амнестија. Насетувајќи го тоа, Д. Груев на 23 јануари (ст.

---

[228] Ц. Билјарски смета дека терминот „Дедо" се однесува на „бугарската влада". (Даме Груев - живот и дело, II част..., 596, белешка 2). Меѓутоа, според нас, непоимливо е „Дедо" (бугарската влада б.н.) да става ред во „домашните работи" на Груев. Оттука, најверојатно терминот „Дедо" во кореспонденцијата меѓу Груев и Н. Дејков се однесува на ЦК на ТМОРО во Солун на чело со Иван Гарванов.

[229] Даме Груев - живот и дело, II част..., 595; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 207.

[230] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 451-453.

[231] Исто, 17-22.

[232] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981, 413.

стил) 1903 г. на Н. Дејков му пишува: „Се надевам дека во скоро време ќе се видиме“.[233] Притоа, Груев се потпишал како Огнен Стопленов.[234] Псевдонимот сам по себе зборува за оптимизмот на Груев и за неговата душевна положба.

На 21. II (ст. стил) 1903 г., Н. Дејков го информира Груев: „Според силата на едно турско ираде е дадена амнестија на сите политички престапници. Јас мислам, дека и ти ќе влезеш во бројот на амнестираните“.[235] Освен тоа, Дејков истакнува дека намерно се забавил со одговорот за да собере подобри сведенија за „домашните работи“. Во контекст на тоа Дејков открива: „*Таму се прогласија некои распоредби, што не одговараат на твоите очекувања*. Во секој случај, прашањето за благоустројство на домашната работа е на дневен ред“.[236] Несомнено, Дејков загатнува за донесената одлука за востание од Солунскиот конгрес.

Како и да е, Даме Груев набрзо ќе се соочи со „домашните работи“, кои отишле напред и биле значително искомплицирани. Согласно Февруарските реформи, Даме Груев бил амнестиран. Непосредно пред Велигденските празници,[237] Груев се нашол на слобода во Солун.

---

[233] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 208.

[234] Исто.

[235] Исто, 208-209.

[236] Исто, 208.

[237] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 23.

# VIII
# Ужасен крај или ужас без крај

## 1. *Нагоре високо, надолу длабоко: патот кон одлуката за востание*

1.1. Додека Даме Груев престојувал во затвор (август 1900 – април 1903 г.), македонското ослободително движење влезе во својата *предилинденска фаза.* Развојот на четничкиот институт и дејноста на агитационо-организационите чети довеле до брзо револуционизирање на населението. Ослободителното дело веќе не било апстрактна идеја меѓу тесен круг заговорници. Организацијата преку своите механизми на дејствување воспоставила паралелен систем на територијата на Македонија, притоа функционирајќи како „држава во држава“.

Од друга страна, во истиот период, Организацијата се соочила со бројни предизвици и опасности. Некои од нив биле логична последица од развојот на ослободително движење, други биле предизвикани од дејствувањето на ВМК, а трети биле последица од превентивните мерки од страна на власта за зачувување на поредокот. Оттука, во овој период избиле голем број афери и провали. Како последица на тоа, дошло до значајни кадровски и персонални промени во раководните структури и институции на

Организацијата. Тоа пак се одразило врз натамошниот развој на македонското ослободително движење.

Додека Даме Груев во битолскиот затвор го очекувал судскиот процес во врска со Поп Ставревата провала, во јануари 1901 година избила Солунската провала.[1] Оваа провала зад себе оставила катастрофални последици во секој поглед. Во врска со неа, меѓу другите, во затвор се нашле и членовите на ЦК на ТМОРО: Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Пере Тошев и Христо Матов. Во тие драматични моменти, Солунската провала го исфрлила на површина Иван Гарванов (претседател на Тајното бугарско революционерно братство), кој застанал на чело на ЦК на ТМОРО. Неговите визии за македонското ослободително дело се прекршувале низ бугарска призма. Според Ѓорче Петров, Иван Гарванов *„секогаш се чувствувал како човек на Бугарија"*.[2] Впрочем, Гарванов за своите подвизи од времето на Братството бил одликуван од бугарскиот кнез Фердинанд.[3]

Во тоа време кадровски промени настанале и во раководството на ВМК. Во март 1901 година, во врска со аферата Михајљану, под притисок на европската дипломатија во Бугарија бил притворен претседателот на ВМК Борис Сарафов.[4] Веднаш потоа на VIII конгрес (април 1901 г.) за претседател на ВМК бил избран

---

[1] Поопширно за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 318-344.

[2] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 151.

[3] Иван Гарванов, Спомени, документи, материали, Съставители: Валентин Китанов, Цочо Билярски, София, 2005, 64. Гарванов бил одликуван од кнезот Фердинанд за храброста што ја пројавил при убиството на Христо Ганов (член на Братството) од страна на српскиот ренегат Пејчиновски во 1897 година. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 258, 260). Веднаш по овој инцидент, бугарскиот трговски агент во Солун А. Шопов во еден извештај потенцира дека Гарванов заради пројавената храброст заслужува орден од „Н. Царско височество". (ДАРМ, ф. БГК - Солун, No. 143).

[4] В. Ѓорѓиев. Слобода или смрт..., 345.

Стојан Михајловски. Новиот состав на ВМК претставувал компромисно решение помеѓу despite цончевисти, сарафисти и приврзаници на ТМОРО.[5] Несомнено, таквиот состав тешко функционирал. Поради комплицирање на односите, приврзаниците на ТМОРО поднеле оставка во ВМК. Во меѓувреме, претседателот на ВМК С. Михајловски го подготвувал патот за IX конгрес (јули-август 1901). Тогаш за претседател на ВМК повторно бил избран С. Михајловски, а за потпретседател – Иван Цончев.[6] Главната улога во Комитетот ја играл Иван Цончев, кој во согласност со кнезот Фердинанд и бугарскиот воен министер, ги форсирал настаните кон востание во Македонија.[7]

За реализација на таквиот план, Иван Цончев сметал на поддршка од внатре преку Иван Гарванов.[8] Впрочем, Гарванов по IX конгрес пред Цончев изјавил: „Организацијата јас ќе ви ја предадам Вам, но под услов ние да си останеме одделни таму, а Вие тука“.[9]



*Стојан Михајловски*

Меѓутоа, И. Гарванов брзо му го свртел грбот на И. Цончев. За тоа особено придонел Даме Груев. Тој му пишувал на Ѓорче Петров да се признае И. Гарванов во ЦК на ТМОРО. Груев советувал да бидат попуст-

---

[5] Претседател бил Стојан Михајловски - Цончевист, потпретседател Владимир Димитров -ТМОРО, секретар Иван Кепов - ТМОРО, касиер Георги Петров - сарафист, а членови советници: д-р Димитар Владов - цончевист и Георги Минков - сарафист. (Исто, 346).

[6] В. Ѓорѓиев. Слобода или смрт..., 347-348.

[7] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 275.

[8] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 348-349.

[9] Спомени на Иванъ Гарвановъ..., 136.

ливи и спрема Иван Цончев, бидејќи по Солунската провала, Организацијата не била доволно моќна за да се спротивстави.[10] Во таква констелација, Г. Делчев, за да го отцепи Гарванов од Цончев, почнал да го поткрепува. И. Гарванов, откако ја стекнал довербата, се почувствувал самостоен и му се спротивставил на Цончев. Поради тоа, цончевистите го нарекле Гарванов предавник и до крај не можеле да го трпат и да му простат.[11] Независно од фактот што Гарванов во извесен период им опонирал на ВМК и на Цончев, сепак тој бил притаен волк во јагнешка кожа. Впрочем, Иван Гарванов и Иван Цончев биле орудија во рацете на еден ист центар – кнезот Фердинанд и бугарската влада. Оттука тоа што Цончев го започнал однадвор, Гарванов подоцна го завршил од внатре.

Поради агресивната политика на ВМК на Михајловски-Цончев, Задграничното претставништво во декември 1901 г., објавило дека ТМОРО „за секогаш ги прекинува односите“ со актуелниот состав на ВМК.[12] Независно од тоа, во почетокотот на 1902 г. врховистичките чети ја засилиле пенетрацијата во Македонија.[13] Поради тоа, на 5/18. III 1902 г., Задграничното претставништво од името на ЦК на ТМОРО ги информирало македонските друштва во Бугарија дека ја прифаќа фрлената ракавица од страна на ВМК и дека борбата со врховистите е започната.[14] Во Окружното се разобличува и манипулацијата на бугарската политика со македонското ослободително движење.[15]

---

[10] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 149-150.

[11] Исто, 151. По убиството на Гарванов, цончевистите зборувале „Така му треба, предавник“. (Исто, 147).

[12] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 281.

[13] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 364-370.

[14] Документи и материали за историята на българския народ, 287-289.

[15] Во врска со тоа, во Окружното се вели: „Очигледно, дворскиот режим во Бугарија се служи со сѐ што располага за да го земе во свои раце незадовол-

Операционализацијата на врховистичкиот план за востание во Македонија ја започнал полковник А. Јанков. Тој во средината на 1902 година со голема чета навлегол длабоко во Македонија, притоа пресекувајќи ја дијаметрално од Горна Џумаја до Костурско. Секаде каде што поминал, низ Џумајско, Малешевско, Струмичко, Гевгелиско, Воденско, па до Костурско, А. Јанков оставил свои приврзаници, посеал раскол, предизвикал афери и повикувал на востание.[16] Благодарение на превентивните мерки од страна на Организацијата, обидот на А. Јанков за прогласување на востание, особено во Костурско, бил парализиран, а последиците биле моментално локализирани. Додека траела расправата со А. Јанков во југозападна Македонија, есента 1902 годин во североисточниот дел на Македонија во организација на ВМК на Михајловски-Цончев избило т.н. Горноџумајско востание.[17] Покрај Горноџумајско, оваа провокација делумно ги засегнала и сосед-

---

ството на македонскиот роб и да игра со него така како што си играше во несреќната 1895 година. Тие сакаат да го задушат секое независно движење во Македонија... и утре... да може да тргуваат со него. Ете со таква категоричност нам ни е фрлена ракавицата. Ние ја прифативме. И денес ние војуваме... Иднината ќе ни биде судија..., Ние, македонските робови се бориме со бесправието на Турција, како дел од таа држава, а не како агенти на Бугарија“. (Исто, 288).

[16] За мисијата на полковник Јанков во 1902 година во Македонија види: От София до Костур, полковник Анастас Янков, майор Димитър Думбалков, поручник Борис Сарафов, Георги Белев, Коста Шахов, инжинер Христо Станишев, Спомени, съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София, 2003, 115-200; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 467-472; Хр. Силянов, Освободителните борби..., т. 1, 164-176; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 412-426.

[17] Повеќе за Горноџумајското востание види: Хр. Силянов, Освободителните борби..., т. 1, 177-183; Крсте Битоски, Македонија и кнежеството Бугарија, 237-285; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 422-453; Марија Пандевска, Струмичкиот револуционерен округ (1893-1903), Скопје, 2001, 257-280.

ните области: Мелничко, Петричко, Малешевско, Струмичко и Разлошко. Оваа врховистичка провокација сериозно ја разнишала организациската мрежа во споменатите околии.



*Фердинанд I*
*Сакс-Кобург-Готски*

Горноџумајското врховистичко востание го раздвижило македонското прашање на меѓународен план и ги предизвикало Февруарските (Падарски) реформи. Од друга страна, Горноџумајското востание и врховистичките повици за ново востание идната пролет ја испровоцирале одлуката на ЦК на ТМОРО за свикување на конгрес, како и поставување на прашањето за востание во 1903 година.

1.2. Во ноември 1902 година, кога врховистичкото движење во Македонија почнало да спласнува, ЦК на чело со Иван Гарванов за нови задгранични претставници ги именувал штотуку амнестираните: Христо Татарчев и Христо Матов. Тие, сметајќи ја дотогашната принципиелна борба на ТМОРО против ВМК на Михајловски-Цончев како политика на самоизолирање, прифатиле нов политички курс на компромизам.[18] Иницијативата за помирување со ВМК по секоја цена ја поддржувал претседателот на ЦК, Иван Гарванов.[19] Иван Цончев, кој имал поддршка од воениот министер Ст. Паприков, од своја страна како услов за помирување го поставувал прашањето за востание во претстојната пролет.[20] Веројатно заради постигање ефект и подобри преговарачки позиции, И. Цончев на 10. XII (ст. стил) 1902 г. упатил апел

[18] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 451.
[19] Исто, 452.
[20] К. Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско..., 301.

до офицерите Македонци и Одринци да ја напуштат бугарската армија за да можат да се вклучат во претстојното востание.[21]

Во ноември - декември 1902 година прашањето за востание во пролетта 1903 година станало сè поприсутно во преписката помеѓу задграничните претставници и претседателот на ЦК на ТМОРО.[22] За нив ова прашање како да било веќе решено. Во средината на декември 1902 година, Христо Татарчев ги информирал министерот Данев и кнезот Фердинанд дека востаничките акции во идната пролет „се неминовни".[23]

Во такви околности, на Иван Гарванов не му останувало друго освен да ја официјализира одлуката преку конгрес. За таа цел, на 24. XII 1902 / 6. I 1903 година, Гарванов испратил Окружно до окружните и околиските комитети и до Задграничното претставништво, со образложение за неиздржливата положба и поканил делегати за конгрес кој бил закажан за 2/15. I 1903 г. во Солун.[24] Во работата на Конгресот учествувале 17 делегати.[25] Освен не-

---

[21] Исто, 302.

[22] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 458-459.

[23] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революциона организация..., 125.

[24] За Солунскиот конгрес од 1903 година види: Димитар Димески, Солунскиот јануарски конгрес на Македонската револуционерна организација 1903 година, ГИНИ, бр. 2, Скопје, 2001; В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание, Историја, год. 40/1-2, Скопје, 2004.

[25] Според Протоколот од Конгресот, тоа биле: Иван Гарванов (претседател на ЦК), Спас Мартинов и Димитар Мирчев, како членови на ЦК. Потоа, Христо П. Коцев и Тодор Лазаров (штотуку излезени од затвор во својство на „заслужни дејци на народното дело"). Другите 12-мина во Протоколот се именуваат како претставници на реони. Тоа биле: Никола Петров (Цариградски), Велко Думев (Одрински), Лазар Димитров (Серски), Христо Влахов (Кукушки), Иван Сапунаров (Солунски), Никола Хрлев (Гевгелиски), Димитар Занешев (Воденски), Тодор Пејков (Велешки), Димитар Ган-

колкумина, другите биле второстепени и третостепени личности. Таквиот состав давал широка можност за „перфидна манипулација".[26] Претседател на Конгресот бил Иван Гарванов, а секретар – Димитар Мирчев (двајцата поранешни членови на ривалското Братство). Според Протоколот од Конгресот, поставувањето на прашањето за востание било мотивирано со: сложената положба во земјата по Горноџумајското востание; опасноста од нови врховистички обиди за востание; опустошување и деморализирање на нови реони; желбата на некои реони за едно општо советување и најпосле „расположението и интересот на европската дипломатија кон нашето народно дело".[27]

Во прилог на овие наводи, Гарванов на Конгресот презентирал повици за востание за напролет кои биле лиферувани од страна на ВМК, што ги вознемирило сите. За поткрепа на тезата за наводно поволната меѓународна ситуација, Гарванов истакнал дека францускиот конзул во Цариград се искажал во смисла доколку во Македонија избие едно движење дека таа ќе добие некакви правдини. Истовремено ветил поддршка од страна на Бугарија, која би влегла во војна со Турција доколку востанието издржи две седмици.[28] Тоа го поткрепил со една дописна картичка од бугарскиот воен министер Стефан Паприков која била упатена до Борис Сарафов.[29] Во таа смисла настапил и битолскиот делегат Анастас Лозанчев, кој се повикал на Неделко Колушев, актуелен секретар во бугарското трговско агентство во Солун.[30]

чев (Скопски), Иван Ингилизов (Струмички), Анастас Лозанчев (Битолски) и Георги Варналиев (Радовишки). Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 413-414.

[26] Д. Димески, Солунскиот јануарски конгрес..., 63.

[27] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 413.

[28] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т. 2, 188.

[29] Д. Димески, Солунскиот јануарски конгрес..., 64.

[30] Исто.

Аргументите на Гарванов и иницијативата на А. Лозанчев без многу двоумење биле прифатени од повеќето делегати. Единствена опозиција на Конгресот бил серскиот делагат Лазар Димитров кој, сепак, на крај го прифатил општото мнение и го потпишал Протоколот.[31] На тој начин, на 3/16. I 1903 г. била изгласана одлуката за востание. Следниот ден, Конгресот одлучил востанието да биде „посеместно и стратешко", без да го определи денот за почеток.

Поради начинот на свикување и постојните недоследности при изборот на делегати, особено нивната несразмерност по окрузи, па дури и нивната компетентност за едно такво круцијално прашање, подоцна повеќемина со право ја довеле во прашање легитимноста на Конгресот.[32] Меѓутоа, на Гарванов не му била важна легитимноста на Конгресот, туку му бил потребен Конгрес, кој ќе обезбеди легитимитет на одлуката за востание. Впрочем, тоа прашање не било регулирано во тогашните постојни акти на Организацијата.

За разлика од Конгресот во Солун, прашањето за востание многу поопстојно било разгледано на советувањата во Софија кои биле организирани од страна на Задграничното претставништво. Таму се нашле: Христо Татарчев, Христо Матов, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Борис Сарафов, Иван Х. Николов, С. Ковачев, М. Герџиков, К. Прличев, С. Михајлов, Д. Стефанов, Т. Делииванов, Х. Силјанов, В. Антонов, Н. Наумов и други. Тие во расправата пошле од информацијата на Гарванов според која по врховистичкото востание, османлискиот терор во Македонија

[31] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., том I, 200.

[32] Во врска со тоа види: В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание..., 84; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 461-462.

станал неподнослив, особено во Битолско, каде што можело да избувне востание.[33]

На Советувањето, по прашањето за востание се издиференцирале две групации. Малцинската група предводена од Матов и Татарчев безрезервно ја застапувала идејата на ЦК за општо востание.[34] Мнозинството го предводеле Ѓорче Петров и Гоце Делчев. Тие биле поддржани од сите што биле вклучени дотогаш во борбата против врховизмот.[35] Настрана од двете гледишта останал Пере Тошев, со изговор дека не е добро осветлен за работите.[36]

Полемиката што се развила била околу карактерот на дејствата. Притоа, повеќето учесници признавале дека подготовките не биле доволни, но дека поради сложеноста на ситуацијата треба да се промени начинот на дејствување и да се превземе акција.[37]

Оттука, Ѓ. Петров со поддршка на Делчев предлагал да се промени дотогашната тактика: од пасивно подготвителна да се помине кон поголема активност, со дејства кои постепено ќе водат кон востание. На тој начин да се дојде до перманентно востание, без негово формално објавување.[38] М. Герџиков предлагал иницијатива со терористички акции кои ќе ги засегнат османлиските

---

33 Спомени на Б. Сарафовъ..., 76; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 170.

34 Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 171.

35 Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., том I, 203.

36 Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революциона организация..., 131; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 171.

37 Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., том I, 202-203; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 178; Спомени на М. Герджиковъ..., 47; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно - одринска революциона организация..., 130-131; Спомени на Б. Сарафовъ..., 76.

38 Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 177-179.

власти и европскиот капитал.[39] Кон овие идеи клонел и Г. Делчев.[40] Истовремено, Герџиков и В. Антонов биле за дефинитивно расчистување со врховистите и ликвидација на Цончев. Г. Делчев претпочитал борба со „најголема економија на силите", бидејќи не бил сигурен дека, откако ќе ги предизвикаат Турците, ќе се предизвика вмешување на големите сили.[41] Неговите намери биле: „Да се фрли цело Турско во анархија, да се разниша царството на султанот од основа, да се направи положбата неиздржлива".[42] Сепак, Делчев се определил за комбинирана примена на четнички дејства со терористички акции.[43] Не чекајќи го исходот од Советувањето во Софија, Гоце Делчев на 7/20. I 1903 г. заминал за Серскиот округ, со намера на дело да ја демонстрира новата концепција.[44]

Несомнено, идејата на мнозинството за перманентно востание повторно водела кон востание. Тоа го сфатиле заштитниците на тезата за општо востание. Оттука се дошло до компромисно решение, кое е покриено со терминот „засилени партизански дејства".[45] Во таа смисла, Ѓ. Петров и Христо Матов требало да го известат Гарванов во Солун[46] дека тие не се за општо востание, туку за „партизански дејства".[47]

---

[39] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., том I, 205.
[40] Спомени на М. Герджиковъ..., 48.
[41] П. К. Яворовъ, Гоце Делчев, София, 1989, 99.
[42] Исто.
[43] Д. Димески, Гоце Делчев..., 136.
[44] В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1903 г. и прашањето за востание..., 88.
[45] Спомени на Б. Сарафовъ..., 76; Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., том I, 207; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революциона организация..., 140.
[46] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 173.
[47] Спомени на Б. Сарафовъ..., 76.

Меѓутоа, Конгресот во Солун, не чекајќи го исходот од Советувањето во Софија, веќе донел одлука за општо востание. На тој начин, според Татарчев, на Задграничното претставништво кое било составен дел на ЦК му било оневозможено да се искаже по тоа прашање.[48] Веднаш по Конгресот, И. Гарванов заминал во Софија, каде што ја соопштил одлуката.[49] Притоа, потенцирал дека таа е бесповратна бидејќи веќе била пропагирана насекаде. Истовремено, Гарванов, Матов и Татарчев оствариле средба со Димитар Петков, бугарскиот министер за внатрешни работи, кој им ветил „морална и материјална поткрепа за идното востание“.[50]

1.3. Откако решението за востание било донесено одвнатре, бугарската влада, која врз себе го носела товарот за Горноџумајското востание, со цел да ја симне од себе одговорноста за идните нереди во Македонија, донела одлука за административна забрана на ВМК. Со таквата постапка требало да се намали дипломатскиот притисок врз Бугарија, која се јавувала како поттикнувач на нередите во Македонија, а од друга страна да се покаже лојалност кон Османлиската Империја за да се намали османлиското воено присуство на бугарската граница.[51]

Дволичноста на Бугарија не завршила тука. На 5/18. II 1903 бугарската влада преку своите трговски агентства во Македонија побарала ТМОРО да се откаже од планираното востание за да им даде можност на започнатите реформи. На крај, било потенцирано: доколку Организацијата не се откаже од планираното воста-

---

[48] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната Македоно-одринска революциона организация..., 203.

[49] В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1903 г. и прашањето за востание..., 88.

[50] Жеко Попов, Димитар Петков за българската политика по македонския въпрос (1903-1907), Македонски преглед, XXI/2, София, 1998, 59.

[51] В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1903 г. и прашањето за востание..., 88-89.

ние, да не смета на бугарска помош.[52] Со содржината на барањето биле запознати претставниците на големите сили во Софија. Оваа демагошка постапка требало да претставува уште еден доказ за наводните напори на Кнежеството за смирување на духовите во Македонија и олеснување на реформскиот процес.[53] По две недели истото писмо повторно било препратено. Во таа смисла, Н. Колушев се обидел да влијае врз претставници на Организацијата во Битолско. Меѓутоа, тие изјавиле дека без заповед од ЦК нема да ја прекинат агитацијата за востание. Притоа, водачите на Организацијата биле самоуверени, бидејќи имале авторитет кај населението, кое им се потчинувало и ги сметало за поголеми авторитети од османлиската влада.[54] Колушев во Битола наишол на одговори од типот *„Ние сме Македонци и советите на некаков си бугарски министер за нас немаат никаква важност“*.[55]

Во меѓувреме, Бугарија презела дипломатска иницијатива за разубедување на Османлиската Империја за своите заложби за смирување на ситуацијата во Македонија. Дознавајќи за тоа, Васил Пасков за тоа веднаш го алармирал Задграничното претставништво, во смисла да не се прифаќа бугарската иницијатива за прекинување на востаничката агитација бидејќи тоа „би ја поткрепило дипломатијата ... да утврди дека револуционерното движење во Македонија и Одринско се организира, поддржува и раководи од Бугарија, која проследува *завојувачки цели*, а во очите на оние сфери, *чии симпатии се на наша страна, Внатрешната организација ќе го загуби карактерот на независност и самостојност, а тоа е штетно за ослободителното дело*“.[56] Како и да е, очигледно е дека

[52] В. Георгиев - С. Трифонов, История на Българите... т. 1, част втора, 404.
[53] Крсте Битоски, Македонија и кнежеството Бугарија..., 314.
[54] В. Георгиев - С. Трифонов, История на Българите... т. 1, част втора, 405.
[55] Крсте Битоски, Македонија и кнежеството Бугарија..., 315.
[56] Д-р Христо Татарчев, Спомени, документи, материали, София, 1989, 239-240.

Бугарија, која во прво време му давала импулс на македонското движење, а откако се нашла во незгодна ситуација, се обидела да го запре. Меѓутоа, одбивањето на ТМОРО да го одложи востанието по барање на Бугарија претставува демонстрација на самостоен македонски карактер.

1.4. Во меѓувреме, под раководство на ЦК и окружните комитети биле забрзани подготовките за претстојното востание. Веднаш по враќањето на Гарванов од Софија, ЦК ги известил реонските раководители дека: 1. Организацијата решила да крене востание и дека со сите сили и средства ќе се бори за извојување на човечки правдини; 2. Организацијата ги осудува сите стремежи на официјални и неофицијални фактори во Бугарија, кои без нејзина согласност настојувале и настојуваат да го вовлечат населението во востание, бидејќи со тоа свесно или несвесно ја поткопувале каузата на македонскиот роб, а со своите дејства давале колорит на надворешно поттикнување, факт што бил силно експлоатиран од Турција и европската дипломатија; 3. Организацијата изјавува дека до денот на востанието ќе се бори со сите комитети, корпорации и надворешни лица кои со своите постапки предвреме ќе ја фрлат Организацијата во борба и предвреме ќе го осуетат планот за востание. Таа ќе води сметка за сите што ќе се обидат да ја искористат нејзината борба за други цели; 4. По објавувањето на востанието, сите што се готови да го поткрепат ќе бидат прифатени со претходна согласност на Организацијата.[57]

Веднаш по Конгресот, ЦК испратил окружно до сите раководители да соберат податоци за вооружувањето и да преземат брзи мерки за набавка на оружје.[58] Покрај тоа, ЦК презел иницијатива за враќање на македонските печалбари во земјата за да

[57] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., том I, 207-208.

[58] Хр. Коцевъ, Прелюдия на Илинденъ, 20 юлий 1903 г., Сб. Илинденъ 1903-1922, София, 1922, 44.

земат учество во востанието. Во таа смисла биле предупредени сите што планираат да заминат на печалба.[59] Според еден доверлив извештај на Бугарското трговско агентство од Солун од 13. III (ст. стил) 1903 г. до Министерството за надворешни работи на Бугарија, дотогаш „околу 10 000 *млади Македонци* се вратиле по родните краеви од Цариград, М. Азија, Румелија, Бугарија, ... за да земат учество во претстојното востание". Само од Цариград заминале 2 500 градинари и млекари. „*Сите тие Македонци со нетрпение чекаат да дојде часот за востание*".[60]

Истовремено, Македонија била заплисната од голем број чети. Предвостаничкиот амбиент и атмосфера силно се чувствувале насекаде. Рускиот дипломатски претставник во Солун Н. Гирс во врска со тоа на 12. II (ст. стил) 1903 г. информира дека едвај можело да се најде поголемо село во Македонија каде што немало востаничка чета.[61] Гирс констатира дека Организацијата не била за одлагање на востанието, бидејќи со неговото евентуално одлагање на неопределено време македонското прашање би затаило, а Организацијата би ја загубила својата подлога и би го пропуштила погодниот момент за целосно ослободување.[62]

Подготовките за востание најдинамично се одвивале во Битолскиот револуционерен округ. Впрочем, битолскиот делегат Анастас Лозанчев на Солунскиот конгрес бил еден од најревносните поддржувачи на идејата за востание. Тој веднаш по враќањето во Битола презел иницијатива за забрзување на подготовките. Во таа смисла на 19. I (ст. стил) 1903 бил одржан состанок со учителскиот персонал во Битолската гимназија, при што Лозанчев

---

[59] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т. 2, 191-192.
[60] ДАРМ, ф. БГК - Солун, мф. 4278. No. 193, 13.03. 1903. Поверливо.
[61] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т. 2, 18.
[62] Исто, 19.

информирал дека напролет ќе има востание.[63] К. П. Мисирков во врска со предвостаничкиот амбиент во Битола во својот дневник запишал: „Нашите учители од основните училишта и учениците од гимназијата со нетрпеливост го очекуваат денот кога ќе го напуштат градот..., а учителките шијат знамиња“.[64]

## 2. | *Доцна беше да се расудува*

2.1. Во таква предвостаничка атмосфера непосредно пред Велигден, Даме Груев се вратил од заточение во Солун. Каков бил ставот на Груев во времето кога се носела одлуката за востание од расположивите материјали засега не може да се утврди. Индиректните информации за тоа се малку, штури и контрадикторни. Оттука, ни една од нив, сама по себе, не може да се земе за релевантна. Така, според Велко Думев, за време на Солунскиот конгрес наводно било прочитано писмо од Д. Груев, чија содржина влијаела во прилог на одлуката за востание.[65] Наспроти тоа, од писмото на Н. Дејков до Д. Груев од 21. II (ст. стил) 1903 г., може да се добие спротивен впечаток. Дејков, информирајќи го Груев за неговите „домашни работи“, меѓу другото пишува: „таму се прогласија некои распоредби, што *не одговараат на твоите очекувања*“.[66] Несомнено, Дејков го информира Груев за донесената одлука за востание, што според неговото убедување не одговарала на очекувањата на Груев. Георги Поп Христов во врска со тоа пи-

---

[63] Дневник на Кръсте Мисирков, Битоля, 1903 г. Публикуван за пръв пт от А. Пелтеков в „Известия на държавните архиви”. Според http:/ www.promacedonia.com/rami/misirkov-1903. html

[64] Исто.

[65] Даме Груев - Живот и дело, I част..., 197.

[66] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 208.

шува: „Самиот Даме Груев го сметаше Солунското решение за пребрзано, но еднаш земено и ние поставени пред свршен чин, требаше да го прифатиме и да се оди кон негово исполнување“.[67] Последново е поблиску до вистината. Д. Груев во врска со ова прашање во своите спомени ни оставил само неколку телеграфски информации: „Затекнав веќе земено решение за востание ... Ми ги објаснија мотивите за така донесеното решение ... Луѓето (гурбетчиите) веќе се беа вратиле од Цариград по своите домови во Македонија. *Доцна беше да се расудува*“.[68] Последнава реченица е наполно во согласност со Груевата фаталистичка изрека „Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај“[69] која носи „висок коефициент на историска одговорност“.[70]

Како и да е, Даме Груев се нашол пред свршен чин! Дали во таква констелација можело да се менува нешто? Настаните биле отидени многу напред. Одлуката била донесена. Подготовките на теренот биле во тек. Четите биле во активна подготвителна положба, печалбарите се вратиле по своите домови, костурчани биле особено нестрпливи за востание, гемиџиите во Солун биле подготвени за дејство, врховистите се заканувале со ново востание, Февруарските реформи биле во тек, а Бугарија во последен момент барала одлагање на востанието. Едноставно, според народната поговорка, ситуацијата изгледала: „Нагоре високо, надолу длабоко“. Очигледно, лавата била излеана и секој обид за нејзино запирање бил залудна сизифовска работа. Во таква атмосфера, на Д. Груев не му останало ништо друго, освен да се приклони кон носечката востаничка струја.

---

[67] Революционната борба в Битолския окръг..., 49.

[68] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 23.

[69] Даме Груев - Живот и дело, I част..., 78; Хр. Коцев, Страници изъ спомените ми, Македония, I/VII, София, 1922, 46-47;

[70] Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје, 1994, 140.

2.2. Пристигнувањето на Даме Груев во Солун предизвикало нова надеж кај Гоце Делчев. По изведувањето на атентатот на мостот и тунелот кај Ангиста, Делчев на 25. III (ст. стил) 1903 г. му пишува на Јаворов: „Утре-други ден сам ќе заминам за Х (Солун, б.н.), каде што ќе се сретнам со тебе познатите (ЦК, б.н.) и со најсаканиот ми другар Груев, којшто неодамна пристигнал таму од Подрум. Во Х ќе се бавам најмногу десетина дена и *ќе гледам да се установиме на општо гледиште по она прашање* (прашањето за востание, б.н.)".[71] Притоа, Делчев за Солун го повикал и претседателот на Серскиот револуционерен округ, Лазар Димитров.[72]

Средбата помеѓу Груев и Делчев се одржала на Велики Петок.[73] Од двајцата актери во оваа средба ни останале само лапидарните зборови на Груев: „Дојде Делчев во Солун. Правеше приговори. Главно наоѓаше дека Серскиот санџак е наполно лишен од оружје. Ние го утешивме со ветување дека ќе се достави потребното... Делчев се успокои".[74]

Средбата помеѓу Делчев и Груев подоцна добила различни толкувања, често и некоректни.[75] Лазар Димитров, кој тогаш по барање на Делчев престојувал во Солун, пишува дека лично Делчев го информирал оти со Груев се согласиле востанието да се прогласи кон крајот на летото и тоа да биде партизанско-четничко, а не масовно.[76] Според Л. Димитров, со тоа се „ставило крај на спорот за подигањето на востанието ... *по оваа средба веќе немаше никакви разлики меѓу Централниот комитет и дејците околу Делчев по прогласувањето на востанието*". Овие зборови на Л. Димит-

[71] П. К. Яворовъ, Гоце Делчев, София, 1989, 105.
[72] Даме Груев - Живот и дело, I част..., 228.
[73] Исто, 125; 134.
[74] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 23.
[75] Види: Историја на македонскиот народ, т. 3, Скопје 2003, 285-286.
[76] Даме Груев - Живот и дело, I част..., 228.

ров заслужуваат внимание, особено, ако се има предвид дека тој бил единствената опозиција на Солунскиот конгрес кога се носела одлуката за востание, а сепак потоа активно се вклучил во неговата реализација.[77]

Првиот Делчев биограф, Пеју Јаворов, пишува дека Делчев успеал да издејствува измена на јануарското решение за востание во смисла на неговиот план, на тој начин што Организацијата ќе преземе едно засилено „до највисок степен движење со посредство на четите, а не востание со посредство на целото население... посемесните дејства се одлагаа за во август“.[78] Христо Поп Коцев пишува: „Даме и Гоце на долго разменија мисли за востанието. Даме веќе се беше убедил во неопходноста на востанието. Додека Гоце продолжуваше да биде партизан на анархистичките акции. Најпосле и тој се согласи“.[79]

Меѓутоа, Ѓ. Петров во своите спомени вели дека „Даме успеал да му го нанесе последниот удар на разочарувањато (на Делчев, б.н.)“.[80] Овој неиздржан став на Ѓорче Петров подоцна послужил за разни некритички конструкции во историографијата.

---

77 Исто, 229.

78 П. К. Яворовъ, Гоце Делчев, София, 1989, 106.

79 Даме Груев - Живот и дело, I част..., 125.

80 Во врска со тоа, Ѓ. Петров пишува: „Делчев тргна со силна желба да го види Груев, да размени мисли со него; во него имаше уште надеж, но отиде загрижен за Организацијата. Тој стигнал во Солун. Тие вешто го оставиле само со Дамета, кој што 2-3 дена го држел при себе во една соба и се мачел да му го разбие убедувањето против востанието. Со тоа Даме успеал да му го нанесе последниот удар на разочарувањето, како што се беше исповедал пред Јаворов Пеју и други, со кои се беше сретнал во Серско. Овој дух на очајание се гледа и од едно писмо до мене, во кое ми пишуваше дека ништо не може да се направи и дека оди во Серско да си ја даде главата. Во Солун му ја наложиле мисијата да ги убеди другарите во Серско за востание и да го организира таму“. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 180). Ѓор-

Несомнено, меѓу Делчев и Груев постоел обостран респект. Делчев во Груев секогаш гледал творец и водечка личност на МРО. Не помалку и Груев го почитувал Делчев. Без сомнение, заемното разбирање помеѓу нив било присутно и на последната средба, и покрај разликите во нивните гледишта по основното прашање.[81] Според тоа била постигната согласност востанието да има четничко-партизански карактер и тоа да се крене во текот на летото. Најпосле, Даме Груев во таа смисла требало да го анимира конгресот на Битолскиот, а Гоце Делчев на Серскиот револуционерен округ.[82]

Даме Груев во Солун се сретнал и со Димитар Мечев, којшто од име на гемициите го информирал за скорешните атентати. Груев побарал да ги одложат акциите за подоцна, по востанието, за да може ефектот од нив да се искористи како последно средство за притисок врз големите сили.[83] Во таа смисла, со гемициите разговарал и Гоце Делчев.[84] Меѓутоа, гемициите не послушале никој. По неколку дена тие се огласиле во Солун. Веста за атентатите го затекнала Груев на Конгресот во Смилево.

## 3. | *Смилевскиот конгрес*

Во последната декада на април 1903 г. Даме Груев се нашол во Битола. Во тоа време Битолскиот окружен комитет на чело со Анастас Лозанчев ги спроведувал последните подготовки за

чевото тврдење дека Делчев во таа смисла се исповедал пред Пеју Јаворов е неточно, бидејќи тој со него веќе не се сретнал.

[81] Д. Димески, Гоце Делчев..., 142.

[82] Исто.

[83] Павел Шатев, В Македония под робство, София, 342-343.

[84] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 470.

одржување окружен конгрес. Груев во Битола останал неколку дена. За време на неофицијалните советувања во Битола „*Дамјан беше против одлуката за востание донесена во Солун, ја сметаше за пребрзана и му беше мачно, но бидејќи гледаше дека сè е подготвено, немаше што да прави*“.[85]

Сите дилеми околу прашањето за востание во Битолскиот револуционерен округ ќе бидат расчистени на претстојниот окружен конгрес. Конгресот бил свикан од страна на Битолскиот окружен комитет.[86] За место на одржување на Конгресот било утврдено Смилево – родното село на Даме Груев. Несомнено, за тоа влијаеле геостратешката местоположба на Смилево и цврстата организациска мрежа што овозможувала безбедна и непречена работа. Меѓутоа, неспорно е дека при изборот на Смилево пре-

---

[85] Спомени на Г. П. Христов. Спомени, С. Арсов, П. Кљашев, Л. Церов, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров, Стручна редакција: д-р Иван Катарџиев, Скопје, 1997, 301.

[86] Петър Ацев, Конгресът на Битолския революционен окръг в село Смилево през 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 април 1903 година, Ил. Илинденъ, г. V, кн. 7-8 (47-48), София, 1933, 7; Спомени на П. Кљашев..., 242; Спомени на С. Арсов..., 96. Според Васил Чекаларов и П. Кљашев, Смилевскиот конгрес бил свикан од страна на Битолскиот окружен комитет по иницијатива на Борис Сарафов. (Види: Васил Чекаларов, Дневник..., 219; Спомени на П. Кљашев..., 242). Неспорно, Смилевскиот конгрес е свикан од страна на Битолскиот окружен комитет. Веројатно при неговото свикување постоела координација помеѓу Битолскиот окружен комитет и Даме Груев додека тој престојувал во Солун. Одржувањето на такви окружни конгреси било проектирано помеѓу Даме Груев и Г. Делчев на нивната последна средба во Солун. Оттаму Делчев заминал за Серско и закажал конгрес за Ѓурѓовден, меѓутоа тој не се одржал поради загинувањето на Делчев во Баница. Што се однесува до наводната иницијатива на Сарафов за свикување на Смилевскиот конгрес, сметаме дека тоа е во духот на Сарафовиот карактер за кревање голем шум и давање на значење за да се добие наклонетоста на расположените за востание, па и на самиот Груев.

судна улога одиграл фактот што тоа е родно село на Даме Груев. На тој начин се правела голема чест во пресрет на Груевото враќање од заточение. Од друга страна, Анастас Лозанчев и Борис Сарафов со таквиот умилкувачки гест настојувале да ја придобијат наклонетоста на Груев во прилог на идејата за востание. Не случајно, цела недела пред одржувањето на Конгресот Б. Сарафов се моткал во Смилево,[87] од каде што инсистирал на побрзо одржување на конгресот.[88]



*Анастас Лозанчев*

Смилево во тоа време било комплетно подредено во функција на Конгресот. За безбедноста на конгресот биле ангажирани над стотина вооружени четници, а била мобилизирана и селската милиција. На сите приоди околу Смилево биле поставени стражи. По околните села и пристапните патишта до околните градови биле поставени по 3-4 четници со по неколку вооружени селани. Курирската служба функционирала беспрекорно.[89]

На 17/30. IV 1903 г., Груев пристигнал во Смилево.[90] Б. Сарафов, штом дознал за тоа, веднаш заминал кај Груев.[91] Истиот ден во Смилево почнале да пристигаат другите делегати. Некои од нив биле легални дејци, а други војводи. Пристигањето на делегатите продолжило и на следниот ден, 18.IV / 1.V 1903 г. Во очекување на другите делегати, тој ден, според В. Чекаларов, времето поминало во јауди-шашарма,[92] неформални дискусии.

[87] Спомени на Б. Сарафовъ..., 86; Васил Чекаларов, Дневник..., 218 - 220.
[88] Чекаларов во својот дневник од 14/27. IV 1903 бележи: „Сарафов напиша едно писмо за Битола, во кое инсистира за побрзо одржување на собранието (Конгресот, б.н)“. Васил Чекаларов, Дневник..., 219.

Конечно, на 19. IV/2.V 1903 г. Смилевскиот конгрес официјално започнал со работа.[93] Севкупната работа на Конгресот се одвивала во четири заседанија кои треле од 19-24. IV / 2-7. V 1903 година.[94] Конгресот започнал со 17 делегати, а записникот на крај го потпишале 32 делегати.[95] Некои од нив пристигнале дури на последното, IV заседание.

Меѓу учесниците на Конгресот се вбројуваат: Даме Груев, Борис Сарафов и Димитар Дечев (според Протоколот од Конгресот претставени како делегати на ЦК на ТМОРО),[96] потоа: Анас-

[89] Спомени на С. Арсов..., 98.

[90] Васил Чекаларов, Дневник..., 220. А. Лозанчев во своите спомени вели дека тој и Груев заедно отпатувале за Смилево. (Македония в пламъяци. Спомени на А. Лозанчев..., 104).

[91] Васил Чекаларов, Дневник..., 220.

[92] Исто. Еврејска забуна, или поточно, многу викање – малку работа. (Љ. Лапе, Одбрани текстови... II дел, 453, белешка 1).

[93] Васил Чекаларов, Дневник..., 220.

[94] Исто, 224-229; Љ. Лапе, Одбрани текстови... II дел, 445-453.

[95] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 236-237. Х. Силјанов пишува дека на Конгресот учествувале 32 делегати, но дека до крајот на Конгресот нивниот број се зголемил на 45 души. (Види: Х. Силянов, Освободителните борби... том I, 238). Според Петар Ацев до крајот на Конгресот бројот на делегатите достигнал 40-50 делегати. (П. Ацев, Конгресът на Битолския революционен окръг в село Смилево..., 8). Со оглед на фактот дека записникот го потпишале 32 делегати, таа бројка треба да се смета за официјална и конечна.

[96] Види: Васил Чекаларов, Дневник..., 224; Љ. Лапе, Одбрани текстови... II дел, 448. Според С. Арсов, Б. Сарафов бил присутен во својство на „инспектор на четите, така да се каже". (Спомени на С. Арсов..., 97). Овој став го акцептира Х. Силјанов. (Х. Силянов, Освободителните борби... том I, 238). Слично на тоа, М. Пандевски пишува дека Сарафов бил во својство на „ревизор на четите", а Д. Дечев „делегат по военните работи". (М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том 2, 236). Меѓутоа, факт е дека покрај Груев, во Протоколот од Конгресот како делегати на ЦК се наведени Б.

тас Лозанчев, Георги П. Христов и Георги Пешков (претставници на Битолскиот окружен комитет). Останатите делегати се претставници на региони. Меѓу нив влегуваат: Ѓорѓи Сугарев, Парашкев Цветков и Никола Петров (Битолско); Тале Христов, Јордан Тренков и Петар Ацев (Прилепско); Јордан Пиперката и Димитар Матлиев (Демирхисарско); Никола Карев (Крушевско); Ванчо Мицков (Порече); Тома Николов, Арсо Мицков, Димитар Спространов и Васил Попов[97] (Кичевско); Славејко Арсов, Александар Панајотов и Велјан Илиев (Ресенско); Христо Узунов, Тасе Христов, Дејан Димитров, Аргир Маринов и Лука Групчев (Охридско); Александар Папанчев и Михаил Чеков (Леринско); Васил Чекаларов и Панде Кљашев (Костурско).[98]

На првото заседание за претседател на Конгресот бил избран Даме Груев, а Георги П. Христов и Парашкев Цветков за секретари и записничари.[99] Во Протоколот од Конгресот не се беле-

---

Сарафов и Д. Дечев. Тешко може да се утврди според кои критериуми Б. Сарафов и Д. Дечев се претставени како делегати на ЦК. Никој од нив формално никогаш не бил член на ЦК. Од друга страна, формално, дури ни Д. Груев не можел да има таков статус, со оглед на фактот дека од неговото интернирање во Битола (1898 г.) тој веќе не бил член на ЦК. Оттука, останува отворена можноста дека Б. Сарафов и Д. Дечев имале полномоштво од страна на ЦК.

97 Кај М. Пандевски место Васил Попов погрешно стои Васил Пасков. (М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 236).

98 Васил Чекаларов, Дневник..., 224-229; Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 238-239; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 236; П. Ацев, Конгресът на Битолския революционен окръг в село Смилево..., 8.

99 Васил Чекаларов, Дневник..., 223. Русински вели дека тој бил предложен за секретар на Конгресот, но тоа го одбил бидејќи планирал да биде опозиција. Русински бил определен и за записничар, но уште на почеток ги размешал азбуките и шифрите, поради што побарал да биде сменет од таа должност. (Никола Петров Русински - Спомени..., 266).

жани дискусиите, туку само дневниот ред и конкретни решенија. За разлика од Протоколот, мемоарската литература нуди богати и разновидни информации за текот и работата на Конгресот. Меѓутоа, во неа пак е присутен субјективниот пристап.

Како прва точка на Конгресот биле разгледани извештаите по реони за морално-материјалната состојба (оружје, муниција, храна, подготовка и сл.). Притоа се покажало дека некои региони, особено Прилепскиот, Крушевскиот (со исклучок на неколку села) и Битолскиот (со исклучок на неколку села), биле сосема слабо вооружени. Најдобро вооружени биле: Ресенско, Костурско, Демирхисарско и Охридско.[100] Општата констатација била дека целиот Битолски округ располага со 8000 - 9000 пушки.[101]



*Ѓорѓи Сугарев*

Поаѓајќи оттука, делегатите на послабо вооружените региони уште првиот ден истапиле како опозиција по прашањето за востание. Предводници на опозицијата биле: Никола Петров Русински, Ѓорѓи Сугарев, Петар Ацев и Никола Карев. Последниве двајца на Конгресот се појавиле дури на III заседание, што говори дека ова прашање се провлекувало подолго време. Притоа, на обвинителна клупа бил поставен Анастас Лозанчев, кој во својство на претседател на Окружниот коми-

100 За состојбата со вооружувањето види: Спомени на С. Арсов..., 98-99; Никола Петров Русински - Спомени..., 266-267; Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 239.

101 Спомени на С. Арсов..., 99; Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 239.

тет учествувал при донесувањето на одлуката за востание на Солунскиот конгрес, без притоа да се консултира со реонските раководители.[102] Особено остар кон Лозанчев бил Ѓорѓи Сугарев.[103]



*Никола Карев*

Според П. Кљашев, Лозанчев „не можеше да даде вистински одговор".[104] Не случајно, Лозанчев во своите спомени вели: „Кога заврши Сугарев, удрив силно со јумрукот по масата и реков: тоа што сум го направил не сум го сторил од лични амбиции... во Солун бев поканет лично и поради тоа тука нема да давам никакви објаснувања. Доколку не сте согласни, готов сум да се повлечам". Освен тоа, Лозанчев бил обвинуван од повеќе реонски раководители и војводи поради некоректните односи со нив.[105]

Востанички настроените биле во мнозинство. Најгласни за востание биле костурчани.[106] Тие биле под големо влијание на Борис Сарафов. Освен тоа, есента 1902 г., Костурско ја преживеало врховистичката провокација на полковник Јанков и многуте афери. Вратените костурски печалбари биле многубројни. Борбеното расположение кај четите и нетрпениетo на населението биле на високо ниво.[107] Голем притисок за востание имало и од Охридско.[108]

---

[102] Спомени на П. Кљашев..., 242; Христо Узунов, Забелешки за Организацијата во Охридско и Струшко, Предговор, редакција и коментар: Никола Целаковски, Охрид, 2003, 32.
[103] Спомени на Анастас Лозанчев, Македония в пламъци..., 104.
[104] Спомени на П. Кљашев..., 242.

Во прилог на струјата за востание зборувал и Борис Сарафов. Според него, „востанието веќе незванично било објавено во Битолскиот вилает“, па затоа „треба да се оди напред“.[109] Освен тоа, Б. Сарафов истакнал дека военииот министер на Бугарија ветил поддршка и воена интервенција во прилог на востанието.[110]

---

[105] Васил Чекаларов, Дневник..., 220.

[106] Во врска со тоа, С. Арсов пишува: „Костурчани беа најгласни за востание. Тие беа наклонети за востание, а најмногу влијаел Сарафов, кој минал оттаму... Чекаларов дури настојуваше востанието да започне во мај“. (Спомени на С. Арсов..., 98).

[107] Спомени на С. Арсов..., 98; Спомени на П. Кљашев..., 242; Спомени на Георги Поп Христов..., 302.

[108] Спомени на С. Арсов..., 100.

[109] Спомени на Б. Сарафовъ..., 87.

[110] Даме Груев за тоа вели: „Сарафов доверливо кажуваше дека еден министер се изразил, дека ако бидеме во состојба да задржиме 60 000 турска војска, Бугарија ќе се вмешала“. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24). Љ. Милетич овој дел од спомените на Д. Груев намерно го прескокнал во спомените на Груев објавени во 1907 година. Со тоа, всушност, настојува да ги заштити Б. Сарафов и бугарската влада. (В. Ѓорѓиев, Нови моменти од животот и дејноста на Дамјан Груев. Дамјан Груев (1871-1906), 100 години од неговата смрт (1906-2006), Прилози од научниот собир одржан во Берово на 16 и 17 декември 2006, Скопје, 2007, 34). Според Русински, Сарафов изјавил: „Пред да ја напуштам Софија... зборував со министерот за војската... ми вети содејство, помош, соработка, поддршка. Господа, 300 000 армија е целосно готова... сѐ е готово, само чекаат да пукне пушка во Македонија... Бугарија ќе војува ние само да дадеме повод“. (Никола Петров Русински – Спомени..., 268). Наспроти тоа, Б. Сарафов во спомените изнесува спротивна верзија: „Се искажа надеж дека Бугарија нема да седи мирна, ќе се вмешала и сл. Јас изјавив да не се хранат со таква надеж... Никаква војна нема да се отвори заради нас... Несомнено некакво вмешување ќе има од страна на силите, но не верувам дека ќе има вооружено вмешување“. (Спомени на Б. Сарафовъ..., 87-88). Меѓутоа, недоследниот Сарафов се фаќа во сопствената стапица. На друго место во спомените во врска со ова прашање вели: „на заминување од Софија јас бев кај Паприков и му реков дека заминувам за

Таквите ветувања го зацврстиле оптимизмот кај многумина. Дури и Груев лесно и наивно поверувал. Во врска со тоа, Даме вели: „И јас најпосле допуштав дека тоа може да се случи“.[111] За да ги разубеди резервираните, Сарафов зборувал дека револуционерите не треба да се деморализираат и да бидат скептици, туку да сметаат на сопствените сили и на секоја демократска и хумана помош. Своето обраќање Сарафов го завршил со зборовите: „Напред во борбата, а малодушните да стојат настрана како баби“.[112]



*Пандо Кљашев*

Дилемите околу прашањето за востание ги пресекол Даме Груев со зборовите: „*А бре луѓе, не го губете времето за одговор на прашањето дали ќе има востание, зашто тој е познат - бит ти давас (готово е, б.н.)! Зборувајте за востанието, како и кога да го направиме, не за денот и часот*“.[113] Д. Груев во врска со тоа во спомените вели: „На Конгресот ја претставив работата таква каква што е; сметав дека е безумно да се премолчува, дека некои реони никако не се подготвени и дека нема да земат учество“.[114]

По обраќањето на Груев, полемиката по прашањето за востание станала беспредметна, а опозицијата замолчила. Освен тоа

Македонија, дека таму ќе има движење. Паприков ми кажа да се одложи, ако е можно до месец мај. Сфатив дека тој се искажа во смисла дека Бугарија може да војува“. (Исто, 93).

[111] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24.

[112] Никола Петров Русински - Спомени..., 269. Според Русински, „Сарафов беше второ издание на врховизмот. Тој беше нејнеспокоен тогаш кога не беше на чело... Нему над сѐ му беше славољубието. Тој беше голем авантурист... Тој имаше рицарска манија и можеше да повлече зад себе само лековерни луѓе... “. (Исто).

во прилог на востаничката група оделе многу настани. Првиот ден (19. IV / 2.V 1903 г.), Конгресот преку Лука Ѓеров од Битола добил известување за солунските атентати. Д. Груев во врска со тоа се произнел во смисла: „Ѓавол да ги земе, јас уште кога заминав од Солун, тие пакосници се фалеа и не дочекаа до денот на востанието, тие нè чинеа повеќе од 250 лири. Тие се околу 15-16 души неразбрани луѓе ... Јас предложив да ги уништиме, но и тука сретнавме тешкотии, не можевме да ги собереме сите, а поединечно не беше можно, бидејќи пак ќе ги исполнеа своите планови и ете што направија, Ѓавол да ги земе!“.[115] Наспроти тоа, Б. Сарафов кришум „се радувал од душа“.[116]

Солунските атентати биле само еден, но не и единствен аргумент што дополнително ја подгревал востаничката атмосфера. Состојбата кулминирала на 23. IV / 6. V (Ѓурѓовден) 1903 г. кога во Битола бил извршен познатиот Ѓурѓовденски масакр, а во Цапари дошло до жесток судир со османлиските сили.[117] Тој ден Конгресот не заседавал, туку ја следел состојбата која можела да ескалира со можно проширување на судирите кон Смилево. За елиминирање на таквата опасност, на помош од Смилево кон Цапари[118] биле

---

[113] Спомени на П. Клъашев..., 243.

[114] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24.

[115] Васил Чекаларов, Дневник..., 221. Навистина пред изведувањето на Солунските атентати, ЦК размислувал за протерување на гемициите од Солун или за нивна ликвидација. (Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 479).

[116] Васил Чекаларов, Дневник..., 221.

[117] Поопширно за тоа види: Димитар Димески, Ѓурѓовденскиот масакар во Битола, 1903 година, Историја, VII, 2, Скопје, 1971, 141-152.

[118] За време на судирот во Цапари, Д. Груев пратил писмо до борците во село Цапари. (Илинденско преображенското въстание 1903 -1968, София, 1968, 184; Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 213; Никола Петров Русински - Спомени..., 275). Предметново писмо, всушност, е според спомените на Н. Русински. Тоа е датирано на 20 април (ст. стил) 1903 г. Меѓутоа, судирот во Цапари се одиграл истиот ден со Ѓурѓовденскиот масакр во

упатени повеќе чети на чело со Ѓорѓи Сугарев,[119] но судирот веќе бил завршен.[120] Настаните од Цапари и Битола извршиле силно психолошко влијание врз оние делегати што сè уште се колебале околу одлуката за востание.[121]



*Лазар Поп Трајков*

Согласно настроеноста на мнозинството делегати, Конгресот уште на Првото заседание пристапил кон носење на конкретни одлуки за изведување на востанието. За таа цел, бил избран Главен штаб за II (Битолскиот) револуционерен округ, кој требало да раководи со подготовките до востанието и со самото востание. Притоа во Главниот штаб биле избрани Даме Груев, Борис Сарафов и Анастас Лозанчев. За нивни заменици при евентуална несреќа биле избрани: Георги Поп Христов за Груев, Петар Ацев за Сарафов и Лазар Поп Трајков за Лозанчев.[122] Членовите на Главниот штаб биле избрани со јавно гласање, а замениците со тајно.[123] Покрај тоа, Конгресот донел непротоколарно решение, доколку „пристигнат нови сили“,[124] во случај како Ѓорче Петров, Пере Тошев и Христо Матов, тие по автоматизам да влезат во Штабот.[125]

---

Битола (23. IV/6. V 1903 г.). Оттука, веројатно посоченово писмо, според старата практика, демагошки е датирано неколку дена порано.

119 Х. Силянов, Освободителните борби... том I, 242; Васил Чекаларов, Дневник..., 223; Ѓорѓи Димов Цолев, Ѓорѓи Сугарев, Битола, 1988, 48.

120 Спомени на С. Арсов..., 101.

121 Васил Чекаларов, Дневник..., 223.

122 Исто, 225.

123 Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 241.

124 Васил Чекаларов, Дневник..., 225.

125 Спомени на С. Арсов..., 100.

За успешно изведување на подготовките и на самото востание, Конгресот донел одлука Битолскиот револуционерен округ да се подели на 10 револуционерни реони: Битолски, Лерински, Костурски, Преспански, Ресенски, Охридски, Кичевски, Демирхисарски, Крушевски и Прилепски.[126] За секој реон било избрано горско началство од 3 до 5 членови.[127] Подоцна, со согласност на Главниот штаб, горските началства биле проширени. Во нивниот состав влегле најопитните војводи и раководители и речиси сите делегати на Конгресот.[128]

Конгресот посветил внимание и на воената обука на раководниот кадар (војводите). За таа цел била формирана шестчлена група од инструктори, кои требало да спроведат обука на војводи-

---

[126] Битолскиот регион се делел на два самостојни реони: Пелистерски и Смилевски, додека Мариовскиот дел од другата страна на реката Черда е присоединет кон Прилепскиот реон. Слично на Битолскиот, и Кичевскиот регион бил поделен на два самостојни реона: 1. Горна и Долна Копачка и Долна Река, и 2. Рабетинскол и Поречe. (Васил Чекаларов, Дневник..., 227-228.)

[127] Според Протоколот од Конгресот, горските началства се распоредени на следниов начин: *Битолски реон:* а) Пелистерски реон: Георги Сугарев, б) Смилевски реон: П. Цветков, Иван Делев и Георги Павлов; *Лерински реон*: Георги Папанчев, Лечо и Коста Груев; *Костурски:* Васил Чекаларов, Пандо Кљашев, Лазар Поп Трајков, Манол Розов и Михаил Николов; *Преспански*: Никола Кокарев, Веле Илиев и Наум Фотев; *Ресенски:* Славејко Арсов, Драган Петков и Александар Панајотов; *Охридски*: Христо Узунов, Андон Кецкаров, Наум Чакаров, Наум Анастасов и Димитар Стојков; *Кичевски:* а) Горна и Долна Копачка и Долна Река: Лука Џеров, Јанаки Јанев и Арсо Мицов; б) Рабетинскол и Поречe: Георги Пешков, Ванче Мичуков, Јанаки Петров и Цветан од с. Световраче; *Демирхисарски*: Јордан Пиперката, Георги П. Христов, П. Кузман и Христо Пасков; *Крушевски*: Тома Никлев, Никола Карев и Тодор Христов; *Прилепски*: Петар Ацев, Веле Христов, Ордан Тренков и Никола Петров. (Васил Чекаларов, Дневник..., 227-228).

[128] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 245.

те по реони.[129] Инструкторите се раководеле според посебни писмени инструкции кои биле изработени од Борис Сарафов.

Конгресот го утврдил и карактерот на востанието. Тоа треба да биде „*посемесно*" со востанување на сите реони во округот. За обезбедување на долготрајност на востанието, Конгресот решил тоа да има „*партизански карактер*" со едновремено востанување на сите вооружени сили (чети), без приклучување на населението кон четите, освен кога последниве имаат потреба од нивното содејство.[130]

Во поглед на карактерот на дејствата, Конгресот им препорачува на четите: 1. Прекинување на патните, телеграфските и поштенските врски и оневозможување на нивното возобновување; 2. Обезоружување на турското население доколку може; 3. Напаѓање на државните институции; 4. Зависно од околностите напад на секоја турска команда независно дали е војска или башибозук; 5. Одбрана на христијанското население и странските поданици од турските напади; 6. Се забранува напад на мирното турско население и посегање по турските жени, деца и старци; 7. Четите вообичаено да дејствуваат распрснати по реоните, тие може да се групираат по 2-3 и повеќе за преземање на покрупни акции, но потоа повторно да се распрснат. Четите секогаш треба да имаат напаѓачко поведение; 8. Сите војводи заедно со четите се задолжуваат да ѝ притекнат на помош на секоја чета што е во борба со противникот; 9. Раководните лица да ја доведат до максимум курирската служба за време на востанието; и 10. Пројавувањето

[129] Притоа Димитар Дечев бил определен да ги обучува војводите за Битолскиот, Демирхисарскиот и Кичевскиот реон, Д. Стојков - Охридскиот, Тодор Христов - Крушевскиот, Панајотов - Ресенскиот и Преспанскиот реон, И. Попов - Костурскиот и Г. Папанчев за Леринскиот реон. (Спомени на Б. Сарафовъ..., 89).
[130] Васил Чекаларов, Дневник..., 228.

на иницијатива во духот на наведените начела за време на востанието е задолжително за сите.[131]

Во однос на денот на востанието, Конгресот одлучил прво да се приведат кон крај подготовките, а реоните да бидат подготвени за востание кон крајот на мај (ст. стил). Одлуката за определување на датумот за почеток на востанието е оставена во надлежност на Главниот штаб.[132]

Конгресот, покрај другото, се занимавал и со обезбедување на други материјални услови за потребите на востанието. Во таа смисла, согласно месните услови, било предвидено да се започне со собирање на храна, жито, сол, крупен и ситен добиток. Тоа требало да се спроведува на доброволен начин или по пат на убедување, а во време на востанието и присилно. Притоа, за собраните продукти да се издаваат расписки потпечатени со окружниот печат и потпишани најмалку од еден од раководните началници.[133] Во таа смисла, требало да започне и собирање на алишта, обувки, медикаменти, определување на специјални лица за интенданти и полнење на патрони.[134]

На последното, IV заседание на Конгресот,[135] бил усвоен Востанички дисциплински устав,[136] кој бил изработен од Борис Сарафов и Димитар Дечев.[137] Востаничкиот дисциплински устав е највисок акт, кој ги регулира правата, должностите и одговорноста за сите учесници во востанието, почнувајќи од обичните востаници, до највисокото раководно тело - Главниот штаб.

---

131 Исто, 228-229.
132 Исто, 229.
133 Исто, 226.
134 Исто.
135 Исто, 229.
136 Види: Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 453-457.
137 Спомени на Б. Сарафовъ..., 89.



*Тома Николов*

Должностите и одговорностите на Главниот штаб се регулирани во последното поглавје од Дисциплинскиот устав (чл. 10-16). Според тоа *„Штабот е врховно раководно тело во II револ. округ“* (чл. 10). Наредбите на Штабот безусловно ги исполнуваат сите активисти во Округот (чл. 11). Штабот го раководи востанието во целиот Округ (чл. 12). Водењето на преговори со туѓинци и со непријателот му припаѓа исклучиво на Штабот (чл. 13). Штабот одржува врски со другите побунети окрузи, а по можност и со надворешниот свет (чл. 14). Штабот одговара пред Конгресот, кој што за направените грешки може да одреди казни согласно Дисциплинскиот устав (чл. 15). Правото за свикување на конгрес му припаѓа на Штабот, но доколку се однесува на прашања што го засегаат самиот Штаб, конгрес може да се свика и по барање на реонските началства под услов нивниот број да биде повеќе од половината од општиот број во Округот. Во таков случај треба да се извести Штабот за да свика конгрес (чл. 16).[138]

По прифаќањето на Востаничкиот дисциплински устав Конгресот бил затворен. Тогаш Анастас Лозанчев, кој по професија бил фотограф, направил неколку заеднички снимки на учесниците на Конгресот,[139] но еден четник поради немарност го осветлил материјалот.[140] Така пропаднала фотодокументацијата од Конгресот. Следниот ден (петок) 25. IV/ 8. V 1903 г., Протоколот од

---

138 Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 457.

139 Васил Чекаларов, Дневник..., 224.

140 Македония в пламъяци. Спомени на А. Лозанчев..., 105; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 250.

Конгресот бил пречистен и препишан на чисто и потпишан од делегатите.[141] По завршувањето на Конгресот, кичевскиот делегат, свештеникот Тома Николов, бил пратен за Софија да го предаде Протоколот[142] на задграничните претставници Христо Татарчев и Христо Матов.[143] Притоа, Даме Груев го инструирал Т. Николов во смисла да им објасни на Х. Матов и Х. Татарчев дека изборот на Б. Сарафов во Главниот штаб е само „про форма", бидејќи тој бил воено лице, и дека положбата во Округот е во здрави раце.[144] Од друга страна, Б. Сарафов, меѓу другото, го задолжил Т. Николов да се сретне со бившиот воен министер и да го информира дека тој (Сарафов) ја „држи в раце Организацијата и дека се чувствува како кнез".[145] Т. Николов, по пристигањето во Софија, на Матов му ги пренел пораките од Груев, но порачката од Сарафов не ја исполнил.

---

141 Васил Чекаларов, Дневник..., 224.

142 Еден примерок од Протоколот на Смилевскиот конгрес паднал во османлиски раце по битката кај с. Буф (Леринско) на 28 ејлуп 1319 (11 октомври 1903 г.). Види: Турски документи за Илинденското востание од султанскиот фонд „Јилдиз", превод, редакција и коментар: Драги Ѓорѓиев и Лили Благадуша, Скопје, 1997, 186-191. Во пропратното писмо од инспекторот на Румелиските вилаети, Хусеин Хилми, меѓу другото, се вели: „Од содржината на документот е утврдено дека од споменатите лица, *проклетникот по име Дамјан Груев имал поголемо влијание од Сарафов.* Споменатиот Дамјан пред неколку години бил фатен од страна на властите и осуден од судот. Во време кога бил во затвор во Бодрум, врз основа на општата амнестија објавена минатата година во февруари, се вратил ваму, ги направил плановите за подготовка на револуцијата и го одредил времето за нејзино реализирање". (Исто, 186-187).

143 Види: Из спомените на свещеник иконом Тома Николов Христов, Илинденско-Преображенското востание 1903-1968 (Сборник), София, 1968, 187-202.

144 Исто, 187.

145 Исто, 188.

Последнава пикантерија од спомените на Т. Николов, која навидум изгледа банална е само уште една потврда за егоцентризмот на Б. Сарафов за кого „морето секогаш било до колена". Сепак, останува дилемата колку Д. Груев можел да ги држи конците во присуство на славољубивата натура на Сарафов, но колку и последниов можел да се „чувствува како кнез", покрај авторитарниот Груев?! Латентниот судир меѓу нив избил од под пепелта при крајот на востанието, кога Сарафов едноставно го грабнал штабното знаме и заминал за Бугарија, за триумфално да парадира по софиските улици.

Како и да е, ако Солунскиот јануарски конгрес го отворил патот за востание во Македонија во 1903 година, тогаш Смилевскиот конгрес го поплочил патот кон Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ. И покрај бројните недоречености и непрецизности, Конгресот донел извонредно значајни одлуки. Сепак, евидентно е дека многу прашања останале непредвидени, како на пример, што да се прави со евентуално ослободените територии. Од друга страна, огромните ингеренции што му биле дадени на Главниот штаб неофицијално го отвориле патот за идниот окружен партикуларизам. Впрочем, Даме Груев во тоа време воопшто не помислувал да се покори на некакви одлуки на ЦК, кој веќе го загубил своето значење.[146]

[146] Во тоа време Иван Гарванов (претседателот на ЦК) бил затворен поради Солунските атентати. Но, и без тоа, Груев немал намера да почитува никакви одлуки на ЦК, уште помалку да бара потврдување на одлуките од Смилевскиот конгрес. Б. Сарафов во врска со тоа вели: „По атентатите... Солун веќе се губеше како центар и затоа остануваше секој округ да се грижи за себеси. Затоа и нашите решенија беа сосема самостојни; никому не му дојде на ум да рече да се пратат нашите решенија на одобрување од ЦК. Та Груев немаше да почитува никаков ЦК со Гарванов". (Спомени на Б. Сарафовъ..., 90).

## 4. | Активноста на Главниот штаб

Со формирањето на Главниот штаб и конституирањето на горските началства, Организацијата во Битолскиот округ од „мирновременска“ поминала во „востаничка“ состојба.[147] Оваа положба ГШ ја официјализирал со своето прво Окружно до „Центровите, селските началници и народот“ од 14/27. V 1903 година.[148] Притоа, ингеренциите од дотогашните раководства биле пренесени врз „подвижните реонски началници“ (горски началства).[149] За одржување врски меѓу одделните комитети, горските началства и Главниот штаб, било препорачано да се формираат помошни тела - дежури. Тие требало да ја поддржуваат кореспонденцијата на горските началства со соседните реони и Главниот штаб; да известуваат за мерките и движењето на османлиските војски; да го поддржуваат духот кај населението; да ги упатуваат евентуалните странски дописници кај подвижните реонски началства; да извршуваат одредени порачки и доставки на материјали; да известуваат за поважните настани и да одржуваат контакти со странските конзулати.[150] Дежурите од помалите градови своите информации требало да ги ги проследуваат до Централниот дежур во Битола.[151] На негово чело бил поставен дотогашниот секретар на Окружниот комитет Аце Дорев, додека неговиот брат Панчо Дорев бил овластен лично од Д. Груев да одржува

---

[147] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 249.

[148] Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, редакција и коментар: *Љубен Лапе*, Скопје, 1954, 260-262; *Љ. Лапе*, Одбрани текстови..., II дел, 458-459.

[149] *Љ. Лапе*, Одбрани текстови..., II дел, 458.

[150] Исто, 458-459; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 254-255.

[151] *Љ. Лапе*, Одбрани текстови..., II дел, 459.

врски со дипломатските претставништва и странските кореспонденти.[152]

Со истото Окружно ГШ препорачал мерки на претпазливост за да се избегне предвремено избувнување на востанието. Во таа смисла се препорачало: истакнатите раководители кои се компромитирани и сомнителни пред власта да го напуштат легалниот живот и да се присоединат кон некоја чета, додека четите по можност да ги избегнуваат селата, а селаните добро да го кријат оружјето. [153]

По завршувањето на Конгресот, Главниот штаб започнал бројни активности за засилување на подготовките за востание. Анастас Лозанчев заминал за Битола, каде претстоеле повеќе активности од полулегален тип.[154] Даме Груев и Борис Сарафов во придружба на „штабната чета“ презеле обиколка низ Охридско, Преспанско, Ресенско, Кичевско, Демирхисарско, Крушевско и Костурско.[155] Притоа, со горските началства биле разработени детални планови за изведување на востанието во секој реон согласно месните услови. Покрај тоа, тие се занимавале со разни кадровски прашања и изгладување на односите помеѓу поедини војводи и раководства.

Главниот штаб, меѓу другото, од Конгресот бил овластен да го определи датумот за востание. Тоа прашање за прв пат било разгледано кон крајот на мај, во Демирхисарско, меѓу Даме Груев, Борис Сарафов, Анастас Лозанчев и Пере Тошев.[156] Истовремено станало збор за видот на востаничките дејства. Б. Сара-

---

[152] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 255-256.

[153] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 459.

[154] Македония в пламъяци. Спомени на А. Лозанчев..., 105.

[155] Спомени на Б. Сарафовъ..., 90-93; Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24.

[156] Спомени на Б. Сарафовъ...,91; Македония в пламъяци. Спомени на А. Лозанчев..., 107.

фов предлагал напад на Битола со 500 - 600 луѓе. Меѓутоа, Д. Груев и А. Лозанчев биле против таква акција, бидејќи не располагале со соодветен кадар за борба во градски услови. П. Тошев допуштал таква акција само под услов ако се располага со 500 кг. динамит - што било крајно невозможно.[157]

Под влијание на севкупниот развој на настаните, особено на засилениот терор на власта, на 1 јуни (ст. стил) 1903 г. во близина на с. Бабино (Демирхисарско) Д. Груев, Б. Сарафов, А. Лозанчев и П. Тошев повторно го отвориле прашањето за денот на востанието. Тогаш било предложено востанието да започне на 6/19 јули. Меѓутоа, П. Тошев, наводно по сугестии од Бугарија, инсистирал востанието да се одложи за подоцна.[158] Оттука, прашањето за денот на востанието останало отворено. Набрзо потоа дошло до разидување помеѓу Д. Груев и П. Тошев,[159] поради што П. Тошев заминал за Прилепско, не прифаќајќи го резервираното место во Главниот штаб.

---

[157] Спомени на Б. Сарафовъ..., 91. Во врска со тоа, австроунгарскиот конзул во Битола Аугуст Крал во извештајот од 19 јули 1903 г. пишува: „Околу начинот за спроведување на востанието меѓу шефовите сè уште постои неслога. Поголемиот број, под водство на Дамјан Груев, е за подигање на востание на село и редовна борба; помалиот број на чело со Сарафов, е за тоа едновремено да се употребат анархистички средства во градовите, слично како во Солун... Со овие погледи имаат врска гласовите, спрема кои, меѓу другото, се планира навлегување на четите во Битола, напад на турскиот дел од градот и турските згради, минирање на депото за муниција, фрлање бомби и слични работи, што неодложно би морало да предизвика ужасен колеж од страна на мухамеданите, кои и без тоа чекаат на некој таков момент". (Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници од Македонија, превод, редакција и коментар Данчо Зографски, Скопје, 1955, 43-44).

[158] Спомени на Б. Сарафовъ..., 92; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 266.

[159] Македония в пламъяци. Спомени на А. Лозанчев..., 107.

Од Демирхисарско и Крушевско, Д. Груев и Б. Сарафов заминале за Ресенско. Таму добиле писмо од Х. Матов од Софија, од чија содржина стекнале впечаток дека бугарскиот воен министер, генералот Савов, се искажал дека Бугарија до септември ќе биде подготвена за војна, што го прифатиле како аргумент за натамошно одлагање на денот на востанието.[160] Очигледно, таквите изјави од компетентни бугарски фактори сè уште ја потхранувале илузијата за наводна помош од Бугарија, а тоа пак влијаело за натамошно пролонгирање на почетокот на востанието.[161] Сепак, при определувањето на датумот за востанието, меѓу другото, значајна улога одиграл фактот што Организацијата водела сметка да се приберат жетвата и летнината за да се обезбеди повеќе храна за населението и за востаниците.[162]

Конечно, на 1/14 јули 1903 година, Даме Груев и Б. Сарафов кај с. Буф, Леринско, одлучиле востанието да се крене на 20 јули / 2 август 1903 година на верскиот празник Св. Илија.[163] За одлуката писмено го известиле раководителот на дежурот во Битола, Аце Дорев, кој од своја страна требало да ги информира ЦК во Солун и Задграничното претставништво во Софија. По неколку дена, Груев и Сарафов се сретнале со А. Лозанчев и го инфор-

[160] Спомени на Б. Сарафовъ..., 93.

[161] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 266. Во врска со тоа, австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал во извештајот од 19 јули 1903 г., пишува: „Што се однесува до времето на востанието, истото од пролетта наваму постојано се одлага, еднаш поради несвршените припреми, недостиг на муниција, друг пат под влијание од Бугарија, а сега пак по желба на селаните, кои... не би сакале да се откажат од овогодишната многу добра жетва... Времето по жетвата, значи кон месец август по стар стил, се смета сега за критично раздобје“. (Извештаи од 1903 - 1904 година на австриските претставници..., 45).

[162] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 267.

[163] Спомени на Б. Сарафовъ..., 94.

мирале за одлуката, со која тој наполно се согласил.[164] На 9/22 јули, ГШ со краток циркулар ги известил горските началства дека востанието ќе започне на 20 јули / 2 август 1903 година.[165]

Определениот датум за востание од ГШ бил прифатен од страна на ЦК на ТМОРО и го препорачал до другите окрузи со појаснување дека акциите ќе започнат *„не вечерта спроти Илинден, туку вечерта на Св. Илија“*.[166] Истовремено со тоа е испратена и резимирана варијанта[167] на Општиот план за востанието.[168] Во него се потенцира дека ќе се води *„партизанска борба“*, проследена со *„терористички и анархистички мерки“*. Притоа, сите сили треба да дејствуваат истовремено и насекаде, без да востане населението. *„Целта на востанието не е да ја победиме Турција, туку таа да не може да нè победи“*.[169] Оттука, востанието треба да биде долготрајно, макар и послабо, отколку силно, но краткотрајно. На тој начин, на Турција ѝ се одзема можноста да изјави пред Ев-

---

164 Исто.

165 Исто.

166 Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903-1953, Скопје, 1953, 16-18; Љ. Лапе, Одбрани текстови... II дел, 476-479. Посочениот документ е погрешно протолкуван кај М. Пандевски и Д. Константинов како писмо од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ. Види: М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 262, 268; Д. Константинов, Даме Груев..., 116-117. Всушност, станува збор за писмо од Скопскиот окружен комитет до востаничките сили во Округот во кое е препишано писмото од ЦК на ТМОРО до Окружниот комитет во Скопје. Притоа во него, во скратена варијанта, е изложен општиот план за востанието. Види: С. Трифонов и В. Георгиев, Историја на българите..., 427-431; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 496-498.

167 Види: Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание... 16-18; Љ. Лапе, Одбрани текстови... II дел, 476-479.

168 За општиот план за востанието види: С. Трифонов и В. Георгиев, Историја на българите..., 427-431; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 496-498.

169 Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., 16.

ропа дека редот е воспоставен, а со продолжувањето на борбата *„барем до зимата"* македонското прашање подолго време би останало отворено пред европската дипломатија. Во документот се констатира дека актуелната положба во Македонија во очите на Европа се смета за востаничка, иако востанието сѐ уште не е формално објавено.


Нар. Библиотека, София
Н. Библиотека 181
Петръ Н. Стрѣзовъ
Окрѫжно
II В 765
Щабъ на Втори Мак. Одр. Революционенъ Окрѫгъ
Връхъ „Побѣдоносецъ" 15ий Юлий 1903 год.
До Центровитѣ, селскитѣ началници и народа
Братя!
Найсетнѣ многоочаквания день за расправа съ вѣковния ни душманинъ дойде веке.
Кръвьта на нашитѣ невинно загинали братя отъ турската тирания вика високо за отплата.
Погазената честь на нашитѣ майки и сестри иска възтановяването си!
Стига толкова [illegible]ки, стига толкова позоръ [illegible]
[illegible]
Опрѣдѣления день въ който народа отъ цѣла Македония и Одринско ще трѣбва да излѣзе явно съ оръжие въ рѫка срѣщу душманина е 20-й Юлий.
Послѣдвайте братя, вашитѣ началници! този день и се съберете подъ знамето на свободата!
Юнашествувайте, братя, въ борбата! Само въ упорита и дълготрайна борба е спасението [illegible]
Нека Богъ благослови правото ни дѣло и [illegible] на въстанието.
Долу Турция! Долу тиранията! Смърть на душманитѣ.
Да живѣе Народа! Да живѣе Свободата! Ура
Цѣлуваме ви братски
Щабътъ

*Факсимил од повикот за објавување на Востанието*

По утврдувањето на датумот за востанието, членовите на ГШ од Леринско се префрлиле во месноста Нина-Орница во близина на с. Боиште (Демирхисарско).[170] Оттаму, од врвот Победоносец, на 15/28 јули го упатиле Повикот за објавување на востанието.[171] Во него, меѓу другото, стои:

„Најпосле, долго очекуваниот ден за расправа со нашиот вековен душман веќе дојде. Крвта за нашите невино загинати браќа од турската тиранија вика високо за отплата. Погазената чест на нашите мајки и сестри сака да се врати на место. Доста веќе толку маки, доста веќе толку срамови! Илјадапати подобро смрт, отколку срамен и скотски живот!

Определениот ден во кој народот од цела Македонија и Одринско ќе треба да излезе јавно со оружје в раце против душманите е 20 јули 1903 година. Браќа, придружете се на тој ден на вашите началници и соберете се под знамето на слободата.

[170] Спомени на Б. Сарафовъ..., 94.

Бидете упорни, браќа, во борбата! Само во упорноста и долготрајноста на борбата е нашето спасение.

Долу Турција! Долу тираните! Смрт на душманите! Да живее народот, да живее слободата!".[172]

Во предвечерјето на востанието, ГШ пратил предупредување до дирекцијата на Источните железници. Во него се потенцира дека за време на востанието ќе бидат преземени атентати по железничката линија. Оттука, ГШ, поаѓајќи од *„човечкиот долг"* ја предупредил дирекцијата на железницата да биде разумна и да не дозволи тие денови населението во земјата да патува со железницата за да се избегнат *„невини жртви"*.[173] Дирекцијата на Источната железница го прифатила предупредувањето и објавила дека не ја гарантира сигурноста на патниците на линијата Битола – Солун.[174]

## 5. | *Смилево од Св. Илија до Св. Богородица*

5.1. Османлиските власти пролетта 1903 година го засилиле военото присуство по стратешките пунктови и кризни региони во Македонија. Во тој контекст, околу празникот Св. Кирил и

[171] Исто. Еден таков повик непосредно пред Востанието османлиските власти фатиле кај кметот на с. Леништа, Битолско. (Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 219).

[172] Љ. Лапе, Одбрани текстови... II дел, 483; Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 281.

[173] Љ. Лапе, Одбрани текстови... II дел, 485.

[174] Исто. По предупредувањето до Дирекцијата на Источната железница, Великото везирство му заповедало на началникот на третата армиска област да преземе мерки за обезбедување на поважните пунктови и премини „бидејќи не е возможно да се постави војник до војник по должината на целата железничка линија". (Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 219).

Методиј,[175] селото Смилево било издигнато на ранг на нахија на чело со мудир и во него бил стациониран воен гарнизон.[176] Поголемиот дел од војската бил сместен во селското училиште. Присуството на војската малку ги оддалечило четите од селото, но и едните и другите ги извршувале своите задачи: четите во горага, а војската во селото.[177]

Четири дена пред Илинден, куририот на Организацијата се провлекол меѓу османлиската стража и го доставил Повикот од ГШ за почетокот на востанието. Тогаш бил доставен и оперативен план за напад на Смилево.[178] Истовремено, сите смилевчани што биле по работа во Битола и околните села биле повикани да се вратат во селото.

На празникот Св. Илија во Смилево постоела голема раздвиженост. Верскиот празник бил одлична камуфлажа за сите активности. Жените и децата речиси пред очите на војската разнесувале соопштенија и муниција до определените пунктови за напад. Во тоа време ГШ, на чело со Даме Груев, се наоѓал над селото во пазувите на Бигла.[179] Таму на зајдисонце селскиот свештеник со религиозен ритуал го осветил коприненото знаме на Штабот. Со крстот в рака, тој „веќе го беше измолил благословот на Бога за започнатото дело".[180] Војводите, четниците и мобилизираните селани еден по еден приоѓале и ги бакнувале крстот и осветеното знаме, притоа ракувајќи се со Груев, Сарафов и Лозан-

---

[175] Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., 45.

[176] Според Д. Груев, при нападот на Смилево во гарнизонот биле сместени 60 војници. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24). Според М. Пандевски, пак, во Смилево биле сместени 85 војници. (М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 305).

[177] Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., 46.

[178] Исто, 46-47.

[179] Спомени на Б. Сарафовъ..., 94.

[180] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 287.

чев. Сите со растреперен глас од возбуда си честитале со „Аирлија“.[181]

Приквечер, долу во селото, војничката труба го означила времето за вообичаената вечерна молитва (дова). Во моментот кога султановите војници извикале „Падишах чок јаша“, од соседните куќи изгрмел плотун. Истовремено од сите страни громогласно одекнало „Долу султанот! Долу Турција!“ и востаничкото „Ура“![182] Набрзо мирис од барут и чад го обвиткале Смилево. Покорните поданици се дрзнале да востанат против царштината на султанот.

По првиот плотун Даме Груев и другите членови на ГШ слегле во селото и се присоединиле кон четите што ја започнале борбата. Бројот на востаниците достигнал 200 луѓе.[183]

Избезумените војници што ги преживеале првите плотуни се повлекле во училиштето и соседните куќи и започнале жестока стрелба. Дел од војниците се обиделе да ја заземат големата куќа на селскиот првенец Георѓи Чуранов и од таму да продолжат со отпорот. Меѓутоа, по наредба на ГШ и со дозвола на стопанот куќата била запалена.[184] Со тоа османлиските војници биле спречени да се зацврстат во уште една добра позиција. Бидејќи војската добро се утврдила во училиштето и соседните камени куќи, престрелката продолжила преку целата ноќ. Востаниците успеале да запалат еден склад со патрони и други воени матери-

---

[181] Исто.

[182] Исто.

[183] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24.

[184] Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., Спомени на Козма Георгиев Чуранов, 48; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 306; Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 288. Според Силјанов, сопственикот на куќата Г. Чуранов во тој момент со индигнација запеал: „Не сакаме богатство, Не сакаме пари, Но сакаме слобода, Човечки правдини“.

јали. Другите обиди со динамит да се кренат во воздух останатите зданија останале безуспешни.[185] Првата востаничка ноќ Смилево ја минало во пламен и пукотници. Според паушалните проценки на Д. Груев, при првиот напад на Смилево паднале околу 30 турски војници.[186] Меѓутоа, според документацијата од турска провениенција, на османлиска страна имало 8 убиени и 14 ранети.[187] Наспроти тоа, на страна на востаниците имало еден убиен и еден ранет.[188]

Утрото на 21.VII/3.VIII 1903 г., ГШ наредил евакуација на неборечкото населние во месноста „Голем Гар“.[189] До пладне Смилево било испразнето. Во меѓувреме, востаниците продолжиле со опсадата на забарикадираните војници во селото. Ним, попладне, на помош им притекнал еден одред од околу 400 души војска.[190] Тогаш ГШ дал наредба за повлекување, меѓутоа селската чета која била распоредена на почетните позиции не го добила соопштението.[191] Во меѓувреме, смилевската чета на Стојан Донски го пресретнала аскерот со оган, при што паднале десетина војници и еден јузбашија, а од страна на четата еден востаник.[192] ГШ, согледувајќи ги ситуацијата и бесполезноста од борбата со утврдените војници во селото, наредил повлекување на С. Донски. Тогаш, аскерот којшто дошол на помош на опколените се утврдил

---

185 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24.
186 Исто.
187 Турски документи за оружените борби во Македонија 1903-1908, превод, редакција и коментар: Драги Ѓорѓиев, Скопје, 2007, 72; 74.
188 Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., Спомени на Козма Георгиев Чуранов, 48.
189 Исто, 49-51.
190 Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 288.
191 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 25.
192 Исто.

во горката близу селото, на спротивната страна од ГШ, на еден час растојание.[193]

Отстапувањето на востаниците по наредба на ГШ му овозможило на аскерот следниот ден (4 август) непречено да влезе во Смилево и да ги извлече опколените војници. Притоа, запалиле триесетина куќи. Поради тоа, повеќе селани се упатиле кон селото. Исплашената војска, мислејќи дека станува збор за нов напад, се повлекла од селото. Наредбата на ГШ за повлекување на востаниците предизвикала незадоволство и осуда од сите селани.[194] Тие биле готови да се борат до крај и не ја одобрувале тактиката на ГШ за штедење на силите. Според К. Чуранов, Д. Груев пред револтираните смилевчани ја објаснил тактиката на Штабот на следниов начин: „Ние треба да ги штедиме силите... Да не мислите дека ние сакаме на јуриш да го скршиме турскиот довлет. Ние востанавме не за да излезат поербап од маузерките нашите мартини и гра кои се купувани со жолтици кинати од низите на нашите мајки и сестри, туку за да им покажеме и докажеме на сите во светот дека Македонецот го презира ропството и дека е готов тој свој презир да го искупи со своето најмило“.[195]

Третиот востанички ден охрабрените Турци (војска и башибозук) од с. Обедин тргнале по пљачка кон Смилево. Меѓутоа, тие биле одбиени и натерани во бегство.[196] Д. Груев во своите спомени вели дека тогаш тој со еден дел од востаничките сили се сместил во месноста „Ѓорев гроб“. Оттаму забележале војска и

---

[193] Исто.

[194] Исто.

[195] Цитирано според Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 289, ф. 1. Во спомените на К. Чуранов преобјавени од Б. Цветкова, терминот Македонец е изоставен. Види: Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., Спомени на Козма Георгиев Чуранов, 53.

[196] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 289; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 306.

башибозук од правец на с. Прибилци, но ги разбиле во содејство на четата на С. Донски.[197] По одбивањето на османлиските војски од Смилево, Б. Сарафов заминал кон Охридско, а А. Лозанчев кон Демирхисарско и Кичевско.[198]

Оттогаш во Смилево и на потегот кон него не се појавиле османлиски воени сили во наредните дваесетина дена. Всушност, тоа се дваесетина дена привидна слобода, ни војна – ни мир. Во меѓувреме, востаниците ги зацврстиле одбранбените позиции. Под раководство на поручникот Д. Стојков околу Смилево биле ископани одбранбени ровови. Според Д. Груев, Стојков бил „специјалист“ за таква работа.[199] Неборечкото население било сместено во збегот „Голем Гар“, каде биле организирани заедничка исхрана и сè што е неопходно за неговата безбедност и колективен живот.[200]

5.2. Востаничката иницијатива во првите денови од Востанието била евидентна во поголемиот дел од Битолскиот револуционерен округ. Најдобра илустрација за тоа претставуваат слободните територии во Смилево, Крушево, Невеска и Клисура, како и вооружената востаничка демонстрација кај Кичево и кај Ресен. По таквиот востанички подем, ентузијастите почнале да тврдат дека Даме Груев и Борис Сарафов од името на Главниот штаб *„набрзо ќе ја прогласат независноста на Македонија“*.[201]

Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ, иако било предвидено да има партизански и долготраен

---

[197] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 25.

[198] Спомени на Б. Сарафовъ..., 94-95; Македония в пламъяци. Спомени на А. Лозанчев..., 107.

[199] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 25.

[200] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 289.

[201] Македонија во делата на странските патописци 1903, редактор: Александар Матковски, Скопје, MMVII, 143.

карактер, уште на почеток добило општонароден масовен карактер. Од друга страна, Востанието, иако било очекувано, сепак ги затекнало османлиските власти неподготвени, или барем без соодветна стратегија и концепција за негово локализирање и неутрализирање. Таквиот впечаток бил особено силен во првите десетина дена. Несомнено, за таквиот став на власта придонело и привидното релативно затишје во текот на јули, кое власта не го протолкувала како „затишје пред бура“, туку како доказ за изнемоштеност на Организацијата за „масовно востание“.[202] Токму затоа, власта на почетокот, сепак, била изненадена.

Оттука, првичните интервенции на воените сили од градските центри биле насочени кон укажување помош на загрозените османлиски гарнизони во востаничките региони. Истите, независно од исходот на судирот, брзо се повлекувале (пред стемнување) во градовите, патем задоволувајќи се со потпалување на некое село.[203] Очигледно, власта, плашејќи се од евентуални востанички напади на градовите, настојувала во нив да задржи повеќе воени сили. На тој начин, иницијативата останала во рацете на востаниците. Неефикасноста, бездејството и отсуството на оперативен план за брзо елиминирање на Востанието предизвикале огорченост меѓу османлиските воени и политички кругови. Султановиот авторитет и престиж биле разнишани како пред домашната, така и пред меѓународната јавност. За последново особено придонеле бројните провостанички написи во меѓународниот печат.

Положбата почнала битно да се менува околу 10-11 август кога во Битолскиот вилает пристигнале значајни османлиски ефективи од Косово.[204] Оттука уследило паѓањето на Крушево. Меѓутоа, по овој епизоден успех, командантот на османските си-

---

[202] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 359.

[203] Исто, 359-360.

[204] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 443.

ли, генералот Омер Ружди, не презел систематски акции за потиснување на востаниците. Меѓу конзулските кругови постоело мислење дека Ружди-паша „не бил погоден за овие краишта во овие сериозни моменти“.[205] Султанот, загрижен од воената компромитација пред надворешниот свет, на негово место го поставил Насер-паша. Истовремено, бил сменет и битолскиот валија Али Риза-паша. Неговата должност до доаѓањето на новиот валија привремено ја извршувал Хусеин Хилми-паша (генерален инспектор на Румелиските вилаети).[206]

Новиот командант, Насер-паша, за кусо време подготвил план за систематско задушување на Востанието. Тој согласно топографските услови и постојните востанички бази, востанатата област ја поделил на сектори. Притоа, во секој сектор од повеќе правци биле праќани големи воени ефективи што требало да се сретнат во определен востанички пункт. Всушност, османлиската офанзива предвидувала опколување на востаничките центри со големи воени кордони кои, постепено стегајќи го обрачот во неговиот центар, требало да ги разбијат и уништат востаниците.[207] Овој план веројатно бил разработен од германскиот офицер и специјалист за герилско војување, Фон Гебен. Битолските конзули веруvале дека тој бил советник на турските воени кругови при задушувањето на Востанието.[208] Со оваа тактика, иако бил нанесен

[205] Исто, 445.
[206] Исто.
[207] Исто.
[208] Исто, 445-446. Фон Гебен учествувал во Англо-бурската војна 1899-1902 г. во Јужна Африка против Англичаните. (Исто, 446). Српскиот генерален конзул во Битола М. Ристиќ во врска со тоа во извештајот од 7 август 1903 г. пишува: „Еден полковник тоа дури го потврди велејќи му на познатиот на Министерството Фон Гебен, комитите се бијат како Бурите, но и ние ќе треба да работиме како Англичаните, за да ги смириме ќе им ги палиме селата и имотите па кога не ќе имаат каде да се кријат, ќе бидат принудени да

значаен удар врз востаниците, сепак главнината од востаничките сили не била уништена. Востаничките одреди успешно се извлекувале од опколените територии и се префрлале во други, претходно пребарани области. Тоа, всушност, била одбранбената тактика на Главниот штаб. Независно од тоа, многубројноста на аскерот и систематското опколување придонеле за задушување на Востанието. За дефинитивно поразување на востаничката идеја во висок степен влијаело систематското палење на селата и невидениот терор врз неборечкото население.[209]

5.3. Османлиската офанзива во востаничката област во реонот Ѓавато - Смилево започнала на 12/25 август 1903 година. Тогаш 10 баталјони и други придружни единици во јачина од 12 000 војска, под команда на Бахтијар-паша, од Битола, Ресен, Охрид и Прибилци (Демирхисарско) тргнале кон Ѓавато - Смилево. Истиот ден битолската колона го скршила востаничкиот отпор кај Ѓавато. Тамошните востаници, под водство на Ѓорѓи Сугарев, Ѓакон Евстатиј, Пере Жебчев, Георги Мончев и Антон Стерјов, се повлекле кон Смилево. Притоа, од османлиската артилерија и пешадија особено настрадале селата Цапари и Ѓавато, кое целосно изгорело. [210] Неборечкото население од Ѓавато се повлекло во збегот Голем Гар, присоединувајќи се кон смилевчани.[211]

Следниот ден, 13/26 август, османлиските сили продолжиле со затворање на обрачот околу Смилево. Во тоа време во Смилево и неговата околина бројот на востаниците достигнал околу

---

се растурат или да се предадат'". Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание... , Илинденски зборник 1903-1953, 42-43.

[209] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 363.

[210] Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., Спомени на Козма Георгиев Чуранов, 56-57; Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 366; М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 451-452.

[211] Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., Спомени на Козма Георгиев Чуранов, 57.

600 души. Под раководство на Даме Груев, тие се распределиле на стратешките позиции околу Смилево. Очигледно, Д. Груев при одбраната на Смилево бил решен на силен отпор иако исходот бил однапред познат. Ноќта минала напнато и во неизвесно исчекување.

Утрото на 14/27 август, ден пред празникот Св. Богородица, османлиските сили со силна артилериска подготовка од правецот на Горановец го започнале нападот на Смилево. За петнаесетина минути Турците минале во општ напад по сите линии на фронтот.[212] Обрачот околу Смилево бавно но сигурно се затворал од сите страни. Востаничката одбрана на целиот фронт била под раководство на Даме Груев и Ѓорѓи Сугарев.[213] Во претпладневните часови востаниците пружале жилав отпор на сите позиции. Попладне, востаничките позиции почнале да паѓаат една по друга. Четите на Ѓ. Сугарев, Ѓакон Евстатиј, Павле Крстев, Даме Мисков и други војводи, кои дејствувале северно од Смилево, биле принудени на отстапување со значајни загуби. Со падот на одбраната кај манастирот „Св. Петар“ паднале и востаничките позиции кај Гробот, Горановац и Арамиски Камен.[214] Одбраната на Смилево била сериозно разнишана. По падот на позицијата кај Арамиски Камен, една воена колона се насочила кон збегот Голем Гар, каде што извршила жесток масакр врз неборечко население од жени, деца и старци. Притоа биле масакрирани 56 лица од двата пола на различна возраст, од тринеделни бебиња до 80-годишни старци.[215] Истовремено, многумина биле ранети, обесчестени и опљачкани.

---

212 Исто, 58.

213 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 26.

214 Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 366.

215 Прецизна слика за размерите на масакрот кај Голем Гар дава бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев, во еден извештај од 24 август 1904

Во меѓувреме, непосредно пред селото, под директна команда на Даме Груев се бореле смилевските чети на војводите Дамјан Наумов, Димитар Кромидаровски, Пере Жебчев и Глигор Попов.[216] Под жестокиот налет на војската, тие се повлекле во Смилево. Веднаш по нив аскерот навлегол во Долно Маало. Во таква ситуација, Даме Груев, кој дотогаш инсистирал на штедење на силите, предложил да се утврдат средсело во училиштето и од таму да се брани тоа што очигледно веќе не можело да се брани. Долниот дел од селото веќе бил во пламен. Според Д. Груев, до попладневните часови паднале 32-33 востаници.[217] Селските војводи, согледувајќи ја безизлезната ситуација и бесмисленоста на таквата борба, се спротивставиле на Груевиот предлог. Во тој момент една топовска граната го погодила училиштето. Тоа ја разрешило дилемата. Груев дал заповед за повлекување кон Горно Маало, а од таму – кон горага. Притоа истакнал дека „веќе ништо не може да се спаси, но честа ја спасивме – се биевме!“.[218]

---

година. Според него, од Ново Смилево биле масакрирани 37 лица, од Старо Смилево 8 лица и од с. Ѓавато 11 лица или вкупно 56 лица. Во приложените списоци се наведени името и презимето на жртвата и нејзината возраст. Види: Величко Георгиев и Стайко Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода, краят на XIX и началото на XX век, София 1995, 305-306; 309-311. Според Г. Чуранов, во збегот Голем Гар биле масакрирани 73 души. (Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., Спомени на Козма Георгиев Чуранов, 61). Според Д. Груев, во збегот биле убиени околу 40 души од двата пола. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 26.).

216 Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., Спомени на Козма Георгиев Чуранов, 60.

217 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 26. Според турски извештаи, во борбите за Смилево биле убиени 60 востаници. (Турски документи за Илинденското востание од султанскиот фонд „Јилдиз“..., 114; 115).

218 Бистра А. Цветкова, Село Смилево..., Спомени на Козма Георгиев Чуранов, 60.

Приквечер пламнало целото село.[219] Во пресрет на празникот Св. Богородица, Смилево горело по втор пат. Затекнатите старци во селото биле убиени до еден. Според еден турски извештај, тогаш во Старо Смилево биле изгорени сите 7 куќи, а во Ново Смилево од 410 биле изгорени 400 куќи.[220] Валијата Хазимпаша, за да го прикрие палањето на Смилево од страна на војските, во извештајот од 31 август 1903 г. до канцеларијата на Големиот везир комично пишува: „За време на судирот во Смилево..., од страна на разбојниците била запалена една куќа која служела како складиште. Поради активирањето на бомбите и муницијата, поради силното дување на ветрот и бидејќи куќите биле збиени, селото изгорело".[221] Очигледно иронијата нема крај?! Коментарот е излишен.

Вечерта Д. Груев, заедно со смилевските чети, се прибрал во збегот Голем Гар. Глетката била стравотна. Груев зад себе го имал Смилево во пламен, околу себе масакрирани трупови, ранети старци, жени и деца, избезумени жени и деца во плач. Овие сцени во наредниот период станале секојдневие по македонските села во Битолскиот округ. Во збегот Голем Гар, Груев се соочил со суровата реалност и со епилогот од сопствената изрека: „Подобро

---

[219] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 26.

[220] Турски документи за Илинденското востание, Избор, превод, редакција и коментар: Александар Стојановски, Скопје, 1993, 156. Според еден документ од српска провениенција во Ново Смилево имало 380 куќи од кои 378 изгореле, а останале само 2. Во Старо Смилево од вкупно 13 куќи 10 изгореле, а останале 3 куќи. (Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ..., II дел, 516.). Истите податоци се среќаваат и во документите од руска провениенција. Види: Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том, 442.

[221] Турски документи за Илинденското востание од султанскиот фонд „Јилдиз"..., 122-123.

ужасен крај, отколку ужас без крај".[222] Навистина, крајот бил ужасен, меѓутоа историјата на Македонија потврдила дека ужасот нема крај.

Д. Груев им објаснил на селаните дека четите преку ноќ ќе го напуштат збегот за да ги избегнат турските потери, а со тоа и нов масакр врз населението. Истовремено, Груев на селаните им препорачал да се вратат во изгореното село и да ѝ се предадат на власта.[223] Веднаш потоа здружените чети, со помош на вештите курири, пробивајќи се покрај турските логори и стражи се извлекле од обрачот кон блиските гори. Утредента смилевчани се вратиле во селото и ѝ се предале на власта. Таму, покрај пепелиштата од изгорените куќи, никнале колиби во кои започнал нов живот, додека еден дел од смилевчани заминале за Битола.[224] Смилевчани доживеале стравотна хуманитарна катастрофа. По неколку де-

222 Според Иван Димитров Строгов, оваа изјава Даме Груев ја дал во едно интервју пред англискиот дописник Dylon за време на Востанието 1903 година на Пелистер. (Иван Димитров Строгов, Даме Груев 1870-1906, Даме Груев - живот и дело..., I част, 78).

223 Козма Георгиев, Под развѣтото знаме, Сб. Илинденъ, София, 1929, 99-101.

224 Според Даме Груев, околу 300 луѓе. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 27). Според рускиот вицеконзул Н. Кохмански кон Битола се упатиле околу 500 смилевчани. Притоа, Хилми-паша отпрвин не им дозволувал да се сместат во градот под изговор дека не сакал „да го зголемува опасниот елемент во градот". Нивното сместување во градот било условено со предавање на мажите кои останале со востаниците. По интервенција на Кохмански, а веројатно и другите конзули, по три дена поминати под ведро небо, смилевските жени и деца биле пуштени во Битола. (М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 455). Одисејата на смилевчани во Битола е опишана од повеќе странски кореспонденти кои тогаш престојувале во Битола. Види: Македонија во делата на странските патеписци 1903..., 107-108; 129.

на, османлиските војски го напуштиле селото и заминале во слични потфати кон Демирхисарско.

5.4. По настаните кај Смилево, Д. Груев со главнината од четите се повлекол кон востаничката база Нина - Орница кај с. Боиште (Демирхисарско). По неколку дена, откако османлиските војски од Смилево заминале кон Демирхисарско, Груев со смилевските чети повторно се вратил во околината на Смилево. Притоа, ноќно време, слегувале дури и во селото.[225] Оттука Х. Силјанов со право пишува дека смилевските планини до крајот на востаничките дејства останале главна резиденција на Даме Груев.[226]

Во меѓувреме, османлиските војски, откако го прочешлале Демирхисарскиот регион, се повлекле кон Битола и Кичево. Со тоа во Демирхисарскиот регион се создале услови за повторно враќање на веќе протераните чети од таму, но и за концентрација на нови чети од соседните региони. Така, покрај месните чети овде нашле прибежиште повеќе чети од Крушевско и Битолско, како и членовите на Главниот штаб. На тој начин, концентрацијата на востаничките сили достигнала околу 1000 души.[227]

Османлиската команда откако ја забележала оваа концентрација на востанички сили во Демирхисарско, организирала нова воена експедиција за нивно дефинитивно уништување. За таа цел биле ангажирани 10000 пешадија и башибозук, 14 планински топови и 4 ескадрони коњица, распоредени во 4 колони. Првата колона настапувала од правец на Смилево кон Слепче; втората од Струговските Планини кон селата Лесково, Церово и Вирово; третата од Ресен преку Црн Врв, а четвртата од Охридско во правец на Плаќе.

---

[225] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 26.
[226] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 369.
[227] Исто, 382.

Главниот штаб, кој навреме бил известен за настапувањето и распоредот на османските сили, презел соодветни мерки за одбрана. Востаничките сили биле групирани во три одреди, распоредени во должина од петнаесетина километри помеѓу селата Боиште и Слоештица.[228] Во центарот на фронтот биле распоредени околу 300 востаници, под непосредна команда на Главниот штаб. На левото крило, односно на јужната страна на Бигла биле распоредени околу 250 востаници, под команда на Ѓорѓи Сугарев, а на десното крило кон селата Вирово и Церово биле распоредени побеќе од 420 востаници.[229]

Несомнено, заземањето на оваа фронтовско дефанзивна позиција против десетпати поброен непријател е одраз на воените квалификации на Борис Сарафов.

Судирот кај Слоештица започнал утрото на 17/30 септември 1903 година.[230] По двочасовна битка, левото востаничко крило, чиишто позиции биле сериозно загрозени од правецот на Лесково, се повлекло кон централниот дел на фронтот за да го заштити тилот на Главниот штаб. Десното крило, кое било атакувано од три страни, давало жилав отпор. Меѓутоа, силниот артилериски оган го принудил на отстапување. Притоа зазеле добри позиции во Церовската Гора. Подоцна ним им се придружиле и востаниците што отстапиле од потегот кај Вирово и Боишките Планини. Нивниот отпор продолжил до крајот на денот. Приквечер востаниците со јуриш го пробиле османлискиот обрач и се извлекле од опколувањето. Дел од четите, меѓу кои и Д. Груев, се извлекле во правец на боишките шуми и Смилево, други кон Церовските Планини, а трети кон Вирово.

---

228 Исто.

229 М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 491.

230 Спомени на Б. Сарафовъ..., 97.

Евидентно, турскиот план за уништување на главнината на востаничките сили повторно не ги дал очекуваните резултати. Во текот на оваа целодневна битка од страна на востаниците имало 17 убиени и 11 ранети.[231] Според Х. Силјанов, „оваа битка може да се нарече лебедова песна на Востанието во Битолско“.[232]

## 6. | *Очајнички надежи*

Партизанскиот карактер на Востанието во почетокот делумно ги дал очекуваните резултати. Првите десетина дена востаниците имале иницијатива. Но, по започнувањето на османлиската офанзива востаниците се нашле во дефанзива, најчесто избегнувајќи ги отворените фронтални судири со надмоќната армија. На тој начин, и покрај загубите главнината од востаничките сили била зачувана. Ова тактика делумно била во согласност со предвидената стратегија за долготрајно востание. Меѓутоа, значајно отстапување од проектираната востаничка стратегија настанала со масовното приклучување на населението кон востаниците и формирањето на големите збегови. Тоа го отежнало брзото маневрирање на четите бидејќи тие морале да издвојат сили и средства за одбрана на населението. Во текот на Востанието на површина избиле недоволната комуникација и координираност меѓу Главниот штаб и реонските горски началства.

Од друга страна, раководството на Организацијата ниту за време на Смилевскиот конгрес ниту потоа не очекувало дека османлиските власти во текот на Востанието сурово ќе се нафрлат врз незаштитеното население и врз селата. Во врска со тоа Д. Груев вели: „Не верувавме дека Турците ќе се решат да прибегнат

---

[231] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 383.
[232] Исто.

до таква жестокост – сосема да го разорат населението“.[233] Меѓутоа, тоа што не го очекувал Груев, власта го применила уште во првата декада од почетокот на востанието. Поради тоа, Главниот штаб на 30. VII / 12. VIII 1903 г., испратил еден предупредувачки „Мемоар“ до претставниците на големите сили.[234] Во него, меѓу другото, се вели: „Турската влада, чувствувајќи се бессилна да ги уништи директно нашите вооружени сили, им препорача на своите војски еден од најварварските начини за задушување на движењето што се состои во ограбување и горење на христијанските села и во обесчестување и убивање на жени и деца“.[235] Поради тоа ГШ предупредува: „ако досега сме успевале да го запираме христијанското население во Вилаетов од дејства спрема турските села, како оние на војската и башибозукот против христијанските, тоа во иднина не ќе биде можно. За сѐ што ќе станува во иднина, нека одговара турската влада, која дава слични наредби на својата војска и башибозукот“.[236]

Аугуст Крал (австроунгарски конзул во Битола), по добивањето на овој „Мемоар“, во извештајот од 15. VIII 1903 г. до министерот за надворешни работи, грофот Агенор фон Голуховски,

---

233 Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24.

234 Фрагменти од „Мемоарот“ се презентирани кај Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 430-431. За целиот текст на „Мемоарот“ види: Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници од Македонија..., 71-72; 269-270; Британските конзули во Македонија 1797-1915, документи, редакција: Драги Ѓорѓиев, избор и превод: Драги Ѓорѓиев - Зорица Божиновска, Скопје, 2002, 322-323. Во последнава варијанта од документот има значајни стилски отстапувања. Споменатиот „Мемоар“ Ц. Билјарски погрешно го датира на 30. IV 1903 година. (Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 241-215; Даме Груев - живот и дело, II част..., 604-605).

235 Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници од Македонија..., 71.

236 Исто, 72.

пишува: „Без оглед на сите злонамерни изјави на печатот, востаниците досега главно не се огрешија со некои свирепости, што би биле спротивни на основните поими на цивилизацијата и човечноста, тие дури во своите постапки не пречекорија извесна мерка на воздржливост“.[237] А. Крал во продолжение истакнува: „Но, откако започна турската реакција и откако за загуба на еден чифлик се одговара со опожарување на две до три христијански села, откако војниците вршат по битолските улици нечуена трговија со предмети грабнати во селата, откако христијаните без оглед на вероисповест, ги убиваат понекогаш на ужасен начин само од желба за одмазда, изгледа дека се подготвува промена и во начинот на постапување на комитите“.

Споменатиот „Мемоар“ на своевиден начин претставувал можност за етаблирање на ГШ пред меѓународниот фактор и негово запознавање со состојбата во Македонија. Јасно е дека изнесената закана е од вербален карактер заради постигање одреден психолошки ефект. Впрочем, посегањето по мирното турско население би било во спротивност со одлуките на Смилевскиот конгрес и востаничкиот кодекс. Во врска со тоа, Даме Груев на Смилевскиот конгрес потенцирал: „Турчин, или христијанин, тоа е безразлично - ако не пречи, ако не прави зло, не смее ни влакно да му падне од главата“.[238] Во тој контекст, А. Крал во извештајот од 1. IX 1903 г. пишува: „Во различни циркулари се напоменуваше да не се посегнува на мирните турски селски жители и при нападите да се штедат турските жени, а *Дамјан Груев е главниот поборник на овој човечен правец*“.[239]

---

237 Исто, 70.

238 Според М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 248-249.

239 Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници од Македонија..., 97.

Споменатиот „Мемоар“ не предизвикал ефект во однесувањето на власта. Напротив! Развојот на настаните го потврдил спротивното. Истиот ден (12 август), кога бил упатен посочениов „Мемоар“, османлиските војски го разрушиле, опожариле и опљачкале Крушево. Таквото однесување особено дошло до израз по отпочнувањето на османлиската офанзива при крајот на август. Најрелјефна илустрација за тоа е палењето на Смилево и масакрот во збегот Голем Гар. Таквите грозоморни сцени станале секојдневие по настапот на војската во востанатите македонски краишта.

Османлиската власт, која со директни воени мерки не успеала да ги потисне востаниците, по сугестии од Германија[240] протежирала репресивни мерки, кои би овозможиле брзо воспоставување на редот во земјата со цел да се избегнат актуелизирањето на македонското прашање и вмешувањето на големите сили. Оттука, палењето на селата и жестокоста кон неборечкото население требало морално и материјално да го скршат духот на македонските востаници. Оваа мерка имала многу посилен психолошки ефект, отколку воените експедиции. Прифатената дефанзива од страна на востаниците и нивното избегнување на отворени судири во населените места не го промениле однесувањето на власта.

Главниот штаб, соочен со суровата реалност, почнал да размислува за натамошниот тек на Востанието. Тоа прашање било разгледано неколку дена по палењето на Смилево на една средба помеѓу Д. Груев, Б. Сарафов и Ѓ. Сугарев во с. Слоештица (Демирхисарско). [241] Тогаш станало збор за идната тактика на Востанието. Набрзо потоа, на 9/22 септември 1903 г., кај с. Слоештица дошло до средба помеѓу членовите на ГШ: Д. Груев, Б. Сара-

[240] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 22-23.

[241] Спомени на Б. Сарафовъ..., 96-97.

фов и А. Лозанчев.[242] Тогаш, со оглед на поранешните демагошки ветувања од компетентни бугарски фактори, Б. Сарафов предложил некој од членовите на ГШ да замине за Бугарија за да побара нејзина воена интервенција.[243] Со оглед на фактот дека Б. Сарафов на Смилевскиот конгрес агитирал во прилог на бугарската воена интервенција, Д. Груев предложил лично Сарафов да се нагрби со таквата мисија. Меѓутоа, рафинираниот Сарафов, „категорично откажал" и за тоа го предложил Груев, кој не прифатил.[244] Евидентно, иако илузијата за интервенција на Бугарија сѐ уште постоела, реално во тоа никој не верувал.[245] Оттука, никој не сакал да замине за Бугарија за да се сретне со тамошните компетентни фактори. Сепак, истиот ден (9/22 септември) ГШ писмено

[242] Исто.

[243] Исто, 98.

[244] Исто.

[245] Покрај бројните ветувања од крајот на 1902 и почетокот на 1903 г., дека Бугарија воено ќе интервенира во прилог на Востанието, официјалните бугарски фактори неколкупати ѝ ставиле на знаење на Организацијата дека до тоа нема да дојде. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 491-492). Таквиот бугарски став и бил предочен на Организацијата веднаш по објавувањето на Востанието. На 22. VII/ 4. VIII 1903 г., генералот Рачо Петров го прекорил Х. Матов дека Организацијата со објавувањето на Востанието ја злоупотребила Бугарија, бидејќи последната наводно не била известена навреме и не била спремна за војна. На тоа Х. Матов одговорил: „*Ние ви соопштивме... а што ќе правите - тоа не е наша работа; ние не сакаме ништо ниту од Вас, ниту од нив. Навикнавме да слушаме и да не веруваме на севозможни ветувања на министри, кои изјавувале дека нѐ лажат и кои сакале да си играат со ослободителното дело*". (Д-р Христо Татарчев, Спомени, документи, материали, съставител: Цочо Билярски, София, 1989, 243) Кон крајот на август 1903 г., Задграничното претставништво го информирало ГШ дека кнезот се плашел да влезе во војна за да не дозволи „*некој авторитетен генерал - губернатор во Македонија да му биде пречка... (кој б.н.) ќе биде трн за неговите планови*". (Д-р Христо Татарчев, Спомени, документи, материали..., 256).

се обратил до бугарската влада.[246] Во писмото се вели дека ГШ се одлучил на таков чекор поради „критичната и ужасна положба“ во која се нашло „бугарското население во Битолскиот вилает по извршените опустошувања и жестокости од страна на турските војски и башибозук, и со оглед на тоа дека тие опустошувања и жестокости на систематски начин продолжуват и не може да се види до каде ќе отидат“.[247] Во продолжение на документот е образложена драматичната положба во Битолскиот вилает и мрачната перспектива. Поради тоа, ГШ изразува чудење зошто бугарската влада „продолжува да гледа со ладнокрвност на систематското истребување на бугарскиот народ“, и апелира владата да „притекне на помош на најефикасен начин - преку војна“.[248] Самиот иницијатор на оваа идеја - Б. Сарафов, вели дека од овој повик не очекувале никакви резултати.[249]

Посочениот документ премногу се потенцира и експлоатира од бугарската историографија за докажување на наводниот бугарски карактер на македонското население и Илинденското востание. Меѓутоа, притоа се испушта тогашната историска реалност и конфузниот сплет на околности кои довеле до тоа. Неспорно, давеникот во моменти на очај се фаќа и за сламка. Оттука и овој драматичен апел до бугарската влада треба да добие сличен третман.

Наспроти тоа, сосема поинаков впечаток може да се добие од писмото на Даме Груев до генералниот инспектор Хусеин

---

[246] Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978, 489-495; История на Българите 1878-1944 в документи, том I, 1878-1912, част втора, София, 1996, 444-446; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 220-222. Документот фрагментарно е претставен и кај Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 434-444.

[247] Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 220.

[248] Исто, 222.

[249] Спомени на Б. Сарафовъ..., 98.

Хилми-паша, кое потекнува речиси од истиот период.[250] Тоа не само што претставува предупредување до Хилми-паша за нецивилизираниот однос на војската и башибозукот кон христијанското население, туку и декларација на Д. Груев за карактерот и чувството на македонското население и целите на Востанието. Поради специфичноста, посоченово писмо го претставуваме целосно:



*Хусеин Хилми-паша*

„Паша ефенди,

Се обраќам кон Вас, не дека толку ми е пријатно и дека нешто сакам од Вас - да не даде Алах да сакам нешто од турски паша! - не, јас едноставно Ви препорачувам да обрнете внимание на моите зборови. Можам да Ве уверам дека нема да ги повторувам. Досега сте можеле да се убедите дека *Македонците* си стојат на зборот, и Вам, имено Вам, би Ви следело да ги научите од нас правилата на воената чест.

Но, да не говориме за тоа што нема да биде. Да, Ви беше познато дека општото востание се крена по Ваша вина. Вие, и само Вие сте виновни, за сите ужаси и насилства извршени по Ваша заповед. Ние долго и многу трпевме и нашето трпение се исцрпува. Ве предупредувам дека ако во септември не наредите да се прекинат насилствата, грабежите и колежот на мирното немухамеданско население, тогаш ние со волјата на Семожниот создател, откако ќе ѝ се покориме на злата неопходност, ќе извршиме такви ужаси над мухамеданското население, такашто ќе Ви се крене косата на Вашата глава. Вие можете да ги убедите претставниците на европските

[250] Писмото е објавено во весникот „Отзив", No. 533, 30 септември 1903 година. Види: Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 223.

држави дека речиси сте го задушиле Востанието, може да говорите сè: може да говорите што сакате; но, Вие никогаш нема да нè убедите дека откако ќе се покориме и ќе го положиме нашето оружје дека ние ќе имаме гаранции за нашиот живот и имот. Јас веќе дадов заповед по цела Македонија на никој начин да не Ве слушаат и да не Ви веруваат, а кој ќе Ве послуша Вас, ќе плати со својот живот. Впрочем, Вие сте должни со нас да водите правилна војна, бидејќи во спротивен случај ние ќе ги опожариме сите турски села и ќе ги истребиме нивните жители.

Ние не очекуваме помош од Европа. Ние се надеваме со нашите сопствени сили да ги уништиме Вашите храбри војници и *можеби не е далеку часот кога над облеаната во крв Македонија ќе засвети сонцето на слободата*. До Вашето назначување, ние ќе се задоволевме со обични реформи, но сега нема да нè купите така евтино. Имајте предвид дека нашите чети се снабдени со доволно количество на потребности и ние ќе умееме да се бориме со Вас десетици години. Ако Бурите го зачудија светот со својата борба против Англија, тогаш ние уште повеќе ќе го зачудиме.

Јас Ви кажав. Ваша работа е да ми поверувате на зборовите".[251]

Евидентно, Д. Груев го пишувал писмото под силни импресии во драматични моменти. Заканите кон турското население останале само на вербално ниво. Писмово не предизвикало никаков ефект во однесувањето на власта кон христијанското население, но затоа пак му оставило впечаток на францускиот новинар и публицист Гастон Рутие.[252]

---

[251] Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 223.

[252] Македонија во делата на странските патеписци 1903..., 151.

## 7. *Демобилизација*

Драматичната состојба која настанала поради палењето на селата и безмилосниот терор над населението, пројавената деморализација кај поединци,[253] апелите на власта за враќање на населението по селата,[254] конзулските совети и гаранции за амнестија за востаниците,[255] како и гласините за нов реформски проект,[256] го наметнале прашањето за демобилизација на востаниците. Тоа прашање било разгледано на 19. IX / 2. X 1903 година на една средба помеѓу членовите на Главниот штаб над Смилевската Корија.[257] Тогаш била донесена одлука за постепена и организирана демобилизација.[258] Планот за демобилизација предвидувал: распуштање на востаниците и нивно враќање по домовите; прибирање и складирање на оружјето; мигрирање на компромитираните раководители; сведување на минимум на раководниот кадар на теренот.[259]

[253] Спомени на Б. Сарафовъ..., 97.

[254] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 509; Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., Илинденски зборник 1903-1955, 135.

[255] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 436. Спомени на Б. Сарафовъ..., 98.

[256] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 26

[257] Спомени на Б. Сарафовъ..., 98.

[258] Исто, 98-99.

[259] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 523-524. Според М. Пандевски одлуката за демобилизација претставува „круна на капитулантската и... погрешно спроведена стратегија... непромислен потег со најтешки и најдалекусежни последици“. Според Пандевски демобилизацијата била „предвремена и безусловна капитулација директно пред лицето на османскиот непријател“. (Исто, 543). Според нас, таквите оцени се престроги и неодржливи.

Набрзо потоа, Б. Сарафов заминал за Бугарија.[260] Д. Груев се зафатил со спроведување на демобилизацијата во Битолско-демирхисарскиот регион.[261] Притоа успеал да собере и да складира околу 400 пушки.[262] При демобилизацијата, Д. Груев им советувал на некомпромитираните востаници да се предадат со посредство на дипломатските претставници,[263] додека на оние што се подготвувале да ја напуштат земјата им порачал: „Родината има потреба од вас, да не заборавите да се јавите пак, кога ќе бидете повикани".[264] Алеко Стефанов за процесот на демобилизацијата во Смилевскиот регион во своите спомени пишува: „тогаш испраќавме по 200 души на неколку пати од Смилево до австрискиот конзул во Битола, кој од своја страна ги водеше при валијата".[265]

Спроведувањето на демобилизацијата меѓу некои средини била дочекана како олеснување, но кај други предизвикала спротивен ефект. Така, селаните на с. Боиште при демобилизацијата со горчина и иронија му се обратиле на Д. Груев со зборовите: „Кај сте бре браќа, клетвата е дадена за до крај".[266]

Демобилизацијата на востанатото население од страна на Организацијата и неговото предавање пред власта не значело автоматска амнестија. За тоа постоеле долготрајни и сложени процедури проследени со малтретирање, шиканирање и понижува-

[260] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 26.
[261] Спомени на Б. Сарафовъ..., 98-99.
[262] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 26.
[263] Спомени на Смиле Войданов, Илинденско Преображенското востание 1903-1968, София, 1968, 214.
[264] Исто, 215.
[265] Революционната дейност въ Демирхисаръ (битолско) по спомени на Алеко Стефановъ (демирхисарски войвода), съобщава: Боянъ Мирчевъ, София, 1931, 19.
[266] Исто, 21.

ње. Таквата состојба е илустративно опишана во извештај од српскиот конзулат во Битола од 15/28 октомври 1903 година. Во него, меѓу другото, се вели: „На сите точки комитите се повлекуваат, ги распуштаат насобраните востаници, кои им се предаваат на милоста и немилоста на Турците... Жално е да ги погледа човек овие купчиња од луѓе кои одаат од руското до австриското конзулство барајќи заштита која не може да им се даде и како скитаат по улиците без леб и надеж дека ќе го најдат ако живи стасаат до своите изгорени куќи“.[267] Предавањето се вршело со посредство на австроунгарскиот конзул во Битола. Оттука, споменатиот конзулат се претворил во некој вид биро за таа работа. Во него „секој ден можат да се видат маса селани како стојат пред вратата на консулството... Тука им се запишува името и презимето, а отаде одат кај Хилми паша, кој исто така им го запишува името ако ја предадат пушката; инаку ги пушта на слобода со порачка за осум до десет дена да го донесат оружјето, ако не - нека се вратат во гората па тој сам ќе знае да ги најде каде се. Се разбира дека е многу ретко некој да може да донесе пушка, бидејќи комитите им ги зеле на сите“.[268]

Одлуката за демобилизација на четите, според Ѓ. Петров, била „неморална“, тоа довело до „страшен морален крах“, при што населението се сметало за „изиграно“.[269] Многумина од оние што своевремено го повикувале населението да востане, по објавувањето на демобилизацијата „не се предале“, туку „избегале во странство“.[270] Тоа важело особено за поинтелигентните раководни сили.

---

[267] Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., Илинденски зборник 1903-1953, 109-110.
[268] Исто, 111.
[269] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 201.
[270] Исто.

## 8. Груев санира, Сарафов триумфира

По објавувањето на демобилизацијата во Битолскиот округ, од поистакнатите раководители останале: Даме Груев, Анастас Лозанчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Павел Христов, Петар Ацев, Христо Узунов, Ѓорѓи Сугарев, Ѓакон Евстатиј, Петар Чаулев, Георги Пешков и други.[271] Со исклучок на Даме Груев, евидентно е дека поголемиот дел од протагонистите на востаничката струја меѓу првите ја напуштиле земјата. Таквата постапка би била делумно оправдана, доколку тоа било единствен начин за спас и во интерес на перспективите на ослободителното дело. Меѓутоа, најостра осуда заслужуваат оние поединци што, напуштајќи ги пепелиштата во Македонија како дезертери, по пристигањето во Софија триумфално позирале како македонски херои. Врв на таквиот дезертерско-авантуристички триумфализам претставува постапката на Б. Сарафов. Тој при заминувањето од Македонија го грабнал знамето на Главниот штаб и заминал за Бугарија. Пристигањето во Софија било доста „шумно“.[272] Неговите приврзаници и симпатизери му приредиле величествен пречек. Б. Сарафов се појавил со развиорено знаме, а насобраната толпа на раце го однела до неговиот дом.[273] Истовремено, по витрините и излозите на софиските улици бил обесен портретот на Сарафов. Весниците пренесувале епизоди од неговата одисеја по Македонија, притоа претставувајќи го како херој на Илинденското востание. Оттука, Х. Силјанов со право заклучува: „Борис беше во својата стихија“.[274] Приговорите за воздржаност од страна на задгра-

[271] Исто, 202; Х. Силяновъ, Освободителнитеѣ борби на Македония, томъ втори, София, 1943, 15-16.
[272] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 56.
[273] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 528.
[274] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 56.

ничните претставници (Х. Матов и Х. Татарчев) не го одвратиле славољубивиот Б. Сарафов од шумните манифестации.



*Борис Сарафов*

Грабнувањето на знамето на ГШ од страна на Б. Сарафов и неговото пренесување во Бугарија како воен трофеј, предизвикало остра реакција кај Даме Груев. Оттука, на 15/28. XI 1903 г. Д. Груев и А. Лозанчев на Сарафов му пишуваат: „Трипати нѐ излажа со тоа знаме... Ти сакаш чисто и просто да го задоволиш своето его. *На знамето не му е местото во Софија.* Предај му го на Матов и на Татарчев за да ни го испратат при првата можност“.[275] Укажувањето од Д. Груев дека на знамето на ГШ „не му е местото во Софија“, туку во Македонија, претставува јасна манифестација на висока свест и одговорност, не само за местото и припадноста на знамето, туку и кон сопственото минато и иднина.

Во најтешките моменти по демобилизацијата, Даме Груев останал во планините околу Смилево. Тоа биле денови на тешко растројство. Д. Груев врз своите плеќи требало да ја понесе моралната одговорност не само за Востанието, туку и за погромот и страдањата на населението. Оттука Д. Груев останал меѓу потиштените за да ја сподели горката судбина, но и за да го подигне духот. Во тој период Д. Груев бил во непосредно опкружување на војводите Ѓорѓи Сугарев, Ѓакон Евстатиј, Христо Узунов и Христо

[275] ДАРМ, ф. Македонско револуционерно минато. К. 1, ВМРО, а.е. 11; Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., Илинденски зборник 1903-1953, 136.

Пасков.[276] Во еден момент на разочарување, Груев го поставил прашањето дали и тие ќе го напуштат.[277] Тогаш војводите се заколнале на верност и лојалност, ветувајќи дека ќе го продолжат ослободителното дело. Во таа смисла биле обиколени соседните реони „со цел да се поддржи духот на населението и одново да се стегнат редовите на Организацијата".[278] Според Христо Пасков, тогаш, благодарение на Даме Груев, била возобновена организационата мрежа во повеќе села. Притоа, четата на Ѓ. Сугарев била предназначена за Демирхисарско и Битолско, а на Христо Узунов за Охридско, додека Ѓакон Евстатиј и Христо Пасков го придружувале Д. Груев при обиколките.[279]



*Христо Узунов*

По згаснувањето на Востанието, Д. Груев не потклекнал под психолошкиот товар на моралната одговорност, туку манифестирал присебност, самоконтрола, па дури и оптимизам за продолжување на борбата. Тоа особено доаѓа до израз во Окружното писмо од 10/23. XII 1903 г., кое Груев од името на Главниот штаб го пратил до реонските, центровите и селските началници.[280] Во него Груев, меѓу другото, прави обид за определување на значењето на Илинденското востание. Притоа потенцира дека тоа е од големо значење за идните поколенија, бидејќи *„нè постави во редот на народите достојни за слобода.*

[276] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 16; Македония в пламъяци. Спомени на Христо Пасков, 169.

[277] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 16.

[278] Исто.

[279] Македония в пламъяци. Спомени на Христо Пасков, 169 - 170.

[280] Види: Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 18-19;

Тоа е прв пат, кога нашиот народ со свои очи виде дека и тој може да биде силен и дека само од него зависи раскинувањето на ропските пранги. Ретки биле таквите моменти кога нашиот народ бил така сплотен и така опасен за нашиот непријател, како во последно време".[281] Во Окружното се вели дека Востанието го привлекло вниманието на човекољубивите средини во Европа и Америка, а од друга страна ги предизвикало Мирцштегските реформи. Ветените реформи се оценети како недоволни „бидејќи тие се ништожни пред целта што ја гониме. Секој знае, дека ние не се боревме за жандарми и падари, туку за премавнување на омразеното турско потисништво".[282] Оттука, во Окружното се вели: „Да ги наведнеме главите повторно пред душманот тоа би било цело предавство пред дадената клетва, предавство пред крвта на нашите браќа и останатите без покрив мајки и сестри. Слично предавство ние нема да направиме особено сега... Уште еден удар - и тиранинот е смачкан. Тој удар ќе го нанесеме - тоа се бара од нас... Ние ќе го развиеме револуционерното знаме, свиткано есеноска, за одново да блесне во поблагопријатни времиња".[283] На крај, Окружното повикува: „На одмазда, браќа! На одмазда нè вика погазената чест на народот! Верните синови на Македонија нема да останат глуви кон тој свој глас и тие нема да ја изневерат нашата девиза ‚Смрт или слобода'".[284]

По два дена (12/25. XII 1903 г.) Д. Груев пратил ново Окружно, со кое формално објавил дека престанува активноста на Главниот штаб. Накратко резимирано, Окружното обзнанува дека: 1. Прекинатото Востание ќе продолжи кога за тоа ќе настанат поволни услови; 2. Организацијата останува доследна на своите це-

281 Исто, 18-19.

282 Исто, 19.

283 Исто.

284 Исто.

ли согласно својата стара програма; 3. Престанува функционирањето на ГШ, а раководењето на Округот се пренесува врз Окружниот комитет; 4. Престанок на функциите на горските началства, нивните ингеренции се пренесуваат врз постојните раководни центри (со исклучок на реоните каде што тоа не е можно); 5. Во сила стапуваат Уставот и Правилникот на Организацијата од пред Востанието; 6. За ревизија на Организацијата во Округот се предвидува формирање на специјална инспекција.[285]

Со ова Окружно управувањето и дејствувањето на Организацијата во Битолскиот округ е вратена во предвостаничката состојба. Со тоа, всушност, завршила активноста и овластувањето на Даме Груев во Главниот штаб. Набрзо потоа (пред Коледе) Д. Груев заминал за Битола за да го уреди Окружниот комитет.[286]

## 9. *Епилог*

Епилогот од Илинденското востание е поразителен. Според Х. Силјанов, за време на Востанието на територијата на Битолскиот вилает помеѓу востаниците и османлиската војска се одиграле над 150 судири во кои загинале 746 востаници.[287] Притоа во периодот од 20. VII/2. VIII до 20. IX/1. XI 1903 година во востанатите области во Битолскиот вилает (Битолско, Костурско, Леринско,

[285] Глигор Тодоровски, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, ГИНИ, XV/3, Скопје, 1971, 206-210; Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија..., 141-142. Во последнава публикација споменатиов документ е преведен од германски на македонски јазик, меѓутоа истиот претходно бил преведен од српски на германски јазик. При овие неколкукратни преводи споменатиот документ изгубил прилично од својата автентичност.

[286] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 16.

[287] Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 409.

Охридско и Кичевско) целосно или делумно биле опожарени 122 села со 8 646 куќи, а без покрив над главата останале 51 606 жители. Истовремено биле убиени или заклани 1779 луѓе, 2152 жени и моми биле изнасилени и обесчестени, а 37 пленети.[288] Севкупно за време на Востанието во Македонија во 1903 година настрадале повеќе од 16 околии со 201 населено место. Притоа биле изгорени над 12 400 куќи, без покрив над главата останале 70 836 лица, биле убиени 8 816 мажи, жени и деца, а повеќе од 30 000 луѓе ги напуштиле родните места.[289]

Евидентно, многу човечки и материјални жртви за достоинствени човекови права. Според Декларацијата на Организацијата испратена до претставниците на големите сили, Востанието имало за цел да го предизвика вмешувањето на големите европски сили во прилог на подобрување на положбата на христијанското население во Македонија.[290] За таа цел се бара: 1. Во согласност со големите сили назначување на еден главен управник – христијанин, којшто никогаш не ѝ припаѓал на турската администрација и кој при исполнувањето на своите обврски ќе биде независен од Високата порта; 2. Формирање на постојана колективна меѓународна контрола со широки права на санкции.[291]

Илинденското востание ги депласирало Февруарските (падарски) реформи од 1903 година и повторно го актуелизирало македонското прашање на дипломатски план. Токму во моментот кога ГШ прогласил демобилизација, балканските миротворци Русија и Австро-Унгарија ги усогласиле своите планови по ма-

288 Исто, 425.

289 М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., том втори, 507.

290 Х. Силянов, Освободителните борби..., том I, 355-356.

291 Исто, 356.

кедонското прашање. Оттука, во почетокот на октомври 1903 година произлегле познатите Мирцштегски реформи.[292]

Мирцштегската програма за реформи предвидува: меѓународна контрола при спроведувањето на реформите; реорганизација на османлиската жандармерија и полиција во Македонија со помош на странски офицери и под раководство на еден странски генерал во османлиска служба; за успешно спроведување на оваа мерка, територијата на Македонија да се подели на сектори помеѓу големите сили; откако ќе се констатира смирување на земјата, да се изврши административна реорганизација заради соодветно групирање на националностите; реорганизација на административните и судските институции во кои ќе се вклучат и христијани, со што ќе се овозможи развој на локалната автономија; формирање на мешовити комисии во вилаетските центри за разгледување на политичките и други престапи извршени во текот на Востанието; Високата порта да обезбеди финансиски средства за враќање на бегалците и ублажување на состојбата во најзагрозените краишта во текот на Востанието како опожарени и ограбени куќи, имот, цркви, училишта. Средствата за тоа да ги распределуваат мешовити комисии под контрола на конзулите на двете реформаторски земји (Русија и Австро-Унгарија); во опожарените христијански села населението се ослободува една година од сите даноци; власта се задолжува да ги спроведе претходните Февруарски реформи, со кои, меѓу другото, било предвидено и формирање на одделен финансиски буџет за трите маке-

---

[292] За целосниот текст на Мирцштегската програма за реформи види: Документи за борбата на македонскиот народ..., т. 1, 419-420. Опширно за Мирцштегските реформи види: Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија 1829-1909, том II-III, Скопје, 1984; истиот, Македонското прашање и реформите на големите европски сили, Скопје, 1989, 131-230.

донски вилаети, да ги распушти илавето и башибозукот и да забрани формирање на башибозучки одреди.

## 10. *Ставот на Груев кон Мирцштегските реформи*

Првичниот став на Даме Груев во врска со Мирцштегските реформи е изразен во Окружното на ГШ од 10/23. XII 1903 година.[293] Во него, Реформите се оценети како недоволни „бидејќи тие се ништожни пред целта што ја гониме. Секој знае, дека ние не се боревме за жандарми и падари, туку за премавнување на омразеното турско потисништво“.[294]

Нешто подоцна,[295] Даме Груев, откако ја проучил суштината на Реформите, издал еден циркулар до раководните тела во Битолскиот округ. Циркуларот содржи 12 поглавја. Во првите 8

[293] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 18-19

[294] Исто, 19.

[295] Ова Окружно во историографијата не е прецизно датирано. Покрај тоа, Окружното е претставено и анализирано парцијално. Види: Изъ архивата на Даме Груевъ, сообщава: Боянъ Мирчевъ, Ил. Илинденъ, год. 4, кн. 7 (37), София, 1932, 3-4; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 433-435; Даме Груев... (истражување и материјали)..., 36-39; Глигор Тодоровски, Становиштето на Внатрешната организација и на Дамјан Груев спрема воведуањето на реформи во Македонија, (Даме Груев во македонското националноослободително движење..., 163-164); Иван Катарџиев, Мирцштегските реформи од еден друг агол, (100 години Илинден 1903-2003, том I, Скопје, 2005, 124). Меѓутоа, според Ц. Билјарски, Окружното е издадено на 14 февруари 1904 година. Во варијантата од Окружното што е објавена кај Билјарски се изоставени првите осум точки во кои Груев ги претставува Мирцштегските реформи, а се дадени Инструкциите за поплаките на населението и дополнителните образложенија за раководителите на Организацијата. Види: Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 225-227; Даме Груев - живот и дело..., II част, 617-620.

поглавја е презентирана Мирцштегската програма за реформи. Останатите 4 поглавја претставуваат упатства за жалби и барања на населението до странските претставници во реформскиот процес. Тие се групирани во 4 подрачја: 1. Беззаконија на полицијата, жандармеријата и војската; 2. Беззаконие во правосудството; 3. Беззаконие во финансискиот оддел; 4. Промени во државното устројство и елиминирање на постојните неправди.[296]

Во поглед на беззаконието манифестирано од страна на полицијата, жандармеријата и војската - населението се поттикнува да се жали поради: приведување без причина; тепање; убиства; обесчестување; пречки при патувањето и трговијата; насилството врз религиозните и националните чувства; фаворизирање на разни пропаганди од страна на власта за да се предизвика раздор меѓу населението; заштита од страна на власта на насилниците – муслимани; разоружување на муслиманското население или да се дозволи слободно носење на оружје и за христијаните; жалби против бесплатната исхрана за војската и башибозукот; против ангаријата; непочитувањето на неприкосновеноста на живеалиштето и неоснованите претреси по куќите, училиштата и црквите.[297]

Втората категорија на жалби и барања се од правосудна природа. Овде населението се повикува да се жали против: тенденциозното задржување во затвор на невини луѓе; бавноста во судските процеси; пристрасните пресуди; грубото однесување на судските власти и непочитувањето на правата на обвинетите; лошите услови во затворите (храна, топлина, пренатрупаност, хигиенски услови, недостатиг на медицинска помош, лоша управа, малтретирање на затворениците христијани, отсуство на контрола и можност за поплаки).

[296] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 225-227.
[297] Исто, 225-226.

Третата категорија на жалби и барања се од финансиска природа. Во овој дел населението се повикува да се жали поради игнорирањето на неговото право да ги користи државните и општинските имоти и приходи како, на пример, за училишта и слично, иако и тие се даночни обврзници како и муслиманите; жалби против разните беззаконија при собирањето и распределувањето на даноците.[298]

Во четвртото поглавје предложените жалби и барања се насочени кон *„Промени во државното устројство"* и елиминирање на постојните неправди. Во таа смисла, населението се поттикнува да бара: изборот и назначувањето на државните чиновници да биде според националната пропорционалност на населението; истиот принцип да се примени и во полицијата и жандармеријата; уредување на селската полиција (стариот систем на фарии);[299] воспоставување на посебен буџет за земјата (Македонија); во државните институции, покрај турскиот јазик, да се воведе и *„народниот јазик на мнозинското население"*; укинување на цензурата; амнестија на политичките престапници и емигрантите (бегалци); враќање на разграбаниот имот и добиток во текот на Востанието; обнова на изгорените куќи, училишта и цркви во време на Востанието и финансиска помош за купување на добиток, земјоделски орудија и семе за пострадаsuccessiveното население; враќање на разграбаните земјишта од разни деребеи во минатото; премавнување на рушветот (корупцијата).[300]

---

[298] Исто.

[299] Повеќе за т.н. систем фахрии (фарии) види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 111-114.

[300] Даме Груев - Спомени. Кореспонденција..., 226-227. Посоченово упатство во практика било користено како урнек за поплаки од име на населението пред руските и австроунгарските претставници во Македонија. Така, мухтарот на Крушево - С. Кунов и азите: Веле Ст. Малко и Јован Марков на 7 мај (ст. стил) 1904 г., испратиле колективна жалба до руските и австроун-

Ако гледаме еднострано, паѓа во очи дека жалбите и барањата третираат прашања од безбедносен, правен, социјален, економски, хуманитарен, културен, религиозен и политички карактер. Тие се насочени кон воспоставување на правната држава и елиминирање на верската и националната дискриминација. Меѓутоа, гледано од друга страна евидентно е дека Груев воопшто не го поставул прашањето за автономија и премавнување на османлиското господство. Оттука и прашањето кои се мотивот и целта на циркуларот? Едноставно, циркуларот имал за цел да го натера населението *„од сите краишта на нашата татковина"* да истапи со еднакви барања и протести пред меѓународните контролори за побрзо да се компромитират реформите. Таквиот однос произлегува од ставот на Д. Груев дека Организацијата *„нема да ги прифати или отфрли новите австро-руски реформи ...* (*таа ќе б.н.) ги игнорира наполно"*, бидејќи *„тие не задоволуваат ниту едно од нејзините барања"*.[301] Понатаму во образложението се појаснува дека реформите немаат за цел подобрување на положбата во Македонија, туку да го одложат конечното решавање на прашањето. Освен тоа, во циркуларот се прејудицира дека овие реформи ќе пропаднат како и сите дотогашни. Токму затоа, Д. Груев смета дека Организацијата треба да го забрза нивното компромитирање, меѓу другото и со бројните поплаки и жалби на населението.

---

гарските цивилни претставници во Битола, Скопје и Солун. Во жалбата речиси буквално се акцептирани укажувањата од Упатството на Д. Груев. На крај подносителите на жалбата истакнуваат дека доколку кон прифатените реформи се земат предвид и нивните поплаки и барања *„тогаш можеме да се надеваме дека ние под непосредната Ваша просветена контрола ќе заживееме почовечки живот, каков што прилега во сегашниот дваесети век - век на цивилизацијата, хуманоста и мирот"*. (Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 189-192).

[301] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 227.

На крајот, се појаснува дека жалбите и барањата треба да се процесуираат преку егзархиските црковни општини, додека општите барања и поплаки треба да бидат покренати од претседателите на црковните општини во координација со луѓето на Организацијата. Истовремено, се појаснува и се предупредува дека црковните општини треба да се искористат само за процесуирање на барањата и жалбите, но никако да не се постапува според нивните диктати, бидејќи *„Егзархијата има свои стремежи, а Организацијата сосема други"*. Притоа, изрично се потенцира на никој начин да не се пробие информацијата дека таквите инструкции доаѓаат од страна на Организацијата бидејќи *„таа има свои стремежи - полна автономија"*.[302]

Таквиот однос кон реформите, всушност, станал и официјален став на Организацијата. Игнорантскиот однос на Организацијата кон Мирцштегските реформи е последица на отсуството на политичко крило со дипломатски манири и рационален прагматизам. Мирцштегските реформи, покрај своите недостатоци, претставуваат почеток на директно европско мешање во решавањето на македонското прашање. Меѓутоа, поради својот игнорантски однос кон реформите, Организацијата ја пропуштила можноста да стане конструктивен чинител во тој процес.

[302] Исто.

# IX
# Крстопат

## 1. *Положбата во ТМОРО по Востанието*

ТМОРО по Илинденското востание се нашла на крстопат. Во овој период на површина избиле сите недостатоци на централистичкото управување на Организацијата. Поуките од Илинденското востание неминовно воделе кон отворање на процесот на демократизација во македонското ослободително движење. Главни протагонисти на таквата концепција биле критички настроените кадри уште при носењето на одлуката за востание. Поразот на Востанието и тешките последици од него биле аргумент што одел во нивен прилог. Оттука, периодот по Востанието (од крајот на 1903, па до Рилскиот конгрес октомври 1905 г.) бил исполнет со бројни средби, советувања, околиски и окружни конгреси, при што главна тема било идното устројство на Организацијата.

Во овој период Организацијата требало да ја надмине „консторнацијата од Илинденската голгота, да ги залечи илинденските трауми, да ја консолидира сопствената мрежа, и да отвори нови перспективи“.[1] Сето тоа требало да се одвива во услови на сло-

---

[1] Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 19 (45), Скопје, 1992, 83.

жена констелација на внатрешно-организациски односи, кога покрај примарниот, османлиски непријател, Организацијата требало да се соочи со новиот вооружен курс на соседните балкански пропаганди.

По Востанието, најголем дел од раководниот кадар на ТМОРО заминал за Бугарија. Само од Битолскиот револуционерен округ таму се нашле над 150 дејци.[2] Оваа бројка сигурно се дуплира, а можеби и триплира – ако се земат предвид дејците од другите окрузи.[3]

Оттука, не случајно, во Софија биле одржани првите повостанички советувања на Организацијата. Собирањата започнале кон крајот на декември 1903 г. и продолжиле до почетокот на февруари 1904 година. На советувањата учествувале повеќе истакнати раководители, реонски војводи, окружни и околиски началници и други. Притоа се искристализирале две концепции: конзервативната предводена од Христо Матов и реформско-демократската, предводена од серчани.[4] Конзервативците се застапува-

---

[2] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 202.

[3] Манол Пандевски, ВМРО и неоврховизмот, Скопје, 1983, 67. Од поистакнатите дејци, во Софија се нашле: Борис Сарафов, Ѓорѓи Поп Христов, Јане Сандански, Димитар Стефанов, Христо Чернопеев, Михаил Герџиков, Никола Пушкаров, Пандо Кљашев, Васил Чекаларов, Михаил Николов, Славко Арсов, Сава Михајлов, Добри Даскалов, Пешо Самарџиев, Смиле Војданов, Лазар Димитров, Александар Чакаров, Никола Андреев, Аргир Манасиев, Мише Развигоров, Сандо Китанов, Димитар Мирчев, Славчо Ковачев и др. (Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 55-58). Од поистакнатите дејци единствено Никола Карев се префрлил во Белград. Меѓутоа, подоцна по налог на Организацијата и тој отпатувал во Софија. (Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 84).

[4] Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 84.

ле за старите централистички принципи во Организацијата, допуштајќи мали козметички модификации. Дотогаш реформско-демократската групација ги афирмирала демократските принципи и децентрализацијата во Организацијата.



Портрет на Димо Хаџи Димов

На советувањата триумфирала реформско-демократската концепција. Оттаму произлегла познатата „Директива за идната дејност на Организацијата", со „Упатства кон Директивата". Тие биле изработени од посебна комисија, во состав: Димо Хаџи Димов, Димитар Мирасчиев и Димитар Стефанов.[5] Во првата одредба од „Директивата" се потенцира дека „Востанието не треба да се предодредува и натура од одделни личности", туку „тоа треба да се диктира, главно, од внатрешните услови на развојот на Организацијата".[6] Во втората одредба од „Директивата" се вели: „Во иднина, без да се определува моментот на Востанието, треба да се работи за закрепнување и засилување на Организацијата".[7] Во „Упатствата" кон „Директивата" решението на македонското прашање се гледа преку оформување на Македонија како самостојна политичка единица во рамките на една балканска федерација.[8] Затоа се препорачува агитацијата да се води врз интернационална основа, со тенденција за неутрализирање на ривалските пропаганди, како и обединување на македонското население околу општиот идеал

[5] Димо Хаџи Димов, Одбрани дела, редактор: Манол Пандевски, Скопје, 1984, I, 24.

[6] Исто, 212.

[7] Исто.

[8] Исто, 216-217.

на Организацијата. На тој начин би се избегнала опасноста од поделба на Македонија од заинтересираните балкански држави.

Со оглед на неформалниот карактер на советувањата во Софија, „Директивата“ нема сила на обврзувачки документ. Независно од тоа, таа имала значајно влијание врз понатамошната организациска ориентација.

Од друга страна, во овој период ЦК на ТМОРО не покажал авторитет, ниту пак капацитет да го координира и раководи движењето. Впрочем, улогата на ЦК била маргинализирана уште во текот на драматичната 1903 година. Обидите за негово рекомпонирање не ги дале очекуваните ефекти. Во почетокот на 1904 година во составот на ЦК се нашле: Христо Поп Коцев, Борис Мончев, Петар Поп Арсов, Александар Димитраков, Иван Сапунаров, Димитар Влахов и Кирил Прличев.[9] Со исклучок на Петар Поп Арсов, во ЦК се нашле второстепени личности без соодветен авторитет да одговорат на висината на задачите.

Работата на ЦК била парализирана поради подвоеноста меѓу неговите членови, прекинатите врски со окружните и околиските комитети, некомплетните раководства, непотчинувањето на одделни реони на ЦК и затегнатите односи со Задграничното претставништво.[10] Оттука, ЦК имал минорна и ефемерна улога. Неговото распаѓање било само прашање на денот. Тој процес започнал со повлекувањето на Иван Сапунаров и Александар Димитраков.[11] Веднаш потоа, поради „некакви принципиелни разлики“ се повлекол и Кирил Прличев, кој „едвај ја разбрал разли-

[9] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина на 1904 година, ГИНИ, г. V/2, Скопје, 1961, 258-270; Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 88; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 94.

[10] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 95-97.

[11] Исто, 97.

ката помеѓу врховистите и централистите... последните ич не му се по негов ќеиф".[12] Во март 1904 година од работата на ЦК се повлекол и Петар Поп Арсов.[13] Така, во ЦК активни останале само Борис Мончев и Димитар Влахов. Тие, согледувајќи ја безизлезната состојба на 13/26. IV 1904 година донеле одлука за самораспуштање на ЦК и негово трансформирање во Солунски окружен комитет.[14] Меѓу бројните причини за самораспуштањето на ЦК го навеле и „сепаратистичкото работење на битолчани", кои „издаваат циркулари, а ние овде по еден месец и од туѓи луѓе ќе чуеме за некаков битолски циркулар".[15] Двајцата претставници на ЦК на крај од писмото велат: „Ако ние досега сме функционирале како ЦК, тоа беше по неволја. Самите ние никогаш не сме се почувствувале на местото добро".[16] Оттогаш па сè до Рилскиот конгрес (октомври 1905 г.) Организацијата вегетирала без Централен комитет. Во овој период се засилил окружниот партикуларизам, кој бил промовиран уште за време на Смилевскиот конгрес со формирањето на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ.[17] Доминацијата на центрифугалните над центрипеталните сили во Организацијата била евидентна.

Во истиот период, Задграничното претставништво узурпирало права, кои според Уставот и Правилникот не му припаѓале.[18] Х. Матов и Х. Татарчев во јануари 1904 година, во договор со

[12] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 263.
[13] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 97.
[14] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 267-270.
[15] Исто, 269.
[16] Исто, 270.
[17] Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 87.
[18] Исто, 88.

Димитар Стефанов, Димитар Мирасчиев и Георги Поп Христов, предложиле формирање на Привремен раководен центар со широки овластувања, во состав: Даме Груев, Пере Тошев и Ѓорче Петров. Ова тело требало да игра улога на Централен комитет, а постојниот ЦК да се трансформира во Централно биро со подредена маргинална улога.[19] Привремениот раководен центар требало да егзистира до идниот општ конгрес.

Во меѓувреме, Ѓорче Петров, кој илегално престојувал во Битола, го лансирал предлогот Даме Груев да го преземе Солунско, Пере Тошев - Скопско, а самиот тој (Ѓ. Петров) Битолско. Меѓутоа, оваа иницијатива била погрешно протолкувана, па Ѓорче се нашол во тотална изолација. Револтиран од таквиот однос, Ѓ. Петров ја напуштил Битола и заминал за Прилеп.[20] Ѓ. Петров воопшто не бил консултиран кога Даме Груев, Анастас Лозанчев, Пере Тошев, Павел Христов, а веројатно и Аце Дорев, ја донеле одлуката за реактивирање на Битолскиот окружен комитет.[21] Сепак, нешто подоцна, најверојатно во втората половина на јануари 1904 г., во с. Селце (Прилепско) дошло до средба меѓу Даме Груев, Пере Тошев и Ѓорче Петров.[22] Дводневната средба минала во меѓусебни расправии и обвинувања, при што на површина избиле крупните разидувања меѓу Даме Груев и Ѓорче Петров.[23]

---

[19] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 253; Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 88-89.

[20] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 203-204.

[21] Исто, 205; Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 86.

[22] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 204-205.

[23] Ѓ. Петров го обвинувал Д. Груев како единствено одговорен за Востанието и дека го држи во изолација. Д. Груев тврдел дека Ѓ. Петров сам се изолирал, бидејќи се опкружил со опозиционо настроени луѓе и дека со тоа настојувал да прави политика. (Даме Груев. Живот и дело..., I част, 268).

По неколку советувања на кои учествувале Даме Груев, Пере Тошев, Анастас Лозанчев, Павел Христов и Аце Дорев, Битолскиот окружен комитет во почетокот на февруари 1904 година одговорил на неколку писма на Задграничното претставништво.[24] Притоа, Битолскиот окружен комитет изразил „незадоволство од пасивноста на некои окрузи за време на Востанието“ и го осудил „духот на децентрализацијата“ што се пројавил во Организацијата. Истовремено, била одобрена идејата за свикување на „конгрес внатре во Македонија“. Покрај тоа, била прифатена неопходноста за „преустројство на Централниот комитет“. Потребата од подвижен Централен комитет била прифатлива откако ќе се формираат ревизорските чети. Што се однесува на ревизијата на сметките и делата на Задграничното претставништво, градските раководства, горските началства и војводите, се предлага тие да се оставaт во надлежност на ЦК. Битолскиот окружен комитет категорично се изјаснил против иницијативата од српска страна за зближување и соработка. Во поглед на идната дејност на Организацијата, се определиле „во духот на *старата програма*, откако ќе се засилат подготовките за терористички дејства“.[25]

Во истиот период, Битолскиот окружен комитет презел иницијатива за превртување на патријаршиските села во егзархиски.[26] Секако, главен иницијатор на таквата тенденција бил П. Тошев, но за тоа неминовен бил и благословот од Д. Груев.[27]

---

[24] Константин Пандев, Документи за македоно-одринското националноосвободително движение от архивата на Димитър Стефанов, Исторически преглед, XXXVIII/6, София, 1982, 109-110.

[25] Исто, 110.

[26] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 255; 257.

[27] Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 90.

Во почетокот на март 1904 година, Битолскиот окружен комитет го коригирал својот став по прашањето за подвижен Централен комитет и се изјаснил за постојниот ЦК на чело со Христо Поп Коцев.[28] Евидентно е дека одлуките и ставовите на Битолскиот окружен комитет во тоа време биле под силно влијание на авторитарниот Д. Груев, кој упорно настојувал за конзервирање на стариот централистички дух во Организацијата.

Д. Груев, сметајќи дека го осигурал своето влијание во Битолскиот округ, се одлучил на обиколка во Солунскиот револуционерен округ. Кон крајот на февруари 1904 година, Д. Груев во придружба на Ѓакон Евстатиј ја напуштил Битола. Во период од три месеци ги обиколил: Леринско, Воденско, Гуменџиско, Ениџевардарско, Солунско, Гевгелиско, Тиквешко и Прилепско.[29] Според А. Крал (австроунгарски конзул од Битола), Д. Груев само во Солун престојувал илегално „преку 14 дена".[30] Оваа обиколка претставува своевидна кампања во пресрет на идниот општ конгрес за зацврстување на Груевото влијание и стариот централистички принцип.

Додека Д. Груев обиколувал во Солунско, на 13/26. IV 1904 година дошло до самораспуштање на Централниот комитет.[31] Речиси во исто време во Струмичкиот округ бил одржан првиот поилинденски конгрес. Истиот ја осудил дотогашната централизација во Организацијата и прокламирал широка децентрализаци-

---

[28] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 257.

[29] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 16; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 209-210; Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија..., 208.

[30] Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија..., 208.

[31] Изгледа во самораспуштањето на ЦК своите прсти ги вмешал и Ѓорче Петров. Види: В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 97.

ја. [32] Истовремено, Струмичкиот округ изгласал недоверба на Х. Матов и Х. Татарчев, а за нови задгранични претставници ги препорачал Димитар Стефанов и Пере Тошев.[33] Струмичкиот окружен конгрес минал под влијание на советувањата во Софија и усвоената „Директива“. Со овој Конгрес бил отворен процесот на децентрализација и демократизација во ТМОРО. Секако, тоа ги охрабрило демократско ориентираните сили во Битолскиот револуционерен округ. Потврда за тоа претставува фактот што Протоколот од Струмичкиот окружен конгрес е пронајден во архивата на Христо Узунов.[34]

## 2. *Прилепскиот подвижен конгрес на Битолскиот револуционерен округ*

За време на Груевата обиколка на Солунско, во Битолскиот округ дошло до консолидација на реформско ориентираните сили. Меѓу нив „се појавило јако незадоволство од Дамевата тенденција да ја воспостави старата положба и да ги централизира работите во свои раце. Даме не можеше да разбере дека веќе не сме свето евангелие“.[35] Во отсуство на Д. Груев било иницирано одржување на окружен конгрес на кој се разгледало прашањето за идното устројство и дејност на Организацијата. Главни иницијатори за свикување на Конгресот[36] биле Христо Узунов и Ѓорѓи

[32] Ванчо Ѓорѓиев, Струмичкиот окружен конгрес на ТМОРО од 1904 година, Историја, XLI/1-2, Скопје, 2005, 69-76.

[33] Исто, 76.

[34] В. Ѓорѓиев, Струмичкиот окружен конгрес на ТМОРО..., 69.

[35] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 209.

[36] Исто; Революционната борба в Битолския окръг, Спомени на Георги п. Христов, София, 1953, 51-52; Димитар Димески, Некои аспекти на маке-

Сугарев. Тие биле поткрепени од Пере Тошев и штотуку вратениот од Софија, Ѓорѓи Поп Христов.

Прилепскиот конгрес започнал со работа во втората половина на мај и траел до средината на јуни 1904 година. Од безбедносни причини, работата на Конгресот се одвивала низ повеќе прилепски села: Беловодица, Дрен, Смолани, Царевиќ, Топлица, Тројаци, Плетвар, Ореовец, Крстец, а завршил на планината Борула.[37] Поради постојаното движење на учесниците на Конгресот истиот уште се именува и Подвижен конгрес.

Во работата на Прилепскиот конгрес учествувале 13-мина револуционери, меѓу кои и водечките лидери од Битолскиот округ: Даме Груев, Ѓорче Петров и Пере Тошев. Покрај нив, присутни биле: Ѓорѓи Поп Христов, Ѓорѓи Пешков, Петар Ацев, Јордан Тренков, Христо Узунов, Никола Каранџулов и Ѓорѓи Сугарев од Битолскиот округ. Освен нив, на собирот учествувале и Добри Даскалов и Пешо Самарџиев (двајцата од Тиквешко) како претставници од Солунскиот округ, и Стефан Димитров (Велешко) од Скопскиот округ.[38]

На Конгресот не дошле Груевиот приврзаник Павел Христов и разболениот Анастас Лозанчев, бидејќи сметале дека собирот е насочен против нив.[39] Сериозна опструкција на почетокот на Конгресот се обидел да изврши и Даме Груев,[40] „изигрувајќи на-

донската националноослободителна борба во Прилепскиот регион 1895-1944, (приредил: Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев), Скопје, 2007, 178.

[37] Д. Димески, Некои аспекти..., 178.

[38] Исто, 187; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 210-211; Революционната борба в Битолския окръг..., 86; Даме Груев. Живот и дело..., I част, 270, част II, 640; Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 274.

[39] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 211.

[40] Д. Димески, Некои аспекти..., 178.

вредена величина“ и инсценирајќи судир со Ѓорѓи Пешков. Според Ѓ. Петров, Груев своето негодување го мотивирал со фактот што Конгресот бил свикан без негова согласност, а „всушност Конгресот му беше непријатен“.[41] Според П. Ацев, Д. Груев дури побарал курир за да го напушти собирот и да замине за Битолско.[42] Меѓутоа, од таквата намера бил одвратен од Христо Узунов, П. Ацев и Н. Каранџулов. Сепак, таквата постапка на прагматичниот Д. Груев повеќе треба да се сфати како тактичка маневра, а не како вистинска намера. Најдобра потврда за тоа е неговата тенденција со конструктивен приод да ги протежира, до каде што може, своите ставови на Конгресот.

Според Ѓ. Петров и П. Ацев, средбата имала другарски карактер, па затоа немало формалности како избор на претседател, секретар и слично, па дури ниту дневен ред. Оттука, третираните прашања требало да се оформат како предлози до целата Организација, како појдовна основа за идниот општ конгрес.[43] Меѓутоа, според Г. П. Христов, за претседател на Конгресот бил избран Даме Груев, а за секретар Христо Узунов.[44]

---

[41] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 211.

[42] Даме Груев. Живот и дело..., I част, 270-272. Д. Груев својата постапка ја мотивирал со агитацијата што се водела против него. Како доказ за тоа Д. Груев поседувал едно писмо од Ѓорѓи Пешков до Михаил Чеков (раководителот во Екши-Су), а зад кое наводно стоел Ѓ. Петров. Содржината на писмото била во смисла дека Организацијата треба да се ослободи од раководители кои експериментираат со ослободителното дело. Притоа се алудирало на Даме Груев. Оттука, М. Чеков при средбата со Груев за време на неговата обиколка му се обратил со зборовите „Уште ли правиш експерименти со Организацијата?“ и му го предал писмото на Груев. (Исто, 271).

[43] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 211; Даме Груев. Живот и дело..., I част, 272.

[44] Революционната борба в Битолския окръг..., 87.

На овој Конгрес биле спротивставени две концепции за идното устројство на Организацијата. Даме Груев се залагал за стариот, централистички поредок во Организацијата. Меѓутоа, освен Петар Ацев,[45] на негова страна не застанал „никој од повидните“.[46]

Наспроти тоа, на Конгресот триумфирал демократскиот дух што бил застапуван од Пере Тошев, со силна поддршка од Ѓ. Петров. Кон оваа опција клонеле мнозинството учесници. Пере Тошев понудил проект-правилник, кој бил заснован врз демократски принципи и изборни начела. Според овој концепт, „мистериозната централизација“ била заменета со децентрализација од највисокиот раководен орган (ЦК), па сè до селските комитети. Притоа се предлагал сложен механизам за високите раководни институции. Таквиот концепт давал можност за повеќе иницијативи од поширок круг на раководители.[47] Овој проект-правилник, именуван како Образец I, бил поддржан од мнозинството учесници.

На овој концепт се спротивставил Даме Груев. Првичниот проект-предлог на Д. Груев се потпирал на старите принципи. Поради отсуство на изборниот принцип, Груевиот концепт не бил прифатен,[48] бидејќи веќе никој не сакал „да слушне за старата централизација“.[49] Прагматичниот Даме Груев, откако увидел дека тој е на страната што губи, „многу отстапи, немаше што да прави: старата наредба беше изгубила секаков авторитет“.[50] Така

[45] П. Ацевъ, Съ Пере Тошевъ до София, Ил. Илинденъ, X/6 (96), София, 1938, 9.

[46] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 212.

[47] Исто, 211-212.

[48] Революционната борба в Битолския окърг..., 58.

[49] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 212.

[50] Исто.

произлегол вториот (Груев) проект-правилник, познат како Образец II, кој во основа не бил „ништо друго, освен првиот проект, само во поумерена форма“.[51] Всушност, Груевиот проект не бил готов до крајот на Конгресот. Нему му биле оставени време и можност, откако ќе го доврши проект-правилникот, заедно со првиот проект да биде доставен до другите окрузи на разгледување.[52] Двата проект-правилника (Образец I и Образец II) подоцна, со посредство на Ѓ. Петров, биле испратени во Софија до Борис Сарафов, кој ги испечатил.[53]

На Конгресот со свој проект за идното устројство на Организацијата дошле и тиквешките делегати.[54] Меѓутоа, со оглед на постојната констелација, нивниот проект не изборил место во конгресните дискусии. Освен тоа, на Прилепскиот конгрес бил изработен и нов Правилник за четите.[55] Согласно новоусвоениот правилник за четите, за ревизори на четите во Битолскиот револуционерен округ биле назначени: П. Ацев и Н. Каранџулов за Прилепско и Мариовско; Х. Узунов за Охридско, Струшко и Кичевско; Ѓ. Сугарев за Битолско, Демирхисарско и Ресенско, а Г. Поп Христов за Костурско и Леринско.[56]

На Конгресот било поставено и прашањето за односот на Организацијата кон странските пропаганди, особено кон српска-

---

51 Исто.

52 Даме Груев. Живот и дело..., I част, 275; II част, 639-641.

53 Д. Димески, Некои аспекти..., 181; 189.

54 Даме Груев. Живот и дело..., I част, 268. Фрагменти од овој проект се публикувани од страна на Х. Матов. Види: Хр. Матов, За управлението на Вѫтрѣшната организация, 1926, 119-130.

55 Г. П. Христовъ, Окрѫжния конгресъ въ Прилепско през 1904 година, Сб. Илинденъ, 1903-1922, София, 1922, 101; Революционната борба в Битолския окърг..., 88.

56 Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи, 1878-1944, т. 3, София, 1997, 40.

та и грчката. По ова прашање дошло до остар судир помеѓу П. Тошев и Ѓ. Петров.[57] П. Тошев се залагал за превртување на србоманските и гркоманските села во егзархиски и во тој контекст да се влезе во отворена борба со српската и грчката пропаганда. Наспроти тоа, Ѓ. Петров бил категорично против, бидејќи Организацијата би се нашла во улога на поддржувач на Егзархијата, а следствено и на бугарската пропаганда. Сепак, тоа прашање останало отворено.[58] Интересни информаци за тоа прашање нуди едно писмо на Јордан Тренков од 18. VI (ст. стил) 1904 година.[59] Ј. Тренков, кој го застапувал гледиштето на П. Тошев, за ставот на Ѓ. Петров пишува: „*Тој (Ѓорче б.н.) наоѓаше дека строго осудувачки било за нас патриотите - револуционери да стануваме агенти на Егзархијата и на бугарската влада, кои никогаш, никогаш не го сакале нашето ослободување, туку просто се стремеле за постигање на државни цели... тој отиде до таму, што напомна како многу пати бугарските митрополити, Егзархијата, министрите во София и самиот Кнез биле многу поопасни за нашето дело, отколку самите Турци. Во заклучокот тој предложи еднакво да ги истребуваме бугарските, српските и грчките конзули и митрополити како директни предавници и вистински виновници за националните расправи*“.[60]

Според Ѓ. Петров, Д. Груев по тоа прашање „измрдуваше“.[61] Меѓутоа, според веќе споменатото писмо од Ј. Тренков, Д. Груев во почетокот ги поддржувал ставовите на П. Тошев, но отпосле го променил ставот. Д. Груев „не го оспоруваше самиот принцип, но бидејќи сме немале тактички луѓе за борба против

[57] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 212.
[58] Исто.
[59] Централен државен исторически архив (ЦДИА) - София, ф. 3, оп. 8, а.е. 677, л. 4-12.
[60] Исто, л. 1.
[61] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 212.

пропагандите, не требало да ја прифатиме таа борба, за *да не нè обвини надворешниот свет за национализам и со тоа да го потопиме авторитетот на Организацијата"*.[62]

П. Тошев на Конгресот го поставил и прашањето за економската борба на Организацијата. Тој поаѓал од финансиската истоштеност на македонското население која била последица од лошата економска политика на државата, но и поради финансирањето на Организацијата. Затоа, П. Тошев предложил Организацијата да преземе мерки за економско закрепнување на населението со ангажирање луѓе што го познават селското стопанство и кои со совети ќе придонесат за развој на доходовните дејности, како одгледување свилена буба, лозарството, овоштарството, пчеларството и слично.[63]

Освен тоа, П. Тошев го поставил и прашањето за народната просвета. Притоа, потенцирал дека државата не била заинтересирана за образованието, а Егзархијата, и покрај многуте потрошени пари ,не придонела за развој на просветата, особено по селата. Тој сметал дека Организацијата преку четите треба да наложи задолжително основно образование, а тогаш „нема да се најде ниту еден татко, кој не ќе ја исполни оваа заповед".[64] Меѓутоа Ѓ. Петров и Д. Груев сметале дека тоа е еволуционо прашање кое нема ништо општо со револуцијата.

На Конгресот било разгледано и прашањето за легалната борба, во смисла за искористување на постојните законски норми во Османлиската Империја за подобрување на положбата на христијанското население. Сепак, тоа прашање не било разгледано во подробности, туку се зборувало принципиелно.

---

[62] ЦДИА, ф. 3, оп. 8, а.е. 677, л. 2.
[63] Исто, л. 4-5.
[64] Исто, 6-7.

Откако биле претресени општите прашања, по завршувањето на Конгресот Д. Груев, Ѓ. Петров и П. Тошев се позанимавале и со организациските проблеми во Прилеп, каде што членството било подвоено на два спротивставени табора.[65]

По завршувањето на Конгресот, Д. Груев заминал за Битола. Нему му било оставено од името на Битолскиот окружен комитет да ги подготви и прати до останатите околии и окрузи двата проект-правилника. Согласно тоа, на 25. VI (ст. стил) 1904 г., Даме Груев од името на Битолскиот окружен комитет пратил Окружно до окружните и околиските раководители, како и до Задграничното претставништво, со кое им се дава рок до 1/14 август 1904 г., да се произнесат по двата проект-правилника што биле пратени во прилог.[66] Тие своите забелешки требало да ги достават до т.н. Проверително биро, кое би го сочинувале 6 члена (по еден од секој округ). Проверителното биро врз основа на двата проекта и доставените забелешки требало да подготви привремен Правилник за Организацијата, кој ќе биде во функција до одржувањето на општиот конгрес на кој би се изработил постојан Правилник.

Несомнено, на Прилепскиот конгрес биле отворени многу прашања што биле последица на напластените проблеми во Организацијата. За некои од нив не бил изграден заеднички став, а други, пак биле само поставени. Притоа, дошле до израз различните ставови и погледи помеѓу водечките личности во Битолскиот револуционерен округ. Независно од спротивставените мислења по круцијалните прашања, на Конгресот преовладал демокра-

---

[65] Исто, 9-10. За споменативе настани во Прилеп Види: Даме Груев. Живот и дело..., I част, 275-276.

[66] Љ. Лапе, Проект правилници донесени на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителните забелешки на Ѓ. Петров, ГИНИ, XVII/1, Скопје, 1973, 202-204; Даме Груев. Живот и дело..., I част, 639-673.

тскиот дух. Најдобра илустрација за тоа се двата проект-правилника (Образец I и Образец II). Прилепскиот конгрес, меѓу другото, покажал дека поминало времето на неприкосновени авторитети и величини во Организацијата,[67] независно од нивниот поранешен статус и придонес во македонското ослободително дело. Тоа, пак, ги иритирало нивните суети и ги турнало во бескомпромисна борба и непринципиелни коалиции за сметка на кохезиониот фактор, а во прилог на продлабочување на кризата во македонското ослободително движење. Идните настани се најдобра потврда за тоа.

## 3. *Заложничката одисеја на Даме Груев кај просрпскиот војвода Мицко*

3.1. Илинденското востание и Мирцштегските реформи го актуелизирале македонското прашање на меѓународен план. Тоа било јасен сигнал за соседните балкански држави дека при други, евентуално, поволни меѓународни околности, расплетот на македонското прашање може да тргне по самостоен пат,[68] спротивен

---

[67] Австроунгарскиот конзул во Битола, А. Крал, во извештајот од 21. VII 1904 г., до министерот за надворешни работи, грофот Агенор фон Голуховски, известувајќи го за Прилепскиот конгрес меѓу другото пишува: „Здружувањето имаше за цел, спрема еден предлог од Пере Тошев и Ѓорче Петров, исто така *да се ограничи скоро диктаторската власт, со која Дамјан Груев располагаше од времето на последното востание, и се постави важните решенија од сега никогаш да не бидат припремани само од него, ами од собир*“. (Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија..., 232-233).

[68] Рускиот дипломатски претставник во Париз во еден извештај од април 1904 година, анализирајќи го можниот расплет на македонското прашање, пишува дека, според него, најдобро решение би било Македонија да

од нивните интереси. Оттука дошла промената на курсот во нивната пропагандна политика. Дотогашната црковно-просветна пропаганда била заменета со вооружена. Србија и Грција, не сакајќи да го разберат и прифатат македонскиот карактер на ослободителното движење, истото го третирале како бугарско движење кое ги загрозува нивните интереси во Македонија. Со таквиот пристап несвесно го потхранувале овој нереален факт, со што уште повеќе ги засилувале самоувереноста на Бугарија и нејзините аспирации на поголемиот дел од Македонија. Поради тоа, самите се нашле во ситуација да не можат да го пренебрегнат споменатиот момент во нивните делбенички комбинации за Македонија. Затоа, пристапиле кон промена во пропагандното дејствување. Притоа, дотогашната црковно-просветна пропаганда била заменета со вооружена, преку испраќање на чети во Македонија. Со

---

добие автономија на чело со еден христијански Генерал - Губернатор. Овој став го поткрепува со фактот што најголем дел од населението во Македонија бил Славјанско, од кое повеќето е поблиску до Бугарите, отколку до Србите, а додека Грците населувале незначителни региони покрај морскиот брег. Имајќи ги предвид етнографските услови тој е против поделба на Македонија и се залага за зачувување на нејзината севкупност и предлага воведување на широка самоуправа врз основа на изборно народно претставништво со месни административни совети. Понатаму, тој истакнува дека „*сознанието за општоста на интересите на целокупноста на Македонските вилаети ќе ги доведе нив до слевање во едно цело, со создавање на единствено автономно Македонско Кнежество, чиешто Правителство нема да се стреми ни за присоединување кон Бугарија, ниту пак да му се потчини на грчкото влијание, ниту пак да ѝ противречи на австриската теорија за одбегнување на возникнувањето, врз урнатините на Турција на некаква голема обединета држава. Таквата Македонија, што според размерите малку би се разликувала од Грција, или од Бугарија, ќе служи за одржување на рамнотежата меѓу другите Балкански Држави, а ќе послужи, во секој случај, за востановување на Балканот на сопствено самостојно живеење, исклучувајќи ги сите други обиди за освојување*". (Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 114).

тоа, на вооружен начин најпрво требало да се заштитат и одбранат стекнатите позиции во Македонија, а потоа, по можност, и да се прошират. Така, во Македонија започнала „неофицијална граѓанска војна“, која била инспирирана од завојувачките мотиви на соседните балкански држави. Во оваа крвава драма, не по своја волја, и спротивно на своите програмски определби, било вовлечено и македонското ослободително движење. Ефектите од тоа биле поразителни како за македонското население, така и за ослободителното движење.

3.2. Во периодот (1901-1903 г.) Србија неколку пати безуспешно се обидувала да инсталира свои чети во Македонија.[69] Главна пречка притоа била ТМОРО, која не трпела паралелно постоење на туѓи чети на територијата на Македонија, кои агитираат и дејствуваат спротивно од интересите на Организацијата и под покровителство на други организации и институции од надвор. Сфаќајќи го тоа, Србија ја променила тактиката. Впрочем, уште пред Востанието, српската пропаганда констатирала дека: „треба и ние да формираме една чета и да се прати во Порече, па и од таа страна да бидеме сигурни“.[70]

За време на Востанието 1903 година, Србија од демагошки побуди ѝ понудила на Организацијата „секаква морална и материјална поддршка за ослободувањето на Македонија“ и побарала еден од задграничните претставници да замине за Белград како претставник на Внатрешната организација.[71] Во врска со тоа, Х.

[69] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 276-277; 279-280.

[70] Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, редакција и коментар: Љубен Лапе, Скопје, 1955, 165.

[71] Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903-1955, Скопје, 1953, 68.

Татарчев во едно писмо до Х. Матов од 20. VIII (ст. стил) 1903 г., пишува дека е неопходно еден од нив да замине за Србија за да се постигне разбирање *„но, врз основа на нашите принципи"*.[72] Очигледно, во овој драматичен период Организацијата загризала на српската јадица и влегла во преговори. Во врска со тоа, бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, во еден извештај пишува: „Во последно време во некои кругови на овдешната Внатрешна организација сѐ почесто и посериозно почнува да се зборува дека некои од началниците на таа Организација влегувале во преговори со српската влада или со некои кругови во Белград за здружно дејствување во Македонија".[73]

Кон крајот на ноември 1903 година, Задграничното претставништво го ополномоштило Борис Сарафов, кој се подготвувал за турнеја во Западна Европа, патем да стапи во преговри со срп-

---

[72] Исто, 67.

[73] ДАРМ, ф. БТА, Солун, мф. 100, No. 904, 26. XI 1903; Според А. Шопов, за таа цел за Белград патувал Иван Х. Николов, а од таму во Скопје доаѓале некои српски дејци по македонското прашање. Според Василие Трбиќ, во октомври 1903 г., се оддржала средба помеѓу претставници на ТМОРО и српската пропаганда. Од страна на ТМОРО учествувале 15 души, меѓу кои членовите на месниот комитет во Скопје, потоа Х. Матов, Милан Војницалиев, Петар Поп Арсов и Даме Груев. Додека од српска страна присуствувале: Воислав Трбиќ, Михајло Манчиќ и Светозар Томиќ. На средбата се расправало за евентуалните можности за соработка. Притоа не бил постигнат никаков договор. (Мемоари Василија Трбића, Војводе Велешког (1898-1918), Каиро 1944, део I, ракопис, АО. ИНИ, 40. На овие податоци од Трбиќ тешко може да се поверува, особено ако се има предвид фактот дека Д. Груев како член на ГШ во тоа време се наоѓал длабоко на територијата на Битолскиот округ. Можеби спомената средба се одржала во 1904 година, при ослободувањето на Д. Груев во Скопје од заложничката одисеја кај Мицко, но тогаш, пак, на средбата немало можност да учествува Петар Поп Арсов.

ските меродавни фактори во Белград.[74] Задграничното претставништво, бидејќи немало доверба во заткулисните постапки на рафинираниот Б. Сарафов, за негов придружник го определил Михаил Герџиков.[75] Меѓутоа, Б. Сарафов претходно на своја рака во Белград го испратил Матеј Геров да подготви терен за неговата мисија.[76] На тој начин, М. Герџиков во Белград се нашол во улога на изолиран придружник и набљудувач. Б. Сарафов преговорите ги водел од самостојна позиција, со тенденција во име на македонското дело да извлече средства за свои цели. Од овие надмудрувања Сарафов профитирал 40 000 динари.[77] За возврат, по препорака на Б. Сарафов, скопскиот војвода Боби Стојчев летото 1904 г. ја пропуштил во Западна Македонија србоманската чета на Глигор Соколов, која претежно била составена од месни македонски четници.[78]

Во меѓувреме, додека српските фактори манифестирале заинтересираност за соработка со ТМОРО врз база на „автономија на Македонија", истовремено го подготвувале теренот за регрутирање на првите српски чети во Македонија. Во таа смисла, српската страна дури предложила разграничување на сферите на дејствување за да се избегнат „недоразбирања".[79] Српските кругови оделе дотаму што предлагале *„во војнички поглед четите да се потчинуват на еден генерален штаб со претседател Груев, кому да се дадат за помошници српски и бугарски Македонци офицери"*. Се раз-

---

[74] Д-р Христо Татарчев, Спомени, документи и материјали..., 275-276.

[75] Исто; Въ Македония и Одринско, Спомени на Михаилъ Герджиковъ, съобщава Л. Милетичъ, София, 1928, 83-87.

[76] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 282-283.

[77] Исто, 288.

[78] Исто, 290-291.

[79] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 270.

бира, со тоа српската страна, всушност, купувала време за да ги инсталира своите чети во Македонија.[80]

Пролетта 1904 година, под покровителство на српскиот конзулат во Битола, била формирана првата српска чета во Македонија составена од месни луѓе. На нејзино чело застанал Мицко Крстевски/иќ Павловски од с. Латово.[81] Покрај него, се нашле уште 6-мина четници – сите месни србомани од Поречието. При екипирањето, вооружувањето и инсталирањето на Мицковата чета во Поречието директно учествувал Саватие Милошевиќ (службеник во српскиот конзулат во Битола).[82] Всушност, српската пропаганда во Поречието се вгнездила уште во осумдесеттите години на XIX век. Стратешката местоположба на Поречието нудела можност за пробив на српската пропаганда кон југозападните предели на Македонија.

---

[80] Исто, 270-271.

[81] Мицко бил стар арамиски војвода од с. Латово. Се прославил при прогонувањето на разбојникот Џемо. Во 1882 година Мицко бил осуден на доживотен затвор. Првобитно казната ја издржувал во солунскиот затвор, а потоа бил префрлен во Битола. Додека бил во битолскиот затвор, паднал под влијание на српската пропаганда која пројавила интерес за него. Со српско посредство тој бил амнестиран во 1901 година. За време на престојот во битолскиот затвор, Мицко се спријателил со Даме Груев. По излегувањето од затвор Мицко се ставил во услуга на српската пропаганда. Притоа, од 1901 до април 1904 година живеел во Битола, каде што бил издржуван од српскиот конзулат.

[82] На 18 април 1904 година Мицко ја напуштил Битола и преку Прилеп заминал кон Поречието, каде се поврзал со уште шестмина четници. Целата операција била организирана и раководена од Саватие Милошевиќ (службеник во конзулатот во Битола). С. Милошевиќ еден ден пред заминувањето на Мицко заедно со конзулскиот гаваз заминал за Прилеп, носејќи со себе 4 грчки пушки и една торба патрони за вооружување на четата на Мицко. Повеќе за тоа види: Коца, Четнички споменик, Војвода Мицко, живот и рад, Скопље, 1930, 36-44.



*Мицко Крстевски (иќ)*

3.3 Појавата на Мицковата чета и нејзината активност во полза на српската пропаганда веднаш го свртеле вниманието на Организацијата. Поради тоа, ТМОРО побарала објаснување од Белград, со кој преговорите за соработка сѐ уште биле во тек. Тамошните кругови, сметајќи дека е сѐ уште рано за симнување на маските, се обиделе да го изгладат проблемот. Притоа, со посредничка улога бил задолжен автономистот Георги Герџиковиќ (офицер во српската армија, родум Македонец од Гевгелиско и учесник во Востанието 1903).[83] Г. Герџиковиќ, заедно со Ѓ. Сугарев, се сретнал со Мицко и му сугерирал дека по наредба од Белград треба да се потчини на Организацијата или да ја распушти четата. Меѓутоа, набрзо потоа Мицко ја засилил дејноста и ја зголемил својата чета на 30 души.[84]

Оттогаш, поранешното нетрпение минало во отворено непријателство. Кон крајот на август 1904 година, Ѓ. Сугарев почнал да ја преследува четата на Мицко. Српскиот одбор во Битола ја проѕрел намерата и го предупредил Мицко, а истовремено му сугерирал да ја засили четата со нови луѓе.[85]

Во тоа време (втората половина на септември 1904 г.), Даме Груев се наоѓал во Дебарца. Потврда за тоа се трите последователни писма од 6/19, 7/20 и 8/21 септември 1904 година што Д.

[83] Коџа, Војвода Мицко..., 46; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 292.

[84] Исто; Ѓорѓи Димовски - Цолев, Ѓорѓи Сугарев, Битола, 1988, 73.

[85] Коџа, Војвода Мицко..., 48.

Груев ги пратил од Дебарца до Христо Узунов.[86] Притоа Д. Груев ги посетил селата: Врбјани, Кленоец, Попоец и Малкоец. Во исто време таму се наоѓал и Ѓурчин Наумов со својата чета.[87] Од Малкоец Д. Груев го поканил Х. Узунов на средба, при што пратил и курир по него.[88] Претходно, Груев го информирал Х. Узунов: „За Поречиeто ништо поново не сме дознале“.[89] Несомнено, оваа телеграфска вест алудира на србоманскиот војвода Мицко, за чие следење веќе бил задолжен Ѓ. Сугарев.



*Шифрирано писмо од Даме Груев до Христо Узунов*

Очигледно, во овој период во Дебарца дошло до значајна концентрација на раководниот и четничкиот кадар на ТМОРО од овој регион. По сѐ изгледа, овде бил скроен планот за систематско преследување и опколување на Мицко во Поречието. Најдобар показател за тоа е придвижувањето на споменатава групација кон Поречието. Така, нешто подоцна Христо Узунов се нашол во с. Големо Илино (Демирхисарско),[90] Ѓурчин Наумов - во Крушевско,[91] а Д. Груев од Демирхисарско заминал за Слатино.

Во меѓувреме, Петар Ацев преку Окружниот комитет во Битола добил наредба да замине кон Поречието за да се поврзе со Ѓ. Сугарев.[92] П. Ацев патем поминал низ Крушевско од каде со себе го повел Ѓурчин Наумов. Тие во с. Горно Дивјаци добиле известување од Ѓ. Сугарев да ја мобилизираат селската

[86] Даме Груев. Живот и дело..., II част, 678-689.

[87] Исто, 678-679.

[88] Исто, 680.

[89] Исто, 679.

милиција од Демирхисарско, која како резерва требало да чека на повик во Крушевско.[93] Оттаму, П. Ацев и Ѓурчин Наумов преку селата: Сланско, Локвица и Вир заминале кон с. Црешново, во чиј синор се наоѓал Ѓ. Сугарев. Таму им се придружиле Стефан Келешот и Димитар од Црешново. Подоцна се покажало дека двајцата шпионирале во интерес на Мицко. Поради тоа, Мицко успевал навреме да се извлече.[94]

По сѐ изгледа околу Црешново-Белица дошло до неочекувана престрелка откако Мицко му поставил заседа на Ѓ. Сугарев, но последниов минал без загуби.[95] Набрзо потоа Ѓ. Сугарев возвратил на нападот. Тогаш според исповедта на еден четник од четата на Ѓ. Сугарев, седуммина Мицкови четници биле ранети, а еден бил убиен.[96] Извлекувајќи се од с. Белица, Мицко се префрлил од левата страна на реката Треска (Велика) и се спуштил на југ. Следејќи го движењето на Мицко, здружените чети на Ѓ. Сугарев, П. Ацев и Ѓурчин Наумов се сретнале во селото Слатино (Слатина). Во исто време таму, со дваесетина милиционери од Демирхисарско, пристигнал Даме Груев.

Меѓутоа, месните србомани го информирале Мицко за движењето на комитските чети. Поради тоа, Мицко решил да се одмазди со нивно предавство на османлиската власт. Најверојат-

---

[90] Христо Узунов, Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко, Предговор, редакција и коментар: Никола Целаковски, Охрид, 2003, 161.

[91] Даме Груев. Живот и дело..., I част, 279.

[92] Исто.

[93] Исто, 280.

[94] Исто.

[95] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 292; Христо Узунов, Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко... 161.

[96] Христо Узунов, Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко..., 161.

но утрото на 3/16 октомври 1904 г.,[97] војската ги опколила сите приоди кон селото. Слатино се состоело од неколку маала што биле разделени меѓу себе со длабоки долови. Утрото, кога двете комитски стражи тргнале да ги заземат своите позиции, биле

[97] Судирот во Слатино е различно датиран. С. Аврамов за овој настан го споменува само октомври 1904 година. (Революциони борби въ Азотъ (Велешко) и Порѣчието, от Стефанъ Н. Аврамовъ, София, 1929, 50). Според Коца, судирот во Слатино се одиграл на 4 октомври (ст. стил) октомври 1904 година (Коца, Војвода Мицко..., 49). Истиот датум (4 октомври, ст. стил) го наведува и Х. Силјанов. Неспорно, Силјанов го користи Коца иако за конкретниот датум не се повикува на него. (Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 292). Според Ј. Бадев, здружените чети во Слатино влегле во почетокот на октомври, а судирот во селото се случил на 5 октомври (ст. стил). (Й. Бадевъ, Даме Груевъ..., 146-147). А. Динев го споменува само октомври 1904 г., (Ангел Динев, Илинденската епопеја II, приредил: Владимир Картов, Битола, 1987, 100). Веројатно Д. Константинов го прифаќа датумот 4 октоври (ст. стил) па затоа пишува дека Д. Груев во Слатино пристигнал на 17 октомври (Јулијански календар). Види: Д. Константинов, Дамјан Груев..., 140. Споменатиот настан сосема конфузно е пренесен и погрешно датиран од М. Ристевски. Овој автор настанот еднаш го сместува во 1904, втор пат во 1905, а трет пат во 1906 година. (Милан Ристески, Поречието низ Историјата, Скопје, 1982, 77-78, 82.) Според Б. Ристовски, Д. Груев бил ранет и заробен од Мицко на 19. X 1904 г. (Блаже Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија во 1905 година, Даме Груев - истражувања и материјали..., 64). Според статистиката на османлиските власти судирот кај Слатино бил на 7 октомври 1904 г. (Турски документи за оружените борби во Македонија..., 155). Нов момент кој делумно може да помогне при расветлувањето на овој настан претставува едно писмо од Христо Узунов од 4/17. X 1904 г. Писмото е пишувано претпладне. Информацијата на Узунов за судирот кај Слатино е базирана врз основа на кажувањата од еден штотуку пристигнат четник кај него од разбиената чета на Ѓ. Сугарев. Според тоа, судирот веројатно се случил претходниот ден (3/16. X 1904), или евентуално истиот ден (4/17. X 1904) во утринските часови. Види: Христо Узунов, Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко..., 161.

пресретнати со истрели од османлиска страна.[98] Тоа ги кренало на нога присутните чети во селото. Тие веднаш се обиделе да се извлечат од селото за да го одбегнат опколувањето. Притоа, во Слатино дошло до судир помеѓу комитските чети и османлиската војска.[99] Четниците и војводите се распрснале во разни правци кон околните ридови. Благодарение на испресечениот терен успеале да се извлечат од опколувањето. Меѓутоа, за време на судирот загинал крушевскиот војвода Ѓурчин Наумов со уште 4 четници.[100] Од овој судир власта запленила 4 пушки од кои 2 мартинки, 1 манлихера и 1 гра.[101]

За време на судирот Д. Груев бил ранет во задникот поради што било отежнато неговото движење. За среќа, куршумот не ја погодил бутната коска. Во таква состојба, во придружба на четникот Божин, Даме успеал да се извлече надвор од селото и да се засолни во една густа шумичка. Таму ја преврзал раната со лекарствата што секогаш ги носел со себе. Бидејќи бил изнемоштен и не можел да бега понатаму, со Божин таму останал до стемнување.

За време на судирот, Мицко со своите луѓе се наоѓал во непосредна близина на селото, од каде што го надгледувал епилогот од својот предавнички подвиг.

---

98 Революциони борби въ Азотъ..., 50.

99 Кај Коцa тенденциозно стои дека овој судир се одиграл помеѓу четата на Мицко и организационите чети и дека за време на борбата Даме Груев бил заробен од Мицко. (Коцa, Војвода Мицко..., 49-50). Таквите импровизирани акробации се типична појава во книшките од пропаганден карактер. Оттука, тие се со краток век и еднократен моментален ефект. Меѓутоа, вистината е сосема поинаква.

100 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 293; Революциони борби въ Азотъ..., 50; Турски документи за оружените судири во Македонија..., 155; Христо Узунов, Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко..., 51, 52.

101 Турски документи за оружените судири во Македонија..., 155.

Четите кои се извлекле од селото биле целосно распрснати.[102] Петар Ацев и Ѓорѓи Сугарев дури вечерта успеале да се приберат со остатокот од четите и да ја констатираат состојбата. Трагичната судбината на Ѓурчин и неколкуте четници им била позната. Меѓутоа, отсуството на Даме Груев и четникот Божин ги вознемирило сите.[103] Првичните пребарувања по околните места биле залудни.

Даме Груев во текот на ноќта го натерал Божин да го врати во Слатино. Притоа се сместиле во истата куќа во која престојувале претходно. Следниот ден Д. Груев, откако дознал од селаните дека Мицко се наоѓа во близина, побарал тие да го повикаат во селото и да му соопштат дека тој сака да се види со него.[104] Настојувањата на селаните да го одвратат Груев од таквата намера биле залудни. Тешко е да се разберат мотивите што го навеле Груев на таква ризична постапка во толку критичен момент. Веројатно Груев сметал на старото пријателство со Мицко од времето на затворот во Битола, на својата снаодливост и лукавост. Или, пак, можеби сметал дека Мицко секако ќе го најде во Слатино, па од тактички причини, подобро би било сам да го побара како пријател, отколку подоцна да биде откриен и фатен како непријател.[105] Кој знае, можеби Груев сметал дека во името на старото пријателство ќе го одврати Мицко од патот по кој тргнал?! Можеби... но, едно е сигурно, Груев ни најмалку не бил наивен. Тој сам го побарал Мицко, а со тоа пак допуштил да падне во туѓи раце. Како и да е,

---

[102] Христо Узунов, Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко..., 161.

[103] Революциони борби въ Азотъ..., 50;

[104] Исто; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 293; Христо Узунов, Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко..., 191,164.

[105] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 294.

расплетот покажал дека постапката на Груев била крајно опасна. Оттука, таквата постапка на Д. Груев подоцна наишла на осуда кај повеќемина критички настроени кон него.[106]

Следниот ден, Мицко со својата чета пристигнал во Слатино и ја опколил куќата каде што престојувал Даме. Притоа со висок тон го повикал надвор. Дури откако домаќинот го убедил дека Даме е ранет и откако се појавил самиот Груев, Мицко влегол кај него.[107] Другиот ден, под изговор дека е опасно да останат во Слатино, Мицко ги повел Груев и Божин со себе низ Поречието. Притоа по пат на Божин му ја одзеле пушката, а следниот ден и револверот. Дури по разоружувањето на Божин, Груев сфатил дека тие, всушност, се запленети од Мицко. Поради тоа, Груев потајно му сугерирал на Божин при првата погодна можност да побегне и да ја извести Организацијата. Божин, искористувајќи едно невнимание на обезбедувањето, успеал да побегне.[108] Во меѓувреме, П. Ацев и Ѓ. Сугарев во потрага по Груев ги обиколиле селата: Слатино, Крапа, Локвица, Вир и Црешново. На враќање

---

[106] А. Лозанчев во писмото до Димитар Ризов од 23. X (ст. стил) 1904 г., во врска со овој настан, меѓу другото, пишува: „Во секој случај јас го осудувам Даме кога ги земам предвид оние сведоштва што ми се дадени од луѓе што лично учествувале со судирот... Не одрекувам дека и полошото било возможно... Случката со него ме тера да повторувам пред нашите: Да воздигаме богови само кога ги нема во светот, инаку грешиме, зашто не им го знаеме крајот, и друго зашто во нив се раѓа силна амбиција - секогаш штетна за делото". (Даме Груев. Живот и дело..., II част, 682). Лозанчев во врска со овој настан е уште пожесток кон Груев во своите спомени. Притоа изнесува многу некоректни, импровизирани и суетни констатации. (Даме Груев. Живот и дело..., I част, 302-305). Од друга страна, Б. Сарафов за време на Рилскиот конгрес му префрлал на Груев што дозволил да биде пленет од Мицко. (Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 379).

[107] Революциони борби въ Азотъ..., 51.

[108] Исто.

во Крапа се сретнале со Божин, од кој изворно биле информирани за настанот. Во меѓувреме, во потрага по Груев се активирал и Христо Узунов, кој за време на судирот престојувал во с. Големо Илино,[109] а веќе вечерта на 5/18. IX 1904 г., го информирал Петар Чаулев дека Ѓ. Сугарев се наоѓа во с. Цер и дека ќе се сретне со него.[110]

Очигледно, пленувањето на Д. Груев од страна на Мицко го кренал на нога целиот расположив потенцијал на Организацијата во Битолскиот округ. Во меѓувреме, Битолскиот окружен комитет презел иницијатива пред српскиот конзулат во Битола за безусловно ослободување на Груев, заканувајќи се со жестока одмаздничка акција,[111] па дури и со „истребувачка војна".[112] Тогаш од српска страна пристигнале смирувачки тонови за брзо ослободување и предлог за заедничка работа.[113] Сличен ултиматум бил доставен до српскиот конзулат во Скопје.[114] Таква постапка, по иницијатива на А. Лозанчев и Задграничното претставништво преку Антон Страшимиров била покрената и кај српскиот дипломатски претставник во Софија, С. Симиќ.[115]

Пере Тошев, од своја страна, презел самостојна иницијатива за ослободување на Груев. Тој воспоставил контакт со Григор Соколов (друг српски ренегат во Македонија) и со него заминал кон Поречието. За да не се повтори епизодата на Груев, П. Тошев патем ефектно го заплашил Г. Соколов дека додека тој не се вра-

---

109 Христо Узунов, Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко..., 161.

110 Исто, 164.

111 Революциони борби въ Азотъ..., 51.

112 Писмо од А. Лозанчев до Димитар Ризов од 23. X 1904. (Даме Груев. Живот и дело..., II част, 682).

113 Исто.

114 Революциони борби въ Азотъ..., 53.

115 Даме Груев. Живот и дело..., I част, 303-304; II част, 682.

ти назад, Организацијата презела мерки да ги задржи неговото семејство и роднините, како и семејството на Иван Долгачот.[116]

Во меѓувреме, додека траеле притисоците за ослободување на Груев, српските весници почнале да ги воспеваат херојството на Мицко и големиот успех на српските чети во Македонија.[117] Истовремено, биле пласирани разни приказни и дезинформации од типот дека Груев бил убиен;[118] Груев бил заробен во борба од страна на Мицко кој бил „бестрашен борец за српскиот народ во Македонија“,[119] дека „Мицко и Груев се побратимиле и се согласиле да го прекратат братоубиственото четување“.[120] Австроунгарскиот воен аташе во Белград информирал дека Турците на Мицко наводно му понудиле 5000 наполеони за да им го предаде Груев;[121] додека според љубљанскиот весник „Словенец“, Турците на Мицко му понудиле 100 000 франци за главата на Груев.[122] Се разбира, сите овие информации и дезинформации оделе во прилог на популаризирање на српската пропаганда во Македонија и нејзино етаблирање пред меѓународната јавност. Несомнено, „трофејниот плен“ бил солидна гаранција за тоа.

Од друга страна, реалноста била поинаква. Навистина, залогот бил голем, меѓутоа српската вооружена пропаганда во Македонија била во својот зародиш и не била во ситуација да си доз-

---

116 Революциони борби въ Азотъ..., 53; Даме Груев. Живот и дело..., I част, 302-303.

117 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 294-295.

118 Поверителен рапорт од А. Тошев до Г. Начович, No. 141, 9. X 1904, (Даме Груев. Живот и дело..., II част, 680-681).

119 Поверителен рапорт от полк. Христофор Хесапчиев, No. 144, 1. XI 1904, (Даме Груев. Живот и дело..., II част, 685).

120 Исто.

121 Д. Константинов, Даме Груев..., 142.

122 Исто, 143.

воли комотна и дрска позиција. Оттука, тие морале да бидат внимателни за да не ја испровоцираат отворената закана за одмазда од страна на Организацијата.[123] Поради тоа, Мицко бил крајно внимателен кон својот „заробеник“, водејќи грижа за обезбедување на лекови за неговата рана.

По петнаесетина дена од настанот, српскиот генерален конзул во Солун – Љотиќ, го информирал бугарскиот трговски агент А. Шопов дека Груев бил ранет во Кичевско и дека се наоѓа на лекување кај тамошните србомани, под закрила на една српска чета со чијшто началник се познавал.[124] Споменатата информација од Љотиќ претставува дипломатска подготовка на теренот за смирување на духовите. Всушност, таа го навестила и ослободувањето на Груев.

По едномесечна одисеја, Мицко по заповед од претпоставените фактори на српската пропаганда во Белград го повел Д. Груев кон Скопје. Притоа го предал на Јован Ќирковиќ - главен инспектор на српските училишта во Македонија.[125] Тој, пак, од

---

[123] Во еден таен извештај на рускиот конзулат во Битола од 3 ноември (ст. стил) 1904 г., во врска со тоа се констатира дека Србите се плашеле од евентуален напад на османлиските власти на Мицковата чета за да им го одземат Д. Груев. Од друга страна, Србите истовремено се плашеле од одмазда на Организацијата доколку го убијат или предадат Д. Груев на Турците. Оттука тие веројатно сакале да ја искористат ситуацијата и да побараат од Д. Груев отстранување на организационите чети од Поречието. Од друга страна, Србите немале доверба во Д. Груев и се плашеле од можно ликвидирање на Мицко по ослободувањето на Даме Груев. (Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 475-476).

[124] Поверителен рапорт на А. Шопов до ген. Рачо Петров - министер претседател и министер за надворешни работи. No. 142, 18. X 1904, (Даме Груев. Живот и дело..., II част, 681).

[125] Ј. Ќирковиќ по две децении во врска со овој настан запишал: „Од него (Груев б.н) трепереше цела Македонија, а и нашите (српски б.н) луѓе, со

своја страна, го предал Д. Груев на д-р Ѓорѓи Николов, истакнат член на Организацијата во Скопје.[126] Ослободувањето на Д. Груев се случило некаде пред 19 ноември 1904 година.[127] Веднаш по ослободувањето, Д. Груев во Скопје се сретнал и разговарал со српскиот генерален конзул М. Ристиќ.[128] Деталите од разговорот не се познати. Несомнено, тие биле во духот на српската тенденција за соработка со Организацијата врз основа на разграничување на сферите на влијание. Д. Груев во Скопје останал неколку дена на закрепнување.[129] Набрзо потоа, Скопскиот окружен комитет по канал го препратил Даме Груев кон Куманово и оттаму за Бугарија.[130]

Набрзо по ослободувањето, Д. Груев во едно интервју со рускиот новинар Кирилов (дописник на весникот „Новое Время“ во Софија), на прашањето дали навистина бил пленет од српскиот војвода Мицко, го дал следниов одговор: „Немаше ништо такво; оваа легенда, се чини ја создадоа самите Срби. Работата е во тоа што јас одамна (заедно лежевме во турскиот затвор) сум при-

---

Груев требаше да се постапи по воените закони: да биде стрелан. Кратко време требаше за да преовладее она прво чувство. Дамјан Груев беше непријател на Србите, ама борец за ослободувањето на Македонија, чист и возвишен и дека треба да биде предаден на неговата Организација“. Цитирано според Д. Константинов, Даме Груев..., 142.

[126] Даме Груев. Живот и дело..., I част, 322-323;

[127] Д. Константинов, Даме Груев..., 142; Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија..., 55, белешка 59; Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија..., 252.

[128] Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија..., 55

[129] Даме Груев. Живот и дело..., II част, 686.

[130] Груев во Кумановско стасал во придружба на кумановските учители: Караманов, Левков, Попсерафимов и неколкумина селани. (Македония в пламъци. Спомени на Кърсто Лазаров, 197).

јател со војводата Мицко; посакав и појдов да се сретнам со него, за да поразговараме со него лично за спогодување, за помирување,... но бидејќи патем бев ранет, поради тоа се наоѓав под заштита на неговата чета, сѐ дури не позаздравев барем толку, да можам да се движам; Мицко се грижеше да ми биде дадена медицинска помош“.[131] Очигледно, Д. Груев во врска со овој настан е крајно внимателен и воздржан, притоа негирајќи дека бил пленет.

Последиците од оваа заложничка одисеја на Д. Груев во секој случај биле штетни за Организацијата. Подробностите за Груевото заложништо, освен за тесен ограничен круг на луѓе во основа останале тајна за пошироката публика. Сепак, за пошироката јавност останал фактот дека Д. Груев (најмаркантната фигура во македонското ослободително движење) бил запленет од некаков, дотогаш анонимен српски војвода.[132] Самиот тој факт тешко ги погодил протагонистите на Организацијата. Нејзиниот раководител во Кичевско, свештеник Тома Николов, во врска со тоа вели: „Паѓањето на Даме во рацете на Мицко беше голем морален удар за Организацијата. Тоа најмногу го почувствував јас во Кичево кога српскиот свештеник ренегатот Мисаил... надмено се шеташе по чаршијата во Кичево и се фалеше нагоре-надоле пред граѓаните, дека Даме ранет се наоѓа во нивни раце и тој испратил медикаменти од Кичево за негово лекување“.[133]

Српското рекламирање не траело долго. Впрочем, тогаш времињата биле толку бурни што и најголемите трагедии брзо се заборавале. Меѓутоа, за надворешниот свет останал впечатокот дека во Македонија има силно српско четничко движење. Неочеку-

[131] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том, 19.
[132] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 295.
[133] Исто.

ваниот успех на Мицко го зацврстил престижот на српската пропаганда и во самата Србија. Оттука, во наредниот период српската вооружена пропаганда зела пошироки размери во Македонија.

На друга страна, славата на Мицко била со краток век. Опијанет од својот „успех" и лесно спечалената „слава", Мицко брзо почнал да ги манифестира своите ајдучки манири спрема најблиските соработници, па дури и спрема своите покровители. Оттука, организаторите на српската пропаганда во Македонија се откажале од „услугите" на Мицко и набрзо го интернирале во Крагуевац.[134]

## 4. *Престојот на Даме Груев во Софија: рехабилитација, интервјуа, преговори...*

4.1. Во последната деценија на XIX век, бугарската престолнина Софија станала главно свирталиште на македонските револуционери. Оваа појава особено дошла до израз по неуспешното Илинденско востание. Поинаку кажано, Софија прераснала во надворешен центар на македонското ослободително движење. Несомнено, потребата од таков центар била логична и неизбежна, како и за секое друго ослободително движење што има потреба од надворешна логистика. Меѓутоа, историјата потврди дека Софија со својата перманентна тенденција за канализирање на македонското движење во функција на бугарските политички интереси во Македонија, наместо логистичка, всушност одиграла поразителна деструктивна улога.

---

[134] Коџа, Војвода Мицко..., 53-54. За време на Уриетот, Мицко се вратил во Кичево. Меѓутоа, на 13/26 октомври 1909 година бил убиен од заседа од страна на Младотурците. (Исто, 55-57).

За таквото место на Софија во македонското ослободително движење пресудна улога одиграла бројната македонската емиграција и нејзината улога во општествено-економскиот и политичкиот живот на Бугарија.[135] Според еден документ од британска провениенција, при пописот на населението во 1901 година, Бугарија имала 3 580 000 жители. При споредба на податоците со 1890 година евидентно било дека бројот на населението се зголемил за 600 000 жители. Овој пораст во висок степен се должи на македонската емиграција.[136] Според истиот извор, само во Софија имало 20 000 Македонци, а во Пловдив 8000. Значителен број Македонци имало и во другите бугарски градови. Голем дел од македонските емигранти во Бугарија биле интелектуалци. Тие брзо се вклопиле во новата средина и зазеле значајни места во бугарската администрација и општество. Според споменатата статистика една третина од офицерите во бугарската армија биле Македонци, од 8600 учители 2300 биле Македонци, од 38 000 државни службеници 15 000 биле Македонци, од 8 митрополити дури 4 биле Македонци, од 3412 свештеници, 1262 биле Македонци. По-

[135] Според Данкан Пери, во деведесеттите години на XIX век, од Македонија во Бугарија емигрирале 100 000 до 200 000 Македонци. Мнозина од нив биле образовани луѓе: учители, лекари, адвокати, свештеници, дипломати и новинари. Притоа во Софија имало 18 000 - 20 000 Македонци (26 - 39% од населението). Околу 430 души (33%) од 1289 бугарски офицери (вклучително и резервните) потекнувале од Македонија. Од 35 000 државни службеници во Бугарија дури 15 000 (43%) по потекло биле Македонци. Додека од 3412 ракоположени свештеници од страна на Бугарската егзархија 1262 (37%) потекнувале од Македонија. (Данкан Пери, Политика на теророт: Македонското револуционерно движење 1893-1903, Скопје, 2001, превод од англиски: Ферид Мухиќ и Здравко Ќорвезироски. Наслов на оригиналот: Duncan M. Perry, The politics of terror. The Macedonian liberation movements 1893-1903, 1988, Duke University press.).

[136] ДАРМ, ф. Foreign Office, 78/5146, мф. 332. бр. 66.

крај тоа, во Бугарија секоја година пристигале 200-300 Македонци како студенти.[137]

Интересна илустрација за местото и улогата на македонската емиграција во Бугарија претставува разговорот на бугарскиот трговски агент А. Шопов со солунскиот валија Хасан Фехми паша од 20 II (ст. стил) 1904 година.[138] Во текот на разговорот валијата се оплакувал од активноста на Македонците и го прашал Шопов: „Дали Македонците уште бујствуваат во Бугарија“? На тоа Шопов одговорил: *„Како да не бујствуват, паша ефенди, кога денес поголемиот дел од македонското население е во Бугарија, поголем дел од жителите на Софија се Македонци; голем дел од офицерите во армијата се Македонци; голем дел од видните чиновници се Македонци; целата македонска интелигенција од Македонија е во Бугарија. Македонска е и толпата по улиците“.*[139] Во продолжение на разговорот Шопов, меѓу другото, истакнал: *„Улогата на Македонците во судбината на Бугарите воопшто секогаш била важна... Уште поважна играат сега. Ако работата е за оплакување, ние од Бугарија имаме повеќе право од Вас да се оплакуваме од Македонците, зашто тие ни ја презедоа силата, тие ни ги зедоа најдобрите места и служби, тие ни ги презедоа финансиите и градовите, тие ни ги презедоа војската и нашите министерства, тие ни ја презедоа трговијата, тие презедоа речиси сè во Бугарија... Избавете нè од нив заради бога“.*[140]

Моралниот и материјалниот потенцијал на македонската емиграција во Бугарија бил голем предизвик за творците на МРО. Не случајно, Даме Груев уште во 1894 година мечтаел за формирање на задграничен комитет во Бугарија. За таа цел кон

---

[137] Исто.

[138] ДАРМ, ф. Бугарски генерален конзулат - Солун 1896-1915, мф. бр. 4278, No. 181, 20. II 1904.

[139] Исто.

[140] Исто.

крајот на 1896 година во Софија било отворено Задграничното претставништво на ТМОРО. Во меѓувреме, во 1895 година во Софија бил формиран Врховниот македонски комитет, кој претендирал да има водечки улога во македонското ослободително движење. Низ последниов продефилирале бројни македонски патриоти, разни авантуристи, случајни сопатници на македонското дело, како и голем број на разни македонствувачки фактори, кои играјќи на македонската карта, успешно ги граделе своите политички кариери во Бугарија. Двете македонски организации (ВМК и ТМОРО) и покрај отворените конфронтации, сепак, биле принудени на меѓусебна коегзистенција и кохабитација. Во меѓувреме, своите прсти во македонското ослободително движење ги вмешале официјалните бугарски институции.

Бројот на македонските револуционери во Бугарија особено се зголемил по задушувањето на Илинденското востание. Тогаш поголемиот дел нелегални и компромитирани раководители на ТМОРО биле принудени привремено да се засолнат на територијата на Бугарија. Тоа било неопходно за да се одморат од перманентниот прогон и нелегалниот живот, да ги залекуваат раните, да се снабдат со оружје, опрема и муниција и да ги консолидираат своите редови. Меѓутоа, дел од нив за време на престојот во Бугарија се опуштиле и оддале на полесен живот. Некои од нив лесно потпаднале под влијание на разните македонствувачки фактори и на веќе профилираните и фрагментирани групации во македонското ослободително движење.

Даме Груев е еден од ретките кој, по Илинденското востание, останал на територијата на Битолскиот револуционерен округ. Меѓутоа, по ранувањето кај Слатино и заложничката одисеја кај просрпскиот војвода Мицко во ноември 1904 година бил принуден да замине во Бугарија.

Несомнено, за Д. Груев во тоа време била неопходна рехабилитација. За време на единаесетгодишното дејствување во македонското ослободително движење Даме Груев преживеал многу премрежиња. Како основоположник на Организацијата и еден од најекспонираните раководители, овенчан со ореолот на малоазиски заточеник, Груев бил неприкосновен авторитет. Неговата неприкосновеност особено дошла до израз за време на Смилевскиот конгрес и Илинденското востание. Токму поради тоа по поразот на Востанието сета морална одговорност паднала врз неговите плеќи. Оттука, веќе на Прилепскиот подвижен конгрес авторитарниот Груев бил принуден на значителни отстапки во прилог на новите демократски тенденции во Организацијата. Со тоа величината на Груев делумно била приземјена. Згора на тоа, дополнителен морален удар врз личноста на Д. Груев претставува неговата заложничка одисеја кај просрпскиот војвода Мицко. Во таква психофизичка состојба, кон крајот на ноември 1904 година, Даме Груев пристигнал во Софија.

4.2. Петмесечниот престој во Софија Груев го искористил за лекување на здобиената рана, за бројни средби со свои познаници и истакнати дејци во македонското ослободително движење, новинари и дипломатски претставници. Пристигањето на Д. Груев во Софија било проследено со интерес од разни страни. Така, љубљанскиот весник „Словенец“ на 30 ноември 1904 година, меѓу другото, пишува: „Во Софија пристигна Даме Груев... Груев бил тешко ранет во борба со Турците. Сега е во хотелот Ориент и зборува со најдобрите пријатели, иако од раната е многу слаб. Груев со душа и тело е оддаден на Македонија... Додека се лекувал кај војводата Крстиќ во Македонија, Турците на Крстиќ му

понудиле 100 000 франци за да им го предаде Груев. Крстиќ ја одбил понудата. Од тоа се гледа колку значи Груев за Турците“.[141]

Во декември 1904 г. Д. Груев во Софија се сретнал со српскиот дипломатски застапник С. Симиќ. Притоа се заблагодарил за укажанато внимание кон него за време на престојот кај Мицко.[142] Детали од разговорот не се познати.

4.3. Даме Груев имал опширно интервју со рускиот новинар Кирилов (К. Бербенко), кое е објавено во две продолженија на весникот „Новое Время“ од 6 и 7 јануари 1905 година.[143] Дел од споменатово интервју е пренесено во софискиот весник „Ден“ од 17 јануари 1905 година.[144]

На почетокот, Кирилов го претставува Груев како „главен раководител на внатрешната организација во Македонија“. Во продолжение, Кирилов пишува: *„Груев е родум Македонец и постојано живее во Македонија*; дојден е овде пред еден месец да ја лекува раната, што ја добил при едно случајно судрување со турските војски, сега е речиси оздравен и се чини дека набргу пак ќе се враќа во Македонија. Тој има големо влијание не само во Македонија, туку на него сметаат и бугарското и српското правителство. Турското правителство ја има оценето неговата глава на 5000 лири. Г. Груев е релативно млад човек со убав библиски лик, неговото расположение е стабилно... очигледно е дека постојните бури и животни тревоги не ја скршиле оваа натура“.[145]

---

141 Според Д. Константинов, Даме Груев..., 143.

142 Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 64.

143 Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том, 15-23.

144 Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 248-250.

145 Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том, 15-16.

Едно од првичните прашања во интервјуто се однесува на положбата на настраданото население по Востанието. Во врска со тоа, Груев истакнал дека селата биле опустошени, голем дел од населението сè уште било сместено во примитивни земјанки како „сардини во конзерва" при што било изложено на разни заболувања. Груев го потенцирал значењето на англиската хуманитарна помош. Од друга страна, Груев ги истакнал сите недостатоци на разните иницијативи за обновувањето на опожарените куќи.[146]

Во врска со Мирцштегските реформи, Груев истакнал дека странските жандармериски офицери во Македонија, и покрај сите напори, не можат да сторат ништо, бидејќи тие фактички „немаат никаква власт", па нивната улога се сведувала на „набљудувачка". Груев слично ја оценува и улогата на цивилните агенти кои поради нивното бессилие, тој ги нарекол „македонски маченици".[147] Излезот од таквата положба Д. Груев го гледа во назначувањето на местото на Хилми-паша на еден христијанин кој ќе биде независен од Цариград, без оглед дали тој ќе се именува „главен инспектор на Македонија, или генерал-губернатор". Според зборовите на Груев, „тогаш во Македонија ќе настане чудо... наеднаш во оваа земја ќе зацари мир и спокој".

Д. Груев во интервјуто ги анализира и меѓународните аспекти на македонското прашање при евентуална турско-бугарска војна и можната австриска окупација на Македонија поради зафатеноста на Русија во војната со Јапонија. Меѓутоа, Д. Груев ја отфрла можноста за австриска окупација, од едноставна причина што во тој случај Австрија би станала сериозен конкурент на Германија, поради што последнава би застанала на страната на Турција.[148]

---

146 Исто, 16-17.

147 Исто, 17.

148 Исто, 18.

Во врска со положбата во Организацијата, Груев истакнал дека таа е полна со „животоспособност, енергија и верба во своите идеали“.[149] Понатаму подвекол дека слабостите што се јавиле по Востанието поради „извесно разномислие“ веќе биле надминати и дека се работи за подобрување на администрацијата и дисциплината, како и за назначување на нови задгранични претставници. На прашањето дали во претстојната година се планира востание, Д. Груев одговорил дека Организацијата не планира востание до завршувањето на руско-јапонската војна. Притоа, Д. Груев прагматично настојува да ги придобие симпатиите на руската јавност, истакнувајќи дека Организацијата води сметка за чувствата на народот, кој смета дека „Русите се наши браќа“. Меѓутоа, во контекст на тоа, Груев сепак додал: „*За време на Востанието руската дипломатија беше во однос спрема нас, Македонциве, маштеа*; меѓутоа Русија ја ослободи Бугарија; таа бездруго нема да нè остави нас да нè изедат непријателите на славјанството. Така мисли нашиот народ, а така мислиме и ние“.[150]

Во врска со односите помеѓу бугарската влада и Организацијата, Д. Груев истакнува дека тие биле „недружељубни“, бидејќи бугарската влада „се стреми внатрешната организација да ја потчини под себе“, но во тоа нема да успее бидејќи Организацијата ѝ пружа енергичен отпор.[151]

Во натамошниот дел од интервјуто, Груев го анализира дејствувањето на српската и грчката пропаганда во Македонија. Во врска со грчката пропаганда, Груев вели дека „Грците отсекогаш биле најлути непријатели на Славјанството во Македонија“.[152] Грците по Илинденското востание ја симнале маската и от-

---

[149] Исто.
[150] Исто, 19.
[151] Исто.
[152] Исто.

ворено застанале на турска страна, со сите свои интелектуални ресурси во Македонија. Поради тоа, Организацијата презела „соодветни мерки за да му се спротивстави на таквиот вид ненормално националистичко домогнување на Грците“.[153]

Даме Груев опширно се осврнал на српската пропаганда во Македонија.[154] Според Груев, пред Востанието Србите го почитувале постојното status quo, а за време на Востанието држеле блага неутралност. Меѓутоа, по Востанието, Србите почнале да се служат со неморални средства како делење на брашно во настраданите востанички области за сите што се изјасниле како Срби и патријаршисти.[155] Засилувањето на српската пропаганда довела до „меѓусебна омраза и раскол меѓу населението“ и „одвлекување на неговото внимание од политичките цели на Организацијата“. Тоа водело кон недоверба и меѓусебно истребување, што Груев не го оправдува.

Според Д. Груев, српско-бугарските конфронтации во Македонија биле извор на „трагизмот на положбата во Македонија“. Воопшто, положбата во Македонија Груев ја оценува како „многу, многу лоша“. Груев предупредува дека Србите треба да престанат со испраќање на чети во Македонија за да не предизвикаат одмазда на Организацијата, а тоа би водело кон самоистребување поради што тој е категорично против. Излезот од таквата ситуација Д. Груев го гледа во спогодување со српската влада врз принципите на Внатрешната организација. Притоа јасно предупредил: „Ние не можеме да допуштиме постоење таму (Македонија б.н.) на друга политичка организација“.[156] Оттаму, македонските Срби требало да прифатат заедничка работа со Организацијата,

---

153 Исто.
154 Исто, 19-22.
155 Исто, 20.
156 Исто, 22.

која, од своја страна, ќе отвори задгранично претставништво во Белград. На крај на интервјуто, Груев прагматично поентира: „Јас длабоко ги ценам српските државни дејци и би сакал да верувам во нивната политичка мудрост и проникливост; нивните непосредни интереси, како и нашите, бараат ние да си подадеме едните на другите рака на помирување во Македонија и да се спогодиме за здружна културно-политичка дејност таму".[157]



*Љубомир Милетич*

4.4 Во текот на јануари 1905 година, Д. Груев неколкупати се сретнал со универзитетскиот професор Љ. Милетич, кој ги запишал неговите кратки спомени. Она што денес го имаме како спомени од Д. Груев е благодарение на две вечерни средби на 18 и 19 јануари (ст. стил) 1905 г., кои се одржале во домот на Милетич. Поради неодложни работи на Груев, спомените се недовршени. Сепак, непосредно пред заминувањето за Македонија, Груев навратил кај Милетич за да се збогува, при што му подарил портрет за спомен со потпис и датум – 4. IV (ст. стил) 1905 година.[158]

4.5 За време на овој престој во Софија Д. Груев остварил неколку средби и со рускиот воен аташе, полоковникот Протопопов. Последниов сакал изворно да се информира за македонското ослободително движење. Груев оставил одличен впечаток врз Протопопов. Од овие разговори бил задоволен и самиот Груев бидејќи „сретнал еден Русин, кој бил одлично информиран за македонското прашање и кој знаел не само што да прашува, туку

[157] Исто.

[158] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 5.

и што да одговори на поставените прашања".[159] Интересно е да одбележиме дека Д. Груев, иако разговарал со Протопопов, сепак одбил по втор пат да се сретне со неговиот секретар Љермонтов за кого изјавил дека е „бесполезно да се разговара со човек, кој е многу лошо информиран за македонските работи и којшто не знае ниту што да праша, ниту пак, што да одговори кога го прашуваат".[160]

4.6. На 30. III (ст. стил) 1905 година, Д. Груев го посетил Св. Симиќ – српски дипломатски застапник во Софија. Тема на разговорот било македонското прашање во контекст на српско-бугарските односи. Во почетокот Св. Симиќ ги обвинил македонските револуционери дека со превртувањето на македонските села од патријаршиски во егзархиски се ставиле во услуга на бугарската пропаганда, а со тоа ја компромитирале политиката на српската влада за пријателство со Бугарија, и нивните заложби за подобрување на положбата во Македонија.[161]



*Даме Груев, 4. VII 1905 г.*

Д. Груев, коментирајќи го актуелното српско-бугарско приближување,[162] потенцирал дека Србија и Бугарија мора да во-

[159] Р. Славейковъ, Изъ дейностьа на рускитѣ жандармерийски офицери въ Македония презъ 1904 г., Македонски прегледъ, г. V, кн. 1, София, 1929, 74.

[160] Исто.

[161] Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 64-65.

[162] Споменатиот договор бил потпишан во Белград, на 30. IV 1904 г., точно една година пред разговорот на Д. Груев со Симиќ. Оттука се отвора дилемата дали посетата на Д. Груев кај Св. Симиќ, токму на годишнината од

дат сметка за интересите на Внатрешната револуционерна организација, која и покрај поразот во Востанието, останала силен фактор што не смее да се игнорира. Притоа изрично потенцирал: *„Без нашата согласност никаква ваша спогодба, доколку се однесува до Македонија, не може да има вредност“*.[163] Поради тоа, Св. Симиќ се нашол во ситуација да објаснува дека српско-бугарската спогодба доколку се однесува за Македонија, таа како предмет може да ги има реформите за подобрување на положбата на населението во Македонија, „без разлика на народност и црква“.[164] Според Симиќ, македонските револуционери, доколку навистина држат до принципот „Македонија на Македонците“, споменатата спогодба треба да ја прифатат и поддржат, а не да ја компромитираат. Сепак, Симиќ не успеал да го разубеди Груев, бидејќи тој и неговите другари „немаат голема доверба во корисноста на српско-бугарската спогодба, особено затоа што мислат дека имаат право да не ни веруваат нам на Србите“.[165]

Во српско-бугарското зближување Груев гледал скриена тенденција од српска страна за поделба на Македонија на сфери на влијанија. Од друга страна, според Д. Груев, бугарските државници се помириле со фактот за автономија на Македонија без задни намери за анексија. Доколку во Бугарија некој сонувал за

---

потпишувањето на српско-бугарскиот договор, е случајна коинциденција, или пресметан потег, со јасна порака дека Внатрешната организација не признава никаков договор за сметка на Македонија?! За содржината на српско-бугарскиот договор види: Х. Силянов, Освободителните борби на Македония..., том II, 320-327; Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави 1861-1913, документи, (редакција и коментар: д-р Михајло Миноски), Скопје, 2000, 131-136.

[163] Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 65.

[164] Исто, 66.

[165] Исто.

проширување за сметка на Македонија тоа бил само кнезот. Оттука, според Д. Груев, за македонските револуционери не биле потребни никакви гаранции од страна на Бугарите и Србите.

Св. Симиќ побарал од Д. Груев Организацијата да престане со своите напади врз „српските села и српските училишта“. Со тоа Организацијата би го елиминирала мотивот за српско-бугарското отимање за Македонија, а на Бугарија ќе ѝ даде на знаење дека не може да смета на Организацијата како на „орудие за создавање на Голема Бугарија“.[166] Во контекст на тоа, Груев истакнал: „Со Бугарија нам ни е лесно... но тешко е со Србија... ние имаме начин да ја натераме Бугарија да работи во согласност со нашите идеи и планови... бугарските трговски агенти и егзархиските владици не можат ништо без нас и против нас. Ние ним сме им потребни... (без б.н.) нашата поддршка... тие во денешните околности во Македонија се количество без вредност. Во Бугарија тоа се увидува, нашата положба се признава и со нас како фактор се смета. Поинаку стоиме во Србија и со Србија и затоа е многу потребно со неа да си ги пречистиме погледите врз меѓусебните односи во Македонија, за, навистина, да не дојде до тоа да мораме со неа да си ги пречистуваме сметките“.[167]

Св. Симиќ, повикувајќи се на интервјуто за „Новое Время“ го прекорил Д. Груев дека тој и таму им се заканувал на Србите со „Вартоломејска ноќ“, поради што го потсетил на последиците посочувајќи му го свежиот пример од Загоричани, каде грчките андарти извршиле невиден колеж врз македонското егзархиско население.[168] Испровоциран од тоа, Д. Груев возвратил дека токму поради таквото однесување на Грците тој во споменатото интервју ја изнел потребата за взаемна спогодба заснована врз принци-

---

[166] Исто.

[167] Исто, 66-67.

[168] Исто, 67.

пите на Организацијата. Во контекст на тоа, Д. Груев истакнал: „на спогодбата, што за нас претставува неопходна потреба, ѝ пречи вашиот и бугарскиот антагонизам за Македонија, ние македонските револуционери, им дадовме изјави на Бугарите, само за да ги придобиеме, дека сме готови да водиме сметка за нивните придобивки во Македонија и да им го зачуваме во тој поглед status quo-то. Тие, со тоа можат, а и ако нејќат мораат да бидат задоволни. Но, нам ни треба да знаеме што сакаат Србите и што можеме ним да им гарантираме. Ние сме готови да им го признаеме, како и на Бугарите, она што го здобиле во Македонија. Да се одржи status quo во однос на вашите и бугарските придобивки, тоа е единствениот начин, со наша согласност, да се постигне ваша спогодба со Бугарите, *а да се прекине секоја понатамошна националистичка пропаганда и да се запраат денешните непријателства помеѓу српските, бугарските и македонските чети*. Србија и Бугарија во тој случај би имале да ја признаат Внатрешната организација, надвор од која други не можат самостојно да постојат, а во неа ги прима сите со еднакви права“.[169] Д. Груев, имајќи ја предвид објективната реалност ветува зачувување на придобивките на српската и бугарската пропаганда во Македонија врз основа на постојното status quo, меѓутоа, истовремено бара да престане секоја натамошна националистичка пропаганда и непријателствата помеѓу српските, бугарските и македонските чети, а Србија и Бугарија да ја признаат Внатрешната организација како самостоен фактор кој не трпи друга организација на својата територија. Наизглед премногу комплицирано, но се чини во конкретните околности единствено прагматично решение од аспект на целите на Организацијата.

Д. Груев докажувал дека преку пропагандите „се прави расцеп, таму каде што било потребно единство“ и се сеела омра-

[169] Исто.

за меѓу луѓето што биле повикани заеднички да се борат за својата слобода. На тој начин се создавале расположение и простор за оние револуционери коишто не знаеле ниту за умереност, ниту за повисоки обѕири, ниту, пак, за иднината. Бидејќи одговорноста за нивните постапки паѓала врз целата Организација, последната настојувала *„злото да се сотре од корен: да престанат националистичките пропаганди, во кои што е изворот на националистичките борби“*.[170]

Ставовите и аргументите на Д. Груев не биле доволно убедливи за Св. Симиќ. Тој останал со убедување дека Организацијата дејствува во прилог на бугарските интереси во Македонија.[171] Поаѓајќи од овој, сепак, некоректен став, а истовремено имајќи го предвид раздорот во Организацијата, Симиќ констатира дека во конкретниот момент „со неа не може да се преговара, бидејќи уште не се знае кој може од нејзино име да зборува“.[172]

4.7. Отворената активност на Д. Груев во Софија го привлекла вниманието на османските власти. На 5/18. IV 1905 година, битолскиот истражен судија издал наредба за арестување на Даме Груев и негово изведување пред суд.[173] Во образложението на наредбата Д. Груев е оквалификуван како *„професионален револуционер“* кој во моментот престојува во Бугарија. Во прилог на наредбата се приведени бројни факти за неговата револуционерна активност, како судирите со српските чети во Поречието, судирот со османлиската војска кај Слатино, учеството на Смилевскиот конгрес и неговиот избор за член на Главниот штаб, дека потпишувал акти со кои дал знак за почеток на Востанието и сл. Во наредбата се вели дека Д. Груев со својата револуционерна актив-

[170] Исто, 67-68.

[171] Исто, 69-70.

[172] Исто, 70.

[173] Даме Груев - Живот и дело, II част..., 705- 708.

ност го нарушувал спокојството на мирното население и предизвикувал непријатности за државната администрација. Оттука, истражниот судија бара, Д. Груев да биде изведен пред суд и да биде казнет согласно со чл. 57 од Кривичниот закон.

Истиот ден, 5/18. IV 1905 г., османлискиот комесаријат во Софија побарал од Министерството за надворешни работи и вероисповест на Бугарија екстрадиција на Даме Груев.[174] Во прилог на барањето за екстрадиција биле испратени приведените факти во наредбата на битолскиот истражен судија. Меѓутоа, Министерството за надворешни работи и вероисповест на Бугарија на 28. IV/ 11. V 1905 г., преку вербална нота, одговорило дека наведените обвинувања не биле докажани низ судска постапка што претставува основа за покренување на постапка за екстрадиција. Поради тоа, со жалење констатира дека не може да се изврши екстрадиција.[175]

Турското барање за екстрадиција на Д. Груев во тоа време било залудно и непотребно. Од друга страна, излишна била и бугарската заштита. Во тоа време, Д. Груев илегално ја преминал турско-бугарската граница, и веќе бил во Македонија.

## 5. | *Продлабочување на јазот*

5.1. Поларизацијата во македонското ослободително движење, која започнала по Илинденското востание по прашањето за идното устројство на Организацијата, кон крајот на 1904 и почетокот на 1905 година била продлабочена. Паралелно со тоа продолжиле фрагментирањето и прегрупирањето на силите. Наводните заложби за излез од кризата ги поминале границите на конс-

[174] Исто, 709.
[175] Исто.

труктивен дијалог и судир на мислења и преминале во отворени лични конфронтации. Водечките личности во Организацијата, наместо во потрага по конструктивни решенија за излез од кризата, се впуштиле во потрага по сојузници и приврзаници за наметнување на сопственото влијание.

Во вителот на таквите бранувања неизбежно се нашол и Даме Груев. Неговото влијание во Битолскиот округ по Илинденското востание, особено по Прилепскиот конгрес, било значително разнишано. Поради неговите ставови за зачувување на стариот поредок во Организацијата, Д. Груев се нашол на спротивни позиции од Пере Тошев и Ѓорче Петров. Д. Груев бил во лоши односи и со Б. Сарафов, кој своето влијание го ширел преку поединни војводи од типот на Васил Чекаларов. Од друга страна, Д. Груев од порано имал нарушени односи и со Анастас Лозанчев. Поради неговите централистички ставови, Д. Груев се нашол на крајно дијаметрални позиции и од претставниците од Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ. Неговата обиколка, во почетокот на 1904 година, за зацврстување на своето влијание во Солунскиот округ, изгледа не ги дала посакуваните резултати.

Во меѓувреме, јазот се продлабочил, а меѓусебните критики се заостриле. Така, Ѓ. Петров по пристигањето во Софија (крајот на август 1904 г.), зборувал дека Даме Груев бил уморен и му е потребна замена, дека на Револуционерната организација во Македонија ѝ е потребно освежување доколку „мисли да ја продолжи и доврши започната борба“.[176] Ѓ. Петров тогаш бил во спрега со П. Тошев, Петар Поп Арсов, Јане Сандански и други. Тие се залагале за значајни промени во организациски поглед, за прекинување на сите врски со која било бугарска влада и распуштање на дотогашното Задгранично претставништво. Наместо него, пре-

[176] ДАРМ, МИП, ПП, мф. 708. пов. бр. 330, Софија, 30. VIII 1904.

длагале едно „тајно" претставништво од 4 души од кои по еден во Србија, Бугарија, Турција и Швајцарија, или воопшто во странство.[177] Во такви околности на 30. VIII / 12. IX 1904 година биле затворени просториите на Задграничното претставништво, а пред неговите врати се наоѓал човек кој ги враќал назад сите што доаѓале за каква било помош, а четниците ги упатувал на работа.[178]

Во овој период, Д. Груев по однос на идното устројство на Организацијата бил на иста фреквенција со Х. Матов и Х. Татарчев.[179] Меѓутоа, приближувањето со нив изгледа било бесполезно со оглед на фактот дека тие биле игнорирани од повеќе страни, а од друга страна Д. Груев со нив ги заладил односите уште за време на заточението во Подрум Кале. По пристигнувањето во Софија во ноември 1904 година, Даме Груев имал отворен, физички судир со Анастас Лозанчев.[180]

Според Св. Симиќ, во декември 1904 година во македонското ослободително движење постоеле следниве групации: една околу Б. Сарафов, кон која клонеле Ѓ. Петров, Васил Чекаларов, Ап. Димитров и други; друга околу Татарчев и Матов; трета околу Даме Груев, која наводно „имала најмногу релации со ‚работниците' од внатрешноста и се труди да влијае смирувачки"; четвртата била анархистичка, кон која припаѓале: Петар Поп Арсов, М. Герџиков, В. Пасков, Д. Мирасчиев и други групирани околу весникот „Революционерен лист".[181]

---

[177] Исто, пов. бр. 332, Софија, 31. VIII 1904.

[178] Исто.

[179] Исто.

[180] Даме Груев - Живот и дело, I част..., 305; 36 години във ВМРО, Спомени на Кирил Пърличев, София, 1999, 77.

[181] Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 46-47.

Св. Симиќ на 3/16 III 1905 година констатира дека фракцијата на Д. Груев била најсилна. Најекспониран претставник на оваа фракција во Бугарија бил И. Гарванов, кој бил во блиски односи со бугарската влада.[182] Ако се има предвид севкупната констелација и распоредот на силите, констатацијата на Симиќ дека фракцијата на Д. Груев била најсилна е нереална.

Независно од тоа, фракцијата на Д. Груев водела жестока борба против Б. Сарафов, кого го обвинувале дека бил подготвен на разни компромиси, дека примал помош од Србија и Австро-Унгарија, дека за сметка на последната агитирал меѓу Македонците, а во исто време добивал обилна помош во пари и оружје од бугарската влада.[183]

Од друга страна, Б. Сарафов заради сопствена одбрана преминал во напад. Притоа, вешто се камуфлирал зад реформско-демократските сили во Организацијата, жестоко критикувајќи ги централистичките погледи на Даме Груев. За таа цел, Б. Сарафов на 1/14. II 1905 г., истапил со отворено писмо,[184] при што проект-правилникот на Д. Груев од Прилепскиот конгрес (Образец II) го оценил како обид за пеење на „старата песна на нов глас“.[185]

На 16/29. III 1905 г., Св. Симиќ информира дека како одговор на компромисот што го направил Д. Груев со И. Гарванов и И. Цончев, на другата страна дошло до приближување помеѓу Б. Сарафов, Ѓ. Петров, П. Тошев и А. Лозанчев.[186] Очигледно, Д. Груев во тоа време, поради нарушените односи со многумина истакнати дејци и застапувањето за стариот централистички принцип,

---

[182] Исто, 47.

[183] Исто.

[184] Даме Груев - Живот и дело, II част..., 691-699.

[185] Исто, 695.

[186] Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 47.

немал друг избор, освен да прибегне кон соработка со И. Гарванов, кој своевремено му праќал терорист за ликвидација. Се чини единствена заедничка алка помеѓу Груев и Гарванов била заедничката одговорност по прашањето за востание.

Несомнено, Даме Груев во овој период се нашол во незавидна положба. За душевната положба на Д. Груев од тоа време дознаваме од неговото писмо до стариот школски другар Н. Дејков од 10/23. II 1905 година. Со него Д. Груев го кани Н. Дејков во Софија за да се видат бидејќи не знае „што носи утрешниот ден“.[187] Меѓу другото, Груев пишува: „Да би знаел каква душевна борба испитувам, самиот би сожалувал, зошто досега не си дошол... Откако сум дојден не помнам цел ден да сум бил спокоен. Чувствувам потреба од одмор, но како можам да го најдам: средства никакви, а и други, со кои ме сврзуваат само пријатни спомени, околу мене се ретки“.[188]

5.2. Додека траела поларизацијата помеѓу раководните кадри во македонското ослободително движење, во периодот од 2-7/15-20 јануари 1905 година во атарот на с. Кнежево (Кратовско) се одржал Конгресот на Скопскиот револуционерен округ.[189] На него, меѓу другото, било разгледано и прашањето за идното устројство на Организацијата. Притоа, појдовна основа претставу-

---

[187] Даме Груев - Живот и дело, II част..., 701.

[188] Исто.

[189] Повеќе за овој конгрес види: Протоколъ на I-вия редовенъ революционенъ конгресъ въ Скопския окрѫгъ, откритъ на 2 януарий, 1905 година, Ил. Илинденъ, г. 5/4 (44), София, 1933 (сообщава: Боянъ Мирчевъ), 12-13; Т. Александровъ, Първиятъ редовенъ окрѫженъ конгресъ на Скопския революционенъ окрѫгъ (въ 1905 г). Сб. Илинденъ, София, 1925, 5-12; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 362-366; М. Пандевски, Македонското ослободително дело... т. III, 87-89; Димитар Димески, Конгресот на Скопскиот округ на МРО (јануари 1905 година), Историја, XXVIII/1-2, Скопје, 1992, 63-71.

вал Проект-правилникот познат како Образец I од Прилепскиот подвижен конгрес. Меѓутоа, врз него биле извршени значајни измени согласно вкусот и определбите на мнозинството делегати на Конгресот. Тоа е особено забележливо во поглед на ингеренциите на ЦК и Задграничното претставништво.[190] Конгресот одлучил така преработениот правилник веднаш да стапи на сила во Скопскиот округ за наводно „зачувување на единството во работата на Округот".[191] Фактот што ревидираниот правилник веднаш стапил на сила, без да биде верифициран од општ конгрес, е најдобра потврда за сепаратистичките тенденции во Скопскиот револуционерен округ.

Истовремено, Конгресот ги прифатил петте принципи од „Основите на Внатрешната револуционерна организација" од Х. Матов (Брут).[192] Од друга страна, Конгресот формално ја прифатил „Директивата за идната дејност" од софиските советувања, со забелешка дека „Организацијата ќе ги гони сите Срби што не се придржуваат кон нејзините статути, како што, на пример, ги гонеше врховистите во 1902-1903 година".

Ако се земат предвид прифатените ставови и одлуки на Скопскиот конгрес, евидентно е дека тој направил чудна компилација од контрадикторни ставови што меѓусебно се исклучувале.[193] Оттука, не случајно дури и самиот Христо Матов, чии ставови биле протежирани на овој Конгрес, отворено го критикувал поради флагрантното кршење на единството во Организацијата.[194]

---

[190] Д. Димески, Конгресот на Скопскиот округ... 66-67.

[191] Протоколъ на I-вия редовенъ революционенъ конгресъ въ Скопския окрѫгъ..., 13.

[192] Исто, 12.

[193] 36 години във ВМРО..., 73.

[194] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 364.

Таквата конфузност во одлуките на Скопскиот конгрес можеби се должи на фактот што во неговата работа, доминирал војводскиот кадар (ако се изземе Ефрем Чучков), кој тешко ги разбирал идејните разлики помеѓу профилираните групации во македонското ослободително движење. Меѓутоа, токму поради тоа, можеби овде триумфирала скриена тенденција на одредени кругови кои, под превезот на наводен компромизам, вешто ги наметнале своите ставови.

Како и да е, Скопскиот конгрес на крај, согласно чл. 54/ гл. V од ревидираниот Проект-правилник, избрал ново окружно раководно тело во состав: Крсто Б̓лгаријата (претседател), Ефрем Чучков (секретар) и Атанас Бабата (легални членови) и нелегалните: Т. Л., А. Н., и Т. П (имињата не се наведени поради конспиративност). Истовремено, Конгресот донел одлука да го покани Даме Груев за претседател на Скопскиот округ, а доколку не прифати, таа должност да ја извршува Крсто Б̓лгаријата. Во исто време, Конгресот за задграничен претставник на Скопскиот револуционерен округ го избрал Иван Гарванов.[195] Последнава одлука е уште една потврда за пројавениот сепаратизам во овој округ.

Даме Груев, додека престојувал во Софија, го прифатил изборот за претседател на Скопскиот револуционерен округ. Во меѓувреме, Д. Груев дури почнал да го препорачува И. Гарванов за задграничен претставник на Битолскиот и на Солунскиот округ. За таа цел се обратил писмено до Битолскиот окружен комитет.[196] Притоа, Груев информира дека без нивна формална сог-

---

195 Протоколъ на I - вия редовенъ революционенъ конгресъ въ Скопския окрьгъ..., 13.

196 36 години във ВМРО..., 414-415. Кај К. Прличев ова писмо погрешно е датирано во 1906 година. Од содржината на писмото евидентно е дека станува збор за 1905 година. Кај Билјарски предметново писмо е датирано пред 16 март 1905 година. (Даме Груев - Живот и дело, II част..., 701-703).

ласност, а по негово (Груево) барање, Гарванов се грижел за издршката на нивните луѓе во Бугарија. За избегнување на евентуалните непријатности кои можеле да произлезат од тоа, Груев бара Битолскиот окружен комитет да издаде официјално полномоштво на И. Гарванов за тој да се грижи за прифаќање и издршка на луѓето од Битолскиот округ на територијата на Бугарија сè до конституирањето на официјалното задгранично претставништво.[197] Покрај тоа, Груев предупредува на опасноста од зацврстувањето на сарафистичките чети во Костурско.



*Груев со чета во Скопскиот округ*

Во тој контекст, Д. Груев со писмо се обратил и до Солунскиот револуционерен округ.[198] Во него се жали на поделбите во Организацијата бидејќи едвај можело да се најдат двајца што се согласуваат по две прашања. Секој обид за заемно разбирање бил пресретнуван со анатема, а секоја иницијатива била однапред осудена на фијаско. Поради тоа, Д. Груев вели дека тој останува на старото гледиште со предимство на уредување на внатрешноста. Во таа смисла вели: „Само обединувањето на внатрешните ќе биде во состојба да ја предодврати катастрофата и да даде нов импулс на нашата кауза надвор“.[199] За побрзо санирање на состојбите во Органи-

[197] 36 години във ВМРО..., 415; Даме Груев - Живот и дело, II част..., 702-703.

[198] Писмото до Солунскиот округ кај К. Прличев е погрешно датирано во 1906 година. (36 години във ВМРО..., 413-414). Додека кај Билјарски споменатово писмо воопшто не е датирано. (Даме Груев - Живот и дело, II част..., 703-705).

[199] Даме Груев - Живот и дело, II част..., 704.

зацијата, Груев препорачува Солунскиот округ, по примерот на останатите окрузи, да одржи конгрес и да избере тројца делегати за идниот општ конгрес. Освен тоа, Груев бара да се постави прашањето за одговорноста на Б. Сарафов. На крај на писмото, Д. Груев информира дека И. Гарванов им испратил „50 берданки“ и сугерира Солунскиот округ привремено да ги користи неговите услуги за своите потреби во Бугарија иако тој официјално бил акредитиран само од Скопскиот округ.[200] Овде вреди да забележиме дека Д. Груев во двете писма (до Битолскиот и Солунскиот округ) сугерира тие да не избираат свои задгранични претставници бидејќи со тоа би продолжила лошата практика што била воспоставена од Скопскиот округ. Оттука, очигледно е дека Груев бил свесен за преседанот што бил направен со изборот на Гарванов за задграничен претставник на Скопскиот округ и бара другите да не преземаат слични дејства, а во исто време тенденциозно го протежира и препорачува Гарванов. Каква хипокризија!?

5.3. Откако закрепнал здравствено, Д. Груев ја напуштил Софија и заминал на територијата на Скопскиот револуционерен округ. Неговото преминување преку Ќустендилскиот пункт е евидентирано на 11/24 април 1905 година.[201] Д. Груев го преминал Ќустендилскиот пункт заедно со Ефрем Чучков и Атанас Бабата, (двајцата легални членови на скопското окружно раководно тело), потоа со Алексо Марков, Крсто Божинов, Јосиф Петров и Филип Зиров.[202]

---

[200] Исто, 705.

[201] Четите на Вътрешната македоно-одринска революционна организация. Дневник и снимки на четите на ВМРО, преминали през Кюстендилския пункт (1903-1908). Подготвили за печат И. Бурилкова, Ц. Билярски, Н. Христов, А. Джонев, София, 2003, 50.

[202] Исто. Тројца од споменатата група (Атанас Бабата, Крсто Божинов и Јосиф Петров) набрзо потоа на 12/25. VI 1905 г., загинале кај с. Куклица – Кратовско.

Набрзо потоа, Д. Груев се нашол во селата покрај границата на Паланечката и Кратовската каза. За време на престојот во Скопскиот округ, Даме Груев подолго престојувал на Емиршките Планини околу Султан Тепе.[203] Од овој стратешки пункт, Даме Груев настојувал да го попречи продорот на сарафистичките чети не само во Скопскиот, туку и кон Битолскиот револуционерен округ.[204]



*М. Развигоров, Д. Груев, Е. Чучков и А. Бабата*

Додека Д. Груев се занимавал со практична револуционерна работа на територијата на Скопскиот округ, Б. Сарафов ги засилил нападите против него. Б. Сарафов, кој претходно бил обвинет за врски со бугарската, па и австриската влада, применувајќи

[203] Ангел Динев, Илинденската епопеја, II, (приредил: Владимир Картов), Битола, 1987, 89.
[204] Исто, 90.

ја тактиката „нападот е најдобра одбрана", на 12 VI 1905 г., преку „Револуционерен лист", меѓу другите, за врски со бугарската влада го обвинил и Д. Груев;[205] додека во бројот од 16 јули на истиот весник, Сарафов ги обвинил Д. Груев и И. Гараванов дека за потребите на Скопскиот округ зеле 300 пушки од бугарските воени складови.[206]



*Груев со чети во Скопско*

Присуството на Д. Груев на територијата на Скопскиот револуционерен округ било следено со интерес од српска страна. Св. Симиќ во својот извештај од 20. IV (ст. стил) 1905 г., потенцира дека треба да се следи дејноста на Д. Груев во овој регион, особено поведението спрема просрпските села. Притоа, нагласува дека треба да се причека за да се види во која насока ќе тргнат работите, потоа дека не треба да се бега од евентуална спогодба, но

[205] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т. III, 182-183.
[206] Исто, 184.

при напад да се одговори решително.[207] Св. Симиќ во извештајот, меѓу другото, истакнува: „*Груев е мошне вешт и организатор и пропагатор, знае прилично српски, што во овој крај многу ќе му помага, а со тоа може да биде опасен противник*“.[208] Во својот извештај од 30. VI (ст. стил) 1905 г., Св. Симиќ пишува: „Иако едно време многу полагавме на влијанието на Груев... тој не ги оправда надежите што ги полагавме на него имајќи ги на ум изјавите што ни ги правеше и ветувањата што ни ги даваше“.[209]



*Груев во чета на Скопскиот револуционерен округ*

Меѓутоа, сепак, изгледа дека Д. Груев во овој период се воздржувал од порадикален истап спрема просрпските села во овој регион. Најверојатно, таквата воздржаност е последица на

[207] Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 49.
[208] Исто, 49-50.
[209] Исто, 51.

претходните преговори со Св. Симиќ, иако не била постигната конкретна спогодба. На таков заклучок упатува еден таен извештај од Ј. М. Јовановиќ од Белград до Св. Симиќ во Софија. Во него се вели дека Д. Груев и Ј. Спасов во јули 1905 година биле во Кратовско, од каде што издале наредба „никој од левата страна на Крива Река да не премине во с. Радобуш, каде што на 26-ти има собор, а каде што инаку се собираат луѓето од Кратовска, Паланечка, Кумановска и Прешевска каза, зашто од левата страна на реката е бугарско, а од десната српско“.[210] Без оглед на оваа воздржаност, недовербата останала, а можностите за евентуална спогодба биле сведени на минимум, иако ова прашање лебдело во воздух извесно време.

[210] Исто, 50, белешка 32.

# X
# Привидно единство

## 1. *Рилскиот конгрес*

1.1. Независно од разномислието, спротивставените концепти, идејните разлики и projaвеното фракционерство во Организацијата кои настапиле по Илинденското востание, неопходноста од одржување на општ конгрес била потенцирана од сите страни. Сите бил свесни дека надминувањето на хаосот и воспоставувањето на единството во Организацијата биле можни само преку одржување на еден општ редовен конгрес на кој ќе бидат усвоени нови акти и насоки за натамошната дејност. Патот до него траел скоро две години.

Во таа насока, како продолжение на веќе претходно одржаните окружни конгреси (Струмички, 1904; Прилепски, 1904; Скопски 1905 г.), летото 1905 година, такви биле одржани во Солунскиот,[1] Струмичкиот,[2] и Серскиот револуционерен округ.[3] Со тоа бил отворен патот за долго подготвуваниот општ конгрес.

[1] Всушност, во текот на летото 1905 година во Солунскиот округ биле одржани два конгреса. Види: И. Катарџиев, Прилог кон проучувањето на положбата на ВМРО по Илинденското востание, - Записник на Вториот конгрес на Солунскиот револуционерен округ, ГИНИ IX/1, Скопје, 1965; Дими-

Во услови на непостоење на ЦК како единствен раководен орган на Организацијата, дел од координативната улога за свикување на општиот конгрес презел Скопскиот револуционерен округ, на чело со Даме Груев. Тој, во својство на претседател на Скопскиот округ, на 15/28 јули 1905 г., испратил покана до Солунскиот револуционерен округ со која предложил идниот конгрес да започне на 1/14 септември 1905 година.[4] Притоа нагласил дека делегатите најдоцна до 15/28 август 1905 година треба да се најдат во Бугарија каде што во договор со раководителите од Серскиот округ ќе биде определено точното место на одржување на конгресот. Груев сугерирал делегатите по пристигањето во Бугарија за понатамошни упатства да стапат во контакт со Иван Гарванов и Пере Тошев. Истовремено било потенцирано дека делегатите треба да поседуваат официјални полномоштва.[5] Слично писмо било испратено и до раководните тела на другите окрузи.

Во првата половина на септември Даме Груев пристигнал во Софија. Таму бил пречекан од Иван Гарванов и Петко Пенчев. Истиот ден од Софија си заминале Хаџиташковиќ и Герѓиковиќ (македонски автономисти од Белград), кои барале средба со Груев.[6] Според Св. Симиќ, средбата била попречена од И. Гарванов, кој не ги информирал за денот на пристигањето на Груев. Вед-

тар Димески, Вториот окружен солунски конгрес на МРО (август 1905), Историја XXIV/1-2, Скопје, 1985; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 102-105.

2 Манол Пандевски и Георги Стоев Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969, 240-243.

3 Иван Катарџиев, Борба до победа, т. I, Скопје, 1983, 657-662; Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство. Биография на Яне Сандански (превел от английски Веселин Измирлиев), София, 1987, 180-184.

4 Даме Груев - Живот и дело, II част..., 710.

5 Исто.

6 Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 54.

наш по пристигањето во Софија, Д. Груев ги возобновил контактите со Пере Тошев и Ѓ. Петров. Тема на разговорите биле подготовките за претстојниот конгрес.[7]

1.2. Кон крајот на септември 1905 година, поголемиот дел од избраните делегати за општиот конгрес пристигнале во Софија. Таму започнале подготвителни советувања. Притоа, дошло до несогласување по прашањето за местото на одржување на конгресот. Серските делегати на чело со Ј. Сандански инсистирале Конгресот да се одржи во Македонија за да се подвлече „чисто внатрешниот карактер и полната независност на Организацијата“.[8] Меѓутоа, мнозинството делегати, посочувајќи ја важноста на конгресот и потребата од непречени услови за работа, предложиле истиот да се одржи зад границата. Тие особено потенцирале дека делегатите веќе се наоѓале во Софија, па враќањето назад во Македонија би претставувало непотребно губење на време. На крај било постигнато компромисно решение Конгресот да се одржи во Рилскиот манастир, во непосредна близина на македонската граница.[9] За избег-



*Јане Сандански*

[7] Исто, 56.

[8] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 374.

[9] Х. Силјанов, повикувајќи се на една изјава на Борис Мончев, во врска со тоа пишува: „Дојдов (Борис Мончев, б.м.) во Софија, по порака на Даме, една недела порано за да подејствувам врз Сандански да се согласи конгресот да се одржи во Рилскиот манастир. Сандански беше упорен. На една од на-

нување на таквите принципиелни прашања во иднина, Конгресот донел одлука дека изговорите од типот околностите налагаат Конгресот да се држи зад границата „имаат сила само за сегашниот конгрес, без да служат за претекст во иднина".[10] Според местото на одржувањето, овој општ конгрес во историјата влегол под името Рилски конгрес.

За Рилскиот конгрес биле избрани 22 делегати. Меѓу нив: Даме Груев, Мише Развигоров и д-р Петар Кушев од Скопскиот округ; Пере Тошев, Ѓорче Петров, Борис Сарафов, Ѓорѓи П. Христов и Павел Христов (Битолски округ); Борис Мончев, Аргир Манасиев и Добри Даскалов (Солунски округ); Христо Чернопеев, Стојо Хаџиев, Иван Илиев и Мануш Ѓ. Турновски (Струмички округ); Јане Сандански, Лазар Томов и Илија Балтов (Серски округ); Лазар Маџаров, Стамат Икономов, Климент Шапкарев и Петар

---

шите средби, во текот на разговорот, гледајќи во мене жесток противник на Б. Сарафов, ми рече: Јас инсистирам конгресот да се одржи во Пирин за да го држам Сарафов во залог, и ако конгресот го осуди на смрт, да свршам со него уште таму". (Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 374, ф. 1). Имајќи го предвид пристрасниот однос на Силјанов на релацијата Ј. Сандански - Б. Сарафов во полза на последниот, очигледно е дека станува збор за тенденциозна конструкција. Во име на вистината ќе одбележиме дека и Д. Груев барал Солунскиот округ да го покрене прашањето за одговорност на Б. Сарафов. Од друга страна, Д. Груев во писмото до Солунскиот округ од 15/28 јули 1905 г., посочува дека местото за одржување на Конгресот треба да се определи во договори со Серскиот округ. Оттука пишувањето на Силјанов дека серчани инсистирале Конгресот да се одржи на Пирин за да го имаат при рака Б. Сарафов за егзекуција при евентуална смртна пресуда за него е тенденциозно барем од две причини: 1. Одговорност за постапките на Б. Сарафов не барале само серчани, туку и Д. Груев, па и други; и 2. По прашањето за местото на одржување на конгресот постоела извесна корелација помеѓу Д. Груев и серчани уште во текот на јули 1905 година.

[10] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 374, ф.1.

Васков (Одрински округ). Од избраните делегати, на Конгресот не присуствувале П. Васков и Х. Чернопеев. Со тајно гласање за претседател на Конгресот бил избран Даме Груев, а за секретари – Илија Балтов и Аргир Манасиев.[11]



*Рилскиот манастир*

Последните задгранични претставници, Х. Матов и Х. Татарчев (прв претседател на ЦК), не биле избрани за делегати од ниеден округ. Од никого не бил избран за делегат и задгранични-

---

[11] Според Х. Силјанов, секретар на Конгресот бил И. Балтов. Меѓутоа, Аргир Манасиев во своите спомени вели дека и тој бил избран за секретар на Конгресот. (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 158). Исто така, и според Г. П. Христов, на Конгресот биле избрани двајца секретари: И. Балтов и Аргир Манасиев. Во секој случај А. Манасиев се појавува како потписник на одредени документи заедно со претседателот на Конгресот Д. Груев. Оттука, нема дилеми дека на Конгресот имало двајца секретари.

от претставник на Скопскиот округ, Иван Гарванов (поранешен претседател на ЦК).

Х. Силјанов, имајќи го предвид составот на делегатите, констатира дека меѓу нив се нашле страсни фракционери, кои настојувале да го наметнат своето влијание, потоа стари дејци кои оддавале магична сила на пишаните правилници, првенци кои преку Конгресот се обидувале да го вратат изгубеното место во организациската хиерархија и лица со тешки обвиненија кои не мислеле за ништо друго, освен како да се извлечат од врховниот революционерен суд.[12] Кон ова би додале дека на Конгресот се нашле и нови, дотогаш малку експонирани лица, кои во постојната констелација единствено што можеле е да се приклонат кон некоја од носечките струи на Конгресот.

Поради тие околности, Конгресот не можел да ги избегне парламентарната дволичност и „кулоарските" интриги. Конгресот претежно работел според начелата на парламентарната доктрина, при што одлучувачка била волјата на половината плус еден глас. Таквото мнозинство често било обезбедувано на вонпленарните договори. При такви околности, во име на личните или групни интереси, прва жртва биле принципите. Главен ментор на Конгресот бил Ѓорче Петров. Според Х. Силјанов, тој бил „недостижен мајстор, достоен да соперничи и на најшколуваните парламентарци".[13] Тој при изборот на управните тела правел неверојатни комбинации, вешто користејќи ја критичката настроеност на едни, наспроти засегнатото честољубие на други и сектантството на трети.

Конгресот го имал следниов дневен ред:

---

[12] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 375.
[13] Исто, 376.

1. Извештај за минатата дејност и сегашната положба во Организацијата по окрузи и околии;

2. Идната дејност на Организацијата;

3. Устројство и управа на Организацијата: а) административен оддел; б) судски оддел; в) финансиски оддел; г) културно-економски оддел;

4. Литература и печат;

5. Односот и поведението на Организацијата спрема разните теченија; а) спрема сите пропаганди (легални и вооружени); б) спрема бугарскиот државнички национализам и Егзархијата; в) спрема врховистите, емиграцијата и јавноста во Бугарија; г) спрема одделни организациски групи внатре и надвор;

6. Тактика на Организацијата;

7. Отчет за дејноста на ЦК и Задграничното претставништво.

Конгресот избрал специјална комисија, во состав: Д. Груев, П. Тошев, Ѓ. Петров и Ѓорѓи П. Христов. Комисијата била должна да ги редактира конгресните одлуки и да ги дистрибуира во внатрешноста преку циркулари со извадоци од поважните решенија и толкувања за примена на Правилникот.[14]

Дневниот ред на Конгресот бил обемен и амбициозен, со претензија за преиспитување на минатата дејност на Организацијата и проекција за иднината. Навидум едноставно, но прилично комплицирано, со оглед на постојната констелација во која се нашла Организацијата во Поилинденскиот период. Оттука, заседанијата на Конгресот траеле речиси цел месец.

По однос на првата точка (минатата дејност...), Конгресот меѓу другото констатирал дека идејата за едновремено посемесно

[14] Исто, 375.

востание не била реализирана поради неблагопријатните околности за рамномерен развој на месните организации во подготвителниот период, поради што дошло до делумни востанија.[15] Очигледно, преку оваа формулација соломонски биле одбегнати претходните меѓусебни обвинувања по прашањето за Востанието од 1903 година. Конгресот ги констатирал следниве аномалии во минатото: непочитување на правилниците; разлика во агитацијата; недостаток на контрола; нередовност во финансирањето; финансиски злоупотреби кои довеле до нарушување на довербата кај населението; бездејство на градските организации; слабо учество на градското население во Востанието 1903 г.; недостаток на легални раководни сили и соодветен војводски и четнички кадар; преголемо влијание на четничкиот институт.[16]

Во врска со втората точка од дневниот ред (идната дејност), Конгресот истакнал дека „Организацијата продолжува да ја смета сенародната вооружена борба против турската власт како *крајно средство на својата борба за премавнување на турскиот режим*".[17] Притоа, востанието треба да дојде како краен резултат на една подолга подготвителна револуционерна дејност на населението. Истовремено е потенцирано дека Организацијата е против востание предизвикано под надворешни влијанија и политички соображенија. Организацијата за во иднина најавува поголема активност за поттикнување на населението, бидејќи борбата треба да произлегува од него, а не само од четите. Така, на сите репресалии од страна на власта треба да се одговори со одмазда. Притоа се дава можност за широка лична иницијатива. Иако Организацијата во основа останува револуционерна по идеологија и методите на дејствување, таа си поставила задача да го опфати опш-

[15] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 260.
[16] Исто, 261-262.
[17] Исто, 262.

тествено-економскиот и културниот живот на населението и да влијае за неговото издигање. Истовремено, Организацијата изјавила дека нема да се противставува на легалната борба (индивидуална и колективна) на населението против своеволијата на власта.[18]

Најдолго време, дваесетина дена од Конгресот, поминале во расправа по прашањето за устројството и управата на Организацијата. Појдовна основа во расправата по тоа прашање претставувале проект-правилниците од окружните конгреси. Во овој дел од Конгресот најактивен бил Пере Тошев, кој верувал дека со доследна примена на Правилникот по автоматизам ќе бидат отстранети сите недоразбирања, а Организацијата ќе се доведе во посакуваниот ред.[19]

Според Х. Силјанов, во дискусијата по ова прашање дошло до судир помеѓу двете групации со различни концепции кои тој ги именува како „радикално-реформска“ и „умерено-конзервативна“.[20] Во поголемиот дел од литературата за оваа проблематика, првата некоректно се третира како „левица“, а втората, како „десница“. Според нас, последнава категоризација е неприфатлива за една Револуционерна организација, независно од идејните определби на поедини нејзини претставници. Ние сме склони првата концепција да ја именуваме како „реформско-демократска“, а втората како „конзервативно-централистичка“. Најистакнати претставници на „реформско-демократската“ опција за време на Конгресот биле Пере Тошев, Ѓорче Петров и Јане Сандански. Зад нив биле мнозинството делегати. Тие се залагале за демократизација и децентрализација во Организацијата, со широка примена на изборното начело. На оваа страна застанал и бескрупу-

---

18 Исто, 263.

19 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 376.

20 Исто.

лозниот Б. Сарафов, применувајќи го начелото „секогаш во добитна комбинација" во замена за амнестија од обвиненијата. Сето тоа било изведено под менторство на Ѓ. Петров.

На другата страна на лостот се нашол Даме Груев. Тој во Поилинденскиот период се залагал за зачувување на стариот централистички поредок. Меѓутоа, под притисок на новонастанатата реалност, Груев бил подготвен на одредени компромиси во име на единството во Организацијата. На страната на Д. Груев за време на Конгресот застанале делегатите: Борис Мончев, Аргир Манасиев, Лазар Маџаров, Добри Даскалов и Стамат Икономов.[21]

По дваесетдневна расправа, дури по третото препрочитување, прифаќајќи точка по точка, слично како во парламентарните процедури, Конгресот ги прифатил новиот Устав и Правилник на Организацијата. Х. Силјанов пишува дека новоусвоените акти биле компромисно решение помеѓу двете групации, со „чувствително наклонување на лево", и дека отстапките за компромисот биле направени од „умерено-конзервативното" крило. Таквата констатација со извесни модификации (зависно од опцијата која се застапува) некритички се пренесува во постојната литература. Меѓутоа, ако овие акти навистина биле донесени со компромис, тогаш нема место за тврдење дека тие натежнуваат на една страна, во спротивно, согласно принципите на работа на Конгресот тоа била легитимна одлука на мнозинството делегати. Од друга страна, ако се анализираат постојните документи, тогаш секој посериозен аналитичар би се запрашал што е тоа левичарство или десничарство во програмските акти на Револуционерната организација. Уште потешко би се снашол секој што ќе се обиде еднострано да го докажува левичарството кај П. Тошев, Ѓ. Петров, кај конфузниот Сарафов, или пак наводното десничарство кај Д. Груев.

[21] Исто, 377. Х. Силјанов во оваа група го вбројува и П. Васков. Меѓутоа, тој иако бил избран за делегат, не дошол на Конгресот.

Како и да е, Конгресот усвоил нов Устав и Правилник според кој Организацијата добила ново официјално име „Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација“ (ВМОРО). Бидејќи конспиративниот период на Организацијата бил надминат било одлучено усвоените акти да се објават веднаш. За правилна примена на Правилникот во Циркуларот No 2. се издадени општи упатства со толкувања на некои членови.[22]

Врз основа на новите акти, за членови на ЦК биле избрани: Даме Груев, Пере Тошев и Тодор Поп Антов, додека во Претставничкото тело (задгранични претставници) биле избрани: Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов. За редактор на „Революционерен лист“ бил избран Димо Хаџи Димов.[23] Истовремено за ревизори на Организацијата биле избрани Иван Гарванов, Б. Сарафов и Никола Пушкаров.[24] Меѓутоа, никој од нив не ја прифатил должноста.[25]

Во административен поглед било одлучено Организацијата да ја задржи дотогашната поделба по окрузи и околии. Било какви промени во тој поглед се во надлежност на Конгресот.[26]

Во врска со судскиот оддел, Конгресот констатирал дека Организацијата нема законска можност да воспостави строго

---

[22] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 271-275.

[23] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 377; За член на ЦК бил предложен и Борис Мончев, но тој одбил да ја прифати должноста. Во прво време и *Даме Груев одбивал да ја прифати должноста - член на ЦК*. Во врска со тоа види: Архив Христо Матов..., 236; Спространов Ефтим, Дневник т. I, (1901-1907), София, 1994, 398.

[24] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 257; Архив Христо Матов..., 235; Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893-1919 г.), Документи на централните ръководни органи, том I, част 1, съставителство: Цочо Билярски и Ива Бурилкова, София, 2007, 546.

[25] 36 годни във ВМРО..., 87.

[26] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 263-264.

правосудство и законитост. Независно од тоа, сите приватни дела помеѓу христијаните, од каков било карактер, треба да се разгледуваат во специјални т.н. граѓански судови. Тие треба да бидат арбитер и посредник за спогодување и изгладување на споровите меѓу христијаните. Нивните одлуки треба да бидат совесни и врз основа на обичајното право. За избегнување на неправедност, нивната работа подлежи на контрола, а решенијата се спроведуваат преку комитетот. Меѓутоа, комитетот нема право да се меша во работата на граѓанските судови. Во негова надлежност се само организациските проблеми согласно Правилникот.[27]

Во финансискиот оддел е истакнато дека самостојноста на Организацијата е во директна зависност од нејзината финансиска положба. Редовната членарина и понатаму останува основен извор на приходи, но тоа не дава можност да се проектира буџет. Конгресот ги отфрлил предлозите за наложување данок на населението. Притоа се допушта можност членските вносови да се земаат и во натура. Налозите според стариот систем се издаваат на: сочувственици на делото; лица кои се во состојба, но не сакаат да помагаат; туѓи непријателски елементи, како казна; манастири кои располагаат со средства. Во исклучителни случаи, по предлог на месните организации и со одобрение на Конгресот, налози се определуваат и за членови. Притоа, треба да се внимава да не се злоупотребуваат дотогашните помагачи. Во општите расходи влегуваат средствата потрошени за издршка на затвореници, чети, за оружје и други воени материјали, како и издршка на семејства на настрадани членови за ослободителното дело.[28]

Во настојувањето за целосно разнебитување и дискредитирање на османлиската власт, Организацијата пројавила тенденции за контролирање и организирање на секојдневниот народен жи-

[27] Исто, 278-279.
[28] Исто, 275-276.

вот. Овој стремеж е последица на нераскинливата морална врска помеѓу Организацијата и населението. Навистина населението во лицето на својот учител, свештеник и војвода гледало вистински изразител на своите стремежи и заштитник од насилството и неправдата. Културно-просветното и економското издигање на населението било императив за Организацијата, бидејќи само културно и економски издигнато население е подготвено за борба за своите права, за нивна одбрана и за самостоен политички живот. Оттука, Организацијата вложувала огромни усилби за културно-просветно и економско издигање на населението.

Во тој контекст, Организацијата на Рилскиот конгрес изјавила дека ќе се залага за воведување на задолжително основно образование (до IV одделение) и за отворање основни училишта, таму каде што нема.[29] Додека за возрасните се препорачува отворање на вечерни и неделни училишта за елементарно описменување и запознавање на населението со неговите основни права во државата. Покрај тоа, Организацијата ќе се залага за отворање на популарни библиотеки, како и толкување на едноставен разбирлив јазик на целите и задачите на Организацијата. Истовремено, Организацијата настојува да влијае врз моралниот живот на населението. Во таа смисла, препорачува отстранување на разните морални и материјални појави кои се последица на старите обичаи и вековните заблуди. Организацијата изјавува дека ќе се залага за искоренување на непотребните трошоци при свадби и обреди, женидби на малолетници; женидби со присила од домашните и грабање, како и искоренување на суеверието. Од друга страна, Организацијата се залага за подобрување на животот на населението кој зависи од неговиот вкус и разбирање, како што се чистота на куќите и облеката, хигиенско подготвување на храната и воздржување од страст во пиење. На крај, Организацијата изјавува

[29] Исто, 276.

дека ќе преземе мерки за подобрување на јавното здравје.[30] Речиси сите овие мерки во широк обем биле практикувани и во претходниот период. Многу од овие прашања биле третирани на претходните окружни конгреси.

Конгресот препорачал низа мерки за ослободување на населението од економската експлоатација и за засилување на економската борба. Во таа смисла, Конгресот предвидува формирање на специјална комисија при ЦК на ВМОРО која ќе ги проучи законските основи на постојните даноци, и врз основа на тоа ќе подготви упатства за легална борба против злоупотребите во таа сфера.[31] При купопродажба на недвижен имот се препорачува населението да не бара тапии од државните власти, туку купопродажните договори да ги заверува кај соодветните христијански институции. Освен тоа, се предлагаат мерки за враќање на насилно заграбените гори, земји и ниви од страна на поедини насилници - Турци. Конгресот препорачува мерки, ако треба и насилни, за заштита на чифлигарите од прекумерна експлоатација. На тој начин, чифлигсајбиите би биле принудени да ги продаваат чифлиците на селаните по пристапни цени. Во име на економската борба следат низа забрани и органичувања, како: селаните да не одат како момоци по чифлиците; забрана да одат на жетва на чифликсајбиите - Турци; безусловна забрана на ангаријата.

Од друга страна, се предлагаат мерки за премавнување на чифлигарскиот систем. Во таа смисла се препорачува откупување на турските чифлици, не заради промена на сопственикот, туку на системот. Доколку селаните не се во состојба да го откупат чифлигот, месниот комитет треба да превземе мерки земјата да биде откупена и разделена помеѓу околните села за таа да не падне

[30] Исто, 276-277.

[31] Исто, 277.

во рацете на некој нов градски или селски богаташ – чифликсајбија.

За избавување на населението од канџите на лихварството Организацијата изјавува дека нема да толерира повисоки камати од 12%. Истовремено, за таа цел се препорачува по селата и градовите да се формираат заемнопомагателни каси (Рај-фезанови каси). И на крај, во контекст на економската борба, се допушта бојкотирање на европските и месните туѓински компании и нивните стоки.[32]

По однос на четвртата точка од дневниот ред (Литература и печат), Конгресот одлучил при Претставничкото тело да се формира одделен комитет кој ќе се грижи за доставување на литература и формирање на посебен книжен фонд за издавање на книги, брошури и еден специјален весник за внатрешноста. За поттикнување на издаваштвото се прифаќа „слободата на перото и мислата“. Притоа, книгите и брошурите што ќе ги издава Организацијата требало да бидат во духот на нејзините цели. Понатаму се допушта Организацијата да откупува и распространува книги, брошури и други приватни изданија независно дали тие се во согласност со нејзиното мнение. Додека за изнесување на сопственото мнение пред надворешниот свет, Организацијата ќе се служи со притурки (додаток) во својот официјален орган.[33]

Петтата точка од дневниот ред на Конгресот е прилично обемна. Конгресот во врска со оваа точка изградил ставови за односот и поведението на Организацијата спрема: разните течениja; пропагандите; бугарскиот државнички национализам и Егзархијата; врховистите, емиграцијата и јавноста во Бугарија; спрема одделни организациони групи внатре и надвор.

---

[32] Исто, 278.

[33] Исто, 264.

Конгресот потенцирал дека ВМОРО ќе им се спротивстави на сите пројави и постапки на Егзархијата и нејзините органи кои се насочени „во духот на бугарскиот државнички национализам“, бидејќи биле штетни за целите на Организацијата.[34] Во врска, пак, со надворешните пропаганди, ВМОРО изјавува дека:

1. Ќе се залага за зачувување на „слободата на верата, убедувањето и националното чувство“ на секој човек во Македонија и Одринско,[35] како и дека ќе се спротивстави на секоја легална пропаганда која го отклонува населението од Организацијата и нејзината револуционерна активност.

2. ВМОРО најстрого ги осудува нелегалните (вооружени) дејства на пропагандите. Грчките и српските чети ги смета за органи на соодветните влади. Како такви таа ќе ги преследува со сите свои сили и средства, бидејќи тие се орудија на држави и влади кои сакаат да ја завладеат организационата територија, а со тоа биле против автономијата на Македонија и Одринско.[36]

Во однос на емиграцијата, Конгресот го задолжува Претставничкото тело да се грижи за искористување на македоно-одринската емиграција во Бугарија и нејзино приврзување за ослободителното дело и Организацијата.[37]

Конгресот опстојно се занимавал и со прашањето на врховистите, особено со групата на И. Цончев, која жестоко настојувала да се инсталира во внатрешноста на Македонија како паралелна организација.[38] Поради тоа, Организацијата била решена со нив да расчисти засекогаш. За таа цел, Конгресот испратил ултима-

[34] Исто.

[35] Исто, 265.

[36] Исто.

[37] Исто.

[38] Светлозар Елдъров, Генерал Иван Цончев, Военно издателство, 2003, 142-145.

тивно „Соопштение до групата македонски дејци наречени ‚Врховисти'".[39] Во него, меѓу другото, се вели: „Организацијата за напред по никаков начин не може да трпи на својата територија никакви други групи и корпорации... Таа ќе ги прогонува по секоја цена и со сите сили активните дејци на таквите групи и корпорации како опасни непријатели на осободителното дело, а нивните водачи подлежат на сите строгости на Уставот и Правилникот, предвидени за пакосниците на ослободителното дело и злосторниците на нашата татковина, каде и да се наоѓаат тие, биле членови на Организацијата или не".[40]



*Генерал Иван Цончев*

Меѓутоа, и покрај оваа категоричност, веднаш потоа во Соопштението се вели: „Организацијата со своите нови наредби дава широка слобода за членување во неа... без разлика на народност, место на раѓање и убедување... горенизложеното решение му отвора пристап во Организацијата на секого и со него се надева да ги види во своите редови обединети силите на сите искрени и вистински приврзаници на ослободителната револуционерна борба против турскиот режим во Македонија и Одринско".[41]

Оттука, Конгресот ги поканил врховистите во име на заемното разбирање и осободителното дело доброволно да ја растурат својата група и да престанат со сепаратистичката дејност како

[39] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ II..., 389-390.
[40] Исто, 390.
[41] Исто.

внатре во земјата, така и надвор. На крај е подвлечено дека Соопштението не дава можност за преговори, туку веднаш бара категоричен одговор.

За изненадување на сите, генералот Иван Цончев, откако се консултирал со своите блиски соработници,[42] го прифатил ултиматумот и се обратил со соопштение до Конгресот. Во него истакнува дека по Востанието од 1903 г., Врховниот комитет го изгубил своето значење бидејќи се распаднал на повеќе групи, а на една од нив претставник во Кнежеството бил тој (Цончев). Притоа, Цончев пишува дека: „воодушевен од желбата за постигање на единство во Внатрешната организација“ го прифаќа Соопштението од Конгресот и ветува дека за тоа ќе ги информира своите приврзаници во Македонија.

По таквиот одговор од Цончев, Конгресот одлучил да не го објавува Соопштението што во врска со ова прашање било подготвено за публикување пред бугарската јавност. Преку него, ВМОРО сакала да ја симне од себе моралната одговорност од евентуалното продолжување на борбата со врховистите во случај на негативен одговор. Во него, дејноста на врховистите е оценета како „надворешно влијание и тенденција“ што се наметнува со „силата на оружјето“.[43]

Одговорот од Цончев не оставил простор за натамошно третирање на прашањето со врховистите. До формално слевање на врховистите со Организацијата не дошло. Меѓутоа, И. Цончев сепак ги повлекол своите приврзаници од Македонија, а неговата група престанала да функционира.[44]

---

[42] Глигор Тодоровски, Српско-македонските односи во минатото, Скопје, 1987, 101-102.

[43] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 266.

[44] И. Цончев во едно писмо од 10 I (ст. стил) 1906 г. до своите приврзаници: Протогеров и Гологанов пишува: „На г-н Груев и уште кому треба да каже-

Ултиматумот од ВМОРО, иако е навидум категоричен, сепак остава доволно простор за инкорпорирање на врховистите во своите редови. Таквиот двосмислен став на ВМОРО спрема врховистите бил дело на Даме Груев. Тој пред генерал Цончев дури изразил жалење поради испратениот ултиматум и неговото прифаќање на предлогот за растурање на својата група. Д. Груев очекувал дека новиот ЦК „ќе постигне спогодба за искористување на нивните сили од страна на Организацијата".[45] Борис Мончев во писмото до Х. Матов од 16/29, XI 1905 г., вели дека, иако во Соопштението до врховистите изрично било потенцирано дека тоа не допушта водење преговори, Д. Груев сепак си дозволил да преговара со И. Цончев во присуство на Љапчев.[46]

Постојат индиции дека поблиските контакти меѓу Д. Груев и И. Цончев биле воспоставени пролетта 1905 година.[47] Според информациите од српска провениенција, помеѓу Даме Груев и Иван Цончев постоел претходен договор за заемно разбирање.[48] Најверојатно Д. Груев со оваа постапка настојувал да ја зацврсти својата положба во Организацијата, бидејќи почувствувал дека неговото влијание на Конгресот опаднало за сметка на „Сандански од една и Сарафов од друга страна".[49] Меѓутоа, постои можност приближувањето меѓу Д. Груев и И. Цончев да се должи на планот на Второто политичко одделение при Министерството за над-

те, дека тоа што јас сум го зел врз себе како ангажман, ќе го исполнам. Во тоа да бидат наполно убедени. Јас и моите другари во секој случај нема да бидеме причина за еден нов и уште поголем расцеп. Ако дојде до тоа, причина ќе бидат пак нивните луѓе, од родот на тукашните патриоти". (С. Елдъров, Генерал Иван Цончев...,148).

[45] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 392.

[46] Архив Христо Матов..., 234.

[47] С. Елдъров, Генерал Иван Цончев..., 148-149.

[48] ДАРМ, ф. МИП, ПП, мф. 737, пов. бр. 540, Софија, 8. XII 1905.

[49] Исто, пов. бр. 487, Софија, 11. XI 1905.

ворешни работи на Бугарија за слевање на групата на Цончев со поумерените елементи во Организацијата и преземање на контролата одвнатре, за потоа истата да се стави во функција на бугарските политички интереси.[50]

Како и да е, Даме Груев со своето тактизирање со И. Цончев предизвикал незадоволство кај некои од врховистите, но и кај радикалните претставници на ВМОРО кои не сакале да прифатат помирување.[51] Таквата постапка на Груев, Петар Поп Арсов ја оценил како работа „во ветер".[52] Св. Симиќ во врска со Соопштението до И. Цончев известува дека „меѓу Македонците оваа вест не предизвика радост. Напротив, многу го осудуваат Даме Груев".[53] Петар Поп Арсов, револтиран од постапката на Д. Груев, во почеток одбивал да ја прими должноста задграничен претставник. Тоа, пак, безуспешно се обидел да го искористи Груев за рушење на конгресните решенија.[54]

Во врска со политиканството, Конгресот одлучил Организацијата да не влегува во „никакви дипломатски врски со надворешни државни фактори по нашето прашање".[55] Поради недос-

---

[50] Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година за положбата во Македонија и ВМОРО и бугарската политика кон нив, Историја, XXXIII/1-2, Скопје, 1997; Ванчо Ѓорѓиев, Политиката на Бугарија кон Македонија и ВМОРО 1904-1906, Историја, XXXIVI/1-4, Скопје, 1998/1999.

[51] ДАРМ, ф. МИП, ПП, пов. бр. 540, Софија, 8 XII 1905.

[52] Исто, пов. бр. 487, Софија, 11 XI 1905.

[53] Исто.

[54] Според Е. Спространов, Даме Груев, откако го насетил тоа се обидел да го искористи за свои цели, велејќи му на Поп Арсов: „Не го прифаќај изборот, Мончев (Борис б.н) не прифати да биде член на Централниот, јас, (Даме б.н) исто, кога ќе се откажеш и ти од Претставништвото, не ќе се наредат тие две тела и *на тој начин решенијата на Конгресот ќе паднат*". Меѓутоа, Поп Арсов ја сетил намерата на Даме и ја прифатил должноста. (Спространов Ефтим, Дневник т. I, ..., 398.

[55] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 269.

таток на материјали, Конгресот само патем се осврнал на австро-руската спогодба од 1897 година. Таа била оценета како спротивна на целите на Организацијата.[56]

Во врска со Мирцштегските реформи, Конгресот оценил дека тие не ги задоволуваат барањата на Организацијата за премавнување на турскиот систем и потполно решавање на македонското прашање. Напротив, било констатирано дека реформите имаат за цел „да го закрепнат турското владеење во нашата татковина“. Оттука, Конгресот истакнал дека Организацијата не се согласува со Мирцштегските реформи и ги смета за непостоечки, иако нема да го попречува нивното спроведување.[57]

Конгресот расправал и за турско-бугарската спогодба од 1904 година.[58] Притоа било оценето дека таа не била според духот, целите и задачите на Организацијата.[59] Конгресот го изоставил прашањето за одговорност на инволвираните лица (Матов, Татарчев и други), кои претходно биле обвинувани дека во врска со оваа спогодба ја ангажирале Организацијата.[60]

---

[56] Исто.

[57] Исто, 270.

[58] За турско-бугарските преговори и спогодбата од 26. III / 8. IV 1904 година види: Елена Стателова, Радослав Попов, Василака Танкова, История на българската дипломация 1879-1913, София, 1994; Македонија во билатералните и мултилатералните договори..., 126-128.

[59] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 270-271

[60] Исто, 271; Види: 36 години въ ВМРО..., 83-84. Во врска со тоа, Струмичкиот окружен конгрес од 1904 година во точка 7 од Протоколот стои дека претставниците Матов и Татарчев ги „нарушиле принципите и не ја зачувале самостојноста на Организацијата“ бидејќи, меѓу другото, „не протестирале против мисијата на Начович да води преговори со султанот од име на робот“. Види: В. Ѓорѓиев, Струмичкиот окружен конгрес на ТМОРО..., 75. Во врска со инволвираноста на Х. Татарчев и Х. Матов во тајните преговори со Османлиските власти види: Архив Христо Матов..., 190-196; 203-205.

Прашањето за одговорноста на Борис Сарафов и на други видни членови на Организацијата било едно од најделикатните на дневниот ред. Затоа било оставено за крај, по изборот на управните тела.

Најмногу и најтешки обвиненија имало против Б. Сарафов. Тој бил обвинет за земање пари од српската влада и пропуштање на српски чети, потоа за праќање на сопствени чети во внатрешноста, како и за давање пари на одделни членови, со што предизвикувал расипништво и раскол.[61] Фактите биле толку силни така што Б. Сарафов „не можел, а да не се чувствува за грешник“. Оттука, самиот Сарафов настојувал неговото дело да биде разгледано што побрзо, велејќи „доста ме државте на обвинителната клупа“. [62]

Поради своите постапки, Б. Сарафов бил обвинуван од сите страни. Како главни обвинители на Конгресот против Сарафов се појавиле серчани на чело со Јане Сандански. Тој бил поддржан од струмичани и повеќето реформски ориентирани делегати. Од друга страна, против Сарафов биле и делегатите од Битолскиот и Солунскиот револуционерен округ кои биле под влијание на Д. Груев. Гласноговорник од името на оваа група бил Борис Мончев (привrзаник на Груев).[63]

Притиснат од сите страни, Сарафов се послужил со старата тактика „нападот е најдобра одбрана“. Притоа, го обвинил Сандански за пасивност за време на Востанието, а на Груев му префрлал затоа што дозволил да биде пленет од србоманскиот војвода Мицко.

Единствен покровител на Б. Сарафов бил менторот на Конгресот, Ѓ. Петров. Тој во лицето на Пере Тошев добил искрен

[61] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 378.
[62] Исто, 379.
[63] Исто, 378-380.

поддржувач на тезата дека амнестирањето на обвинетите претставува најдобра разрешница на заплетканото прашање. Во спротивно неговото поставување на пленумот би можело да доведе до неочекувани последици. Притоа, улога на миротворец требало да одигра непомирливиот противник на Сарафов - Ј. Сандански.[64] На изненадување на мнозина, Сандански, кога зел збор истакнал дека во минатото грешеле сите, дека Организацијата преживува судбоносни моменти, поради што е неопходно сплотување и помирување, оставајќи го минатото зад себе. Во тој дух настапил и Ѓ. Петров. Тоа му се допаднало на претседателот на Конгресот - Д. Груев, но и на повеќето делегати. Поради таквиот развој на прашањето остро протестирале Борис Мончев и Мише Развигоров. Независно од тоа, Конгресот со мнозинство гласови изгласал општа амнестија.

Учесникот на Конгресот Б. Мончев истакнува дека образложенијата за таквата одлука биле дека: 1. Разгледувањето на делата ќе ги одведе многу далеку и 2. Само преку заборавање на грешките може да дојде до побратимување.[65]

Споменатата одлука во Циркуларот на Комисијата е редактирана на следниов начин: „По виши соображенија, главно, пред неодложната неопходност од зајакнување на единството во Организацијата, Конгресот реши: да не се разгледуваат делата и да не се прибегнува кон осудување на лица и групи, обвинети за нарушување на постојните наредби на Организацијата преку својата дејност до 1 ноември 1905 година. – Ако, пак, таквите лица и групи и по овој датум се огрешат за истото, тие ќе бидат повикани на одговорност не само за новите постапки, но и за своите стари дејанија“.[66]

---

[64] Исто, 380.

[65] Архив Христо Матов..., 237.

[66] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 381.

Како и да е, последната одлука довела до смирување на духовите кај мнозинството делегати на Конгресот.

Конгресот, не сакајќи да се заплеткува во минатото, не отворил расправа за последната точка од дневниот ред (Отчет за дејноста на ЦК и Задграничното претставништво).[67]

Рилскиот конгрес дошол како последица на кризата во Организацијата по Илинденското востание. Конгресот работел според парламентарните принципи. Притоа, независно од постојната поларизација на силите, преовладал духот за единство во Организацијата. Со усвоените акти во ВМОРО била воведена потполна демократизација и децентрализација, со широка примена на изборните начела. Врз основа на негативните искуствата, Конгресот во новиот Устав и Правилник вградил стриктни одредби, кои требало да ги ограничат сите можности за манипулација и неодговорно однесување, како во минатото поради отсуство на соодветна легислатива. Меѓутоа, се чини дека за една илегална организација со изразита револуционерна ориентација прокламираните демократски начела во Правилникот биле тешко применливи во пракса, а уште помалку прифатливи за незадоволните од решенијата.[68] Идниот развој на настаните и неодржувањето на вториот општ конгрес се најдобра потврда за тоа.

---

[67] Архив Христо Матов..., 237; 36 години във ВМРО..., 84.

[68] Борис Мончев, незадоволен од конгресните одлуки, во своето писмо до Х. Матов од 16/29 XI 1905 г., пишува: „Правилникот според мене е дело на умување и превземен демократизам. Додека овој Правилник не се промени, дотогаш во Организацијата ќе царува анархија. Невозможно е да има законски институти, какви што се предвидуваат во Правилникот; ако некаде нешто се нареди, тоа нема да биде долготрајно. Уште од сега се гледа дека треба да се погрижиме за свикување на вториот општ конгрес најкасно до јули, или до август, конгрес кој што ќе го преработи Правилникот и да промени некои од донесените решенија. Предвидувам и вториот конгрес дека ќе биде незаконски врз основа на изискуваните решенија од новиот

## 2. *Уставот и Правилникот на ВМОРО*

2.1. Новиот Устав на ВМОРО е изработен врз база на претходниот Устав на ТМОРО. Некои формулации се преземени целосно оттаму. Притоа, Уставот е дополнет и надграден согласно духот и потребите на времето.

Уставот на ВМОРО содржи 18 члена, кои се распоредени во пет поглавја. Во гл. I чл. 1. е дефинирана целта на Организацијата: „Вантрешната македоно-одринска революционерна организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување на политичка автономија на тие две области".[69]

Новина претставува чл. 2, во кој се вели: *„Организацијата им се спротивставува на сите стремежи за делба и завладување на тие две области од која и да е држава"*.[70] Во II глава од Уставот во чл. 3 се вели: „За постигање на таа цел, Организацијата се бори за отстранување на шовинистичките пропаганди и националните караници, кои го цепат и обессилуват населението во неговата борба против општиот непријател, дејствува за внесување на револуционерен дух и сознание во населението и ги употребува сите средства и усилби за поскорешно и своевремено вооружување на населението со сè неопходно за едно општо и по сите места востание. Таа се грижи за културното и економското издигнување на

---

Правилник. *Засега е подобро ако се потчиниме на донесените решенија*". Веднаш потоа, Б. Мончев пишува: *„Даме Груев е убиен духом*. Лазар Мацаров само руга. Друг еден само пцуе. Интересно, по прифаќањето на Правилникот одделно зборував со Јане и со некои од неговите луѓе кои гласаа за Правилникот. Сите тие примената на Правилникот ја сметаат за невозможна и се чудат што ќе прават". (Архив Христо Матов..., 238).

[69] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 635.

[70] Исто.

организираното население и ја потпомага неговата легална борба против турската власт“.[71]

Во третото поглавје од Уставот се разработени составот и устројството на Организацијата. Според чл. 5, „Член на ВМОР организација може да биде секој жител на Европска Турција без разлика на пол, вера, народност и убедување“.[72] Во претходниот Устав во ова одредба стоеше дека член на Организацијата може да биде „секој Македонец и Одринец“.

Според чл. 4, Организацијата се состои од „месни револуционерни организации составени од членовите на секое одделно место“. Тие се делат на групи, со кои раководи десетар (чл. 6). Со месните организации раководи месен комитет (селски, градски, реонски, околиски и окружен, чл. 7). Селските и градските комитети се потчинети на реонските, тие на околиските, а последните на окружните. Со целата организација раководи ЦК (чл. 8). Пред надворешниот свет, ВМОРО ја претставува Претставничкото тело (чл. 9). За контрола на финансиите се формираат контролни институти (чл. 10). Според чл. 11, за разгледување на судските дела е надлежен Судскиот институт. Според чл. 13, Четничкиот институт е составен од нелегални сили. Неговите задачи и устројство се регулираат со посебен правилник. Во чл. 14 е потенцирано дека околиските, окружните и Централниот комитет имаат соодветни печати. Додека во чл. 15 се вели дека Организацијата се служи со тајна пошта.

Во IV поглавје со единствениот чл. 16 е регулирано финансирањето на Организацијата. Тоа може да биде од редовна членарина; доброволни прилози и налози; помош и подароци испратени од странство; и непредвидени приходи добиени со силата на оружјето.

---

[71] Исто.

[72] Исто.

Во последното V поглавје, во чл. 17 се потенцира дека секој што ќе му наштети на делото се казнува согласно Правилникот. Во последниот, 18 член, се потенцира дека врз основа на овој Устав е изработен детален Правилник.

2.1. Правилникот на ВМОРО е прилично обемен. Тој содржи 216 члена, кои се распоредени во XVI поглавја.[73] Поради неговата обемност ќе потенцираме само некои поспецифични одредби, кои се одраз на новата ориентација и институциите, како и оние одредби што подоцна станале камен на сопнување.

Правата и должностите на членовите на Организацијата се регулирани во *Глава I* (чл. 1 - 23) од Правилникот. Значајна новина претставува чл. 3 кој гласи: „Секој член што ќе ја напушти територијата на Организацијата, било тоа да е раководно лице или не, ги губи правата на член сè додека се наоѓа надвор од земјата“. Оваа одредба директно ги тангира интересите на оние членови на Организацијата што одамна ја напуштиле земјата, а сепак, од страна настојувале да се мешаат и да одлучуваат за македонското ослободителното движење. Со таквата одредба ним, всушност, им се одзема правото да избираат и да бидат бирани. Според оваа одредба, на повеќемина делегати за вториот општ конгрес мандатот бил спорен. Поради судирот околу ова прашање, вториот конгрес не се одржал, а со тоа бил озваничен расцепот во Организацијата.

Според чл. 10: „Членовите на Организацијата се должни, како во приватниот живот, така и во однос на Делото, да бидат примерни. Блудство, пијанство, злоупотреби на положбата на работник на Делото, или каприците на поединци, се гонат и каз-

[73] Види: Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904-1908). Приредил: акад. Манол Пандевски, Скопје, 1998, 36-68.

нуваат". Во дополнителна забелешка е потенцирано дека овој член се однесува и на раководните кадри.

Според чл. 11, на секој член-работник му се забранува да поднесува тужби против христијанин од каков било вид и карактер пред османската власт. Додека според чл. 13, секој член-работник кој ќе настрада при извршување на задачи за Организацијата има право на помош (тој и неговото семејство). Висината на помошта ја определува надлежниот комитет. Членовите имаат слобода на лични иницијативи за акции што подлежат на лична одговорност, додека за акциите од колективна одговорност се бара согласност од претпоставените раководители (чл. 15). Децентрализацијата во Организацијата доаѓа до израз во чл. 16. Според него, секој член има право на жалба до повисоките инстанци против своите непосредни претпоставени заради некоректни наредби и наметнати задачи за кои смета дека се неправедни и незаконски.

Во истото поглавје (чл. 18 - 23) се регулирани должностите на десетарите на групите. Според чл. 18 во секое населено место кое има повеќе од 15 членови се формираат групи од по 10 души. Распоредувањето на членството по групи е по желба, а не по наредба. Со секоја група раководи десетар (чл. 10). Тој се избира од сите членови на групата со просто мнозинство (чл. 20), со мандат од една година (чл. 21). Десетарот може да биде сменет по барање на најмалку 2/3 од членовите на групата (чл. 23).

Во Глава II од Правилникот (чл. 24-42) се регулирани должностите на селските и градските комитети. Членовите на секое населено место се организирани во соодветна месна организација со која раководи месен комитет (чл. 24). Изборот на месниот комитет се врши преку делегати на групите (чл. 25). За член на комитетот може да биде избран секој што членувал најмалку една година во Организацијата. Изборот на месниот комитет е законс-

ки доколку учествувале најмалку 3/4 од избирачите (чл. 27). Комитетот се состои од 3 - 6 члена. Во него, по функција, влегува и војводата на месната чета (чл. 28). Месниот комитет има свој претседател, секретар и благајник (чл. 31-34). Според чл. 29 месниот комитет е должен да: се грижи за успехот на Организацијата; одржува врски со околискиот комитет; ги решава сите спорови меѓу членовите на ВМОРО и другото христијанско население; го следи однесувањето на чорбаџиите, лихварите и чифликсајбиите кон ослободителното дело и превзема мерки за економска заштита на населението; се грижи за културното издигање на населението; раководи со економската борба; се грижи за издршката на четите и нелегалните лица; помага на околискиот комитет при извршување на поставените задачи; привлекува нови членови; ја организира курирската служба и се грижи за одржување на каналите на својата територија и врши распределба на заедничкото оружје.

При секој месен комитет се формира месна чета (чл. 40).

Во Глава III (чл. 43-47) од Правилникот се регулирани должностите на реонските комитети. Тие се избираат на општо собрание од претставниците на месните организации во реонот (чл. 45).

Во Глава IV (чл. 48-67) се елаборирани должностите на околиските комитети. Членовите на околискиот комитет се избираат на околиски конгрес. Изборот го проверува и потврдува Окружниот комитет (чл. 49). Во случај да настрада целиот комитет, или повеќе од половината членови, тогаш градскиот, или еден од реонските комитети во согласност со околискиот војвода и останатите реонски комитети привремено ја извршува неговата функција и настојува во рок од еден месец да спроведе избор на нов комитет (чл. 52). Околискиот комитет двапати месечно држи

редовни седници. При неодложни потреби, по предлог на претседателот се одржуваат вонредни седници (чл. 59).

Во случај на недоразбирање меѓу некој комитет и војводата, незадоволната страна може да се пожали и да побара објаснување од повисоката инстанца (чл. 65). Врските и односите помеѓу околискиот комитет и војводата од една околија со другите околии од округот или со соседните околии од друг округ може да се одвиваат без посредување на окружниот комитет. Но односите со ЦК, со другите окружни комитети и со Претставништвото се одвиваат преку окружниот комитет. Исклучок се прави кога се поднесуваат жалби до ЦК против дејноста на окружен комитет (чл. 66). Исклучок има и за пограничните комитети кои може директно да кореспондираат со Претставништвото и задграничните пунктови.

Во глава V се разработени должностите на Окружните комитети. Тие се состојат од 5 до 7 членови, од кои двајца нелегални (чл. 68), а се избират на окружен конгрес (чл. 69). Легалните членови на окружниот комитет го губат тоа право доколку станат нелегални и обратно (чл. 70). Окружниот комитет, меѓу другото, ги разгледува жалбите против околиските комитети; недоразбирањата и постапките на членови на околиските комитети; споровите помеѓу околиите; спорови помеѓу војводите; како и оние спорови што пониските инстанци не можат или не сакаат да ги решат поради одредени обѕири (чл. 74). Според чл. 75, надвор од округот, Окружниот комитет ја претставува целата окружна организација. Надвор од организационата територија, округот го претставува ЦК. Окружниот комитет може да го претставува округот надвор од организационата територија само при отсуство на ЦК, и тоа во согласност со околиите само за прашања од внатрешен карактер. Додека за прашањата од надворешен карактер, кои се однесуваат на целата Организација е потребна согласност и од

другите окрузи. Окружните комитети имаат должност да го известуваат ЦК за сите поважни настани во округот. На секои 3 месеци испраќа подробен извештај за состојбата во округот и поодделно за секоја околија (чл. 77). Од друга страна, тој ги информира околиските комитети за сите поважни известувања и документи што доаѓаат од ЦК, а за поважните одговори го сондира нивното мислење (чл. 78).

Правата и должностите на Централниот комитет се разработени во Глава VI, (чл. 82-92). Според чл. 83, „Централниот комитет служи за обединувачка алка меѓу революционерните окрузи на ВМОР Организацијата. Тој раководи со Организацијата и ја претставува внатре и надвор од земјата, лично или преку свои специјални полномошници". Според чл. 84 ЦК ја има повисоката извршна власт во Организацијата; го следи текот на работите и се грижи за успехот на Организацијата. ЦК раководи со дејноста на Претставничкото тело и врши контрола на неговата дејност барем двапати годишно (чл. 85). ЦК е должен постојано да го известува Претставничкото тело за сите тековни прашања и настани во земјата (чл. 49). Според чл. 87, ЦК испраќа во странство и до светскиот печат разни информации за животот на христијанското население во Европска Турција. За поважните настани од значење за Организацијата праќа декларации и протести во согласност со окружните комитети. На секои 3 месеци ЦК пред окружните комитети поднесува отчет за општиот тек на делото и за неговата положба во меѓународен однос; дава мислење за подобрување на работата и бара мислење од окружните комитети (чл. 89). Според чл. 90, ЦК ги разгледува и ги решава недоразбирањата меѓу членовите на окружните комитети. Незадоволните имаат право на жалба пред Општиот конгрес. ЦК како втора и последна инстанца ги разгледува жалбите на незадоволните од окружните комитети. Според чл. 91, ЦК не може да ангажира ниеден округ за некаква работа без негова согласност. Од наведените членови нај-

добро се гледа ограничената улога на ЦК во услови на децентрализирана Организација.

Во Глава VII од Правилникот (чл. 94-124) се разработени должностите на Претставничкото тело (ПТ). На оваа институција се посветени дури 30 членови од Правилникот. Тоа доаѓа оттаму што во претходниот период ингеренциите на Задграничното претставништво не биле верификувани со ниеден официјален акт. Оттука, дејноста на Задграничното претставништво зависела од личните афинитети, амбиции и видувања на претставниците. Последниве акумулирале огромна моќ и ингеренции кои станале причина за нивното издигање над Организацијата.

Според Правилникот на ВМОРО, ПТ ја претставува Организацијата во странство. Тоа се состои од 3 членови (чл. 94), кои се избираат на општ редовен конгрес со едногодишен мандат (чл. 95). Според чл. 96, ПТ поднесува информации до ЦК во врска со македоно-одринското прашање на меѓународен план. За таа цел, ги следи бугарскиот и меѓународниот печат и расположението на дипломатијата. ПТ истовремено подготвува список (црна листа) на познати европски личности и весници кои се протурски ориентирани и непријателски расположени кон ослободителното дело. Од друга страна, според чл. 98, ПТ се стреми да ги придобие симпатиите на надворешниот свет, особено на соседните балкански христијански држави; да го искористи моралниот и материјалниот капацитет на добротворните друштва кои сочувствуваат или се специјално создадени за помагање на македо-одринското ослободително дело. За спречување на какви било манипулации со македонското дело, според чл. 99, на задграничните претставници им се забранува членство во други организации и политички партии во земјата-домаќин. Тие немаат право на учество во какви било политички или други научни полемики со крајно национална и политичка тенденција. Според чл. 100, на ПТ најстрого

му се забранува влегување во какви било дипломатски односи со некоја држава од името на Организацијата. ПТ со посебно полномоштво од ЦК може да одржува врски и да стапува во преговори со други революционерни организации. ПТ нема право да поднесува никакви декларации или пак да коментира обраќања. Тоа само ги преследува декларациите од ЦК кои се наменети за надворешниот свет (чл. 101).

ПТ се грижи за обезбедување на внатрешноста со револуционерна литература, белетристика, весници и списанија (чл. 102). Покрај тоа, ПТ регрутира четници, вооружува и испраќа чети во внатрешноста по барање на околискиот комитет. Притоа, персоналниот состав на четите претходно се одобрува од надлежниот околиски комитет (чл. 103). Според одредбите од овој член, летото 1906 г. дошло до недоразбирање помеѓу Даме Груев и задграничните претставници Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов. ПТ се грижи за набавка и за препраќање оружје и други воени материјали (чл. 104-108). ПТ раководи со пограничните пунктови и во согласност на ЦК ги назначува нивните началници (чл. 121).

Врските со внатрешноста ПТ ги одржува преку ЦК (чл. 112). За сите поважни потфати на ПТ е потребна согласност од ЦК (чл. 113). ПТ има право да го искаже своето мислење пред ЦК во врска со секое прашање или проект-мерка на Организацијата. Притоа, избира еден од своите членови во својство на делегат со советодавен глас за Општиот конгрес. (чл. 114).

Во Глава VIII (чл. 125-137) се верификувани контролните комисии. При изборот на секој месен комитет истовремено се избира финансиска контролна комисија (чл. 125). На ист начин се формираат околиски и окружни финансиски контролни комисии (чл. 128). За контрола на дејноста и сметките на ЦК и на ПТ општиот конгрес избира Врховна контролна комисија (чл. 131).

Глава IX од Правилникот е посветена на конгресите. Според чл. 138, конгресите имаат улога на највисок орган во Организацијата. Конгресите можат да бидат редовни и вонредни. Редовните се одржуваат секоја година, а вонредните по потреба (чл. 139). Конгресите се законски доколку на нив присуствуваат 2/3 од предвидените делегати (чл. 140). Датумот и местото за конгресот го определува надлежниот комитет. За општиот конгрес тоа право му припаѓа на ЦК, но во согласност со окружните конгреси (чл. 141). Конгресните седници се законски доколку на нив присуствуваат 3/4 од предвидените делегати. Конгресите може да бидат околиски, окружни и општи со соодветна компетенција (чл. 148). Бројот на делегатите е пропорционален на бројот на членовите на Организацијата (чл. 149). Околискиот конгрес го избира околискиот војвода и го предлага за потврдување на окружниот конгрес. Војводите, по можност, треба да бидат писмени и интелигентни (чл. 151). Окружните конгреси се состојат од околиски делегати и двајца членови на надлежниот окружен комитет со право на советодавен глас (чл. 154). Општиот конгрес го сочинуват окружните делегати, двајца членови на ЦК и по еден од Претставништвото и од Врховната контролна комисија (чл. 156). ЦК и ПТ преку своите делегати на конгресот имаат право да поднесуват предлози и да изнесуваат мислење за ослободителното дело (чл. 158).

Според чл. 159, Општиот конгрес ја има врховната законодавна власт. Неговите закони се задолжителни за целата Организација. Општиот конгрес може да ги ревидира актите; внесува измени и дополнувања; ја разгледува положбата на делото во целина и предлага мерки за нејзино подобрување; ги прифаќа извештаите на Врховната контролна комисија и дава мислења за општата дејност на ЦК и на ПТ; ја определува виновноста за судење и начинот на судење на членовите што извршиле кривично дело.

Поучени од искуството при носењето на решението за востанието од 1903 година, кога процедурите за ова прашање не биле регулирани статутарно, овој пат делегатите на Конгресот со чл. 160 од Правилникот утврдиле прецизна процедура и постапка. Според него, конечно решение за востание носи Општиот конгрес во согласност со најмалку 3/4 од присутните делегати. Во врска со ова прашање, делегатите имаат императивен мандат. Притоа, делегатите од околиите ги доставуваат протоколите и образложенијата од окружниот конгрес. Датумот за востание според решението на конгресот го определува ЦК. И на крај според чл. 161 Општиот конгрес ги избира ЦК, ПТ и Врховната контролна комисија.

Во Глава X (чл. 162-164) е дефинирано финансирањето на Организацијата, додека во Глава XI (чл. 165-174) се разработува начинот на вооружување. Во Глава XII (чл. 175-180) е определен начинот за кореспонденција и чување на соодветните архиви. Во тринаесеттото поглавје (чл. 181-187) е дефинирана организационата пошта.

Во Глава XIV (чл. 188-206) е разработено судското устројство на Организацијата. Според чл. 188, членовите-работници кои се обвинети за нарушување на Уставот и Правилниците, или за нанесување на штета на Организацијата се судат и казнуваат од надлежните комитети. Притоа, членовите-работници и десетарите се судат и казнуваат од месните комитети (селски, градски и реонски); раководните лица на реонските комитети се судат од околиските комитети; раководните лица на околиските комитети се судат од окружните; а членовите на последните од ЦК; додека членовите на ЦК и на ПТ се судат од окружните и од околиските конгреси како последна инстанца (чл. 189).

Според чл. 190, смртните пресуди донесени од месните комитети стануваат правосилни откако ќе поминат низ околиските

и ќе бидат потврдени од окружните; смртните пресуди донесени од околиските комитети, откако ќе поминат низ окружниот и ќе бидат потврдени од ЦК; смртните пресуди донесени од окружните комитети, откако ќе поминат низ ЦК и ќе бидат потврдени од другите окружни комитети; смртните пресуди донесени од ЦК стануваат правосилни откако ќе поминат низ окружните и ќе бидат потврдени од околиските комитети. Во дополнителната забелешка кон овој член се допушта исклучок во случај на заканувачка опасност за Организацијата од страна на обвинетиот.

Пред законите на ВМОРО се рамноправни сите членови, независно од нивната раководна положба (чл. 192). Обвиненијата се разгледуваат во присуство на обвинетиот и пред сведоци. Исклучок се прави за оние лица што немаат можност да присуствуваат при разгледувањето на делото или за такви чие што лично присуство е поврзано со опасност за Организацијата (чл. 193). Според чл. 146, казните можат да бидат: укор, глоба, тепање, губење право на глас, сменување од должност, исклучување од Организацијата и смрт.

Во Глава XV од Правилникот (чл. 207-214) се разработени устројството и должностите на граѓанските судови. Во надлежност на последните влегуваат сите дела (граѓански и кривични) кои се надвор од животот на Организацијата (чл. 207). Судските тела (судовите) може да бидат селски, градски и околиски. Тие се избираат на ист начин и истовремено со соодветниот комитет. Тие се состојат од 3 до 5 лица со едногодишен мандат (чл. 208). Незадоволните од решенијата на првата инстанца имаат право на жалба до околискиот суд како втора и последна истанца (чл. 209). Во случај на роднински врски со некој од судиите или сомневање за пристрасност по барање на која било од парничките страни се допушта изземање на судиите (чл. 210). И на крај според чл. 214, судењето е бесплатно.

Во последната Глава XVI од Правилникот во чл. 215 е потенцирано дека за четите постои посебен правилник. Во последниот, чл. 216, се вели дека „Заради зачувување на единството во Организацијата во сила е само овој Правилник“.

## 3. Секој по свое

3.1. Постигнатото единство на Рилскиот конгрес било привидно, со декларативен карактер и краток век. Св. Симиќ, кој одблизу и со посебен интерес ги следел состојбите во македонското ослободително движење, во врска со тоа пишува: „Од помирувањето на Македонците не треба да се плашиме. Не е ни искрено, ни трајно. Внатрешната организација си ја одигра својата улога; сега ѝ преостанува да ја запали и својата колиба“.[74]

Некои од делегатите од Рилскиот конгрес си заминале незадоволни поради амнестирањето на „грешниците“, други поради несогласување со Правилникот, трети од непринципиелните коалиции и компромиси. Речиси уште за време на Конгресот незадоволните од Правилникот почнале да се организираат и да кројат планови за негово рушење на идниот општ конгрес. Секако, меѓу незадоволните се вбројува и Даме Груев. Борис Мончев во врска со тоа во своето писмо до Х. Матов од 16/29. XI 1905 г., пишува: *„Даме Груев е убиен духом“*.[75] Во продолжение, Мончев пишува: „Правилникот, според мене, е дело на умување и преземен демократизам. Додека овој Правилник не се промени, дотогаш во Организацијата ќе царува анархија. Невозможно е да има законски институти, какви што се предвидуваат во Правилникот;

[74] Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 63.
[75] Архив Христо Матов..., 238

ако некаде нешто се нареди, тоа нема да биде долготрајно. Уште од сега се гледа дека треба да се погрижиме за свикување на вториот општ конгрес најкасно до јули, или до август, конгрес кој што ќе го преработи Правилникот и да промени некои од донесените решенија... *Засега е подобро ако се потчиниме на донесените решенија*".[76] Овие зборови на Б. Мончев се најдобро сведоштво за искреноста на Д. Груев кон донесените акти на Конгресот со кој самиот претседавал. Потчинувањето на општите одредби било само привидно, а потајно секој работел за зацврстување на своите позиции. Поради тоа, новоизбраните институции на Организацијата тешко можеле да ја исполнат поставената задача за која биле избрани. Оваа констатација особено важи за Централниот комитет на ВМОРО. Тој до средината на јануари 1906 година сè уште не бил официјално конституиран.[77]

Новоизбраниот ЦК на ВМОРО во состав: Даме Груев, Пере Тошев и Тодор Поп Антов претставува компромис и одраз на реалното расположение на мнозинството делегати на Конгресот. Притоа, Д. Груев го претставувал „конзервативно-централистичкото" а Пере Тошев „реформско-демократското" крило. Двајцата како стари дејци на Организацијата, уживале неспорен авторитет и искуство. Меѓутоа, нивните дијаметрално спротивни позиции по прашањето за устројството на Организацијата биле основна пречка за заемно разбирање и искрена соработка. Третиот член на ЦК, Тодор Поп Антов, во тоа време бил близок со серчани и припаѓал кон „реформско-демократското" крило. Неговата позиција во својство на легален член на ЦК ја отежнувала можноста за нормална редовна комуникација со останатите членови. Згора

---

[76] Исто.

[77] Види: Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., т. I, част 1, 583-587.

на тоа, летото 1906 година Тодор Поп Антов бил затворен од османлиските власти.[78]

Настојувањето на Х. Силјанов да ја оправда нефункционалноста на ЦК со физичката спреченост за редовна комуникација помеѓу членовите на ЦК критички е неодржливо.[79] За реализација на амбициозните определби од Рилскиот конгрес и воспоставување на потполно единство во Организацијата, со оглед на претходната и постојната констелација на односи, биле потребни време, почитување на Правилникот, меѓусебна толеранција и пред сè волја. Меѓутоа, се чини токму последната отсуствувала. Раководните лица (ЦК и ПТ) повеќе дејствувале самостојно и во интерес на својата група, отколку колективно во интерес на целото дело. Во врска со тоа во еден извештај од српска провениенција од 30. V 1906 г., се вели дека Б. Сарафов и Ѓ. Петров нерадо се среќаваат со Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Гарванов и другите и дека помеѓу нив сè поголем замав зема старата недоверба, па секоја група работи сама за себе.[80] Ефтим Спространов во својот дневник на 2 јули 1906 година констатира дека раководните луѓе во ВМОРО, генерално, се делат на три партии: една Ѓорче – Сарафов, друга Д. Груев - Х. Матов, и трета П. Тошев и двајцата претставници: Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов. За нив Спространов пишува: „Првите се за интереси и сакаат да се држат за да јадат; вторите за стариот ред во управувањето на Организацијата, а последните - за новиот Правилник".[81]

Поради таквите поделби, Организацијата и по една година од Рилскиот конгрес останала во својата претконгресна положба.

---

[78] Тодор Поп Антов, Спомени (предговор и редакција: Зоран Тодоровски), Скопје, 2002, 126-143.

[79] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 439.

[80] ДАРМ, МИП, ПП, мф. 737, пов. бр. 470, Софија, 30, V 1906.

[81] Е. Спространов, Дневник..., 397.

Оваа состојба ја констатира Револуционерен лист (официјален орган на ВМОРО) во еден напис од октомври 1906 година. Во него, меѓу другото, се вели: „Овој (Рилскиот б.н) конгрес одлично ја изврши својата организациона мисија, но неговите задачи не може да бидат веднаш реализирани. Една психолошка криза, каква што преживува Организацијата, не може да биде разрешена во моментот кога се прифаќаат соодветни решенија. Тоа е суштествен процес за кој се бара повеќе време и повеќе работа. Ете зошто и *денешната состојба на Организацијата не е многу поинаква од онаа од пред Оштиот конгрес*“.[82]

Причината за таквата положба во ВМОРО лежи во продлабочувањето на јазот на веќе издиференцираните групации од пред Рилскиот конгрес и суетноста на поедници кои не можеле да се издигнат над себеси во интерес на општото дело.

3.2. Информациите за движењето и активноста на Д. Груев непосредно по Рилскиот конгрес се скудни и телеграфски. Така, според едно писмо на Св. Симиќ од 20. XI 1906 г., Д. Груев се наоѓал во болница.[83] Во извештајот од 22. XII 1905 г., Св. Симиќ информира дека една негова доверлива личност имала подолг разговор со Д. Груев во врска со можноста за соработка со Србите. Пред новогодишните празници Даме Груев во Софија имал средба со Св. Симиќ.[84] Детали од разговорот не се познати. Меѓутоа, судејќи според зборовите на Симиќ „сега сум прилично на чисто“, и препораката дека Србите треба да се подготват за одбрана во Кумановско, очигледно е во која насока завршиле разговорите со Груев.

---

[82] Вътрешното състояние на Организацията (II), Революционненъ листъ, No. 6, 14. X 1906, 2.

[83] Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник..., 61.

[84] Исто, 59; 62.

Д. Груев во писмото до Никола Дејков од 10/23 I 1906 г., пишува дека престојот во Бугарија веќе му омразнал, поради што бил решен до крајот на месецот да се збогува со неа. Притоа, изразува желба, доколку дојде до пари, во меѓувреме да одите до Варна и Трново за да се види со некои од пријателите.[85]

Во меѓувреме, додека Д. Груев престојувал во Софија, вториот член на ЦК, Пере Тошев, заминал за Струмичко (Вирово), а третиот член, Тодор Поп Антов, настојувал да ги уреди своите односи со Егзархијата.[86] Поради таквата разединетост помеѓу членовите на ЦК, окружните комитети биле во недоумица како да стапат во контакт со ЦК кому ни адресата уште не му се знаела.[87]

Најверојатно некаде во февруари 1906 г., Даме Груев престојувал во кратовските планини.[88] Таму бил посетен од еден шкотски новинар, дописник на единбуршкото списание „Blackwood's Magazine".[89] Впечатоците од престојот во Македонија и средбата

[85] Даме Груев - Живот и дело, II част..., 748-749.

[86] Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., т. I, част 1, 584.

[87] Исто, 586.

[88] Ако се базираме според писмото на Д. Груев до Иван Гарванов, Васил Пасков и Петко Пенчев од 3/16 II 1906 г., најверојатно неговото заминување за Кратовско е во втората половина на февруари. (Даме Груев - Живот и дело, II част..., 751).

[89] Д. Константинов споменатава средба на Груев со шкотскиот новинар во Кратовско ја датира во јуни 1905 година. (Д. Константинов, Даме Груев..., 148); Д. Константинов ова констатација ја извлекува врз основа на еден податок кај А. Апостолов, кој вели дека Д. Груев летото 1905 година неколку дена се движел по Јамашките Планини со двајца Англичани. (Злетовската област - географско историски осврт, Скопје, 1974, 385); Меѓутоа, според Х. А. Полјански кој пренесува фрагменти од интервјуто на Д. Груев со шкотскиот новинар се добива впечаток дека споменатата средба била реализирана по Рилскиот конгрес, иако тоа изречно не е кажано. (Христо Андонов Полјански, Одбрани дела, том четврти, Скопје, 1981, 294-295; истиот, Едно

со Д. Груев новинарот ги објавил во истоимениот магазин, под наслов „*An Underground Republic*“ (Подземна република), во март 1906 година.[90] Во воведниот дел од текстот анонимниот новинар вели дека во текот на десетдневниот престој во Македонија научил многу повеќе за работата на македонските револуционерни комитети, отколку за време на едногодишниот престој во Бугарија.[91]

Престојот во штабот на Д. Груев во Кратовските планини, шкотскиот новинар го доживеал како престој на територијата на една слободна „подземна република“, каде што османлиската власт не допира. Во таа смисла, тој бил брифиран и од самиот Груев: „*Организацијата го претставува административниот механизам на една подземна Република*, којашто се градеше за заштита од турската тиранија. Регуларните чети се *полициските сили на оваа република*. Тие ги извршуваат повелбите на *цивилните судови*. Во секое село има *локален суд*. Потоа, ние имаме подвижни судови, што ја обиколуваат земјата и одлучуваат за расправиите помеѓу лицата под различна јурисдикција, што ќе рече помеѓу луѓето од различни села. Месните комитети ги претставуваат *цивилните локални влади*, зад нив се наоѓаат силите на четите. Локалните комитети се избираат од селаните. Тие не ја злоупотребуваат нивната доверба“.[92] Освен тоа, Груев опширно го информирал за децентрализацијата на Организацијата по Рилскиот конгрес и за методите на борбата против османлиските воени сили. На прашањето што мисли за бугарската пропаганда во Македонија, Д.

---

интервју со Даме Груев, Зб. Даме Груев - истражувања и материјали..., 73-75). Според содржината на разговорот, сепак, се добива впечаток дека разговорот меѓу Груев и шкотскиот новинар се одржал по Рилскиот конгрес, најверојатно во почетокот на 1906 година.

[90] Х. А. Полјански, Одбрани дела, IV..., 295.

[91] Д. Константинов, Даме Груев..., 149.

[92] Х. А. Полјански, Одбрани дела, IV..., 296.

Груев одговорил: „Ако постои грчка и српска пропаганда, зошто да не може да постои и бугарска... Таа постои. Има бугарски политичари кои не се поголеми наши пријатели од Грците. Под имињата на мошне познати шефови, тие се обидуваат да испраќаат чети во Македонија да агитираат за анексионистичката идеја... Тука има место само за една организација, а таа е народна организација. Ниту Despite Цончев, ни Сарафов не се избрани од народот иако тие се обидуваат да преминат ваму, да присвојат самоволна сила со оружје. Ние што го претставуваме народот, мора да ги сретнеме нив со иста сила, која тие ја применуваат против нас".[93] Шкотскиот новинар бил изненаден од интересот и познавањето на Д. Груев за политичките прилики во Англија.[94]

Во почетокот на април 1906 година Даме Груев престојувал во Белград, при што бил во контакт со бугарскиот дипломатски претставник Димитар Ризов.[95] Поради недостаток на информации, овој престој на Д. Груев во Белград останува загадочен. Веројатно тоа е во корелација со српско-бугарското приближување и поранешната српската иницијатива за соработка со ВМОРО. На тоа индиректно упатуваат информациите од едно писмо на Никола Наумов, од 4/17 март 1906 г, до Димитар Ризов. Според него, Д. Ризов барал бугарската влада да изврши влијание врз ВМОРО да ги прекине своите предизвикувачки акции спрема Србите во Македонија.[96] Меѓутоа, Н. Наумов на тоа одговара дека според моменталните односи помеѓу владата и Организацијата за тоа не може да стане ниту збор. Во спротивно, тоа би значело на Србите да им се остави широка слобода за дејство. Н. Наумов дури изра-

[93] Исто, 296-297.

[94] Д. Константинов, Даме Груев..., 150.

[95] Гане Тодоровски, Две необјавени писма, Даме Груев... (истражувања и материјали), 76; Даме Груев - Живот и дело, II част..., 753.

[96] Даме Груев - Живот и дело, II част..., 752.

зува чудење како може Ризов да бара Организацијата да ја постави својата дејност во зависност од политиката. Од друга страна, Н. Наумов во врска со тоа прашање го пренесува следново мислење на Груев: „Даме е на мнение дека во сегашниот момент ти нема зошто да се обеспокојуваш во тој однос, бидејќи Организацијата за сега спрема српските чети држи одбранбен став".[97] Истовремено Наумов го прекорува Д. Ризов дека и покрај полното фијаско, тој сѐ уште живеел со некави илузии за побратимување.

Како и да е, престојот на Д. Груев во Белград, како и неговата претходна комуникација со Св. Симиќ во Софија, се во директна спротивност со прокламираните начела во Циркуларот No. 1 (точка X), каде се вели дека политикантството треба да биде туѓо како за Организацијата, така и за нејзините дејци кои не треба да влегуваат во никакви дипломатски врски со надворешни државнички фактори. Иронијата да биде поголема Даме Груев е еден од потписниците на Циркуларот. Можеби токму поради тоа, информациите за овие постапки на Груев се крајно штури.

3.3. Првите позначајни активности на ЦК на ВМОРО од општ организациски карактер се забележуваат дури во мај 1906 г. Тогаш ЦК испратил едно Окружно до окружните комитети, со следниве инструкции: Организацијата насекаде да се уреди според духот на Правилникот и инструкциите и да се започне со организирање на околиски и окружни конгреси; да се употребат сите усилби и средства за избегнување на крвавата борба со пропагандите, само при неопходност да се примени терор; односите помеѓу ЦК и Окружните комитети да бидат согласно Правилникот; до крајот на мај да се соберат точни и непристрасни факти за поведението на владиците и претседателите на општините спрема Организацијата кои ќе му послужат на ЦК за покренување на постапка пред Егзархијата; да се проучат материјалните можнос-

[97] Исто.

ти на општините и да се поведе агитација за подобрување на положбата на учителите; реоните да се погрижат за издршка на своите затвореници; да достават извештаи за легалните и за нелегалните сили и за општата положба во секој реон; да се проучи даночниот систем и да се посочат факти за евентуални злоупотреби.[98] Очигледно, наведениве инструкции се наполно во духот и Правилникот на ВМОРО и во согласност со определбите од Рилскиот конгрес за идната дејност на Организацијата.

ЦК откако ги добил потребните сведенија од окружните комитети, писмено протестирал пред бугарскиот егзарх Јосиф I.[99] Во протестот се вели дека некои егзархиски чиновници се жалеле на бугарските трговски агенти во Македонија и Одринско дека ВМОРО *„ја преследува Егзархијата и нејзината дејност, се меша во нејзините права и прерогативи и воопшто била против бугарштината во Македонија и Одринско“*. Поради тоа, Организацијата изјавува дека сето тоа било тенденциозна клевета со умисла за да се пречи на ослободителното дело. Од друга страна, Организацијата признава дека поедини нејзини претставници пројавувале самоволие во тој поглед, но истовремено потенцира дека многу егзархиски претставници без причина се однесувале непријателски кон ослободителното дело, а други пак, поради амбиција се обидувале да земат учество во некои ризични работи, без да имаат никаква одговорност за последиците од таквите постапки. Оттука, ЦК бара овие лица строго да се придржуват до егзархискиот устав и правилник, во спротивно Организацијата со нив *„ќе постапи, така, како што постапува со сите, што пречат на ослободител-*

---

[98] Исто, 754-755; Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., т. I, част 1, 588-589.

[99] Македония, сборник от документи и материали, София, 1978, 508-509.

*ното дело и се стремат да го клеветат и компромитираат со умисла“*.[100]

Писмо со слична содржина ЦК на ВМОРО испратил и до бугарските трговски агентства во Македонија и Одринско.[101] Во него на бугарските трговски агентства им се забележува дека испраќале некоректни извештаи до бугарската влада за да ја компромитираат ВМОРО и да предизвикаат апатија и недоверба кон неа во бугарската јавност. Притоа, во извештаите до бугарската влада ВМОРО била обвинувана дека *„систематски ги преследува Бугарската егзархија, чиновниците од бугарските трговски агентства и воопшто негувала недоверба и омраза кон сè што е бугарско“*. Според ЦК, таквите клевети можеле да произлезат само од непријатели на ослободителното дело, одделни духовници, крајно амбициозни чиновници, разни шарлатани или луѓе од лагерот на генерал Цончев. Поради тоа, ВМОРО изјавува дека таквите злосторници ќе ги преследува и казнува согласно својот Правилник. Од друга страна, на трговските агенти им се порачува да се ограничат во сферата на својата дејност и добро да ги проучуваат фактите што ги доставуваат во извештаите за Организацијата.

3.4. Летото 1906 година Даме Груев престојувал во Софија, при што бил сместен во хотелот „Македонија“.[102] Во текот на јули - август, тој имал интензивни средби со задграничните претставници Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов, додека Ѓ. Петров бил избегнуван поради неговата поврзаност со Б. Сарафов. Покрај тоа Д. Груев често се среќавал со Христо Матов, Милан Матов, Павел Христов, д-р В. Руменов, а подоцна и со Пере Тошев. На

---

[100] Исто.

[101] Исто, 506-508.

[102] Е. Спространов, Дневник..., 399; 416. Првиот пат Спространов споменува дека тоа било соба бр. 45, а вториот пат, бр. 54. По сè изгледа станува збор за истата соба.

повеќето од споменативе средби присуствувал и Ефтим Спространов, кој во меѓувреме бил ангажиран во ЦК. Неговиот дневник изобилува со бројни информации.[103]

Во овој период, меѓу другите проблеми, подолго време било третирано прашањето за предавствата на Петар Котев Лигушев во Битола.[104] Поради овој настан, Даме Груев изразил желба да замине за Битола во придружба на Павле Христов за да се казни виновникот на самото место. За таа цел било одлучено да се сондира мислењето на задграничните претставници Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов, без притоа да му се соопштува на Ѓ. Петров поради неговите врски со Б. Сарафов, кој пак, од своја страна кореспондирал со Петар Лигушев.[105]

Намерата на Груев да замине со Павле Христов од страна на Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов била протолкувана како тенденција за зацврстување на Груевото влијание во Битолско во пресрет на идниот општ конгрес.[106] Набрзо потоа било одлучено за тоа прашање да се сондира мислењето на Пере Тошев, кој во тоа време престојувал во Серско.[107] Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов на настанот во Битола гледале како на чисто внатрешно прашање и поради тоа не сакале да се мешаат при заземањето на какво било решение.[108] Тие не се противеле на заминувањето на Д. Груев, но потајно биле против одењето на Павле Христов. Меѓутоа, Д. Груев сметал дека тие немаат право да му се мешаат во

---

[103] Види: Е. Спространов, Дневник..., 396-428.

[104] Во врска со овој настан види: Н. Алтъпармаковъ, Предателството на Петър Лигушевъ и спасяването на комитетската архива отъ централното училище въ Битоля, Ил. Илинденъ, г. I, София, 1927, кн. 5, 12.

[105] Е. Спространов, Дневник..., 396-397.

[106] Исто, 397-398.

[107] Исто, 399.

[108] Исто.

изборот на момчињата за четата.[109] Оттука, Д. Груев бил решен да замине со Павле дури без ничија согласност, бидејќи тој не одел како војвода, туку како член на ЦК.[110] Во еден момент Даме Груев дури ги подготвил востаничките алишта.[111] Поради овие разногласија, по прашањето за предавството на Лигушев не било донесено решение. Сепак, за Битолско бил испратен Милан Матов кому му биле дадени инструкции во врска со претстојниот окружен конгрес, а за останатите прашања да дејствува согласно Правилникот.[112] Д. Груев побарал образложение зошто било попречено заминувањето на Павле Христов. Тогаш Д. Стефанов реагирал дека за сè ќе одговараат пред Конгресот. Притоа, Груев возвратил: „Не само пред Конгресот, но и пред моралот и совеста треба да се одговара!" На тоа Д. Стефанов реплицирал: „Само ти за совест не треба да говориш".[113] Тогаш, раздразнетиот Груев молкнал и заминал благоразумно. Ако натегањата по ова ефемерно прашање потрајале околу два месеца, тогаш лесно може да се претпостави каква била меѓусебната соработка по круцијалните прашања.

Во меѓувреме, Д. Груев се грижел и за меѓународната популаризација и афирмација на македонското прашање, особено меѓу заинтересираните фактори. На 22 јули (ст. стил) 1906 г., Д. Груев го информирал професорот Иван Георгов, дека во Софија престојувале секретарот на Балканскиот комитет од Лондон, г-н

[109] Исто, 400.
[110] Исто, 405.
[111] Исто, 406.
[112] Исто, 412. Самиот Милан Матов во врска со тоа вели дека Д. Груев му забележувал зошто уште во 1904 година не расчистил со П. Лигушев. Груев бил категоричен дека Лигушев е шпион и предавник и поради тоа со М. Матов се договорил дека смртната пресуда треба да дојде директно од Окружниот комитет. (Милан Матов, Най комитата расказва, (Живот за Македония), София, 2002, 60).
[113] Е. Спространов, Дневник..., 412.

Мур и претседателот на Комитетот за балканскиот извештај.[114] Притоа, Д. Груев го пренесува мислењето на Христо и Божидар Татарчеви дека на гостите би им причинило големо задоволство доколку професорот се сретне со нив.[115] Во тој контекст, Даме Груев на 25 август (ст. стил) 1906 ги информирал Пере Тошев и Е. Спространов дека претседателот на Балканскиот комитет - Чарлс Бекстон од Белград му пишувал на Х. Татарчев дека планирал патување по Македонија и барал средба со членовите на ЦК. Бекстон предлагал да биде посредник помеѓу ВМОРО и српскиот комитет. Груев за тоа ги информирал и задграничните претставници. Пере Тошев кон оваа иницијатива гледал со недоверба.[116]

3.5. Со одминувањето на времето, на површина избило прашањето за идниот општ конгрес. Согласно Правилникот, тој требало да се одржи на годишнината од претходниот конгрес. Во спротивно, секое задоцнување значело престанок на мандатот на избраните тела (ЦК и ПТ). Ова горливо прашање својот вистински третман го добило во почетокот на август, по пристигањето на Пере Тошев во Софија. Меѓутоа, и овој пат на површина избиле старите јазби. Всушност, уште во текот на мај ЦК испратил Окружно со кое ги поканил окружните комитети да започнат со одржување на околиски и окружни конгреси, како подготовка за претстојниот општ конгрес. Меѓутоа, Солунскиот и Битолскиот револуционерен округ до средината на август сè уште не одржале такви конгреси. Напротив, Солунскиот окружен комитет, уште во јуни се искажал против одржување на општ конгрес, со изговор дека конгресот нема да ја спаси Организацијата од разнеби-

---

[114] Иван Георгов (Велес, 1862-Софија, 1935), филозоф и општественик, професор по историја на филозофија на Софискиот универзитет, педагог, член на БАН, претседател на Македонскиот научен институт.

[115] Сборникъ „Илинденъ“, въ паметъ на голѣмото македонско възстание, София, 1926, 58.

[116] Е. Спространов, Дневник..., 414.

тување. Оттука, тие предложиле наместо конгрес, да се одржи советодавно собрание.[117] Од друга страна, Скопскиот револуционерен округ на својот конгрес, меѓу другото, донел одлука дека, доколку општиот конгрес не се одржи најдоцна 5 месеци од предвидениот датум, овој округ ќе дејствува самостојно, така како што смета за најдобро.[118]

Во таква констелација, Пере Тошев, раководејќи се согласно Правилникот, инсистирал Конгресот да се одржи во предвидениот рок ако треба и без делегати од Солунскиот и Битолскиот округ. Наспроти тоа, Даме Груев инсистирал за одлагање на Конгресот за 1-2 месеци, со цел на споменативе окрузи да им се даде можност да изберат делегати. Во спротивно, Груев изјавил дека нема да потпише никаква покана за конгрес. Поради тоа избила остра полемика помеѓу Д. Груев и П. Тошев.[119] Несомнено, двајцата биле во право. Едниот поради инсистирање за почитување на Правилникот бидејќи во спротивно би настанал вакум во раководсвото на Организацијата поради истекување на мандатите, а другиот поради инсистирањето да се даде дополнителна шанса на Битолскиот и Солунскиот округ.

Истото прашање повторно било отворено на 29 август (ст. стил) 1906 г., на средбата што се одржала во собата на Даме Груев во хотелот „Македонија".[120] Притоа, „волјата" (Даме) и „совеста"

---

[117] Г. Тодоровски, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација..., 216.

[118] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 447; Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., т. I, част 1, 638. Меѓутоа, Е. Спространов погрешно бележи дека дадениот рок од Скопскиот конгрес изнесува три месеци, без притоа јасно да се прецизира во протоколот 3 месеци по нивниот или општиот конгрес. (Е. Спространов, Дневник..., 413).

[119] Е. Спространов, Дневник..., 414-415.

[120] Исто, 416.

(Пере) на револуционерна Македонија наполно се разминале. Двајцата настапиле со спротивни ставови. Поради недоразбирањето, П. Тошев изјавил дека тој ќе замине во Македонија. На тоа Груев возвратил: „Мојата нога е веќе на узенгијата“.[121]

Во такви околности, Даме Груев на 29 август (ст. стил) 1906 прифатил да ја потпише само поканата до Солунскиот и Битолскиот округ за интензивирање на нивните подготовки за општиот конгрес.[122] Покрај Груев, истата била потпишана од П. Тошев и Е. Спространов. Со неа, споменатите окрузи за последен пат се канат побрзо да изберат делегати за претстојниот конгрес, во спротивно тој би се одржал и без нивно присуство.[123] Меѓутоа, Д. Груев не сакал да ја потпише поканата до другите окрузи за утврдување на датумот на конгресот и повикување на нивните делегати.[124] Таквата постапка ја мотивирал со фактот дека не сака да презема одговорност врз себе. Следниот ден Груев тргнал со воз кон Ќустендил.[125]

Веднаш потоа П. Тошев и Е. Спространов ангажирале повеќемина дејци од Солунскиот и Битолскиот округ да извршат влијание во овие окрузи за да спроведат окружни конгреси и да изберат делегати. Истовремено, П. Тошев презел мерки некој од окружните комитети да ја прифати улогата на ЦК бидејќи согласно Правилникот, истекот на нивниот мандат бил на повидок.[126] Веќе во октомври Струмичкиот окружен комитет прифатил да ја преземе функцијата на ЦК и иницијативата за одржување на оп-

---

121 Исто.

122 Исто, 417.

123 Даме Груев - Живот и дело, II част..., 763; Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., т. I, част 2, 648-649.

124 Е. Спространов, Дневник..., 416.

125 Исто, 417.

126 Исто, 418

штиот конгрес.[127] По заминувањето на Д. Груев од Софија, П. Тошев и Е. Спространов, откако опстојно го проучиле чл. 141 од Правилникот, констатирале дека за утврдување на датумот и местото на конгресот треба да се консултираат и окружните комитети. Всушност, тоа се совпаѓало и со мислењето на Груев.[128] Оттука, на 2/15. IX 1906 г., П. Тошев и Е. Спространов испратиле Окружно до Скопскиот, Серскиот, Одринскиот и Струмичкиот округ. Во него потенцирале дека општиот конгрес ќе се одржи точно според Правилникот, т.е. на годишнината, бидејќи во спротивно, на изборните институции им престанува мандатот. Притоа ги информираат дека биле преземени сите мерки за одржување на окружни конгреси и избор на делегати во Битолскиот и Солунскиот округ. Истовремено посочуваат дека, доколку тие задоцнат, за да не дојде до нарушување на Правилникот, Конгресот ќе се одржи и без нив. Притоа, од нив се бара согласно чл. 141 од Правилникот да определат точно време и место за одржување на Конгресот. Рокот за одговор бил до 15/28 септември 1906 година.[129] Сепак, и покрај ваквото предупредување, одржувањето на Конгресот било пролонгирано за подоцна. Меѓутоа, тоа претставувало краткотрајно посипување на жарта со пепел.

---

[127] Исто, 420. Меѓутоа, Х. Силјанов истакнува дека оваа иницијатива ја презел Скопскиот револуционерен округ. (Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 447).

[128] Е. Спространов, Дневник..., 418.

[129] Даме Груев - Живот и дело, II част..., 764-765; Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., т. I, част 2, 649.

# XI
# Привидение

## 1. | *Црните претчувства пред прагот на Македонија*

Непосредно пред заминувањето од Софија, Даме Груев поминал откај професорот Иван Георгов за да се збогува. На заминување, сопругата на професорот го замолила Груев да им испрати една карта со слики од македонските планини. На тоа Груев одговорил: *„Јас одам таму, од каде што не се испраќат карти“*.[1] Поминувањето на Д. Груев низ Ќустендилскиот пункт на ВМОРО е евидентирано на 4/17 септември 1906 година. Притоа, со него биле: Гоце Петров, Карчо и Мирчо, тројцата од Кукуш, како и Андреј Нејчов од Свиштов.[2]

Во околината на Ќустендил Даме Груев се задржал неколку дена. Оттаму, на 5/18 септември му испратил дописна картичка на Никола Дејков. Во неа сосема кратко вели: *„уште ден-два јас ќе се најдам во пеколот, за да ги споделам страданијата на оние, меѓу*

---

[1] Сборникъ „Илинденъ“, въ паметъ на голѣмото македонско възстание, София, 1926, 57.

[2] Четите на Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 76. Истиот ден преку овој пункт е евидентирано заминувањето на Б. Сарафов.

*кои, сепак, попријатно се живее“.*[3] Истиот ден, Груев од Ѓуешево на Мише Развигоров му пишува: „Ми се сожали *да не зарадувам со својот портофел некој зебек* (лесно вооружен турски војник б.н.), та ти го враќам, но да не те излаже ѓаволот уште при мојот живот да го употребиш. Реално не е ништо особено, но за мене е вреден“.[4] На 7/20 септември Даме Груев повторно бил во Ќустендил, од каде му испратил писмо на Димитар Ризов. Во него, меѓу другото, вели: *„Внатрешната гангрена, која продолжува да не разјадува дури и сега,* ми убива секаква желба да разменам со пријателите два реда... не



*Даме Груев, портрет со потпис и датум*

сум тој што не го цени значењето на слично разбирање, но согласи се и ти, дали тоа може да ја има нужната вредност, кога не сме полновласни кормилари на коработ? За еден фарфарон можеби таа околност би била без посебно значење, но знаеш *јас имам арнаутска глава и не би сакал да правам сметка без ханџијата.* Ако ја имаш предвид таа внатрешна рана, лесно можеш да си објасниш на што се должи нашето мртвило во сѐ. Злото е големо, но подобро да молкнам. Единствената надеж се полага на претстојниот општ конгрес, но ете и тој не ќе може наскоро да стане. Оваа вечер јас ја прескокнувам границата, *талкајќи, белким таму ќе најдам утеха, па макар и во гроб.* Знам дека при таква ненормалност, и таму нема да бидам од посебна корист, но барем нема од далеку да ги преживувам страдањата. Зго-

[3] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 290.

[4] Исто.

ра на сè, пак дојде и веста за новото опустошување на Смилево.[5] Та и само тоа да е. За секој случај, бидејќи Турчинот од шега не разбира, ти го испраќам мојот портрет за спомен“.[6]

Последново, како и претходните неколку писма се крајно песимистички. Тоа најдобро зборува за душевната положба во која се наоѓал Груев пред портите на Македонија. За човек во таква положба едноставно може да се каже дека го претчувствувал и предизвикувал крајот.

## 2. *Престојот во Солун*

Кон крајот на септември Даме Груев се нашол во Солун. Маршрутата по која стасал дотаму не е позната. За престојот и за активноста на Д. Груев во Солун интересни сведоштва оставил Божин Димитров Проданов (претседател на Солунскиот околиски комитет).[7] Според него, Груев во Солун влегол преку селото Коритен, заедно со Георги Мончев и четникот Карчо, облечени како овчари кои тераат овци за на пазар.[8]

Причините за Груевото доаѓање во Солун биле повеќекратни. Секако, на прво место е доцнењето на Солунскиот окружен конгрес и изборот на делегати за претстојниот општ конгрес. Покрај тоа, во Солунскиот округ биле наталожени бројни пробле-

[5] Андартскиот капетан Гудас на чело на 178 борци-андарти го нападнале и опожариле Смилево. Притоа убиле 115 души Смилевчани, а останатите ги опљачкале.

[6] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 290-291; Глигор Тодоровски, Две необјавени писма..., 77.

[7] Даме Груев - Живот и дело, I част..., 448-255.

[8] Исто, 250. Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 474.

ми кои ја попречувале дејноста на Организацијата. Меѓу нив, на прво место, бил грчкиот андартски терор врз македонското егзархиско население. Така, во текот на 1904 година една грчка чета речиси пред очите на власта испозаклала десетина селани од Елицово. Летото 1906 година, друга андартска чета убила седуммина косачи помеѓу селата Араплија, Енгелица и Текилево. Кон крајот на летото 1906, на само 2 километри од Солун, андартите убиле петмина работници - тулари. Истовремено, по наговор на грчкиот учител Атанас Пападопуло и гркоманот Божин Аргиров, биле осудени на заточение десетина селани од Ватилак, Ново Село и Топчиево.[9]

Од друга страна, под покровителство на Атанас Шопов (бугарски трговски агент во Солун), била создадена силна опозиција која го поттикнувала граѓанството да не дава пари за Организацијата. На чело на ова движење стоел владиката Неофит. Тој бил поддржан од граѓаните Мицо Мингов и К. Бакалов, како и од учителите: Н. Арнаудов, Сребрен Поп Петров и Н. Мацаров.[10]

Згора на тоа, летото 1906 година во Солун избила т.н. Мацанова афера. Имено, при еден претрес на учителот Мацанов, власта го запленила неговиот дневник во кој последниот од некаква манија бележел сè што знаел за повидните револуционери. Според овој дневник биле затворени 36-мина членови на ВМОРО од разни места.[11] Мацанов, поради чувство на вина и грижа на совеста, полудел во затворот.[12]

Во таква констелација Д. Груев пристигнал во Солун. Таму отседнал околу месец и половина. Првата грижа на Груев била да се стегнат редовите на Организацијата. За таа цел остварил број-

---

[9] Даме Груев - Живот и дело, I част..., 248-249.

[10] Исто, 249.

[11] Исто, 250.

[12] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 476.

ни контакти со разни лица што на еден или друг начин биле инволвирани во ослободителното дело. Притоа главна логистика му пружале неговите стари пријатели, како што бил Григор Попев. Откако сестрано ги проучил проблемите на ВМОРО во Солунскиот округ, Д. Груев подготвил план за активно дејство. Планот бил презентиран на едно собрание во куќата на Григор Попев во присуство на Божин Димитров Проданов, Ване Јанчев, Владимир Попов и Георги Мончев.[13] Планот предвидувал со малку сили и жртви да се постигнат големи ефекти. Тоа значело изведување атентати и терористички акции. Како одговор на андартскиот терор, Д. Груев предложил ликвидација на Аскетис (драгоман во грчкиот конзулат и организатор на андартските чети). Истовремено бил испланиран атентат и врз генералниот инспектор на македонските вилаети - Хусеин Хилми-паша. Атентатот врз него требало да се изврши за време на заседанијата со цивилните агенти, без да се води сметка за нивните животи. За извршител на атенатите бил определен Георги Мончев, а Груев ветил дека М. Герџиков ќе испрати уште еден атентатор. Покрај тоа, планот предвидувал серија атентати против објекти во кои бил вложен капитал на големите сили, особено на Австро-Унгарија. Со споменативе атентати и терористичките акции требало да се сврти вниманието на европската дипломатија во прилог на македонското прашање.[14] За реализација на планот Груев се обврзал да обезбеди финансиски средства кои требало да ги испрати преку солунскиот Евреин Саул Модејано.

На собирот било разгледано и прашањето на опозиционерите во Солун под покровителство на А. Шопов и владиката Неофит. Во тој контекст, Д. Груев истакнал дека интересите на Бугарија биле противречни со оние на ВМОРО, па затоа, против нив

13 Даме Груев - Живот и дело, I част..., 251.

14 Исто, 251-254.

треба да се настапи согласно своите интереси.[15] Д. Груев презел обврска да ги предупреди трговскиот агент А. Шопов и владиката Неофит. Притоа потенцирал дека, доколку тие не престанат со антиорганизационата дејност, тогаш согласно Уставот и Правилникот *„ќе ги премавнеме без око да ни трепне“*.[16]

За време на Груевиот престој во Солун бил одржан Солунскиот окружен конгрес. Протоколите од него Е. Спространов во Софија ги добил на 6/18 XI 1906 година.[17] Одржувањето на Конгресот првично било планирано во Ениџевардарското Блато. Меѓутоа, поради еден судир на Апостол Петков со војската, Конгресот бил презакажан за во Солун. Друга карактеристика на Конгресот е што делегатите од Воденско и Ениџевардарско биле под влијание на Б. Сарафов, кој во ова време престојувал таму и агитирал во своја полза. Згора на тоа, на Конгресот присуствувале двајца Сарафови приврзаници од една новоформирана околија, чие административно постоење не било верификувано. Оттука, нивното присуство на Конгресот било спротивно на Правилникот, но никој не протестирал. Груев кој за време на Конгресот престојувал во Солун, му пишувал на И. Гарванов дека воопшто не сакал да се меша за да не биде обвинет за наметнување на влијание.[18] Поради тоа, Спространов во Дневникот запишал дека „Даме направил непростлива грешка“ бидејќи не ги посоветувал делегатите како да постапат во таков случај. Груев најверојатно не сакал да се меша, со оглед на фактот дека одржувањето на овој Конгрес и без тоа било проблематично и едвај изнудено.

---

15 Исто, 253.

16 Исто.

17 Е. Спространов, Дневник..., 424. Протоколите од конгресот засега не ни се познати.

18 Исто.

## 3. | Патот кон вечноста

3.1. Даме Груев преоблечен како селанец го напуштил Солун, и преку с. Коринте, каде што се поврзал со својата чета, заминал кон Кукуш.[19] По сè изгледа, Д. Груев во Кукушко се задржал подолго време. Притоа, влегол во Кукуш и ги посетил куќите на Бојаџиеви, Арапнакови, Влахови и други.[20] Во меѓувреме, Д. Груев се ангажирал за зацврстување на Организацијата во поширокиот Кукушки регион. За таа цел обиколил повеќе населени места од Аматовското Блато па до Дојранското Езеро. Се разбира, долгиот престој на Груев во Кукушко се должи на фактот што тројца од неговите придружници биле родум од Кукуш. Меѓу другото, Д. Груев во овој регион распоредил неколку товари оружје. Притоа, кај Араџанското Блато еден од товарените коњи заскитал и стигнал во с. Гаваљанци, на чифлигот на Зора беј. Бегот не го задржал коњот, туку преку селаните го вратил назад со негибнат товар.[21] Причините за таквата постапка на бегот не се познати. Можеби тоа го сфатил како опомена или како обид за изнудување пари, па побрзал да го врати коњот со сè товарот?!

За време на престојот во Аматовското Блато, Д. Груев имал средба со американскиот публицист и писател Алберт Сониксен. Тие во Блатото останале заедно неколку денови. Тогаш А. Сониксен направил и една фотографија на Д. Груев со Сандо Китанов за која вели: *„малку мислев тогаш, за вредноста што ќе ја има тој портрет за Македонците“*.[22] За време на престојот во овој ре-

[19] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 479.

[20] Убиството на апостолот (по спомени на Лика Чопова - Јурукова), Блаже Ристовски, Портрети и процеси, т. I, Скопје, 1989, 557-560.

[21] Даме Груев - Живот и дело, I част..., 242.

[22] Алберт Сониксен, Исповед на еден македонски четник, стручна редакција и предговор: Д-р Иван Катарџиев, превод: Илија Милчин, Скопје, 1997,

гион Д. Груев со своите придружници бил опколен во с. Горни Порој, но успеал да се извлече.[23] Изгледа таму биле предадени од врховистичкиот војвода Христо Поројлијата.[24]




*Даме Груев и Сандо Китанов во Аматовското Блато*

Во меѓувреме, наближувало времето за општиот конгрес. Подготвителните советувања за него биле закажани за 15/28 декември во Софија. Поради тоа Д. Груев побрзал за таму, иако претходно од Солун му пишувал на Гарванов: „Јас се колебам дали да дојдам на конгресот, бидејќи сакам да се предадам на исполнување на планот (атентатите на Аскетис и Хилми-паша). Во него гледам поголема смисла, отколку празните разговори на конгресот“.[25]

Оттаму Д. Груев тргнал на север кон Бугарија. Всушност, тој уште од времето на Илинденското востание навикнал на физичкиот напор и илегалниот живот. Меѓутоа, овој пат со оглед на краткото време, зимата која настапувала и бројните планински венци што требало да се пресечат, пројавил неспокојство. Посебно го плашела Беласица со своите стрмнини, снегови и можните виулици.[26] Сепак, Беласица била среќно пребродена. Можеби токму поради тоа, Д. Груев преминот преку Беласица го овековечил со врежувањето на своето име на една столетна бука кај мес-

222, наслов на оригиналот: Albert Sonnichsen, Confessions of a Macedonian Bandit, Duffield & Company, 1909.

[23] Архив Христо Матов..., 246.

[24] Убиството на апостолот..., 560.

[25] Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ..., 157.

[26] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 479.

носта Пржар над селото Смоларе.[27] Беласица не била кобна, судбината избрала друга планина, малку посеверно.

3.2. Даме Груев со својата чета од Струмичко, по канал, заминал кон Малешевијата. Доцна во ноќта на 9/22 декември 1906 година тие пристигнале во Русиново.[28] Селското раководство не било претходно известено за нивното пристигање. Самопрогласениот селски војвода на еден-двајца четници, Иван Белчев, кога дознал за пристигањето на Д. Груев и неговата придружба, ги одвел во куќата на Димитар Ризов Алаѓозов, каде побарал соба за преноќевање. Тогаш, домаќинот Алаѓозов предупредил дека следниот ден (10/23 декември) кај него треба да дојдат Турци од Пехчево кои биле стопани на пасиштето Џитовец за да си го приберат наемот. Поради тоа, Алаѓозов предложил да се побара друга куќа за преноќиште и дека тој ќе ги подмири трошоците.[29] Меѓутоа, селскиот војвода Иван Белчев го игнорирал предупредувањето. Под него-



*Буката со името на Груев*

---

[27] Споменатава бука помеѓу населението од овој крај е позната како „буката на Дамјан Груев“. Написот делумно е обраснат и текстот е прекриен од кората на дрвото. Од текстот во првиот ред денес се чита само АЛЕЯ, а во вториот ред половично се чита (Д)АМЯНЪ ГР(...). Постарите мештани раскажуваат дека своевремено се читало целото име. Како што кората на дрвото зарастува од страна и го затвора текстот, истовремено основата на дрвото врз која е врежан текстот гние. Оттука, ако не се преземат мерки, текстот наполно ќе исчезне. Авторот на овој труд споменатава бука на 5. VIII 2005 година ја документираше со неколку фотографии.

[28] Никола П. Русински, Последните часови на Даме Груев, зб. Даме Груев – истражување и материјали..., 115.

[29] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев..., 116.

вото влијание домаќинот се помирил, па така Даме Груев, Сандо Китанов и Георги Карчов останале да пренокат во куќата на Алаѓозов. Оваа непромислена постапка излегла трагична. Несомнено, домаќинот се повлекол пред авторитетот на селскиот војвода, а гостите поради умор не обрнале внимание на предупредувањето. Згора на тоа, дури и не била поставена никаква стража.[30] Другите четници биле сместени во куќа во Гаштарското Маало.[31]

Утредента, на 10/23. XII, домаќините Алаѓозови заминале на црква, а гостите останале дома. Таму се нашле уште неколку четници. Во меѓувреме, во Русиново пристигнал Ахмет ефенди од Пехчево со уште неколку Турци, и веднаш се упатил кон куќата на Алаѓозови за да си го прибере наемот.[32] Двајца од Турците, качувајќи се по скалите на куќата, низ една полуотворена врата забележале дека внатре има вооружени луѓе. Поради тоа тие веднаш се повлекле назад и се сокриле зад аголот до скалите. Меѓутоа, и комитите ги забележале Турците кога се качувале по скалите. Поради тоа, Сандо Китанов и Даме Груев веднаш почнале да бегаат низ скалите, без да забележат дека Турците се скриле зад аголот. Прв излегол С. Китанов, а по него Д. Груев. Турците отвориле оган, при што Д. Груев бил погоден во дебелото месо од десната нога, а С. Китанов се извлекол неповреден.[33] При овој прв судир

---

[30] Исто.

[31] Исто, 118.

[32] Според официјалното османско соопштение кое било објавено во турските весници во Цариград. (Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 355-356). Меѓутоа, според Н. П. Русински во селото дошол Мула Алилов од Пехчево (Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев..., 116); додека според еден друг податок, тоа бил Ќамил бег. (Катастрофата при Русиново. Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 21, София, 6. I 1907, 326).

[33] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев..., 116. Меѓутоа, според еден друг напис, Сандо Китанов бил убиен уште при излегување од куќата,

истовремено биле ранети Ахмед-ефенди и неговиот придружник Ахмед.[34] Во меѓувреме, останатите четници излегле низ задната врата од куќата и побегнале низ селото. Притоа, биле изложени на оган. Тогаш бил убиен четникот Георги П. Стојанов од Владимирово. Тој, всушност, бил првата жртва во близина на куќата на Алаѓозов.[35] Во меѓувреме, во судирот се вклучиле останатите придружници на Ахмет-ефенди, а еден од неговите луѓе успеал да го повика военото одделение од Владимирово.[36] Додека тие пристигнале, комитите веќе се извлекле од селото.

Меѓутоа, нивниот пат бил пресечен од страна на војската што доаѓала од Владимирово.[37] Притоа започнал нов судир во кој Сандо Китанов бил погоден во главата и починал на место.[38] Од турска страна во оваа престрелка загинале еден офицер и еден војник.[39] Според соопштението на официјалните османлиски власти,

---

додека Даме Груев бил ранет во десната нога и левата рака. (Катастрофата при Русиново..., 326).

[34] Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 355-356; Драги Ѓорѓиев, Оружените судири помеѓу комитските чети и османлиската војска во казата Османие 1903-1908 (според османлиските статистики), зб. Дамјан Груев (1871-1906). 100 години од неговата смрт, Прилози од научниот собир одржан во Берово на 16 и 17 декември 2006, Скопје, 2007, 54.

[35] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев..., 117.

[36] Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 355-356; Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев..., 117.

[37] Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 355-356.

[38] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев..., 117.

[39] Според писмото на турското военo министерство до Великото везирство. (Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 300). Информацијата за двајца убиени од турска страна е пренесена и во цариградските весници. (Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 355-356). Меѓутоа во османската статистика се споменуваат само 2 ранети. Дека оваа статистика е неточна најдобро сведочи фактот што во неа меѓу убиените се наведени Пере Тошев и Лефтеров (бугарски офицер). Д. Ѓорѓиев, Оружените судири...,

по овој судир двајца комити успеале да побегнат под превезот на мракот.[40] Тоа биле Даме Груев и Георги Карчев (Карчо). Според Н. П. Русински, тие со помош на селскиот курир Григор Митев Крапев се упатиле кон источната страна на врвот Петлец.[41] Притоа, крвавите траги во снегот од ранетиот Груев ја олесниле потрагата на војската која постојано ги прогонувала. Под врвот Петлец, согледувајќи ја безизлезната ситуација, Д. Груев го ослободил куририот Григор Крапев за да не настрада и тој.[42] Новата престрелка траела до доцна во ноќта.[43] Конечниот епилог за загинувањето на Д. Груев е неизвесен. Според официјалното османлиско соопштение, кое било пренесено во турските цариградски весници, Груев и Карчо биле застрелани при разденување од двајца стражари од околната караула.[44] Меѓутоа, сепак останува отворено прашањето дали тие навистина биле убиени, или пак, откако биле опколени, се самоубиле поради недостиг на муниција. На тоа упатува фактот што кај Даме Груев не бил пронајден ниеден куршум во неговиот патрондаш.[45]

Во меѓувреме, додека траел прогонот по Груев, четниците што биле сместени во Гаштарското Маало со курир се извлекле преку месноста Долна Слатина. Притоа се сместиле во едно овчарско трло и се зафатиле[46] божем го поправаат покривот на ко-

---

54. Последнава дезинформација била проширена меѓу солунските конзули. (Г. Тодоровски, Еден извештај за убиството на Даме Груев, зб. Даме Груев - истражување и материјали..., 80).

[40] Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 355-356.

[41] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев, 117.

[42] Исто, 119.

[43] Катастрофата при Русиново..., 326.

[44] Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 355-356.

[45] Архив Христо Матов..., 246; Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 356.

[46] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев, 118.

либата. Димитар и Божана Алаѓозови, домаќините на куќата каде што пренокевал Груев, при враќањето од црква биле убиени пред нивната куќа, а нивната снаа била ранета.[47] Самопрогласениот селски војвода Иван Белчев за време на судирот во Русиново се криел во јаслите на едно магаре.[48]

3.3. Наредниот ден, властите издале наредба селаните да ги приберат и погребаат загинатите. Даме Груев, Сандо Китанов и Георги Карчов биле погребани во еден гроб пред јужната врата на црквата во Русиново, додека телото на Георги Поп Стојанов било погребано во с. Владимирово.[49]



*Гробот на Груев во Русиново*

При распрашувањето на селаните за идентитетот на убиените, тие изјавиле дека двајца од нив биле сосема непознати за нив, но дека дошле од Солунско по некаква комитска работа. Оттука, воениот командант се посомне-

---

[47] Исто, 119; Д. Ѓорѓиев, Оружените судири..., 54; Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 355-356.

[48] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев..., 118. Сета вина за скапите жртви во Русиново месниот комитет на ВМОРО ја префрлил врз Иван Белчев и побарал да одговара пред месниот револуционерен суд. Меѓутоа, И. Белчев, за да ја избегне казната побегнал. Подоцна Иван Белчев ги убил Мито Наков Тренчов и Георги Василев, двајцата активни членови на ВМОРО. По повлекувањето на бугарските војски во 1918 година емигрирал во Бугарија, а неговото семејство останало во Русиново. Подоцна се вратил по покана од српските власти, кои му понудиле висока полициска служба. Меѓутоа, пред да стапи на должност, бил убиен од страна на бившиот селски војвода Васил Стоицов.

[49] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев..., 118.

вал дека станува збор за некој важен комитаџија.[50] За утврдување на идентитетот валијата издал заповед погребаните да се откопаат и фотографираат за да се изврши потполна идентификација.[51] Според Н. П. Русински, ексхумацијата била извршена на третиот ден од Божиќ, а фотографирањето го направил беровскиот фотограф Гаврил Зографот.[52]



*Ексхумацијата на Даме Груев*

Откако врз основа на фотографијата било утврдено дека станува збор за Даме Груев, солунскиот валија Махмут Шефкет паша, ја презентирал споменатава фотографија пред дипломатскиот кор во Солун. Еден примерок од фотографијата добил српс-

[50] Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 23, София, 21. I 1907, 356.

[51] Г. Тодоровски, Еден извештај за убиството на Даме Груев..., 79.

[52] Н. П. Русински, Последните часови на Даме Груев...,118. Според други извори фотографирањето на покојниот Даме Груев го извршил еден австриски офицер. (Македоно-одрински прегледъ, г. II, бр. 21, София, 6. I 1907, 326; Г. Тодоровски, Еден извештај за убиството на Даме Груев... 80).

киот генерален конзул во Солун, Владимир Љотиќ, и истата ја испратил на увид во Белград. Притоа, потенцирал дека фотографијата треба да се сочува, репродуцира и зголеми за да се објави во некој српски весник. Во спротивно, побарал фотографијата да му се врати лично нему.[53]

Врз основа на фотографијата што ја презентирал валијата, Алфред Рапопорт направил една скица од ликот на мртвиот Груев, која подоцна ја поместил на првата страница на својата книга „Au pays des Martyrs" (Во земјата на маченициите).[54]

3.4. По потврдувањето на идентитетот на убиените, генералниот инспектор на румелиските вилаети Хусеин Хилми-паша на 10 зил-хице 1342 г. (10 јануари 1907) го известил Високото везирство дека меѓу четворицата убиени „разбојници" едниот бил Дамјан Груев, другиот Сандо (Александар Китанов), а третиот Карчо од Кукуш.[55] Врз основа на оваа информација, и согласно поранешната понуда на власта од 1000 турски лири за ликвидирањето на Груев, Великот везир му предложил на Военото министерство да се наградат сите офицери и војници што придонеле за неговото убиство.



DAME GROUEFF
sur son lit de mort
(Croquis à la plume de l'auteur).

*Скицата на А. Рапопорт*

---

[53] Г. Тодоровски, Еден извештај за убиството на Даме Груев... 79-80.

[54] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 74.

[55] Документи за българската история, т. IV, (подбрал Панчо Дорев), София, 1942, 276.

Притоа, предложил на јузбашијата Мехмед-ага да му се додели орден „Меџидие“ од IV степен, на санитарниот јузбашија Абдулрахман Шукри и на вториот мулјазим Зекир-ефенди да им се додели орден „Османие“ од IV степен, а на 14-мината војници и 3 жандарми орден „Меџидие“ од V степен и по 5 турски лири, додека на семејствата на двајцата убиени да им се доделат по 20 лири и вонредна пензија.[56]

Врз основа на овој предлог, турскиот воен министер Риза-паша на 1 мај 1907 година го информирал Великото везирство дека султанот Абдул Хамид II издал наредба за доделување на предложените одликувања и парични награди за сите учесници во акцијата. Истовремено била издадена наредба до Министерството за финансии, предложените парични награди да се исплатат веднаш од кредитот за вилаетските жандарми согласно чл. 4 од Правилникот за преследување на четите, а доделените ордени веднаш да им се испратат на наградените.[57]

Одликувањата и паричните награди за учесниците во борбата при убиството на Даме Груев се најдобар показател за значењето што му го оддавала власта.

3.5. Убиството на Даме Груев предизвикало задоволство и кај српските кругови. Српскиот конзул во Солун, Владимир Љотиќ, во својот извештај од 17/30 јануари 1907 година пишува: „бев среќен да добијам една снимка од таа фотографија на мртвиот Даме“.[58] Бугарскиот дипломатски претставник во Белград, Димитар Ризов во еден извештај до министерот за надворешни работи и вероисповест на Бугарија известува за ликувањето на српските четнички средини и тамошниот печат поради убиството на Даме Груев. Тие отишле дотаму што се фалеле дека Груев бил

[56] Исто.

[57] Исто, 277-278.

[58] Г. Тодоровски, Еден извештај за убиството на Даме Груев..., 80.

предаден од србоманскиот малешевски војвода Јово Стојковиќ, кој, наводно заедно со Турците, учествувал во битката при убиството на Д. Груев.[59]

Засега не постојат индиции за евентуално смислено предавство на Даме Груев. Според првичните сознанија до кои дошол Христо Матов, при убиството на Груев немало индиции за предавство. Тој претпоставува дека убиството се должи на слабата организациона поставеност на Русиново, кое било „калпаво“ село.[60] Во прилог на тоа оди немарната постапка на селскиот војвода Иван Белчев, па и на самиот Д. Груев, кој и покрај предупредувањата од Димитар Алаѓозов, останал да преноќи кај него. Несомнено, заморот од долгото патување и брзањето на Д. Груев за претстојниот конгрес го направиле своето. Оттука, неговото убиство треба да се гледа како последица од сплет немарни околности.

Како и да било, убиството на Даме Груев претставува огромна загуба за македонското револуционерно ослободително движење. Неговото место останало празно. Тоа се почувствувало веднаш по неговото погибје. Конгресот за кој брзал Груев воопшто не се одржал, поради отсуство на авторитет кој ќе одигра помирувачка улога меѓу спротивставените групации. Дефинитивниот расцеп во ВМОРО набрзо станал фактичка реалност.

[59] Даме Груев - Спомени. Кореспонденция..., 298-299.
[60] Архив Христо Матов..., 246.

# Наместо заклучок

*На крајот на книгава намерно го изоставив вообичаениот заклучок. Тоа го сторив за да го поштедам читателот од наметнат сервиран заклучок и да му отстапам простор за сопствен заклучок, кој проникливиот читател и без тоа го прави сам. Оттука, сметам дека книгава ќе има заклучоци колку и читатели. Наместо шематизиран и стереотипен заклучок, овде ја поместувам Рецензијата од проф. д-р Далибор Јовановски.*

## РЕЦЕНЗИЈА

Кога еден научник пишува рецензија за монографија или некој сличен труд, најчесто тоа го прави по одредено клише. Пишува за тоа како авторот на делото што е предмет на рецензијата го има поделено истото. Потоа се нагласува колку страници има монографијата, а често се заборава на фуснотите и на материјалот што е користен при пишувањето на делото. Поточно, на поважното во делото.

Јас решив да не пишувам по тоа клише. Има причина зошто е такво моето решение. Секако, тоа не се должи на мојата

научна автономија како рецензент на ова дело, туку на нешто друго. Веднаш, на почетокот а не на крајот, ќе нагласам дека ми е чест и задоволство да напишам една рецензија за, според мене, првиот голем монографски труд за еден од основачите на Македонската револуционерна организација. Дамјан или Даме, како што сите го знаеме и викаме, заслужува да биде предмет на студиозна и сериозна монографија. Некој веднаш ќе ми забележи дека има некој што напишал монографија за човекот од Смилево кој ја задолжи оваа наша Македонија. Јас, како рецензент, се согласувам со можните забелешки во тој правец, но во делото на Ѓорѓиев нема идеологија, нема умилкување кон некого, нема непотребни додатоци за пополнување на бројот на страниците, туку има само едно нешто. Тоа нешто е едноставна работа – научна анализа произлезена од студиозното анализирање на фактите и нивното логично поврзување во една целина – монографија за еден од најголемите дејци за ослободување на Македонија од османлиската власт. Да, токму власт, а не ропство, како што милувавме да се изразуваме. Кога ќе ја прочитате оваа монографија, ќе ме разберете зошто се изразив на овој начин. Едноставно, авторот со својот стил и начин на пишување не дозволува поинаква интерпретација. Во ова дело нема да сретнете омраза кон никого, ниту пак повод за такво нешто. Има само едно – длабока анализа на животот и делувањето на Груев од раѓањето до прераната смрт. Тоа е едноставно судбината на секој што се борел за својот народ и за неговата слобода. Не треба да заборавиме дека во секое дело има критика кон тоа што дотогаш било напишано. Таков е и случајот со оваа извонредна книга за Дамјан Груев. И уште нешто – има одговор без провокации кон оние што провоцираат и што ја ставаат науката во служба на политиката.

На почетокот напишав дека нема да пишувам за бројот на страниците. Оваа книга е обемна и тоа е доволно. Сепак, постојат книги што се големи, но немаат, или пак имаат мал број на фус-

ноти. Оваа книга обилува со фусноти. Тие не се во неа за да бидат само број, туку и за да покажат со што се користел Ѓорѓиев за да го напише ова свое дело. Внатре во нив има сè што краси една сериозна студија – необјавен и објавен архивски материјал, голем број на книги и статии, објаснувања, но и тоа што е важно – полемика. Кога ова дело ќе стигне во рацете на читателот, научник или обичен намерник кој се интересира за историјата, никого нема да остави рамнодушен. Постојат повеќе причини за ова мое убедување. Пред сè, тоа е стилот на пишување, големиот број на добро срочени и поврзани податоци, внимателно одбрани зборови за објаснување на многуте нејаснотии во наводно јасната историја на македонското ослободително движење чиј учесник бил Груев. Неговата улога во формирањето, развојот на МРО е едноставно објаснета без никакви претерувања. Авторот не ги крие и оние нешта што можат да предизвикаат разни реакции и коментари за дејноста на Дамјан Груев. Тој бил човек со карактер, со доблести, но и мани. Тој знаел да проценува, но и да греши. Тоа ќе го најдете во оваа книга. Објективноста на ова дело во очите на читателот уште повеќе ќе ја зацврсти убавата мисла за Даме, таков каков што бил со доблести и мани. Авторот не ги крие фактите. Според тоа што го напишал, целосно е свесен за една важна работа за нас историчарите – фактите не треба да се кријат, бидејќи некој друг ќе ги открие. Криејќи ги фактите не можеш истите да ги анализираш, а без анализа нема историја, нема разјаснување на проблемите. Ѓорѓиев ги разјаснува проблемите.

Кога го читав ова волуминозно и интересно четиво, забележав како авторот со имињата на насловите едноставно ги плени срцето и умот. Тука не би ги наведувал насловите и поднасловите на главите на ова дело, но би сакал да нагласам дека тие, такви како што се напишани, само го најавуваат многу интересното четиво. Се надевам дека оние што ги читаат само насловите, ќе бидат примамени да го прочитаат и текстот. Ова е голема книга, за да

може да биде прирачник за брзо читање. Оваа книга ќе предизвика интерес, но и полемика со сите оние што се занимаваат со историјата на македонското ослободително движење во Република Македонија, но и во соседните земји. Тоа што нема да можат овде да го најдат е иредентизмот, национализмот, предрасудите кон соседните народи, величењето на сопствениот народ, забегувањето во некоја идеологија што била непозната во османлиска Македонија. Тука ќе го најдат Дамјан Груев, таков каков што бил.

проф. д-р Далибор Јовановски

# Показател

**А**
Абдул Хамид II 263, 476
Абдулрахман Шукри 476
Австрија 258, 387
Австро-Унгарија 265, 340-341, 399, 465
Аврамов Стефан 372
Агенор фон Голуховски 325, 363
Адански вилает 259
Акија 259
Аксаков Иван 54
Алаѓозова Божана 473
Алаѓозов Ризов Димитар 469-471, 473, 477
Албанија 80
Албанци 20, 80
Александар, македонски крал 65
Александров Т. 400
Алексиев Илија 224
Али Риза - паша 316
Алилов Мула 470
Алтипармаков Михаил 238
Алтипармаков Н., автор 455
Аматовското Блато 467
Америка 338
Амфитеатров А. В. 80-81
Андреев А. 67, 218, 287
Андреев Никола 348
Анастасов Иван Грчето 180
Анастасов Наум 297
Ангелов Божил 225, 227
Ангелов Г. 227, 229-231
Ангелов Ѓорѓи 225
Ангелов Х. Ицко 73
Ангеловска П. 79
Ангиста 284
Англија 174, 331, 451,
Англичани 316, 449
Англо-бурска војна 316
Антонов В. 275, 277
Антонов Константин 220
Апостолов Александар, автор 449
Арамиски Камен 318
Араплија, село 464
Арапнакови 467
Арацанското Блато 467
Аргиров Божин 464
Ариматејски Богдан, псевдоним на Д. Груев 234
Ариматејски Јосиф, псевдоним на Д. Груев 234, 257
Арнаудов Н. 464

Арсов Михаил 132
Арсов Славејко 132, 233, 241, 256, 287, 289-291, 293, 296-297, 348
Аскетис 465, 468
Аугуст Крал, 305-306; 325-326; 354; 363;
Ахмет ефенди, 470-471;
Ахмед, 470;
Ацев Петар 233, 287, 289-291, 296-297, 335-359, 370-371, 374-375
Ачков Иван 113

**Б**

Бабино, село 305
Бабата Атанас 402, 404-405
Бадев Јордан, автор 14, 17, 19, 22, 122, 241, 243, 372, 468,
Бакалов, К. 464
Балкан, весник 25
Балкански Полуостов 92
Балкански комитет 456-457
Баласчев Георги 63, 144
Балов Ване 132
Балтов Илија 412-413
Баждаров Ѓорѓи 228
Баница, село 287
Батанџиев Христо 85-88, 106, 161, 183
Бахтијар - паша 317
Башев Атанас 16, 19-20
Бекстон Чарлс 457
Белев Георги 63, 211-212, 271
Беласица 468-469
Белград 33-38, 41-43, 45-49, 51, 53-55, 59-60, 65-66, 80, 234, 348, 365-367, 369, 377-378, 390-391, 410, 451-452, 457, 475-476
Белгија 181-182
Белица, село 371
Беловодица, село 356
Беломаре Најдо 71
Белчев Александар 261
Белчев Иван 469, 473, 477,
Белчев Христо 54, 58-59
Бенковски 57
Берлин 71
Берлинскиот договор 55, 57, 88-91, 98
Берово 5, 210, 293, 471
Бигла 310, 323
Бинев Ив. 228
Бистрица, село 36
Биљарски Цочо, автор 6, 17, 47, 121, 153-154, 202, 241, 265, 268, 271, 325, 328, 342, 402-403, 419
Битола 11, 13, 20, 35, 37, 62, 67-68, 121-124, 126, 129, 145, 157, 161, 166, 170-171, 176, 180, 183, 185, 188, 191, 201, 207, 211, 215, 217-218, 220-222, 224, 227, 231, 233, 235, 237, 242-247, 249-250, 252, 254, 258-259, 263, 279, 281-282, 286-287, 290, 294, 296, 303-305, 316, 321-322, 334, 339, 345, 352, 354, 362-363, 368, 370, 372, 374, 376, 378, 455
Битолска каза 13

Битолска егзархиска митрополија 236
Битолска егзархиска прогимназија 22, 219
Битолска егзархиска гимназија 219-220, 222-223, 225-227, 229, 231, 236, 281
Битолски апелационен суд 246, 248
Битолски вилает 22-23, 123, 125, 130, 169, 170, 172, 191, 238-241, 243-245, 247-248, 251-252, 260, 315, 317, 329, 339
Битолски затвор 252-254
Битолски истражен затвор 241
Битолски околиски комитет 257, 376
Битолски окружен комитет 130-131, 169, 171, 238-241, 243, 253, 256-257, 286-287, 290, 352-354, 362, 402-403
Битолски револуционерен округ 217, 219, 231, 233, 254, 281, 283, 286-287, 289-291, 296-297, 303, 307, 314, 335, 339, 342, 348, 351, 355-356, 359, 362, 366, 384, 397, 402, 405, 430, 457-460
Битолски револуционерен реон 296
Битолски санџак 254
Битолско 36, 67, 218, 224, 279, 290, 309, 322, 324, 337, 339, 352, 357, 359, 455
Битоски Крсте 185, 271, 279
Благадуша Лили 301
Бобишта, село 224
Богоев Г. 58
Богој Д., псевдоним на Д. Груев 96
Богојавление 89
Богомила, село 35
Боди 166
Бозуков Антон 182
Божин 373-376
Божинов Крсто 404
Божиновска Зорица 325
Божиќ 46, 51, 136, 474
Боиште, село 308, 322-323, 333
Боишките Планини 323
Бојациеви 467
Бојациев Владимир 36, 38, 41-42
Бојациев Климент 225, 227
Бојкинов Д. 58
Бомболов К. 73
Борула 356
Ботев 57
Бошњак ан 108
Браилоецот Коне 68
браќата Иванови 187
браќата Кирил и Методиј 220
Брсјаци 12
Бугариево, село 108
Бугарија 5, 27-28, 47, 49, 50, 54, 57-58, 61-62, 65-66, 84, 93, 101, 109, 111, 117, 136-137, 141-142, 145, 165, 170, 181, 190, 192-195, 198, 200, 204, 212-213, 226, 268, 270-271, 274, 278-281, 283, 293-294, 302, 306, 328, 333, 335, 348, 364,

379, 382-384, 388, 391-395, 398-399, 403-404, 410, 414, 423-424, 428, 449-450, 465, 468, 476
Бугари 28, 34, 36, 48-49, 51-52, 54, 56, 59, 61, 65, 79-80, 83, 97, 141, 200, 219, 364, 383, 393-394
Бугарин 98, 202
Бугарско тајно револуционерно братство 205-212, 219
Бугарско благотворително братство 205
Бури 316, 331
Бурилкова Ива, автор 121, 241, 271, 419
Буф, село 301, 306
Б҆лгаријата Крсто 402

**В**

Вајган Густав 13, 15
Василев Георги 473
Василев Иван 220
Васков Иван 220
Васков Петар 412-413, 418,
Варна 13
Вардарски, псевдоним на Петар П. Арсов 28, 94, 116
Вардарската црква 108
Варналиев Георги 274
Ваташа, село 120
Ватилак, село 464
Велев Иван 36, 38
Велев Славе 132
Велес 35, 51, 162, 206, 224, 457
Велешко 35-36, 356
Велигден 113, 161, 177, 282
Велики Петок 284
Велико везирство 215
Великата школа 42-43, 46, 194
Велинов Иван 36, 38
Велков Иванче 120
Велков Иван 109, 208
Веселиновиќ Милојко 41, 43
Виена 28, 144, 253
Виница 170
Виничка провала 163, 263
Виничко 151
Виќентие, владика 39
Вир, село 371, 375
Вирово, село 322-323, 449
Високата школа 40, 194
Витоша 182
Вишото училиште 62, 65, 68, 70
Владимирово, село 471, 473
Владов Димитар 269
Влав 219
Власи 7, 20
Влахов Димитар 350-351
Влахов Христо 273
Влахови 467
ВМРО 87, 398, 401-403, 409, 419, 429
Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО) 6, 83, 86, 88, 90, 95, 107-108, 120, 163-165, 167, 169, 174-175, 180, 184-185, 203-204, 219, 273, 276-279, 348, 419, 424, 426-428, 432-435, 437, 440, 447-

449, 451, 453, 457, 461, 464-465, 477
Внатрешна организација 92, 392, 394, 401, 426
Воден 35, 150, 162
Воденско 16, 271, 354, 466
Војданов Смиле 333, 348
Војницалиев Милан 366
Врбјаци, село 36
Врбјани, село 370
Врховен македонски комитет (ВМК) 141, 151, 153-155, 157-160, 163-165, 170-171, 173-181, 188, 205, 209, 211, 226, 237, 265, 267-272, 274, 278, 384
Второто политичко одделение 427

**Г**

Габровски Никола 58
Гавазов Јордан 121
Гаваљанци, село 467
Гагалев Иван 120
Галичник, село 12
Ганов Христо 205, 206, 268
Ганчев Димитар 273-274
Гарванов Иван 17, 107, 205-209, 264, 268-270, 272-275, 277-278, 280, 302, 399-400, 402-404, 406, 410, 414, 419, 447, 449, 468
Гари, село 12
Гарибалди 113, 137, 232
Гастон Рутие 331
Гевгелија 139
Гевгелиско 271, 354, 369
Георгиев Величко 200, 239, 279, 307, 319
Георгов Иван 456-457, 461
Георгиев Петар (Петруш) 243-245, 251
Герасим, струмички егзархиски митрополит 224
Герасимов Никола 36, 38
Германија 76, 258, 327, 387
Геров Матеј 367
Герџиков Михаил ( псевдоним,Т. Луканов) 85, 225, 227, 229-233, 237, 242-246, 250-251, 275-277, 348, 367, 398, 465
Герџиковиќ Георги 369
Гирс Н. 281
Главен штаб (ГШ) 296, 299, 300-305, 307-314, 317, 322-329, 332, 335-336, 339-340, 342, 351, 366
Гогољ 26
Голем Гар 312, 314, 317-320, 327
Големо Илино, село 370, 376
Гологанов Теодосиј 55
Горановец 318
Горна Копчка 297
Горна Џумаја 271
Горни Балван, село 133
Горни Пороj, село 35, 468
Горно Дивјаци, село 370
Горноџумајско востание 265, 271-272, 274, 278
Гочев Ѓоше 132
Грабулов Хр. 224

Григориј, битолски егзархиски митрополит 123, 220-221, 223-224, 236
Гробот 318
Гропинац Антоније 38
Грк 16
Груев Димитар 59, 61
Груев Јован, татко на Д. Груев 17, 19
Груев Коста 297
Груиќ Сава 44, 49, 50
Грујо, дедо на Д. Груев 17
Групчев Лука 290
Грција 193, 241, 364
Грци 20, 49, 54, 56, 61, 65, 79, 80, 364, 388-389, 393, 451
Гуменциско 354
Гурцев Петар 17

Д

Дамјанов Неделко 67, 121, 122, 237, 253, 257
Дамко, псевдоним на Д. Груев 96
Данев Стојан 83, 249, 273
Данаилов Ламби 98
Даскалов Добри 348, 356, 412, 418
Даскалов Јосиф 261
Дебар 36, 222, 224
Дебарско 35-36, 67, 218
Дебарца 369-370
Деве Баир 67
Дедеагач 145
Дејков Никола 26, 56, 63, 65, 68-71, 75, 77, 81, 95, 110-111, 117, 120, 147, 150, 263-266, 282, 400, 449, 461
Делев Иван 17, 297
Делииванов Туше 108, 130-132, 134-139, 275
Делчев Гоце 24-26, 66, 85, 87, 98, 130, 134-139, 146, 151-152, 155, 157, 161, 164-167, 169-172, 205, 211, 256-257, 264, 270, 275-277, 283-287
Дељов Атанас 17
Демирхисар 333
Демирхисарски реон 297
Демирхисарско 35, 233, 290-291, 304-306, 308, 314, 317, 322, 337, 359, 370-371,
Дечев Димитар 289-290, 298, 299
Димев Андон 250
Димев Глигор 243, 245, 246, 251
Димев Петар (Перо) 243, 245, 251
Димевски Славко, автор 25, 28, 47, 55, 57, 59, 62, 221
Димески Димитар, автор 23-25, 67, 71, 85, 87, 90, 98, 100-101, 106, 108-109, 121, 125-128, 136, 143-144, 146, 155, 161, 163, 169-170, 172-173, 205-206, 218, 220-226, 233, 238-241, 243-245, 247-248, 251-253, 256-257, 271, 273-274, 277, 283, 286, 295, 344, 347-348, 350-353, 355-356, 359, 400-401, 409-410
Димитраков Александар, 350
Димитриоски Тодор 41

Димитров Андон 86, 87, 106, 109, 125, 161, 183, 220, 222-223
Димитров Ап. 398
Димитров Владимир 269
Димитров Дејан 290
Димитров Лазар 67, 109, 113, 218, 273, 275, 284, 287, 348
Димитров Лука 225, 227, 236
Димитров Пандо 220
Димитров Стефан 356
Димитров Симеон 35
Динев Ангел 372, 405
Динев Ѓорѓи 228
Динеков П. 27
Дојран 139
Дојранското Езеро 467
Доклестиќ Љубиша, автор 36, 39, 53
Дола, сестра на Д. Груев 17
Долгачот Иван 377
Долна Копчка 297
Долна Река 297
Долна Слатина 472
Донски Стојан 312, 314
Дончев Коце 132
Дорев Аце 218, 237, 257, 303, 306, 352-353
Дорев Иван 220
Дорев Панчо 303
Доревски Трајко 122, 125, 127
Драганов Данаилович Петар 54
Дракул Симон 14, 93, 281, 320, 345, 364, 378, 380, 386
Дрен, село 356
Дренски Иван 241
Дринов М. (М. ДриновЍ) 27
Дудев 74
Думбалков Димитар 271
Думев Велко 162, 176, 183, 273, 282
Дуртанчев Никола 67

**Ѓ**

Ѓавато, село 317, 319
Ѓакон Евстатиј 317-318, 335-337, 354
Ѓеров Лука 67-68, 218, 257, 295, 297
Ѓорѓиев Ванчо, автор 24, 27-28, 38-40, 45-46; 62, 64, 84-85, 89, 91, 94-95, 101, 109, 116, 119-120, 125, 134, 139, 141-142, 144, 151, 160, 162, 166, 176, 180, 183, 186-87, 205, 207, 209-212, 260-261, 263, 265, 268-273, 275, 277-278, 286, 293, 295, 307, 327-328, 350, 354-356, 410, 428-429, 481
Ѓорѓи, брат на Д. Груев 17
Ѓорѓиев Драги 301, 312, 325, 471, 473
Ѓорѓиев Димитрија 35
Ѓорѓевиќ Владан 36
Ѓорев гроб 313
Ѓуешево 462
Ѓурков 138

**Е**

Евреи 20, 79-81, 232
Европа 331, 338, 366

Европска Турција 434
Евтимов Александар 253, 257
Егмонт 232
Елдров Светлозар,автор 182, 211-212, 424, 427
Емиршките планини 405
Енгелица, село 464
Енице Вардар 36
Еницевардарско 354
Еницевардарско Блато 466
Ерменци 79
Ерцелија, село 170
Етники Етерија 213
Ефремов Коце 170

**Ж**
Жебчев Пере 317, 319

**З**
Загоричани, село 393
Задгранично претставништво (ЗП) 7, 165, 187, 270, 273, 278-279, 306, 328, 351, 353, 362, 366-367, 376, 397, 432
Зајмов Стојан 26
Занешев Ване 150
Занешев Димитар 273
Зекир ефенди 476
Зиров Филип 404
Зисов Тего 224
Зографов Никола 157
Зоографов Драган 224
Зографски Данчо 305
Зограф Гаврил 474
Зора беј 467

**И**
Иванов Атанас 121
Иванов Ил. 22
Иванов Јордан 58
Иванов Пане 120
Иванов Трифун 240-241, 243-245, 251-252
Иванов Христо 244
Иго Виктор 26
Измирлиев Веселин 410
Икономов Александар 261
Икономов Стамат 412, 418
Илиев Велјан 290
Илиев Веле 297
Илиев Димитрија 36 38
Илиев Иван 412
Илиев Јанаќи 120
Илиев П. Анастас 47
Илиев Стефан 245, 251
Илинденското востание 7, 85, 302, 307, 335, 337, 339, 347, 363, 365, 381, 384-385, 388, 396-397, 409, 432, 468
Ингилизов Иван 274
Исак ефенди 248
Источно прашање 7
Италија 137
Иширков А. 80

**Ј**
Јаворов Пејо 155, 277, 284-286
Јамашки планини 449

Јанев Јанаки 297
Јанков Атанас 179-181, 271, 292
Јанчев Ване 465
Јанушев И. 214
Јапонија 387
јеромонах Козма 261
Јован на Димка 73
Јовановиќ Новак 36
Јовановиќ М. Ј. 408
Јовановски Далибор 9, 479
Јовчев Лазар 245
Јосиф I, бугарски егзарх 188, 195, 214, 220, 222-223, 226, 229, 236, 453
Јужна Африка 316
Јуруков Петар 180

**К**

Кавадарци 109, 119-120, 206
Кажани, псевдоним за Прилеп 234, 236
Кајларско 255
Калајџиев Трајко 132, 133
Калејчев Благоја 162
Камбуров Иван 209
Камчевски Петре 120, 166
Камхи Рафаел 219
Кангалов Панче 132
Кандиларов Георги 25- 28, 32
Кантарџиски Славе 132
Караѓулов Климент 63
Карајанов Петар 219
Карајовов Тома 63, 174-176, 188
Караманов 379
Карамфилов Владимир 218
Карамфилов Д. Вл. 106
Каранов Ефрем 151
Каранџулов Никола 357, 359
Каранџулов Томо 38, 47
Карастојановиќ Петар 29, 33
Карасулијата Органџиев Иван 186
Карев Никола 290-291, 297, 348
Кариќ В. 40
Карчев Георги (Карчо) 461, 463, 470, 472-473, 475
Картов Валдимир, автор 109, 372, 405
Катарџиев Иван, автор 85, 95, 169, 287, 342, 409-410, 467
Катерини 16
Келешов Алексо 108, 110
Келешот Стефан 371
Кежовица 139
Кезепов Андреј 228
Кепов Иван 269
Кецкаров Антон 220, 223, 297
Кина 111
Китанов Валентин 268
Китанов Сандо 348, 467, 470-471, 473, 475
Китанчев Трајко 24-25, 141, 143-144, 151
Кирилов (К. Бербенко) 379, 386
Киров Никола 224
Киселинчев Лазар 218, 219
Кичево 314, 322, 380-381
Кичевски реон 297

Кичевско 67, 218, 233, 255, 290, 304, 314, 340, 359, 378, 380
Кленоец, село 370
Клисура 314
Кљашев Пандо 228, 287, 290, 292-293, 295, 297, 348
Кнежево, село 400
Кнжество Бугарија 53, 93, 152, 177
Ковачев Гоно 47
Ковачев Јосиф 159
Ковачев Славчо 275, 348
Кокарев Никола 297
Комарџиќ Л. 52
Кондов Јосиф 205, 209
Кондов Коста 146
Кондов Панта 35, 47
Конески Блаже 41
Константинов Душан, автор 13-14, 17, 19-20, 22, 182, 241, 259, 307, 372, 377, 379, 386, 449-451
Колев Дијамандиј 35, 40
Колушев Делчо 205
Колушев Неделко 274, 279
Коритен, село 463, 467
Корабаров Ангел 224
Коста Н. 52
Костадинов Никола 127
Костов Спиро 245, 252
Костур 112
Костурски револуционерен реон 297
Костурско 224, 233, 271, 290-292, 304, 339, 359, 403
Косово 315
Косоврасти, село 35
Кочов Никола 67
Кочовски Климент 224
Кохмански Н. 321
Коца 368, 373
Крагуевац 381
Кралев 133
Крапа, село 375-376
Крапев Митев Григор 472
Крапче Васил 68
Крапчев Данаил 259
Крапчев Н. 74
Кратовската каза 405
Кратовските планини 450
Кратовско 400, 404, 408, 449
Крива Река 408
Криворечка Паланка 35
Крит 16, 259
Кромидаровски Димитар 319
Крстев Анастас 220, 223
Крстев Павле 318
Крстевски (иќ) Мицко 255, 363, 366, 368-369, 371-381, 385-386
Крстец, село 356
Крушево 224, 233, 234, 314-315, 344
Крушевски околиски комитет 233
Крушевски реон 297
Крушевско 233, 290, 304, 306, 322, 370-371
Кулев Александар 27
Кузман П. 297
Куклица 404

Кукуш 108, 134, 139, 246, 461, 467, 475
Кукушко 467
Куманово 40, 379
Кунов С. 344
Курт Дереси, улица 227
Куситасе 108
Куслев Христо 180, 184
Куршумли ан 172
Куцовласи 80
Кушев Петар 412
К'нчов Васил 13-14, 79-80, 82, 157, 174, 176, 207

**Л**

Лавда, псевдоним на Д. Груев 70
Лавдовци 17, 70
Лажев Ване 150
Лазаров Тодор 119, 132, 135, 273
Лазаров Крсто 121, 379
Лазарополе 12
Лапе Љубен, автор 14, 25, 121, 274, 289, 299-300, 303-304, 307, 309, 317, 320, 332, 334, 336, 350-354, 356, 362, 365, 367, 433
Латово, село 255, 368
Левов Д. Т. 64-65
Левков 379
Левски 57
Леништа, село 309
Лерин 218, 224, 237
Лерински револуционерен реон 297
Леринско 67, 218, 224, 233, 290, 301, 306, 308, 339, 354, 359
Лесково, село 322
Лефтеров 471
Лечо 297
Лигушев Котев Петар 455-456
Лиеж 182
Лимончев Ив. 128
Лоза, списание 63- 66
Лозари 63- 65
Лозанчев Анастас 121, 123-124, 170, 218, 233, 256, 257, 274-275, 281, 286, 288-292, 296, 300, 304-306, 310, 314, 328, 335-336, 352-353, 356, 375-376, 397-399
Лозанчев Кирил 257
Локвица, село 371, 375
Лондон 456
Луков Харалампие 145

**Љ**

Љапчев Андреј 63, 125, 144, 159, 170-171, 174-175, 177, 183, 427
Љапчев Никола 127
Љапчеви 127
Љапов Димитар 162
Љермонтов 26, 391
Љотиќ Владимир 378, 475-476

**М**

Макдермот Мерсија 410
Македонија 16, 21, 22-23, 25-28, 33-34, 36, 38, 40-41, 43-44, 48-49, 51, 53-57, 59-67, 71, 74, 81-83, 85, 87,

90-94, 97-98, 105-107, 109, 111-112, 116-119, 121, 125, 126, 131, 134-136, 138, 141-142, 144-146, 149, 151-152, 155, 157-158, 160, 162-164, 167, 174-175, 179-182, 185, 187-190, 192-195, 200-203, 205, 208, 211, 213, 215, 217, 219, 221, 224, 226, 228, 232, 243, 256-257, 265, 267, 269-271, 274, 277-280, 283, 289, 292, 294, 302, 308, 312, 314, 319, 321, 325-326, 329, 331, 335-336, 338, 340-341, 344-345, 349-350, 353, 356, 363-368, 376-378, 380-383, 385-396, 411, 424-426, 428, 433, 449-451, 453-454, 457-459, 461, 463, 480, 482
Македонци 20, 23, 33, 48, 49, 55, 57, 59-61, 65, 80, 93, 97, 136, 141, 184, 226, 273, 279, 281, 305, 330, 382-383, 388, 392, 428, 467
Македонец 49, 64, 98, 164, 168, 313, 369, 386, 434
Македонска револуционерна организација (МРО) 6-7, 75, 84, 87-89, 91, 93-99, 101, 103, 105-109, 111, 113-117, 120-121, 123-132, 134-137, 139, 143-146, 148-155, 157, 159-162, 164, 169, 220, 273, 286, 348, 350-351, 383, 400, 410, 480-481
Македонски централен револуционерен комитет 96
Македонско студентско друштво (МСД) 55-59, 61- 63, 86
Македонски комитет (МК) 141-146, 151-153, 180, 182
Максим, егзархиски владика 130
Мала Азија 254, 259, 281
Малешевско 272, 469
Малински Александар 132
Малко Ст. Веле 344
Малкоец, село 370
Манасиев Аргир 121, 348, 412-413, 418
Манчиќ Михајло 366
Маргарити А. 80
Маринов Аргир 290
Марков Алексо 404
Марков Веле 256
Марков Д. 195
Марков Јован 344
Марков Трпен 228
Марковиќ Светозар 37
Мартинов Спас 273
Мартулков Петар 225, 227, 229, 231, 237
Матлиев Димитар 290
Матлиев Стефан 108
Матов Христо 63, 110, 128, 149, 161, 165, 177, 183, 186, 202, 207-208, 222, 259, 261-263, 268, 272, 276-278, 296, 301, 306, 328, 336, 348, 351, 355, 359, 366, 398, 401, 413, 419, 427, 429, 431, 432-433, 445, 447, 454, 468, 472, 477
Матов Милан 221-222, 224, 227, 255, 454, 456
Матов Д. 157

Матковски А., автор 79, 314
Мацанов 464
Мацини 137
Махмут Шефкет паша 474
Маџаров Иван 146, 214
Маџаров Лазар 412, 418
Маџаров Н. 464
Мелничко 272
Мелничко востание 142, 145
Мехмед ага 476
Мехмед чауш 242, 252
Мехмед ефенди 245
Мечев Димитар 286
Мијаци 13
Милетич Љубомиер 17, 85, 180, 209-210, 293, 367, 290
Милосрдие 205
Милошев Влад. 224
Милошевиќ Саватие 368
Милчев Сп. 225, 227
Мингов Мицо 464
Миновски Михајло, автор 9, 97, 154, 260, 392
Минчев Иван 109, 119-120
Минчович 46, 47, 55, 60
Министерство за надворешни работи на Србија 35, 38, 40, 43, 45
Министерството за надворешни работи и вероисповест на Бугарија 189, 213, 396
Министерство за просвета и вероисповест на Србија 35, 38, 39, 40
Министерство за градежништво на Србија 41
Министерски совет на Србија 44
Мирасчиев Димитар 132, 261-262, 349, 352, 398
Мирчев Димитар 36, 38, 41-42, 46, 47, 53, 56-59, 110, 205, 208, 273, 274, 348
Мирчев Бојан, автор 107, 121, 333, 342, 400
Мирцштегските реформите 338, 341-343, 346, 363, 387, 429
Мисков Даме 318
Мисирков П. Крсте 29, 35, 41, 66, 282
Митрев Брајан, псевдоним на Д. Груев 93, 154
Мичуков Ванче 297
Михајлов Сава 109, 180, 275, 348
Михајлов П. 238-239, 241, 245, 249, 252
Михајлова Магдалена 35
Михајловски Стојан 265, 269-272
Михајљану 268
Михов Димитар 35, 38, 40
Мицков Ванчо 290
Мицов Арсо 297
Мицков Арсо 290
Мишев Х. М. 214
Млада македонска книжевна дружина (ММКД) 62-65
Модејано Саул 465
Моларaи, село 255

Мончев Борис 351, 411-412, 418-419, 427, 428, 431-433, 445-446
Мончев Васил 108
Мончев Георги 317, 463, 465
Мур 457
Мурцев Атанас 108, 110, 124
Мутафов Крум 58
Муфтиски Мане 132
Мухиќ Ферид 54, 382
Мушмов Ил. 224

**Н**

Назарет 111
Најдов (Песанџиев) Ѓорѓи 245, 251
Наков Тренов Мито 473
Насер - паша 316
Настев Алекс. 224
Народна банка 36
Наумов Анастас 205, 208
Наумов Ангел 63
Наумов Дамјан 17, 319
Наумов Ѓурчин 370-371, 373-374
Наумов Михаил 245, 252
Наумов Никола 38, 41, 45- 47, 56, 58, 62, 67, 122, 125, 143-144, 188, 275, 451-452
Начев А. Никола 32
Начович Г. 377
Невеска 314
Нејчов Андреј 461
Немањци 133
Неофит, владика 464-466
Нечов Боше 245, 252
Никлев Тома 297, 380
Николов Георги 128
Николаев Данаил 153, 155, 175-176, 177, 180-181
Николов Ѓорѓи 379
Николов Михаил 297, 348
Николов Тома 218, 233, 290, 300-302
Николевиќ Светомир 35, 39-41, 50
Нина - Орница 322
Нинков Теодоси 224
Новаковиќ Стојан 33-35
Нов живот 58, 71
Ново Село, солунско 464
Ново Село, штипско 130, 136, 139
Ноков Стилиян 98

**О**

Обедин
Обреновиќ Милан 37
Огненов Лев 128
Одрин 145, 149, 162
Одрински округ 460
Одринско 97-98, 148, 162-163, 167, 177, 182, 187, 188, 190, 193, 205-206, 211, 213, 243, 269, 279, 424-425, 433, 453-454
Одринец 164, 168, 434
Одринци 273
Омер Ружди - паша 316
Османлиска Империја 54, 88, 90-91, 105, 262, 278-279, 361
Османлиското Царство 15
Ореовец, село 356

Охрид 36, 52, 108, 123, 127-129, 218, 224, 237, 244, 292, 317, 371
Охридската архиепископија 55
Охридски околиски комитет 234, 238, 257
Охридски револуционерен реон 297
Охридско 290-292, 304, 314, 337, 340, 359

**П**

Павлев Нале 241-242, 244-245, 251
Павлов Георги 297
Пајак Планина 186
Панајотов 298
Панајотов Александар 290, 297
Пандев Константин, автор 95, 143, 148, 152-154, 159-161, 163, 177, 182, 187-188, 190, 193, 195, 198, 200, 203, 205-206, 215, 269-270, 272, 353
Пандевска Марија, автор 95, 271
Пандевски Манол, автор 219, 274, 281, 289-290, 297, 300, 303-304, 306-307, 310, 313, 315, 317, 321, 323, 326, 332, 335, 340, 349, 400, 406, 410, 435
Пандуров Ангел 261
Панов Х. Г. 73
Панчев Васил 108
Паница Екатерина 121
Пападопуло Атанас 464
Папанчев Александар 290
Папанчев Георги 67, 218, 287, 297-298
Паприков Стефан 272, 274, 293-294
Париз 363
Париски договор 18, 56, 88
Паскалев Славчо 220
Паскалов Петар 36, 38
Пасков Васил 225, 227, 229-233, 237, 253, 279, 290, 398, 449
Пасков Р. 161
Пасков Христо 121, 297, 337
Пастер Лоид, весник 246
Патчев Методија 234
Пезос, грчки конзул 247
Пејков Тодор 273
Пејчиновски 207, 268
Пелагиќ Васа 71
Пелагониска епархија (митрополија) 221, 225
Пелистер 321
Пелтеков А. 282
Пенчев Петко 410, 449
Петков Димитар 278
Петков Драган 297
Петлец 472
Петричко 272
Петров Георги 269
Петров Д. 214
Петров Ѓорче 24-25, 121, 145, 150, 158-159, 161-166, 167, 169, 173-177, 180-188, 193-195, 203, 209, 211, 213, 226, 262, 268-270, 275-277, 285-286, 296, 334-335, 348,

352, 354, 356-363, 397-399, 411-412, 414-415, 417-418, 430-431, 447, 454-455
Петров Јанаки 297
Петров Јосиф 404
Петров Никола 273
Петров Рачо 148, 181-182, 194, 213, 328, 378
Петров Трајко 243, 245-246, 249, 251
Петровден 19
Петлец 472
Пери Данкан (Duncan M. Perry) 54, 382
Пехчево 469-470
Пешков Георги 121, 124, 218, 237, 253, 257, 290, 297, 335, 356-357
Пиперката Јордан 290, 297
Пиперов Хр. 214
Пирин 412
Пирузев Димитрија 36, 38
Писарев 26
Питов Михаил 35, 40
Плаќе 322
Плетвар, село 356
Пловдив 54, 96, 145, 382
Победоносец 308
Подрум Кале 217, 254, 258-263, 284, 398
Полјански Андонов Христо, автор 26, 47, 85, 130, 155, 256, 449-450
поп Ставре 239-241, 243-245, 249-252
поп Стамат 108, 184, 214
поп Туше (Димитар) 150
поп Христо 214
Поп Антов Тодор 419, 446-447, 449
Поп Арсов Петар 24, 26, 28, 33, 35, 38, 40, 45-46, 51-52, 55-56, 62-64, 85-87, 90, 93, 95-96, 106, 109-110, 116, 125, 160, 162, 166, 170, 261-263, 350-351, 354, 366, 397, 410, 419, 428, 441, 447, 454-455
Поп Димитров Васил 245, 251
Поп Ефремов Ване 132
Поп Костадинов Јордан 121
Поп Коцев Христо 36, 38, 40, 45-48, 56, 98, 149, 162, 262, 273, 280, 283, 285, 350, 354,
Поп Петров Сребрен 464
Поп Трајков Лазар 296-297
Поп Христов Георги 67, 218, 233, 237-238, 240-241, 243, 253, 257, 282, 287, 290, 293, 296-297, 348, 352, 355-357, 359, 412-413, 415
Попев Стефанов Григор 107, 121, 123-124, 127-129, 170, 183-185, 203-204, 208, 465
Попев Ѓорѓи 245, 252
Попев Петар 245, 252
Попов Васил 290
Попов Владимир 465
Попов Георги 27
Попов Глигор 319
Попов Димитар 40, 45, 52
Попов Ефтим 35
Попов И. 298

Попов Жеко, автор 278
Попов Кирил 58
Попов Радослав, автор 429
Попов Темко 29, 33, 34
Попов Х. Тоде 74
Поповски Нестор 222, 224
Попоец, село 370
Попсерафимов 379
Порече (Поречие) 290, 297, 365, 368, 372, 374, 376
Поројлијата Христо 468
Правилник на ВМОРО 95, 432-433, 435-445, 447, 452-454, 456-459, 466
Правилник на МРО 95, 100, 142
Право, весник 92, 143
Пречистански Козма 68, 115
Претставничко тело (ПТ) 423-424, 428, 434, 438-444, 447, 457
Преспански револуционерен реон 297
Преспанско 67, 218, 304
Прешевска каза 408
Пржар, месност 469
Прибилци, село 314, 317
Прилеп, 36, 59, 61, 69-71, 74-78, 84, 120-121, 124, 162, 170-171, 206, 207, 218, 224, 233-234, 236, 244, 250, 352, 362, 368
Прилепски комитет 170
Прилепски конгрес 355-359, 362-363, 385, 397, 399, 401
Прилепски реон 297
Прилепско 290, 352, 354, 359
Прличев Кирил 128, 150, 162, 275, 350, 398, 402-403
Проданов Димитров Божин 463, 465
Протогеров 426
Протопопов 390-391
Пушкаров Никола 180, 348, 419
Пушкин 26

**Р**

Рабетинскол 297
Радивоев 32
Радовиш 137
Радобуш, село 408
Развигоров Мише 132, 261-262, 348, 405, 412, 431, 462,
Разлошко 272
Рајнов Божил 24-25
Рајков Т. 225
Рапопорт Алфред 475
Рачев П. 61
Револуционерен лист, весник 92-93, 406, 448
Ресен 16, 19-20, 122-124, 126-127, 129, 224, 244, 314, 317, 322
Ресенско 290-291, 304, 306, 359
Ресенски револуционерен реон 297
Ресенско советување 100, 121, 123-124, 127-131, 135
Рецо ага 254
Решид бег 248
Риза паша 476
Ризов Хр. Ефрем 245

Ризов Димитар 174-175, 188-192, 198-200, 204, 213, 375-376, 451-452, 462, 476
Ризев Ефрем 252
Рилски конгрес 7, 351, 375, 409-421, 445, 447-450, 453
Рилски манастир 411
Ристески Милан 372
Ристиќ М. Г. 244, 247-250, 252, 316, 379
Ристиќ Антоније 38
Ристовски Блаже, автор 29, 34-35, 37, 41, 43-49, 51, 55, 372, 379, 386, 391-392, 398-400, 407, 410, 445, 448, 467
Робев Никола 223, 248
Родос 261
Розов Манол 228, 297
Роми 20
Романија 57, 152
Романци 49
Румелија 281
Руменов Владимир 454
Русија 28, 265, 340-341, 387-388
Русиново, село 469-473, 477
Русински Петров Никола 255-256, 290-291, 293-295, 297, 469-470, 472, 473-474

**С**

Саид ага 255
Саид ефенди 240, 242
Салоники 80
Самос 259
Самарџиев Ил. 73
Самарџиев Коне 81-82, 115, 118, 165, 205, 208, 214
Самарџиев Пешо 348, 356
Сандански Јане, 180; 348; 397; 410-412; 417; 427; 430-431;
Сантов Методи, 224;
Сапунаров Иван 273, 350
Саратинов П. 121
Сарафов Борис 17, 24, 85, 181-182, 209, 226, 268, 271, 274-277, 287-290, 292-296, 298-302, 304-306, 310, 314, 323, 327-329, 332-333, 335-336, 348, 359, 366-367, 375, 397-399, 404-406, 412, 418-419, 427, 430-431, 447, 451, 454-455, 461, 466
Сарафов Михаил 82- 84, 112-115
Св. Богородица, црква, Битола 234
Св. Богородица, црква, Штип 132
Св. Богородоица, празник 309, 318, 320
Св. Василија, празник 71
Свети Георги, параклис 17
Св. Димитрија, празник 71
Св. Димитрија, црква 113
Св. Илија, празник 306-307, 309-310
Св. Кирил и Методиј, училиште во Смилево 19
Св. Кирил и Методиј, егзархиска прогимназија во Битола 20

Св. Кирил и Методиј, егзархиска гимназија во Солун 22
Св. Кирил и Методиј, црква во Солун 24
Св. Кирил и Методиј, црква во Ресен 123
Св. Кирил и Методиј, верски празник 220, 310
Свети Климент Охридски, Висока школа во Софија 53
Св. Недела, црква - Битола 169-170
Св. Никола, празник 17
Св. Петар, манастир 318
Свети Сава, друштво 35, 37-40, 42, 44-48, 50, 61
Светимиров, псевдоним на Х. Татарчев 93, 154
Светиовчев Хр. Лазар 252
Световраче 297
Свиштов 461
Свобода, весник 64-65
Селце, село 352
Сер (Серес) 110, 112, 162, 176, 206, 208, 237
Серафим ефенди 248
Серски револуционерен округ 277, 286, 397, 409-410, 460
Серски санџак 284
Серско 285, 287
Сидов Ангел 224
Силјанов Христо, автор 83, 106, 141, 186, 209, 227-228, 232-233, 239-241, 255, 271, 275-277, 280, 289-291, 296, 309-315, 317-318, 322, 324-325, 329, 332, 335, 339-340, 342, 348, 354, 365, 367, 369, 371-375, 377, 380, 400-401, 411-412, 414, 417-418, 424, 427, 430, 447, 458, 460, 463-464, 467
Силјанов Нако 48
Симанов Никола 35
Симиќ Св. 376, 386, 391-393, 395, 398-399, 406-408, 410, 428, 448, 452
Скопје 11, 14, 23-27, 29, 33-36, 40-41, 47, 54-55, 79-80, 85, 91, 94, 97, 109, 116, 121, 130, 149, 161, 169, 187-188, 198-199, 207, 210, 213, 219, 221, 250, 255, 260, 265, 271, 273, 283, 287, 295, 301, 303, 305, 312, 325, 345, 347, 349-350, 362, 365-366, 372, 376, 378-379, 392, 400, 409, 428, 435, 447; 449
Скопска егзархиска митрополија 150
Скопски вилает 191
Скопски конгрес 400-402
Скопски окружен комитет 307, 379
Скопски револуционерен округ 163, 356, 400-402, 404-407, 409-410, 414, 458, 460
Скопаков Петар 182, 234
Сланско, село 352, 371
Слатино (Слатина), село 370-375, 384-395
Слепче, село 322

Слоештица, село 323, 327
Смилево,село 11-17, 19-20, 22, 36-37, 61, 67-68, 77, 124, 194, 236-237, 239-242, 250, 254, 286-290, 295, 309-314, 317-323, 327, 333, 336, 463, 480
Смилевски конгрес 286-287, 289, 301-302, 326, 351, 395
Смоларе, село 469
Соколов Глигор 367, 376
Солун 26-29, 34-38, 54, 65, 77-84, 93, 106-109, 111-117, 120, 126-127, 131, 134, 137-139, 143-145, 147, 149-150, 157, 160-161, 163, 165, 174-177, 180-182, 184, 187-189, 191, 194, 199, 201, 205-206, 210-212, 215, 217, 224, 237, 242, 246, 250, 258-259, 261, 263, 268, 273-275, 277-278, 281-287, 292, 305-306, 345, 366, 378, 463-464, 466-468, 474-476
Солунска егзархиска гимназија 22-23, 25-27, 29, 32-34, 41, 60, 84-85, 107-108, 112-114, 161, 184, 225
Солунска егзархиска црковно-училишна општина 28, 82-83, 86, 106, 146, 147-148, 213, 214
Солунска каза 145- 148, 182, 194, 210
Солунска провала 209, 246, 261, 263, 268, 270
Солунски атентати 295, 302
Солунски конгрес, 1896 г. 160-163, 166, 169, 219
Солунски конгрес 1903 г. 273, 277-278, 281-282, 285, 292, 302
Солунски околиски комитет 463
Солунски окружен комитет 209, 351, 457
Солунски вилает 24, 191
Солунски револуционрерн округ 185, 354, 356, 397, 402-404, 409-410, 430, 457-460, 463, 465
Солунско 148, 352, 354-355, 473
Солунски Залив 174
Сониксен Алберт 467-468
Софија 12-13, 17, 22, 27, 46-47, 53-57, 59-63, 65-71, 80, 83, 85, 90, 95-96, 101, 106-107, 121, 134, 136, 141, 143-146, 150-151, 153-155, 157, 159-161, 173-175, 178, 180-182, 185-189, 194-195, 198, 200, 202, 212, 214-215, 228, 233, 237, 239, 241, 259-260, 262-263, 271, 275, 277-280, 283, 285, 287, 293, 295, 301, 306, 319, 329, 333, 335-336, 348, 355-356, 359-360, 376, 379, 381-386, 390-391, 395-398, 400, 402, 404, 410-411, 419, 427, 448-449, 452-457, 460-461, 466, 468
Спасов Велјан 224
Спасов Ј. 408
Спиров Христо 237
Спространов Димитар 290

Спространов Ефтим 63, 419, 428, 447, 455-460, 466
Србија 29, 33-34, 36, 38, 40, 44, 49, 66, 194, 364-366, 381, 391, 393-394, 398, 399
Срби 38, 41, 45, 48-50, 52, 54, 56, 61, 65, 80, 364, 378-379, 389, 392-394, 401, 448, 451
Средоземното Море 174
Српското народно собрание 47
Стара Србија 38 43
Стаматов 188
Стамболов Стефан 27-28, 53-54, 58
Стамболов режим 32, 141
Станков Тодор 108-109, 120, 123-124
Станишев Христо 265, 271
Станоев Ал. 228
Станоевски Цветан 55, 80
Стателова Елена, автор 429
Стефанов Алеко 333
Стерјов Антон 317
Стефанов П. Ил. 214
Стефанов Димитар 275, 348-349, 352-353, 355, 419, 441, 447, 454-456
Стоилов А. 220-221
Стоилов Константин 181, 186-196, 198-206, 212, 214-215, 217, 226
Стоицов Васил 473
Стојанов П. Георги 471, 473
Стојанов Захариј 26, 93, 96
Стојанов Константин 220
Стојанов Петар, автор 27
Стојанов Тошев Доне 169-170
Стојановски Александар,автор 13, 320
Стојков Димитар 297-298, 314
Стојков Никола 245, 252
Стојковиќ Јово 477
Стојчев Боби 367
Стојчевски Ѓорѓи 260
Стопленов Огнен, псевдоним на Д. Груев 266
Страшимиров Антон 376
Стрезов Костадија 127
Стрезов Петар 127
Стрезов Славејко 108, 125
Стрезови 127
Строгов Димитров Иван 255, 321
Струга 123, 127-129, 224
Струшко 292, 359
Струговските Планини 322
Струмичко 271, 272, 449, 469
Струмички револуционерен округ 354-355, 397, 409, 460
Струмички окружен комитет 459
Струмица 137, 139, 410
Сугарев Ѓорѓи 257, 290-292, 296-297, 317-318, 323, 327, 335-337, 356, 359, 369-372, 374-376
Субхи ефенди 248
Судиклиски Мите 132
Султан Тепе 405

**Т**

Тајна македонско-одринска револуционерна организација

(ТМОРО) 6, 47, 79, 162, 165-166, 168, 173-176, 178, 181, 184-189, 191-194, 200, 203-212, 215, 219, 224-226, 253, 256, 269-270, 272, 277-278, 280, 347, 348, 355, 365-367, 369-370, 384, 429, 433
Тајни офицерски братства 148, 182
Тајно бугарско револуционерно братство 188, 211-213, 268
Талев Петар 224
Талев Ристе 245, 252
Танасков Јован 16
Танасковци 16
Танкова Василка, автор 429
Татарчев Божидар 177, 457
Татарчев Михаил 127
Татарчев Христо 83, 85-88, 90, 93, 95-98, 100, 106-109, 118, 120-127, 129, 139, 144, 145, 154, 159, 161-165, 167, 174-175, 177, 180, 183-185, 201, 203-204, 206, 211, 213-214, 246, 261-263, 268, 272-273, 275-279, 300, 328, 336, 351, 355, 366-367, 398, 413, 429, 457
Татарчеви 127
Татари 49
Ташков Х. Григор 47
Текилево, село 464
Темчев Наум 225, 227
Тенчев Христо 207
Теранцелиев Мите 132, 135
Терзиев Петков Апостол 185-186, 466
Тетово 35, 40
Тиквешија 120
Тиквешко 354, 356
Тодор ефенди 245
Тодоров П. М. 225, 227
Тодоровиќ Петар (Пера) 36-37
Тодоровски Гане 55, 85, 451
Тодоровски Глигор 341-342, 426, 458, 463, 472, 474-476
Томиќ Светозар 366
Томов Лазар 412
Тончев Стамат 186
Топлица, село 356
Тофа 250
Тошев Андреј 377
Тошев И. 61
Тошев Пере 24-25, 54, 73, 121-122, 125, 145, 146, 157, 161, 163, 165-166, 174-176, 180, 183, 207-208, 261-263, 268, 275-276, 296, 304-305, 335, 352-353, 355-357, 360-363, 376, 397, 399, 410-412, 414, 417-419, 430, 446-447, 449, 455, 457-459, 471
Тошев Светозар 54
Трајков Веселин 45
Трајков Симеон 224
Тракија 98, 319
Трбиќ Василие 366
Тренков Јордан 290, 297, 356, 360
Треска 371
Тресонче, село 12
Трифонов СтаЎко 200, 279, 319
Трифонов Иван 35, 46, 239, 307

Трнката Стоев Георги 410
Тројаци, село 356
Трпев Аце 74
Трпков Димитар 17
Тула, мајка на Д. Груев 17
Турновски Ѓ. Мануш 412
Турци 20, 49, 79-81, 133, 192, 233, 242, 254, 277, 313, 324, 326, 334, 360, 377-378, 386, 422, 469-470, 477
Турција 60, 81, 123, 271, 274, 280, 307, 309, 311, 387, 398
Туфекчиев Наум 63, 144, 153-154

**Ќ**

Ќирковиќ Јован 378
Ќорвезироски Здравко 54, 382
Ќосев Рачо 58
Ќосев Дино 151, 157
Ќосето Андон 121, 185
Ќустендил 151, 171-172, 461
Ќустендилскиот пункт 404, 461

**У**

Узунов Христо 290, 292, 297, 335, 336-337, 355-357, 359, 370-374, 376
Успение на Пресвета Богородица, празник 123
Устав на бугарскиот централен револуционерен комитет 96
Устав на бугарските македоно одрински револуционерни комитети 96
Устав на МРО 96-97
Устав на ТМОРО 95, 166-168, 185
Устав на ВМОРО 95, 432-434
Учителската школа 43-44
Училиштен оддел при егзархијата во Цариград 28, 114, 145, 146, 229

**Ф**

Фердинанд, бугарски кнез 54, 181, 215, 268-270, 273
Филип, македонскикрал 65
Филипчев Никола 128
Фидан, брат на Д. Груев 17
Фон Гебен 316
Фотев Наум 297
Француска револуција 231
Фукара Јован 74

**Х**

Хасан Фехми ефенди 245, 383
Хаџи Димов Димо 349, 419
Хаџи Мишев Мите 121
Хаџи Николов Иван 63, 84-88, 94, 100, 106, 108-110, 113, 123, 134, 143, 146, 183, 185, 205-208, 211, 224, 246, 261-263, 268, 275, 366
Хаџи Панов Александар 108-109, 120, 124, 127-129
Хаџиев Стојо 412
Хаџи Илиев Сотир 73
Хаџиташковиќ 410
Хаџов 129
Хесапчиев Христофор 377

Холанѓани 232
Христов Андреј 35, 40
Христов Веле 297
Христов Ѓорѓи 228
Христов Крум 136, 155
Христов Павел 233, 335, 352-353, 356, 412, 454-456
Христов Тале 228 290
Христов Тасе 290
Христов Тодор 297-298
Хрлев Никола 273
Хрон Карл 55
Хусеин Хилмии паша 301, 316, 321, 329-330, 334, 387, 465, 468, 475

**Ц**

Цангара Н. 248
Царевиќ, село 356
Цариград 28, 32-33, 35, 42, 82, 115, 147, 161, 163, 171, 174-175, 188, 195, 207, 214, 220, 222, 224, 226, 245, 249, 273-274, 281, 283, 387, 470
Цапари, село 224, 242, 295-296, 317
Цветков Парашкев 290, 297
Цветкова А. Бистра, автор 11, 15-17, 310-313, 317, 319
Целаковски Никола 234, 237-238, 292, 371
Централен македонски револуционерен комитет (ЦМРК) 93, 158, 235
Цер, село 376
Церово, село 224, 322-323
Церовските Планини 323
Цигани 79-80
ЦК на МРО 90-104, 113, 118, 123, 125, 131, 142-145, 148-149, 153-154, 157-160,
ЦК на ТМОРО 170, 173, 176, 179-181, 183, 188-190, 202-204, 208-209, 211-212, 215 224, 261, 265, 268-270, 272-273, 278-280, 284, 289-290, 302, 307, 350-351, 354, 432
ЦК на ВМОРО 419, 422, 427, 438-444, 446-449, 452-457, 459
Цонев Димитар 85-86
Цончев Иван 211-212, 265, 269-272, 277, 399, 424-428, 451, 454;
Цоков Иван 220-222
Цолев Димовски Ѓорѓи 296, 369
Црешново, село 371, 375
Црн Врв 322

**Ч**

Чакаров Александар 124, 128-129, 151, 348
Чакаров Наум 297
Чаулев Петар 335
Чекаларов Васил 241, 255, 287-290, 293, 295-298, 301, 348, 397-398
Чеков Михаил 290, 357
Черда, река 297
Чернопеев Христо 180, 348, 412-413
Ченгелов Ат. 225-227, 229-231, 236

Чипуров Илиев Веле (Пенчо војвода) 17
Чичовци 68
Чона Таки 240
Чопова Јурукова Лика 467
Чуранов Павле (П. Чуранов) 16, 19
Чуранов Георги 17, 311, 319
Чуранов Козма 311-313, 317, 319
Чучков Ефрем 132, 402, 404-405

**Џ**

Џамбазовски Климент, автор 29, 33-34, 36-37, 39-40, 42, 47
Џевдет ефенди 245
Џумајско 271

**Ш**

Шајнов 129
Шалаганов Пантелија 35
Шалдев Христо 85, 143, 186
Шанов Васил 225, 227
Шапарданов Атанас 220
Шапкарев Климент 412
Шатев Павел 286
Шахинов Коста 27
Шахов Коста 52, 55-56, 63, 85, 271
Швајцарија 160, 398
Шекспир 26
Шефкет ефенди 242, 252
Шопов Атанас 148, 188-189, 191-196, 199-202, 205, 211, 213, 215, 246, 268, 366, 378, 383, 464-466
Шпанци 233
Штерјов Иван Јанаки 245, 250-251
Штип 35-36, 119, 126, 130-135, 137-139, 161, 170-172, 250
Штипски округ 163, 194

# Содржина

*5* Предговор
*11* Потекло
*19* Образовна одисеја
*67* Со кренатата глава по патот кон идеалот
*79* Оживотворување на идеалот
*105* Вкоренување
*141* Воздигнување
*217* Од Битола до Подрум Кале
*267* Ужасен крај или ужас без крај
*347* Крстопат
*409* Привидно единство
*461* Привидение
*479* Наместо заклучок
*483* Показател
*509* Содржина

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

325.83-05 Груев, Д
325.83(497.7)"1888/1906"

ЃОРЃИЕВ, Ванчо
Подземната Република : Дамјан Груев и македонското револуционерно движење / Ванчо Ѓорѓиев. – Скопје : Тримакс, 2010. - 507 стр. : илустр. ; 21 см.

Фусноти кон текстот. - Регистар

ISBN 978-608-204-042-4

а) Груев, Дамјан (1871-1906) б) Националноослободително движење – Македонија – 1880-1906

COBISS.MK-ID 81486602